**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
# - РЕВИЗИЈА 2009 –

Скопје
14 Април 2009

**Напомена: Активностите во ревидираната програма започнуваат од 01.01.2009 година**
**Содржина**


I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ ... 7
1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ... 7
1.2 ИЗБОРИ ... 8
1.3 ВЛАДА ... 8
1.4 ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 8
1.5 РЕФОРМА НА ПОЛИЦИЈА ... 10
1.6 ЧОВЕКОВИ ПРАВА ... 13
1.7 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ... 19
II ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ ... 23
I. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ... 23
II. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ ... 30
III СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ ... 39
3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ... 39
3.1.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ ... 39
3.1.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ ... 40
3.1.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ ... 45
3.1.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ ... 48
3.1.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ ... 49
3.2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ... 52
3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД ... 52
3.2.2 ЕУРЕС ... 52
3.2.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ... 53
3.2.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ... 53
3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ... 55
3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ ... 55
3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ... 55
3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ... 56
3.3.4 МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ ... 58
3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ... 60
3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ ... 60
3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ ... 61
3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ ... 61
3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ ... 64
3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ ... 64
3.5.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ ... 65
3.5.3 ПРАВНИ ЛЕКОВИ ... 67
3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ... 69
3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ... 69
3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА ... 70
3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ... 73
3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА ... 73
3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ ... 74
3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ ... 75
3.8 КОНКУРЕНЦИЈА ... 79
3.8.1 АНТИТРУСТОВИ И СПОЈУВАЊА ... 79
3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ ... 80
3.8.3 ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА ... 80
3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ... 81
3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ ... 81
3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ... 82
3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ ... 84
3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ ... 84
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ ... 86
3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ... 86
3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО ... 89
3.10.3 АУДИО ВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА ... 91
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 95
3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА ... 95
3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ ... 97

3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 101
3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ... 105
3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ ... 106
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ... 108
3.12.1 ОПШТО ... 108
3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА ... 110
3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА ... 116
3.12.4 ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ... 119
3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА ... 124
3.12.6 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ... 125
3.13 РИБАРСТВО ... 129
3.13.1 УПРАВУВАЊЕ, ИНСПЕКЦИЈА И КОНТРОЛА НА РЕСУРСИ И ФЛОТИ ... 129
3.13.2 СТРУКТУРНИ АКТИВНОСТИ ... 129
3.13.3 ПАЗАРНА ПОЛИТИКА ... 130
3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА ... 131
3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ ... 131
3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ... 133
3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ ... 137
3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ ... 138
3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ... 138
3.14.6 ДРЖАВНА ПОМОШ ... 145
3.15 ЕНЕРГИЈА ... 146
3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ПРИ СНАБДУВАЊЕ ... 146
3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА ... 148
3.15.3 ДРЖАВНА ПОМОШ ... 153
3.15.4 ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ... 154
3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ... 159
3.15.6 НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА ... 164
3.15.7 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА ... 164
3.16 ДАНОЦИ ... 170
3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ... 170
3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ... 172
3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ... 174
3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА ... 175
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ... 178
3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ... 178
3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ... 181
3.18 СТАТИСТИКА ... 184
3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ... 184
3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ ... 188
3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ ... 190
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ... 198
3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО ... 198
3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ... 201
3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ... 204
3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД ... 206
3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ ... 211
3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ... 217
3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ... 220
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 223
3.20.1 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРИНЦИПИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 223
3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 224
3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ ... 225
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ... 226
3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ ... 226
3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ ... 230
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ... 235
3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА ... 235
3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ... 236
3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ... 239
3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ ... 240
3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ ... 241
3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА ... 243
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ... 244

3.23.1 СУДСТВО ... 244
3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА ... 252
3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ... 255
3.23.4 ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ ... 259
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ... 260
3.24.1 3.24.1 МИГРАЦИЈА ... 260
3.24.2 АЗИЛ ... 264
3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА ... 267
3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА ... 269
3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ... 273
3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ... 274
3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ ... 280
3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА ... 281
3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА ... 283
3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО ... 286
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ... 288
3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... 288
3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ ... 290
3.25.3 ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР ... 291
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ... 293
3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИНА ... 293
3.26.2 КУЛТУРА ... 301
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 306
3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ... 306
3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ ... 315
3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ... 319
3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ... 323
3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ... 327
3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 333
3.27.7 ХЕМИКАЛИИ ... 336
3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ ... 339
3.27.9 БУЧАВА ... 342
3.27.10 ШУМАРСТВО ... 344
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО ... 347
3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ... 347
3.28.2 ЈАВНО ЗДРАВСТВО ... 351
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ... 357
3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА ... 357
3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ... 362
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ... 367
3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА ... 367
3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ ... 368
3.30.3 РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ... 368
3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ... 370
3.31.1 ЕБОП ... 370
3.31.2 ЗНБП ... 371
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ... 374
3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА ... 374
3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ ... 379
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ... 384
4 АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ ... 388
4.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА – РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 388
4.2 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ ... 390
5 ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ... 394

**ВОВЕД**

Владата на Република Македонија во 2007 година ја донесе *Националната програма за усвојување на правото на ЕУ* (НПАА 2007). НПАА претставува клучен документ за процесот на интеграција во ЕУ кој што ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.
На 4 Март 2008 Владата ја утврди ревидираната НПАА (ревизија 2008) во која постојната НПАА (2007) беше ажурирана во насока на усогласување со препораките и забелешките на Европска Комисија по однос на остварениот напредок на Република Македонија во пристапувањето кон ЕУ во 2007 година.

*Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2009)* претставува втора ревизија на НПАА. Ревизијата на НПАА го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација. Клучни елементи при ревизијата на НПАА кои воедно претставуваа основа за проектирање на краткорочни и среднорочни приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ и Скицата за реализацијата на препораките содржани во Извештајот од 2008;
- Обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација односно препораките од Европска Комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на поткомитети во 2008;
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на ЕУ со Република Македонија;
- Програмата за работа на Владата на Република Македонија;
- Стратешките планови на министерствата;
- Буџетот на РМ за 2009 година;
- Тековни и планирани проекти за странска помош.

Фокус на ревизијата на НПАА беше натамошна длабинска анализа на *acquis communautaire* и поврзување со националното законодавство, користејќи ги искуствата на државите кои минале низ скрининг процесот со ЕК. Се направи натамошен напор за посилно врзување и конзистентност на планирањето на активностите на НПАА со процесите на стратешко планирање, буџетско планирање и планирање на странската поддршка во државната администрација. Исто така, во ревидираната НПАА (2009) целосно беше инкорпорирана и надградена спомената Скица за реализацијата на препораките содржани во Извештајот, а со цел да се постигне конзистентност и единственост на процесот на мониторинг на предвидените активности. Од технички аспект, ревизијата беше поддржана со посебно дизајнирана веб апликација, со што се овозможи натамошна надградба на базите на податоци поврзани со процесот на пристапување.

Во ревизијата на документот се вклучи целиот институционален механизам преточен во работни групи составени од претставници на министерствата и другите органи и институции на државната управа, за секое поглавје од *acquis communautaire*, вклучувајќи ги политичките и економските критериуми.

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:
- Политички критериуми,
- Економски критериуми,
- Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- Административен капацитет
- Изготвување на Национална верзија на *acquis communautaire*
- Комуникација со јавноста

Програмата структурално е поделена на наративен дел и табеларен дел (прилози)

Наративниот дел ја претставува тековната состојба во сите поглавја (при што фокусот е на променетите околности во однос на НПАА 2008), како и клучните приоритети и задачи на легислативно и институционално ниво на краток рок (2009 година) и среден рок (2010-2011 година).

Табеларниот дел е поделен во четири прилози:

**Прилог 1**: Преглед на националните правни акти  кои се предмет на  усогласување со законодавството на ЕУ (со ЕУ мерките кои во нив ќе се транспонираат), со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување
**Прилог 2:** Потребно кадровско зајакнување по поглавја од *acquis* и институции за 2009-2011
**Прилог 3:** Проектирани буџетски средства за периодот 2009-1011
**Прилог 4:** Преглед на тековна и планирана странска помош  за периодот 2009-2011

Програмата го зема 1 јануари 2009 година како почетен датум за реализација на активностите.

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку веќе востановените механизми, кои се дополнително унапредени.

Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија, Комисијата за европски прашања при Собранието на Република Македонија, Националниот совет за европска интеграција и релевантните служби на Европската комисија за статусот на реализација на програмата.

## I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

### 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

**Ќе се промовира пристап на конструктивност и инклузивност, во рамките на демократските политички институции, врз основа на дефинираните надлежности согласно Уставот на Република Македонија.**

Собранието на Република Македонија во 2009 година ќе заврши со реализација на Акцискиот план за подобрување на функционирањето на Собранието на Република Македонија и ќе продолжи со активностите за подобрување на статусот на Собранието и поефикасни законодавни и контролни механизми.

Краткорочен приоритет во 2009 година претставува ефикасно спроведување на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија ќе ја усогласува работната агенда при координациите помеѓу пратеничките групи, согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија кој произлегува од новиот Деловник за работа на Собранието. Целта ќе биде да се обезбеди сеопфатна дискусија за клучните прашања кои ги разгледува Собранието.

Пратеничките групи ќе работат кон донесување на Законот за Собрание на Република Македонија со кој се предвидува зајакнување на позицијата на Собранието во рамките на процесите на демократското одлучување во земјата. Законот се планира да биде донесен во првата половина на 2009 година.

Во рамки на редовните координативни средби со претседателот на Собранието на Република Македонија ќе се обезбедува консензус околу прашањата за имплементација на Рамковниот договор и функционирање на Бадинтеровиот принцип. Функционалноста на Комитетот ќе се одвива согласно важечките законски решенија, посебно Законот за Комитет за односи помеѓу заедниците на Република Македонија.

Со цел обезбедување на висок степен на координација во Собранието на Република Македонија и програмирање на работата на Собранието, претседателот на Собранието на Република Македонија ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи, на кои ќе учествуваат определените претставници на Владата на Република Македонија во врска со предлозите од Владата согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија.

Ќе се обезбеди соодветен персонал и буџет за новата административна организација на собраниските служби и ќе се постигне функционалност на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Во 2009 година ќе се продолжат активностите за зајакнување на капацитетите на Собранието за планирање и извршување на буџетот.

За обезбедување општ политички и општествен консензус по однос на реализацијата на европската агенда ќе се обезбеди функционирање на Националниот совет за евроинтеграции како и на Комисијата за европски прашања на Собранието.

Со цел имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, Собранието на Република Македонија ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство. Врз основа на консензусот постигнат во рамки на Националниот совет за евроинтеграции, за дел од приоритетните законски решенија од НПАА Националниот совет за евроинтеграции ќе организира сеопфатна јавна расправа[1]

Соработката на институциите во рамките на извршната власт, помеѓу Претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија ќе се одвива согласно нивните уставни надлежности и во насока на обезбедување консензус за клучните прашања од национален интерес и зајакнување на позицијата на Република Македонија на меѓународен план. Наредните претседателски избори во Република Македонија, согласно одлуката на претседателот на Собранието на Република Македонија за распишување на изборите, се закажани за 22 март 2009 година.

---

[1] Националниот совет за евроинтеграции во соработка со надлежната институција, Секретаријатот за европски прашања и Собранието на Република Македонија ќе организира јавна расправа за следниве законски акти: Закон за авторското право и сродните права, Закон за меѓуопштинска соработка, Закон за ратификација на Договорот за право на патент, Закон за ратификација на Договорот за правото на трговска марка, Закон за измени и дополнувања на Законот за државните службеници, Закон за изменување и дополнување на законот за спречување судир на интереси, Закон за статусот и условите за вработување на јавните службеници, Закон за бесплатна правна помошЗакон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации, Закон за кривична постапка, Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејнот, Закон за заштита од дискриминација, Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, Законите за ратификација на протоколите кои се однесуваат на заштита на животната средина.

## 1.2 ИЗБОРИ

Органите за прогон и правосудните институции ќе ги превземаат сите неопходни мерки за гонење и донесување судски одлуки против сторителите на изборните нерегуларности во изборите 2008.

Ќе се продолжи со исполнувањето на препораките на ОБСЕ за изборниот процес, како и со спроведувањето на Изборниот законик, донесен со консензуална согласност на клучните политичките чинители. Во изменетиот Изборен законик се вградени и препораките кои се однесуваат на финансирањето на политичките кампањи.

Целосното почитување на Изборниот законик на претстојните општински и претседателски избори кои се распишани за 22 март 2009 година е врвен приоритет за сите државни институции и политички чинители во Република Македонија.

Владата на Република Македонија ќе ги преземе сите мерки од нејзина надлежност и ќе го вгради својот политички капацитет за целосно почитување на законските норми во спроведувањето на изборниот процес.

Државната изборна комисија (ДИК) ќе ги преземе своите законски надлежности преку обезбеденото дополнително зајакнување на нејзините административни капацитети со 12 нови државни службеници во состав на ДИК.

## 1.3 ВЛАДА

Членството во ЕУ е помеѓу 5-те приоритети во платформата за работа на Владата на Република Македонија 2008-2012. Заради обезбедување на посветеност за континуирано следење на обврските кои произлегуваат од процесот на европска интеграција Владата и понатаму ќе ги започнува своите седници со претточка за статусот на процесот на ЕУ интеграција и преку редовни тематски седници за прашања на Европска агенда и исполнување на обврските што Република Македонија ги презема во насока на исполнување на критериумите од Копенхаген.

Со цел заокружување на процесот на децентрализација Владата во постојана соработка со Заедницата на единици на локалната самоуправа ќе се заложи за завршување на процесот на фискална децентрализација преку помагање на општините кои не се квалификуваа за влез во втората фаза на фискалната децентрализација.

Заради зајакнување на координативните капацитети на општините ќе се донесе Законот за меѓуопштинска соработка до крајот на февруари 2009 година.

Во насока на зајакнување на системот на финансиска контрола на општините во текот на 2009 година ќе се воспостават единици за внатрешна ревизија во општините во кои се уште не се воспоставени и ќе продолжи ефективната наплата на даноците на општините.

Владата ќе воведе поедноставени мерки за финансирање на активностите во образованието преку утврдување прифатливи критериуми.
*(види Поглавје IV Административен капацитет)*

## 1.4 ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Владата и сите органи на државната управа доследно ќе го спроведуваат Законот за државни службеници, со кој е востановен систем заснован на заслуги.

Главните програмски цели како и досега ќе бидат насочени кон доследна примена на Законот за државните службеници (ЗДС). Оттаму, Агенцијата за државни службеници редовно, на неделно ниво ќе известува за објавените огласи за прием на државни службеници, за бројот на спроведените стручни испити и пријавените кандидати на истите и за бројот на поведени дисциплински мерки и предложените дисциплински мерки. На квартално ниво, во соработка со МФ и врз основа редовното ажурирање на податоците за државните службеници од страна на ОДУ, АДС квартално ќе информира и за бројот на законски вработувања на државни службеници на централно (и локално) ниво.

Во 2009 година ќе продолжи да се спроведува Главата IV од ЗДС „Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници".

Како и секоја година откако е отпочнато со примена на оценувањето на државни службеници АДС ќе усвои Анализа на оценувањето на работата на државните службеници во 2008 година, која овој пат треба да содржи строги препораки имајќи ја предвид импликацијата на процесот на оценување врз системот на плати и наградувањето на државните службеници.

До февруари 2009 година ќе се донесат измените и дополнувањата на Законот за државни службеници подготвени согласно забелешките на Сигма/ОЕЦД на подготвениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници. Измените ќе се однесуваа пред се на пет сегменти од Законот и тоа: опфатот на државните службеници, скратување на роковите за вработување и намалување на времетраењето на постапката, мобилност на државните службеници со воведување интерен оглас, остварување на правото на додаток на плата за кариера и неговата исплата и утврдување посебна глава за Агенцијата за државни службеници, со цел да се одговори на препораките на ЕК за зајакнување на позицијата и улогата на АДС во управувањето со човечките ресурси и надзорот над спроведувањето на ЗДС.

Од Законот за изменување и дополнување на ЗДС ќе произлезе подготвување и усвојување на подзаконска регулатива поврзана со некои елементи на политиката за управувањето со човечките ресурси во државната служба, како што се: селекција, вработување, обука и др. Соодветно внимание ќе се посвети на развојот и унапредувањето и на Регистарот на државните службеници. На крајот на првиот квартал од 2009 година, АДС ќе подготви Извештај за податоците на државните службеници од Регистарот на државните службеници за 2008 година, кој ќе биде објавен на веб страницата на Агенцијата (http://www.ads.gov.mk).

Анализата на Агенцијата за државните службеници за екипираноста на Одделенијата за раководење со човечки ресурси во органите на државна управа покажа дека сегашната сосотојба не е задоволителна. АДС ќе се фокусира на имплементацијата на активности поврзани со јакнење на капацитетите поврзани за процесите на управувањето со човечки ресурси во рамки на државната служба

Во наредниот период ќе биде потребно кадровско зајакнување на одделенијата за човечки ресурси со стручен и компетентен кадар и обука на вработените во ОЧР и воспоставување механизми за делегирање на надлежности на раководните државни службеници. И понатаму ќе се зајакнуваат капацитетите на АДС со цел поуспешно управување со човечки ресурси и управувањето со обуки. Во координација од страна на АДС, ќе се воспостави и ќе стане функционална мрежата на одделенијата за управување со човечки ресурси и ќе се работи во насока на развивање на нејзините активности. АДС во соработка со оваа мрежа ќе подготви Анализа за екипираноста (квантитативна и квалитативна) на постојните сектори/одделенија за управување со човечки ресурси во државната служба.

АДС ја усвои Годишната програма за обука на државните службеници во Република Македонија за 2009. Оваа Програма е еден од основните документи за операционализација на ревидираниот Национален систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници, донесен од страна на АДС во јули 2008 година. Најзначајна промена во овој ревидиран документ претставува новиот модел за координација, поедноставен и усогласен со актуелните потреби за обука во државната служба.
Ќе се развијат процедури за планирање, координација и известување за обуките и ќе се спроведе обука за членовите на воспоставениот Советот за обука за управувањето и координацијата на системот за обуки согласно Националниот систем за обуки.

Во насока на јакнење на административните капацитети, преку обезбедување континуирана обука на сите државни службеници во 2009 година ќе отпочне да се спроведува Стратегијата за обуки на државни службеници за 2009-2011, документ кој ќе помогне во воспоставувањето на одржлив, сеопфатен и стабилен систем за развој на државните службеници. АДС два пати годишно ќе известува за нејзиното спроведување и за реализираните обуки согласно Годишната програма за генерички обуки за 2009 година. Спроведувањето ќе се обезбедува преку системот за континуирана обука на сите државни службеници на централно и локално ниво, имајќи предвид дека во Буџетот на Агенцијата за државни службеници и пооделните буџети на буџетските корисници за 2009 година обезбедени се средства за финансирање на обуките.

Согласно Деловникот за работа на Владата, од 1.01.2009 година ќе се подобри постапката за подготовка на законите преку примена на проценка на влијанието на правните прописи и консултација на заинтересирани страни во подготовка на правни прописи и задложително објавување на работните верзии на правните прописи на веб страните на министерствата.

Во насока на заокружување на реформите на јавната администрација се предвидува донесување на Закон за вршење инспекциски надзор, со кој за прв пат во правниот систем на РМ ќе се регулира прашањето на постапката при вршење инспекциски надзор од страна на државните инспекторати и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво. Со овој закон се предвидува јакнење на надзорната функција на државата преку унапредување на капацитетите на инспекциските служби и нивно координирано дејствување.

Покрај ЗДС кој ги уредува статусот, правата и обврските на корпусот на државните службеници кои ги вршат најголемиот дел на класичните функции на државата, ќе се креира правна рамка за регулирањето на единствени основи и начела за статусот и условите за вработување на јавните службеници (види поглавје 23 Антикорупциска политика).

Во насока на подобрување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата ќе се донесе Законот за здруженија на граѓани и фондации во кој ќе се дефинираат условите за основање и функционирање на граѓанските организации, утврдување на условите и критериумите за извршување на стопански дејности на здруженијата на граѓани и фондации, а со цел зголемување на можностите здруженијата да имаат средства од сопствени извори за остварување на статутарните активности за работењето на здруженијата, а исто така ќе се уреди прашањето на здруженијата на грагани кои се занимаваат со активности од јавен интерес; објективен, одговорен и транспарентен механизам за уредување на даночните бенефиции; уредување на прашањето поврзано со одговорност на работењето на здруженијата и фондациите,основање на здруженија од страна на правни лица и други прашања заради допрецизирање на други одредби заради усогласување .

Предлог законите што се доставуваат до Владата ќе содржат проценка на влијанието на регулативата и ќе биде задолжително објавувањето на работните верзии на правните прописи на веб страните на министерствата.

Ќе продолжи мониторинг на спроведувањето на механизмот Граѓански дневник и печатењето на формуларите за оценување.

Ќе продолжи имплементацијата на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011), а воедно и нејзино ажурирање. Се предвидуваат и обуки за вработените во Одделението за соработка со невладини организации и министерствата.

Исто така предвидени се и обуки за државни службеници задолжени за работа на порталот услуги.

*(Повеќе во Поглавје IV Административен капацитет)*

## 1.5 РЕФОРМА НА ПОЛИЦИЈА

**Во наредниот период со несмалено темпо ќе продолжат активностите насочени кон постигнување на одржливост на остварениот напредок во реформата на полицијата.** Министерството за внатрешни работи на Република Македонија изготви Закон за внатрешни работи, со кој се опфатени нови решенија кои се однесуваат на селекција, вработување, унапредување, отпуштање, материјална и дисциплинска одговорност на вработените во Министерството, кои ќе придонесат кон зајакнување на професионални стандарди и независност. Новиот Закон за внатрешни работи,беше доставен на мислење до Делегацијата на Европската унија во Скопје, ОБСЕ, а при тоа беа консултирани и претставниците на ИПА Проектот за поддршка на развој на полиција.

Во рамките на зајакнувањето на капацитетите на полицијата, како на централно така и на локално ниво, согласно Буџетот на Министерството за внатрешни работи, за 2009 година, за процесот на Реформа во полицијата, како и набавка на средства и возила предвидени се вкупно **641.760.000,00 денари.**

Остануваат да се донесат уште следните подзаконските акти од Законот за полиција:
Упатство за начинот на ракување со документи и опремата на Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа; и Колективен договор на МВР (кој ќе се донесе по усвојувањето на новиот Закон за внатрешни работи);

Заради понатамошно продлабочено и посеопфатно запознавање припадниците на полицијата со содржината на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, знаењето на полициските службеници ќе биде надградено преку нивно запознавање со содржината на Прирачникот за основните оперативни полициски постапки, Министерството за внатрешни работи на редовна основа ќе врши проверка на познавањата за полицијата со промените настанати со реформата на полицијата. Овој Прирачник претставува сублимат на приоритетите на основните оперативни полициски процедури за полициско работење на граничната полиција, како и за општото полициско работење и во областа на безбедноста на патниот сообраќај.

Министерството за внатрешни работи ќе продолжи да ја спроведува Стратегијата и Акциониот план за човечки ресурси во однос на активностите кои се однесуваат на развојот на кариера и системот за унапредување.
Во текот на 2009 година предвиденана е обука на кадарот надлежен за менаџирање со човечки ресурси, за што се обезбедени соодветни буџетски средства. Наведената обука ќе се изведе со поддршка на OSCE и CIVIPOL. Истовремено, Секторот за управување со човечки ресурси во текот на 2009 ќе донесе:

1. Правилник за селекција, со кој правно ќе се нормира административната-предселективна селекција, начинот, содржина и изведба на интервју, како и постапка во случај на жалба во однос на одлуката на изборната комисија.
2. Правилник за системот за кариера, кој ќе ги опфаќа сите области од системот на кариера- Со овој правилник ќе бидат опфатени и можностите за унапредување до највисоки извршни нивоа, кој ќе важи за сите вработени врз основа на заслуги. Правилникот ќе биде изготвен со поддршка на ИПА проектот спроведуван од CIVIPOL.

Во однос на профилирањето на работните места, предвидено е креирање модел профил за работно место, како и избор/селекција на функциите и утврдување на модел-профил за избраните специфични функции како на пример: Командир, униформиран полициски службеник, неуниформиран полициски службеник, началник, прикриен агент, итн.
Во делот на раководењето, предвидено е идентификување и проценка на потребите за менаџмент обуки за раководниот кадар. Ќе се изврши анализа на потенцијалот на вработените на среднорочен и долгорочен период, унапредување на компетентен млад кадар.

Управувањето со персноналните досеиа е среднорочен приоритет и истиот ќе биде завршен до 2011 година. Управувањето со персоналните досиеја ќе се реализира преку дефинирање на содржината, а истите ќе опфаќаат податоци за вработените во однос на:
- Персонални работи;
- Унапредување и развој во кариерата на вработениот.

За оваа активност се одвоени соодветни буџетски средства.
Во однос на зголемување на правичната застапеност, во текот на 2008 година, во Министерството за внатрешни работи вработени се 115 припадници на националните заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. За 2009 година предвидено е зголемување на вкупната застапеност од 1% во 2009 и од 1% во 2010.

Ќе се продолжи и со активностите за обезбедување на кохерентен (in-service) систем за обуки на полицијата, преку воспоставување на организациска структура за обучување. Континуираната обука во полицијата ќе ја спроведуваат советниците за континуирана обука систематизирани во секој СВР и четирите РЦ,  а дел од континуираната обука и основната обука ќе се спроведуваат во Центарот за обука во Министерството за внатрешни работи. Од формирањето до сега во Центарот за обука извршени се вкупно 28 обуки од кои една основна и 27 специјалистики обуки за полиција. Во јануари 2009 година ќе се потпише Меморандум за разбирање помеѓу Центарот за обука во Министерството за внатрешни работи и Факултетот за безбедност при универзитетот "Климент Охридски" со што целосно ќе биде завршена поделбата на имотот. Ќе се унапреди обуката на граничната полиција, со поддршка на воспоставената соработка со ФРОНТЕКС.

Во однос на остварувањето на надзорот над работата на полицијата која во моментов се врши преку веќе вопсоставаните механизми (Сектор за внатрешна контрола, јавно обвинителство, судство, народен правобранител, постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот; комисија за за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и невладиниот сектор) , преку мисијата на ОБСЕ во Република Македонија формирана е Работна група која треба да дефинира нов концепт за контрола врз работата на полицијата. Во оваа Работна група покрај претставници ОБСЕ учествуваат: Министерството за внатрешни работи, Министерство за правда и универзитетски професори експерти во оваа област.

***Судски систем (види и, Поглавје 23 –Правосудство и фундаментални права)***
Од аспект на унапредување на независноста на судскиот сустем, целосно се имплементира **Законот за Судски совет** според кој Судскиот совет ги врши своите надлежности (избор и разрешување на судиите) како гаранција за судската независнот и самостојност. Судскиот совет ќе придолжи со непристрасен надзор над работата на судиите. До април 2009 ќе се започне со целосна примена на Правилникот за оценување на работата на судиите, по што Судскиот совет ќе започне со доставување на квартални извештаи за неговата примена.

Во 2008 година усвоен е **Правилник за критериуми за оценување на работата на судиите** и Образец со кој се врши квантитативно и квалитативно оценување на работата на судијата.

**Управниот суд** и **Апелациониот суд во Гостивар** се целосно екипирани и функционални и покажуваат позитивни резултати од своето работење.

**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** е потполно функционална, спроведувајќи го Законот за Академија, Статутот и подзаконските акти во правец на креирање и реализација на сите програми за обука. Во целост се остваруваат и програмите за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители како и програмите за обука на другите целни групи, согласно Рамковната програма 2007-2009. Ефикасно се спроведува и почетната обука за судии и јавни

обвинители. Ќе се продолжи со реализација на планот за почетна обука на кандидатите за судии и обвинители, како и реализација на планот за континуирана обука на судиите и обвинителите/Календари за 2009 година.
Со измените на **Законот за судовите** се воведе едно специјализирано судско одделение за организиран криминал и корупција за целата територија на Република Македонија кој се наоѓа во Основниот суд Скопје.

Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет** од 1 Јануари 2009 година управувањето на буџетот на судската власт од Врховниот суд на Република Македонија премина во надлежност на Судскиот совет на Република Македонија со што менаџирањето на буџетот ќе се врши согласно потребите на сите судови.

За унапредување на финансиската стабилност на судскиот систем и зајакнување на буџетската рамка и човечките ресурси во судството во 2009 годинаќе се подготви Анализа на буџетските потреби на судовите и ќе донесе Програма за планирање и управување на буџетските средства.

Ќе се изготви и **анализа на состојбата во судската администрација** со цел да се зајакне нејзиниот капацитет преку дополнителни вработувања.

**Советот на јавни обвинители** е комплетиран и функционира во полн состав од 11 членови. Во тек се активности за обезбедување на посебни **просторни капацитети** за Советот на јавни обвинители и започнати се активности за негово екипирање со стручно-административни службеници. Советот врши избор и разрешување на јавни обвинители и започна со надзор над работата на јавните обвинители. Советот на јавни обвинители ќе продолжи со избор на јавни обвинители согласно Законот за пополнување на празните места согласно законските прописи и ќе врши надзор над работата на обвинителите.

Конституирано е новото **Вишо јавно обвинителство Гостивар**. На 05.11.2008г. се изврши избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар и 4 јавни обвинители за ова обвинителство. Завршен е избор на сите 9 јавни обвинители **на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција**.

Во поглед на натамошното спроведување на реформите на јавното обвинителство ќе се продолжи со имплементација на Законот за јавно обвинителство и Законот за совет на јавни обвинители.

За успешно имплементирање на Законот за прекршоци заклучно со 31.10.2008г. во вкупно 21 институции формирани се 41 **Комисии за прекршоци**. Пред овие комисии до крајот на октомври 2008 заведени се вкупно 74749 прекршочни предемети, од нив 51022 предмети се во тек, додека 23127 предмети се решени. Донесен е **План за обуки за примена на Законот за прекршоци** кој се спроведува во сите институции во кои се формирани Комисии за прекршоци. До април 2009 година Министерството за правда и Академијата за обуки на судии и обвинители ќе ги обучат сите членови на комисиите за прекршоци. Врховниот суд редовно ќе го следи постапувањето на судовите по прекршочните предмети кои се застарени, за што ќе известува на месечно ниво.

Со цел ефикасна **импплементацијата на законите усогласени со Законот за прекршоци** ќе се следи работата на Комисиите за прекршоци преку месечни известувања, како и реализација на Програмата за обуки за примена на Законот за прекршоци со што ќе се обучат сите членови на комисиите за прекршоци.

Предвидено е натамошно спроведување на **Законот за извршување** со цел да се изврши целосно пренесување на извршните предмети од судовите во надлежност на извршителите.

Согласно насоките утврдени во Стратегијата за реформа на казненото право интензивно се работи на изготвување на **нов Закон за кривичната постапка и измени и дополнувања на Кривичниот законик**, кои треба да се донесат во 2009 година. Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик ќе се изврши вградување на меѓународните стандарди, исполнување на меѓународните обврски, усогласување со повеќе закони, како и инкриминирање на појавите на современиот криминал.

За унапредување на **информатичката технологија** во судството до крајот на 2009 година ќе биде завршена имплементацијата на ACCMIS во сите судови во РМ.

***Антикорупциска политика (види и, Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права)***
Владата и понатаму ќе остане доследна на бескомпромисната борба против корупцијата и ќе продолжи да ги спроведува мерките од Акциски план за борба против корупцијата.

Во континуитет ќе се остварува соработката меѓу органите со посебни овластувања и редовно ќе се известува за конкретните резултати од соработката во случаи поврзани со корупција и информации за статусот на случаи поврзани со корупција и ќе продолжи и редовното известување за соработката која се остварува преку офицери за врска.
До април 2009 година ќе се прикаже подобрување во функционирањето на базите на податоци, односно поврзувањето на базите на податоци и размена кај органите со посебни овластувања.

Ќе се реализираат препораките на Групата држави против корупција (ГРЕКО) од вториот круг на евалуација чиј рок за реализација е април 2009 година.

До април 2009 година ќе се прикажат резултати од спроведувањето на Акцискиот план за судир на интереси.
Ќе се покажат подобрени резултати во испитувањето на имотната состојба преку поврзувањето на базите на податоци на Државната комисија за спречување на корупцијата и Управата за јавни приходи.

До април 2009 година неопходно е покажување резултати во спроведувањето на одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на финансирањето на изборните кампањи, како и финансирањето на политичките партии.

## 1.6 ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Меѓународни конвенции:**
Во постапка на ратификација е **Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе** и се очекува да се ратификува до крај на првиот квартал на 2009 година.
Во втората половина на 2009 година ќе се поведе постапка за пристапување кон ратификација на **Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.** Периодот до ратификација ќе биде посветен на доусогласување на релевантното законодавството на Република Македонија со одредбите на конвенцијата,

**Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура** и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување е ратификуван во декември 2008 година. Согласно обврските од Факултативниот протокол, Народниот правобранител во РМ ќе ја врши функцијата на национален превентивен механизам. Во соработка и врз основа на претходна согласност од Народниот правобранител, невладини организации регистрирани во Република Македонија и организации кои имаат статус на хуманитарни органзации во Република Македонија можат да преземат некои од надлежностите на националниот превентиван механизам.

**Европски суд за човекови права**
За период од 11 години[2], во кој Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) го следи почитувањето на човековите права од страна на Република Македонија, против државата заклучно со 15 декември 2008 пред судот поднесени се 1650 апликации. Согласно критериумите за допуштеност, утврдени во член 35 на Конвенцијата, заклучно со 23 декември 2008 година, од ЕСЧП до Владата на Република Македонија доставени се вкупно 162 предмети за одговор. Од вкупниот број на 162 комуницирани предмети, само во текот на 2008 година доставени се 62 предмети до Владата на РМ на одговор. ЕСЧП има донесено 46 пресуди, од кои во 42 пресуди констатирани се повреди на човековите права загарантирани со Европската конвенција. 32 пресуди се однесуваат на повреда на правото на судење во разумен рок предвидено во членот 6 став 1 од Конвенцијата. четири (4) во членот 3 - немање на ефикасна истрага, четири (4) за нефер судење, две (2) за немање на ефективно домашно правно средство и две (2) за правото на сопственост.

Темите поврзани со Европската Конвенција за човекови права, вклучително и јурисприденцијата на ЕСЧП се вклучени во курикулумот на Академијата за обука на судиии и јавни обвинители, како и во реализирањето на програмите за континуирана обука на судиите и обвинителите. Одлуките на ЕСЧП во предмети против Република Македонија редовно се објавуваат на македонски јазик.

Со цел да се одговори соодветно на обврската за извршување на пресудите на ЕСЧП, се **изготвува посебен Закон за извршување на пресудите на ЕСЧП, в**о кој детално и прецизно се регулираат обврските и задолженијата кои треба да се преземат од страна на секоја од властите во државата, во правец на соодветно и ефикасно извршување.

За извршување на пресудите на ЕСЧП против Република Македонија по однос на судењето во разумен рок, во март 2008 година се усвоија соодветни измени и дополнувања на Законот за судовите во правец на операционализација на домашна заштита на правото за судење во разумен рок. Врховниот суд започна со примена на законот и донсување на одлуки по поднесените барања од страна на граѓаните и правните лица во Република Македонија.

[2] Европската конвенција за човекови права и основните слободи од страна на Собранието на Република Македонија беше ратификувана на 10.04.1997 година

Во согласност со ставовите и препораките на ЕСЧП по однос на ефикасни истраги и постапки по тортурата, а во функција на превенција и доследна имплементација на пресудите донесени од страна на Судот, пресудите беа посебно разгледувани од страна на работните групи кои работат на измени на Законот за кривична постапка и на Законот за Јавно обвинителство што соодветно беше пресликано со соодветни измени во домашното законодавство. Споменатите пресуди иницираа процес во кој меѓуресорска група изготви предлог механизам за зајакнување на системот на надворешна контрола на органите за спроведување на законот со цел реализирање на ефикасна истрага и гонење  во случаите на индиции за тортура сторена од страна на службени лица.

За ефикасно спроведување на активностите поврзани со постапувањето по предметите пред ЕСЧП, како и соодветно и ефикасно извршување на пресудите на ЕСЧП, континуираното усогласување на домашната легислатива со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и за справување со бројните други обврски кои произлегуваат од 11 годишната примена на ЕКЧП од страна на Република Македонија, предвидено е законско регулирање на застапувањето на државата пред ЕСЧП со формирање на Биро за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП, како орган во состав на Министерството за правда  со кое ќе раководи Владиниот Агент.

Во правец на намалување на бројот на пресудите со констатирани повреди на правото за фер судење во разумен рок од ЕСЧП, во 2009 ќе се изготви Анализа на законските решенија во процесните закони со кои се уредува динамиката на постапувањата на судовите и управните органи со цел оценување на ефектите од предвидените реформи со Стратегијата за реформа на правосудниот систем.

**Граѓански и политички права**

Во Република Македонија **пенитенцијарниот систем** е поставен во определена хоризонтална и вертикална поврзаност, како единствен и заокружен систем на казнено-поправни установи. Извршувањето на санкции се во надлежност на Управата за извршување на санкциите, која има статус на правно лице и со која раководи директор. Казната затвор се извршува во казнено-поправни установи, додека воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во воспитно-поправни установи. Сите установи имаат својство на правно лице. Во Република Македонија функционираат 11 казнено-поправни и 2 воспитно-поправни установи, во кои редовно се вработени вкупно 726 лица, а на издржување на казната затвор, мерката притвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом во декември 2008 година се наоѓаат вкупно 2370 лица.

За целосна имплементација на Законот за извршување на санкциите донесени се подзаконските акти за подобрување на материјалните и безбедносните услови, како и контролните механизми во казнено – поправните установи.
Во насока на подобрување на условите на казнено-поправните установи, формирана е уште една казнено-поправна установа од затворен вид  - Казнено-поправен дом Штип.

Со Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните установи за 2008 година („Службен весник на РМ“ бр.41/08), во делот на градежно – занаетчиските активности кои треба да се реализираат во делот на учеството на буџетски средства со заемот од Банката за развој на Советот на Европа, за Затворот Скопје во тек е изградба на ново крило за притвор за 170 лица, која се планира да заврши до март 2009 година со што значително ќе се подобрат условите за престој на притворените лица.
Завршени се градежните работи за новиот Затвор Куманово.

Во Затворот Тетово целосно се опремени новата кујна и трпезарија, а реновирани се и санитарните јазли.
За зајакнување на административните капацитетите на УИС и КПУ ќе се изврши натамошно кадровско доекипирање, како и  спроведување на континуирана обука во однос на обезбедувањето, здравствена заштита, превоспитување и ресоцијализација .

Се планира проширување и подобрување на условите во КПД Идризово, Штип и Струга, затворите во: Скопје, Струмица, Охрид, Куманово, Тетово, Битола и Гевгелија,.  За растоварување на притворскиот капацитет, предвидено е формирање на притворски одделенија во уште две казнено-поправни установи од полуотворен вид и тоа во Затворот Струмица и во Затворот Куманово кои се очекува да бидат ставени во функција на почетокот на 2010 година.

Изготвена е Програма за обука и едукација на вработените во казнено – поправните и воспитно поправните установи која ќе биде основа за иницијална и континуирана обука на вработените во КПУ од сите целни групи (за обезбедување, здравствена заштита и ресоцијализација).

За зајакнување на административните капацитетите на УИС и КПУ ќе се изврши натамошно кадровско доекипирање, како и спроведување на континуирана обука во однос на обезбедувањето, здравствена заштита, превоспитување и ресоцијализација

**Економски и социјални права**
Во текот на 2009 година се планира реализација на активности во насока на усогласување на законската регулатива од областа на образованието со Законот за **еднакви можности на жените и мажите**, што ќе има за цел вклучување на родовиот концепт во наставните програми за образование и професионална обука, со што ќе се обезбедат механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности за жените и мажите во образовниот процес.

Ќе продолжат и активностите во насока на *имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво*. Во текот на 2009 година ќе биде имплементирана програма за јакнење на капацитетите на Комисиите и координаторите за еднакви можности на локално ниво, преку изработена проценка на потребите на овие комисии и воспоставување на механизам за координација и соработка помеѓу Секторот за еднакви можности во МТСП и координаторите и комисиите во единиците на локалната самоуправа.

Имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите ќе продолжи и преку реализација на конкретни активности за јакнење на капацитетите на Координаторите за еднакви можности на жените и мажите во рамки на министерствата во Владата на Република Македонија. Во таа насока ќе се реализираат и серија на обуки за овие координатори.

Во рамки на Програмата на заедницата за вработување и социјална солидарност ПРОГРЕС, во текот на 2009 година граѓанскиот сектор (две невладини организации), со финансиска поддршка на Министерството за труд и социјална политика ќе го реализира проектот **„Македонија без дискриминација“** чија цел е натамошно зајакнување на јавната свест на полето на недискриминацијата по сите основи, а особено свеста кај младите за придобивките од еднаквоста и постоењето на различноста помеѓу граѓаните во РМ. Проектот има за цел и подобрување на правната рамка и на капацитетите на релевантните чинители, како и промовирање на партнерството помеѓу националните и локалните власти, граѓанското општество и експертската јавност за воспоставување на механизми за следење на прашањето на недискриминацијата по сите основи во Република Македонија.

Во 2009 година ќе биде реализирана Програма за економско јакнење на жените од руралните средини и ќе биде спроведено истражување за утврдување на положбата на овие жени во Република Македонија.

Во соработка со Министерството за образование и наука ќе се изработи анализа за причините за прекинувањето на образованието кај учениците од руралните средини, особено кај припаднички на помалите етнички заедници. По анализата ќе се спроведат работни средби со родителите на ученици/ки со цел нивно реинтегрирање во образовниот систем.

Унапредена е законската регулатива во делот на ***заштита на жртвите на семејно насилство*** со што е дадена можност за самостојно иницирање на судски постапки за изрекување на привремени мерки на заштита од самата жртва и спроведување на дел од мерките на заштита на лицата-жртви на семејно насилство од страна на здруженија на граѓани. Во таа насока, во рамки на утврдените измени и дополнувања на Кривичниот законик се предвидува дополнување на одредбата од членот 56 со што на сторителите на кривичните дела при вршење на семејно насилство ќе може да им биде изречена условна осуда со посетување на програма за работа со насилници која ќе биде спроведувана од страна на советувалиштата формирани од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Во тек е имплементација на **Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008 – 2011 година**, во чии рамки идентификувани се приоритетните области за подобрување на системот за социјална заштита во однос на семејното насилство, утврдени се понатамошните чекори и усогласени се координирани мерки и активности на надлежните институции во соработка со граѓанскиот сектор кои имаат за цел спречување и намалување на семејно насилство и соодветна заштита и помош на жртвите од семејно насилство. Во текот на 2008 година тпочнато е и со реализација на конкретни планирани активности за имплементацијата на Стратегијата. Формирано е Национално координативно тело со мандат да ја следи и оценува имплементацијата на Стратегијата. Воспоставен е повеќе-секторски координиран пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство, преку формирање на интер-секторска работна група за изготвување на *Единствен Протокол за дејствување во случај на семејно насилство*, во кој ќе се утврдат детални постапки за дејствување за различни вклучени субјекти во случаите на семејно насилство. Оваа работна група се состои од претставници од различни институции и субјекти како што се Министерството за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи и претставници од НВО.

За изградба на капацитетите за борба против семејното насилство и работа со жртви на семејно насилство на локално ниво, одржани се мулти-секторски обуки за справување со семејно насилство. Учесници на овие обуки беа професионални

работници од центрите за социјална работа, здравствените институции, полицијата, единиците за локална самоуправа, како и претставници на невладини организации кои работат во оваа област.

Во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, за судиите и јавните обвинители беа организирани четири обуки на оваа тема во соработка со Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и НВО (ЕСЕ)

Согласно Акциониот план за превенција и справување со **сексуалната злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012** година усвоен во 2009 година од Владата на Република Македонија, во 2009 година ќе се пристапи кон изработка и реализација на мерки и програма за третман на лицата осудени за делата на сексуална злоупотреба на деца и педофилија - за време и по издржувањето на казната.

Во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во текот на 2008 година беше спроведена една обука за судиите и јавните обвинители на оваа тема а предвидени се обуки од истата тема и во Годишниот календар за 2009 година заедно со Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и НВО (Меѓаши, Среќно детство).

Во рамки на реформата на малолетничкото законодавство донесен е нов **Закон за малолетничка правда**, во кој се операционализирани стандардите утврдени во ратификуваните меѓународни конвенции и документи за правата на детето:[3] Имајќи ги предвид овие стандарди, Законот се заснова врз следните начела: заштита на малолетникот и неговите права, социјализација и помош во постапувањето со малолетникот, ресторативна правда и превенција на малолетничката деликвенција.

Со цел ефикасна имплементација на Законот за малолетничка правда донесен е Акциски план (2008-2009) во кој се утврдени активнотите, роковите и надлежните институции за негова реализација. Изготвени се подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за малолетничка правда. Изработена е програма за специјализирана обука за полициски инспектори и програма за континуирана обука на кадри во системот на социјална заштита. Извршена е почетна и континуирана обука за судии и јавни обвинители, адвокати, сите тимови од Центрите за социјална работа (ЦСР) како и за полицијата (униформирана и инспекторите за малолетничка правда). Овие обуки директно придонесуваат кон исполнување на меѓународните стандарди во однос специјализација на системот за малолетничка правда. Изработени се нацрт програмите за специјализирана обука за полициски инспектори и програма за континуирана обука на кадри во системот на социјална заштита. Се одржа првата регионална конференција за судии и обвинители, со цел размена на искуства за практична примена на новините кои се воведени со Законот за малолетничка правда.

Проширена е мрежата на групите за работа со родители на деца во ризик и деца сторители на кривични дела. Спроведена е обука стручните кадри во четири ЦСР и една институција за работа со родителите и одржани се три евалуативни работилници. Со ова вкупниот број на воспоставени едукативни центри е осум (споредено со 2007 кога беа 4). Изработено е нацрт стручно-методолошко упатство за постапување на ЦСР со деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела и истото треба да се усвои и применува од 2009 година. Факултетот за безбедност (Полициската академија) реализира две почетни обуки за малолетничка правда. Обучени се 41 полициски службеник во делот на униформираната полиција
Во однос на обуките за судии и јавни обвинители, на во организација на Академијата за обука на судии и обвинители и УНИЦЕФ во 2008 година беа реализирани две обуки на кои учествуваа вкупно 55 учесници од кои: 13судии, 19 јавни обвинители , 6 стручни соработници од судовите и 17 учесници од Министерството за труд и социјална политика. Обуки на оваа тема се предвидени и со Календарот на планирани обуки за 2009 година а предвидено е и едно студиско патување.

ЈУ Заводот за социјални дејности спроведе обука за 90 социјални работници и се планира вакви обуки да се спроведат и за новите вработени во Заводот.
Министерството за правда ќе продолжи да ги координира активностите поврзани со спроведување на Акциониот план за спроведување на Законот за малолетничка правда усвоен во 2008 година и редовно ќе ја информира Владата за негово спроведување.

Со започнување со примена на Законот за малолетничка правда во 2009 година, ќе се усвои Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво. Ќе се направи истражување за капацитетите на системот за спроведување на законот за малолетничка правда и постоечките ресурси.

---

[3] Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето со Протоколот за инволвирање деца во вооружени конфликти и Протоколот за трговија со деца, детска порнографија и детска проституција, Конвенцијата за борба против транснационален организиран криминал со Протоколот против трговија со луѓе особено жени и деца, Ријадските правила на Обединетите нации за превенција на малолетничка деликвенција од 1990 година и Препораката на Советот на Европа бр.П (87) 20 за социјална реакција на малолетничката деликвенција.

Согласно Акциониот план предвидено е институционално и кадровско доекипирање на Центрите за социјална работа, формирање на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво како самостоен и независен орган, составен од 15 члена избрани од Собранието на Република Македонија. Ќе се донесе годишна програма и план за реализација на програмата на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво. Исто така, ќе се формира и Фонд за обештетување на малолетници – жртви на кривични дела, со кој ќе управува Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво. Фондот ќе се финансира со износ од 2% од средствата што во Буџетот на Република Македонија се собираат од паричните казни изречени од страна на судовите за кривични дела или прекршоци, а се наплатени од претходната година. Ќе се воспостави систем за водење на единствена евиденција за изречени санкции и кривични дела и прекршочни санкции во Основен суд Скопје I, Скопје.

Надлежните институции ќе продолжат со креирање и усвојување на специјализирани програми за обука на релевантните кадри и истите ќе бидат развиени и спороведени од меѓународни и домашни експерти. Министерството за труд и социјална политика ќе работи на воспоставување на услови за реализација на воспитните мерки (дисциплински центар), алтернативните мерки, како и креирање на алтернативни услуги (специјализирани згрижувачи семејства). Министерството за труд и социјална политика во соработка со ЈУ Заводот за социјални дејности во 2009 година ќе продолжи со обуките за кадрите во центрите за социјална работа и ќе обезбеди финансиски средства за вработување на 53 стручни лица во центрите за социјална работа.

Адвокатската комора на Република Македонија ќе реализира едукација и обука за адвокатите кои ќе работат со малолетници.
Владата ќе ја продолжи соработката со УНИЦЕФ во реализација на поголемиот дел од активностире предвидени во Акциониот план.

**Малцински права, заштита на малцинствата и културни права**
Во 2008 година беше донесен Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија. Со законот се уредува постапката за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата на правата на припадниите на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права и се формираше посебна агенција.

Во 2008 година беше донесен и Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа според кој јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија се употребува во Собранието на Република Македонија, комуникација на грашаните со министерствата, судските постапки, управната постапка, извршување на санкции, народен правобранител, изборниот процес, при непосредно изјаснување на грашаните, при издавањето на личните документи на граѓаните, при водењето на матичната евиденција, примена на полициски овластувања, во радиодифузната дејност, инфраструктурни објекти, локалната самоуправа, финансиите, економијата, образованието и науката, културата и во други области и институции со овој закон.

Политиките и активностите за **инклузија на Ромите** во Република Македонија се предвидени во рамки на Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите и во соодветните Национални Акциони и Оперативни планови за имплементација на планираните активности.

Со цел јакнење на административните капацитети во рамки на Министерството за труд и социјална политика, формирано е ново *Одделение за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите* кое е надлежно за координација и следење на имплементацијата на сите активности кои се реализираат. Одделението ќе подготвува редовни извештаи за реализираните активности и остварените резултати, ќе обезбедува непосредна соработка со ромските информативни центри, со ромските невладини организации итн.
Во тек се следните проекти насочени кон унапредување на состојбата на Ромите во РМ:

- проект за *вклучување на Ромските деца во предучилишно образование* (детските градинки). Овој проект всушност претставува продолжување на проектот кој се реализираше во изминатите две години, со тоа што во оваа фаза - која започна од октомври 2008 година, во обезбедувањето на финансиски средства за оваа активност се вклучија и Единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓаат 15-те градинки во кои се спроведува програмата. За поуспешна и поефикасна имплементација на овој проект, ангажирани се 16 негувателки од Ромската етничка заедница, кои ќе работаат со Ромските деца во детските градинки.
- продолжување на активностите за отворањето и функционирањето на *Ромски информативни центри* чија цел е информирање, помош и подршка на припадниците на ромската етничка заедница во остварувањето на нивните практични потреби и нивна побрза интеграција во опшеството во согласност со приоритетни области од Декадата и

Стратегијата за Ромите. Во рамките на овој проект, во текот на 2008 година отворени се дополнителни 4 Ромски Информативни центри кои функционираат како линк помеѓу ромската заедница и институциите на локално ниво. Функционирањето на центрите продолжува и во наредната 2009 година и доколку се укаже потреба и се обезбедат финансиски средства, дополнително ќе се отворат нови 2 Ромски Информативни Центри.

- имплементација на *Проект за вработување на Роми преку обука,* кој претставува една од активните мерки за вработување. Министерството за труд и социјална политика за имплементирање на овој проект издвои 40,000 евра за вработување на 100 лица во 12 градови на Република Македонија преку обука за познат работодавец.
- МТСП со финансиска поддршка на ОБСЕ мисијата во Скопје и техничката поддршка од страна на Лудвиг Болтцман Институтот за човекови права (Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights - BIM), ги ревидираше Националните Акциони и Оперативни Планови од четирите приоритетни области од Декадата и Стратегијата на Ромите (вработување, образование, здравство и домување). Во ревидирањето учествуваа членовите од Владиното координативно тело и експерти од ресорните министерства.

Министерството за труд и социјална политика, во рамките на својот буџет, за имплементација на овие проекти за 2008 година издвои 11,000,000 денари.

Истовремено се имплементираат и неколку проекти насочени кон подобрување на вклученоста на Ромите во *образовниот систем* преку проекти за подобрување на успехот и стапката на задржување на Ромите во основното образование, проекти за зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, обезбедување на стипендии и менторска помош за учениците Роми, итн.

Во изминатиот период беа реализирани и повеќе активности во насока на *подобрување на инфраструктурата* во населените места со значително ромско население. Со финансиски средства обезбедени од Буџетот на РМ, локалната самоуправа, како и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици, и други инфраструктурни проекти. Министерството за транспорт и врски за реализирање на овие активности во 2008 година од својот буџет издвои 5,000,000 денари.

Особено внимание се посветува на програмите за вклучување и поголема опфатеност на ромското население во системот на *здравствена заштита* и подобрување на пристапот кон здравствените услуги. Се спроведуваат активности за редовна вакцинација на децата Роми, едукација за превенција од пренесувањето на ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулоза, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки итн.

Во делот на активностите за социјално **вклучување на Ромите**, ќе се продолжи со активна имплементација на Стратегијата за Ромите во РМ, како и на Акционите планови, согласно Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. Планирано е изготвување на акциони планови за за вклучување на Ромите во областите што се однесуваат на заштитата на човековите права и политичо учество, промовирање на културата на Ромите, социјална инклузија, итн.

Во текот на 2009 година ќе продолжи функционирањето на 12 Ромски Информативни Центри како партнерски проект со Ромски НВО, а предвидено е и одржување на дополнителни обуки на 24 вработени во Информативните центри за јакнење на нивните капацитет за обезбедување поддршка на ромското население во делот на посредување при обезбедување на потребни документи за идентификација. Се предвидува анализа за потребата од отворање на, дополнителни Ромски информативни центри.

Предвидено е отворање на бизнис инкубатор за поддршка на Ромите при вработување, преку добивање на обуки од областа на предприемништвото и основање на мали и средни претпријатја и семејни бизниси.

Проектот „Инклузија на децата Роми во предучилишното образование" ќе продолжи да се имплементира и во текот на 2009 година, и врз основа на покажаните позитивни резултати и успешноста на спроведувањето на проектот во претходните две години, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта и локалната самоуправа, ќе обезбеди спроведување на проектот и во текот на учебната 2009/2010 година.
Во делот на јакнењето на административните капацитети за координација на овие активности, во текот на 2009 година планирано е доекипирање на Одделението за спроведување на Стратегијата и Декадата на Ромите, во рамките на МТСП, со уште 3 нови вработувања. Исто така, планирано е имплементирање на програма за нивна обука и градење на нивните капацитети за поуспешно координирање и реализирање на мулти-ресорските активности за инклузија на Ромите.

Во насока на унапредување на капацитетот на Народниот правобранител, а со поддршка на ИПА фондовите се планира утврдување на потребите од обуки и донесување на план за обуки на НП. За унапредување на соработката на НП со

администрацијата ќе се имплементираат работилници за вработените во канцелариите на НП о администрацијата на локално и централно ниво. Воедно, ќе се имплементира и јавна кампања за запознавање на граѓаните со надлежностите на НП, За зајакнување на административниот капацитет ќе се доекипира НП.

## 1.7 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

### РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Република Македонија, во рамките на својата проактивна политика за развој на добрососедските односи и регионалната соработка, ќе продолжи со засилен ангажман во насока на натамошно унапредување и збогатување на соработката како на билатерален план, така и во контекст на регионалните иницијативи.

Особено внимание ќе посвети на:

- засилувањето на соработката со соседните земји, пред сé во областа на прекуграничната соработка, транспортот и енергетиката, борбата против организираниот криминал, недозволената трговија и шверцот, правната соработка, граничното управување, реадмисијата и животната средина;
- имплементација на приоритетите и обврските во рамките на Процесот за соработка во ЈИЕ (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) и СЕКИ – центарот во Букурешт;
- активно учество и имплементација на одредбите од Договорот за изменување и пристапување во Централно-европскиот Договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), Енергетската заедница, Договорот за единствена европска воздухопловна област итн.
- активно учество и развој на соработката во рамките на Евро-регионите воспоставени со соседните земји.

Во функција на конкретен придонес во унапредувањето на регионалната соработка и развојот на регионалната сопственост, Република Македонија се кандидираше за седишта на Секретаријатот за регионална парламентарна соработка, на Секретаријатот на ЦЕФТА 2006 и за седиште на Регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА), но ниедна од нив не беше прифатена.

**Република Македонија останува посветена на развојот на билатералните односи со соседите и со земјите од Западен Балкан.**

*Билатералните односи со земјите од регионот во изминатиот период ги карактеризираше интензивен политички дијалог на различни нивоа, како и продлабочување на соработката во повеќе области.*

Република Македонија е определена да продолжи да гради добри односи и да развива сестрана соработка со **Република Грција**. РМ е заинтересирана за продолжување на политичкиот дијалог со реализирање на посети на највисоко, високо и работно ниво, за што во повеќе наврати упатени се покани, како и за што поскоро усогласување и потпишување на билатералните договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, за одбегнување на двојното оданочување, како и на спогодбите за научно-техничка соработка, за соработка во здравството, социјалното осигурување и за олеснување за малограничниот режим. Спроведувањето на Програмата за соседство со Р. Грција 2004-2006 придонесе за унапредување на прекуграничната соработка, а програмирана е Оперативната програма за прекугранична соработка во рамките на ИПА. Со цел развивање на пограничната соработка, останува интересот за отворање нови гранични премини кон Р. Грција: Маркова Нога - Герман (во функција на евро-паркот Преспа), Пулевец-Аридеа (со кој би се дефинирал еко-регионот меѓу Кавадарци-Аридеа), Битола-Лерин со ревитализација на железничката пруга којашто во моментот не е во функција и Николиќ-Стар Дојран.

Во врска со разликите за уставното име на земјата, Република Македонија во континуитет покажува конструктивен пристап кон ова прашање во рамките на процесот што се води под покровителство во ОН. Во насока на зајакнување на процесот на разговорите, Министерот за надворешни работи на Република Македонија беше домаќин на средбата на медијаторот на ОН со двајцата преговарачи, одржана во јануари 2008 година во Охрид. Во оваа прилика македонската страна предложи одржување на редовни средби со грчката страна на сите нивоа. Воедно презентираше предлог-текст на Декларација за пријателство и соработка, како и предлог за формирање заедничка образовно-историска комисија. Ниту една од овие иницијативи не беше прифатена од другата преговарачка страна.

На Самитот на НАТО во Букурешт во април 2008, Грција го оневозможи упатувањето покана за членство на Република Македонија во Алијансата. Во ноември 2008, Република Македонија поднесе апликација пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг против Грција заради прекршување на членот 11 од Времената Спогодба[4]. Апликацијата има за цел да ја

[4]да не приговара на пријавата за членство или на членство на Втората страна во меѓународни, мултилатерални и регионални организации и институции, во кои Првата страна е членка; но, Првата страна го задржува правото да приговара на секое горенаведено членство,

заштити Времената спогодба од понатамошни повреди, како меѓународен договор од суштинска важност за нормализацијата на односите со Грција и интегрирањето на Република Македонија во меѓународните организации како врвен приоритет на надворешната политика на земјата. **Предмет на апликацијата не е прашањето за разликите околу името.** Република Македонија останува посветена на процесот на преговорите што се водат под покровителство на ООН во насока на изнаоѓање решение за прашањето за името.

Воспоставените солидни односи и континуиран политички дијалог со **Република Бугарија** и натаму ќе се интензивираат. Освен економската соработка, натаму ќе се развиваат прекуграничната соработка, соработката на планот на одбраната, внатрешните работи, правосудството, транспортот и врските, земјоделството, шумарството и водостопанството, локалната самоуправа, културата, заштитата на животната средина итн. Започнати се активности за уредување на прашањата поврзани со чистењето на теренот, обновувањето и замената на граничните ознаки долж државната граница меѓу РМ и Р.Бугарија. Меѓу двете земји редовно се одржуваат експертски консултации за ЕУ интеграцијата, врз основа на Меморандумот за соработка во европската и евроатлантската интеграција. Новиот тригодишен Меморандум за соработка во овие области беше потпишан за време на политичките консултации на ниво на ЗМНР во Софија, јануари 2008.

Во 2009 година, предвидено е интензивирање на соработката во рамките на Евро-регионите, како и на инфраструктурните проекти од заеднички интерес: железничката пруга Скопје - Софија, автопатот Куманово-Деве Баир - Софија, нафтоводот АМБО и изградбата на трите гранични премини: Берово-Сандански (целосно завршен од македонска страна), Пехчево-Симитли и Делчево-Невестино, согласно потпишаните меѓудржавни спогодби.

Со **Република Албанија** се остваруваат добри и динамични односи, пред сé, на билатерален политички план, а се интензивира и соработката во областа на транспортот, одбраната, безбедноста, царините, културата, образованието и сл. По деветгодишна пауза се одржа состанок на Мешовитата комисија за обележување, одржување и обнова на државната граница меѓу Република Македонија и Република Албанија (27 јануари 2007 год.). Во наредниот период е предвидено склучување на Договор за прекугранична полициска соработка и Договор за железничко поврзување. Двете страни ги усогласија текстовите на Спогодбата за взаемно патувања на граѓаните и Протоколот за регулирање на локалниот пограничен сообраќај на граѓаните во пограничната зона, кои се формализираа за време на официјална посета на претседателот на Владата на Република Македонија г.Груевски на Република Албанија на 18 и 19 февруари 2008. Соработката во размената на искуства во процесот на евроинтеграцијата се одвива врз основа на потпишаниот билатерален Меморандум за разбирање од 17 јуни 2004. Во насока на ефикасно спроведување на одредбите на ССА кои се однесуваат на развивањето на регионалната соработка, иницирана е постапка за склучување на Спогодба за соработка согласно ССА.

Во 2009 година ќе продолжи со работа Заедничкиот македонско-албански комитет за басенот на Охридското езеро, согласно Спогодбата за заштита и одржлив развој на Охридското езеро и неговиот слив од 2004 година.

Во односите со **Република Србија**, во 2008 година се бележи извесна стагнација во политичкиот дијалог меѓу претставниците на двете земји. Односите особено се „замрзнаа“ по одлуката на Владата на РМ за признавање на независноста на Косово, по што уследи протерувањето на македонскиот Амбасадор од Белград .

Иако односите се оценети како добри без отворени прашања, потребно е да се надминат и состојбите во релациите меѓу МПЦ и СПЦ, како и прашањето за превземените обврски од српска страна согласно Договорот за опис и протегање на границата, што се однесуваат на манастирот “Св.Прохор Пчињски“. Во договорната сфера, подолг период нема одговори на нашите предлози за потпишување на Договор за имотно правни односи, Договор за заштита и користење на културно-историските споменици и обележја на териториите на двете држави, Договор за заемно признавање на дипломите, Спогодба за основање на културно - информативни центри во Белград и Скопје и Протокол за користење на воено - медицински здравствени установи во двете земји.

РМ ги поддржува напорите на Србија за побрзо приклучување во европските процеси и во таа насока доставена е иницијатива за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Р.Србија во областа на европската интеграција. Во наредниот период се планира отворање на два нови гранични премини за малограничен промет и тоа Лојане – Миратовац и Огут – Трговиште.

---

доколку во таквите организации или институции на Втората страна и се обраќа поинаку од предвиденото во праграфот 2 од резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 817 (1993)”.

Предвидено е адаптирање на насловот и текстот на „Спогодбата за заштита на македонското национално малцинство во СиЦГ и на српско-црногорското во РМ“, согласно сегашната состојба и што поскоро формирање на комисии, надлежни за спроведување на оваа Спогодба.

РМ ги поддржуваше напорите на меѓународната заедница за финализирање на политичкиот процес за одредување на финалниот статус на **Косово**. Го поддржа предлогот на Специјалниот пратеник на Генералниот секретар на ОН М.Ахтисари како добра основа за статусно решение на линија на основните принципи на Контакт групата. На 09.10.2008 Владата на Република Македонија, по резолуција на Собранието на РМ, ја призна независноста на Република Косово. Претстои склучување договор за воспоставување дипломатски односи меѓу двете земји. По усвојувањето на планот од шест точки на Генералниот секретар. на ООН Бан Ки Мун и распоредувањето на ЕУЛЕКС на територијата на Косово, Република Македонија, внимателно ја следи состојбата на теренот и стои на ставот дека секаква подлеба на Косово по етнички линии може да биде крајно опасна и да доведе до дестабилизација на регионот во целина.

Соработката со Косово/УНМИК бележи постојан подем на сите нивоа, особено по отворањето на Трговско-економско претставништво на Република Македонија во Приштина (септември 2005), односно по подигнувањето на рангот во Канцеларија за врски на РМ во февруари 2006. Во континуитет се зголемува заемната економска соработка, како и соработка во областа на МВР, царината, транспортот и врските. Останува нашиот интерес за потпишување на Договорите за заштита на инвестициите и за одбегнување на двојното оданочување, како и договор за екстрадиција.

Билатералните односи на РМ со **Црна Гора** на сите нивоа се во подем. Досега се потпишани осум билатерални документи за соработка, а во тек се активности за склучување на преостанатите спогодби и договори кои се од заеднички интерес за натамошното развивање на билатералните односи. Генералниот конзулат на РМ во Подгорица започна со своите активности во септември 2005 и со стекнувањето на независноста прерасна во Амбасада. РМ е подготвена да ги пренесе своите искуства во процесот на пристапување во Европската унија на Црна Гора во европските и евроатланските структури и за таа цел за време на првата официјална посета на ПВРМ Никола Груевски на 25.12.2008 на Црна Гора меѓу двете Влади се потпиша Меморандум за соработка во процесот на европските и евроталнтските интеграции. Кон списокот на билатерални договори склучени меѓу двете земји треба да се додадат и Договор за соработка во областа на туризмот, за соработка во заштитата од природни и други катастрофи, протокол за научно-техничка и економска сорабтока во областа на земјоделството, шумарстовото и водостопанството за воздушен сообраќај, исто така потпишани во рамките на оваа посета.

Политичкиот дијалог со **Босна и Херцеговина** ќе продолжи да се одвива со континуирана динамика. Со заокружената договорна рамка се создаваат услови за интензивирање и унапредување на соработката. Усогласени и подготвени за потпишување се Спогодбата за реадмисија, Спогодбата за соработка на полето на образованието и науката, Спогодба за ослободување од двојно оданочување и Спогодбата за соработка во областа на борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволена трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, како и Меморандум за правна и судска соработка.. Република Македонија е решена да ги сподели своите искуства во процесот на интегрирање на БиХ во европските и евроатлантските структури.

Односите и соработката со **Република Хрватска** се во континуиран подем во сите области од заемен интерес, особено поради заедничките стремежи на двете земји кон европските и евроатлантските интегративни процеси. Одржаниот прв состанок на Заедничкот комитет во функција на операционализација на Спогодба за соработка во контекст на приближувањето и пристапувањето во ЕУ во јануари 2007 година дополнително ги зајакнува основите за соработката, особено во процесот на пристапување во ЕУ. Во октомври 2007 во Загреб, склучена е Спогодба за заштита на македонското национално малцинство во Хрватска и хрватското национално малцинство во РМ.

Односите со **Република Турција** се на мошне високо ниво и нив ги карактеризира дух на пријателство и непостоење на отворени или спорни прашања, како и силна определба за натамошно продлабочување на билатералната соработка во повеќе области од заемен интерес. Двете земји имаат заеднички европски приоритети и имаат редовни билатерални консултации и размена на искуства во врска со прашањата од процесот на интегрирање во ЕУ. Турција, во континуитет цврсто го поддржува зачленувањето на РМ во НАТО. При последната официјална посета на МНР Милошоски на Турција (11.11.2008г.), беше потпишана Стратегија за зајакнување на билатералните однбоси меѓу Република Македонија и Република Турција, со којашто се реафирмира заедничката определба за натамошно проширување и зајакнување на партнерството меѓу двете земји, засновано на заеднички цели, интереси и вредности.

**МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ**
Република Македонија ќе продолжи со исполнувањето на меѓународните обврски, пред сé на планот на обезбедувањето целосна соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија по однос на предметите кои веќе се вратени од страна на МКТЈ.

Република Македонија реализираше повеќе подготвителни активности за враќање на предметите од Трибуналот во надлежност на државата и изминатата година четири предмети беа вратени на процесирање во Република Македонија. Согласно Законот за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд, а во соработка со ОБСЕ и меѓународната заедница, ќе продолжи следењето на сите постапки поврзани со предметите остапени од Хашкиот трибунал.

Заради унапредување на стручноста и искуството на судиите и јавните обвинители и нивната подготвеност за решавање на пословени случаи од областа на меѓународното хуманитарно право во текот на 2007 година беа спроведени и поголем број на студиски посети и специјализирани обуки на судиите, јавните обвинители, стручни соработници, припадници на судската администрација, како и вработени од Министерството за правда.

Во текот на 2008 година Владата на РМ усвои Информација за Програмата за имплементација на Статутот на меѓународниот кривичен суд и одредбите на Меѓународното хуманитарно право за компензација на жртвите и лицата лишени од слобода-воени заробеници и интернирани цивили за период 2009-2010 година. Активностите планирани со Програмата за периодот 2009-2010 се спроведуваат. Предвидено е донесување на Статутот на Меѓународниот кривичен суд во законодавството на РМ.

## II ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

## I. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

### МАКРОЕКОНОМСКА СТАБИЛНОСТ

Во 2009 година, ќе продолжи да се применува стратегијата на „де факто" фиксен девизен курс, заради одржување на ценовната стабилност како крајна монетарна цел. Имајќи ги предвид очекувањата за намалена надворешна побарувачка за домашни производи и намалени финансиски приливи од странство во економијата со оглед на глобалната економска криза, најголем и најсериозен предизвик пред монетарната политика во 2009 година се очекува да биде стабилизирањето на движењата на девизниот пазар. Одржувањето на стабилноста на девизниот курс претставува посредна цел на монетарната политика и основен предуслов за одржување стабилна и ниска инфлација и инфлациски очекувања, поради што сите мерки и инструменти на монетарната политика ќе бидат ставени во функција на овие цели.

### Инфлација

Во 2009 година главно се очекува стабилизирање на инфлацијата, на ниво што е вообичаено за македонската економија, пред појавата на шокот со растот на светските цени на храната и нафтата од крајот на 2007 година и почетокот на 2008 година. Во прилог на ваквите очекувања се и домашните и надворешните услови. Од аспект на домашните фактори, очекувањата за забавување на личната потрошувачка, согласно со очекувањата за постепено забавување на кредитите на населението и неизвесната динамика на приватните трансфери, се смета дека ќе придонесат за намалување на притисоците од агрегатната побарувачка. Дополнително влијание во правец на забавување на инфлацијата во следниот период се очекува да имаат и движењата на страната на понудата, согласно со очекуваното намалување на притисоците од увозните врз домашните цени (намалени и стабилни цени на нафтата и стабилизирање на цените на храната).

Имајќи ги предвид ваквите очекувања, **просечната стапка на инфлација** во 2009 година се очекува да се движи од 2,2% до 3,4%. Варијациите на инфлацијата главно ќе зависат од движењата на цените на храната, како нејзина доминантна компонента. Доколку цените на храната останат релативно стабилни, на што упатуваат најголем дел од светските прогнози и движењата на пазарите на фјучерси, просечната инфлација би била поблиску до долната граница на интервалот. Во спротивен случај, доколку цените на храната сепак продолжат умерено да растат, тогаш просечната инфлација би била поблиску до горната граница на интервалот.

### Економска активност

Проекциите за растот на домашната економија во 2009 година, во голема мера, се условени од очекувањата за времетраењето на глобалната рецесија и остримата на последиците што таа може да ги произведе врз економиите коишто не се директно зафатени од рецесијата.

Економскиот раст во 2009 година главно се очекува да продолжи, но со забавена динамика, пред се под влијание на забавувањето на економската активност во глобални рамки. Анализирано од производната страна на БДП, растот во 2009 година се очекува да биде предизвикан од оние сектори во економијата коишто се помалку директно, или се индиректно погодени од глобалната економска криза. Станува збор за градежништвото (чијшто раст се очекува да биде поттикнат преку изведба на инфраструктурни инвестициски проекти финансирани од страна на јавниот сектор) и земјоделството (согласно со стимулативната аграрна политика). Во рамки на услужниот сектор, може да се очекува задржување на стабилни стапки на раст кај финансиското посредување и телекомуникацискиот сектор, а од друга страна забавување на растот во трговијата, заради очекувањата за намалување на личната потрошувачка. Кај индустријата, во 2009 година може да се очекува скромна стапка на раст, главно условена од очекуваниот раст во прехранбената индустрија и производителите на интермедијарни производи (хемиска индустрија, производи од гума и пластични маси, производство на нафтени деривати, производи од неметални минерали), којшто се очекува, во значајна мера, да биде неутрализиран од страна на неповолните остварувања од гранките што се директно погодени од глобалната економска криза (металната и металопреработувачката индустрија, рударството, текстилната индустрија). Анализирано од аспект на расходните агрегати, во 2009 година може да се очекува намален позитивен придонес на личната и инвестициската потрошувачка, при истовремен намален негативен придонес од страна на размената со странство, со оглед на очекувањата за намален увоз. Генерално, применуваните пристапи (вклучително и пристапот што го вклучува ефектот од намалената надворешна побарувачка од страна на најзначајните трговски партнери), упатуваат на раст на БДП во 2009 година од 3% до 4,4%, што е во рамки на интервалот на проекциите за БДП од други институции.

### Надворешен сектор

Во 2009 година, во проекциите на **билансот на плаќања** се очекува остварување на дефицит во тековната сметка од 10,5% од БДП, што претставува намалување на негативниот јаз (за околу 4 процентни поени во споредба со 2008 година). Ваквата динамика на тековните трансакции, во услови на намалување на учеството на нето-приливите од приватни

трансфери во БДП (од 14,4% од БДП во 2008 на 13,8% од БДП во 2009 година) заради очекуваното забавување на развиените економии, отсликува очекувано намалување на трговскиот дефицит. Имено, во 2009 година се очекува движењата во размената со странство да бидат под влијание на светската глобална рецесија, којашто негативно се одразува на реалниот сектор (се претпоставува забавен раст на домашната економија), намалената домашна и странска побарувачка, но и подобрени услови на размена (главно поради падот на светските цени на нафтата, и покрај падот на цените на металите). Следствено, се очекува увозот на стоки да оствари мал пад на годишна основа од 2,5%. Притоа, имајќи ја предвид увозно-извозната зависност на македонската економија, се очекува и значително забавување на годишниот пораст на извозот на стоки (2,3%).

Сепак, во следните години, се очекува постепено подобрување на движењата во платниот биланс, во насока на стабилизирање на условите на размена, преку намалување и нормализирање на нивото на светските цени на енергентите. Истовремено, треба да се има предвид дека иако директните инвестиции во почетната фаза условија зголемен увоз на опрема, со одредено временско задоцнување се очекуваат нивните позитивни ефекти на страната на извозот. Воедно, на капитално финансиската сметка, може да се очекуваат и зголемени приливи врз основа на реализираната либерализација на трансакциите со недвижен имот. Следствено, дефицитот на тековната сметка на среден рок се очекува постепено да се намалува.

**Јавни финансии**

Врз основи на ревидираните фискалните проекции за наредниот среднорочен период во истите инкорпорирани се ефектите од глобалната економска криза, (во Буџетот за 2009 година истите не се опфатени) како и фискалните ефекти од превземените мерки со цел заштита на македонската економија. Вака утврдените проекции за наредниот среднорочен период се базираат на неколку основни постулати:

- одржување на макроекономската стабилност и поттикнување на одржливи стапки на пораст од 5-6% на БДП;
- фискално прилагодување кое ќе резултира со одржување на ниско и контролирано ниво на фискален дефицит и ниско ниво на јавниот долг;
- проектирање на оптимално ниво на приходи во кои се вклучени и ефектите од пакетот на превентивните мерки за помош на македонската економија и ублажување на последиците од светската криза и рецесија;
- проектирање на расходи кои ќе обезбедат рационално и наменско користење на средствата и зголемени инвестициони вложувања во патната и железничката инфраструктура, како фискално стимулирање на економскиот развој

Буџетот на Република Македонија во наредниот среднорочен период се карактеризира со контролирано ниво на дефицит од 2,8% во однос на планираниот бруто домашен производ, кој во себе го вклучува дефицитот на Централниот буџет и буџетот на Агенцијата за државни патишта. Дефицитот на Централниот буџет во периодот 2009-2011 година е планиран на ниво од околу 2% -2,4% од планираниот БДП (вклучувајќи ги и повлекувањата на кредитите на буџетските корисници на сопствените сметки од околу 0,7% од БДП). Планираниот дефицит на Буџетот на Република Македонија во наредниот среднорочен период ќе се финансира од домашни извори преку континуирани емисии на државни хартии од вредност и обврзници, користење на депозитите на државата и евентуално преку странско задолжување (кредити од Светска банка и кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти). Странското задолжување како извор на финансирање ќе го користат буџетските корисници за конкретни инфраструктурни проекти.

**СЛОБОДНО ВЗАЕМНО ДЕЈСТВО НА ПАЗАРНИТЕ СИЛИ (ПРИВАТИЗАЦИЈА)**

Економските активности во земјата се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката. Во 2007 година во процес на приватизација беа две друштва од ЈП Македонски железници. За едно од нив, Ремонт на пруги и нискоградба ДООЕЛ - Скопје, постапката заврши успешно со продажба на странски инвеститор, а за другото, Друштво Фабрика за шински возила ДООЕЛ - Велес, постапката за продажба на државниот капитал продолжува. ЈП Македонски железници претрпе значителен процес на преструктуирање, при што извршена е поделба на две нови претпријатија и тоа: Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници – Скопје и Акционерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД - Скопје. Процесот на Реформи на ЈП Македонски железници покрај донесувањето на законската и подзаконската регулатива, опфаќаше и изработка три студии, финансирани од Светската банка. Почетокот на 2009 година ќе значи и имплементација на резултатите од двете студии, кои се однесуваат на: плаќање на пристап на железничката инфраструктура и плаќање на обврските за услуги од јавен интерес (за патничкиот сообраќај), како и завршување на третата студија која се однесува на намалување на трошоците и зголемување на продуктивноста, за двете новоформирани компании.

Во рамките на мерките на Владата за справување со глобалната економска криза, донесен е закон за конверзија на побарувањата на државата во траен влог во ЕМО АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и

Еурокомпозит АД Прилеп, друштва со доминантна државна сопственост. Целта на оваа мерка е наведените компании да бидат поатрактивни за заинтересирани сериозни инвеститори, со тоа што истите ќе се ослободат од товарот на преголеми обврски, и ќе се зголеми веќе постојното учество на државниот капитал (освен за Еурокомпозит АД Прилеп, кое е 100% во државна сопственост) кој би било предмет на продажба.

**НЕПОСТОЕЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ БАРИЕРИ ЗА ВЛЕЗ (ОТВОРАЊЕ НА НОВИ ФИРМИ) И ИЗЛЕЗ ОД ПАЗАРОТ (СТЕЧАЈ, ЛИКВИДАЦИЈА)**

**Влез на пазарот**

Еден од основните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија е подобрувањето на бизнис климата. Тоа претставува процес во кој земјата треба континуирано да ја подобрува правната рамка во која се одвива бизнисот, капацитетот на регулаторните тела кои го следат пазарот и да ги развива институциите преку кои бизнис заедницата ги исполнува своите законски обврски на обелоденување и преку кои таа комуницира со јавниот сектор. Сето претходно мора истовремено да се води на начин кој е во согласност со правото на Европската Унија. Тоа особено се однесува на хармонизирање на националното право со правото на ЕУ во областа на трговските друштва и корпоративното управување, едношалтерскиот систем, сметководството и ревизијата.

Создавање на хармонизирана правна рамка со Европското acquis во едношалтерскиот систем и трговските друштва е клучно за воспоставување на основите на водење на конкурентен бизнис во земјата. Република Македонија е меѓу првите земјите во светот по брзина на регистрација на трговски друштва (4 часа) и има целосна електронска поврзаност на сите вклучени институции во постапката за регистрација на бизнис. Капацитетот на Република Македонија за електронско администрирање на податоци кои се предмет на обелоденување од страна на бизнис секторот согласно важечките прописи е развиен. Со процесот на регистрација на трговските субјекти и управувањето со едношалтерскиот систем преку базата на податоци за единствениот трговски регистар и другите регистри управува Централниот Регистар. Оваа институција е надлежна за регистрацијата и уписот на податоците во трговскиот регистар за трговските субјекти во електронска форма. Во 2008 година се оствари целта за развивање на софтвер за електронско поднесување годишни сметки и се воспостави почетното техничко технолошко ниво на ЦРМ за идна имплементација на XBRL стандардот во однос на годишните сметки. Подготвени се повеќе клучни проекти согласно програмата за развој на Централен регистар на Република Македонија коишто треба да реализираат во текот на 2009-2010 година. Сите овие проекти се опфатени со заедничкиот назив „Развој на едношалтерски систем – фаза 2“ и нивната имплементација е во тек. Имплементацијата на „Развој на едношалтерскиот систем – фаза 2“ е во тек и опфаќа проекти за понатамошно унапредување на влезот и излезот од пазарот. Активностите во следниот период ќе бидат фокусирани на воспоставување:

1. Е- регистрација - електронски систем за регистрација на трговски друштва и други правни лица
2. E-bankruptcy/E-liquidation/Blacklisted directors - електронски систем за регистрирање на сите фази на стечајот и ликвидацијата и за црна листа на директори
3. E-integration - Интеграција на Агенцијата за вработување, ПИОМ и Фондот за здравство во едношалтерскиот систем
4. Disaster recovery system (Скопје/Штип) - Систем за спас на базите на податоци на Централниот Регистар на Република Македонија
5. “XBRL” Стратегија -Стратегија за стандардизирање на електронската размена на финансиски и бизнис информации и податоци во Република Македонија
6. E-leasing/E-pledge - електронски систем за поднесување документи во регистарот за лизинг и заложниот регистар

Со имплементирање на овие активности се очекува целосна електронска услуга при отварање на компании, а со тоа и дополнително забрзување како и олеснување на процедурата.

**Регулаторна гилотина**

Во рамки на активностите за реализација на проектот „Регулаторна гилотина“, до Владата на Република Македонија беа поднесени три сета на препораки и истите беа усвоени.

Препораките беа во насока на поедноставување и намалување на административните процедури, документација, надоместоци и рокови, како и за отстранување на непотребните, односно неусогласени прописи од правниот поредок на Република Македонија, кои датираат од поранешна СФРЈ и СРМ или за нивна замена. Листа од 2000 прописи (закони и подзаконски акти) беа разгледани и ревидирани, прво од страна на владините институции, а потоа од страна на деловната заедница која достави повеќе од 900 предлози, а на крај конечните препораки беа подготвени од страна на Секторот за регулаторна реформа со поддршка на независни експерти. Трите сета на препораки опфаќаат измена или дополнување на 545 прописи од кои 64 се закони а 481 подзаконски акти. До сега се реализирани 39 закони и 382 подзаконски акти.
Регулаторната гилотина претставува континуиран процес со кој Владата на Република Македонија продолжува со реформите во насока на подобрување на бизнис климата и олеснување на процесот на водење на бизнис.

**Проценка на влијанието на регулативата**
Правната рамка за Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) се донесе во февруари и март 2008 година преку: Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, Методологија за проценка на влијанието на регулативата и Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијанието на регулативата.

Имплементацијата на ПВР методологијата ќе се одвива во две фази, пробна ПВР и целосна ПВР, во согласност со најдобрите ЕУ практики. Овој процес ќе опфаќа редовни консултации меѓу јавниот и приватниот сектор и примена на Единствениот национален електронски регистар. Систематскиот мониторинг и проценка на квалитетот на новите прописи постепено ќе го зголемува својот делокруг. Секторот за регулаторна реформа има ангажирано консултанти преку проектот BERIS на Светската банка и проектот EAR/GOFRE за да обезбедат техничка поддршка на ПВР процесот, а исто така обезбедена е и поддршка од страна на USAID за подготовка на Националниот електронски регистар и за редуцирање на формалностите.

Законската обврска  за сите министерства за спроведување на ПВР стапи на сила на 01.01.2009 година. Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) во оваа фаза ги опфаќа сите Закони освен Законите кои се носат по итна постапка.

**Излез од пазарот**
Заклучно со јуни 2008 година беше интензивно спроведувана новата правна рамка за стечај од лиценцираните стечајни управници, Комората на стечајните управници, комитетот за стечај. Намалувањето на заостанатите стечајни предмети покажува дека превземените реформи покажуваат резултати и се намалува времетраењето на стечајните постапки со што се обезбедува брз и лесен излез од пазарот.

**СООДВЕТЕН ПРАВЕН СИСТЕМ (РЕГУЛИРАЊЕ НА ИМОТНИ ПРАВА, СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ДОГОВОРИТЕ, И ЕФЕКТИВНОСТ НА СУДСКИОТ СИСТЕМ ВО ВРСКА СО ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА)**

**Регулирање на имотни права**
Согласно годишната програма за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за 2008 година, до крајот на 2008 година  се воспостави Катастар на недвижности на повеќе 82% од територијата на Република Македонија. До крајот на 2009 година, предвидена е 100% покриеност на територијата на Република Македонија со Катастар на недвижности.
Во истата насока,  подобрување на катастарските услуги и регулирањето на имотните права со цел подобрување на деловното опкружување, предвидени се следните активности за 2009 година:
- Ролл- оут на е-катастар за сите подрачни одделенија низ РМ во текот на 2009 година;
- Комплетирање на ГНСС мрежата на целата територија на РМ  до крајот на 2009 година;
- Конверзија и векторизација на геодетските планови – до крајот  на 2010 година ;
- Размена на податоци со партнерски институции до првиот квартал од 2009 година;
- Преземање на интабулационите книги од судовите до крајот на третиот квартал од 2008 година; - да се брише реализирано е од страна на АКН
- Преземање на регистарот за просторни единици крајот на вториот квартал на 2009 година;
- E-store(Internet) до крајот на  крајот на 2009 година.

Среднорочни планирани активности:
- Имплементација на  централизиран катастарски систем до крајот на 2010 година;
- Развој и интегрирање на ERP систем до крајот на 2010 година;
- Физибилити студија за развој на НИПП ( Национална инфраструктура на просторни податоци) до крајот на 2010 година.

Претстојните активности за зајакнување на независноста на судството и подобрување во извршувањето на судската функција ќе бидат насочени кон спроведување на правните решенија, кои обезбедуваат не само независност, туку и одговорност при извршувањето на функцијата, како и зголемување на квалитетот и процена на основите за промовирање на истата. Всушност, во наредниот период продолжуваат веќе започнатите реформски активности.

**Спроведување на законите и договорите**
Со цел да се обезбеди континуитет на судската реформа, ќе се продолжи со имплементација на Законот за судови и Законот за судски совет, примена на Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите со кои се врши квантитативно и квалитативно оценување на работата на судиите и ќе се пристапи кон донесување на Закон за плати на члековите на Судскиот совет.

Понатаму следи имплементација и примена на новиот Закон за судови, финализирање на градежните работи за реновирање на Основните судови и имплементација на Законот за судска служба.

Во 2009 година, се очекува да отпочне со имплементација ИПА проект - Поддршка за подобро, поефективно и помодерно функционирање на Управниот Суд. Активностите од проектот ќе придонесат за поефикасно решавање на управните спорови, подобрување на капацитетите со човечки ресурси во Управниот Суд и нивна обука, подобрување во делот на менаџирање со случаите и нивната евиденција како и подобрување на компјутерскиот систем.

Во насока на унапредување на медијацијата ќе се продолжи со следење и подобрување на законската и подзаконската регулатива, унапредување на системот преку донесување на нов Закон за медијација со кој ќе се обезбеди проширување на полето на медијација, во однос на примената на спорните односи, за брзо и економично решавање на споровите заради остварување на заедничките интереси на станите. Во текот на 2009 и 2010 година ќе се зајакне организацијата на Комората на медијатори и функционирањето на медијацијата преку активности за подобрување на нејзината имплементација во пракса, информирање на граѓаните од страна на судот или други овластени правосудни органи во текот на првостепената постапка пред суд, за можноста за решавање на спорот по пат на медијација, зајакнување на капацитетите на медијаторите за постапување по предметите за медијација, преку развивање на програма за континуирана едукација, како и организирање на обуки, семинари и студиски посети.

**ДОВОЛНО РАЗВИЕН ФИНСНИСКИ СЕКТОР**

Глобалната финансиска криза, којашто ги потресува развиените економии, нема директни последици врз домашниот финансиски систем. Релативно малиот степен на интеграција на финансискиот систем на Република Македонија во глобалните финансиски текови, претежната ориентираниот кон работењето со домашни субјекти и отсуството на сложени структурирани производи во активностите на домашните финансиски институции, беа главните фактори коишто придонесоа тој да не почувствува  негативни последици од изразените турбуленции на светските финансиски пазари. Сепак, движењата во светската економија во втората половина од 2007 година и почетокот од 2008 година, имаа негативно влијание врз движењето на одредени домашни макроекономски варијабли, што во услови на зголемена конкуренција, ги заостри условите во деловното опкружување на поодделните сегменти на финансискиот систем.

**Банкарски систем**

Банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваат седумнаесет приватни банки, една банка во државна сопственост со специфични функции и единаесет штедилници (состојба на 31.12.2008 година).

Улогата на банкарскиот сектор како финансиски посредник континуирано јакне, пред сѐ како резултат на повисоката стапка на раст на активата на банките во однос на годишната стапка на пораст на БДП. На 30.09.2008 година нивото на финансиското посредување на банкарскиот систем, мерено како соодност на вкупната актива, бруто кредитите и вкупните депозити со БДП достигна 71,6%, 45,3% и 51,9% соодветно[5] (30.09.2007 година: 66,5%, 37,2% и 47,6%, соодветно[6]).

Заклучно со 30.09.2008 година, вкупната актива на банките во РМ изнесува 253 милијарди денари.

На 30.09.2008, депозитната база на банките достигна износ од 184 милијарди денари и се зголеми за 14,6% во однос на 31.12.2007 година. Домашните депозити на нефинансиските лица претставуваат главниот извор од каде банките ги финансираат своите активности. Учеството на  девизните позајмици и депозити од странски банки изнесува 7,4% во вкупните обврски на банкарскиот систем.

Во првите три квартали од 2008 година, банкарскиот сектор оствари добивка во купен износ од 3,4 милијарди денари. Стапката на поврат на активата (РОАА) изнесува 1,9% а стапката на поврат на капиталот (РОАЕ) 16,5%.

Во третиот квартал од 2008 година, се забележуваат знаци на забавување на динамичниот раст на кредитирањето, кој беше карактеристичен за минатите квартали.  На 30.09.2008 година, вкупните кредити на нефинансиските субјекти изнесуваат 160,2 милијарди денари и во споредба со 30.06.2008 година забележаа квартален раст од 11 милијарди денари, односно за 7,4%. На годишна основа, вкупните кредити се зголемија за 44,6 милијарди денари, односно за 38,5%. Овие стапки на раст се пониски за 2,7 и 2,6 процентни поени, соодветно, во споредба со 30.09.2007 година.

Во насока на ублажување на зголемените макроекономски ризици во домашната економија и одржување на монетарната и на финансиската стабилност, во текот на 2008 година, НБРМ направи одредени промени во поставеноста на

[5] Показателите за финансиско посредување за крајот на третиот квартал од 2008 година се пресметани со БДП за 2007 година (претходен податок).
[6] Показателите за финансиско посредување за крајот на третиот квартал од 2007 година се пресметани со БДП за 2006 година.

инструментите на монетарната политика и презеде одредени мерки од макропрудентен карактер. Така како реакција на глобалните движења, Народна банка веќе презеде превентивни мерки за ограничување на евентуалните ризици во банкарскиот сектор, меѓу кои спаѓаат:

- неколкукратно зголемување на каматната стапка на благајничките записи;
- заострување на третманот на побарувањата врз основа на кредитни картички и негативни салда по тековни сметки при пресметка на коефициентот на адекватност на капиталот;
- обврска банките да одржуваат одредено минимално ниво на ликвидни средства за покривање на своите обврски коишто достасуваат во наредните 30 и 180 дена;
- обврска за издвојување задолжителен депозит кај Народната банка доколку состојбата на кредитите на населението ја надмине предвидената стапка на раст за секој подинечен месец;
- можност банките да ги чуваат девизните депозити кај Народната банка на Република Македонија;
- обврска изложеноста на домашните банки кон странските првокласни банки да се вклучува во пресметката на лимитите на изложеност во полн износ, а не како досега, само 20% од износот;
- определување на видот на хартии од вредност коишто овластените банки можат да ги купуваат и да ги продаваат во странство и др.

**Систем на Осигурување**

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 12 друштва за осигурување, 8 осигурителни брокерски друштва и 3 друштва за застапување во осигурување.

Според податоците на друштвата за осигурување за третиот квартал од 2008 година вкупниот акционерски капитал на друштвата за осигурување изнесува околу 2,326 милиони денари. Капиталот на друштвата за осигурување на живот е 228 милиони денари. Од аспект на сопственичката структура на друштвата за осигурување доминираат странски правни лица со 76,23%, додека државниот капитал учествува со 5,3%. Во 11 друштва за осигурување доминантен е странскиот капитал, а 6 друштва се во целосна сопственост на странски правни лица.

Бруто полисираната премија во рамки на групата на неживотно осигурување, во периодот 1.1.2008 - 30.9.2008 година изнесува 4.481 милиони денари и во споредба со истиот период минатата година бележи пораст од 5%.
И понатаму, во рамките на неживотното осигурување, доминантно е учеството на осигурувањето на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети причинети на трети лица (осигурување од автомобилска одговорност) во бруто полисираната премија со 54,4%. Кај оваа класа на осигурување е забележливо што за разлика од истиот период претходната година кога над половина од вкупниот износ на бруто полисирана премија во оваа класа на осигурување припаѓал на две друштва за осигурување, во првите три квартала од тековната година е забележителен пробивот на „новите” друштва за осигурување, основани во периодот по 2002 година.

Треба да се истакне и фактот што кај имотните осигурувања е забележан значителен пад на бруто полисираната премија во наведениот период споредено со истиот период минатата година, и тоа од 26,8%, односно 737.264 илјади денари за првите три квартали од 2008 година, споредено со 1.007.367 илјади денари за истиот период 2007 година. Ова најверојатно се должи на заострената конкуренција на пазарот на осигурување и пад на премијата.

Бруто полисираната премија во рамки на групата на осигурување на живот, во периодот 1.1.2008 - 30.9.2008 година изнесува 170.806 илјади денари и во споредба со истиот период минатата година бележи пораст од 37% (трет квартал 2007 година 124.616 илјади денари).

Во текот на првите три квартали од 2008 година супервизијата функционираше во рамките на Секторот за финансиски систем, согласно со внатрешните акти за организација и систематизација на работни места на Министерството за финансии. Во најголемиот број случаи, согласно членовите 159 и 160 од Законот за супервизија на осигурување, Министерството за финансии ја вршеше супервизијата над субјектите на пазарот, со цел да утврди дали истите вршат работи на осигурување согласно законите и другите прописи со кои се регулира дејноста. Притоа, во случаите каде што се констатирани незаконитости беа изречени мерки на супервизија, со цел во рамките на законските надлежности превентивно да се влијае на одржување на финансиски стабилно работење во иднина и придржување до законските одредби во управувањето со ризиците кај друштвата за осигурување.

**Пазар на капитал**

Вкупниот број на овластени учесници на пазарот на капитал во Република Македонија кои вршат услуги со хартии од вредност изнесува 28.

Во периодот Јануари - Јуни 2008 година, прометот остварен на Македонската Берза изнесуваше околу 4,47 милијарди

денари или 73,28 милиони евра, што споредено со истиот период во 2007 година претставува намалување од 68,90%. Прометот со акции изнесуваше 4,03 милијарди денари или околу 66,2 милиони евра и споредено со истиот период во 2007 година претставува намалување од 70,36%, додека прометот со обврзници издадени од страна на Република Македонија изнесува 432,06 милиони денари или 7,08 милиони евра што споредено со истиот период во 2007 година претставува намалување од 42,35%.

Заклучно со 31.10.2008 година на Македонската берза котираа 38 компании, а вкупната пазарна капитализација во истиот период изнесуваше 155,5 милијарди денари. Македонскиот берзански индекс (МБИ-10) изнесуваше 3002,2 денари или околу 49,2 евра.

Ваквите негативни трендови во областа на пазарот на капитал во Република Македонија, главно се резултат на глобалната финансиска криза, но истовремено се должат и на негативните психолошкиот ефекти кај инвеститорите, што услови воздржаност на инвеститорите од вложување во хартии од вредност, но и продавање на истите заради избегнување на потенцијални капитални загуби.

Заклучно со 31.10.2008 година, просечното учество на странски инвеститори во прометот остварен при купување на Македонската Берза изнесуваше 7,29%, додека нивното просечно учество во прометот остварен при продавање на Македонската Берза изнесуваше 68,61%.

Причина за ваквото повлекување на странските инвеститори се проблемите со ликвидност кои се појавија како што кризата земаше замав во нивните матични земји.

Во моментот на пазарот на капитал во Република Македонија функционираат три друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со осум отворени инвестициски фондови. Од вкупно осум отворени инвестициски фондови, три се веќе активни, а пет се во фаза на прибирање на средства. Исто така, Комисијата за хартии од вредност има регистрирано 14 приватни инвестициски фондови управувани од страна на 9 друштва за управување со приватни инвестициски фондови.

**Предизвици пред банкарскиот сектор**
Во 2009 година Банкарскиот сектор и Народната банка се наоѓаат пред неколку предизвици. Едниот од нив е задржување на стабилноста и сигурноста на системот и справување со евентуалните потешкотии како последица на екстерни фактори (евентуални последици од меѓународната финансиска криза врз реалниот сектор, а оттука и врз финансискиот сектор).

Другиот предизвик, кој е исто така многу значаен, е успешна имплементација на новата регулативна рамка. Имено, Народната банка, во согласност со барањата од новиот Закон за банките, изготви речиси целосно нова подзаконска регулативна рамка за банките, во која во голема мера се имплементирани меѓународните практики и стандарди. Истовремено, беше донесена и нова сметководствена рамка за банките која е во линија со ИФРС. Имплементацијата на целокупната нова регулатива започнува со почетокот на 2009 година.

Следен важен чекор е имплементацијата на новата капитална спогодба. Еден од главните предизвици за НБРМ, при имплементирањето на Базел II, е обезбедувањето на соодветна рамнотежа меѓу трите основни компоненти на оваа обемна регулативна рамка, обезбедување на потребно ниво на капитализираност на банките, зајакнување на системите за управување со ризици и зголемување на нивната ефикасност.

Во 2009 година ќе биде донесен Закон за дополнителна супервизија на финансиски конгломерати. Законот ќе наметне нови стандарди и обврски за финансиските институции, но и за супервизорските тела, вклучително и Народна банка на Република Македонија.

Либерализацијата на пазарот, преку можноста за влез на филијали на странски банки, е добра основа за поголеми раздвижувања во банкарскиот сектор. Исто така, банкарскиот сектор ќе треба соодветно да се подготви за предизвиците што ги носи идната либерализација на капиталната сметка на билансот на плаќања

**Предизвици пред осигурителниот сектор**
Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на РМ" бр. 79/07) со цел подобрување на супервизорската функција, изградба на стабилен и одржлив систем на осигурување и поголема сигурност на осигурениците во услугите на осигурување на пазарот во РМ предвидено е основање на Агенција за супервизија на осигурување, како независен осигурителен супервизорски орган. Агенцијата ќе биде надлежна за спроведување на супервизија и изрекување на супервизорски мерки, прекршочни мерки, како и изготвување и донесување на подзаконска регулатива на пазарот на осигурување во Република Македонија со цел воспоставување на единствен

начин на известување на субјектите на пазарот кој ќе овозможи компаративна анализа во рамки на финансискиот систем во земјата, но и со странство.

За таа цел меѓуресорна работна група со претставници од Министерството за финансии, МАПАС, НБРМ и приватниот сектор донесе Акционен план за реорганизирање на супервизијата на осигурување. Согласно планот предвидено е Агенцијата да се основа со средства од Буџетот на РМ за 2009 година, а Министерството за финансии да ги спроведе сите подготвителни активности кои се однесуваат на кадровско, организационо и техничко воспоставување на Агенцијата.

На краток рок, е предвидено Агенцијата да ги заврши сите предмети кои се отпочнати пред Министерството за финансии согласно Законот за супервизија на осигурување и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, да изготви и донесе подзаконски акти кои се однесуваат на управувањето со ризици кај друштвата за осигурување, финансиското известување и сметководството кај друштвата за осигурување, постапките на добивање на дозволи и согласности и другите подзаконски акти со кои треба да се регулира работата на Агенцијата.

Агенцијата ќе изготви и ќе донесе план за набавки на хардвер и софтвер согласно обезбедените средства од Буџетот и одобрените средства од техничка помош. Истите ќе одговараат на потребите на супервизорскиот орган.
Агенцијата ќе донесе план за обуки и стручно усовршување на вработените и истиот ќе го реализира согласно одобрените финансиски средства.

Агенцијата за своето работење ќе ја информира јавноста на посебно креирана веб страница, а на крајот на годината ќе поднесе извештај за својата работа и за состојбите и промените на пазарот на осигурување во РМ.
Агенцијата согласно законот ќе соработува со други домашни и странски супервизорски тела и органи.

На пазарот на осигурување се очекува понатамошно развивање на услугите на осигурување на живот, како и услугите кои ќе ги нуди третиот столб од реформираниот пензиски систем.

Се очекува да се развива и интересот на земјоделците да се осигураат од природни непогоди, особено по стимулативните мерки кои ги презеде Владата на РМ да учествува во плаќањето на премијата од 30%.

Од друга страна, во иднина се очекува дека ќе се подобрува и квалитетот на корпоративното управување со друштвата за осигурување и користење на придобивките на долг рок од трансарентното работење и обелоденувањето на податоци на пазарот.

На среден рок е предвидено понатамошно усогласување на домашната законската рамка со правните акти на ЕУ кои се однесуваат на осигурителни групи, финансиски конгломерати, известување на консолидирана основа и концептот на Солвентност 2 за супервизија базирана на ризици.

Во согласност со предвидените приоритети за измена на регулативата, ќе се димензионираат и соодветните приоритети институционално подобрување на работењето на супервизорскиот орган, и разгледување на алтернативи за интегрирање на супервизорските органи на финансискиот пазар во РМ.

# II. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

## ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

### Вработување

Иако повисокиот економски раст и пофлексибилното трудово законодавство ги подобрија резултатите на пазарот на труд, сеуште постои значаен простор за напредување. Вработеноста во формалниот сектор останува на релативно ниско ниво, а невработеноста и понатаму е висока. Според тоа, клучниот елемент на економските политики останува да биде понатамошно подобрување на условите за забрзување на растот и зголемување на вработеноста.

Со цел создавање на повеќе работни места, модернизирање на пазарот на трудот и овозможување на пристојна работа, се промовира концептот на флексигурноста, преку овозможување флексибилност на пазарот на трудот, организацијата на работата и работните односи од една страна и сигурноста на вработувањето и приходите, од друга страна. Тоа значи дека Владата се определи за комбинација на флексибилни договори за вработување, промоција на доживотното учење, ефективни активни политики на пазарот на трудот и модернизација на системот на социјална заштита. Несомнено најважната институција на пазарот на трудот е Агенцијата за вработување на Република Македонија, која во текот на 2007 и 2008 година продолжи со зајакнување на сопствените капацитети и понатамошна модернизација.

Заради подобрување на политиките на пазарот на трудот и овозможување поквалитетни услуги за работодавачите редовна активност на Агенцијата за вработување на РМ стана истражувањето и анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот.

Во истата насока активностите кои се преземаат со CARDS проектот „ техничка поддршка за политиката за вработување - 3 фаза" е зајакнување на капацитетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, преку развивање на модел на услуги, помош за изработка на локални акциони планови за вработување, спроведување на обуки од среднорочниот план за обука итн. во наредниот период предвидено е:

- изготвување на Национална реформска програма, врз основа на Европските насоки за раст и работни места;
- изработка и имплементација на Оперативниот план за активни политики и мерки за вработување за 2009 година;
- подготовка на локални акциони планови за вработување, согласно веќе воспоставената практика на креирање акциони планови за вработување на национално ниво, како и Европските насоки и искуства во оваа област;
- натамошно зголемување на капацитетот на АВРМ, доекипирање и техничко доекипирање на Агенцијата и локалните Центри за вработување;
- реализирање на промотивни активности (брошури, флаери, веб информации и сл.), во насока на поголемо доближување на АВРМ до своите клиенти, преку промовирање на услугите, презентирање на потребните информации, како и на остварените резултати во работењето и имплементацијата на мерките на пазарот на труд;
- одржување на обуки, семинари и други активности за подобрување на знаењата и вештините на стручните лица, во поглед на креирањето на политиките за вработување и стратешките документи, евалуација на резултатите од нивно спроведување, како и во поглед на функционирањето и администрирањето на програмите поддржани од Европскиот социјален фонд
- изработка на софтверско решение што ќе овозможи, преку web портал, работодавачите од приватниот сектор да можат по електронски пат да извршат засновање или престанок на работниот однос со работниците;
- обуки на вработените во МТСП и АВРМ во врска со политиката, мрежата и оперативната структура, како и практично работење на ЕУРЕС (Европски сервиси за вработување - портал што овозможува поврзување на луѓето што бараат работа и работодавците од ЕУ), обука за подготовка на проекти за пазарот на труд и обука за управување со грантови шеми;
- дополнителни три обуки, од кои првата се однесува на видовите на информации за вработување на пазарот на труд, втората обука е за мониторинг и евалуација на активните мерки на пазарот на труд и службите за вработување и третата обука е за работата и улогата на Европскиот социјален фонд.

**Образование**

Наследените недостатоци во областа на формалното и неформалното образование, преку кое се создава и зголемува човечкиот капитал, претставуваат еден од клучните фактори на страната на понудата на работна сила за високата стапка на невработеност. Сепак во изминатите две години беа преземени значителни реформи за подобрување на квалитетот на образованието, како и негово подобро поврзување со пазарот на труд. Дополнително, некои од преземените мерки се значајни и како мерки за намалување на социјалната исклученост на ранливи групи на население. Реформите во образованието како и неговото поврзување со потребите на пазарот на трудот ќе продолжат со следните активности:

- Подготовка на Предлог на Закон за основање на Државен Испитен Центар. Државниот испитен центар е тело во чија надлежност ќе биде подговотката и реализацијата на државната матура, како и спроведување на екстерна евалуација во основното и средното образование. Основната дејност на Државниот испитен центар ќе биде придонес кон ефикасноста и квалитетот во образованието.
- Со воведувањето на задолжителното средно образование ќе се изготват и **Елаборат** и **Концепција за задолжително средно образование**
- Согласно Законот за средно образование опфатот на учениците кои завршиле основно образование и продолжуваат во средно образование во 2009 ќе биде 100% со што значително ќе се подобри квалитетот на работна сила.
- Подготовка на Акциски план за доживотно учење . Основан е Центар за образование на возрасните како тело кое е задолжено за реализација на сите активности за образование на возрасните, а Владата на Република Македонија со одлука основа и Совет за образование на возрасните, како советодавно тело кое предлага стратешки прашања, кои се однесуваат на политиката на развој на образованието на возрасните. Описменување и стекнување на прво ниво на стручни квалификации за лицата кои отслужуваат затворски казни во КПУ во Република Македонија, преку Центарот за образование на возрасни.
- Во рамките на тековните капитални инвестиции во областа на образованието се обезбедени средства од буџетот на република македонија за реконструкција, санација и изградба на основните и средните училишта, изградба на 145 фискултурни сали, компјутеризација, опремување во основното и средно образование, како и реконструкција, изградба и опремување на објекти во високото образование.

**ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ФИЗИЧКИ КАПИТАЛ**

**Инвестиции во физички капитал**

Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфрастрктура на земјата на среден рок и подолгорочно се базира на динамична инвестициона активност која, се очекува, да резултира со оптимализација на користењето на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност, како и поскоро довршување на започнатите економски оправдани проекти, имајќи ги предвид опциите на помали трошоци.

Во Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2009-2011 одредени се приоритетните потреби имајќи предвид секторските развојни политики и приоритетните инфраструктурни проекти содржани во Програмата за работа на Владата на Р. Македонија за периодот 2008-2012 година, расположивата проектна документација и реалните можности за обезбедување на средства за капитални инвестиции од: (1) Буџетот на државата; (2) фондовите; (3) сопствени средства на инвеститорите; (4) донации; (5) странски кредити во согласност со среднорочната стратегија за управување со јавен долг. Учеството на реалните инвестиции во БДП како и стапките на промена на БДП, трошоците на живот и реалните инвестиции се прикажани на следната табела.

| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реална стапка на БДП | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,9 | 6,0 | 5,5 |
| Трошоци на животот – просечен пораст (стапка на промени) | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,0 | 3,5 |
| Реална стапка на инвестиции | -8,5 | 17,7 | 1,1 | 10,9 | -5,4 | 8,4 | 12,6 | 39,1 | 11,1 |
| Учество на инвестиции во БДП (%) | 19,1 | 20,6 | 20,0 | 21,9 | 20,8 | 21,9 | 23,2 | 29,0 | 30,0 |

**(Податоците за 2008 и 2009 се проекција).**
**Извор: Програма за јавни инвестиции на Република Македонија 2009-2011.**

Почнувајќи од 2007 година е остварено зголемување на јавните инвестиции (во 2006 година учеството изнесуваше околу 3,8 од БДП), при што, во 2009 година се очекува да достигне учество од над 7% од БДП, што е во рамките на просекот на новите членки на Европската унија.

Програмата за јавни инвестиции содржи 90 тековни инвестициони проекти. Вкупните трошоци за овие проекти се ценат на 2492,04 милиони евра. Дел од средствата, во износ од 533,29 милиони евра, се реализирани до крајот на 2008 година. Реализацијата на одреден обем на инвестициски активности, со вредност од 478,22 милиони евра, се планира по 2011 година. Со тоа, во периодот 2009- 2011 година се предвидува дека ќе се реализираат 1480,52 милиони евра, односно само во 2009 година 530,78 милиони евра. Од вкупно предвидените средства со Програмата за периодот 2009-2011 година, за развој на стопанската инфраструктура ќе бидат насочени 791,71 милиони евра или 53,5%, а за развој на нестопанската инфраструктура 688,81 милиони евра, или 46,5% од вкупните средства.

Од вкупните јавни инвестиции на стопанскиот сектор отпаѓаат 53,5 % или претставено по сектори: Енергетика 8,9%, Сообраќај 32,66%, Водостопанство 4,7%, Комунални услуги 4,4%, Животна средина 2,1% и Останато стопанство 0,8%.

**Инвестиции во енергетиката**

Инвестициите кој се планирани во енергетиката потпаѓаат на следните три вида

1. Енергија добиена од јаглен
2. Електрична енергија
3. Обновливи извори на енергија

Инвестициите кој се планирани во енергетиката пред се се однесуваат на:

- реконструкција на постојаната електро-енергетска инфраструктура и
- изградба на нова електро-енергетска инфраструктура, нови капацитети,

се со цел обезбедување на поголема безбедност во снабдувањето со енергија, поврзување со регионалните енергетски мрежи, како и поголемо процентуално вклучување на обновливите извори на енергија во потрошувачката на енергија.

Министерството за економија објави меѓународен јавен конкурс за пројавување интерес за претквалификација за доделување на концесија за изградба на ХЕЦ ,,Бошков мост”, чија изградба ќе биде со концесија по моделот БОТ (изградба, управување, трансфер). Квалификуваните компании на 22 октомври 2008 година беа повикани да подигнат тендерска документација. Крајниот рок за доставување на понуди е 11 февруари 2009 година.

За изградба на комбининирана гасна термоелектрана топлана АД ЕЛЕМ на 19 септември 2008 година објави меѓународен јавен повик за финансирање, изградба и работно користење на комбинирана гасна електрана “Енергетика“ како партнер во заедничко вложување со АД ЕЛЕМ. Оваа електрана се предвидува да има инсталирана моќност од 200 MW за производство на електрична енергија и 100 MW за производство на топлинска енергија. Очекуваното годишно производство на електрична енергија ќе изнесува 1450 GWh а на топлинска 350 GWh. Вкупната инвестициона вредност ќе изнесува околу 300 мил. Евра. Заинтересираните потенцијални инвеститори за овој проект понудите треба да ги достават најдоцна до 21 јануари 2009 година по што ќе следи евалуација на истите и избор на најповолен понудувач.

Владата на Република Македонија одобри државна гаранција во висина од 11 милиони Евра за изградба на далекуводот Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија), при што 3 милиони евра ќе бидат сопствени средства на АД МЕПСО. За таа цел АД МЕПСО, до сите меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори ги достави условите за предвидениот кредит. Како најдобар понудувач избрана е Светска Банка. Должината на овој далекувод на македонскиот дел изнесува 70 км.

На 27 октомври 2008 година Министерството за економија објави меѓународен оглас за пројавување на интерес за учество во претквалификација за изградба, управување и трансфер на 12 хидроелектрични централи по течението на реката Вардар по моделот на концесија. 12 хидроелектрични централи имаат вкупна инсталирана моќност околу 307,4 MW, годишно производство од околу 1331,3 GWh и вкупна инвестициона вредност од околу 1.18 милијарди Евра. Огласот за претквалификација трае до 16 март 2009 година.

Со цел за натамошен развој на гасоводниот систем во Република Македонија на 3 септември 2008 година објавен е оглас за изработка на Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект. Во студијата ќе се дадат технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години. Со изготвувањето на Физибилити студијата ќе се дефинираат стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација.

Во текот на 2009 година ќе се изработи Студија за гасификација на Република Македонија и ќе се донесе одлука за правците на проширување на гасоводниот систем.

Во текот на 2010 и 2011 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемила безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката, како што следува:400 кV интерконекција Битола (Р. Македонија) – Елбасан (Р. Албанија) –Италија и надградба на постојната 200 кV интерконекција Македонија –Косово на 400 kV напонско ниво.

Во 2010 година се предвидува да се објават меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.

Со цел транспонирање на Директивите 68/414/ЕЕЗ и 98/93/ЕК во законската регулатива која се однесува на резервите на нафта и нафтени деривати, Собранието на Република Македонија во јули 2008 година ги донесе Законот за стоковните резерви („Службен весник на РМ“ бр.84/08) и Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр.84/08).

Примената на овие закони започнува од средината на јануари 2009 година.
Согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр.84/08), во тек е формирање на нова Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Авио сообраќај**
Владата на Република Македонија ја почна постапката за доделување на концесија за изградба, реконструкција и користење на двата аеродрома во Република Македонија („Александар Велики“ – Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид), како и за изградба на нов карго аеродром во Штип.
Во транспарентна постапка како концесионер е избран турскиот концесионер ТАВ, кој според договорот ќе инвестира во вкупна висина од 270 милиони евра за изградба и модернизирање на аеродромите. Според концесионерот, капацитетот

на Аеродромите ќе се зголеми од 11.000 летови во 2007 на 28.000 во 2030 година, додека бројот на патници ќе се зголеми од 671.000 во 2007 на 2.500.000 во 2030 година. Договорот за концесија ќе стапи на сила на 31.08.2009 односно во рок од 341 ден од денот на потпишувањето на договорот.

**Изградба на патишта**

Заради унапредување на патната инфраструктура во Република Македонија, преземени се активности за завршување на двете останати делници од Коридор 10 кои треба да се издигнат на ниво на автопат, Табановце-Куманово и Демир Капија-Смоквица. Во однос на изградбата на делницата Табановце-Куманово со должина од 7,62 км, потпишан е Договор со Светска Банка за заем во износ од 561 262 143 денари, а од буџетот на РМ се обезбедени 158 304 706 денари, а изградбата за почна на 20.10.2008 и се очекува да заврши во рок од 18 месеци. Останатиот дел од коридорот т.е. патната делница Демир Кпаија Смоквица треба да се финансира преку ИПА (Instruments for Pre-accession) средства врз основа на ИПА Оперативна програма за регионален развој (2007-2009), заем од Европската Инвестициона Банка (ЕИБ) во износ од 55 милиони евра, средтва од Грчкиот план за обнова на Балканот (ХИПЕРБ) во износ од 50 милиони евра и учество од буџетот на Република Македонија во износ од 31 милиони евра . ИПА апликацијата подготвена од страна на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Фондот за магистрални и регионални патишта беше неофицијално испратена до Европската Комисија-Директорат за регионален развој во април 2008 година. По добиените првични коментари официјално ИПА апликацијата беше испратена на 6ти октомври 2008 година. На 21.10.2008 од стана на Европската Комисија – директоратот за регионален развој беше потврдено дека апликацијата ги содржи сите потребни документи во прилог и дека ја поминала правата административан проверка. Потоа ќе биде детално анализирана од сите директорати во Европската комисија и ќе бидат доставени забелешки по кои мора да се постапи. Потоа ИПА апликацијата ќе се ревидира согласно кометарите. Во однос на изградбата на обиколницата Скопје, согласно Информацијата за статусот на имплементација на Проектот изработена од страна на Фондот за магистрални и регионални патишта, во првата фаза на конструкција на обиколницата Скопје, секција Хиподром- Оризари, градежните работи се во тек, додека во првото тромесечје кај втората фаза на делницата Оризари-Сарај конструкциските работи се навремено завршени и истата делница беше официјално пуштена на 24.07.2008 година. Обиколницата ќе биде завршена до крајот на годината. Освен на Коридорите, Владата на Република Македонија посвети целосно внимание на обнова и на изградба на регионалните и на локалните патишта, бидејќи тие претставуваат голем дел од транспортната инфраструктура во земјата. Владата обезбеди финансиски средства во износ од 70 милиони евра за периодот 2008-2012 година за проектот наречен „Обнова и инвестирање за одржување на регионални и на локални патишта“ во вкупна должина од 330 км и 420 км, соодветно. Во јули 2008 година, Министерство за транспорт и врски објави барање за писмо за пројавување интерес за учество на ограничен јавен повик за концесии на серија на патишта за наплата на патарина, при што процедурата е во тек.

**Железници**

Владата на Република Македонија ги донесе потребните Одлуки за основање на двете нови компании ЈП Македонски Железници Инфраструктура-Скопје и Македонски Железници Транспорт АД-Скопје, како и Националната програма за железничка инфраструктура за период од 2008-2012 година и Програмата за инвестиции во железничка инфраструктура за 2007 година, во износ од 150.000.000 денари Во втората половина од 2008 година, завршија со реализација Студиите финансирани со кредитот од Светската банка и тоа: Студија за пристап кон мрежата на Македонските Железници, Студија за јавни патнички услуги , а во тек е раеализацијата на Студијата за намалување на трошоците и зголемување на продуктивноста. Останува да се изработи уште Студијата за приватизација на транспортната компанија, која е во фаза на избор на консултант. Владата на Република Македонија во 2008 година донесе:

- Годишна програма за инвестиции во железничката инфраструктура за 2008 година во износ од 340.000.000 денари,
- Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, и остата се применува од 10.01.2009 година, согласно која надоместокот кој треба да го плаќа железничкиот превозник на управителот на инфраструктурата се пресметува согласно методот CF-, односно наплата на пристап базирана врз ниво кое овозможува покривање на разлика меѓу субвенции одезбедени од државата и финансиските трошоци на управителот на инфрструктурата, за што управителот на инфратрсуктурата изработи пакет на услуги кои се состои од: минимален пакет на дадени услуги, дополнителен пакет на услуги, помошни услуги како и пристап кон услужни објекти и обезбедување на други услуги и истиот е објавен во рамките на Објавата на мрежа која е достапна на веб страната на управителот на инфраструктурата,
- Одлука за утврдување на мрежата на главни железнички пруги и други железнички пруги, нивната класификација како и ознаките.

Во периодот кој следи треба да се достави до Владата на Република Македонија предлог Национална програма за железничка инфраструктура за период 2009-2013 година. Врз основа на Националната програма, при креирање на Буџетот за 2009 година, предвидени се финансиски средства во износ од 15 милиони евра, од кои 13 милиони евра ќе бидат наменети за железничката инфраструктура врз основа на Годишниот план за инвестиции во железничката инфраструктура, примарно наменети за Коридорот VIII, Коридорот X, а преостанатите 2 милиона евра се наменети за

компензирање на услугите од јавен интерес во патничкиот сообраќај. Што се однесува до решавањето на статусот со долговите на двете ново формирани компании, согласно Планот за поделба на капиталот, средствата, правата и обврските и вработените на ЈП “Македонски железници” Ц.О. Скопје, вкупната задолженост на ниво на поранешно ЈП МЖ изнесуваше околу 167 милиони евра. Задолженоста на ЈП Инфраструктура МЖ изнесува 55 милиони евра, додека на МЖ Транспорт А.Д. Скопје задолженоста изнесува 111 милиони евра. Во тек е постапка за донесување на акт на предлог на Министерството за финансии до Владата на Република Македонија со кои дел од долговите кои ги има сервисирано Државата до сега да се конвертираат како влог во компаниите: МЖ Транспорт АД-Скопје и ЈП МЖ Инфраструктура.

**МСП И УЧЕСТВОТО НА МАЛИТЕ ФИРМИ**

Малите и средни претпријатија се доминантен тип на претпријатија во македонската економија. Во 2007 година, 99,8% од сите претпријатија се мали или средни претпријатија. просечно годишно зголемување за повеќе од 2.300 МСП. Во однос на бројот на МСП на 1.000 жители, тој се зголемил од 19 на 25. Како резултат на тоа, вработувањето се зголемило за 51% од 110.000 (во 2002 година) на 214.471 вработени (во 2007 година).

**Учество на МСП во националната економија во однос на бројот на вработените, претпријатијата и бруто додадената вредност**

**- С т р у к т у р а  в о  % -**

| | Број на вработени | | | Број на активни претпријатија | | | Бруто додадена вредност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2005** | **2006** | **2007** | **2005** | **2006** | **2007** | **2004** | **2005** | **2006** |
| Мали | 54,4 | 58,8 | 64,2 | 98,8 | 98,9 | 99,0 | 51,6 | 52,3 | 53,3 |
| Средни | 21,3 | 18,9 | 12,0 | 1,0 | 0,9 | 0,8 | 20,3 | 11,5 | 12,0 |
| **Вкупно МСП** | **75,7** | **79,6** | **77,8** | **99,8** | **99,8** | **99,8** | **72,9** | **63,8** | **65,3** |
| Големи | 24,3 | 20,4 | 22,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 28,1 | 36,2 | 34,7 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

Извор: Централен регистар

Постигнатиот прогрес е резултат на активностите предвидени во Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 како и Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија 2007-2010.

Во 2009-2011 година програмите ги предвидуваат активности насочени кон следните 3 цели:

1. Зајакнување на институционалната инфраструктура со: финансирање на активностите на АППРМ( Агенцијата за претприемништво на Република Македонија), јакнење на капацитетот на бизнис центрите, Обсерваторијата за МСП, редизајнирање на начинот на работа на Форумот за МСП, Инфо пулт-проектот во соработка со регионалните центри за деловна поддршка, кофинансирање на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија ЕИИЦМ – Enterprise Europe Network, кофинасирање на Фондот за развој на човечки ресурси.
2. Подобрување на деловното опкружување и пристапот до финансии за МСП ќе се остварува со Меѓуминистерска соработка за реализација на Програмата и Европската Повелба, измена на шемата за кредитни гаранции (Гарантен фонд); почеток на функционирање на Кредит бирото; обуки за алтернативни начини на финансирање, кофинансирање на останати донаторски проекти.
3. Подобрување на конкурентноста и иновативноста на МСП ќе се реализира со:кофинансирање на кластерите, кофинансирање на бизнис инкубаторите, кофинансирање на трошоци на РЦ за проекти од нефинансиска поддршка на МСП, ваучерскиот систем за советување, претприемачки награди, претприемничко обазование, ЕУ ден на претприемачите, промотивни активности за подигање на свеста за ИКТ, за воведување на стандарди за квалитет, научно-иновативно поврзување, меѓународна научна соработка и подигање на свеста за права на интелектуална сопственост, формирање на тело за анализа на потребите на МСП за обуки, имплементација на Системот за акредитација на консултанти и тренери за МСП.

Како резултат на реализирање на овие активности се очекува зголемување на бројот на мали и средни претпријатија за околу 4-5%, како и зголемување на бројот на работни места за 4-5% просечно годишно, во планираниот период 2009-2011 година.

**СТЕПЕНОТ ДО КОЈ ВЛАДИНАТА ПОЛИТИКА И ЗАКОНОДАВСТВОТО ВЛИЈААТ НА КОНКУРЕНТНОСТА ПРЕКУ ТРГОВСКАТА ПОЛИТИКА, ПОЛИТИКАТА НА КОНКУРЕНЦИЈА, ДРЖАВНАТА ПОМОШ, СДИ, ПОДДРШКА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ИТН**

Зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство се повеќе станува центар на различни и комплексни активности промовирани со владините политики и регулаторни реформи. Деловната конкурентност зависи од основните микроекономски услови што го дефинираат тековното одржливо ниво на продуктивност во земјата и дека релевантните државни политики може да поттикнат или спречат продуктивно однесување на претпријатијата.

Примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, членството во Светската трговска организација; ЕФТА договорот, централноевропскиот договор на слободна трговија - ЦЕФТА 2006 и договорите за слободна трговија со Република Турција и Украина, преставуваат елементи на развој и унапредување на трговската политика во функција на јакнење на конкурентноста во наредниот период.

Политиката на заштита на конкуренцијата се спроведува во функција на обезбедување на зголемен степен на слободна конкуренција на домашниот пазар. Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна да изрекува прекршочни санкции за сторителите на повреди на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, а донесените насоки за примена на Законот и уредбите се објавени, а потоа и дистрибуирани на правната и бизнис заедницата, како и на пошироката јавност.

Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) ги издаде неопходните прирачници за спроведување на правото за конкуренција. КЗК почна да прави записи за спроведувањето, особено во областа на концентрациите и злоупотребата на доминантната положба. Во периодот помеѓу 1 октомври 2007 година и 30 септември 2008 година КЗК донесе 26 административни одлуки, од кои 25 се однесуваат на соединување, а 1 на злоупотреба на доминантната положба и изрече 18 парични казни за прекршоци, од кои четири се поврзани со административни одлуки донесени во 2008 година. Управниот суд потврди една одлука на КЗК за злоупотребата на доминантната положба.

Зајакната е меѓуинституционалната соработка помеѓу Комисијата за заштита на конкуренцијата и органите надлежни за регулација на одделни сектори. Комисијата има потпишано меморандуми за соработка со Агенцијата за електронски комуникации, Регулаторната комисија за енергетика, Советот за радиодифузија и Бирото за јавни набавки.

Во 2009 година Владата на Република Македонија ќе го имплементира проектот “Топ менаџмент“. Проектот ќе се реализира во период од 2 години, при што ќе се селектираат околу 200 македонски менаџери, ќе се изврши нивна обука за менаџерски вештини и ќе бидат пратени на пракса во успешни светски компании од развиените земји. Во тој период тие ќе имаат можност да се стекнат со експертиза која е во согласност со современите менаџерски стандарди и принципи кои ги наметнува современиот пазар. Целта на проектот е подигнување на продуктивноста на македонската работна сила и зголемување на конкурентноста на македонската економија.

**Промоција на странските директни инвестиции**

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во периодот од 1997 -2007 година кумулативниот прилив на Странските Директни Инвестиции (СДИ) **2,543 милијарди** евра. Оваа година, заклучно со септември кумулативниот износ на странски капитал изнесува **409 мил**. евра со што е надминат проектираниот износ на прилив на СДИ за оваа година и покрај глобалната економска криза. Најголемо учество на СДИ со 8,8 % во БДП има во 2007 година, додека во 2008 изнесува 6,2%. Приливот на СДИ по глава на жител е најголем во 2007 и изнесува 247,5 евра, додека во 2008 (заклучно со септември) изнесува 199,7 евра

Прилив на СДИ во Р. Македонија и нивното структурно учество во БДП

**милиони ЕВРА**

| **Година** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008/ 1-9** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен износ** | 233,3 | 499,5 | 100,4 | 260,7 | 77,2 | 344,8 | 506,0 | 409,0 |
| **Учество на СДИ во БДП** | 6,0 | 13,0 | 2,4 | 6,0 | 1,7 | 6,8 | 8,8 | 6,2 |
| **СДИ per capita** | 115,2 | 245,4 | 49,5 | 128,3 | 37,9 | 169,0 | 247,5 | 199,7 |

Анализирано по сектори најголем влез на СДИ има во енергетскиот систем и се очекува тој да го задржи приматот 35%, во индустријата 18%, телекомуникациониот сектор15%, во банкарскиот сектор 11%, па следат недвижностите, трговијата, рударството, хотелиерството, аграрот итн. Во сите сектори влезот на СДИ има позитивно влијание.

Во Република Македонија се утврдени следниве стратешки сектори за инвестирање: енергетскиот сектор, индустријата за производство на автомобилски компоненти, информатичка-комуникациска технологија, земјоделството и преработката на храна, фармацевската индустрија текстилот, градежништвото и сите видови на туризамот. Посебни поволности за инвестирање се дадени во технолошко индуструските развојни зони (ТИРЗ) согласно Законот за ТИРЗ.Новиот Закон за ТИРЗ ќе овозможи поголеми подобности за инвеститорите и развој на високо пропулзивни и современи технологии и нови

вработувања.

Понатака Агенцијата за странски инвестиции испраќа економски промотори во земјите кои се определени како потенцијални инвеститори во Република Македонија. Овие промотори поддржани од досегашната структура на Министер за странски инвестиции, Агенција како и Министерството за Економија се очекува да дадат резултати во напорите за привлекување на странски инвестиции. Секако во истата насока работи и Дирекцијата за развој на технолошко индустриско развојните зони.

**Политика на конкуренција, конкурентност и поддршка на мали и средни претпријатија**

Стратегијата за индустриска политика ќе биде усвоена од Владата во почетокот на 2009 година и ќе содржи конкретни мерки и инструменти за зголемување на конкурентноста на економијата со цел постигнување на приоритетите.

Документот се однесува за период од 2009 до 2020 година. „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020", како интегративна проактивна политика и јасно ги дефинира приоритетите, целите, мерките и инструментите во создавање на конкурентна економија. Во документот се дефинирани неколку области на интервенција преку програми и мерки од разни министерства:

- Зголемување на применливите истражувања, развојот и иновациите со пораст на инвестициите во истражување и развој, со развој на взаемна меѓусекторска соработка помеѓу индустријата, институциите и Владата;
- Зголемување на меѓународната соработка на клучните засегнати страни во процесот на економски развој (претпријатијата, универзитетите и развојните институции), со цел креирање на нови бизниси, учење и развој на ново знаење, зајакнување на меѓународните врски, размена на знаење и искуство, учење од најдобрите пракси за подобрување на менаџмент капацитетите и зголемување на продуктивноста (меѓународен менаџмент тренинг);
- Промоција на одржливиот развој преку искористување на природните можности за производство на обновлива и алтернативна енергијата и природните еколошки можности кои постојат во земјата, во насока на производство на производи и услуги со високо-додадена вредност (претворање на еколошките услови во можности за поволен економски развој);
- Зголемување на конкурентноста на македонската индустрија со стимулирање на соработка преку регионално и меѓународно вмрежување на кластерите и други мини-асоцијации на мали претпријатија (користење на бенефитите како: поделба на трошоците, поефикасно истражување на пазарот, поефикасен проток на трудот, капиталот, технологијата, иновациите и информациите);
- Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото преку зајакнување на институционалната инфраструктура со финансирање на активностите на АППРМ, јакнење на капацитетот на бизнис центрите, Обсерваторијата за МСП, редизајнирање на начинот на работа на Форумот за МСП, Инфо пултот - проектот во соработка со регионалните центри за деловна поддршка, кофинансирање на ИРЦ, кофинасирање на Фондот за развој на човечки ресурси. За исполнувањето на овие активности изработена е и Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2009 година која ги опфаќа овие активности. Предвидени се средства во висина од 30.милиони денари за нејзина реализација.

Во документот се интегрирани принципите на индустриската политика во ЕУ. Политиката има главно хоризонтален пристап, со посебен секторски пристап преку стратегии и програми за преструктуирање на клучните сектори каде што е неминовно. Сите мерки и инструменти ќе бидат усогласени со државна помош.

Среднорочните цели што се однесуваат за поддршка на развојот на МСП секторот кои треба да придонесат за уште поефикасно работење на претпријатијата и создавање на конкурентност се дефинирани во ревидираната Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 како и во Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија 2007-2010. Како резултат на реализирање на овие активности предвидени во стратегијата се очекува зголемување на бројот на мали и средни претпријатија за околу 4-5%, како и зголемување на бројот на работни места за 4% просечно годишно, во планираниот период 2009-2010 година.

Еден од предложените проекти во насока на подобрување на конкурентноста и извозот е и прифаќање на идејата и поддршка на компаниите за активно делување во кластери, согледувајќи ја користа од здружување и создавање мрежа на кластери. Активностите поврзани со иницирање и поддршка на кластери се интензивирани и се координираат од Министерството за економија, со формирање на нова асоцијација на кластери за зголемување на конкурентноста на некои сектори. До сега се иницирани формирање на повеќе кластери. Врз основа на анализа на процесот на кластеринг во Република Македонија во тек е подготовка на четиригодишна програма за поддршка на кластерските здруженија.

Освен проектот на кластери, во рамки на вертикалниот аспект на индустриската политика, подготвени се неколку стратегии за развој на одделни сектори (како текстил, челик, туризам).

**СТЕПЕН И ДИНАМИКА НА ТРГОВСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗЕМЈАТА СО ЕУ**

Земјите од ЕУ 27 имаат најголемо учество во вкупната надворешно-трговска размена на Република Македонија во периодот јануари-ноември 2008 година од 51,9%. Показателите на трговска соработка меѓу Република Македонија и ЕУ во периодот јануари-ноември 2008 година укажуваат на зголемена трговска размена, што во најголем дел се должи на зголемениот увоз. Имено, во анализираниот период, вкупната размена со ЕУ се зголеми за 12,2%, при пораст на извозот од 1,7% и поинтензивен пораст на увозот од 21,4%. Притоа, трговскиот дефицит на годишна основа се зголеми за 2,5 пати, а покриеноста на увозот се намали за 14,1 процентен поен, односно за неполна година (11 месеци) изнесува 72,8%. Неповолните движења на цените на металите, посебно на никелот, во услови на позабавена динамика на раст кај земјите од ЕУ како последица на глобалната криза, при висока концентрираност на македонскиот извоз, условија значително забавување на извозот во ЕУ-27, што ја отсликува сензитивноста на македонскиот извоз на екстерните промени.

Република Македонија како земја со мал внатрешен пазарен потенцијал, од својата независност, се определи кон спроведување на активна надворешна трговска политика со цел интензивирање на трговската соработка со земјите од регионот и пошироко, преку либерализација и олеснување на условите за непречено одвивање на извозот и увозот на стоки.

Со прифаќањето на либерализацијата на трговијата и склучувањето на договори за слободна трговија со земјите потписнички на ЦЕФТА 2006, пазарот на Република Македонија со околу 2 милиони потрошувачи го прошири во пазар од повеќе милиони потрошувачи.

Со определбата на Република Македонија за либерализација на трговијата со земјите од регионот и склучувањето на договорите за слободна трговија се обезбеди пристап на стоките со повластен третман на голем пазар, се зголеми конкуренцијата на пазарот во земјата со што македонските стопанственици беа принудени да тежнеат и станат конкурентни, како на домашниот така и на странскиот пазар.

# III СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ

## 3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

### 3.1.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во однос на областа Слободно движење на стоки беа донесени неколку клучни закони кои ќе придонесат за укинување на бариерите согласно членовите 28 – 30 од Договорот на европската заедница (ДЕЗ).

Со поддршка на Проектот Регулаторна гилотина за 2008 година, усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија„ бр.88/08), при што се брише член 34 став 1, со кој се елиминира обврската увозниците за одделни технички стоки да обезбедат потврда за извршен преглед и евидентирање на пропратната техничка документација, потврда која до сега ја издаваше Институтот за стандардизација на Република Македонија.

Усвоен е Законот за техничка инспекција („Службен весник на Република Македонија„ бр. 88/2008 ), со кој се доделени нови надлежности на Државниот Инспекторат за техничка инспекција во однос на следењето на постапката при вршење технички преглед и периодични испитувања на технички производи од страна на овластени тела за оцена на сообразност (лифтови, АТЕХ, опрема под притисок, жичани постројки и др.) при нивно ставање во употреба.

За прв пат во Република Македонија целата област за возила е регулирана во посебен закон. Усвоен е Закон за возила („Службен весник на Република Македонија„ бр.140/2008), во кој се транспонирани три директиви: 32007L0046, 31996L0096 и 31999L0037.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Република Македонија до јуни 2009 година ќе се подготви Акциски план за сообразност со членовите 28 - 30 од ДЕЗ со одредница за внатрешен Screening на националното законодавство и административните практики, за воведување на клаузули за взаемно признавање и за потребните последователни измени во однос на компатибилност со овие членови од ЕЗ, како и ќе се изготви листа на конфликтни прописи.

До септември 2009 година, ќе се донесе Стратегија за спроведување на Acquis за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) со определени рокови и одговорности за воведување на ефикасно спроведување на законодавните мерки и за зајакнување на административните капацитети во различните сектори.

Во 2009 година, ќе се интензивираат преговорите за пристапување на Република Македонија во АКА Договорот, за седум индустриски сектори: ( опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок, машини, дел од градежни производи), кои се предмет на преговори од мај 2008 година, кога започнаа преговорите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се зајакнуваат капацитетите на Министерството за економија и другите надлежни институции: Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Институтот за акредитација, Институтот за стандардизација, Бирото за метрологија, Министерството за Финансии_Царинска Управа како и на останатите институции кои ќе бидат инволвирани во усогласувањето со членовите 28 - 30 од ДЕЗ.

Зајакнување на капацитетот во Државниот Пазарен Инспекторат со вработување на 5 инспектори со технички профил за вршење надзор при пласирање на безбеден производ на внатрешниот пазар во Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се имплементира Акцискиот план за сообразност со членовите 28 - 30 од ДЕЗ.

Ќе се имплементира Стратегијата за спроведување на Acquis за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) со определени рокови и одговорности за воведување на ефикасно спроведување на законодавните мерки и за зајакнување на административните капацитети во различните сектори.

Ќе се имплементира на Законот за техничка инспекција при што ќе се овозможи јасна надлежност на правните лица кои ќе бидат акредитирани од Институтот за акредитација на Република Македонија и овластени од министерот за економија за вршење на технички преглед и периодични испитување на техничките производи кои се ставаат во употреба.

Ќе се применува RAPEX системот од Државниот пазарен Инспекторат кој е надлежен да соработува со другите надлежни инспекциски органи за безбеден производ на внатрешниот пазар во Република Македонија.

### 3.1.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Заокружена е правната рамка за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразноста во Република Македонија.

**СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

ИСРМ интензивно работеше на исполнување на 9 те критериуми за полноправно членство во CEN и CENELEC.

ИСРМ е полноправен член на Меѓународната организација за стандардизација – ISO, асоцијативен член на Меѓународната електротехничка комисија – IEC, придружен член во Европскиот комитет за стандардизација – CEN и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC. ИСРМ и ETSI потпишаа Меморандум за соработка (Memorandum of understanding) во областа на телекомуникациите во декември 2006 година.

Во 2008 ИСРМ вработи 4 нови лица со што вкупниот број на вработени во ИСРМ изнесува 17.

До 31 декември 2008 година ИСРМ има усвоено **5551** европски и меѓународни стандарди и други стандардизациски документи како македонски од кои **3225** се поврзани со ЕУ Директивите. Во периодот од јануари 2006 до 31 декември 2008 година усвоени со превод односно достапни на македонски јазик се 61 стандарди и стандардизациски документи. Бројот на повлечени конфликтни и неприменливи национални стандарди изнесува 84. Во ИСРМ формирани се 32 Технички „ мирор“ комитети (ИСРМ ТК) на CEN и CENELEC техничките комитети. Од нив четири технички комитети ја следат работата на „ мирор“ комитетите во европските и во меѓународните тела за стандардизација.

ИСРМ континуирано ги издава Месечните Огласници каде се објавува јавната расправа и усвојувањето на стандардите, ја ажурира веб-страната со актуелни информации од областа на македонската стандардизација. Во 2008 година ИСРМ организираше презентација на ИСРМ ТК 24 од областа на бетон и производи од бетон - хармонизација на националната со европската стандардизација.

**АКРЕДИТАЦИЈА**

ИАРМ е полноправен член во EA - Европската организација за акредитација и од декември 2008, асоциативен член на ILAC - Меѓународната организација за акредитација на лаборатории. ИАРМ соработува со националните тела за акредитација на други држави пред се од регионот, и има потпишано билатерални договори со националните тела на Србија, Црна Гора, Албанија, Хрватска и Бугарија. Правилата за акредитација во Република Македонија се усогласени со европските и меѓународните стандарди (серија EN 45000 и серија ISO 17000), регулативата и упатствата на EA, IAF и ILAC, и европската добра пракса во таа област. ИАРМ се подготвува за поднесување на апликација до ЕА за потпишување на договор за взаемно признавање на резултатите (MLA).

Во 2008, зајакнати се кадровските капацитети на ИАРМ и тоа: вработени се 5 нови лица со што вкупниот број на вработени во ИАРМ изнесува 13; спроведена е обука за оценувачи за ново вработените и други експерти и зголемен е бројот на оценувачи; формирани се секторски комитети за различни области.

На листата на оценувачи и експерти евидентирани се 44 експерти за различни области, 51 оценувачи од кои 12 се водечки оценувачи.

Заклучно со декември 2008, ИАРМ има акредитирано 27 тела за оцена на сообразност. На 5 од нив акредитацијата им е одземена.

Во 2008 година ИАРМ организираше конференција за акредитација. Конференцијата имаше меѓународен карактер и на неа учествуваа претставници од повеќе европски земји.

ИАРМ издаде 5 брошури кои имаа за цел промоција на акредитацијата и запознавање на пошироката јавност за работата на ИАРМ.

Направени се измени и дополнувања на Законот за акредитација согласно сугестиите на експертите за АСА.

**МЕТРОЛОГИЈА**

Бирото за метрологија соработува со специјализирани меѓународни и регионални организации (OIML, CGPM, EUROMET, WELMEC) во кои Бирото ја претставува Република Македонија. Како стручно советодавно тело на Бирото за метрологија работи Метролошкиот совет.

Во областа на метрологијата усвоени се 11 подзаконски акти. Бирото за метрологија е одговорно тело за имплементација на Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“, број 23/95 и 22/07) и во оваа област усвоени се 9 подзаконски акти за имплементација на Законот. Потпишан е MRA – Меѓународниот аранжман за признавање на сертификатите за калибрација издадени од националните метролошки институти, потписнички на MRA. Од мај 2008 Бирото за метрологија стана асоцијативна членка на WELMEC. Во рамките на Бирото за метрологија има девет лаборатории за калибрација на мерни инструменти (лабораторија за маса, притисок, должина и агол, зафатнина и проток, густина, фреквенција и време, температура, електрични големини и референтни материјали) од кои 4 се оперативни. За истите, во Бирото за метрологија се вработени 14 инженери на технички науки кои работат во лабораторискиот центар на Бирото. Заклучно со 31 декември 2008 год. направени се вкупно 223 калибрации: лабораторија за маса 105, за волумен и проток 20, за температура 40, за притисок 14, за должина 7 за електрични големини 26 и за густина 11.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2009 година ќе се донесе Стратегија за спроведување на Acquis за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот).

Во областа на **стандардизацијата** предвидени се следните активности:

- Обезбедување на средства за плаќање на членарините во европските и меѓународните тела за стандардизација
- Подготовка и реализација на Програма за усвојување на македонски стандарди за 2009 год (усвојување на меѓународни и европски стандарди и други стандардизациски документи со метод на индосирање, препечатување и со превод, повлекување на конфликтни и неприменливи национални стандарди) ;
- Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ
- Забрзување на процесот за превод на европските стандарди на македонски јазик.
- Се предвидува вкупниот број на технички комитети до крајот на 2009 година да изнесува 36.
- Реализација на обуки за:
  - правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација
  - постапките за подготовка, усвојување на европските и меѓународните стандарди во европските и меѓународните технички работни тела
  - нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill)
  - користење на софтвер за управување со документи и бази на податоци.
- Воспоставување информатички систем преку набавка на систем за управување со документи и бази на податоци
- Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации, плакати, летоци и нивна дистрибуција се со цел активно вклучување на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни во процесот на стандардизација;
- Издавање на Гласило на ИСРМ и Огласникот за усвоени македонски стандарди и нивна дистрибуција;
- Воспоставување на законска и интерна рамка за заштита на авторските права на МКС публикациите согласно интерните правила за правата на интелектуалната сопственост на CEN и CENELEC.

Од областа на **акредитација** предвидени се следните активности:

- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- поднесување на пријава за МЛА;
- нов Закон за акредитација согласно европската регулатива 32008R0765;
- реализација на обуки:
  - за оценувачи,
  - потенцијални клиенти
  - нови шеми на акредитација
- Зајакнување на соработка со министерствата во делот на овластување/ нотификација на телата за оцена на сообразност, односно јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност

- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ преку формирање на технички/секторски комитети
- Набавка/изработка на софтвер за управување со податоци
- Потпишување на договори за соработка со телата за акредитација од регионот
- Набавка/изработка на Data Management Softver преку проектот БЕРИС
- Зајакнување на соработката со телата за акредитација од регионот
- Промотивни кампањи, организирање на работилници и издавање на публикации.

Од областа на **<u>метрологијата</u>** предвидени се следните активности:

- Измена и дополнување на Законот за Метрологија,
- Донесување на повеќе правилници во кои ќе се транспонираат директивите 32004L0022, 31971L0317, 31986L0217, 31971L0347, 31976L00765, 31976L00766 и 31982L0624.
- Седум нови вработувања, четири во 2009 и три во 2010.
- Набавка на опрема, специфицирана од страна на консултантите- БЕРИС проектот
- Имплементација на систем за квалитет според ISO 17025 со поддршка на BERIS проектот и ИПА
- Подготовка за акредитација на лаборатории
- Акредитација на лабораториите на БМ
- Искористување на поддршката на UME - националниот институт од Турција за калибрирање на еталоните и обука на лабораторискиот персонал на Бирото.
- Во рамки на проектот за олеснување на развојот на Националните метролошки инфраструктури за малите земји членки на EURAMET под координација на PTB- Германскиот институт за метрологија предвидено е учество во регионални интеркомпарации на еталоните на лабораториите за мерење на отпорност, еднонасочен напон, должина, температура и звук..
- Реализирање на програмата за развој - ИПА за техничка и материјална помош и поддршка за имплементација на хармонизираната легислатива во областа на слободно движење на стоки и инфраструктура за квалитет
- Прогласување на национални еталони на мерните единици за маса и зафатнина
- Организирање на семинари и работилници со цел зајакнување на метролошката инфраструктура.
- Стекнување членство во **IAAO** (Меѓународна асоцијација на тела за анализа и сертифицирање на предмети од скапоцени метали) и потпишување на **Hallmarking Convention** ( за предмети од скапоцени метали)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на **<u>стандардизација</u>** предвидени се следните активности::

- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот)
- Воспоставување на ефикасен систем за стандардизација во Република Македонија кој ќе овозможи следење и вклучување во стандардизацискиот систем на европско и меѓународно ниво;
- Имплементација на европските интерни правила и процедури за работа на ИСРМ,
- Зајакнување на техничка инфраструктура – технички комитети и работни групи на ИСРМ;
- Усвојување на минимум 80 % од европските стандарди и повлекување на конфликтните национални стандарди;
- Обезбедување на соодветна IT и телекомуникациска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба.
- Воспоставување на нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill).
- Имплементирање на систем за квалитет во ИСРМ.

Во областа на **<u>акредитација</u>** предвидени се следните активности::

- ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација,
- намалување на периодот од поднесување на апликација до доделување на акредитација што ќе резултира со зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- зајакнување на кадровските капацитети со кои ќе се овозможи непречено спроведување на оценки за областите за кои се бара акредитација;
- обезбедување на соодветна софтверска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба
- спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет;
- зајакнување на техничката инфраструктура (технички/секторски комитети) која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори;
- потпишување на договор за взаемно признавање (MLA) со EA.

Во областа на **метрологија** предвидени се следните активности:

- Искористување на подршката на UME - националниот институт од Турција за калибрирање на еталоните и обука на лабораторискиот персонал на Бирото
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, во кои Бирото има назначено контакт лица за маса и сродни величини, за зафатнина и проток, за температура, за електрични величини и за должина;
- Во текот на 2010 год. усвојување на останатите национални правилници за категории на мерила.
- Активно учество во техничките комитети на WELMEC
- Развој на системот за квалитет ISO 17025 во лабораториите на Бирото за метрологија
- Имплементација на меѓународниот стандард ISO 17020 во секторот за верификација
- Прогласување на национални еталони на мерните единици (притисок, температура, густина, должина, низок напон, отпор);
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што Бирото за метрологија нема можности;
- Учество во проекти преку технички комитети на EURAMET
- Упис на мерните и калибрационите можности на лабораториите на Бирото за метрологија во базата на BIPM .

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Проектот за Реформа во бизнис-окружувањето и институционално зајакнување BERIS, ќе го поддржи процесот на воспоставувањето на ефикасен систем за квалитетна инфраструктура.

Се склучи Меморандум за соработка со ГТЗ (2007-2009) за хармонизација на европското техничко законодавство во национално законодавство. Се работи на нов правилник за електромагнетна компатибилност, правилник за опрема под низок напон и правилник за машини согласно новите европски директиви донесени во 2006 и 2007 година. Воедно, со поддршка од ГТЗ се работи на хармонизација на областа возила, каде што во закон и подзаконски акти се врши транспонирање на 180 директиви.

Планиран е проектот ИПА за компонента I - за инфраструктура за квалитет, за зајакнување на капацитетите во областа стандардизација, метрологија и акредитација.

Во рамки на Проектот за надзор на пазарот се изготвија следните стратешки документи: 1. Акционен план за имплементирање на предложената организација и функции на Државниот пазарен Инспекторат; 2. Механизми за внатрешна и надворешна комуникација и соработка на Државниот пазарен Инспекторат со заинтересираните страни и 3. Методолошки водич за известување во однос на опасни производи врзано со RAPEX системот.

**ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ ( ПРОВЕРКА/СЕРТИФИЦИРАЊЕ/КОНТРОЛА )**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Оцената на сообразност е регулирана со Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија„ бр.33/2006) при што министерот надлежен за донесување на техничките прописи ги овластува заинтересираните тела да вршат оцена на сообразност. Спроведената акредитација се смета за претпоставка за исполнетост на условите за овластување на телата. Во Република Македонија до крајот на 2008 година, заврши примената на наследниот систем на овластени тела кои вршат сообразност на техничките производи. Владата на РМ во документот „Националната политика во областа на акредитацијата“ ја има прифатено акредитацијата на телата за оцена на сообразност како алатка при постапката за овластување – нотификација на телата за оцена на сообразност во регулираната област.

Во Законот за безбедност на производите и подзаконските акти во кои се транспонирани директивите од новиот приод, Законот за техничка инспекција и Законот за возила, се пропишани начинот и постапките за акредитација на правните лица кои се заинтересирани да вршат оцена на сообразност за одреден опсег. Акредитацијата е услов за добивање на овластување од надлежниот министер. Овластувањето се врши согласно Уредбата за постапката за донесување на Решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на Решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност („Службен весник на Република Македонија„ бр.157/2007).

Заокружена е правната рамка за именување и нотификација на телата за оценка на сообразноста. Во рамки на законот за безбедност на производи, донесена е Уредба за начинот и постапката за овластување на телата за оцена на

сообразноста како и начинот и постапката за назначување на телата за оцена на сообразност во („Службен весник на Република Македонија,, бр.105/2007).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се спроведуваат интензивни обуки на телата за оцена на сообразност и дисеминација на информации. Во рамки на Институтот за акредитација на Република Македонија во процедура е формирање на Тренинг Центар кој ќе врши соодветни обуки на заинтересирани правни лица.

Ќе се акредитираат лаборатории, сертификациони и инспекциски (контролни) тела, согласно Законот за акредитација и соодветните меѓународни и европски стандарди од кои дел од нив се веќе во постапка за добивање на акредитација (повеќе од 20 апликации за акредитација).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во областа на оцена на сообразноста ќе се зголеми бројот на македонски тела кои ќе бидат присутни на пазарот во Република Македонија при вршење на оцена на сообразност за македонски производи.

**НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Надзорот на пазарот во Република Македонија се спроведува заради следење на состојбата дали стоките пуштени на пазарот се во согласност со посебните правни прописи. Имено, надзорот на пазарот (инспекциски надзор) предвидува проверка дали производите ги исполнуваат барањата на соодветните прописи (со преземање на директивите или старите национални прописи онаму каде што се уште непостои хармонизација), потоа следат активности за усогласување на производите и на крајот изрекување на санкции кога тоа е потребно. Согласно последните измени во законот за трговија, за отпочнување на постапката за царинење, Царинската Управа на Република Македонија ја спроведува постапката, а Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор на стоките (непрехранбени производи) кога тие се пласираат на пазарот во Република Македонија, по однос на декларирањето и упатството за употреба. Размена на информациите помеѓу различните надлежни органи се врши континуирано и со постојани меѓусебни контакти.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Со цел да се овозможи непречено спроведување на надзор на пазарот ќе се донесе Закон за надзор на пазарот, во кој ќе се воспостави соодветна правна рамка и јасни надлежности помеѓу инспекциските органи надлежни за надзор на пазарот на безбеден производ и Царинската управа на Република Македонија.

Овој закон ќе се усогласи со Регулативата 32008R0765 и соодветно ќе се пропиши CE ознаката.

Во Државниот пазарен инспекторат ќе се вработат 5 нови инспектори со технички профил во одделението за безбедност на производи.

По донесувањето на новиот Закон за техничка инспекција ќе се донесат шест подзаконски акти за опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, лифтови, жичани постројки, ATEX и машини при вршење на технички преглед и периодични испитување при нивно ставање во употреба.

Ќе се применува RAPEX системот во 2009 година.

Ќе се овластат правните лица за вршење на оцена на сообразност за одреден опсег по завршување на транзициониот период.

Постапката за нотификација на телата ќе отпочне со склучувањето на АКА Договорот.

Инспекциските органи во Република Македонија за надзор на пазарот, своите надлежности за надзор на пазарот во Република Македонија ќе ги спроведуваат согласно надлежностите и активностите кои ќе произлезат од законот за надзор на пазарот. Ќе има нови вработувања (согласно новата систематизација на МЕ) во Секторот за внатрешен пазар. Ќе се зајакнат Државниот технички инспекторат и Државниот пазарен инспекторат во рамки на Министерството за економија, кои ќе бидат одговорни за:

- следење на постоечката состојба во областа на стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот,
- изготвување на правни прописи ,
- овластување на тела за вршење на оцена на сообразноста,
- известување до ЕК и

- надзор на пазарот на техничките прописи од новиот и стариот приод.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе се воспостави целосно ефективен и ефикасен надзор на пазарот, ќе се реализираат обуки за имплементација на усогласените прописи со европското законодавство, ќе се усовршува информатичката опрема и ќе се подобри комуникацијата.

### 3.1.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

**ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ – Хемикалии**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Оваа област е регулирана со Законот за хемикалии (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.113/07). Со Законот за хемикалии се уредуваат условите и начинот на ставање на хемикалиите во промет, условите за производство на хемикалиите, правата и обврските на правните лица кои произведуваат и вршат промет со хемикалии или ги употребуваат, тестирањето, оценувањето, класификацијата, означувањето и пакувањето на хемикалиите, како и надзорот се со цел заштита на здравјето на луѓето и заштита на животната средина.

Инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат преку инспекторите за хемикалии.

Донесени се и два подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии ( подетално во поглавје 27 Животна средина ).

Во Бирото за лекови формиран е Сектор за хемикалии задолжен за примена на законските одредби во врска со издавањето на одобренија за ставање во промет на отрови, распоредувањето во групи на токсичност, увозот/извозот и превозот на отрови и хемикалии, електронско следење на податоците од софтверот во врска со издадените одобренија, нивното распоредување во соодветна група, прометот со отрови и хемикалии. Секторот има обврска да ја следи состојбата со производството и прометот со хемикалиите и да предлага мерки за надминување на одделни проблеми.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во рамки на регионалниот Проект за управување со ризикот од хемикалии кој се спроведува со Шведската агенција за хемикалии се обезбедува експертска помош во натамошното усогласување на законодавството во областа на хемикалиите.

Во овој период ќе се продолжи со работи на подготовка на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии. Ќе се донесат седум правилница поврзани со Директивата за биоциди 31998L0008.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Интерсекторската соработка за спроведување на овој закон ја врши Интерсекторско тело за хемикалии, формирано од Владата на Република Македонија. Задачата на Интерсекторското тело е да се обезбеди следењето на спроведувањето на Законот, предлагање на измени и дополнувања на Законот врз основа на европските и светските препораки за управувањето со хемикалиите, давањето препораки и насоки за потребите за зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво и на индустријата согласно со европските и меѓународните препораки и соработување со релевантните тела.

Планирано е кадровско зајакнување на Секторот за хемикалии во Бирото за лекови.

Ќе се формира дата база на податоци за сите правни субјекти вклучени во производството и прометот со хемикалии, како и на сите супстанции и препарати за кои е завршена постапката за регистрација и се наоѓаат во промет во Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се прилагодува националното законодавство со REACH регулативата, како и регулативата за класификација, пакување и означување.

Ќе се донесат повеќе правилници и листи за имплементација на Законот за хемикалии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се зајакнува интерсекторската соработка за спроведување на Законот за хемикалии, усогласен со REACH регулативата и зајакнување на капацитетите на сите инволвирани страни.
Бирото за лекови ќе се трансформира во Агенција за лекови до март, 2010. За ова намена се обезбедени средства од странска помош.

**ДЕТЕРГЕНТИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр.113/2007) опфатени се општите услови за ставање во промет на детергентите, како и за нивното пакување и означување.

Министерството за здравство е надлежно за разгледување на барањата за дерогација, а контролата и надзорот ја врши Државниот санитарен здравствен инспекторат. Републичкиот завод за здравствена заштита – Секторот за контрола на лекови врши контрола на квалитетот на детергентите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се зајакнат постоечките институции - ДСЗИ и секторот за контрола на лекови во Републичкиот завод за здравствена заштита, како и ќе се спроведе обука на вработените за примена и контрола на новите прописи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се заокружи правната рамка, како и процесот на кадровско екипирање на лабораториите кои вршат контрола на квалитетот.

Ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се утврдат методите за анализа на биоразградивост кај детергентите, тест методите и методите за анализа, како и посебните барања за означување на состојките заради целосно усогласување со Регулативата 32004R0648.

**ФАРМАЦЕВТСКИ И КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Со Законот за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија" бр.55/2007) управувањето на областа на козметичките производи во целост е во надлежност на Министерството за здравство. Државниот санитарен здравствен инспекторат врши контрола и надзор над процесот на производство и промет со козметички производи, додека контролата на квалитетот на козметичките производи се спроведува во Републичкиот завод за здравствена заштита кој е овластена државна институција за испитување и контрола на козметичките препарати.

Донесени се и следните подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за безбедност на козметичките производи: Листа на производи што се сметаат за козметички производи („Службен весник на Република Македонија" бр.156/07) и Правилник за добрата производна пракса („Службен весник на Република Македонија" бр.156/07).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за безбедност на козметичките производи со кои ќе се утврдат листите на производи кои не смеат да се користат во козметичките производи, листите на супстанции чија употреба во козметичките производи е дозволена, листите на бои, УВ филтри и конзерванси, начелата на добрата производна пракса, начелата на добрата лабораториска пракса, методите за анализа на козметичките производи, како и за содржината и начинот на означување на готовите козметички производи.

Ќе следи кадровско зајакнување на Секторот за контрола на лекови во РЗЗЗ каде се врши и контролата на квалитетот на козметичките производи. За вработените од ДСЗИ ќе се спроведе обука во областите хигиена, добра производна практика за козметичките производи, спроведување на правни постапки и импликации од контролите. За потребите на РЗЗЗ во контролната лабораторија на одделението за козметологија неопходно е да се набави и дополнителна опрема: еден апарат за течна хроматографија, еден атомски апсорпционен спектрофотометар и еден гасен хроматограф. За вработените во контролната лабораторија, планирано е да се спроведе обука во врска со воведувањето на новите методи за контрола на квалитетот на козметичките производи, за работа со опремата, како и обезбедување на субспецијализација за областа козметологија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се зајакни административниот капацитет на ДСЗИ, како и во Републичкиот завод за здравствена заштита.

Ќе се спроведе континуирана обука на вработените во областите хигиена, добра производна практика за козметичките производи, правни постапки и импликации од контролите.

**МОТОРНИ ВОЗИЛА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во ноември 2008 година, се донесе Законот за возила („Службен весник на Република Македонија„ бр.140/2008), во кој закон се транспонирани три директиви и тоа: 32007L0046, 319L0096 и 31999L0037. За прв пат во Република Македонија областа возила е регулирана во закон.

Формиран е Ревизионен комитет кој работи на верификување на прописите во транспозиција на ЕУ мерките од областа моторни возила во текот на 2007, со помош на техничка поддршка од ГТЗ и истиот ќе продолжи да работи во 2009 година до донесувањето на подзаконските акти

Надлежна институција за областа моторни возила е Министерството за економија. Четири државни институции имаат надлежност над примената на овој закон и тоа: Министерството за економија за хомологацијата (одобрување на возила), Министерството за внатрешни работи за технички преглед и регистрацијата на возила, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за безбедност во сообраќајот на трактори, земјоделски и шумски возила и Министерството за животна средина и просторно планирање за одјава на возилата поради нивно уништување. Инспекциски надзор на примена на законот за возила ќе вршат инспекторатите кои се орган во состав на именуваните државни институции.

Воедно, безбедноста на возилата во сообраќајот во Република Македонија и надвор е регулирана и со други закони во надлежност на други државни институции и тоа: Министерството за внатрешни работи се грижи за безбедноста во патниот сообраќај согласно Законот за безбедност во патниот сообраќај Министерството за транспорт и врски го имплементира Законот за превоз во патниот сообраќај и се грижи за превозот и транспортот воопшто..

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се донесат шест правилници согласно Законот за возила, во кои ќе се транспонираат директивите 32007L0046, 32002L0024 и 32003L0037.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Кон крајот на 2010 година ќе се следи имплеметацијата на Законот за возила и подзаконските акти со воведување на регистер за возила во Министерството за внатрешни работи и регистер за спроведена постапка за хомологација во Бирото за метрологија кој се именува за Орган за одобрување.

**ТЕКСТИЛ И ОБУВКИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Имплементацијата на 4 те подзаконски акти за текстил и обувки согласно Законот за безбедност на производите е во надлежност на Министерство за економија - Сектор индустрија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во 2009 година, се планира да се донесат два нови правилници и тоа:

- Правилник за методи за квантитативна анализа на двокомпонентна суровина за текстилни влакна согласно директивата 32006L0002;
- Правилник за текстилни називи согласно измените на директивата 31996L0074.

**СТАКЛО И ДРВО**
Правна основа за донесување на подзаконските акти од областа на стакло и дрво во Република Македонија ќе претставуваат следните правни прописи:

- Закон за градежни производи (област на градежно стакло и на производи од примарниот дел на дрвната индустрија, преработка на дрво, кое се користи во градежништвото, се покриени со стандарди), целосно усогласен со директивата на ЕУ за градежни производи (31989L0106), дополнета со директивата за СЕ означување (31993L0068).
- Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија„ бр.33/06 и 63/07).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се надлежни за донесување на правните прописи од областа на дрво.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2009 година ( IV квартал), ќе се донесе Правилник за класификација на необработено дрво согласно новата Одлука на ЕУ 32007D0714. Со донесување на новиот правилник за класификација на необработено дрво во 2009 година, ќе се заокружи правната рамка од оваа област и целосна имплементација на ЕУ мерките за стакло и дрво во Република Македонија

**ИНСТИТУЦИИ**
Зајакнување на капацитетите во Министерството за економија и воспоставување на непречена соработка со сите инволвирани страни за имплементација на правните прописи од оваа област.

### 3.1.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Транспониран е значаен дел од директивите од новиот приод.

Усвоен е Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија„ бр.33/06 и 63/07), во кој е транспонирана директивата 32001L0095, кој претставува правна основа за донесување на подзаконски акти за транспонирање на директивите од новиот приод.
Усвоени се вкупно 17 правилници согласно Законот за безбедност на производи.

За спроведување на правилниците согласно Законот за безбедност на производи, Министерот за економија во 2007 и 2008 година објави четири листи на усвоени стандарди и тоа:

- Листа на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден („Службен весник на Република Македонија„ бр. 75/2007);
- Листа за дополнување на Листата на стандарди, со чија употреба се смета дека производот е безбеден (опрема и заштитни системи, безбедност на машини, низон напон, електромагнетна компатибилност, опрема под притисок и опрема за лична заштита) или вкупно 235 стандарди („Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/2007);
- Листа за дополнување на Листата на стандарди, со чија употреба се смета дека производот е безбеден (опрема и заштитни системи, безбедност на машини, низон напон, електромагнетна компатибилност, опрема под притисок и опрема за лична заштита) или вкупно 235 стандарди („Службен весник на Република Македонија„ бр. 45/2008) и
- Листа за дополнување на Листата на стандарди, со чија употреба се смета дека производот е безбеден (опрема и заштитни системи, безбедност на машини, низон напон, електромагнетна компатибилност опрема под притисок и опрема за лична заштита) или вкупно 95 стандарди („Службен весник на Република Македонија„ бр. 120/2008).

Законот за изменување на Законот за градежни производи („Службен весник на Република Македонија„ бр. 39/06 и 86/08) е целосно усогласен со директивата на ЕУ за градежни производи (31989L0106), дополнета со директивата за CE означување (31993L0068).

За спроведување на правилниците согласно законот за градежни производи, Министерот за економија во 2007 и 2008 година објави список на усвоени основни стандарди ( стандардизациски документи, кои се дополнување, анекси и корегендуми) и тоа:

- Список на македонски национални стандарди кои се прифатени вкупно 201 основен стандарди („Службен весник на Република Македонија„ бр. 64/2007 )
- Список на дополнување на Списокот на македонски национални стандарди кои се прифатени, хармонизирани стандарди, или вкупно 108 основни стандарди („Службен весник на Република Македонија„ бр. 8/2008 и 129/2008 ).

Во рамки на правилниците е пропишан начинот и димензијата на CE обележувањето.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Врз основа на Законот за заштита на потрошувачите („Службен на Република Македонија„ бр. 38/2004), ќе се донесе Правилник за детските играчки усогласен со дополнувањето на директивата 31988L0078.

Ќе се донесат следните правилници:

- Рекреативни пловила
- Радио и телекомуникациска опрема за терминал
- Класификација на дрво

Подзаконски акти кои ќе се донесат во рамки на Законот за градежни производи се,:

- Правилник за пожарна класификација на градежните производи

- Правилник за постапка за доделување на европска согласност на градежен производ, кои наоѓаат примена во градежништвото, согласно директивата 31989L0106 за градежни производи и за утврдување на сообразноста за поедини фамилии на градежни производи (правилникот не се изработува, областа ќе биде покриена со стандарди).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Целосна транспозиција и имплементација на директивите од новиот и глобалниот приод и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

**ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Со Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија„ бр. 106/2007) се покриени делот за лекови и медицински помагала

Во 2008 год. објавени се: Правилник за издавање на одобрение за ставање на лек во промет, Правилник за обновување на одобрението, Правилник за пренос на одобрението за ставање во промет, Правилник за огласување на лекови, Правилник за фармаковигиланца, како и во тек е постапката на објавување на Правилник за промени на одобрението, Правилник за регистрација на традиционални хербални лекови и Правилник за производство на лекови усогласени со директивата 32002L0024.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се спроведе обука на вработените во врска со имплементација на новите законски одредби врзани со ИПА - проектите. Ќе се донесат на следниве подзаконски акти: Правилник за клиничко испитување на лековите, Правилник за означување на лековите и упатство за пациент, Правилник за увоз на лекови, Правилник за изработка на галенски лекови, Правилник за промет на големо, Правилник за промет на мало, Правилник за контрола на квалитетот на лековите, Правилник за начинот на пропишување и издавање на лекови.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се донесат следниве подзаконски акти:
Упатства за ДПП, ДКЛП, ДЛП, ДКП, ДФП, Правилник за регистрација на хомеопатски лекови (32001L0082), Правилник за аналитичко испитување на лековите, Правилник за фармаколошко-токсиколошко испитување на лековите.

Потребна е континуирана обука на вработените за новите постапки врзано со имплементација на правилниците, како и да се предвидат и обезбедат средства за тоа.

### 3.1.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ
**ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Усвоена е Уредбата за постапка за нотификации според правилата на ЕУ, која произлегува од Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија„ бр. 107/2007), во која е транспонирана Директивата 31998L0034 која ги утврдува постапките за доставување на информации за стандарди, прописи и правила за услуги во информативното општество и ќе се применува од денот на пристапување на РМ во ЕУ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се подготват релевантните институции за примена Уредбата и на директивата за нотификација во нехармонизираната област.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Оваа проблематика ќе ја следи Секторот за внатрешен пазар при Министерството за економија и Институтот за стандардизација на Република Македонија. Ќе се воведе посебно одделение со основна задача – контактна точка за директивата за нотификации 31998L0034 во нехармонизираната област. Исто така во Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, ќе се обезбеди најмалку еден вработен со работи и работни задачи за нехармонизираното подрачје. За оваа цел ќе се извршат обуки на лица вработени во Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

**СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КУЛТУРНИ ДОБРА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Со измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр.115/07) постигната е делумна усогласеност со ЕУ регулатива. Доусогласувањето со Регулативата се изврши со донесување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата за изнесување и извоз на културни добра во странство и начинот на издавање на дозволите и уверенијата (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 105/08).

Почнувајќи од 1 септември 2008 година, Управата за заштита на културното наследство дозволите и уверенијата за изнесување на културни добра во странство ги издава на стандардизирани и унифицирани образци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Министерството за култура функционира Секторот за заштита на културното наследство со вкупно 11 вработени и Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице со вкупно 40 вработени. Во Управата, во Секторот за превенција и инспекциски надзор – Одделение за превенција на културното наследство се следи состојбата околу недозволениот увоз/извоз и изнесување во странство на културното наследство и се преземаат превентивни мерки за намалување на можностите за појава на ризик од такви дејствија. Во таа смисла се остварува соработка со надлежните министерства за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и странство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Зајакнување на соработката со надлежните министерства за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и странство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Јакнење на административните капацитети на Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура за спроведување на утврдените надлежности, во смисла на создавање на предуслови за имплементација на донесената регулатива.

**ОРУЖЈЕ**
**ПРАВНА РАМКА**
Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за оружје (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 86/2008).

Донесени се следните правилници:
- Правилник за изменување на Правилникот за програмата за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практичното оспособување за ракување со оружје, како и начинот на спроведувањето на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружјето (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.135/2008).
- Правилник за изменување на Правилникот за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите за практично оспособување за ракување со оружје на правните лица (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 135/2008).
- Правилник за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 93/2008).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во однос на подготовката и имплементација на законските и подзаконски акти надлежно е Министерството за внатрешни работи. Одреден број на одредби од наведениот закон предвидуваат обврски и за други субјекти и тоа за:
- Судовите; Центри за социјална работа (член 10 став 1); јавни здравствени установи (Член 11 став 5); овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје (член 14); Министерство за одбрана (член 46 став 3 и член 69 став 1); Министерство за економија (член 46 став 3);
- Министерство за надворешни работи (член 69 став 1).

Надлежни институции за имплементација на правилниците донесени врз основа на Законот за оружјето се: Министерството за внатрешни работи, овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје, установи од примарна здравствена заштита кои вршат дејност медицина на трудот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се донесе Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европскиот документ за оружје (произлегува од Глава X од Законот, која ќе се применува по приемот на РМ во ЕУ). Овој правилник ќе биде донесен со започнување на примена на Глава X од Законот за оружјето.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Ќе се донесе Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО донесена на 16.062006) и Акционен план.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Донесување на Закон за жигосување и маркирање на оружјето и изработка на Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европски документ за оружје.

**ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија во текот на 2009 година ќе го донесе Законот за надзор на пазарот во кој ќе се транспонира Глава III од Регулативата 32008R0765 за проверки за сообразност со правилата за безбедност на производите во случај на производи увезени од трети земји.

За воспоставување на нов систем на контрола веќе се врши ревизија на надлежностите на инспекциските органи кои треба комплетно да го реорганизираат начин на работење, да развијат способност за вршење надзор на внатрешниот пазар во Република Македонија наместо на царинските терминали, да бидат во можност да ги анализираат ризиците и за истото да воспоставаат соодветни механизми за размена на податоците со царинските органи, да креираат бази на податоци кои ќе бидат достапни за царинските органи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Царинските органи ќе развијат механизми за користење на податоците добиени од надлежните органи при изградбата на сопствениот систем на анализа на ризик и ефикасни механизми на комуникација со другите инспекциски органи во случаите кога тие ќе одлучат да го одложат пуштањето на стоките за кои постои сериозно сомневање кое им дава причина да веруваат во постоење на сериозен и моментален ризик по здравјето или безбедноста во случај тие производи да се употребуваат во нормални и предвидливи услови и/или дека производ или група на производи не е придружуван со документ или не е означен во согласност со прописите за безбедност на производите.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во рамки на Проектот надзор на пазарот обезбедена е финансиска поддршка на Државниот пазарен инспекторат и Државниот технички инспекторат, вклучувајќи и ИТ опрема за спроведување на горенаведените активности. Техничката спецификација е одобрена, евалуацијата за избор на најповолен понудувач е завршени и веќе отпочнува постапка на инсталирање на соодветната опрема.

## 3.2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

### 3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Основен акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на пристапот до пазарот на труд за странците е Законот за вработување и работа на странци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2007). Заради заштита на интересите на странците, како и заради попрактична примена на законодавството, се пристапи кон изменување и дополнување на Законот, кој е во Владина процедура.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Во почетокот на 2009 ќе биде усвоен Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци.** Со предложените измени и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци се врши терминолошко усогласување со Законот за азил и привремена заштита и се дава можност на жртвите на трговија на луѓе кои го имаат регулирано својот престој во државата да се стекнат со лична работна дозвола која ќе им овозможи слободен пристап до пазарот на трудот, согласно одредбите од Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе, која конвенција е потпишана од страна на Република Македонија и која треба да биде ратификувана до крајот на 2008 година од парламентот на Република Македонија.Главната цел која ќе се постигне со предложените измените на Законот, е пред се забрзување на постапката и намалување на роковите за издавање на соодветните типови на работни дозволи.
- Собранието на РМ треба да донесе Резолуција за миграција, согласно Законот за странци и Законот за вработување и работа на странци.
- Институциите кои се инволвирани во процесот на издавање на работни дозволи ќе бидат електронски поврзани меѓусебе.
- Подготовка и печатење на повеќејазична брошура за постапките на издавање на дозвола за привремен престој заради вработување, работа и самостојно вршење на дејност од страна на странци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Целосно закружување на процесот на усогласување на македонското законодавство, особено со одредбите од членот 39 од ДЕЗ.
- Измени на постоечкото законодавство во РМ со што ќе им се овозможи на државјаните на ЕУ да имат пристап до јавниот сектор при пристапување во ЕУ, соглсно *aquis* и судската пракса.

### 3.2.2 ЕУРЕС

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Како основни компоненти на подготовка на земјата за приклучување кон ЕУРЕС се назначени:

- Компатибилност на базата на податоци на слободни работни места (Vacancy Bank) со Меѓународните стандарди за квалификации на занимања (ИСЦО-88) Ова е остварено од 01.12.2008 година. Новина во овој систем е тоа што слободните работни места коишто се огласуваат се опишани според Националната класификација на занимања којашто е во потполност усогласена со ИСЦО-88. На тој начин, базата на слободени работни места е споредлива со базата на ЕУРЕС и кога ќе дојде моментот да се објавуваат слободните работни места од Република Македонија на веб страната на ЕУРЕС, тоа ќе се прави на едноставен начин, со што е исполнет еден од најзначајните предуслови за приклучување кон ЕУРЕС.

- Подобрување на капацитетите на вработените во смисла на подобрување на компјутерски вештини и вештини за посредување при вработување помеѓу работодавачите и лицата кои бараат работа, а посебно за ИТ персоналот во Агенцијта за вработување на Република Македонија (АВРМ).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на националното законодавство со Одлуката 32003D0008 за ослободување на работни места и аплицирање за вработување и Картата за EURES (Charter 52003XX0503(02).
- Подготовка на Акциски план на мерки и активности за учество на Република Македонија во ЕУРЕС.
- Преземање на потребните мерки (организациски и технички) за постепено воспоставување на административен и технички капацитет во Агенцијата за вработување на Република Македонија и Центрите за вработување, заради нејзино учество во ЕУРЕС системот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Целосно спроведување на планот за учество во ЕУРЕС системот.

### 3.2.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија активно се работи на склучување на билатерални договори за социјално осигурување. Од 1 март 2008 година стапи на сила **Договор за социјално осигурување со** Романија (" Службен весник на РМ", бр. 59/2006 ).Ратификуван е Договорот за социјално осигурување со Луксембург и ќе стапи во сила во почетокот на 2009. Завршени се преговорите и парафирани се договорите за социјално осигурување со Канада и во септември 2008 година со Црна Гора.

Во овој период органите за врска (ФПИОМ и ФЗО) остварија разговори со органите за врска со Кралството Белгија, Унгарија и германскиот орган задолжен за несреќи на работа, при што се утврдија двојазични образци и усогласување на админстративните спогодби. Во ноември 2008 година одржани се пре-елиминарни разговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Австралија. Со оглед на фактот дека во оваа прекуокеанска земја живеат и работат голем број македонци, Република Македонија има интерес за склучување на договор за социјално осигурување со Австралија, особено од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Билатералните преговори во однос на текстот на договорот за социјално осигурување со Австралија ќе отпочнат во период март-април 2009 година во Скопје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји, во текот на 2009 година, ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Италија, Франција, Шведска , Словачка, Кралството Норвешка, Англија и Северна Ирска..

Се планира развивање на административен капацитет за целосна примена на Регулативите 31971R1408 и 31972R0574 за гранките на социјална сигурност и кадровско екипирање на Секторот за пензиско и инвалидско осигурување во Министарството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Приоритет во областа на пензиското осигурување е донесување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, во кој ќе биде транспонирана и новата Регулатива 32004R0883. Со овој закон ќе се регулираат видовите на исплати на пензии од капиталното финансирано пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања, еднократни повлекувања), институциите за исплата на пензиите, начинот на пресметка на пензија од капиталното финансирано пензиско осигурување, и други прашања.

### 3.2.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија има потпишано Договори за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија и тоа во 2008 година со: Чешката Република (во примена од 1 јуни 2008 година) и со Сојузна Република Германија (во примена од 1 октомври 2008 година).

Врз основа на позитивното досегашно искуство во примената на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија достави иницијатива за потпишување на вакви Договори и со другите земји членки на ЕУ. Оваа иницијатива е прифатена од Кралството Холандија, Кралството Белгија, Република Бугарија и Република Унгарија, и со овие земји се планирани преговори за потпишување на вакви договори.

Министерството за здравство донесе Стратегија за развој на Македонски интегриран здравствен информатички систем со посебен осврт на примената на електронската здравствена картичка. Во овој документ утврдена е динамиката на активности и е предвидено дека до 2010 година ќе се воведе електронската здравствена картичка..Во мај 2008 година е спроведена постапка за јавна набавка на електронска здравствена картичка, при Министерството за здравство, и е избрана софтверската компанија за изработка на електронската здравствена картичка.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

За воведување на **електронската национална картичка за здравствено осигурување,** која би ја заменила здравствената легитимација ќе се работи на исполнување на следните услови:

- Донесување на подзаконски акт за утврдување на правна и техничка рамка за воведување на националната картичка за здравствено осигурување, во кој ќе бидат имплементирани следните ЕУ мерки: 32003D0751 за воведување на европската картичка за здравствено осигурување, за замена на формите неопходни за примена на Регулативите 1408/71 и 574/72 за пристап до здравствените услуги за време на привремен престој во ЗЧ различна од земјата на живеалиште; Одлуката 32003D0752 за техничките спецификации за Европската картичка за здравствено осигурување; и Одлуката 32003D0753 за замена на формите Е 111 и Е 111 В со Европската картичка за здравствено осигурување,
- Ревидирање на основниот пакет на здравствени услуги,
- Обезбедување на соодветна информатичка технологија, која како пилот ќе се спроведе во Клинички центар во Скопје и во други општи болници во Република Македонија и ќе ги опфати сите категории на осигуреници
- Министерството за здравство на почетокот на 2009 година ќе потпише договор со избраната софтверска компанија. Министерството за здравство ќе формира Проектна единица за имплементација на проектот електронска задравствена картичка составена и од Фонд за здравствено осигурување на Македонија и надворешни експерти

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира целосна имплементација на подзаконскиот акт за утврдување на правна и техничка рамка за воведување на националната картичка за здравствено осигурување, како и заживување на доброволното дополнително здравствено осигурување во праксата согласно Законот за здравствено осигурување и Законот за осигурување, заради покривање на трошоците за здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

## 3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ

### 3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Регулаторната гилотина е во завршна фаза на спроведување преку вклучување на релевантните прописи во Единствениот електронски регистар на прописи со цел обезбедување на ефикасност. Над 2000 прописи (закони и подзаконски акти) беа предмет на преиспитување од страна на органите на државната администрација со цел да се отстранат сите прекумерни неоправдани административни постапки и нивно поедноставување. Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (Службен Весник на Република Македонија бр. 150/07) содржи одредби наменети за спроведување на утврдените потреби за поедноставување на започнување на дејност, подобрување на едношалтерскиот систем и отстранување на неоправданите формалности.

Во таа насока и Законот за изменување на Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија 87/08) содржи одредба со која се овозможува онлајн регистрација преку едношалтерскиот систем. Примената на оваа одредба е одложена за втора половина на 2009 година заради целосно воспоставување на електронскиот систем при Централниот регистер.

Согласно последните измени на Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр.81/08) а со цел овозможување на поедноставена и поефикасна постапка за упис на инвестициите во соодветните регистри се донесоа: Правилник за начинот на пријавување, уписот, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија (Службен весник на РМ 122/08) и Правилник за начинот на пријавување, уписот, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство (Службен весник на РМ 122/08).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Главен приоритет е оцена на постоечката регулатива од аспект на утврдување на барања за правото на основање кои се во спротивност со Директивата за услуги 32006L0123 и нивно елиминирање за физички и правни лица од земји членки на ЕУ.

Продолжува анализата на постојната регулатива со цел обезбедување на правото на основање на физички и правни лица од земјите-членки на ЕУ на територијата на Република Македонија согласно со барањата со Директивата за услуги. Во таа насока се анализираат постапките за издавање на одобренија од аспект на нивната транспарентност, објективност и навременост.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во рамки на соработката со Словенија, Програма за техничка помош од Словенија, во текот на 2009 година планирана е една обука за Директивата за услуги во Македонија за членовите на работната група за поглавјето 03 Право на основање и слобода на давање на услуги и една студиска посета на Словенија со цел да се осознаат нивните искуства за имплементација на директивата

### 3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во согласност со планираните активности за усогласување со Директивата 32006L0123, се анализира законодавството во услужниот сектор. Истотака се изврши и поедноставување на барањата за давателите на услуги во Република Македонија во одредени закони од услужниот сектор:

- Со измените на Законот за туристичка дејност (Службен весник на РМ 89/18.07.2008) и измените на Законот за угостителска дејност (Службен весник на РМ 89/18.07.2008) се поедноставени постапките за барање за лиценца и се скратува времетраењето на постапката во согласност со начелото „молчење значи одобрување".
- Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура (Службен весник на Република Македонија бр. 29/07) предвидува одредба за правна помош и вршење на адвокатска дејност на територијата на Република Македонија на адвокатите и здруженијата на адвокати од земјите-членки на ЕУ. Оваа одредба стапува во сила со членството на Република Македонија во Европската унија.

Во Минситерството за економија, во текот на Ноември од 17-19 2009 година, се одржа експертска мисија на TAIEX за Директивата за услуги. На оваа активност присутни беа преставници од различни институции релеванти за оваа поглавје.

Мисијата, меѓудругото, имаше за цел да ја објасни разликата помеѓу правото на основање на давателите на услугите и слободата на давање на прекугранични услуги.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со оглед на сложеноста на анализата на законодавството на целокупниот услужен сектор и можноста со анализата да не се опфатат сите акти со кои се регулира пристапот на странски даватели на услуги во Република Македонија, Работната група за Поглавје 03 ја утврди потребата од подготовка на Акциски план за усогласување со барањата на директивата за услуги 2006/123/ЕЗ.

Иницирани се активности за подготовка на Акцискиот план кој ќе се подготви врз основа на добиените извештаи за усогласеност од страна на сите органи на управа во чија надлежност се законите и подзаконските акти со кои се регулира пристапот на пазарот на странски даватели на услуги. Со Акцискиот план ќе се утврди динамиката на подготовка, предлагање и донесување на законите и подзаконски акти со цел елимирање или поедноставување на идентификуваните бариери соогласно со директивата

Ќе се преиспитува и системот на лиценцирање во услужниот сектор заради утврдување на оправданоста на одредени барања при давањето на услуги и потребата истите да се поедностават. За таа цел се планира поактивно вклучување на претставници на стопанските комори, професионалните асоцијации и здруженија во работата на меѓуресорската работна група за ова поглавје.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок продолжуваат законодавните активности утврдени во Акцискиот план за елиминирање или поедноставување на одредбите од законите и подзаконските акти во услужниот сектор кои се идентификувани како бариери согласно со барањата на Директивата за услуги.

Се планира започнување на активности за воспоставување на "единствени точки за контакт". Во моментов во Република Македонија функционира веб портал www.uslugi.gov.mk кој обезбедува информации за граѓаните и деловните субјекти од страна на државната администрација. Веб порталот содржи опис на услугите, правната основа за истите, надлежната институција, податоци за одговорното лице во институцијата, обрасци за аплицирање и опис на постапката за аплицирање.

Одржувањето на веб порталот е во надлежност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и истиот е добра основа за исполнување на барањата од директивата за услуги за креирање на единствена точка за контакт.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во текот на 2008 година одобрена е експертска помош од Европската Комисија во рамки на TAEIX програмата за обука на претставниците на хоризонтално тело за меѓуресорска соработка за понатамошни насоки во врска со усогласувањето со Директивата 32006L0123. Во периодот 17-19.11.2008 година одржан е семинар во рамки на TAEIX експертска мисија за директивата за услуги. Во текот на 2009 година е предвидена работилница за директивата за услуги во рамки на TAEIX програмата.

## 3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во рамките на приближувањето на националното со европското законодавство во 2007 година беше предвидено изготвување Стратегијата за развој на поштенските услуги како стратешки документ. Овој документ е утврден од страна на Владата на Република Македонија. Оваа Стратегија го предвидува развојот на поштенскиот сектор, со утврдување на јасни и мерливи цели и задачи од приоритетно значење за Република Македонија. Со оваа Стратегијата з се опфатени прашањата за обезбедувањето на поштенските услуги во Република Македонија и се дефинираат целите за понатамошниот развој на поштенските услуги.

1. Во рамките на првата основна цел утврдена во Стратегијата **е воспоставување на нова регулативна рамка**, е донесен нов Закон за поштенски услуги (Сл.весник на Република Македонија бр. 9/08), кој е делумно усогласен со Директивите на Европскиот Парламент и Советот, а неговото потполно усогласување е извршено со донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од законот, а се во функција на негово извршување и имплементирање.

**Во законот е транспонирана Директивата 32002L0039 на Европскиот парламент и на Советот од 10 јуни 2002 година во врска со понатамошното отварање и воведување на конкуренција на пазарот на поштенските услуги со што се обезбедува постепена и контролирана либерализација на поштенскиот пазар.**

2. Во новиот закон е предвидено формирање на Независно регулаторно тело за поштенските услуги правно одвоено и независно на оперативен план од даватели на поштенските услуги. Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело отпочна со работа во јуни 2008 година. Со отпочнување со работа на Агенцијата за пошти во потполност е реализирана втората цел од основните цели предвидени со Стратегијата за развој на поштенските услуги. Од страна на Агенцијата за пошти во октомври 2008 година донесени се предвидените подзаконски акти и објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 131/2008 година, така што се врши целосно усогласување со Директивите на Европскиот Парламент и Советот.
   Агенцијата за пошти во декмври 2008 им издаде Одобренија на 7 даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар, а на АД Македонска пошта и издаде Индивидуална дозвола, врз основа на која ќе ја обезбедува универзалната поштенска услуга.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за креирање на политиката во поштенскиот сообраќај односно за реализирање на политиката на Република Македонија во областа на внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај.
Агенцијата за пошти е регулаторно тело кое има функција да го регулира поштенскиот пазар и да вовоедува постепена и контролирана либерализација на пазарот. Во рамките на Агенцијата за пошти работат 7 лица со висока стручна спрема со што е постигнат чекор кон постигнување на соодветен административен капацитет.

Акционерското друштво во државна сопственост „Македонска пошта“, согласно постојниот закон е надлежен оператор за вршење на работите во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, вклучувајќи и обезбедување на универзална поштенска услуга.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Како главен приоритет во овој дел останува имплементацијата на Законот за поштенските услуги и сите подзаконски акти кои се веќе донесени како и целосната имплементација на Стратегијата за развој на поштенските услуги во Република Македонија 2008 -2010 година.

Донесување општи акти од страна на Агенцијата за пошти заради обезбедување на поштенските услуги и изготвување на електронска база на податоци што ќе содржи податоци за издадените дозволи и одобренија. Регистарот на иматели на дозволи и одобренија ќе биде јавно достапен.

Агенцијата за пошти ќе донесе Правилник за утврдување на методлогија за пресметување на годишниот надоместок за вршење надзор на пазарот на поштенски услуги, како и ќе го утврди начинот и условите за пристап до јавната поштенска мрежа, цената на пристапот и другите прашања поврзани со пристапот.

Во соработка со Комисијата за заштита на конкуренција, Агенцијата за пошти ќе работи на спроведување на одредбата за спречување на субвенционирање на другите поштенски услуги од приходите остварени од универзалната поштенска услуга.
Агенцијата за пошти ќе утврди метод и ќе изврши евалуација на квалитетот на достава на поштенските пратки.

Во рамките на своите активности Агенцијата за пошти ќе работи на:

- изготвување методологија за анализа на пазарот на поштенските услуги, врз основа на која ќе спроведе анализа на постоечкиот пазар на поштенските услуги во земјата;
- изготвување методологија за мониторинг на цените на другите даватели на поштенските услуги врз основа на систем за цени на слободен пазар;
- Подготвка и усвојување акти за спроведување на надзор и инспекција и ќе иницира постапки за изрекување на санкции за прекршување на Законот за поштенските услууги.
- подготовка на Стратешки и операционен план на Агенцијата за период 2009-2012 година

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за комуникации формирано е Одделение за поштенски сообраќај кое ги врши работите од оваа област. Во одделенито во редовен работен однос вработени се 3 стручни лица.
Агенцијата за пошти заради исполнување на надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги во делот на надзорот и инспекцијата на пазарот и натамошното зајакнување на сопстениот административен и оперативен капацитет

во повеќе сектори, ќе има потреба од вработување на шест стручни лица од кои две ќе бидат овластени инспектори за поштенски сообраќај, три во секторот за анализа на пазарот и едно административно лице.

| Буџетски број | институција | Сосотојба 2008 | 2009 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | МТВ Сектор за комуникации-Одд.за поштенски сообраќај | 3 | 0 | 3 |
| | Агенција за пошти | 7 | 6 | 13 |
| Вкупно | | 10 | 6 | 16 |

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Усогласување на Законот за поштенски услуги и подзаконските акти со законодавството на Европската Унија со рамки на евентуални измени и дополнувања на Директивите од областа на поштенските услуги.

Во текот на 2009 година Агенцијата за пошти очекува да воспостави контакти со Светскиот поштенски сојуз и CERP со регулаторните тела од повеќе земји заради размена на искуства и олеснување на процесот на имплементација на законската легислатива и процесот на приближување на националното законодавството од областа на поштенските услуги со легислативата во ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Обука на вработените во Министерството за транспорт и врски – Одделение за поштенски сообраќај.
Агенцијата за пошти ќе има потреба од обуки за своите вработени од областа на регулација на поштенскиот пазар, имплементација на сметководствените системи кај давателите на универзална поштенска услуга, односите со јавноста и од областа на заштитата на конкуренцијата. За таа цел, ќе бидат предвидени средства во финансискиот план на Агенцијата за 2009 година.

### 3.3.4 МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Признавањето на професионалните квалификации во Република Македонија се врши со повеќе законски и подзаконски акти од страна на повеќе институции.
Македонскиот информативен центар (ENIC) е тело кое е воспоставено за информирање на странските државјани за легислативата и начинот на признавање на странските високообразовни квалификации. Во моментот согласно новиот Правилник за систематизација на работни места во Министерството за образование и наука од јануари 2009 година, овој ценатр е трансформиран во  Одделение за организација на мрежата во училиштата; Одделение за  евалуација на основното и средното образовние и нострификација и еквиваленција на свидетелства и дипломи , како и Одделение за организација на мрежата во високо образование.

Во месец откомври 2008 година, беше побаран TAIEX апликација за организирање работилница за Директивата 2005/36. Согласно планираните активности, во текот на второто тромесечие од 2009 година е предвидено на одржување на TAIEX работилница, за преставниците на хоризонталната работна група, по што ќе се пристапи кон подготовка на текст на предлог на Закон за професионално признавање на квалификации, кој се очекува да биде усвоен до средината на 2010 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на првата половина на 2009 година, се очекува донесување на Закон за признавање на професионални квалификации, кој што ќе биде усогласен со Директивата 36/05 на ЕЗ. За таа цел се планирани активности за организирање обуки за запознавање со директивата и изготвување на анализа за степенот на усогласеност на националното законодавтсво со Директивата 36/05.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Министерството за образование и наука предвидува користење на странска помош заради  зајакнување на административниот капацитет, со цел обезбедување на целосна усогласеност на националното законодавство со Директивата 36/2005 на ЕЗ. Странската помош ќе се состои од:
- TAIEX работилница за Директивата 36/05 на ЕЗ; каде што се очекува да присуствуваат лица од  МОН, МЕ, МТСП, Коморите и останатите релевантни институции;

-TAIEX обука за хармонизација на националното законодавство со Директивата 36/05 на ЕЗ.

## 3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

### 3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Појдовна основа за регулирање на движењето на капиталот и тековните плаќања во Република Македонија претставува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија потпишана во 2001 година. Согласно обврските преземени со оваа Спогодба, Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002, 32/2003, 51/2003 и 81/2008) предвидува постепена либерализација на движењето на капиталот во зависност од неговата рочност и вид.

Имено, со Законот за девизно работење е остварена целосна либерализација на директните инвестиции, комерцијалните кредити и финансиските заеми, како и кредити со рок на доспевање над 1 година. Со одредбите од Законот се либерализирани и финансиските кредити со рок на доспевање помал од 1 година.

Со цел либерализација на вложувањата во недвижности од страна на нерезидентите во текот на 2008 година беше направена измена на Законот за сопственост и други стварни права (Службен весник на Република Македонија бр. 18/2001 и 92/2008), со што се овозможи нерезидентите од земјите на Европската Унија и ОЕЦД да можат да стекнуваат сопственост над недвижности под исти услови како и граѓаните на Република Македонија.

Истовремено со цел поедноставно водење на сметките во домашни банки од страна на нерезиденти, НБРМ во текот на 2008 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите за отварање и водење на сметки на нерезиденти (Службен весник на Република Македонија бр. 139/2008) со која се укинуваат ограничувањата на нерезидентите да вршат уплата на ефективни странски пари или денари, на своите сметки кај банките, претходно повлечени од овие сметки во рок од 30 дена од денот на уплатата.

Согласно Законот за девизно работење и со цел олеснување на условите за внесување и изнесување на ефективни странски пари и чекови во и од Република Македонија, во текот на 2008 година се донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлука за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои може да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 69/2008).

Со Одлуката се предвидува резидентите и нерезидентите да можат слободно да внесуваат или изнесуваат во и од Република Македонија ефективни странски пари и чекови во износ до 10.000 ЕВРА. Одлуката е во согласност со Регулативата на Европскиот парламент за контрола на кешот кој влегува или излегува од заедницата 32005R1889 во која е утврдено дека секое физичко лице кое влегува или излегува од заедницата и носи готовина над 10.000 евра треба да ја пријави сумата на надлежните органи на државата во која влегува или излегува.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Законот за девизно работење го подготвува Министерството за финансии. Подзаконските прописи со кои се обезбедува поефикасна имплементацијата на Законот ги донесуваат Министерството за финансии, Народната банка, Министерството за економија и Комисијата за хартии од вредност. Спроведувањето на Законот за девизно работење и прописите донесени врз основа на овој Закон, во рамките на своите надлежности ги вршат: Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Државниот девизен инспекторат, Министерството за економија и Комисијата за хартии од вредност. Наведените органи на надзор меѓусебно се известуваат за непочитување на одредбите од Законот и меѓусебно помагаат во врска со констатираните неправилности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Законот за девизно работење предвидува постепена либерализација на движењето на капиталот (Службен весник на Република Македонија бр. 34/01,49/2001, 51/2003, 81/2008) . Имено, по истекот на првата етапа од ССА, со преодните одредби од законот се предвидува целосна либерализација на работењето со хартии од вредност и вложување во недвижности од страна на резиденти во странство.

На почетокот на 2009 ќе биде донесен нов Закон за инвестициски фондови. Во законот ќе бидат транспонирани следниве директиви: 32001L0108, 32001L0107, 31985L0611, 32000L0064,32004L0039 и 32007L0044 за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност.

Во тек на 2009 се очекува да се донесат измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност со кои се планира усогласување со директивите: 31997L0009 и 32007L0044.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По истекот на втората етапа од ССА , со преодните одредби на Законот за девизно работење се предвидува либерализација на депозитните работи од страна на резидентите во странство.

До 2011 година планирано е Комисијата за хартии од вредност да преземе активности за поврзување со базите на податоци со други домашни институции: Централниот регистар, Управата за јавни приходи, Народната банка на Република Македонија, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии-Финансиска полиција и Управа за спречување перење на пари и финансирање тероризам.

## 3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Платниот промет во земјата е уреден со Законот за платниот промет (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07 и 22/08) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон. Согласно законот од 1 јануари 2008 година платниот промет се извршува единствено преку трансакциски сметки кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки.

Во мај 2008 година при Националниот Совет за платни системи формирани се работни групи за имплементација на поедини стратешки насоки од Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија (2009-2011) година и тоа: за поттикнување на нагорни трендови на безготовинските плаќања, за електронски кредитни трансфери, за електронски директни задолжувања, за платежни картички, за кеш, за правна подршка и работна група за подршка на операции, инфраструктура и стандарди.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии е надлежна институција за подготвување на Законот за платен промет. Донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од овој Закон е во надлежност на Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија. Надзорот над работењето на платните системи го врши Народната банка на Република Македонија. Народната банка ги донесува и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а се однесуваат на платниот промет со странство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Проучување и изработка на план за имплементација на Директивата 2007/64 за ситеми на плаќања во внатрешниот пазар и дефинирање на одредбите од Директивата кои треба да се транспонираат во домашното законодавство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Постепено транспонирање на одредбите од Директивата 2007/64 за платежни услуги на внатрешниот пазар на ЕУ.

Усвојување на Регулативата 2560/2001 за прекугранични плаќања во евра.

## 3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Новиот Закон за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам беше усвоен во месец јануари 2008 година (Службен весник на Република Македонија бр. 04/2008). Со овој Закон се измени статусот на дотогашната Дирекција за спречување на перење пари која беше преименувана во Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Новата институција има статус на правно лице, сопствен буџет и се стекна со, можност за вршење на супервизија врз субјектите кои се опфатени со Законот. За прв пат со овој Закон во делот на дефинициите, сеопфатно е опишано кривичното дело „финансирање на тероризам“ и е воведена дефиницијата за „политички експонирани личности“.

Исто така, во јануари 2008, беа донесени и измените и дополнувањата на Кривичниот закон (Службен весник на Република Маекдонија бр.07/2008) со што беше извршено сублимирање и обединување на сите кривични дела од обласата на тероризмот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во имплементација на мерките и активностите, покрај правната рамка за борба против перењето пари и финансирање на тероризам, воспоставена е институционална рамка, која генерално ја сочинуваат следните органи и тела:

- Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, која претставува носител на сите активности во овој сегмент;
- Министерство за внатрешни работи;
- Управа за финансиска полиција;
- Јавно обвинителство;
- Судство и
- супервизорските органи во Народната Банка, Одделението за супервизија на осигурување при Министерство за финансии,
- Управа за јавни приходи,
- Државен девизен инспекторат,
- Царинска Управа,
- Комисија за хартии од вредност

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Планирано е донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари, за претрага, заплена и конфискација на приходи од кривични дела и финансирање на тероризмот со бр.198.

До крајот на 2009 година се очекува усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам. Измените на овој закон предвидуваат усогласување со Директивата 32005L0060 за заштита на употреба на системот за спречување на перење пари и финансирање тероризам и имплементација на гореспоменатата Конвенција на Советот на Европа од 2005 (бр. 198).

До крај на 2009 година ќе се донесат повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам. Заради зајакнување на активностите во доменот на спречување перење пари, а согласно со одредбите од член 46 од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризмот, НБРМ ќе донесе Одлука за начинот и постапката за воспоставување и примена на програмите за спречување на перење пари од страна на банките. Во овој подзаконски акт соодветно ќе се вклучат и препораките на специјалниот Комитет на Советот на Европа содржани во Извештајот за усогласеноста со препораките на FATF, донесени во јули 2008 година.

Дополнително, ќе биде утврдена листата на држави кои ги исполнуваат барањата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Врз основа на дадените препораки од третата евалуација на MONEYVAL Комитетот, како и врз основа на празнините утврдени во практичната примена, планирани се следниве измени во законската регулатива за спречување перење пари и финансирање на тероризам:

- *Кривичниот законик* (редефинирање на одредени дефиниции, измена на членот 273-перење пари и 394-в-финансирање на тероризам, конфискација и др.),
- *Законот за кривична постапка* (ревидирање на мерките за обезбедување на имот кој треба да се конфискува, ревидирање на доказните средства и др),
- *Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам* (прецизирање на дефинициите, идентификација на клиенти, одредбите за надзор, ревидирање на мерките и дејствијата, прекршочните одредби и др),

**АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**
Планирани се континуирани обуки и едукација на лицата во финансиските иниституции за контролните механизми во системите за спречување перење пари.

Исто така, планирана е надградба на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
На среден рок, до средината на 2011, во согласност со Стратегијата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам 2009-2011, се предлагаат измени во:

- *Законот за девизно работење (*предвидување на обврски во делот на мерки и дејствија од страна на Државен девизен инспекторат и усогласување на овој закон со одредбите на Законот во поглед на соработката со Управата),

- *Законот за супервизија на осигурување* (проширување на надлежностите за вршење контрола над осигурителниот сектор за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, заострување на казните за непочитување на одредбите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и др),
- *Закон за капитално финансирано пензиско осигурување* (проширување на надлежностите за вршење контрола над пензиските фондови за перење пари и финансирање на тероризам и др),
- *Закон за хартии од вредност* (проширување на надлежностите на КХВ за вршење контрола над пазарот за хартии од вредност за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и др),
- *Закон за здруженија за граѓани и фондации* (заострување на мерките за заштита на секторот на непрофитни организации од употребата за целите на финансирање на тероризам, воспоставување на ефикасни механизми за контрола и др)
- *Закон за игри на среќа* (поднесување на документ за потеклото на основачкиот капитал, примена на поригорозни мерки за спречување на злоупотреба за целите на перење пари, воспоставување на ефикасни механизми за контрола и др)
- *Закон за Управа за јавни приходи* (прецизирање на надзорната улога во делот на перење пари и финансирање на тероризам, соработката со Управата и др),
- *Закон за адвокатура* (заострување на мерките кои се преземаат од страна на адвокатите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, прецизирање на надзорната улога во делот на перење пари и финансирање на тероризам, зајакнување на соработката со Управата и др),
- *Закон за нотари* (заострување на мерките кои се преземаат од страна на нотарите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, прецизирање на надзорната улога во делот на перење пари и финансирање на тероризам, зајакнување на соработката со Управата и др)

Во рамки на Стратегијата за спречување на перење пари и финансирање тероризам 2009-2011 година, предвидено е зајакнување на меѓународната соработка, учество на пленарните сесии на EGMONT и MONEYVAL Комитетот и подигнување на јавната свест за неопходноста од преземање на мерки за спречување перење пари и финансирање тероризам.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Странската помош која што се користи во рамките на ова подрачје главно е насочена кон јакнење на административните капацитети (подобрување на ИТ системите, како и семинари и обуки за спречување на перење пари).

## 3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ

### 3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основната правна рамка на областа за јавните набавки е Законот за јавните набавки („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 136/07) кој стапи на сила на 1 јануари 2008 година. Во Законот за јавните набавки на Република Македонија транспонирани се следниве директиви :32004L0018, 32004L0017, 31989L0665 и 31992L0013 и 32007L0066.
Со цел да се овозможи целосна имплементацијата на Законот за јавните набавки, беа донесени 14 подзаконски акти.[7]

Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки, Уредбата за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки и Уредбата за определување на видовите на активности на градење кои се предмет на договорот за јавни набавки на работи се делумно усогласени со директивите 32004L0017 и 32004L0018 додека Одлуката за донесување на општиот поимник за јавните набавки е целосно усогласена со Регулативата 32008R0213.

Во октомври 2008 година беше донесен Закон за изменување и дополнување на законот за јавните набавки(“Службен весник на Република Македонија” бр. 130/08). Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки воведе неколку новини кои внесуваат нов квалитет во системот на јавните набавки. Со нив се зајакнува позицијата на Бирото за јавни набавки и се воведува сеопфатна и системска програма за обука со систем за сертификација. Со измените на Законот се очекува да се зголеми употребата на електронскиот систем за јавни набавки кој веќе е во функција.

Исто така, за да се обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки Бирото изготви и стандардна тендерска документација за постапката со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас, како и за отворена и ограничена постапка за набавка на стоки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со новиот Правилник за организација и работа на Министерството за финансии донесен на крајот во 2008 година, променета е и организационата поставеност на Бирото, така што во овој момент има два сектора и тоа: Сектор за нормативна дејност и унапредување на системот на јавни набавки и Сектор за следење на системот на јавните набавки и управување со ЕСЈН. Кадровската пополнетост на Бирото изнесува 12 извршители од кои 4 дипломирани правници, 3 дипломирани економисти, 1 дипломиран градежен инженер, 1 дипломиран електро инженер, 1 преведувач и 2 административни работници.

Беше изработена и нова и подобрена верзија на софтверот за спроведување на новите законски решенија за електронски јавни набавки и електронски аукции, како и софтвер за објавување на огласите и известувањата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година, ќе се изготват и донесат следниве Подзаконски акти, заради нивно усогласување со Општиот поимник за јавните набавки кој ќе се применува од 1 јануари 2009 година, заради исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на законот за јавните набавки: Уредба за измена и дополнување на уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, Уредба за измена и дополнување на уредбата за видовите на активности на градење кои се предмет на договорот за јавни набавки на работи, Одлука за измненување и дополнување на Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи и Програма за едукација, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата

[7] Одлука за Индикативен список на договорни орган, Одлука за определување на набавките од одбранбен и безбедносен карактер, Уредба за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки, Методологија за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови, Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки, Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки, Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки, Правилник за содржината на тендерската документација, Одлука за донесување на општиот поимник за јавните набавки, Правилник за формата и содржината на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки, Правилник за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди , Правилник за постапката на отворање на понудите и образецот за водење на записник за отворањето на понудите, Правилник за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената отворена постапка, ограничена постапка, постапката со преговарање и постапката со конкурентен дијалог и Уредба за определување на видовите на активности на градење кои се предмет на договорот за јавни набавки на работи.

Програмата ќе го зајакне капацитетот за спроведување на Законот кај договорните органи и економските оператори.

И во текот на 2009 година, со цел да обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки ќе се продолжи со изработка на стандардна тендерска документација  за останатите постапки од законот  и ќе се следи системот за јавни набавки со предлози за негово унапредување. Во 2009 година ќе се изработи стандардна тендерска документација за отворена постапка во хартиена форма и стандардна тендерска документација за отворена постапка преку ЕСЈН.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2009 година ќе се измени правниот статус на Бирото за јавни набавки, односно ќе се стекне со статус на орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.

Кадровското зајакнување на Бирото за јавни набавки се предвидува да продолжи и во текот на 2009 година, со персонал со соодветни квалификации со цел да се обезбеди извршување на работите на ниво на европски стандарди со нови вработени. Исто така, ќе се смести Бирото за јавни набавки во други посоодветни простории, со цел да се постигне подобрување на условите за работа и поефикасно извршување на зголемените обврски.

Обуката на кадарот  вработен во Бирото за јавни набавки претставува континуирана активност, при што  ќе го опфати како постоечкиот, така и  новопримениот кадар. Оваа обука ќе се одвива преку учества на семинари, работилници и  размена на искуства со странски експерти со кои Бирото има воспоставено соработка.

Бирото за јавни набавки во текот на 2009 година, ќе ја продолжи  соработка со институциите надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од југозападен Балкан, со цел да оствари размена на искуства кои се однесуваат на процесот на интегрирање во ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Бирото ќе изработи и Стратегија за развој на системот за јавните набавки, со цел да се зајакне  капацитетот и системот на јавните набавки заради целосна усогласеност со acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се зајакнува капацитетот на Бирото за јавни набавки со вработување на нови лица и во 2010 и 2011 година.
Ќе се интегрираат двата електронски системи со кои управува Бирото за јавни набавки, Електронскиот систем за јавни набавки и Веб-информацискиот систем за огласи и известувања, во единствена апликација за користење. Ќе продолжи њатамошната интеграција на домашната правна рамка за јавни набавки со соодветните Директиви и други релевантни пописи на ЕУ.

### 3.5.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Капацитетите на договорните органи и економските оператори со цел правилно да се применува регулативата за јавни набавки се зајакнати преку обуки за лицата кои учествуваат во процесот на планирање и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Во изминатиов период Бирото за договорните органи и економските оператори организираше и одржа  околу 25 обуки  и тоа: 6 обуки за „Начинот на пополнување на обрасците за огласи и известувања,  11 обуки за „ За постапките и начинот на спроведување на јавните набавки „ во соработка со други субјекти, 4 обуки за електронските јавни набавки и е-аукции за договорните органи и 2 обуки за електронските јавни набавки и е-аукции за економските оператори.

Со цел олеснување на примената на Законот за јавни набавки, како и на употребата на ЕСЈН, беа изработени и издадени неколку водичи и прирачници.

Во текот на 2008 година, продолжи воспоставената соработката со Државниот завод за ревизија, како и со Комисијата за жалби по јавни набавки. Имено, во изминатиот период до Државниот завод за ревизија беа доставени  сите мислења изготвени од Бирото за примена на Законот за јавните набавки. Исто така, Бирото ги објавуваше и доставените решенија на Комисијата за жалби по јавни набавки. Беше остварена соработка и со Комисија за заштита на конкуренцијата, преку размена на информации и изработка и доставување на стручни мислења.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Бирото ќе  изготви и еден електронски билтен на почетокот на 2009 год..

Во соработка со СИГМА ќе се издадат три прирачници за примена на одделни делови од Законот за јавните набавки.

И во текот на 2009 година, ќе се работи на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки и тоа на најмалку 8 обуки, 3 обуки за „Користењето на Електронскиот систем за јавни набавки„, 2 обуки за употребата на ОПЈН, 2 обуки наменети за договорните органи околу примената на Законот и една обука наменета за економските оператори. Ќе се изработи и Програма за едукација, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата, согласно измените на Законот, како и материјали и модули за обука на обучувачи и крајни корисници.

Ќе се изработат два прирачници за јавните набавки, и тоа „Водич за рамковните спогодби„ и „Водич за јавните набавки кај неприоритетните услуги„.

Во соработка со СИГМА, ќе се одржат две обуки:, „Работилница за рамковните спогодби„ и „Семинар во врска со Електронските јавни набавки„.

Соработката со државните органи како: Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, ќе продолжи и ќе се интензивира во овој период.

Исто така ќе се одржат две обуки во соработка со невладиниот сектор, на тема: „За постапките и начинот на спроведување на јавните набавки„.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе се имплементира Програмата за едукација и обука. Ќе се реализираат и најмалку 3 обуки за користењето на интегрираниот систем за електронски јавни набавки.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во текот на 2008 година, беше продолжена успешната соработка со СИГМА, УСАИД и ГТЗ. Имено, во заедничка организација со СИГМА се организираа два семинари во врска со новиот Закон за јавни набавки. Во соработка и со подршка на Проектот за деловно окржување на УСАИД Македонија се одржаа неколку семинари за примената на Законот за јавни набавки. Бирото соработува и со проектот е-Влада на УСАИД, околу обуката за користењето на ЕСЈН и самото развивање на системот.

Бирото за јавни набавки е активен учесник во Проектот ЕЛЕКТРАВЕБ, финансиран од Европската Комисија преку ФП6 Програмата за Истражување и Развој. Овој проект е регионален за земјите од Западен Балкан и има за цел да изгради и тестира Апликација за електронски набавки и да се востановат Обрасци и правила за нејзина поддршка.

**КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Законот за концесии и други видови на јавно – приватно партнерство („Службен Весник на Република Македонија„ број 7/08) се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на концесија, содржината на договорот за концесија, правата и обврските на концедентот и концесионерите, правната заштита во постапката за доделување на концесијата, начинот и постапката за доделување на договори за други видови на јавно приватно партнерство, содржината на договорот за јавно приватно партнерство, правата и обврските на јавниот и приватниот партнер и правната заштита во постапката за доделување на договори за јавно приватно партнерство.

Во Министерството за економија согласно систематизацијата од 2008 год. предвидено е ново Одделение за концесии и јавно приватно партнерство .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2009 год. од страна на СИГМА ке се изврши анализа на Законот за Концесии и други видови на јавно приватно партнерство. Врз основа на ревизијата ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за Концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

Во текот на 2009 година, Одделението за концесии и јавно приватно партнерство ќе се екипира со вработување на потребниот кадар и технички ќе се опреми.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во среднорочниот период се планираат обуки, едукација и размена на искуства на вработените во Одделението за концесии и ЈПП.

Како среднорочни приоритети се организацијата на повеќе семинари, работилници и обуки на членовите на комисиите за спроведување на постапките за доделување на концесии во органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија, како и други економски оператори во однос на договорите за концесии и правните лекови.

Одделението за концесии и јавно приватно партнерство ќе се доекипира со нов кадар., согласно своите потреби за редовно извршување на законските надлежности.

### 3.5.3 ПРАВНИ ЛЕКОВИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Законот за јавните набавки на Република Македонија, во однос на правната заштита транспонирани се директиви на Европската унија кои се однесуваат на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, и тоа: 31989L0665, 31992L0013 и 32007L066.

Имено, со Законот се формира Државна комисија за жалби по јавни набавки, како државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија е составена од претседател и четири члена именувани од Собранието на Република Македонија. Истите функцијата ја извршуваат професионално. За утврдување на начинот на работа и постапување по жалбените постапки во постапките за доделување на договори за јавна набавка согласно законот, изготвен е Деловникот за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со новите законски решенија се направи квалитативен чекор напред во уредувањето на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Имено, со формирањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки законски се обезбеди основа за брза и ефикасна правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Надлежностите на Државната комисија вклучуваат одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија, како и за законитоста на одлуките донесени во постапките за доделување на договор за јавна набавка.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се реализираат обуки за договорните органи и економските оператори за новиот систем на правната заштита кој е пропишан со Законот за јавните набавки. Ќе се одржат најмалку 2 обуки за договорните органи и економските оператори во 2009 година на тема „Правните лекови во постапките за јавни набавки„.

Ќе се воспостави и продлабочи соработката со Државната комисија за жалби по јавни набавки. Имајќи предвид дека Државната комисија е формирана на 4 ноември 2008 година. ќе биде пружена поддршка во фазата на нејзино отпочнување со работа како и околу изработка на нејзина веб страна. Ова е со цел успешно имплементирање на пропишаниот систем на правна заштита со законот.

Поради потребата за обезбедување на работни услови согласно основните стандарди за Државната комисија за жалби по јавни набавки и нејзината административна стручна служба, во 2009 година ќе се обезбедат соодветни работни простории за нејзините потреби и истата просторно ќе се смести.

Во насока на подетално запознавање на Државната комисија за жалби по јавни набавки со аспектите на домашната правна рамка за јавни набавки, како и соодветните директиви и практики во ЕУ, со оглед дека истата е новоформирана, ќе се одржат 2 обуки за членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Исто така, за зацврстување на административниот капацитет на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки за процесуирање на жалбените предмети, во текот на 2009 ќе се вработи и нов административен кадар. Со новиот административен кадар ќе се формира и екипира стручната служба на Државна комисија за жалби по јавни набавки.

Ќе се изработи веб страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки со цел доближување на системот на правна заштита до заинтересираните економски оператори кои сметаат дека се повредени нивните права во одредени постапки за доделување на договори за јавни набавки, како и запознавање на јавноста со работата на Државната комисија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во ЕУ, и ќе се имплементираат во домашната регулатива. Натамошно унапредување на правната заштита, ќе биде приоритет на среден рок. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## 3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

### 3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.87/08) се изврши усогласување со член 29 од Директивата 31977L0091во однос на правото на првенство на акционерите за купување акции од секоја нова емисија на акции, се воведе правен основ за подзаконско уредување на електронско поднесување годишни сметки, се доусогласија принципите за корпоративното управување на ОЕЦД и се создаде законски основ за уредување на поднесувањето на годишни сметки во електронска форма. Во овој закон и во Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/08) се изврши усголасување со Директивата 32003L0058 во делот на овозможување уписи, прием и дистрибуција на податоци од и во трговскиот регистар единствено во електронска форма. Во Законот за едношалтерски систем се воспостави нова постапка за генерирање на даночен број од страна на Централниот Регистар наместо како досега од страна на Управата за јавни приходи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија е одговорно за областа право на трговските друштва Секторот за европска интеграција во соработка со Секторот за правни работи ја следи имплементацијата и унапредувањето на правната рамка за трговските друштва, се остварува соработка со Централниот регистар за координација и следење на функционирањето на едношалтерскиот систем и другите институции и органи вклучени во имплементација( Управата за јавни приходи, банките, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност и други надлежни (инспекциски) органи). Регистрацијата во Централниот регистар се врши во 28 регионални канцеларии. Вкупниот број на вработени во Централен регистар е 300 лица. Реализиран е проектот за воспоставување на електронски систем за поднесување годишни сметки во Централен регистар на Република Македонија во мај 2008 год.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се подготви Акциски план за дохармонизација на правото на трговски друштва со ЕУ во 2009 година.Согласно Акцискиот план за дохармонизација на правото на трговски друштва со ЕУ ќе се изврши усогласување со повеќе ЕУ директиви и регулативи. Ке се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва кој ќе се усогласи со Директивата 32007L0036 - за остварување на правата на акционерите во друштвата кои котираат на берза, Директивата 32003L0058 и Директивата 31977L0091. Потоа ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва кој ќе се усогласи со Директивата 32005L0056 за прекугранично спојување на трговски друштва, Директивата 32001L0086 за учество на вработените во управувањето со европското трговско друштво, Директивата 32006L0068 и Регулативата 32001R2157 за Статут на Европско трговско друштво. (За активностите на Комисијата за Хартии од вредност повеќе детали во 3.09 Финансиски услуги.)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Трговски друштва**

Во 2009 година ќе се обучуваат членовите на Работната група од Поглавје 6, Право на трговските друштва заради оценување на влијанието на регулативата врз работењето на трговските друштва (regulatory impact assessment) со учество на семинари и конференции за регулаторна реформа.

**Едношалтерски систем**

Ќе се изврши мрежно поврзување на Централен регистар со Европскиот бизнис регистар заради размена на податоци.Во 2009 година ќе се имплементираат проекти за реализација на втората фаза од развојот на едношалтерскиот систем: развој на електронски систем за регистрација на трговски друштва и други правни лица, електронски систем за регистрирање на сите фази на стечајот и ликвидацијата и за црна листа на директори, интеграција на базите на податоци на Агенцијата за вработување, ПИОМ и Фондот за здравство во едношалтерскиот систем, инсталирање на систем за спас на базите на податоци на ЦРМ, подготовка на Стратегија за стандардизирање на електронската размена на финансиски и бизнис информации и податоци во Република Македонија и подготовка на Студија за метабаза на правни лица во Република Македонија. Со овие проекти ќе се овозможи целосна имплементација на Директивата 2003L0058 за прием и дистрибуција на податоци од и во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица во електронска форма преку едношалтерскиот систем .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2010 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва кој ќе се усогласи со Препораката 32005H0162 за одговорноста на неизвршните членови односно членовите на надзорниот одбор на котираните друштва и Препораката 32004H0913 за соодветен режим за наградата на директорите во котираните трговски друштва заради подобрување на корпоративното управување. (За активностите на Комисијата за Хартии од вредност повеќе детали во 3.09 Финансиски услуги.)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Централниот Регистар на Република Македонија континуирано ќе учествува во иницијативи, регионални проекти и други форми на соработка со останатите членки во рамките на Европскиот бизнис регистар.

### 3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на ***сметководството*** врз основа на Законот за трговските друштва (“Службен весник на Република Македонија” бр.87/08) усвоен е Правилник за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма(“Службен весник на Република Македонија” бр. 9/09).

Во делот на ***ревизијата*** основна правна рамка за регулирање на оваа област *е* Законот за ревизија (“Службен весник на Република Македонија”бр.79/2005) усогласен со Директивата 32006L0043. Правната рамка од оваа област е подобрена со Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија (“Службен весник на Република Македонија” бр.103/08) заради усогласување со Законот за прекршоци (“Службен весник на Република Македонија” бр 62/06).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежно за правната рамка и клучните правни акти за ***сметководството и ревизијата*** *е* Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем и Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со четири вработени лица.

*Советот за унапредување и надзор на ревизијата* (“Службен весник на РМ“бр.109/05) е надлежен за унапредување на ревизијата, поттикнува придржување кон високите професионални стандарди, примената на законот, ја следи постапката за стекнување на звањето овластен ревизор, работата на членовите на ИОР, дава мислења и ја следи примената на општите акти на Институтот на Овластени ревизори (ИОР).

Согласно Програмата за работа Советот како дел од своите активности во 2008 година организираше две работилници “Финансиско известување и ревизија (состојби и проблеми)” и “Подобрување на регулативата и квалитетот на корпоративното финансиско известување, сметководство и ревизија”. Советот оствари средба со Институт на овластените ревизори на Англија, на која беше разгледана можноста за понатамошна соработка мегу двете здруженија.

*Институтот на Овластени ревизори* (професионално здружение на овластени ревизори како коморско здружение) се самофинансира од членарина на овластените ревизори и ревизорски куќи. Во моментот функционираат 31 ревизорско друштво од кои 24 се друштва за ревизија, а 7 се трговци- поединци. Во моментот има вкупно 188 овластени ревизори, од кои 183 се членови на ИОРРМ. Во 2008 година ИОР издаде 2 нови решенија за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија – трговец поединец. ИОР е во комуникација со IFAC и CEEPAD заради пристапување во регионалните и глобалните професионални организации. ИОР учествува и работи на спроведување на Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување (НСАПРСИЗ).

*Комисијата за сметководствени стандарди* во ИОР, е надлежна за следење, усогласување и примена на меѓународните сметководствени стандарди и меѓународни стандарди за финансиско известување (МСС/МСФИ).

*Управниот Комитет за реформи во сметководството и институционалното зајакнување(РЕПАРИС)*, ги имплементира и ги следи реформите во сметководството и ревизијата содржани во Националната стратегија и акциониот план.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во досегашниот период Република Македонија беше корисник на повеќе програми на техничка помош за развој на капацитетите на сметководствената и ревизорската професија, а особено од УСАИД и од Светската банка. Се реализира Договорот за грант во износ од 4,55 милиони евра и тоа грант од Холандската влада во износ од 3,7 милиони евра и 850

илјади евра од Австриската агенција за имплементација на (НСАПРСИЗ), а Република Македонија кофинансира во висина од 10% од вкупната вредност на активностите содржани во Националната стратегија и акциониот план (730.000 евра). *Проектната единица* со двајца вработени се грижи за поднесените барања за набавките за имплементирање на активностите од (НСРСР).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во однос на ***сметководството*** ке се изврши анализа на потребата да се измени Законот за трговските друштва. Комисијата за меѓународни сметководствени стандарди во рамките на Институтот за овластени ревизори ќе обезбеди превод на МСС/МСФИ и толкувањата за 2006 година, до крајот на 2009 година.

Во однос на ***ревизијата*** *во 2009 год.,* ИОР ќе донесе Програма за полагање на испит за стекнување на звањето овластен ревизор, Правилник за начинот и постапката на полагање на испит за овластен ревизор, како и создавање база на прашања кои ке се користат во тековните и идните испити на ИОРРМ. Првиот пилот испит ќе се спроведе во март 2009 година, а првиот испит за стекнување на звањето овластен ревизор ќе се спроведе до крајот на јуни 2009 година. Во првата половина на 2009 година ќе донесе и Програма за континуирано професионално образование. До крајот на 2009 година Институтот ќе го донесе Правилникот за контрола на квалитетот на ревизиите, согласно кој спроведува контрола на квалитетот на работењето на своите членови, преку Комисијата за контрола на квалитетот и Правилникот за дисциплински и етички постапки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со оглед на фактот што во надлежност на Секторот за финансиски систем е системот на ревизија, заради поголема ефикасност, ќе има нови вработувања во Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија. (за вработувањата повеке во Поглавје 9. Финансиски усуги)

*Комисијата за сметководствени стандарди* во рамките на Институтот за овластени ревизори ќе ги следи, усогласувањата и примената на МСС/МСФИ. Комисијата за меѓународни ревизорски стандарди ќе ги подготви процедурите за да се овозможи ажурно преведување на Меѓународните стандарди за ревизија и другите објави од Меѓународниот одбор за ревизорски стандарди. За Советот за унапредување и надзор на ревизијата, обезбедени се средства за 2009 година во Буџетот на Република Македонија.

Ќе се гради капацитетот на Институтот за овластени ревизори со нови вработувања во 2009 година, но исто така и на најголемите регулаторни институции (Комисија за хартии од вредност, Народната Банка на РМ, супервизијата на осигурување, МАПАС, Централен Регистар итн.) кои ја следат примената на МСС (МСФИ) и другите стандарди на сметководство, односно се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно МСС/МСФИ.

Ќе продолжи постапката на Институтот на овластени ревизори за добивање на статус придружен член и за зачленување во регионалните и глобални професионални организации SEEPAD и IFAC.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во делот на ***сметководството*** ќе се усогласува правната рамка со законодавството на Европската Унија во *делот на* финансиското известување. Комисијата за меѓународни сметководствени стандарди во рамките на Институтот за овластени ревизори ќе обезбеди превод на МСФИ за приватните правни субјекти кои треба да ги објави Одборот за меѓународните сметководствени стандарди.

Во однос на ***ревизијата*** во 2010 година ќе се измени и дополни Законот за ревизија, заради доусогласување со Директивата 32006L0043 во делот на надлежностите кои се уште се во Министерството за финансии, а со измените на законот дел од надлежностите ќе бидат превземени од ИОРРМ, а дел ќе ги превземе Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Согласно Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување, Советот за унапредување и надзор на ревизијата ќе премине во професионално тело за ревизија – Секретаријат.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и ревизијата се предвидува да се спроведуваат и во наредните години. Министерството за финансии согласно Законот за ревизија ќе биде орган надлежен за следење на спроведувањето на одредбите од законот. Заради поголема ефикасност, ќе има нови вработувања во

Одделението за сметководствен систем, платен промет и. ревизија.(за вработувањата повеке во Поглавје 9 - Финансиски услуги)

Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институтот за овластени ревизори ќе ги извршуваат работите во рамки на своите надлежности уредени во законот. За Советот за унапредување и надзор на ревизијата, во среднорочниот период предвидени се средства од Буџетот на Република Македонија.

## 3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

### 3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка по однос на авторското право и сродните права беше подобрена со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/08), со кои се предвидени нови кривични дела и тоа: повреда на правото на дистрибутерот на енкриптираниот сателитски сигнал, повреда на правото на филмскиот продуцент и дистрибутерот на аудиовизуелно дело, и повреда на правото на производителот на фонограм. Зголемена е максималната казна затвор за постоечкото кривично дело од член 157 со цел казните да имаат одвратувачко дејство.

Во 2008 година, Работна група од експерти подготвуваше нов Закон за авторското право и сродните права (ЗАПСП). Новиот Закон ќе ја транспонира Директивата 32004L0048 за спроведување на правата од интелектуалната сопственост.

Со цел да се подобри имплементацијата на Законот за авторско право и сродните права во однос на колективните здруженија, Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за висината на вкупниот надоместок за репродуцирање на авторско дело за приватно користење („Службен весник на РМ“ бр. 25/08).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во **Секторот за авторско право и сродни права** вработени се три државни службеници.

Комисијата за посредување во авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/05) одржа повеќе седници за решавање по постапки на акти за користење и за распределнба на надоместоци за сродните права-на фонограми и снимени изведби .

Кон крајот на септември 2008 год. во Скопје, преку ТАИЕКС беше реализирана експертска мисија за анализа на работниот текст на новиот Закон за АПСП во однос на степенот на усогласеност со Директивата 32004L0048.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе нов Закон за авторското право и сродните права во 2009 год**.** Новиот Закон ќе ја транспонира Директивата 32004L0048 за спроведување на правата од интелектуалната сопственост, ќе се усогласи со законите во сферата на судството и ќе понуди поефикасни и посоодветни решенија во делот на колективните здруженија.

Министерството за култура ќе учествува во подготовката на Националната стратегија за интелектуалната сопственост и Акциониот план во 2009 год.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се зајакнуваат капацитетите и ќе се вработуваат нови лица во на Секторот за авторско право и сродни права.

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија, а ќе се продолжи со поддршката за основање нови здруженија за колективно управување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следи законодавството на ЕУ и другите меѓународни асоцијации и ќе се продолжи со усогласувањето на домашното законодавство.

Ќе се иницираат натамошни измени на Кривичниот законик во сферата на повредите на АПСП заради потребата од поведување постапки за повреда на моралните права како исклучиви од страна на нивните носители и ќе се зголеми кривичната одговорност на одговорните лица во правните лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за авторско право и сродни права на среден рок до 2011 година ќе се зајакне со доволен број обучени и квалификувани државни службеници .

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија согласно надлежностите на Министерството за култура.

Ќе се организираат обуки, семинари и работилници на кадрите од Секторот за авторско право и сродни права во функција на специјализирано и практично обучување и ќе се преземаат други активности за нивно стручно оспособување и усовршување.

### 3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година се работеше на подготовка на нов Закон за индустриската сопственост. Со Законот се врши усогласување со Директивата 32004L0048 за спроведување на правото на интелектуална сопственост и со Регулативата 32006R0816 на Европскиот парламент и на Советот на Европската унија за присилното лиценцирање кај патентите кои се однесуваат на производство на фармацевтски производи кои се користат за извоз во земји со проблеми во јавното здравство.

Донесен е Законот за ратификација на Конвенцијата за признавање на европски патенти – Европска патентна конвенција (ЕПК)("Службен весник на Република Македонија" број 126/08), со што од 1-ви јануари 2009 година Република Македонија ќе стане полноправна членка на Европската патентна организација(ЕПО).

По прифаќањето на Законот од страна на Советот на УПОВ, во собраниска процедура е Законот за селекционерски права по што ќе заврши постапката за пристапување, односно полноправно членство на УПОВ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За спроведување на Законот за индустриската сопственост и Законот за заштита на топографијата на интегрални кола надлежен е Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС), самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи. Во ДЗИС вработени се 33 државни службеници (во 4 сектори и 8 одделенија).

Вработените од Заводот учествуваа на обуки во рамките на TAIEX, како и на национални и регионални семинари, студиски престои во Романија, Чешка, Н.Р. Кина и други активности преку соработката со Светска организација за интелектална сопсственост( СОИС) , ЕПО и билатерална соработка со заводите на други земји.

Заводот ги следеше и учествуваше во работата на состаноците и комитетите и генералното собрание на СОИС и административниот совет на ЕПО.

ДЗИС во рамките на активностите за подигнување на јавната свест беше соорганизатор на неколку работилници, една конференција за фармацевтската индустрија, организираше предавања пред ученици од средни училишта, учествуваше на еден домашен саем, на една меѓународна изложба и организираше две манифестации на кои беа доделени награди за стимулирање и афирмирање на пронаоѓаштвото.

Заводот учествуваше и во координирање на активностите на сите институции вклучени во спроведувањето на заштитата на правата од индустриска сопственост и обуки на застапниците од областа на индустриската сопственост во процесот на пристапување во Европската патентна организанизација. Потпишан е Меморандум за соработка со Заводот за патенти и трговски марки на Република Романија и Протокол за соработка со Заводот за индустриска сопственост на Република Чешка.

Заводот учествуваше во обука на судии и јавни обвинители во рамките на Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители при Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Зголемен е бројот на пријави за заштита на правата од индустриска сопственост, особено на бројот на пријави за трговски марки, за повеќе од 30 %.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година ќе биде донесен Законот за индустриската сопственост, со кој ќе се изврши усогласување со Директива 32004L0048 за спроведување на правото на интелектуална сопственост, и со Регулативата 32006R0816 со што ќе се создаде платформа за пристапување кон Протоколот за измена на Спогодбата за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост кој се однесува на присилна лиценца за потребите на јавното здравство. Со Законот ќе се изврши усогласување со меѓународните договори на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) и тоа Договорот за правото на патент и Договорот за правото на трговска марка, со што ќе се поедностави постапката за заштита на правата од индустриската сопственост и ќе се воведат поволности за корисниците. Во рок од шест месеци од донесувањето на Законот за индустриската сопственост ќе се донесат и подзаконските акти.

Во 2009 година ќе се донесе Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти на растенија - УПОВ Конвенција. Ќе се ратификуваат: Договорот од Виена за востановување на меѓународна класификација

на фигуративните елементи на марките (Vienna Agreement Establishing an International Classification of the Figurative Elements of Marks), Договорот за правото на патент (Patent Law Treaty) и Договорот за правото на трговска марка (Trademark Law Treaty). Во 2009 година ќе се ратификува Лисабонскиот Договор за заштита на ознаки на потекло на производите и нивната меѓународна заштита. Континуирано ќе се следат промените во европските директиви.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За зајакнување на капацитетот на ДЗИС во 2009 година ќе се вработат нови лица и ќе продолжи континуирано стручното надградување на вработените. Обуката на вработените во ДЗИС и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку соработката со СОИС, ЕПО и друга билатерална соработка. Преку пристапот до базите на податоци на ДЗИС преку веб страната ќе се обезбедува континуирана соработка со другите учесници во системот на заштита на правата од индустриска сопственост.

*Заводот ќе спроведе активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост.* Во 2009 година ќе се реализира медиумска кампања во повеќе градови во Република Македонија, со цел да се подигне јавната свест на потрошувачите за нивните права кои произлегуваат од Законот за индустриска сопственост. Кампањата ќе ја спроведе Министерството за економија во соработка со Организацијата на потрошувачи на Македонија, Стопанските комори, Државниот пазарен инспекторат и Државниот завод за индустриска сопственост.Во рамките на Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги за 2009 година на Министерството за економија, ќе се поддржат деловните субјекти со надомест на дел од трошоците за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ кој е пуштен во промет во 2008 и 2009 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2010 ќе се ратификува Договорот за примена на членот 65 од ЕПК - Лондонски Договор. Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Заводот за индустриска сопственост ќе се вработат нови лица во 2010 година и во 2011 година. Истовремено ќе се одржува нивото на техничката опременост, ќе се обучуваат вработените на Заводот и другите субјекти вклучени во системот на заштита на правата од интелектуалната сопственост.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во 2009 година ќе започне да се реализира ИПА регионалниот проект за интелектуална сопственост.

### 3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ
**ПРАВНА РАМКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во 2008 година се работеше на подготвување на Национална стратегија за интелектуална сопственост. Подготвен е прв нацрт текст на Националната стратегија. При подготовката се земаа предвид искуствата од Република Романија, Република Хрватска, како и двата семинари на таа тема организирани од СОИС. Експерти од Романија, кои учествуваа во подготвување на нивната Национална стратегија дадоа мислење по првиот нацрт на Стратегијата, сконцентриран на ефикасност во системот на спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост. Од сите институции беше доставен базичен материјал за подготвување на Националната стратегија со преглед на постојната состојба и мерки и активности за постигнување на предвидените цели. Техничка поддршка за студиски престој на македонски претставници во Романија и престој на романски експерти во Македонија заради давање мислење по стратегијата беше обезбедена од страна на УСАИД - Проектот за деловно опкружување.

Усвоен е Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик („Службен весник на Република Мадедонија" бр. 07/08), со кој се воведоа нови кривични дела. [8]

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Министерството за правда, со актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, областа на интелектуалната сопственост е во надлежност на повеќе сектори. Тројца извршители-државни службеници се распоредени на работни места што ја покриваат и областа на интелектуалната сопственост.

[8] повреда на правото на дистрибутерот на енкриптираниот сателитски сигнал, повреда на правото на филмскиот продуцент и дистрибутерот на аудиовизуелно дело, и повреда на правото на производителот на фонограм. Исто така, зголемена е максималната казна затвор за постоечкото кривично дело од член 157, (повторно настојување казните да имаат одвратувачко дејство).

Во јануари 2008 година, започна со работа Управниот суд на Република Македонија кој е составен од шест совети од по тројца судии, од кои неколку се специјализирани да постапуваат по оваа материја.

Во Министерството за внатрешни работи заштитата на интелектуалната сопственост е во надлежност на 13 инспектори од Единицата за борба против перење пари и економски организиран криминал на централно ниво, односно 26 инспектори од осум сектори за внатрешни работи, кои покрај другите работни задачи извршуваат и работи од областа на интелектуалната сопственост.

Преку Европската агенција за реконструкција реализиран е проект за набавка на компјутерска опрема и друга опрема за Државниот пазарен инсекторат (ДПИ), со што се зајакнати капацитетите на ДПИ заради поефикасно спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Во насока на подобрување на капацитетите на институциите, беа организирани и два студиски престои од сите институции вклучени во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост во Република Романија и Република Чешка. Беше организиран еден TAIEX семинар за спроведување на правата од интелектуална сопственост, 6 национални семинари, 3 работилници на претставници од институциите вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост (ИС).

Од почетокот на 2008 година, Центарот за образование за интелектуална сопственост на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје (ЦИПЕ) стана дел од глобална мрежа на академии развиена од СОИС, како меѓународни тренинг центри од областа на интелектуалната сопственост.

Согласно Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители за 2007-2009 година на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во текот на 2008 год. во Академијата спроведена е специјализирана обука, и тоа 6 семинари со вкупно 61 учесник: 42 судии, 17 јавни обвинители, 1 стручен соработник и 1 стручно-административен службеник.

Реализирана е кампања за подигнување на јавната свест за значењето на правата од интелектуална сопственост и штетните влијанија на фалсификатите. Кампањата беше финансиски поддржана од Холандската Амбасада.

Главен носител на активностите во борбата против фалсификатите и пиратеријата и превземените координирани активности беше Координативното тело за интелектуална сопственост(КТИС). КТИС редовно доставува информации до Владата на Република Македонија, во принцип на две недели и ја информира јавноста преку електронските и пишаните медиуми. Информациите за работата на КТИС се објавуваат на веб страната на ДЗИС. Во присуство на највисоки претставници на Владата на Република Македонија, спроведени се две јавни акции за уништување на одземените производи со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост, по завршени судски постапки.

Покрај активностите на КТИС, континуирано се спроведуваат и одделни акции на Државниот пазарен инспекторат, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, во рамките на нивните законски утврдени надлежности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2009 година ќе се донесе Национална стратегија за интелектуална сопственост како сеопфатен документ за понатамошен развој на интелектуалната сопственсот и Акционен план за спроведување на Стратегијата. Во подготвувањето на овој документ учествуваат претставници од сите институции вклучени во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост, а значаен чинител е и стопанскиот сектор.

Во 2009 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, заради усогласување со Законот за индустриска соптвеност, прецизирање на кривичните дела од областа на индустриската сопственост и зајакнување на кривичните санкции при повреда на правата од индустриската сопственост.

Во 2009 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост во делот на отповикување на барањата за преземање на царински дејства поради неисполнување на обврски на носителот на право/застапник и надоместот на трошоци за складирање и уништување на фалсификувана стока од страна на увозникот на стока.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Градењето на системот на заштита на правата ќе продолжи да се остварува преку реализирање на Програмата на Координативното тело за интелектуална сопственост со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата.

Преку веб страната на ДЗИС, јавноста ќе има потранспарентен пристап до податоците за пријавени и признаени права од индустриска сопственост.

Во Министерството за правда ќе се вработат извршители во Секторот за правосудство кои во дел ќе ја покриваат и оваа материја.(Повеке во Поглавје 23, Правосудство и фундаментални права)

Во Министерството за внатрешни работи ќе се вработат нови лица во Единицата за борба против перење пари и економски организиран криминал. Ќе продолжат специјализирани обуки на вработените од Бирото за јавна безбедност - Централни полициски служби и Одделот за организиран криминал. (Повеќе во Поглавје 24, Правда, слобода и безбедност).

Во Царинската управа во 2009 година ќе се вработат нови лица во Одделението за нетарифни мерки. (Повеќе во Поглавје 29, Царинска унија). Исто така ќе се опремат сите царински испостави со соодветна опрема за размена на информации. Согласно програмата на Царинската Управа ќе се врши континуирана обука на царински службеници за препознавање на фалсификувани и пиратски производи.

Во рамките на Програмата за развој на претприемништвото, конкуретноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2009 година на Министерството за економија, за подигање на свеста за правата на интелектуална сопственост, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост, Министерството за економија и Министерството за култура ќе органиизра пет регионални презентации за интелектуална сопственост.

Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата и ќе продолжат специјализирани обуки на судии и јавни обвинители од областа на интелектуалната сопственост, согласно Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.(Повеќе во делот 23 Правосудство и фундаметални права)

Центарот за образование за интелектуална сопственост на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје ќе продолжи со обуки на целните групи вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост. Во 2010 ќе се донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2005). Правилниот ќе се измени во делот на отповикување на барањата за преземање на царински дејства поради неисполнување на обврски на носителот на право/застапник и надоместот на трошоци за складирање и уништување на фалсификувана стока од страна на увозникот на стока.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се подготви и ќе се спроведува Методологија за статистичко следење и статистичка обработка на податоци за преземени мерки од спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост од страна на Министерството за правда, во соработка со Државниот завод за статистика, Министерството за култура, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за индустрсика сопственост и Државниот пазарен инспекторат.

Во функција ќе биде ставен ИРИС системот за размена на статистички податоци помеѓу институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Исто така, во рамките на Програмата за заштита на потрошувачите за 2009-2010 година на Министерството за економија,за подигнување на свеста за заштита на правата на потрошувачите во однос на користење на пиратски и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата од индустриска сопственост, авторските права и сродните права, во 2010 година, ќе се реализира предвидената активност во Програмата: „Печатење на флаери, брошури и други рекламни материјали во интерес на потрошувачите„.

Континуирано ќе се зајакнуваат техничките и кадровските капацитети на институциите преку нови вработувања, набавка на неопходната техничка опрема и континуирани обуки на субјектите кои се вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата и ќе продолжат специјализирани обуки на судии и јавни обвинители од областа на интелектуалната сопственост, согласно Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.(Повеќе во делот 23 Правосудство и фундаметални права)

Центарот за образование за интелектуална сопственост на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје ќе продолжи со обуки на целните групи вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во рамките на Програмата за соработка со ЕПО е предвидена реализација на ИПА регионален проект за интелектуална сопственост поддржан од ЕК, ЕПО, OHIM и СОИС, кој содржи четири компоненти и тоа: 1. Понатамошна хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ; 2. Јакнење на капацитетите на институциите вклучени во системот на заштита на интелектуална сопственсот 3. Поддршка во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост; 4. Зајакнување на одржливоста на институциите за интелектуална сопственост. Вредноста на регионалниот проект изнесува 2 милиони евра. Проектот ќе се реализира во периодот од ноември 2008 до ноември 2010 година.

Поддршка при подготвувањето на Националната стратегија е обезбедена од УСАИД Проектот за деловно опкружување.
Центарот за образование за интелектуална сопственост на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје (ЦИПЕ), во рамки на Програмата ТЕМПУС ќе биде носител на Проектот: „Регионални заеднички последипломски студии по право на интелектуална сопственост", како посебни, специјализирани студии. Проектот ќе се реализира од 2009 до 2012 година.

## 3.8 КОНКУРЕНЦИЈА

### 3.8.1 АНТИТРУСТОВИ И СПОЈУВАЊА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основен акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на заштитата на конкуренцијата во Република Македонија е Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр. 04/05, 70/06 и 22/07). Законот е усогласен со Договорот за основање на Европската Заедница (членовите 81, 82 и 86), како и ЕУ мерките 31962R0017, 32003R0001, 31971R2821, 32004R0139, 31997Y1209(01) и 52001XC1222(03).

Во текот на 2008 година донесени се: Насоки за оцена на нехоризонтални концентрации и Насоки за примената на член 7 став (3) од Законот во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата.
Потпишани се четири меморандуми за соработка со Агенција за електронски комуникации, Регулаторна комисија за енергетика, Совет за радиодифузија и Биро за јавни набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК), надлежен орган за спроведување на законот е Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Комисијата е независен орган, составен од претседател и четири члена. Претседателот и членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за период од пет години, со право на повторно именување. Управните, стручните и другите административно – технички работи ги врши стручната служба на Комисијата.

Комисијата е надлежна да ја контролира примената на одредбите од законот и прописите донесени врз основа на законот; да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција; да води постапки и донесува одлуки за прашањата што ги регулира законот; да утврдува методологија за истражување на пазарот; да утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата; мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата; да дава мислења по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои може да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот; да дава стручни мислења за прашања поврзани со политиката на конкуренција и заштитата на конкуренцијата на пазарот, по барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност; да ги врши работите што произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија во областа на заштита на конкуренцијата, како и други работи утврдени со Законот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2009 година, предвидено е КЗК да ги донесе следниве насоки со кои би се подобрила имплементацијата на Законот и подзаконските акти:

- Насоки за обврските презмени пред Комисијата од страна на учесниците во концентрацијата согласно член 20 и член 22 од Законот.
- Измена на Кривичниот Законик заради надминување на проблемот околу преклопувањето на надлежностите на КЗК и јавното обвинителство. Со предложените измени ќе се постигне напуштање на кривичната одговорност на правните и физичките лица и за истите ќе постои само прекршочна одговорност.
- Во насока на зајакнување на административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата, предвидени се нови вработувања, како и обуки за вработените со цел да се подобри имплементацијата на законската регулатива за заштита на конкуренцијата;

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок е предвидено е:

- Донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата со кој ќе се обезбеди извршност на одлуките на Комисијата и ќе се изврши понатамошно усогласување со ЕУ регулативите 31987R3976 и 32006R1459, кои ги уредуваат групните изземања кај договорите од областа на воздушниот сообраќај и
- понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis (до крај на 2010 година).

Исто така, планирано е континуирано зајакнување на административните капацитети на КЗК.

### 3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за државна помош (Службен весник на РМ бр. 24/03, 70/06 и 55/07) како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот

Македонското законодавство за државна помош е усогласено со Договорот за основање на Европската Заедница, членовите 87-89 и ЕУ регулативите 32001R0069 и 31999R0659.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, (Службен весник на РМ бр. 70/06 и 55/07), надлежноста за надзор и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија ја презема Комисијата за заштита на конкуренцијата. Следствено, во Комисијата за заштита на конкуренцијата формиран е Сектор за контрола на државната помош. Во Секторот за контрола на државната помош има вработено 5 лица со висока стручна спрема, а во тек е постапка за вработување на 1 (едно) лице.

Преку одредување на лица одговорни за пријавување на државната помош од страна на давателите на државната помош кај Комисијата за заштита на конкуренцијата, воспоставен е систем на мониторинг и проценка на структурата на државната помош. Секторот ги врши сите работи од областа на државната помош, пропишани со Законот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Планирано е изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони со цел да се избегнат можни толкувања на примената на Законот кои би биле спротивни со правилата за државната помош (препораки од Извештајот за напредокот на РМ од ЕК од 2008).

Исто така планирамо е и зајакнување на административните капацитети со нови вработувања во Секторот за контрола на државната помош во КЗК, како и спроведување на обуки на вработените за ефикасно спроведување на Законот за државна помош, посебно во делот на истражувачки техники и постапување по случаи. Дополнително, планирани се и обуки за давателите на државна помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Среднорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош се:
- Воспоставување и градење на веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош;
- Донесување на методологија за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес;
- Усогласување на индустриските политики со прописите за државна помош и
- Понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Административните капацитети континуирано ќе се зајакнуваат преку организирање на обуки на вработените во КЗК и во другите институции кои се среќаваат во политиката на државна помош. Исто така, планирани се и активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор за државната помош преку организирање на семинари, обуки, кампања, конференции и други настани.

Со подобрување на процедурите за спроведување на истраги за државна помош се очекува дополнително да се подобри имплементацијата на законодавството за државна помош.

### 3.8.3 ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА
Подрачјето е уредено во други поглавја.

## 3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

### 3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Банкарскиот систем во Република Македонија го сочинуваат 18 банки и 11 штедилници (статистика за 2008 или една штедилница помалку во споредба со 2007). Улогата на штедилниците за вкупниот банкарски систем се уште е маргинална.

Доминантни сопственици на банките со учество од приближно 63% во сопственичката структура на обичните акции се финансиските иснтитуции. Ова учество претставува пораст за 2,2 процентни поени за период од само 6 месеци и се должи на преземање на една банка од страна на странска финансиска институција. Заклучно со крајот на вториот квартал на 2008, 6 банки од Република Македонија се подружници на странски банки. Бројот на банки во доминантна сопственост на странски акционери изнесува 13. Учеството на активата на банките во доминантна сопственост на странски капитал во вкупната актива на банкарскиот систем изнесува безмалку 90%.

Доминантниот ризик на кој се изложени банките во своето работење е кредитниот ризик. Квалитетот на вкупната изложеност на кредитен ризик се подобрува, иако во одредени сегменти на кредитното портфолио се забележуваат знаци на ослабување на квалитетот.

Изложеноста на валутниот ризик на банките главно е во пропишаните рамки, а изложеноста на останатите пазарни ризици е минимална. Портфолиото на банките за тргување е минимално и тоа главно се состои од домашни државни хартии од вредност. Банките одржуваат задоволителна ликвидност.

**ПРАВНА РАМКА**

Новиот Закон за банките (Службен весник на РМ бр 67/2007.) носи унапредување на банкарскиот сектор од повеќе аспекти, и тоа либерализација на пазарот преку овозможување влез на странски банки преку филијали , вклучително и банки од ЕУ; унапредување на корпоративното управување во банките; проширување на бројот на мерки кои НБРМ може да ги преземе спрема банките; управувањето со ризиците; лиценцирањето преку зајакнување на критериумите за акционер на банка; зајакнување на пазарната дисциплина и итн.

Во период од 9 месеци по донесување на Законот за банките, НБРМ донесе комплетно нова подзаконска регулатива за банките (вкупно 23 подзаконски акти). Последната FSAP мисија од април 2008 година, заклучи дека постои високо ниво на усогласеност на банкарската регулатива со 25-те базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија.

Во текот на 2008 година се заокружија повеќемесечните активности на НБРМ за унапредување на Кредитниот регистар кој функционира во рамките на НБРМ. Покрај креирањето соодветна софтверска апликација, беше донесена и соодветна регулативна рамка за соржината на Кредитниот регистар, како и за начинот на доставување и користење на податоците од него. Унапредениот Кредитен регистар е во примена од третиот квартал на 2008 година.

Кон средината на 2008 година се донесе и Законот за кредитно биро (Службен весник на Република Македонија бр. 81/2008) чија цел е преку основање на приватно кредитно биро (кое располага со широка база на податоци за обврските и редовноста на нивното исполнување од страна на правните и физичките лица во Република Македонија), да се овозможи зголемување на финансиската дисциплина во измирувањето на обврските, посигурно и поефикасно управување со кредитниот ризик од страна на финансиските институции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, односно Одделението за банкарски систем кое функционира во рамките на Секторот за финансиски систем е одговорно за креирање на политиките кои се однесуваат на банкарскиот сектор и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството за Европската Унија.

Народната банка на Република Македонија е регулаторен и супервизорски орган за банките. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените за примената на супервизорските процедури. Воедно, Народната банка на Република Македонија, во 2008 година го објави вториот Извештај за финансиската стабилност на земјата за 2007 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2009 година се планира измена на Законот за банки во насока на негово усогласување со Директивата 2006/48/ЕЗ за основањето и водењето на дејноста на кредитните институции во делот на прекугранично давање услуги.

Во текот на 2009 година се планира дополнување на правната рамка со сегменти од Новата капитална спогодба (Базел 2), преку дополнување на Одлуката за методологија за утврдување на адекватност на капиталот. Во овие рамки ќе се изврши и анализа на начинот на кој може да се користат рејтинзите на рејтинг агенциите за целите на утврдување на адекватноста на капиталот.

Заради попрецизна примена на одредбите од Законот за банки, НБРМ ќе изготви Процедури за спроведување на планот за пренос на средства и обврски од една банка во администрација на друга банка, како и Процедури за спроведување на продажбата на актива на една банка во друга банка, со што ќе се обезбеди поголема униформност и транспарентност во спроведување на овие постапки.

До средината на 2009 година ќе се донесе нов Закон за финансиски конгломерати, со кој ќе се уредат правилата за вршење на дополнителна супервизија на банките, друштвата за осигурување, друштвата за реосигурување, брокерските куќи и друштвата за управување со инвестициски фондови кога претставуваат дел од финансиски конгломерат. Во Законот ќе биде транспонирана Директивата 32002L0087 за дополнителна супервизија на кредитни институции, друштва за осигурување и инвестициски фирми кои се дел од финансиски конгломерат.

Министерството за финансии до средината на 2009 ќе донесе Правилник за формата и содржината на годишната сметка за банките и штедилниците во кој ќе се транспонира директивата 31986L0635 за годишни и консолидирани извештаи на банките и другите финансиски институции.За подготовка на овој правилник ќе се користи помош од TAIEX програмата, а произлегува од Законот за трговски друштва.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период континуирано ќе јакнат административните капацитети на НБРМ и Секторот за финансиски систем во Министертсвото за финансии преку учество на вработените на обуки со што ќе се олесни имплементацијата на вториот столб од Базел 2.

Исто така, планирамо е изработка и воспоставување на информативен систем за управување со документи во НБРМ (document management system).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се предвидува соодветна имплементацијата на Новата капитална спогодба (Basel II) во согласност со состојбите во банкарскиот сектор и банкарската супервизија.

Сеуште не постојат предуслови за пропишување и имплементација на напредните пристапи за утврдување на нивото на потребен капитал за покривање на кредитниот и оперативниот ризик како што е Пристапот базиран на интерниот рејтинг за кредитниот ризик (Internal Ratings-based approaches) и Напредниот пристап за мерење на оперативниот ризик (Advanced Measurement Approaches).

### 3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 12 друштва за осигурување, 8 осигурителни брокерски друштва и 5 друштва за застапување во осигурување. Две од друштвата за осигурување вршат работи на осигурување на живот, а останатите вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување. Осигурителните брокерски друштва вршат осигурително брокерски работи во рамките на сите класи на осигурување. Осигурителните застапници, како лиценцирани субјекти на пазарот на осигурување во РМ вршат работи на застапување во осигурување во име и за сметка на друштвата за осигурување.

Основна законска рамка која ги регулира условите и начинот на вршење работи на осигурување и реосигурување, спроведување супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва, начинот и условите на вршење работи на посредување во осигурувањето претставува Законот за супервизија на осигурување (Службен весник на РМ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 08/08 и 88/08), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (Службен весник на РМ бр. 88/05, 70/06 и 81/08), Законот за облигациони односи во делот што се однесува на договорите за осигурување (Службен весник на РМ" бр. 18/01, 4/02 и 5/03) и Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" бр. 28/04).

Пензискиот систем во Република Македонија е уреден со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. весник на РМ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 32/96, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01, 85/03, 40/04, 4/05, 101/05, 70/06, 153/07 и 88/08), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Сл.весник на РМ бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05 и 29/07 и

88/08), Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр.7/08) и подзаконски акти кои ја доразработуваат соодветната област.

Во Република Македонија во 2000 година поставени се основите на реформираниот пензиски систем како тростолбен пензиски систем кој е дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува државниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија кој функционира на принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go). Вториот столб претставува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, додека третиот столб претставува доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

*Со последните измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување донесени во 2008 година направено е прилагодување на законските одредби заради воведување на третиот столб. Исто така, со овие измени се предвидува отворање на пензискиот пазар за нови пензиски друштва со што ќе се стимулира влез на нови инвестиции, зголемена конкуренцијата, намалување на трошоците и унапредување на системот, како и формирање на Прекршочна комисија во МАПАС со што МАПАС ќе може да води прекршочни постапки да изрекува прекрочни санкции.*

Во јануари 2008 година донесен е Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на Република Македонија бр.7/2008). Со цел операционализација на третиот столб, беа изготвени и донесени нови акти или беа усогласени постојните акти (околу 50-тина) поврзани со функционирањето на вториот столб и/или на третиот столб.Исто така со овој Закон се овозможува доброволните пензиски фондови да инвестираат 50% од средствата во странски издавачи на хартии од вредност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До воспоставувањето на Агенцијата за супервизија на осигурување, супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва во Република Македонија се спроведува од Секторот за финансиски систем во Министерството за финансии. Во рамките на секторот функционираат: одделението за систем на осигурување (2 вработени) задолжено за изготвување на законски и подзаконски акти од обласа на осигурувањето и лиценцирање на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, осигурителни брокери и актуари; и одделението за супервизија на осигурување (3 вработени) задолжено за спроведување теренска и вонтеренска супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва.

Во пензискиот систем Министерството за труд и социјална политика е креатор на пензиската политика, Фондот на ПИОМ врши спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, вклучително и наплата на придонесите за двата столба и нивна распределба меѓу првиот и вториот столб, додека МАПАС го регулира капитално финансираното пензиско осигурување и врши супервизија на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови. Целта на основање на МАПАС е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на осигурувањето, предвидено е во рок од една година од денот на започнувањето со работа на Агенцијата за суепрвизија на осигурување, да бидат донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување со кои се регулираат одделни аспекти од управувањето со ризици кај друштвата за осигурување , финансиското известување и сметководството кај друштвата за осигурување,постапките за добивање на дозволи и согласности , како и подзаконските акти со кои се регулира работата на Агенцијата.

*Во првиот квартал на 2009 се очекува доброволното капитално финансирано пензиско и измените во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување да започнат да функционираат преку постапка за издавање дозволи за основање нови пензиски друштва и одобренија за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови, по што би следел процес на нивно основање, маркетинг, зачленување на членови во доброволни пензиски фондови, уплата на придонеси и инвестирање на средствата од доброволните пензиски фондови, како и во нови задолжителни пензиски фондови и појава на професионални пензиски шеми во рамките на третиот столб.*

*Исто така до средината на 2009 се очекува донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со кој лимитот на инвестирање на пензиските фондови во странски издавачи на хартии од вредност ќе се зголемат од 20% на 30 % (препорака од Извештајот за напредокот, 2008).*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување (Службен весник на РМ бр. 79/07) предвидено е основање на Агенција за супервизија на осигурување, како независен осигурителен супервизорски орган надлежен за спроведување на супервизија, изрекување на прекршочни мерки, како и донесување на подзаконска регулатива на пазарот на осигурување во Република Македонија.

Во текот на 2009 година функцијата чувар на имот на пензиските фондови од Народната банка на Република Македонија се очекува да биде пренесена во деловните банки.

Исто така текот на 2009 година се планира формирање Прекршочна комисија во МАПАС и обука на нејзините членови, по што таа ќе започне со работа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Предвидено е донесување на нов Закон за осигурување со што ќе продолжи усогласувањето на домашната законската рамка со правните акти на ЕУ кои произлегуваат од концептот „Солвентност 2“ и меѓународните стандарди за супервизија на осигурување IAIS.

*Во областа на пензиското осигурување се предвидува заокружување на правната рамка со донесување на Законот за исплата на пензии во 2010 година кој ќе го регулирање повлекувањето и користењето на средствата од вториот и третиот столб. Со овој закон ќе бидат подетално уредени видовите на пензии кои се исплаќаат од капитално финансирано пензиско осигурување (програмирани повлекувања од пензиските фондови и доживотни ануитети од посебна институција овластена за оваа цел), како и институциите надлежни за исплата на пензиите.*

*Исто така предвидено е постепено зајакнување на капацитетите на Агенцијата за супервизија на осигурување и МАПАС за што се одобрени и средства од ИПА во рамките на проектното фише 2008.*

## 3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на првата половина од 2008 година се донесе Законот за финансиско обезбедување (Службен весник на Република Македонија бр.84/08) во кој е транспонирана директивата 32002L0047 за аранжмани на финансиско обезбедување. Законот овозможува поголема интеграција, ефикасност и стабилност на финансискиот пазар и финансискиот систем, поголема сигурност на финансиските трансакции помеѓу субјектите, зголемување на ликвидноста на финансискиот пазар и намалување на административниот товар при склучување на договори за финансиско обезбедување.

Министерството за финансии, односно Секторот за финансиски систем, е одговорен за изготвување на законите и подзаконските акти кои го уредуваат делот на финансиските пазари.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

До крајојт а 2009 предвидено е да се донесе Закон за изменување и дополнување на Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари во кој делумно е транспонирана директивата 32007L0064. Измената на Законот е во делот на намалување на средствата потребни за работа на друштвата за брз трансфер на пари од 100.000 евра на 20.000 евра.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Предвидено е целосно транспонирање на директивата 32007L0064 за системи на исплата во внатрешниот пазар на ЕУ најдоцна до 2011 година.

## 3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во јануари 2008 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008). Со оваа измена е извршено проширување на услугите со хартии од вредност што ги вршат брокерските куќи и банките со нова услуга-„чување на хартии од вредност“. Новата услуга вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и други услуги со хартии од вредност по налог на клиенти како што се исплата на дивиденди и камати, известувања за собранија на акционери и слично. Новата услуга се пропишува може да ја вршат банки и брокерски куќи основани со капитал од 500.000 евра.

Измените се и во насока на целосна професионализација на Комисијата за хартии од вредност, односно на претседателот и на сите комисионери (членови) на Комисијата кои ќе бидат ангажирани со полно работно време во Комисијата со цел попрофесионално и поефикасно извршување на нивните работни задачи и зајакнување на супервзорската функција на

Комисијата. Воведен е критериум за пресметка на висината на надоместоците кои ги наплатува Комисијата, односно овие надоместоци согласно Тарифникот на Комисијата ќе треба да соодветствуваат со трошоците утврдени со годишниот финансиски план, програмата за работа, како и развојните потреби на Комисијата за хартии од вредност. Исто така Комисијата за хартии од вредност донесе Правилник за формата и содржината на проспектот и поканата за запишување и уплата на хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија бр.28/2008) во кој е транспонирана директивата 32003L0071 за проспектот кој треба да се објави кога хартии од вредност се нудат на јавноста или се примаат за тргувања, како и регулативата 32004R0809 за имплементирање на предметната директива.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за пазар на капитал кое функционира во рамките на Секторот за финансиски систем е надлежна институција за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството за Европската Унија.

Комисијата за хартии од вредност во текот на 2008 оствари соработка со USAID и со International Finance Corporation со цел промовирање на улогата на Комисијата како регулатор на пазарот на хартии од вредност.

Комисијата за хартии од вредност во 2007 година доби грант од Светска Банка во износ од 50.000 евра, за ангажирање на странски консултант, кој изготви методологија за супервизија на пазарните учесници заснована на ризик (risk-based approach).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Од октомври 2008 година започнати се активности за измена и дополнување на Законот за хартии од вредност, за што е формирана работна група составена од претставници од Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Македонска берза, Централен депозитар за хартии од вредност и Групацијата за работење со хартии од вредност. Измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност се во насока на усогласување со директивата 31997L0009 за шеми за надомест на инвеститорите и директивата 32007L0044 во врска со правилата и критериумите за стекнување и зголемување на учеството во финансискиот сектор. Исто така, предвидените измени ќе опфатат и дел од препораките од Оценската Мисија (2007) по однос на прашањата за финансиските услуги во Република Македонија. Со овие измени на законот ќе се воспостави правна основа за формирање на Фонд за обештетување на инвеститори и Гарантен фонд за случај на непорамнување на транскации со хартии од вредност.

На почетокот на 2009 ќе биде донесен нов Закон за инвестициски фондови. Во законот ќе бидат транспонирани следниве директиви: 32001L0108, 32001L0107, 31985L0611 32000L0064, 32004L0039 и 32007L0044,за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (исто во подрачје 4.1: движење на капитал).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Планирано е кадровско зајакнување на КХВ со нови вработувања. Исто така, предвидено е КХВ да користи странска помош преку Проектот REPARIS на Светска Банка за изготвување на Упатство за спроведување на супервизија на пазарните учесници врз основа на методологијата базирана на ризикот и Упатство за анализа на финансиски извештаи.Исто така, планирано е и зајакнување на Секторот за финансиски систем во Министерството за финансии.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
На среден рок предвидена е континуирана хармонизација на регулативата од областа на пазарот на капитал со регулативата на европското законодавство и принципите на IOSCO.

Комисијата за хартии од вредност планира понатамошно развивање на професионалните и стручните капацитети на вработените во Комисијата односно нивно усовршување и зголемување на нивните капацитети во поглед на секојдневните работни активности.

## 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

### 3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи:*

Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии која целосно е базирана на иницијативата за развој на информатичко општество i2010 на ЕУ. Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии има мисија да ја вклучи економијата на Република Македонија во светската карта на вмрежени економии, создавање на услови за скок во развојот на економијата преку забрзан воведување и масовно ефикасно користење на електронските комуникации и информатички технологии.

*Основен закон:*

Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија " бр .13/05, 14/2007, 55/2007 и 98/2008). Во законот целосно е имплементиран пакетот на директиви од 2002 год на ЕУ од областа на електронските комуникации.

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации.

Институции кои индиректно имаат надлежност врз развој на електронските комуникации се Министерството за информатичко општество, Министерство за економија, Министерство за финансии, Комисија за заштита на конкуренцијата, Дирекција за заштита на лични податоци, Институт за стандардизација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како стратешки документ кој се планира да се донесе во Република Македонија а произлегува од обврските на НСЕКИТ е Национална стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет. Главниот фокус на оваа стратегија е креирање поволна околина за поставување и развој на следна генерација пристапни мрежи кои се клучна алка во вмрежената економија и двигател за развој ан информатичкото општество. Предвидените мерки и активности во Стратегијата се изведени од најдобрите ЕУ практики и се усогласени со препораките на ЕУ за развој на електронски комуникации (Нацрт Препорака на ЕК за регулиран пристап до Следната генерација инфраструктурни мрежи, ЕРГ мислење/заедничка позиција (ERG (07) 16 Rev 2).

Владата на Република Македонија донесе Одлука за начинот и временскиот рок на воспоставување на единствениот европски број 112, заради воспоставување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Република Македонија, со што е транспониран дел од Директивата за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги (2002/22/ЕС). Имплементацијата и воспоставувањето на системот е во тек(постапката се спроведува преку меѓународен оглас) и е во надлежност на Центарот за управување со кризи.

**А)ПРАВНА РАМКА**

**ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА**

(надлежност на Министерството за транспорт и врски)

Во 2009 година се предвидува да се изврши изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации особено во делот на усогласување со новите закони кои во меѓувреме беа донесени а имаат допирни точки со регулативата на електронските комуникации, доусогласување со Директивата 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга, како и отстранување или допрецизирање на одредени решенија во постојниот закон кои создаваат бариери за влез на нови инвеститори, на нови технологии итн.

**СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА – УСОГЛАСУВАЊЕ СО ACQUIS**

(надлежност на Агенцијата за електронски комуникации)

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2009 година се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

1. Донесување на акт за одредување на случаи за можна појава на price squeeze (согласно Директивата 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга);
2. Ревидирање на постоечките прописи кои се однесуваат радиофреквенцискиот спектар во насока на обезбедување на развој на т.н. безжична економија и утврдување на потребата и начинот од воведување на принципот на тргување со радиофреквенции (Мерка 2.4 од НСЕКИТ; и усогласување со: 1. Комуникација на ЕК до ЕП, ЕС, ЕЕСК и КР за

дигитална дивиденда: Заеднички пристап за употребата на спектарот ослободен со дигиталниот премин COM (2007) 700 final; 2. Комуникација на на ЕК до ЕП, ЕС, ЕЕСК и КР: Рапиден пристап до спектар за бежични електронски комуникациски услуги COM (2007)50 final; 3. Комуникација на ЕК до ЕП, ЕС, ЕЕСК и КР: Пазарно ориентиран пристап за управување со спектарот COM(2005)400 final; 4.Мислење на Групата за политики на радиофреквенциски спектар од 2004, за импликациите врз спектарот од преминот кон дигитално емитување (RSPG04-55 Rev.); 5. Резолуција на Европскиот парламент за Европска политика за радио спектар (2006/2212(INI) 6. Резолуција на Европскиот Парламент за собирање на целосниот бенефит од догиталната дивиденда во Европа: заеднички пристап за примената на спектарот ослободен од дигиталниот премин 2008/2099(INI);

3. Изработка на Упатство за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (Усогласување со НСЕКИТ; Националната стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет);
4. АЕК ќе донесе сопствена стратегија за идната работа на регулаторот (политика на регулација) (мерка бр.2.2.б од НСЕКИТ);
5. Ревизија на правилникот за употреба на терминална опрема (Директива 1999/5/ЕЗ)
6. Ревизија на правилниците со кои се регулира обезбедувањето на универзална услуга. (согласно Директива 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга);
7. Ревизија на Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги (согласно Директива 2002/22/ЕЗ за Универзална Услуга);
8. Изработка на Упатство за подготовка на модел на трошоци базиран на LRIC методологија за оператори со значителна пазарна моќ на пазарите за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги (Усогласување со 1. Препорака на ЕК C(2005) 3480 final; 2. Заедничка позиција на ЕРГ за долгорочни инкрементални трошоци –LRIC од 2003; 3. Начела на имплементација и најдобри практики за примена на ИРГ од 2003 4. ЕУ нацрт препораки 2008 за висина на надоместоци за завршување на повик во фиксна и мобилна телефонија.

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2009 година се предвидуваат следните активности:

1. Доделување на одобренија за дистрибуција на дигитални телевизиски услуги (согласно: 1. Комуникација на ЕК до ЕП, ЕС, ЕЕСК и КР за забрзување на транзицијата од аналогно во дигитално емитување (COM(2005) 204 final); 2. Работен документ на ЕК за придонесот на форматот со широк екран и висока дефиниција кон глобалното воведување на дигиталната телевизија (SEC(2004) 46) 3. Комуникација на ЕК до ЕП, ЕЕСК и КР за ревизија на интероперабилноста на дигиталните интерактивни телевизиски услуги согласно Комуникацијата на ЕК (2004) 541);
2. Доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од фреквенцискиот опсег 1800-1805 МХз наменет за пристап до броадбанд, доделување на одобренија за користење на радиофреквенции за јавни мобилни комуникациски услуги на целата територија на Република Македонија, според стандардот ДЦС 1800 во фреквенцискиот опсег 1720-1785МХз/1815-1880МХз, како и спроведување на постапка за доделување на две одобренија за користење на радиофреквенции за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги од третата генерација 3Г;
3. Анализа на малопродажните цени на услугите понудени од Македонски Телеком АД Скопје, како оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги и изнајмени линии и доколку е потребно пропишување на еден од начините на регулирање на малопродажните цени утврдени во член 49 од Законот за електронските комуникации;
4. Анализа на цените во одобрените референтни понуди за интерконекција на Македонски телеком АД Скопе, Т-Мобиле АД Скопје и Космофон АД Скопје, како и анализа на цените во одобрената референтна понуда за razврзан пристап на локална јамка на Македонски телеком АД Скопје;
5. Анализа на доставената понуда на Македонски телеком АД за обезбедување на бит стрим пристап и препродажба на битстрим услуга;
6. Анализа на доставената понуда на Македонски телеком АД за големопродажба на претплатнички линии;
7. Определување на давател на универзална услуга
8. Анализа на релевантниот пазар 16 за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги. (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите);
9. Анализа на релевантниот пазар за продажба на големо број 12 за пристап до бродбанд (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите);
10. Анализа на релевантни пазари за продажба на производи и услуги на мало на пазарите 1,2, 3, 4, 5 и 6 (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите);
11. Анализа на релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо на пазарите 8,9,10 и 11 (Согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите);.

12. Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA) (Согласно Директивата за Универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна Директива);
13. Проверка на точноста на пресметковниот систем на трошоци на оператори со значителна пазарна моќ преку овластен ревизор.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерство за транспорт и врски

- кадровско зајакнување на Секторот за комуникации .
- засилена стручна обука на постоечкиот кадар, зголемено учество на конференции и расправи, како и учество во работните тела на ЕУ и ИТУ.
- набавка на софтвер, опрема и стручна литература.
- висок степен на користење на web базирана интерактивна платформа на Секторот за комуникации за обезбедување на транспарентност и недискриминација при работата.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.
- зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор.
- зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови.

Агенција за електронски комуникации

- Стручна обука на постоечкиот кадар.
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти како и на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Изградба/купување на работни простории за потребите на вработените на АЕК
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од обласа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изготовка на примарна легислатива и стратегии од областа на информатичкото општество, електронските комуникации и медиуми.
- Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) ПРАВНА РАМКА**

**СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА – УСОГЛАСУВАЊЕ СО ACQUIS**

(надлежност на Агенцијата за електронски комуникации)

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2010 година се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

1. Донесување на акт за премин од 18 на 7 релевантнти пазари согласно Препораката на ЕК 2007/879/ЕЗ.
2. Изработка на политика и план за воведување на дигитализација на електронските медиуми (усогласување со мерка 2.4.а од НСЕКИТ– АЕК треба да изготви анализа за идната дигитална дивиденда која би се добила по процесот на дигитализација, усогласување со Комуникација на ЕК до ЕП, ЕС, ЕЕСК и КР за дигитална дивиденда: Заеднички пристап за употребата на спектарот ослободен со дигиталниот премин COM (2007) 700 final и Резолуција на Европскиот Парламент за собирање на целосниот бенефит од дигиталната дивиденда во Европа: заеднички пристап за примената на спектарот ослободен од дигиталниот премин 2008/2099(INI).
3. Акт за процесирање на информација за локација на јавувач во електронски комуникациски мрежи за потребите на итни повици со можност за лоцирање (Препорака на Комисијата 2003/558/ЕЗ).
4. Разгледување на можноста за воведување на симетричност на цените за терминирање на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи согласно Заедничките позиции на ЕРГ (07) 83 Final и ERG (08) 41 final).

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2009 година се предвидуваат следните активности:

1. Анализа на релевантен пазар број 18 за пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници.
2. Анализа на релевантните пазари за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги 15 и 17.
3. Анализа на релевантен пазар за продажба на производи и услуги на мало на пазарот 7.
4. Анализа на релевантни пазари за продажба на производи и услуги на големо на пазарите 13 и 14.

Горенаведените анализи на релевантните пазари ќе се спроведат согласно член 5 на Рамковната Директива 2002/21/ЕС и Насоки на Комисијата (2002/C 165/03) за анализа на пазарите.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Проект Е-112: Имплементација на единствениот Европски број за итни повици, Е-112 во РМ. Конечно завршување на проектот е предвидено до крајот на 2010, или на почетокот на 2011 година.

## 3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи:*

Национална Стратегија за развој на Информатичко Општество и Акционен План и Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии.

*Основни закони поврзани со услуги на информатичко општество:*

- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија “ бр .13/05, 14/2007 и 55/2007).
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија “ бр 133/07 ).
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап (Службен весник на РМ Бр. 127/2008)
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на РМ бр . 34/2001 и бр . 06/2002).
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија “ бр .12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за информатичко општество е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.

Националниот совет за информатичко општество е тело за координација и обезбедување учество на сите чинители во развојот на информатичкото општество преку поддршка на работата на министерот за информатичко општество.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

Во 2009 година се предвидуваат следните активности во насока на развој на информатичкото општество:

- Изготвување на анализа за дефинирање на модел со законско решение за институционална трансформација на МАРНЕТ во Национална академска научно-истражувачка мрежа.

**Б) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

Министерство за информатичко општество

- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество.
- Засилена стручна обука за ИКТ на постоечкиот кадар, зголемено учество на најразлични семинари, курсеви, конференции во земјата и странство.
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.
- Зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор.
- Зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови.
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на информатичкото општество.
- Активно партиципирање во меѓународните алијанси за „борба со информациските закани“.

**В) ДРУГИ МЕРКИ И ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**

- Проект за задолжително користење на електронскиот потпис во работата на државната администрација.
- Формирање на Internet Exchange во склоп на МАРНет или во склоп на друга независна институција.
- Администрирањето на доменот .mk да биде анализирано од страна на Националниот совет за информатичко општество и да припреми препораки базирани на европските искуства.
- Локалните самоуправи во соработка со Владата на Република Македонија да обезбедат одржлив, контролиран и безбеден начин за поврзување на основните и средните училишта на интернет како и пристап до е-услугите од областа на образованието.
- Кампања за предностите и придобивките од градење и развој на општинските електронски комуникациски мрежи како основа за информатичкото општество.

- Да поддржи примена на електронските документи и потписи во домашната и прекуграничната трговија како и во комуникацијата со државните институции.
- Иницирање на проект за идно дигитализирање на библиотеките.
- Електронско плаќање на услугите кои ги даваат владините институции преку надградба на електронскиот сервис www.uslugi.gov.mk со модул кој овозможува електронско плаќање (преку интернет и телефон) на услуги од Владата и државните институции кои побаруваат одредена наплата на такса, како и електронско извршување барањата за услуги.
- Во рамките на проектот „Светот на дланка“,во план е отворање на нови петнаесет интернет клубови.
- Во рамките на проектот „Македонија земја на информатичари“ ќе се доделуваат вредносни бонови (ваучери) на сите редовни студенти за првпат запишани во завршна година на студии во учебната 2008/09 година, на било кој акредитиран факултет во РМ, како и на сите студенти кои се евидентирани како лица со хендикеп.
- Владина мрежна структура - проект на изградба на рбетна електронско-комуникациска мрежа за поврзување на државните институции.
- Поставување LAN-мрежи и бесплатен Интернет-пристап во студентските домови преку поставување на комуникациска инфраструктура до секоја соба во студентските домови и опремување на една просторија со компјутери и бесплатен Интернет-пристап во ученичките домови.
- Проект за развој на е-Демократија преку креирање на web портал за учество на граѓаните при градењето на информатичкото општество
- Интегрирано гранично управување - проект за поефикасна работа преку размена на информации во дигитална форма со соседните земји и меѓународни агенции за спречување на криминал преку електронско поврзување на гранични премини и царински пунктови во единствен систем кој ќе биде поврзан со системите на другите земји.
- Основање универзитет за информатички технологии кој се планира да започне со работа во учебната 2009/2010 година.
- Стимулација за користење и развој на електронската трговија преку различни мерки како на пример објава на конкурс за најдобар е-бизнис план каде Владата ќе субвенционира одредени средства за најдобрите 5 идеи.
- Воспоставување и развој на интегриран е-Владин систем за управување со документи кој ќе ги вклучи сите релевантни институции и ќе и овозможи на Владата да ги автоматизира работните процеси и да овозможи следење на текот на документација во процесот на нејзино донесување и одобрување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Стратешки документи кои треба да се изготват:

- Национална стратегија за е-Инклузија.
- Усвојување локални ИКТ стратегии од локалните самоуправи.
- Креирање на стратешки документ за е-Здравство.
- Креирање на стратешки документ за е-Влада.
- Креирање на стратешки документ за е-Образование.

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

- Промена на постојната легислатива за остварување на информациската безбедност од аспект на ИКТ, имајќи ги предвид основните човекови права, слобода на изразувањето, слободен пристап до информациите, заштита на личните податоци.
- Ревизија на постојната законска и регулаторна рамка дали обезбедува потребна заштита на национален и индивидуален „информациски капитал“ и ИКТ инфраструктура.
- Да се донесе пакет законски и организациски измени за овозможување на е-работа (e-Work)
- Да се донесе пакет законски и организациски измени за овозможување на учење на далечина.

**Б) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

- Институционална трансформација на Националната академска научно-истражувачка мрежа (МАРНЕТ).
- Кампања за подигање на јавната свест за ефикасно и ефективно користење на ИКТ опремата и услугите на информатичко општество од аспект на операторите и датацентрите.
- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација

**В) ДРУГИ МЕРКИ И ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

- Изработка на студија за потреба од Центар за мониторинг на националните и глобалните закани и ризици од аспект на ИКТ во реално време.
- Изготвување на акционен план за воведување на IPv6 интернет протоколот.
- Изготвување на водич за е-Пристапност и е-Инклузија.

- Иницијативи за меѓуопштинската пограничната соработка на општините од Република Македонија со општините од соседните земји, особено од Евро-регионите ќе се искористи за реализација на пилот проекти од ваков вид.
- Локалната самоуправа да воспостави неопходна ИКТ инфраструктура за функционирање на е-точки во руралните средини
- Владата на РМ да го охрабри воспоставувањето на заедници на купувачи и продавачи, да се унапредува е-довербата (e-confidence) и заштита на потрошувачите преку целосна регулација на потрошувачките права на интернет.
- Изработка на студија за потреба од воведување на стандардизирани ИКТ решенија за малите и средни претпријатија и насоки за нивна поддршка од страна на Владата.
- Изработка на Национален извештај и оценка за свесноста за информациска не-безбедност и потребите за зголемување на знаењата и вештините за зголемување на информациската безбедност во сите сегменти на општеството.
- Промоција и препораки за организациите (јавна администрација,стопанство, граѓански сектор) за воведување на системи за управување со безбедност на информации и ИКТ инфраструктурите кои ги користат.
- Воведување на систем на сертификати за успешно воведени и користени системи за безбедност на информации и ИКТ системи за организациите. како и годишна обврзувачка ревизија.
- Воведување на систем на редовно следење, идентификација и предлагање на мерки за намалување на "организациска чувствителност / ранливост на информациски закани" во сите сектори на општеството.
- Воспоставување координиран систем на давање јавни услуги и за менаџирање на односите со граѓаните (Citizens Relationship Management).
- Бесплатни безжични ористапни точки за интернет (wireless hotspots) на места со голема концентрација со луѓе (автобуски, железнички станици, аеродроми, библиотеки и др.)
- Имплементација на ИКТ Стартегија во правосудството (2007-2010) со што ќе се воспостави и развие модерно и транспарентно правосудство во Република Македонија согласно европските и меѓународните ИКТ стандарди.
- Воспоставување систем на електронска здравствена картичка со кој ќе се овозможи дигитализација на медицинските досиеја и унификација на системите со кое се поедноставува процесот на работа со историјата на болести за секој пациент. Оваа картичка ќе биде компатибилна со Европската EHIC здравствена картичка.
- Проект за дигитализација на катастарот со употреба на ГИС софтвер. Проектот се реализира во Државниот завод за геодетски работи.
- Компјутер за секое дете со кој ќе се обезбеди компјутер за секој ученик во училницата. Опремата е набавена и во тек е нејзина инсталација. Во тек е и обука на наставниот кадар. Проектот се темели на Националната програма за развој на образованието (2005-2015 година).
- Национално тело за издавање сертификати (National Certification Authority). Започната е изградба на податочен центар во Владата на РМ неопходен за формирање Национално тело за издавање сертификати. Со тоа би се овозможила реализација на неопходната PKI (public key infrastructure) инфраструктура за имплементација на напредни владини електронски услуги.
- Развој на е-Влада услуги преку дефинирање на стандарди и архитектура за е-Владини апликации и проекти со цел за унапредување на е-Владините услуги за граѓаните.
- Развој на Земјоделски информативен систем кој ќе вклучува Националниот систем за идентификација на животни и Регистар на лозови насади.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ.

## 3.10.3 АУДИО ВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА

**РАДИОДИФУЗИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**А) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи*

Стратегија за развој на радиодифузната дејност усвоена од страна на Советот за радиодифузија во 2007 година. Стратегијата ги идентификува проблемите во досегашниот развој, прави пресек на постојната состојба и нуди конкретни цели и насоки за идната регулација на радиодифузијата во следните нејзини сегменти: радиодифузната индустрија, плурализмот и разновидноста на програмите, дигитализацијата на терестријалната радиодифузија и развојот на регулаторната рамка.

*Основен закон*

Закон за радиодифузната дејност усвоен во ноември 2005 година (Службен весник на РМ бр.100/05, бр. 19/2007 и бр.103/08).

*Други закони што содржат одредби поврзани со радиодифузната дејност*

1. Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија (Службен весник на РМ бр. 6/98);
2. Закон за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 13/05, 14/07 и 55/2007);
3. Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап (Службен весник на РМ Бр. 127/2008)
4. Закон за авторското право и сродните права (Службен весник на РМ бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05 и 131/07);
5. Закон за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија " бр 24/07и .81/07).
6. Закон за ратификација на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Протоколот за измена на Европската конвенција за прекугранична телевизија (Службен весник на РМ бр.18/2003);

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски е надлежен државен орган за креирање и реализирање на политиката поврзана со електронските комуникации, информатичкото општество и радиодифузијата.

Советот за радиодифузија согласно Законот за радиодифузната дејност е надлежен за надзор над спроведувањето на законот во поглед на почитувањето на програмските принципи, програмските барања и ограничувања, како и условите во дозволата за радиодифузна дејност.

Надзор над исполнувањето на условите за работа содржани во одобрението за користење на радиофреквенции, изградбата, одржувањето и употребата на мрежите и средствата за емитување и за пренос на програмите вршат Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за транспорт и врски.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) ПРАВНА РАМКА**

**<u>Примарна легислатива</u>**

Со цел подобрување на состојбите во радиодифузната дејност и понатамошно усогласување со acquis, во 2009 година се предвидува да се изврши изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност. Исто така, измени во постојниот Закон за радиодифузна дејност ќе бидат предложени во насока на подобрување на обезбедувањето на финансиска стабилност на институциите-корисници на радиодифузната такса. (Усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (2007/65/ЕЗ (АВМУ).

Во 2009 година се планираат да се донесат измени на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија. Покрај аналогното емитување на програмите на Јавниот радиодифузен сервис и Собранискиот канал, ЈП Македонска радиодифузија ќе обезбеди воедно и пренос на тие програми низ дигитална мрежа со еден дигитален мултиплекс. Финанскиските средства за изградба на дигитална мрежа ќе се обезбедуваат од Буџетот на РМ за преиод од 3 години. Со измените на Законот за ЈП МРД се врши усогласување Одлуката на ЕФТА Органот за надзор No 90/04/COL за државна помош на јавните радиодифузни сервиси и Резолуција на Советот и Владите на земјите членки од 25 јануари 1999 за јавниот радиодифузен сервис.

**<u>Имплементација на легислативата</u>**

Советот планира во 2009 година да ги реализира следниве активности:

- надзор врз спроведувањето на обврските на јавниот радиодифузен сервис утврдени со Законот и со подзаконските акти;
- надзор врз спроведувањето на обврските на комерцијалните радиодифузери утврдени со Законот, со дозволата и со подзаконските акти;
- следење на програмите на радиодифузерите за време на изборната кампања, деновите на изборниот молк и на денот на изборите;
- следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање;
- следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност;
- надзор врз работата на радиодифузерите од аспект на исполнување на техничките барања утврдени со подзаконските акти и со дозволата за вршење радиодифузна дејност
- надзор врз обврските на јавните комуникациски мрежи утврдени со Законот во поглед на регистрацијата на програмските пакети;
- изрекување мерки и покренување прекршочни постапки поради непочитување на одредбите од Законот, дозволата и подзаконските акти против радиодифузерите односно јавните комуникациски мрежи;

- воспоставување институционална соработка со Државниот пазарен инспекторат со цел доследна примена на Законот за авторско и сродни права;
- спроведување анализа на пазарот на радиодифузната дејност со цел да се утврди економското и финансиското работење на радиодифузерите во 2008 година и да се детектираат трендовите во развојот на радиодифузната и огласувачката индустрија;
- заеднички активности на СРД и АЕК во рамките на Работната група задолжена за подготовка и спроведување на постапката за доделување на мултиплекси;
- следење на имплементацијата на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, иницирање и координирање на активности со други надлежни институции и организации за спроведување на Стратегијата;

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

<u>Совет за радиодифузија</u>

- Подигање на административниот и институционален капацитет
- Развивање и зајакнување на соработката меѓу независните регулаторни тела
- Учество на годишните состаноци на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА)
- Набавка на стручна литература
- Надградба на опремата за мониторинг
- Набавка на нов софтвер за анализа на програмата на радио и телевизиските станици
- Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во Министерство за транспорт и врски започнати се активности околу можноста за воведување на услуги на мобилна ТВ (mobile TV services) преку Анализа на најдобри пракси и препораки на ЕК; Јавна расправа со сите заинтересирани страни и изработка на заклучоци; Информација и предлози до Владата на РМ. Со ова се постигнува усогласување со 1.Комуникација на ЕК до ЕП, ЕЕСК и КР за забрзување на транзицијата од аналогно кон дигитално емитување (COM(2005) 204 final), 2. Комуникација на Комисијата (2008) 845 Final Правна рамка за мобилни ТВ мрежи и услуги и 3. Комуникација на ЕК до ЕП, ЕЕСК и КР за ревизија за зајакнување на Внатрешниот пазар за мобилна телевизија COM 2007 409 final.

Во Министерство за транспорт и врски започнати се активности за идно воведување на DVB-T2 преку Анализа на најдобри пракси, препораки на ЕК; Јавна расправа со сите заинтересирани страни и изработка на заклучоци; Информација и предлози до Владата на РМ. Со ова се постигнува усогласување со 1.Комуникација на ЕК до ЕП, ЕЕСК и КР за забрзување на транзицијата од аналогно кон дигитално емитување (COM(2005) 204 final) ); 2. Работен документ на ЕК за придонесот на форматот со широк екран и висока дефиниција кон глобалното воведување на дигиталната телевизија (SEC(2004) 46), 3. Комуникација на ЕК до ЕП, ЕЕСК и КР за ревизија на интероперабилноста на дигиталните интерактивни телевизиски услуги согласно Комуникацијата на ЕК (2004) 541; 4. Комуникација за ревизија на интероперабилноста на дигиталните интерактивни телевизиски услуги согласно Комуникацијата COM(2004) – (COM(2006) 37 final)

**СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА – УСОГЛАСУВАЊЕ СО ACQUIS**

Усвојување и имплементација на подзаконски акти кои ќе произлезат од усогласувањето на Законот за радиодифузна дејност со новата директива за аудиовизуелни медиумски услуги (2007/65/ЕЗ (АВМУ).

**ФИЛМСКИ ФОНД**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**А ) ПРАВНА РАМКА**

Филмската дејност, кинотечната дејност како и областа на заштитата на авторското право и сродните права во оваа област, се уредуваат со следните акти:

- Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.66/03-Пречистен текст);
- Законот за основање на Кинотеката на СРМ („Сужбен весник на СРМ“ бр.20/74);
- Законот за задолжителен примерок („Службен весник на РМ“ бр.11/94);
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ бр.47/96, 3/96,98/02, 4/05 и 131/07);
- Законот за Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ бр.20/04; 71/04 и 115/07);,
- Закон за ратификација на Европската Конвенција за копродукција во кинематографијата („Службен весник на РМ“бр.18/03)
- Закон за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.70/2006)
- Правилникот за критериумите за финансирање на проектите од филмската продукција и елементите што треба да бидат содржани во проектите од филмската продукција што се од национален интерес („Службен весник на РМ“ бр.125/07);

- Закон за аудиовизуелни добра (во Собраниска процедура) - во целост е инкорпорирана Препораката 2005/865/CE на Европскиот Парламент и Советот од 16 Ноември 2005 година за филмското наследство и конкурентноста со сродните индустриски активности (дејности).

Република Македонија е членка на Европската Аудиовизуелна опсерваторија (European Audiovisual Observatory), и на SEECN (South East European Cinema Network).

Министерството за култура иницира почеток на преговори за учество во Програмата на Заедницата МЕДИА (2007-2013). До полноправното членство на Република Македонија во МЕДИА 2007 Програмата на Европската Комисија, Европскиот Парламент одобри подготвителен процес предложен од Европската Комисија наречен Меѓународна МЕДИА (MEDIA International).

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни институции за развој на филмската дејност во РМ се Министерството за култура, Кинотеката на РМ и Филмски фонд.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Продолжување преговори за учество во Програмата МЕДИА (2007 – 2013) преку создавање услови од страна на Министерство за култура за учество во проекти за развој на производството, дистрибуција на филмски и аудиовизуелни програми, промоција на филмски дела и аудиовизуелни програми.
- Усвојување Годишна програма од страна на Филмскиот Фонд за финансирање на филмски проекти и унапредување на филмската дејност во Република Македонија, врз основа на распишан јавен конкурс ( Два конкурси во текот на 1 година во мај и декември).
- Кадровско екипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија.
- Едукација на вработените во Филмскиот фонд, филмските автори и продуценти.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Кадровско екипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Постои потреба од програма за едукација на вработените во Филмскиот фонд, филмските автори и продуценти, како и ИКТ и др. опрема.
- **Стручна обука на постојниот кадар преку програмата TAIEX (СРД)**

## 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Управувањето и контролата на буџетските фондови наменети за подршка на развојот на земјоделството, како и воспоставувањето на регистрите потребни за контрола, следење и оценка на активностите се регулирани со следниве правни акти:

- Закон за буџет (Службен весник на РМ бр. 64/05)
- Закон за државна ревизија (Службен весник на РМ бр. 73/04)
- Закон за ревизија (Службен весник на РМ бр. 79/05)
- Закон за финансиски операции (Службен весник на РМ бр. 42/93 и 32/97)
- Закон за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр. 9/2000)
- Закон за банки (Службен весник на РМ бр. 63/2000, 103/00, 37/02, 51/03 и 85/03)
- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис (34/01)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр. 07/05)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007),
- Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства (Службен весник на РМ бр 110/2007) и
- Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07)

Покрај законските акти, во јуни 2007 година е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007-2013 година, во која се дефинирани идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставување на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на програмирањето на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија надлежна институција е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со сите негови сектори и управи. Покрај тоа, министерството е надлежно за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за подршка. Во овој контекст, следниве сектори имаат надлежност во оваа област:

- Сектор за земјоделство со сите свои одделенија,
- Сектор анализа на земјоделска политика со сите свои одделенија,
- Секторот за управување и регистрирање на земјоделско земјиште (СРУЗЗ)
- Сектор за координација на Подрачни Единици, и
- Државниот инспекторат за земјоделство со надлежност во инспекцискиот надзор над спроведување на програмите и мерките.

Почнувајќи од 2008 година, со донесувањето на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007), Агенцијата, формирана како независно тело, е надлежна за имплементација на финансиската подршка, следење и контрола на средствата наменети за земјоделството, како и за администрација и контрола на исплатите во земјоделството.

Со донесувањето на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 110/07) и новата систематизација на МЗШВ во 2007 година, меѓудругото беше формиран и Сектор за анализа на земјоделска политика (САЗП), во чија надлежност е воспостувањето и одржувањето на мрежата. Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на САЗП ја има улогата на Агенција за врски (Liaison Agency). Покрај САЗП, носители на системот се и Националниот Комитет за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Државниот завод за статистика, во однос на изборот на земјоделски стопанства од кои се прибираат податоците и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во врска со директните исплати и државната помош во земјоделството, во 2009 година предвидено е донесување на поголем број правни акти, меѓу кои најзначајни се Уредба за директни плаќања во земјоделството, Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2009 година, како и донесување на Закон за државната помош во земјоделството. Покрај ова, предвидена е и измена на законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во

земјоделството и руралниот развој. Исто така, тоа ќе повлече и соодветна измена во внатрешниот акт за систематизација кој се очекува да биде реализиран до јануари 2009 година.

Покрај тоа, во рамките на АФПЗРР предвидено е усвојување на поголем број на прирачници и внатрешни процедури за работа кои ќе го регулираат начинот на прием, евиденција, обработка и одобрување на барањето за финансиска подршка, постапката за одобрување и реализација на исплати, постапка за извршување на исплата, сметководствените и процедурите на внатрешна ревизија, како и начинот на спроведување и координирање на контролите на самото место. Во однос на искористување на средствата од претпристапната помош за рурален развој, потпишани се и Меморандуми за разбирање помеѓу АФПЗРР и Националниот Фонд и АФПЗРР и Управувачкото тело, орган во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и предвидено е донесување на Уредба за спроведување на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ наменет за рурален развој (ИПАРД). Исто така, со цел за подобра искористеност на средствата од предпристапната помош, потпишани се Меморандуми за соработка и со останатите течнички тела. Сите овие активности се очекува да бидат реализирани до февруари 2009 со цел финализирање на активноста за добивање на национална акредитација и испраќање на финализираниот пакет документи до ЕК.

Имјаќи го предвид приоритетот за воспоставување на системите за регистрација и евиденција во земјоделството, предвидено е донесување на подзаконски акти од Законот за земјоделство и рурален развој кои ќе ја регулираат областа, како и подзаконски акт за воспоставување и размена на податоци во рамките на Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС). Во насока на воспоставувањето на регистрите и за потребите на подобра функционалност, поврзување и опремување на подрачните единици на МЗШВ и развивање на концепт на Регионални Центри, предвидено е комплетирање на активностите започнати во 2008 година за нивно функционално, организационо и кадровско реструктуирање.

Во периодот до јуни 2009 година предвидено е донесување на подзаконски акти согласно Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 110/07) со кои ќе се постигне потполна усогласеност со изворите на правото во ЕУ и во целост ќе се регулира прибирањето и обработката на сметководствени податоци на ниво на земјоделско стопанство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, предвидено е зајакнување на капацитетот согласно потребите за акредитација за имплементација на ИПАРД и спроведување на националната подршка. Покрај зајакнувањето на вертикалните сектори кои учествуваат во подготовката на мерките за подршка во областите за кои истите се надлежни, во 2009 година предвидено е зајакнување на Секторот за контрола со дополнителни 15 вработени (плус 35 вработени планирани за пополнување на постоечката систематизација), како и набавка на соодветна техничка опрема и возила за извршување на задачите на секторот. Исто така предвидена е и соодветна обука на кадарот во согласност со планот за обуки на Агенцијата. Покрај ова, за сите нововработени лица предвидена е и набавка на опрема и канцелариски мебел, како и реализација на градежни работи во зависност од потребите, согласно Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ, финансиран од заем на Светска банка. Во контекст на активностите предвидени со проектот, се очекува и набавка на софтвер за реализирање на сметководствени работи, во соработка со Националниот фонд во Министерството за финансии.

Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, предвидено е започнување на функционирање на единствениот Регистер на земјоделски стопанства во РМ поддржан со соодветка ИТ инфраструктура и преку интегрирање на податоците од различните бази и регистри во МЗШВ до април 2009 година, како и започнување со воспоставување на Системот за идентификација на земјишни парцели во неколку пилот општини после извршеното воздушно снимање и интерпретација на ортофото материјалите. За таа цел, преку Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ - Компонента 1 (*Зајакнување на административниот и управувачки капацитет на МЗШВ во согласност со потребите за пристапување кон ЕУ*), предвидена е подготовка и реализација на повеќе набавки за обезбедување на услуги за авионско снимање и обработка на податоците, набавка на неопходната опрема и софтвер и нејзино инсталирање и тестирање. Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем ќе продолжат активностите за надоградба на системот во насока на проширување на опфатот со групи производи и подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечкиот систем преку дизајнирање на софтверско решение и негова веб употреба.

Од аспект на FADN предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства (САЗП) во рамките на МЗШВ, дефинирање на типологијата и големината на фарма, пресметка на стандардна бруто маржа и поставување на репрезентаивен примерок, како и избор на земјоделски стопанства за системот. Предвидено е овие активности да бидат поддржани од страна на меѓународната техничка поддршка која вклучува и обука на вработените во Одделението и останатите носители на мрежата.

Од аспект на останатите хоризонтални активности кои влијаат на евроинтегративниот процес, предвидено е и кадровско зајакнување на Секторот за ЕУ, Секторот за меѓународна соработка, Секторот за нормативно-правни работи, Секторот за ИТ, Секторот за човечки ресурси и Одделението за стратешко планирање.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период предвидено е донесување на Закон за земјоделска инспекција. Покрај тоа, ќе се продолжи со подготовка и реализација на Програмата за финансиска подршка на земјоделството во 2010 и 2011 година, вклучително и мерки и активности за подршка на јавните услуги и научно-истражувачката работа во обласва. Предвидено е и днесување на подзаконски акти врз основа на Законот за државната помош во земјоделството.

Од аспект на ситемите за евиденција и регистрација, во истиот временски период предвидена е подготовка на упатства за начинот на поврзување на регистрите и базите на податоци со други регистри и начинот на добивање на податоци од други регистри и евиденции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на институционалните капацитети кои имаат улога во подготовката и спроведувањето на директните исплати во земјоделството, и тоа Секторот за земјоделство, Секторот за ЕУ, Секторот за анализа на земјоделската политика, Државниот инспекторат за земјоделство, Секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, Секторот за ИТ, Регионални/Подрачни единици на МЗШВ и Одделението за сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства Одделението за стратешко планирање, Секторот за човечки ресурси и Секторот за меѓународна соработка.

Од аспект на регистрите ќе се воспостават евиденциите за директна подршка и државна помош и истите ќе се поврзат со единствениот Регистер на земјоделски стопанства. Системот за евиденција на земјишни парцели ќе се прошири од пилот општините и ќе се воспострави на целата територија на РМ. Единствениот Регистер на земјоделски стопанства тековно ќе се обновува, а во истиот временски период ќе бидат интегрирани и останатите регистри во рамките на МЗШВ - Системот за идентификација и регистрација на животни, Регистерот на лозови насади и Системот за идентификација и регистрација на земјишни парцели. Во овој временски период предвидена е и финализација и оперативност на земјоделскиот информативен систем.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Странска подршка е обезбедена на кус и среден рок за успешна реализација на предвидените активности преку:

- Поддршка на подготовките за ИПАРД (EUROPEAID/126581/SER/MK) (Support to IPARD Preparation)
- Проект за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ (заем од Светска Банка)
- Развој на административниот капацитет за усвојување и спроведување на Acquis во секторот земјоделство (Development of the administrative capacity to adopt and implement the Acquis in the agricultural sector) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2008 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).
- Институционална надградба на административниот капацитет за спроведување на политиките на земјоделство и рурален развој (Institutional building of the administrative capacities for agriculture and rural development policy implementation) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).

## 3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за уредување на пазарот на житарици, ориз, свежо овошје и зеленчук, живи дрва, други растенија, ризоми, корења, режено и украсно цвеќе, сушена храна за добитокот и останати растителни производи, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07) кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ. Покрај овој закон, следниве законски акти се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи:

- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис (34/01)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр. 07/05)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007)

Правната рамка за уредување на винскиот сектор е утврдена со Законот за виното (Службен весник на РМ, бр. 69/2004). Законот за виното е докомплетиран со следниве правилници: Правилник за методите за делумна дехидратација на ширата и енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино и Правилник за методите за

анализа за утврдување на хемискиот состав на вината и методот за употреба на рефрактометар (Службен весник на РМ, бр. 38/2006); Правилник за класификација на сорти на грозје за производство на вино (Службен весник на РМ, бр. 6/2007); Правилник за условите во поглед на просториите и опремата за производство на вино, Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат лабораториите овластени за вршење на енолошки испитувања и анализи во поглед на просториите и опремата и Правилник за формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата на виното (Службен весник на РМ, бр. 94/2007); Правилник за доставување на комињето и винскиот талог за дестилација или за производство на оцет (Службен весник на Република Македонија бр. 14/2008); Правилник за содржината и формата на придружниот документ за производи од грозје и вино и содржината и формата на влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино (Службен весник на Република Македонија бр. 117/2008); Правилник за утврдување на географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области (Службен весник на Република Македонија бр. 134/2008) и Правилник за содржината, формата и начинот на пирјавување за упис во националниот регистар на лозови насади, Правилник за содржината на образецот, формата и начинот на поднесување на пријавите за берба на грозје, производство на шира и вино и залихи на шира и вино и Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на пријавите за регистрација во регисатрот на производители на вино (Службен весник на Република Македонија бр. 140/2008).

Правната рамка за уредување на пазарот на суров тутун во моментов ја определуваат повеќе закони – Закон за тутун и тутунски производи (Службен весник на РМ бр.24/2006 и 88/2008) и Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр.134/2007). Врз основа на Законот за тутун и тутунски производи донесени се и повеќе подзаконски акти: Правилник за просториите за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун, соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутун и соодветен простор за сместување на обработениот тутун, Правилник за образецот, содржината и начинот на издавање на картон за производство на тутун, Упатство за начинот на пријавувањето, формата и содржината на образецот на пријавата за договореното производство на тутун, Правилник за содржината и формата на образецот за поднесување барање за запишување во регистарот на откупувачи на тутун (Службен весник на РМ бр. 10/07); Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун, Правилник за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист и Упатство за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за проценување на квалитетот на суровиот тутун во лист (Службен весник на РМ бр. 16/07); Правилник за формата и содржината на лиценцата за процена на тутун и начинот и програмата за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот (Службен весник на РМ бр. 21/07); Правилник за формата и содржината на образецот – Барање за дозволени адитиви во тутунските производи (Службен весник на РМ бр. 56/07); Листа на дозволени адитиви(Службен весник на РМ бр. 56/07) и Листа на забранети адитиви (Службен весник на РМ бр. 56/07 и 61/07).

Правната рамка за уредување на пазарот на говедско месо, млеко и млечни производи, живина и јајца, свинско месо и овчо и козјо месо, ја определуваат повеќе закони - Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07), Закон за ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 113/07); Закон за јавно ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 114/07) и Закон за сточарство (Службен весник на РМ бр. 7/08) кои се делумно усогласени со законската регулатива на ЕУ.

Покрај ова, во јуни 2007 е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се наведени насоки, мерки и активности за идниот развој на сите гореспоменати производи, како и начинот на организираност на пазарите за истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство следниве органи и организациони единици се надлежни за подготовка на законска регулатива и спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло:

- Сектор земјоделство, Одделение за лозарство и винарство; Одделение за поледелство; Одделение за овоштарство и градинарство, Одделение за сточарство;
- Сектор за анализа на земјоделска политика; Одделение за следење на пазари на земјоделско-прехранбени производи; Одделение за анализа на земјоделска политика;
- Управа за ветеринарство; и
- Државен инспекторат за земјоделство;

Покрај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, следниве институции/органи имаат надлежности во уредувањето и/или имплементацијата на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи:

- Дирекција за храна (Министерство за здравство),

- Факултет за ветеринарна медицина - Скопје,
- Институт за сточарство - Скопје,
- ЈНУ Земјоделски институт - Скопје,
- ЈНУ Институт за тутун - Прилеп.

Од аспект на институционално зајакнување на капацитетот на органите кои се вклучени во уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло, реализирано е следново:

- набавена е целокупната компјутерска опрема за воспоставување на Националниот регистар на лозови насади на целата територија на Република Македонија, вклучително и софтвер за истата,
- набавена е неопходната лабораториска опрема за референтната лабораторија при ЈНУ Земјоделски институт – Скопје, за вршење на енолошки испитувања и анализи,
- набавена е потребната компјутерска опрема за воспоставување на Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС) на ниво на државата,
- изработен е софтвер за евидентирање на производството и откупот на тутун.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во врска со заедничкото уредување на пазарите на ***земјоделски производи*** од растително и животинско потекло, веќе се започнати извесни активности за прилагодување на законодавството, обрнувајќи особено внимание кон скорешниот развој во рамките на ЕУ, особено во однос на усвојувањето на Регулативата за единечно уредување на пазарите и процесот на Преглед на Заедничката Земјоделска Политика. Во тој контекст, неколку производи, избрани врз основа на нивното значење и учество во рамките на севкупното земјоделско производство во Република Македонија, се предвидени да бидат регулирани ва рамката на заедничкото уредување на пазарот. Имено, следниве растенија и растителни производи (житарици и ориз; свежо овошје и зеленчук; и живи дрва и други растенија, ризоми, корења, режано и декоративно цвеќе) и производи од животинско потекло (говедко месо; јајца и месо од живина; свинско месо; и овчо и козјо месо) се предвидени да бидат регулирани во текот на 2009 година.

Како и да е, имајќи ги во предвид тековните реформи на ЗЗП и ЗУП (намлувањето или напуштањето на пазарните интервенции, постепеното отстранување на производните квоти, новиот систем на директните плаќања и премиите), како и со оглед на тоа што дел од карактеристиките на правилата и мерките на ЗУП се неприменливи за Република Македонија (поради членството во СТО извозните субвенции не се применливи во Република Македонија, а истите веројатно ќе се укинат и во рамките на ЕУ од 2013 година), а дел од нив ќе бидат соодветни непосредно пред пристапувањето во ЕУ, предвидено е во рамките на процесот на усвојување на правото и прилагодувањето особено внимание да се обрне на следниве области во рамките на ЗУП: *пазарните стандарди, организациите на производители и пазарниот информативен систем*.

Горенаведениот пристап и методологија ќе се остварат со донесување на следниве правни акти:

- ***Закон за квалитет на земјоделски производи***, со кој ќе се уредат основните карактеристики на примарното производство, пазарните стандарди и информирањето на потрошувачите, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните ЗУП, како и карактеристиките на зголемена вредност во земјоделството, во прев ред преку воспоставување на системи за квалитет и "ознаки за квалитет" слични на истите од ЕУ – ознака за потекло, географска оознака и ознака за традиционална посебност.
- ***Закон за организации на производители***, со кој ќе се уредат воспоставувањето на организации на производители во земјоделството, нивните Оперативни програми и Планови за подобрување на квалитетот, како и мерките за потикнување на производителите за приклучување во организациите, и
- ***Уредба за Земјоделски пазарен информативен систем***, која ќе ги дефинира потребните информации, методологијата за нивно собирање од страна на сите чинители на пазарот, како и методологијата за внесување и обработка на податоците.

Горенаведените акти, вклучително и подзаконските акти донесени врз основа на истите, ќе се усвојат до октомври 2009 година.

Од аспект на специјализираните култури, во периодот до март 2009 година предвидено е донесување на Стратегија за маркетинг на македонското вино, како и изменување и дополнување на Законот за виното (Сл. весник на Република Македонија 69/2004 и 89/2008). Со овие измени и дополнување се цели да се интегрираат во Законот за виното:

- измените на заедничката организација за пазарот (ЗОП) на вино на ЕУ кои беа усвоени во април 2008 година,
- одредби кои во досегашниот тек на усвојување на подзаконски акти се покажаа дека недостасуваат заради усвојување на правилници кои се целосно функционални и усогласени со заедничката организација за пазарот (ЗОП) на вино на ЕУ, и

- други одредби од правно-техничка природа за кои во досегашната примена на Законот за виното се покажа дека недостасуваат.

По донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за виното е предвидено да се изврши ревизија на сите досега усвоени подзаконски акти т.е. да се донесат правилници за нивно менување и дополнување или да се усвојат целосно нови правилници, а во периодот до декември 2009 година предвидено е донесување на Правилник за менување на Правилникот за утврдување на географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области, за потребите за поделба и означување на областите во Република Македонија погодни за производство на вина со географска ознака и усвојување на правила за нивно производство во согласност со стандардите кои се на сила во ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и  Секторот за анализа на земјоделска политика со ново вработување во 2009 година. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработување во 2009 година. Покрај тоа, предвидена е и набавка на компјутерска опрема и воспоставување на систем за управување со податоци во рамките на пазарниот информативен систем.

Во врска со ЗУП за вино, предвидено е зајакнување на Одделението за лозарство и винарство со соодветни нови вработувања во 2009 година, како и кадровско зајакнување на Подрачните Единици на МЗШВ во кои е воспоставен Регистерот во 2009 година. Покрај ова, Државниот инспекторат за земјоделство соодветно ќе се зајкане во текот на 2009 година. За сите новвработени лица предвидена е и обука за надградба на нивниот капацитет, како и специјализација во областа на лозарството и винарството на инспекторите во рамки на Државниот инспекторат за земјоделство кои веќе се вработени. Територијалната база на податоци за потребите на Националниот регистар на лозови насади ќе биде комплетирана заклучно со јуни 2009 година, што ќе овозможи целосна функционалност на Националниот регистер до крајот на 2009 година.

Од аспект на тутунот, предвидено е зајакнување на Одделението за поледелство, Сектор за земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2009 година и кадровско зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство. Во овој временски период ќе се набави дополнителна компјутерска опрема во насока на целосно воспоставување на системот за управување со податоци за потребите на контрола на производството и откупот на суров тутун.

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од животинско потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и Секторот за анализа на земјоделска политика во 2009 година. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработувања во 2009 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло, како и специјализираните култури, на среднорочна основа предвидено е донесување на подзаконски акти кои ќе ја регулираат областа на уредувањето на пазарите, и тоа:

- сушена храна за добиток (јуни 2010 година)
- пазар на млеко и млечни производи (2010 година),
- пазар на шеќер (2010/11 година)
- останати производи кои не се предмет на пазарно уредување (2010/11 година).

Покрај ова, предвидено е донесување на евентуални дополнителни подзаконски акти усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.

Во периодот до крајот на 2010 година предвидено е донесување на Измени и дополни на Законот за тутун и тутунски производи заради уредување на пазарот со суров тутун, организации (групи) на производители и договори во тутунскиот сектор, како и донесување на правни акти кои ќе го регулираат работењето на организациите на производители во тутунскиот сектор и институции за контрола на тутунот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и Секторот анализа на земјоделска политика во 2010 година. Во контекст на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, во периодот 2010-2011 година..Во врска со ЗУП за вино, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за лозарство и винарство во периодот 2010-2011 година, како и зајакнување на Подрачните Единици на МЗШВ во кои се воспоставува Регистерот и на Државниот инспекторат за земјоделство во истиот временски период. За сите нововработени лица предвидена е и обука за надградба на капацитетот.

Од аспект на ЗУП за суров тутун, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за поледелство, Сектор земјоделство (СЗ) во 2010 и 2011 година и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Проект за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ (заем од Светска Банка),
- Делегација на Европска Комисија (Европска агенција за реконструкција) (CARDS, 06MAC/01/08/104) - Национален систем за мониторинг и управување со лозови насади - фаза II (заклучно со 15.06.2009 година),
- Развој на административниот капацитет за усвојување и спроведување на Acquis во секторот земјоделство (Development of the administrative capacity to adopt and implement the Acquis in the agricultural sector) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2008 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).
- Институционална надградба на административниот капацитет за спроведување на политиките на земјоделство и рурален развој (Institutional building of the administrative capacities for agriculture and rural development policy implementation) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).

### 3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД),*** ИПАРД Програмата е усвоена со Одлука на Комисијата на 25.02.2008 година. Во текот на 2008, изготвена е првата редовна модификација на ИПАРД Програмата која е усвоена од од страна на Комитетот за рурален развој при ЕК на 23.09.2008 година. Со модификациите вклучени се финансиските средства за ИПА Компонента V за 2010 и техничко прилагодување на термините заради имплементација на ИПАРД Програмата. На 23.10.2008 година потпишан е Секторскиот Договор за правилата за користење на инструментот за прет-пристапна помош на ЕУ за рурален развој – IPARD Sectoral Agreement[9]. Секторскиот Договор е ратификуван од Собранието на Република Македонија и објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/2008). Покрај тоа, Владата на Република Македонија донесе Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2008) со која се дефинираат органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија и одредби за уредување на нивните меѓусебни односи.

Заради задоволување на барањата за акредитација од Секторскиот договор, Телото за управување со ИПАРД Програмата и ИПАРД Агенцијата изготвија финален пакет на внатрешни процедури и прирачници за работа кои беа доставени до НАО на 19.11.2008 година за започнување на ревизијата за соодветност на оперативната структура со акредитационите кртериуми во контекст на националната акредитација.

***Националното финансирање*** на мерките за рурален развој се имплементира со реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој. Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2008 година се донесе на 18.02.2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2008) и соодветни измени во согласност со Уредбата за спроведување на политиката за рурален равој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2008) и измени на Програмата за прераспределба на средствата согласно извештајот за реализација на Програмата од Агенцијата за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2008). За прв пат во 2008 Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој се спроведуваше во согласност со критериуми за селекција односно систем на рангирање објавени во Уредбата вклучително и индикатори за следење на успешноста на реализацијата.

[9] Agreement between the government of the Republic of Macedonia and the Commission of the European Communities on the rules for co-operation concerning EC-financial assistance to the Republic of Macedonia and the implementation of the assistance under Component V (IPARD) of the Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA)

Од аспект на соодветно спроведување на политиката за рурален развој, како од аспект на Националната програма така и од аспект на спроведување на ИПАРД Програмата (особено на мерката за диверзификација на економски активности во рурални средини, донесена е Уредба за критериуми за дефинирање на рурални подрачја („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2008) и објавен е Список на рурални подрачја во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/2008).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за рурален развој во рамките на МЗШВ е надлежен за реализација на кохерентна рурална развојна политика, како и за интегрирање на различните програми и иницијативи за развој на руралните подрачја во Република Македонија. Во моментов, во секторот се вработени вкупно 12 лица и дополнителни 8 времено вработени. Во текот на 2008 година изработен е план за обука на вработените од кој дел од обуките се реализирани со помош  на донатори.

Покрај тоа, за потребите за реализација на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД),*** во рамките на Секторот за рурален развој се воспостави Тело за управување со ИПАРД Програмата со Одлука на Министерот од 28.02.2008 година. Телото за управување со ИПАРД Програмата се состои од две одделенија (Одделение за програмирање на претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој и Одделение за мониторинг и евалуација на програмите за рурален развој). Заради опфат на функциите на Телото за управуање со ИПАРД Програмата согласно Секторскиот Договор направена е измена на Правилникот за организација и работа на МЗШВ и Правилникот за систематизација на работни места во МЗШВ од 26.08.2008 година и 05.11.2008 година при што е изменет називот на двете одделенија и вкучено е трето одделение од апсект на поделба на одговорности (Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондовите и известување, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД  фондовите и Одделение за спроведување на техничката помош од ИПАРД фондови). Од тој аспект донесена е нова Министерска Одлука за воспоставување на Телото за управување на 25.11.2008 година. Со Телото за управување со ИПАРД Програмата раководи Раководител на Телото за управување назначен од Владата на Република Македонија на 18.11.2008 година.

Од аспект на следење на ИПАРД Програмата во текот на 2008 беа оддржани два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата (на 27.05.2008 година и 28.11.2008 година). На првиот состанок беа усвоени модификациите на ИПАРД Програмата и критериумите за селекција како и предлог План за комуникација на ИПАРД Програмата. На вториот т.н. есенски состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата беа презентирани реализираните годишните активности за спроведување на  ИПАРД програмата и подготовките за акредитација на ИПАРД структурите и активностите за публицитет,

Во текот на 2007/2008 година одржани се и два состаноци на Меѓуресорското тело за рурален развој (на 28.09.2007 и на 08.02.2008). На состаноците се презентираа политиките за рурален развој спроведени од страна на разни институции од аспект на координација на активностите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, предвидено е усвојување на првата модификација на ИПАРД Програмата со Одлука на Европската Комисија на почетокот на 2009 година, како и усвојување на втората редовна модификација на ИПАРД Програмата и соодветна измена на подзаконски акти за спроведување на ИПАРД Програмата. Од аспект на процесот на акредитација предвидено е извршување на ревизија на внатрешни процедури и прирачници за работа на Телото за управување за внесување на коментарите од ревизорите во текот на нивната мисија за утврдување на соодветност пред акредитација (од 27.11-15.12.2008 година). Во 2009 година се предвидува потпишување на финансискиот договор за реализација на ИПАРД Програмата како дел од процесот на пренос на правото за управување со фондови на ЕУ (акредитација). Со цел да се обезбеди правна рамка за спроведување на ИПАРД Програмата преку Буџетот на Република Македонија (владина развојна потпрограма МД – Рурален развој, категорија 48 – Капитални расходи),  ќе се донесе Програма за земјоделство и рурален развој во рамките на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ наменет за рурален развој (ИПАРД) за 2009 година.

Како предуслов за ефикасно и ефктивно управување со ИПАРД Програмата се предвидуваат активности за воспоставување на систем за следење и проценка на спроведување на ИПАРД Програмата кој систем е неопходно да биде целосно функционален пред започнување со спроведување на ИПАРД Програмата. Од функционирањето на овој систем зависи процесот на редовно известување на прогресот во спроведување на ИПАРД Програмата како една од основните функции на Телото за управување.

Заради спроведување на Техничката мерка од ИПАРД Програмата во 2009 година ќе се започне со интензивни активности за подготовка за акредитација на оваа мерка најдоцна до почетокот на  2010 година. Од овој аспект се предвидува

изработка на соодветни внатрешни процедури за сроведување на мерката и од страна на Телото за управување и од страна на Агенцијата за фнансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2009 година ќе се интензивираат активностите за публицитет со спроведување на кампања. Кампањата ќе се одвива согласно Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата 2009 изготвен врз основа на Стратегија за комуникација со јавноста (публицитет на ИПАРД Програмата) 2007-2013.

Од аспект на ***националното финансирање*** на мерките за рурален развој, во 2009 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ја регулираат областа. Имено, ќе се донесат, Уредба за за критериуми за утврдување на подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност[10], понатаму акти за уредување на можностите за воведување на дополнителни дејности на семејно земјоделско стоанство како што се Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на семејните земјоделски стопанства и нивниот обем, Правилник за стручната оспособеност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство и Правилник за форма и содржина на решението за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство и начин на водење на евиденција за вршителите на дополнителни дејности во согласност со Законот за земјоделство и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија бр. 134/2007). Од аспект на почитување на мултифункционалниот карактер на земјоделската дејност и обезбедување на правна рамка за реализаицијa на политиките за земјоделство и рурален развој со почит кон заштита на животната средина ќе се донесе Кодексот на Добра земјоделска и хигиенска пракса. Покрај тоа, ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година, како и изменување и дополнување на Уредбата на Владата на Република Македонија за спроведување на политиката за рурален развој соодвето на Програмата.

Во однос на подготовки за воведување на агро-еколошки мерки како мерки за земјоделска дејност корисна за унапредување на животната средина и руралните подрачја согласно Законот за земјоделство и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/2007) предвидено е изготвување на Агро-еколошки план за подготовка на институциите и правната рамка за имплементација на мерките и заради нивно планирање во среднорочниот период. Оваа активност ќе се спроведува со техничка помош од КАРДС 2006 „Проект за воспоставување на ИПАРД.“

Заради надминување на неповолната инфраструктура за дисеминација на знаење и модерни практики за земјоделско производство како и можности за создавање на дополнителни приходи од вршење на дополнителни дејности, во текот на 2009 година се предвидува изработка на анализа на потреби од обуки на земјоделските производители согласно предизвиците на пазарот и можностите кои ги нуди политиката за рурален развој и изработка на Програма за едукација и тренинг на земјоделските производители.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во 2009 година предвидена е измена на систематизацијата на Секторот за рурален развој заради обезбедување на работни позиции за имплементација на правната рамка за уредување на дополнителни дејности на семејно земјоделско стопанство и од аспект на исполнување на акредитациони критериуми на Телото за управување со ИПАРД Програмата, како и зајакнување на истиот со дополнителни вработувања. За сите нововработени планирана е изведба на соодветна обука и/или доусовршување, како и воспоставување на системите за следење на реализацијата и проценка на влијанието на мерките за рурален развој.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе биде официјално воспоставен кон средината на 2009 година и истиот ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно.
Покрај тоа, ќе се воспостави Управувачки Комитет за проценка на ИПАРД Програмата како дел од воспоставување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата кој ќе се состанува најмалку два пати годишно. Заради превземање на координативни активности за комуникација и промоција на ИПАРД Програмата на почетокот на 2009 година ќе се воспостави Работна група за координација на активностите за информирање и публицитет на ИПАРД Програмата која воедно ќе ја следи подготовката на Сратегијата и планот за комуникација како и нејзиното спроведување и ќе одржуваредовни месечни состаноци.

Во поглед на координација на политиката за рурален развој и мерките кои ги превземаат различни институции ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој во 2009 година. Во почетокот на 2009 година се предвидува и изменување и допонување на Одлуката за воспоставување на Меѓуресорското тело за рурален

[10] Списокот на подрачја со ограничени можности за земјоделско производство ќе биде целосно изготвен на среден рок поради неопходните претходни анализи за одредување на подрачјата.

развој и измена и дополнување на Решението за именување на членови во Меѓуресорското тело за рурален развој заради вклучување на нови комплементарни институции и нивни претставници.

Од аспект на зајакнување на ***партнерството***, кон крајот на 2009 година ќе се воспостави пилот рурална мрежа во Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За потребите за реализација на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, ќе се реализираат предвидените годишни измени и дополнувања на програмата (2010, 2011) при што со измените предвидени за 2011 година се планира проширување на мерките од ИПАРД Програмата со нови типови на инвестиции во согласност со Повеќе-годишниот индикативен плански документ и согласно стратешките цели на Владата на Република Македонија од аспект на користење на ЕУ-фондовите преку петта ИПА компонента за период 2009-2011 донесени на единаесета затворена седница одржана на 21.10.2008 година . Во 2010 година ќе се започне со активностите за тековна проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата при што кон крајот на 2010 ќе се изготви првиот Годишен извештај за проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата за да кон средината на 2011 се достави до Европската Комисија првиот Годишен извештај за прогрес во спроведувањето на ИПАРД Програмата 2011 во кој се содржани резултатите од следење и проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата во првата целосна календарска година од започнување на спроведувањето.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2010 и 2011.

Во однос на ***националното финансирање*** на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2010 и 2011 година и соодветни измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој. Од аспект на усвојување на правни акти од Законот за земјоделство и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 134/2007) предвидени се следниве акти: Правилник за техничките услови кои треба да ги исполнува одредена земјоделска механизација и опрема и соодветната оспособеност на корисниците, Правилник за начин на регистрација на организации на производители во регистарот на организации на производители и Правилник за начин на регистрација на организации за производство, преработка и продажба на земјоделски производи во регистар на организации за производство, преработка и продажба на земјоделски производи.

Заради создавање на основа за нов програмски циклус се предвидува ревизија на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 во делот за рурален развој и изработка на Национална програма за руралниот развој, за 2010-2013.

Списокот на подрачја со ограничени можности за земјоделско производство во 2010 година во голема мера зависи од превземени активности за анализа на подрачјата согласно утврдените критериуми и располагање со квалитетни податоци од воспоставеи системи за катастар на земјиште, климатски услови итн..

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок (во почетокот на 2010 и 2011) се предвидува измена на актите за организација и систематизација заради вклучување на работни процеси за спроведување на правната рамка за политика за организации на производители и спроведување на агро-еколошки мерки. Ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за рурален развој (МЗШВ) со вработување и обука на дополнителни вработени лица во 2010 година и во 2011 година.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно. Управувачки Комитет за проценка на ИПАРД Програмата како дел од воспоставување на системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата ќе се состанува најмалку два пати годишно и во среднорочниот период. Работната група за координација на активностите за информирање и публицитет на ИПАРД Програмата ќе продолжи на месечно ниво да го следи изготвувањето и спроведувањето на Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата за 2010 и за 2011. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Следнава странска подршка е обезбедена на кус и среден рок за успешна реализација на предвидените активности:

- Поддршка на подготовките за ИПАРД (EUROPEAID/126581/SER/MK) (Support to IPARD Preparation);
- Macedonian Agriculture Advisory Strengthening Programme-втора фаза (SIDA)

- Развој на административниот капацитет за усвојување и спроведување на Acquis во секторот земјоделство (Development of the administrative capacity to adopt and implement the Acquis in the agricultural sector) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2008 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).
- Институционална надградба на административниот капацитет за спроведување на политиките на земјоделство и рурален развој (Institutional building of the administrative capacities for agriculture and rural development policy implementation) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).

### 3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во моментов, правната рамка е уредена со Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 16/04), кој е усогласен со Регулативата на Советот бр 2092/91. Врз основа на законот се донесени и поголем број подзаконски акти за: растително и анимално органско производство, органска преработка, регистри на производители, преработувачи и трговци, стручна контрола, етикетирање, листа на овластени сертификациони тела од трети замји. Во септември 2007 е усвоена и "Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011".

Покрај ова, во тек на 2008 година се реализираше и Програма за поттикнување и развој на органското земјоделско производство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.

Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и Државен инспекторат за земјоделство (МЗШВ), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Институт за акредитација на РМ, Институт за стандардизација на РМ, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Факултет за земјоделски науки и храна, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија, Акредитирани тела за стручна контрола..

Покрај тоа, во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е воспоставен Регистар на правни лица за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот до крајот 2009 година предвидена е изработка на нов Закон за органско земјоделско производство со подзаконски акти кои ќе ја регулираат областа на производство, преработка, означување, пакување, чување и транспорт на органски производи, овластување и сертификација, системите за контрола.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2009 година и на Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на кадарот на институционално ниво.

Ќе се изработи и дополнување на софтверските програми во рамките на Единствениот регистар на земјоделски стопанства во насока на евидентирање на производители на органски земјоделски производи.

Покрај тоа, обезбедена е и соодветна буџетска поддршка на годишно ниво преку "Програма за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2009 година".

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Тековно усогласување на регулативата и правните акти кои ја регулираат областа во домашното и меѓународното законодавство за органско производство и дефинирање на политика на соработка со невладиниот сектор.
Подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2010 и 2011 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со две лица во 2010 година и на Државниот инспекторат за земјоделство во периодот 2010-2011 година, како и нивна обука.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Институционална надградба на административниот капацитет за спроведување на политиките на земјоделство и рурален развој (Institutional building of the administrative capacities for agriculture and rural development policy implementation) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).

### 3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за индустриска сопственост (Службен весник на РМ бр. 47/2002, 42/2003, 9/2004, 39/2006 и 79/2007), со кој се се уредува стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост. Со законот се уредува и заштитата на географските називи со ознака на потекло и географска ознака како и користењето на заштитените географски називи. Согласно законот, заштитата на негеографските, традиционални називи се уредува со одредбите кои се однесуваат на заштитата на географските називи. Врз основа на истиот, изготвен е и Правилник за заштита на географските називи (Службен весник на РМ бр. 18/04).

За целите на усогласување на македонското законодавство со истото на ЕУ во областа на политиката на квалитет, особено во однос на утврдување на стандардите за одделни земјоделски производи и продукти од растителни и животинско потекло, како и утврдувањето и заштитата на нивното потекло и/или посебност, во 2007 година беше донесен Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07), кој ја дава основната рамка за донесување на евентуални подзаконски акти кои ќе ја регулираат политиката на квалитет на земјоделските производи.

Покрај ова, во рамките на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2008 година (Службен весник на РМ" бр. 30/2008) беше предвидена и се реализираше мерка - Стандарди за квалитет и безбедност на храна, во висина од 9.200.000,00 МКД. Во рамките на истата, согласно точка *4.6. Регистрација и добивање право на користење на географска ознака (ГО), ознака за потекло (ОП) и традиционален специјалитет (ТС)*, во тек на 2008 година се изработи елаборат и се изврши заштита на македонскиот производ “ајвар” под името “Македонски ајвар“ на територијата на Република Македонија, како надополнување на претходно заштитените производи - .”Кочански ориз”, “Тетовски грав”, “Охридски чај”, “Овчеполски мед” и пет видови на сирење .
Покрај тоа, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде изготвена приоритетна листа на земјоделски производи кои имаат потенцијал за извоз и кои би биле предмет на заштита и маркетиншка промоција на надворешните пазари.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Државниот завод за индустриска сопственост е тело во чија надлежност се работите околу стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост, вклучително и заштитата на географскиот назив и неговото користење.
Од аспект на земјоделството, со последната измена на систематизацијата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рамките на Секторот за земјоделство е формиран нов организационен облик кој ќе се занимава исклучиво со квалитеот и заштитата на квалитетот на земјоделските производи – Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи. Во текот на 2008 година беше вработено и 1 лице – раководител на одделението.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек на 2009 година, врз основа на горенаведената приоритетната листа, предвидена е изработка на елаборати и заштита на 5-6 земјоделски производи. Во истиот временски период, во рамките на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството повторно ќе се реализира мерка посветена на стандардите за квалитет и безбедност на храна, а и ќе се надогради листата на приоритетни производи за заштита на потекло.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на 2009 предвидено е зајакнување на Државниот завод за индустриска сопственост (види Поглавје 3.7).
Во рамките на МЗШВ, предвидено е зајакнување на Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи со 2 лица во насока на следење на земјоделските производи со заштитено потекло и зајакнување на соработката со Државниот завод за индустриска сопственост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек на 2009 година ќе биде изготвен нов Закон за индустриска сопственост и Правилникот за географските називи. Во овој временски период предвидено е и проширување на Листата на приоритетни земјоделски производи за заштита на нивните географски називи, подготовка на елаборати и реализација на заштитата, како и подготовка на Програма за стандардите за квалитет и безбедност на храна за 2010 и 2011 година и реализација на истата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на капацитетот на Државниот завод за индусриска сопственост (види Поглавје 3.7). Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи со ново вработување во 2010 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитата на географските називи и квалитетот на земјоделските производи.

Покрај ова, во рамките на МЗШВ предвидена е реализација на Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и земја членка на ЕУ, за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитет на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет и/или имаат заштита на потекло и/или географски/традиционален назив.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Институционална надградба на административниот капацитет за спроведување на политиките на земјоделство и рурален развој (Institutional building of the administrative capacities for agriculture and rural development policy implementation) - проект финансиран од претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB).

## 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### 3.12.1 ОПШТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Главна цел на политиката за безбедност на храната во Република Македонија е развој на интегриран приод во контролата на безбедноста на храна според принципот "од нива до трпеза", односно контрола на сите фази на производство на храната.

Законот за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен весник на Република Македонија" 54/02) е основен правен акт кој ги уредува условите за обезбедување на безбедноста на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната во производството и прометот, правата и обврските на физичките лица и правните лица, кои вршат производство и проемт со храна, со цел да се заштити здравјето на луѓето, да се заштитат потрошувачите од заблуда и измама и да се овозможи слободен промет на внатрешниот и надворешниот пазар. Во законот се апроксимирани следните ЕУ правни мерки: 32002R0178, 31997R0258, 32000L0013, 32001L0018.

Во Службен весник на Република Македонија бр. 84/2007 е објавен Законот за изменување и дополнување на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната. Причина за донесувањето на измените и дополнувањата на овој Законот е доусогласувањето на Законот со следните ЕУ мерките: 32002R0178, 31997R0258, 32000L0013, 32001L0018.

Исто така, Законот за Ветеринарно јавно здравство ("Службен весник на Република Макеоднија" 114/07) е рамковен закон за безбедност на храната од аспект на храна од животинско потело Во овој Закон се транспонирани сите релевантни одредби од Регулативата 178/2002 како и Регулативите од хигиенскиот пакет за безбедност на храна.

**Стратешки документи усвоени од Владата на РМ:**

- Стратегија за безбедност на храната на Република Македонија, за периодот 2007-2012.
- Стратешки план на Дирекцијата за храна за 2008-2010г.
- Годишен извештај за работата на Дирекцијата за храна за 2007 година
- Годишна мониторинг програма за безбедност на храната во Република Македонија за 2008 година ( Службен весник на РМ бр. 41/08)
- Годишен план и годишна програма за работа на Дирекцијата за храна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Системот за безбедност и контрола на храната во Република Македонија е во надлежност на неколку органи на државна управа: Дирекцијата за храна во состав на Министерството за здравство, Управата за ветеринарство, Фитосанитарната управа, Управата за семе и саден материјал и Државниот инспекторат за земјоделство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Планирано е формирање на единствено надлежно тело во делот на безбедност на храната согласно препораките на Европска Комисија.

Дирекцијата за храна е контакт точка за Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна (**Rapid Alert System for Food and Feed**) за Р.Македонија. Обврската на Дирекцијата за храна преку Секторот за анализа на ризик во чии рамки е Одделението за управување и информирање за ризик, е да ги обработи и проследи алерт нотификациите кои се добиваат од Европската Комисија во Брисел, за небезбеден прехранбен производ кој е пласиран во Р. Македонија или е произведен во Р.Македонија а е пласиран на пазарите во ЕУ.

Одделението за управување и информирање за ризик, согласно Процедурата за управување со ризик по известување од Европската Комисија за небезбеден производ (алерт нотификација), овие информации селективно ги проследува:

- ако се работи за храна од неживотинско потекло добиената информација ја проследува до државните инспектори за храна ја спроведуваат официјална контрола, превземаат мерки на ограничување на пуштање во промет или повлекување од промет на небезбедната храна,
- доколку се работи за храна од животинско потекло, известувањето се испраќа до Управата за ветеринарство – МЗШВ , односно до ветеринарните инспектори кои понатаму преземаат мерки на ограничување на пуштање во промет или повлекување од промет на небезбедната храна.

Дирекцијата за храна ја известува канцеларијата на Европската Комисија во Скопје за извршените контроли и превземените мерки од страна на Државните инспектори за храна по алерт нотификациите .
Доколку се работи за небезбеден производ кој е пласиран на пазарот во Р. Македонија, за постапената активност од страна на инспекциските служби се информира и јавноста.

Дирекцијата за храна преку Одделението за управување и информирање за ризик во Секторот за анализа на ризик постојано ги следи, обработува и проследува неделните известувања **(нотификација за информација)** од интернет страната на DG SANCO - RASFF**,** за небезбеден прехранбен производ до Секторот за инспекциски надзор во Дирекцијата за храна и за небезбедна храна од животинско потекло и добиточна храна до Управа за ветеринарство - МЗШВ за навремено да се превземат активности за превенирање на можни опасности од увоз на небезбедна храна.

Номинирано е контакт лице од Дирекцијата за храна е кое ќе може да има пристап до доверливите информации од DG SANCO – RASFF секојдневно на барање од канцеларијата на Европската Комисија во Скопје.

Информациите од годишната обработка на податоците од RASFF се користат во споредбените анализи кои пак се користат во планирањето на годишната програма за мониторирање на прехранбените производи во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2009 година ќе се изготви акционен план за надлежен орган за безбедност на храната и изготвување на измени во законската рамка во оваа област согласно препораките произлезени од Поткомитетот за земјоделство и рибарство. Идните активности на краток рок на институциите опфатени со Поглавје 12 т.е. Министерството за здравство, Дирекција за храна и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство, ќе бидат фокусирани на изготвување единствен Закон за безбедност на храната.Во новиот закон ќе бидат уредени следните клучни елементи: делегирање на единствен орган за безбедност на храна, јасно утврдени надлежности, процедури засновани на ризик, ставање во промет, одобрување/регистрација на оператори со храна, Увоз/извоз на храна, следливост, принципи на претпазливост, брзо известување, менаџирање со кризи и мерки при итни случаи, и трошоците и надоместоците за активностите уредени со законот. Согласно Законот за ветеринарно јавно здравство предвидено е донесување на подзаконски акт со кој се регулира висината и методот на наплаќање за анализа на мострите од животинско потекло при вршење официјални контроли. (Видете 3.12.3. Краткорочни приоритети, Правна рамка).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Клучни активности на институциите од Поглавје 12 кои воедно се надлежни за воспоставување, одржување и надградба на интегриран приод во системот за контрола на безбедноста на храната во текот на 2009 година, ќе бидат насочени кон формирање на единствен, надлежен орган за безбедност на храната.

По однос на **РАСФФ**, информациите од инспекторите на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство за констатирана небезбедна храна произведена или констатирана небезбедна храна при контрола на храна при увоз во Република Македонија во моментов, не се собираат и не се испраќаат до системот на Европската Комисија – RASFF, односно не е воспоставен систем за информирање кој би можел да се приклучи кон системот RASFF на ЕУ. За оваа цел планирани се неколку активности:

- Студиска посета за воспоставување на процедурите на RASFF стемот – поддржана од TAIEX и
- Побарана е подршка од USAID за проект преку кој ќе се воспостави апликативен софтвер за RASFF системот и вмрежување на подрачните одделенија на инспекциските служби на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство и обуки за инспекторите за користење на апликацијата со цел да се надмине овој недостаток во системот на безбедноста на храната во РМ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
До 2010 година се очекува да се отпочне со имеплементација на новиот, единствен рамковен Закон за безбедност на храната.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2010 година се очекува основање и отпочнување со работа на надлежно тело за безбедност на храната што ќе ги обедини постоечките надлежни институции за контрола на безбедноста на храната.

## 3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2008 година донесени се голем број подзаконски акти од различни области кои произлегуваат од законите што ја регулираат ветеринарната политика, усогласени со релевантните мерки на Европското законодавство.Врз основа на ***Законот за ветеринарно здравство*** ("Службен весник на Република Македонија" 113/07), усвоени се повеќе подзаконски акти од различни области и тоа:

А. **Од областа на *системи за контрола на увозот* усовени** се следните правилници и тоа:

- Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на животни, производи и нус производи од животниско потекло ("Службен весник на Република Македонија" 129/08): во кој се транспонирани следните ЕУ мерки : 32004R0282; 32004L0136; 32002D0025; 31997D0794; 32005L0001; 31997R0338; 31991L0496; 31997L0078; 32007R0722.
- Правилник за начинот на вршење на проверка и преглед на ВИМ-Ветеринарни Инспекциски Места на Граничните Премини на пратки од животинско потекло внесени како личен багаж на патниците наменети за лична употреба или некомерцијални цели ("Службен весник на Република Македонија" 36/08 ) во кој се транспонирани слендите ЕУ мерки: 32004R0745; 32004R0136; 31997L0078;
- Листа на производи и нус производи од животинско потекло кои не подлежат на инспекција при увоз од стана на официјален ветеринар на граничен премин, ("Службен весник на Република Македонија" 30/08 ) во кој се транспонирани следните ЕУ мерки: 32007D0275; 32004R0745.

Б.**Од областа на *домашни миленици*** усовени се:

- Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорното лице и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат и пасошот ("Службен весник на Република Македонија" 102/08) во кој е транспонирана Директивата бр. 32007D0025;
- Правилник за начинот и постапките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење на проверки и преглед на пратки домашни миленици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува ("Службен весник на Република Македонија"102/08) во кој се транспонирани следните ЕУ мерки: 31990L0539, 32003R0998, 32003D0803, 32005D0091, 3204D0824.

В.**Од областа *идентификација и регистрација на животните***, врз основа на *Законот за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" 54/05 и 81/07) усвоен е* Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видовите овци и кози ("Службен весник на Република Македонија" 58/08). За овој правилник се транспонирани следините мерки: 32004R0021; 32006R1505.

Г.**Од областа *благосостојба на животните*** врз основа на ***Законот за заштита и благосостојба** на животните* донесен е Правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на колење ("Службен весник на Република Македонија" 58/08 ), во кој е транспонирана Директивата бр.31993L0119.

Д.**Од областа *контролни мерки за болести кај животните*** усвоени се и во фаза на имплементација Програмата за сузбивање и искоренување на туберкулозата - ТВС кај говеда ("Службен весник на Република Македонија" 22/07) усогласена со 31964L0432, 31997L0012 и 32002D0677; Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај говедата ("Службен весник на Република Македонија" 22/07 ) усогласна со 31964L0432, 31997L0012 и 32002D0677 и Програмата за контрола и ерадикација на бруцелоза кај овци и кози ("Службен весник на Република Македонија" 59/08) изготвена согласно 31964L0432. Донесена е Програма за сузбивање и искоренување на трансмисивните енцефалопатии – ТСЕ ("Службен весник на Република Македонија" 22/07), која е усогласена со 32001R0999, потоа Програма за сузбивање и искоренување на Авијарна инфлуенца ("Службен весник на Република Македонија" 82/2007) усогласена со 32005L0094 и Програма за сузбивање и искоренување на болеста син јазик ("Службен весник на Република Македонија" 104/07) усогласена со 32000L0075. Од законодавството во однос на внатрешен промет во ЕУ со живи животни, семе, јајце клети и ембриони од здравствен аспект усвоен е Правилникот за ставање во промет за семе за вештачко осеменување од видот говеда ("Службен весник на Република Македонија" 143/08) во кој е транспонирана Директивата 31988L0407.

Ѓ. Во поглед на ***забрана за користење на супстанции и контрола на резидуи*** Република Македонија, спроведе Мониторинг програма за контрола на резидуи од одредени супстанции, ветеринарни лекови и контаминенти во живи животни и храната од животинско потекло според барањата на Директивата на Советот 96/23 од 2002 година последен пат изменета и дополнета со Директивата 2006/104. Како и секоја година Мониторинг програмата за тековната година заедно со резултатите од претходната година се доставуваат до Европската Комисија на одобрување и истита е

одобрувана за производите од животинско потекло кои се извезуваат во земјите членки на ЕУ, што се објавува во Одлуката 2004/432 (најезини последни измени и дополнувања со Одлуката 2008/772).

Е. Во однос на ***ветеринарните трошоци односно*** распределбата на буџетските средства за 2008 година за активностите од ветеринарната политика со Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните ("Службен весник на Република Македонија" 22/08) и Програмата за користење средства за ветеринарно јавно здравство ("Службен весник на Република Македонија" 21/08). се покриваат трошоците за заштитни мерки за контрола и искоренување на заразни болести кои се од посебно значење во Р. Македонија, како Бруцелоза кај овци и кози, ТБЦ кај говеда итн. и реализирање на активностите опфатени со Мониторинг програма за контрола на резидуи од одредени супстанции, ветеринарни лекови и контаминенти во живи животни и храната од животинско потекло.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со последната измена на систематизацијата за работни места од 2008 година Управата за ветеринарство претрпе одредени структурни промени. Имено, одрредени Сектори на Управата за ветеринарство со систематизаицјата во 2008 година се воведени нови одделенија и тоа:
Во *Секотрот за здравствена заштита* покрај постоечките три одделенија (Одделение за здравствена заштита на животните, Одделение за благосостојба на животните, Одделение за идентификација и регистрација на животните) воведени се уште две нови:

- Одделение за информатичко-комуникациска поддршка и
- Одделение за државна ветеринарна инспекција за здравствената заштита на животните

*Секторот за ветеринарно јавно здравство* брои 5 одделенија т.е. Одделение за ветеринарно-медицински препарати, Одделение за нус-производи од животинско потекло, Одделение за исхрана на животни, Одделение за безбедност на храната и Одделение за ветеринарна инспекција во ветеринарното јавно здравство.
Секторот за ветеринарна гранична инспекција со Одделение за ветеринарна гранична инспекција, Одделение за меѓународна трговија и анализа на ризик, и Сектор за норматино-правни работи во чиј состав велгуваат Одделение за ветеринарна легислатива и Одделение за правни работи.

Настанатите промени имаат за цел воспоставување на соодветност во управувањето со ветеринарните инспекциски служби како и нивна поделба и разграничување на контролите по области заради ефективност во раководењето со ветеринарната инспекциска служба од една страна и воспоставување контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ од друга страна. Со ова се постигнува соодветно управување, директна одговорност од страна на ветеринарните инспекциски служби, а како последица на тоа успешно спроведени контроли согласно високите ЕУ стандарди.

Примената на *информатичката технологија* во Управата за ветеринарство добива сé поголеми размери пред сé со воведувањето на Ветеринарен Информативен Систем - ВИС односно воведување и искористување на информатичката технологија на ветеринарните активности кои се предмет на службени контроли. Со тоа се зголемува обемот на работни задачи и обврски од областа што преставува основна причина за формирање на Одделението за информатичко-комуникациска поддршка.

Во поглед на јакнење на административниот капацитет на Управата за ветеринарство, на почетокот од 2008 година **вработени** се 20 лица со високо образование од кои 18 на работно место државни ветеринарни инспектори во подрачните единици или на граничен премин и 2 лица во Управата за ветеринарство во Секторот за нормативно-правни работи. Со тоа вкупниот број на вработени во Управата за ветеринарство изнесува 146 лица. Почнувајќи од јануари 2008 година ангажирани се по Договор на дело 12 доктори по ветеринарна медицина. Со вработувањата извршени во текот на 2008 како и престојните вработувања постигнат е голем напредок во јакнење на капацитетот на инспекциските служби на централно и локално ниво како и воспоставување на контролен систем компатибилен со ЕУ.

Во текот на 2008 година извршени се **обуки** на сите одговорни вработени лица од областа на: благосостојба на животните, ветеринарните инспекциски прегледи на граничен премин (практична обука на граничен премин во Република Словенија); идентификација и регистрација на добитокот и следливост до кланиците; олеснување на трговијата и обука за комуникација и размена на информации како ветеринарна компонента за Интегрирано Гранично Управување - ИГУ; постапките за работење заради вршење ветеринарни прегледи, TRACES и CVED; обука за управување со квалитетот, благосостојба на животните; контрола и ерадикација на авијарна инфлуенца и болеста син јазик . Обуките се извршени во организација односно соработка со интитуции.

Во 2008 година се изврши **опремувањето** на Управата за ветеринарство и ветеринарните инспекциски служби обезбедување со:

ИТ опрема и тоа: персонални компјутери, печатачи, скенери, факсови, мултифункциски уреди како и PDA уреди - portable barcode readers. Последните се неопходна опрема за извршување на активностите поврзани со третата фаза од идентификација и регистрација на животните конкретно малите преживари, и

*Од областа на системи за контрола на увозот* Изработени се архитектонски дизајни за Ветеринарни Инспекциски Места-ВИМ на Гранични Премини - ГП Аердром Скопје - Александар велики, Табановце, Блаце и Кафасан кои се официјално одобрени од Канцеларијата за ветеринарство и храна (FVO). Во фаза е измена на урбанистичките планови со цел добивање дозволи за градба и одобрени се средства од страна на ЕК за изградба на објекти на ВИМ на ГП Табановце и Аеродром Скопје.

*Од областа на идентификација и регистрација на* животните Извршена е целосна анализа на *идентификација и регистрација* на говедата и контролата на движењето на говедата. Првичното обележување на малите преживари е во тек, се проценува дека повеќе од 95% од популацијата на животните е обележана. Обележувањето вклучително и примената на останатите обврски согласно Законот за идентификација и регистрација се поставени како предуслов за користење на средствата од Програмата на владата на Република Македонија за субвенционирање на сточарството.

*Од областа на контролни мерки за болести кај животните* постои напредок во усогласеноста со ЕУ институционалните барања на системот за здравствена заштита на животните. Имено, ветеринарните лаборатории се акредитирани согласно ISO 17025 стандардите за голем број методи за дијагноза на заразни болести. Ветеринарните инспектори поминаа неколку обуки од областа на здравствена заштита, извршени се симулациони вежби на терен за одредни болести. Ветеринарните инспектори земма учество и на голем број меѓународни семинари.

Ветеринарните инспектори поминаа неколку *обуки* од областа на спроведување на Програмата за контрола и ерадикација на туберкулозата - ТВС кај говеда и Програмата за контрола и ерадикација на бруцелоза кај говедата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Заради спроведување на ветеринарната политика во правец на зајакнување на државната ветеринарна служба, согласно препораките на ЕУ изготвен е Стратешкиот план 2009-2011 на Управата за ветеринарство, во рамките на стратешкиот план на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Се очекува неговото усвојување од страна на Владата на Република Македонија.

Во текот на 2009 година ќе се усвои Законот за ветеринарно медицински препарати како посебен закон од областа на ветеринарната медицина. Со овој закон ќе се транспонира ЕУ мерката 32001L0082

До крајот на 2009 година ќе се усвојат останатите акти усогласени со релевантните мерки од законодавството на ЕУ попрецизно:

1. Согласно Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" 113/07),

А. од областа *на системи за контрола на увозот* ќе се усвојат:

Правилник за начинот и постапката за повторен извоз на производи и нус-производи од животинско потекло (транспонирани ЕУ мерки: 31997L0078, 3200D0571 и 32005D0092);

- Правилник за условите за регистрација, одобрување и вршење надзор над трговци и собирни центри (транспонирани ЕУ мерки:, 31964L0432 , 31997L0012);
- Правилник за техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат карантинот како и времетраењето на истиот, за објектите за изолација и времетраењето на истата за различни животински видови и категории, времетраењето за набљудување и за тестовите кои треба да бидат направени (транспонирани ЕУ мерки: 32007R0318; 32000D0666; 31992L0065; 32001L0088; 31979D0542);

Б. Од областа *контролни мерки за болести кај животните* ќе бидат усвоени подзаконски акти:

- Планови за преземање на итни мерки при појава на Лигавка и шап (транспонирани ЕУ мерки:32003L0085);
- Листа на одобрени лаборатории за испитување на беснило (транспонирани ЕУ мерки: 32000D0258, 32004D0233);
- Правилник за Болести кои задолжително се пријавуваат, (транспонирани ЕУ мерки: **31990D0638**)
- Листа на болести кај животните кои задолжително се пријавуваат, начин и постапка на пријавување и општи мерки и процедури за борба против заразни заболувања (транспонирани ЕУ мерки:31982L0894, 32003D0726;)
- Правилник за правата и обврските на учесниците во Системот за надзор (користена ЕУ мерка: 31997L0012, 31964L0432);

В. Од областа *услови за увоз на живи животни и производи од живоитнско потекло*

- Правилникот за условите за увоз на живи животни какои листата на земји од кои е дозволен увозот и транзитот во Република Македонија како и формата и содржината на релевантните сертификати, (транспонирани ЕУ мерки:

32004L0068, 31972D0542, 31990L0426, 32004D0211, 31990L0539, 3206D0696, 31992L0065, 31992D0260, 31993D0195, 31993D0196, 31993D0197, 31994D0467, 31996D0540, 31992D0340);

- Правилникот за услови за увоз на производи од животинско потекло и транзит низ Република Македонија со листа на земји од кој е дозволен увоз и транзит како и формата и содржината на релевантните сертификати е изготвен (транспонирани ЕУ мерки: 31992L0118, 32006D0696, 32000D0572, 32007D0777, 32006D0766, 32003D0804, 31979D0542, 32000D0585, 32004D0438, 32005R2074, 31996D0333, 32001D0556, 31999D0120, 32003D0779, 32003D0812, 32004R0282, 32004R0136).

Во рамки на законодавните активности од ветеринарната политика ќе биде усвоен и Правилник за начинот на спроведување на обука и постапка за полагање на испит за официјалните ветеринари, официјалните помошници и овластените ветеринари и нивна постојана стручна надградба. Во истиот ќе бидат делумно транспонирани дел од следните ЕУ мерки: 32004R0882, 32004R0852, 32005R2076, 32004R0854).
2. Од областа *забрана за користење на супстанции и контрола на резидуи* согласно Законот за ветеринарно јавно здравство ("Службен весник на Република Македонија" 114/07),

- Програма за моноторинг и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози (транспонирани ЕУ мерки: 32003L0099).

3.Согласно Законот за *благосостојба на животните* ("Службен весник на Република Македонија" 113/07),

- Правилник за благосостојба и заштита на експерименталните животни (транспонирани ЕУ мерки: 31986L0609, 31999D0575);
- Правилникот за благосостојба на животните чувани во фармски услови (транспонирани ЕУ мерки: 31999L0074, 32002L0004, 31991L0630, 31998L0058, 32006D0779, 32007L0043, 31991L0629 ) како и
- Правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на превоз (транспонирани ЕУ мерки:32005R0001).

За последниот правилник Управата за ветеринарство очекува помош од експерти на Еворпската Комисија преку TAIEX експертска мисија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2009 година се очекува вработување на 20 лица високообразовен кадар за активности поврзани со ветеринарната политика.
Заради зајакнување на администрацискиот капацитет, а во насока на евроинтеграцискиот процес на Република Македонија за вработените во Управата за ветеринарство предвидени се повеќе обуки од следниве области:

- Обуки за здравствена заштита на животните (теоретска обука, студиска обука, практична обука),
- Обуки за благосостојба на животните (теоретска обука, студиска обука, практична обука),
- Обука за Контрола на ветеринарно-медицински препарати-вмп (теоретска обука, студиска обука, практична обука),
- Обука за изготвување на правни акти од областа на ветеринарството во согласност со ЕУ процедурите и практиките (теоретска обука, студиска обука, практична обука),
- Обуки за систем за квалитетен менаџмент (теоретска обука, студиска обука, практична обука),

Во завршна фаза е изработка (тест фаза) на софверски ситем TRACES like кој е основ за компатибилност со ЕУ системот за контрола на граничен премин. Од областа на *идентификација и регистрација на животните* подготвени се мерки кои ќе се имплементираат од јануари 2009, со чија примена ќе се овозможи целосна операционализација на системот.пр. Контролна на кланици, добиточни пазари, промет и примена на прекршочни одредби на Законот за идентификација и регистација на животните.Непречената имплементација на мерките предвидени со Законот за идентификација и регистрација на животните ќе се постигне преку користење на буџетски средства од Програмата за субвенции во сточарството.

*Од областа на контролни мерки за здравствена заштита* активностите за акредитација на други методи се во тек покрај ISO 17025 .Нов компјутеризиран систем за известување, нотификација и анализа ќе биде развиен.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2010 година се очекува донесување на дел од подзаконските акти од Законот за ветеринарно здравство како што е Правилникот за условите за ставање во промет на одделни видови животни и нивна намена (транспонирани ЕУ мерки:31992L0065 );
Повеќе подзаконски акти од областа *контролни мерки за болести кај животните*:

- Правилник за условите за начинот на работа на Ветеринарниот Информациски Систем (транспонирани ЕУ мерки: 32004D0292; 32005D0176, 31992D0563, 31997D0394, 32002D0459, 32003D0024, 32003D0623, 32004D0675, 32007D0013);

- План за итни мерки за болеста African horse sickness (транспонирани ЕУ мерки:31992L0035, 32003R0806, 32006D0911);
- План за итни мерки за болеста New castle (транспонирани ЕУ мерки:31992L0066, 32003R0806, 32006L0104 );
- План за итни мерки за болеста Класична свинска чума (транспонирани ЕУ мерки: 32001L0089, 32006D0911, 32006L0104);
- План за итни мерки за болеста swine vesicular disease (транспонирани ЕУ мерки:32002l0060, 31992L0119, 32006L0104, 32007L0010);
- План за итни мерки за болестите кај рибите (транспонирани ЕУ мерки: 32006L0088, 31993L0053, 32000L0027, 32001D0288, 32006L0104).
-

Додека од областа на *ставање во промет на живи животни, ембриони, јајце клетки и семе за оплодување* за 2010 ќе бидат донесени

- Правилникот за условите за здравствениот и репродуктивниот статус на животните, ветеринарно-здравствените услови за исправноста на семето за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите, како и начинот на водење на евиденција (транспонирани ЕУ мерки: 31992L0065, 31988L0407, 31990L0429, 31989L0556).
- Правилник за условите за центри за репродукција и вештачко осеменување и начинот и условите за одобрување на тимовите за емрбиотрансфер (31992L0065).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел запознавање со ЕУ стандардите и процедурите, како и успешна имплементација на релевантното ветеринарно законодавство на Република Македонија предвидени се низа обуки за нововработените лица. Одредени обуки се континуирани обуки, односно надградба за останатите вработени чии задачи и обврски се поврзани со евроинтеграцискиот процес.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

*Тековни проекти за ветеринарната политика*

**CARDS 2006 Проект за Интегрирано Гранично Управување,**

Како продолжение на активностите во 2008 година, со овој проект е планирана изградба на инфраструктура за граничен премин на Република Македонија: Табновце за вршење ветеринарно-санитарни прегледи на живи животни и производи од животниско потекло, како и набавка на соодветна опрема за објектите на граничните инспекциски места.

**CARDS 2006 Проектот за идентификација и регистрација на животните - трета фаза**

Третата фаза од Проектот има за цел воспоставување на систем за идентификација и регистрација на мали преживари и воспоставување на систем за идентификација и регитсрација на свињите. Во однос на воспоставувањето на систем за идентификација и регистрација на мали преживари активностите се при крај, додека наредните активности ќе бидат фокусирани на набавка на потребната опрема за идентификација и регистрација на свињите. За успешно извршување на овие активности исто како и за системот за малите преживари предвидени се обуки за вработените задолжени за надградба и одржување на системот за идентификација и регистрација на животните. Овој Проект е финасиран од ЕУ а раководен од страна на Европската Агенција за реконструкција - ЕАР, а од пред извесно време е преземен од Делегацијата на Европската Комисија.

**Проект за зајакнување на земјоделството и пристап кон ЕУ, со финасиска поддршка на Светска Банка**

Со овој Проект Управата за ветеринарство е предвидена со компонента 3 која се состои од:

- Набавка на опрема и тоа: ушни маркици за мали преживари, опрема за надградба на системот за идентификација и регистрација на животните, набавка на IT опрема за вработените во Управата за ветеринарство и за ветеринарната инспекциска служба,за административно работење, IT опрема за воспоставување на Ветеринарниот информациски систем-ВИС (поставување на сервер во Управата за ветеринарство), набавка на теренска опрема за ветеринарните инспектори поврзано со функционирање на ветеринарниот информациски систем-ВИС, возила за теренско работење, уреди за преземање на мерки за искоренување и сузбивање на особено опасни заразни болести,.
- Техничка помош, Набавка на услуги кои се состојат во: Програма за обуки за зајакнување на капацитетите на Управата за ветеринарство, feasibility студија за нус производи од животинско потекло, проценка за влијанието врз животната средина (во конретниов случај влијанието на животинскиот отпад,односно нус производите од животинско потекло), информативна кампањата за јавноста за обврските на операторите со храна и добиточна храна, подготовка на workflow design и за равој на софтверскиот дел од Ветеринарниот информативен систем-ВИС.

**IPA 2008, предпристапен инструмент за Република Македонија - компонента 1,**

Проектот предвидува техничка помош при имплментација на новото законодавство од областа на ветеринарната политика, усогласено со ЕУ законодавството, како и набавка на вакцини за имунизација на дивите животни од беснило, и е поделен на 5 компоненти

**IPA 2009 предпристапен инструмент за Република Македонија - компонента 1,**
Проект предвидува техничка помош во јакнење на капацитетите на единствениот надлежен орган за ветеринарство и храна, за да се отстранат преклопувањата во законодавниот дел и надлежностите од една страна и оптимално користење на достапните средства во однос на вработувања, опрема и објекти.

**SIDA Project** - Quality and Regulatory Infrastracture Development for Food safety and Quality in South East Europe , Programme Code: 71001923
Шведската Агенција за меѓународна соработка за развој – SIDA, дава поддршка за земјата во поглед на адаптирање на националните системи во Македонија со меѓународните системи на европската Унија и Светската Трговска Организација – СТО, при тоа почитувајќи ги барањата за организациските потреби и начелата и практиките што се применуваат во меѓународната трговија со храна и добиточна храна.

*Конкретно дефинирана **потреба** од проекти од областа на ветеринарна политка*

Ветеринарни постапки за увоз, транзит

Проектот има за цел да овозможи соодветна обученост на вработените од Управата за ветеринарство за целосна апликација на законодавството во однос на меѓународниот промет и подобрување на имплементацијата на процедурите за увоз, трназит, бродски превоз и повторен увоз-реекспорт и скалдирање на производите од животинско потекло,

Quality management skills

Проектот има за цел организација на обуки за подобрување на личните вештини кај вработенит во Управата за ветеринарство а пред сé да се зголеми ефикасноста на вработените во поглед на управување со времето и ресурсите за успешно извршување на задачите и обврските на вработените во Управата за ветеринарство,

Preparation of multiannual program for official controls.

Со овој проект се очекува да се зголеми ефикасноста во однос на официјалните контроли, а последователно да се намали фреквенцијата на контроли, да се намалат трошоците за официјални контроли, и да се обезбеди основа за идни планирања на официјалните контроли,
Risk analysis related to food of animal origin,

ISO 2200:2025 Food Safety management system, Проектот има за цел да се постигне целосна хармонизација на ЕУ процедурите и стандардите со релевантните национални стандарди како и заштита на здравјето на граѓаните на Република Македонија, здравствена заштита на животните, обезбедување на благосостојба на животните и заштита на животната средина од отпад од животинско потекло,
Risk analysis and reduced frequency of checks plans.

Проектот ќе обезбеди целосна апликација на систмеот за анализа на ризикот и намалување на фреквенцијата на прегледи согласно релевантните стандарди и процедури на ЕУ.

*Понатаму, Потребата од проекти за делот ветеринарна политика се однесуваат на следните области:*

ISO 9001(Quality management system) спроведување на официјални контроли, Спроведување на мерки за контрола и ерадикација на Класична свинска чума, Бруцелоза, Туберкулоза-ТВС, Надзор и контрола на Беснило кај дивите популации на животни и вакцинација на дивите животни, Имплементација на постапките за благосостојба на животните(фармско чување, транспорт, колење и убивање, експериментални животни), Спроведување на постапките и службени контроли за безбедност на храната, а посебно добиточната храна, Подигање на свеста за нештетно отстранување на нуспроизводите од животнинско потекло, Изградба на капацитети и систем за собирање, транспорт и нештетно отстранување на нуспроизводи од животнинско потекло,Идентификација и регистрација на свињи.

**TAIEX помош**
Во текот на 2008 година, доставени се и одобрени од ЕК, 14 апликации за користење на инструментот, Во 2008 година реализирани се 4, од кои 3 работинлици и 1 експертска мисија. Останатите се закажани за превата половина на 2009

година. Помошта е техничка и има за цел ефективно транспонирање на Европското во националното законодавство од областа на ветеринарната политика и негова имплементација во Република Македонија.

### 3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Последните области кои се уредени и хармонизирани со ЕУ се: областа на безбедност на водата, областа на храната произведена со иновирани технологии, начините на земањето мостри од храна, областа на микробиолошки критериуми на храната, областа на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми.Во текот на 2008 година Дирекцијата за храна објави повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна („Службен Весник на Република Македонија" бр. 54/2002 и бр. 84/2007) и тоа:

1. **Правилник** за посебните барања за безбедност на маслата и мастите кои како такви се наменети за конзумирање од страна на луѓето и на храната која содржи додадени масла или масти во однос на содржината на ерука киселина ("Службен весник на Република Македонија" 46/08),
2. **Правилник** за безбедност на водата ("Службен весник на Република Македонија" , бр.46/08),
3. **Правилник** за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/08),
4. **Правилник** за посебни барања за безбедноста на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми ( "Службен весник на Република Македонија" 78/08).

Во погоренаведените правилници се транспонирани следните ЕУ мерки: 32004R0882, 31997R0258, 32003R1829, 32003R1830, 32004R0065, 31980L0777; 31996L0070; 32003L0040; 31976L0621, 31980L0891; 31998L0083; 31976L0621, 31980L0891.

Оваа област ја регулираат и два закона со кои посебно се уредуваат одредени прашања од областа на ветеринарството и тоа Законот за ветеринарно јавно здравство ("'Службен Весник на Република Македонија" 114/07) и Законот за нус производи од животинско потекло ("'Службен Весник на Република Македонија" 113/07).
Согласно Законот за ветеринарно јавно здравство ( "Службен весник на Република Македонија" 114/07)
донесени се следните правилници:

- Правилник за процедурите на применување на HACCP принципите од страна на операторите со храна како и начинот на верификување на овие процедури од надлежниот орган ("Службен весник на Република Македонија" 113/08) врз основа на соодветните одредби од Регулативите 32004R0853, 32004R0852,32004P0854 во однос на имплементација и контрола на HACCP.
- Правилник за посебните барања за храна од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" 115/08) во кој е транспонирана Регулативата **32004R0853** Доусогласувањето ќе се постигне со донесувањето на други подзаконски акти.

Иста така изготвен е Прирачник за спроведување на службени контроли и аудит на имплементацијата на HACCP процедурите од страна на операторите со храна

**Публикувани се голем број на водичи за имплементација на HACCP системот како помош на производителите и трговците со храна.**

1. Водич за изготвување на план за безбедност на храната во угостителски објекти (засновано на HACCP принципите)
2. Водич за воведување на Добра хигиенска пракса во објектите за преработка на производи од месо
3. Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК За спроведување на постапките кои се засноваат на HACCP принципите и за олеснување на спроведувањето на HACCP принципите кај одредени бизниси со храна, од Генерален Директорат за заштита на здравјето и потрошувачите на ЕУ
4. Чекор по чекор до HACCP - прирачник за трговците со храна и за угостителите
5. Упатство за имплементација на HACCP систем во прехранбениот сектор
6. Упатство за основна хигиена на храната во угостителството
7. Упатство за практикување на правилна хигиена во прехранбената индустрија
8. Упатство за основна хигиена на храната во угостителството
9. Водич за означување на прехранбените производи
10. Водич за безбедно ракување и послужување на сладолед
11. Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК за имплементација на Регулативата 852/2004 за хигиена на храна

12. Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК за имплементација на Регулативата 853/2004 за хигиена на храна од животинско потекло
13. Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК за имплементација на Регулативата 882/2004 за информирање на извозниците за процедурите за увоз на храна во ЕУ

Од Законот за нус производи од животинско потекло усвоена е Листата на категоризирни нус производи ("Службен весник на Република Македонија" 53/08) во која се транспонирани дел од одредбите на Регулативата 1774/2002. Целосна усогласеност на Регулативата ќе се постигне со донесување на други подзаконски.
Во однос на оценувањето (евалуацијата) на земјоделско–прехрамбените претпријатија за усогласеност со стандардите на ЕУ и програмите за унапредување, изготвени се Чек Листи за контрола на усогласеноста на објектите со ЕУ стандардите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година извршени се **обуки** на сите одговорни вработени лица од областа на: HACCP-основно ниво и аудит, ЕУ стандарди за нус производи, превенција, контрола и искоренување на ТСЕ, хигиена на храна и контролни програми за месо и производи од месо, млеко и производи од млеко, производи од риба и живи мекотели; зоонози (болести пренесливи со храната) и микробиолошки критериуми за храната во организација на DG SANCO. ЕУ системот за брзо информирање за храна и добиточна храна (RASFF).

Во однос на проценка на усогласеноста на земјоделско–прехрамбените претпријатија со HACCP стандардите, голем напор е вложен во обука на инспекциските служби. Сите инспектори надлежни за контрола и увид во објектите за производсво на храна од животинско потекло, земаа учество на многу обуки/семинари организирани од националните надлежни органи, ЕК, и други мегународни институции. Во однос на оценувањето (евалуацијата) на земјоделско–прехрамбените претпријатија за усогласеност со стандардите на ЕУ и програмите за унапредување, формирани се инспекциски тимови кои се целосно обучени за евалуација на усогласеноста на објектите со ЕУ барањата.

Во областа на нус производи од животинско потекло се изготвува физибилити студија со која е извршена детална анализа и евалуација на актуелната состојба како и препорака за воспоставувањена најсоодветен и економски исплатлив систем за Република Македонија за справување со нус производи од животинско потекло.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година ќе се продолжи со усогласувањето на националното законодавство со соодветното ЕУ Acquis, преку донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за ветеринарно јавно здравство ('"Службен Весник на Република Македонија" 114/07)
Согласно Законот за ветеринарно јавно здравство ( "Службен весник на Република Македонија" 114/07)
Ќе бидат усвоени следните правилници

- Правилник за трихинела во месото,,
- Правилник за начинот и постапката за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции усогласени со следните ЕУ мерки **31996L0023; 31996L0022** ,
- Програма за контрола на Salmonella и други предизвикувачи на зоонози

усогласени со следните ЕУ мерки: 32003R2160

Согласно Законот за нус производи ("Службен весник на Република Македонија" 113/07), ќе се усвои:

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденција на нус-производи од животниско потекло (транспонирани ЕУ мерки: 32002R1774)
- Правилник за начинот на собирање и нештетно отстранување на нус-произовди од животинско потекло (транспонирани ЕУ мерки: 32002R1774, 32005R0093,32005R0092);
- Правилнк за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, начинот и условите за вршење соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат олехемиските објекти и објектите за произовдство на биогас и компост (транспонирани ЕУ мерки: 32002R1774,32005R093,32005R0092, 32005R2067);
- Правилник за техничките услови и начинот на вршење на работите кои треба да ги исполнат објектите за собирање и складирање на нус-произовди од животинско потекло (транспонирани ЕУ мерки: 32002R1774);
- Правилник за формата и содржината и начинот за издавање на комерцијалниот документ како и на ветеринарно-здравствениот сертифкат за превоз на нус-производи од животинско потекло (транспонирани ЕУ мерки:32002R1774, 32005R0093);
- Решение за определување на одредени нус производи од животинско потекло како специфичен ризичен материјал од аспект на ТСЕ (транспонирани ЕУ мерки: 32001R0999, 32002R1774);

- Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебни категории на нус-производи од животинско потекло (транспонирани ЕУ мерки: 32002R1774);
- Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои трбеа да ги исполнуваат преработувачките објекти на нус производите од животинско потекло (транспониранiЕУ мерки: 32002R1774);
- Правилник за посебните услови во однос на објектите за производство на храна за домашни миленици и техничките објекти за нус-производите од животинско потекло и посебните технички услови и постапките за преработка, манипулирање, складирање и превоз при ставање во промет, увоз и извоз на храна за домашни миленици и технички производи од нус-производи од животинско потекло (транспониранiЕУ мерки:32002R1774);
- Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат нус-произвoдите од животинско потекло кои се увезуваат, транзитираат односно извезуваат од Република Македонија како и начинот и постапката на увозот, трназитот и извозот и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат (транспониранiЕУ мерки:32002R1774, 31996L0023);
- Правилник за посебните услови во однос на објекти, техничка опременост, како и постапки и услови за вршење соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти за категорија 3 материјали и посебните услови за преработени животински производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните (транспониранiЕУ мерки:32005R0079);
- Правилник за исклучоците во однос на отстранувањето на нус-производите од животните (транспониранiЕУ мерки:32002R1774);
- Правилник за техничките производи добиени од нус-произвoдите од животинско потекло и посебните технички услови и постапките за преработка, манипулирање, скалдирање и превоз при нивното ставање во промет, увоз и извоз (транспониранiЕУ мерки:32002R1774);
- Забрана за увоз на добиточна храна (транспониранiЕУ мерки:32001R0999);
- Правилник за исклучоците во однос на употребата на нус-производите од животните (транспониранiЕУ мерки: 32002R1774);
- Правилник за ограничувањата на употребата на нус-производите од животинско потекло во
- исхраната на животните (транспониранiЕУ мерки:32002R1774);
- Правилник за техничките услови за постапување и нештетно отстранување на специфичниот ризичен материјал СРМ (транспонирани ЕУ мерки:32001R0999).

Од областа *надоместоци на полето на ветеринарната* ќе се усвои Правилник за начинот за извршување на исплатата на надоместоците за спроведени службени контроли. Во истиот ќе биде инкорпорирана делумно 32004R0882, со што се обезбедуба правна рамка за започнување на нов модел на финансирање на официјалните контроли.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради зајакнување на административниот капацитет во насока на Евроинтеграција на Република Македонија, за вработените во Управата за ветеринарство предвидени се повеќе обуки од следниве области:

- Обуки за хигиена на храната (теоретска обука, студиска обука, практична обука),
- Обуки за системот за складирање, транспорт, управување и нештетно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло.

**Оспособување на капацитети за преработка на храна со цел задоволување на барањата на ЕУ**

Со процесот на усогласување на законската регулатива се зајакнува постојната и се воспоставува нова административна структура и тоа во насока на поддршка на производителите на храна во однос на воведување на стандардите на ЕУ и широка примена на HACCP системите. О*тпочнато е имплементирањето на HACCP системот во производните капацитети во Република Македонија, согласно законската регулатива, хрмонизирана со ЕУ законодавството.*Во овој контекст *ќе се изработат:*

- административни процедури за спроведување на службени контроли на преработувачки капацитети со цел нивна регистрација, одобрување и сертификација на производите,
- технички чек листи за службени ветеринарни контроли, вклучувајќи проценка на ризик и акциони планови за усогласување на условите за регистрација,
- програма за обука и техничка помош за подобрување на капацитетот на индустријата за задоволување на ЕУ барањата за безбедност на храната.

Во текот на 2009 година, ќе се спроведе сеопфатна кампања за подигање на свеста на операторите со храна за обврските и барањата утврдени во ЕУ законодавството, "хигиенски пакет", со посебно внимание на HACCP процедурите, како и спроведување на обуки на производителите на храна, во кој ке се бидат искористени околу 100.000 евра..

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Надлежниот орган ќе продолжи со усогласување на законодавството со кое се регулира оваа поширока област, при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство од истата и од специфичните области. За 2010 е предвидено донесување на Правилник за условите за контрола на температурата за храна и Правилник за одржување на ладен ланец на храната.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Новиот систем на финансирање на официјалните контроли се очекува да започне да функционира со почетокот на 2010 година.

## 3.12.4 ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно **Законот** за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Сл.весник на РМ" бр. 54/02 и 84/07) (32002R0178; 32004R0852; 32004R0882, 31997R0258; 32000L0013; 32004R0853 донесени се 35 правилници кои се усогласени со ЕУ правни акти.

- Правилник за санитарно хигиенските услови за производство на храна („Сл. весник на РМ" бр.32/2006); 32004R0852;
- Правилник за начинот на вршење на инспекциски надзор („Сл. весник на РМ" бр. 133/2007); 32004R0882
- Правилник за начинот на означување на храната („Сл. весник на РМ" бр.118/2005); 31989L0396; 31990L0496; 31987L0250; 31994L0054; 32000L0013; 32003L0120;
- Правилник за адитиви на прехранбените производи („Сл. весник на РМ" бр.118/2005); 31989L0107; 31994L0035; 31994L0036; 31995L0002; 31988L0388; 31988L0344; 31978L0663; 31996L0077; 31991L0071 31995L0031; 31992L0004; 31992L0115; 31994L0052; 31996L0083; 31996L0085; 31997L0060; 31998L0066; 31998L0072; 31998L0086; 31999L0075; 32000L0052; 32000L0063; 32001L0005; 32001L0030; 32001L0050; 32002R0247; 32002L0082; 32003L0095; 32003R1882; 32003L0114; 32003L0115; 32004L0045; 32004L0046;
- Правилник за општите барања за безбедноста на храната („Сл. весник на РМ" бр.118/2005); 31995L0002; 31993R0315; 31990R2377; 31976L0895; 31986L0362; 31986L0363; 31990L0642 ; 31996L0022; 32000L0013; 32001R0466; 32001R2375; 32002R0221; 32002R0257; 32002R0472; 32002R0563; 32003R1425; 32003R2174; 32004R0455; 32004R0242; 32004R0655; 32004R0684; 32004R0683; 32004R0852; 32004L0095; 32005R0208; 32005R0856
- Правилник за безбедноста на природната минералната вода и минерализираната вода („Сл. весник на РМ" бр.32/2006); 31980L0777; 31996L0070; 32003L0040;
- Правилник за квалитетот на овошните сокови и одредени сродни производи („Сл. весник на РМ" бр.32/2006); 32001L0112;
- Правилник за посебните барања што се однесуваат на какао производи и чоколадни производи („Сл. весник на РМ" бр.32/2006); 32000R0036;
- Правилник за посебните барања за безбедноста на шеќерите („Сл. весник на РМ" бр.32/2006);32001L0111;
- Правилник за посебните барања кои се однесуваат на детска храна и храната наменета за доенчиња и мали деца произведена на житна основа („Сл. весник на РМ" бр.32/2006);31996L0005; 31998L0036; 31999L0039;
- Правилник за посебните барања што се однесуваат на брзо замрзнатите прехранбени производи („Сл. весник на РМ" бр.32/2006).31989L0108; 31992L0001; 31992L0002;
- Правилник за посебните барања за безбедност на екстрактите од кафе и екстрактите од цикорија („Сл. весник на РМ" бр. 3/2007); 31999L0004;
- Правилник за видовите на храна за посебна нутритивна потреба и за дозволените нивоа за дневно внесување на витамини и минерали („Сл. весник на РМ" бр. 3/2007);31989L0398; 32001L0015; 31996L0084; 31999L0041;
- Правилник за посебните барања за безбедност на овошните џемови, желеа, мармелади и засладено пире од костени („Сл. весник на РМ" бр. 3/2007); 32001L0113;
- Правилник за посебните барања за составот и означувањето на додатоците на храната („Сл. весник на РМ" бр. 108/2007);32002L0046;
- Правилник за посебните барања за храна третирана со јонизирачко зрачење („Сл. весник на РМ" бр. 119/2007); 31999L0002; 31999L0003;

Последните области кои се уредени и хармонизирани со ЕУ се: областа на безбедност на водата, областа на храната произведена со иновирани технологии, начините на земањето мостри од храна, областа на микробиолошки критериуми на храната, областа на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми.Во текот на 2008 година Дирекцијата за храна објави 7 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за безбедност на храната и на

производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна („Службен Весник на Република Македонија" бр. 54/2002 и бр. 84/2007) и тоа:

1. **Програма** за мониторинг на безбедноста на храната во РМ за 2008 год. ("Службен весник на Република Македонија" 41/08), 32004R0882,
2. **Правилник** за посебните барања за безбедност на маслата и мастите кои како такви се наменети за конзумирање од страна на луѓето и на храната која содржи додадени масла или масти во однос на содржината на ерука киселина ("Службен весник на Република Македонија" 46/08), 31976L0621, 31980L0891;
3. **Правилник** за безбедност на водата за пиење ("Службен весник на Република Македонија" , бр.46/08),: 31980L0777; 31996L0070; 32003L0040; 31998L0083;
4. **Правилник** за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/08), 31997R0258,
5. **Правилник** за начините на земањето мостри од храна("Службен весник на Република Македонија" 78/08), 32004R0882; 32006R0401, 32006R1882, 32006R1881, 32006R1883, 32007R0333; 32005R2073 .
6. **Правилник** за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошки критериуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/08), 32005R2073, 32007R1441;
7. **Правилник** за посебни барања за безбедноста на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми ("Службен весник на Република Македонија" 78/08). 32003R1829, 32003R1830, 32004R0065.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Дирекцијата за храна како орган во состав на Министерството за здравство има надлежност на вршење на стручните и управните работи во областа на безбедноста на храната и производите и материјалите кои што доаѓаат во контакт со храната. Преку државните инспектори за храна се врши контрола во сите фази на производството и прометот со храната, вклучувајќи ги и угостителските објекти и увозот и извозот на храна. Дирекцијата за храна воспоставува и систем за анализа на ризик, овозможува заштита на потрошувачите и обезбедува брзо информирање од областа на храната.
Вкупниот број на вработени во Дирекцијата за храна е 95. Дирекцијата за храна е составена од три сектори кои во својот состав ги имаат следните Одделенија:

**Сектор за стандарди за храна;**

1. Одделение за нормативни, управно- правни работи и човечки ресурси
2. Одделение за административни работи и информатичко аналитички систем;
3. Одделение за заштита на потрошувачите;
4. Одделение за видови храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, храна од ГМО и храна произведена со иновирани технологии;
5. Одделение за обезбедување на квалитет.

**Сектор за контрола на производство и промет со храна**

1. Одделение за контрола на производство и промет со храна со седиште во Скопје;
2. Одделение за контрола на производство и промет со храна со седиште во Тетово;
3. Одделение за контрола на производство и промет со храна со седиште во Битола;
4. Одделение за контрола на производство и промет со храна со седиште во Штип;
5. Одделение за контрола на производство и промет со храна со седиште во Струмица

**Сектор за анализа на ризик.**

1. Одделение за проценка на ризик;
2. Одделение за комуникација и информација со ризик;
3. Одделение за соработка со светски организации од областа на безбедноста на храната;
4. Одделение за мониторинг програма за безбедноста на храната.

**Формирано е Одделение за човечки ресурси надвор од Секторите**.
**Нови вработувања:** (4 +9 +2+1)

- Вработени се 4 лица како раководители на одделенија во Сектор за контрола на производство и промет со храна,
- вработени се 9 лица како државни инспектори за храна во Сектор за контрола на производство и промет со храна,
- вработени се 2 лица како помлади соработници во рамките на исполнувањето на правичната застапеност, 1 лице во Секторот за стандарди за храна во Одделението за административни работи и аналитички систем и 1 лице во Сектор за контрола на производство и промет со храна, во подрачното одделение Скопје,
- вработен е 1 помлад соработник во Секторот за анализа на ризик во Одделение соработка со светски организации од областа на безбедноста на храната.

**Обуки за вработените лица во дирекција за храна за 2008 година:**

- Годишна програма за обука на вработените лица за 2008 година во Дирекцијата за храна - одобрена од Агенцијата за државни службеници.

**Вкупно 194 лица од Дирекцијата за храна присуствувале на обуки во 2008 година, статистички пресметано согласно времетраењето на обуките секој вработен од Дирекцијата за храна 10% од работното време потрошил на обука и надградба на своите знаења и вештини.**

**Опрема :**

- 16 нови моторни возила и
- ситна опрема за инспекторите за брза детекција за небезбедна храна во вредност од 50 000 евра.

**Апликативен софтвер:**

- подготвена е апликација за Дирекцијата за храна и започнати се првичните обуки со инспекторите за употреба на овој софтвер изработен преку CARDS проектот,
- поставен е Македонски портал за безбедност на храната во Република Македонија – www.bezbednostnahrana.gov.mk, кој ги опфаќа сите органи вкучени во системот за контрола на безбедноста на храната во РМ,
- во рамките на Проектот за интегрирано гранично управување обезбедена е информатичка опрема и софтвер за процедурата при увоз на храна , во тек се обуки за користење на апликацијата.

**Обезбедување на квалитет во работењето**

Започнат е процесот на воспоставување на стандарди за квалитет во работата (ISO 9001), со цел унифицираност во работата на инспекторите за храна.

**Меѓуресорска соработка**

Потпишан е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка меѓу Дирекцијата за храна, Министерството за здравство и Управата за ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

Потпишан е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка меѓу Министерството за здравство, Дирекцијата за храна, Министерство за финансии - Царинска управа, Министерство за внатрешни работи и Дирекција за радијациона сигурност.

Потпишан е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка меѓу Дирекцијата за храна, Министерството за здравство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството Потпишан е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка меѓу Управата за ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството

**Публикувани се голем број на водичи за имплементација на HACCP системот како помош на производителите и трговците со храна.**

- Водич за изготвување на план за безбедност на храната во угостителски објекти (засновано на HACCP принципите)
- Водич за воведување на Добра хигиенска пракса во објектите за преработка на производи од месо
- Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК За спроведување на постапките кои се засноваат на HACCP принципите и за олеснување на спроведувањето на HACCP принципите кај одредени бизниси со храна, од Генерален Директорат за заштита на здравјето и потрошувачите на ЕУ
- **Чекор по чекор до HACCP - прирачник за трговците со храна и за угостителите**
- **Упатство за имплементација на HACCP систем во прехранбениот сектор**
- Упатство за основна хигиена на храната во угостителството
- Упатство за практикување на правилна хигиена во прехранбената индустрија
- Упатство за основна хигиена на храната во угостителството
- Водич за означување на прехранбените производи
- Водич за безбедно ракување и послужување на сладолед
- Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК за имплементација на Регулативата 852/2004 за хигиена на храна
- Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК за имплементација на Регулативата 853/2004 за хигиена на храна од животинско потекло
- Превод на водичот ДОКУМЕНТ-ПРИРАЧНИК за имплементација на Регулативата 882/2004 за информирање на извозниците за процедурите за увоз на храна во ЕУ

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Следните правилници се во работна верзија и е предвидено да бидат донесени до крајот на јуни 2009 година:

- Правилник за посебните барања за безбедност на алкохолни пијалоци (меѓусекторска консултација) (30.06.2009),

- Правилник за посебните барања за безбедност кои треба да ги исполнуваат предметите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната (работна верзија) 32004R1935; 32006R2023; 32007L0042; 31984L0500; 32005L0031; 32002L0072;
- Правилник за одредување на максимално дозволено ниво на радиоактивност на прехрамбените производи што се последица на нуклеарна катастрофа или било каква радиолошка несреќа / 31987R3954; 31989R0944; 31989R2219; 31990R0770 и 31990R0737

Согласно новото законодавство на ЕУ од 2007-2008 година предвидени се измени и дополнувања на следните правилници до декември 2009 и тоа:

Измени и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храна за посебна нутритивна употреба ("Службен весник на Република Македонија" 3/2007 г) 31989L0398; 32001L0015; 31996L0084; 31999L0041;

- Измени и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храна на житна основа за доенчиња и мали деца ("Службен весник на Република Македонија" 118/2005), 31996L0005; 31998L0036; 31999L0039; 32009R0041
- Измени и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на млечната храна за доенчиња и мали деца ("Службен весник на Република Македонија" 32/2006) 32001R0466; 31996L0004; 32003L0005; 32006L0125
- Измени и дополнување на Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна усогласени со следните ЕУ мерки: 31989L0107; 31994L0035; 31994L0036; 31995L0002; 31978L0663; 31996L0077; 31981L0712; 31995L0031; 31995L0045; 32002D0247; 31998L0344; 31998L0388; 31996R2232; 32003R2065; 31999D0217; 32004R0882, 32004R1925, 32007R0884, 32002L0046, 32006R1925, 31989L0398, 31996L0008, 31992L0021, 32001L0015, 32006L0125, 32006L0141.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на соработката на институциите вклучени во контрола на храната**

- Отпочнат процес на интегриран приод за контрола на безбедноста на храната на надлежните органи во Република Македонија.

**Во текот на *2009* година предвидени се нови вработувања со Стратешкиот план на Дирекцијата за храна**

Зајакнување на контрола за безбедност и квалитет на храната со обезбедување на 5 нови инспектори за храна

2 нови вработувања за прибирање на податоци за оформување на базата на податоци за небезбедна храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната

1 ново вработување за следење, евалуација и извештај од спроведената Национална мониторинг програма за контрола на безбедноста на храната и ревизија и надградба во однос на добиените резултати

1 вработување за заштита на потрошувачите

1 ново вработување за ажурирање на податоците во регистерот за евиденција на производните капацитети за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО во РМ

**Обуки:**

**Донесување на Годишна програма за обука на вработените лица од Дирекција за храна за 2009 година**

Обуки општи генерички

Обуки специјализирани од областа на безбедноста на храната:

- Обуки преку TAIEX (одобрени 2 работилници)
- Обуки преку EFSA
- Обуки преку проектот на SIDA,
- Обуки во сопствена организација (нова легислатива, обезбедување на соодветни обуки за ново вработените инспектори за храна)
- Обука за инспекторите за користење на апликативниот софтвер за контрола на безбедноста на храната (апликација за интегрираниот систем и апликација за инспекцијата на Дирекцијата за храна
- Обезбедување на соодветни обуки за инспекторите за храна за користење на опрема за брза детекција
- Обуки за Државните инспектори за храна за издавање на сертификатите за безбедна храна по барање на извозниците на храна
- Обука на инспекторите за храна за вршење надзор во објекти со имплементиран HACCP систем
- Обуки на вработените во Одделението за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО и обуки за инспекторите за храна за ГМО храна
- Обуки на вработените за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури во Дирекцијата за храна
- Обуки за инспекторите за храна за имплементација на Правилникот за микробиолошките критериуми на храната
- Обука за инспекторите за храна за земање мостри согласно новиот Правилник,
- Обука за инспекторите за храна за RASFF системот.

**Опрема за инспекторите: обезбедување на**

- 20 моторни возила
- 80 лап топ компјутери
- опрема за земање мостри.

Планирана е имплементација на стандардот **ISO 17020** за инспекциско тело за безбедност на храната во рамките на Дирекцијата за храна

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесување на национално законодавство и имплементирање на донесеното хармонизирано законодавство. Исто така постојано ќе се прати новото ЕУ законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Вработување

Се предвидуваат 15 нови вработувања за зајакнување на контрола за безбедност и квалитет на храната со обезбедување на соодветен број на инспектори за храна

**Предвидени се следните Обуки:**

- Обезбедување на обуки за сите вработени лица во Дирекцијата со цел континуирана надградба на знаењата и вештините.
- Обезбедување на соодветни обуки за инспекторите за храна.
- Обуки на вработението во Одделението за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО.
- Обуки на вработените во Одделението за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури во Дирекцијата за храна.

Планирана е сертификација на стандардот ИСО 17020 за инспекциско тело за безбедност на храната во рамките на Дирекцијата за храна

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**Проекти во тек:**

**1. Зајакнување на контролата на безбедноста и квалитетот на храната“ (Strengthening food safety and quality control) CARDS 2006**

Проектот е во траење од една година од мај 2007- мај 2008г. Целта на проектот е да се допринесе за правниот и институционален развој на системот за безбедност на храната во согласност со ЕУ acquis. (Мај 2007-Мај 2008) / **завршен е .**

**2. Мрежа за заштита на потрошувачите од Западан Блакан (West Balkan Consumer Protection Network)**На 08.05.2007г е потпишан Меморандумот на разбирање за отпочнување на проектот за формирање на мрежа за заштита на потрошувачите од Западен балкан (West Balkan consumer protection network) помеѓу Министерството за развој на Република Грција и Министерството за здравство на Република Македонија. Започнувањето на овој проект на Република Македонија ќе и овозможи двонасочна размена на информации со Брисел за безбедноста на храната заради заштита на потрошувачите и пред стапувањето на РМ во Европската Унија. Практичната важност на овој меморандум за Македонија е голема поради тоа што овие активности ќе обезбедат предуслови за обезбедување на функциите на Дирекцијата за храна, преку примена на апликативниот софтвер и креирање на база на податоци како и поврзување на граничните терминали со цел за полесен проток и размена на иформации во контролата на безбедноста на храната, како основа за поврзување во системот за рано предупредување и информирање за опасности од небезбедна храна. Време траењето на проектот е една година (Мај 2007-Мај 2008) **прекинат е.**

**3. Во Дирекцијата за храна во тек е проектот“ Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food safety and Quality in Sout East Europe„** во период од 1 Февруари 2008 до 31 Декември 2011, како резултат на потпишан меморандум за соработка помеѓу министерството за здравство Република Македонија и конзорциумот составен од Шведскиот Одбор за акредитација и сообразност и Шведската Национална Администрација за храна, **започнат е.**

**4.** Дирекцијата за храна, Министерство за здравство е контакт точка за предпристапната програма на Европската Агенција за безбедност на храна, продолжува активноста за **обуки организирани преку EFSA**. **Во тек се.**

**5. TAIEX проекти – 20 апликации се одобрени во текот на 2008 година**, експертски мисии, работилници и студиски посети за проверка, подготовка и имплементација на законодавството за безбедност на храната во Република Македонија. **3 проекти се реализирани во 2008:**

- 1 студиска посета во Словенија за мониторинг програма за безбедност на храната,

- експертска мисија за легислативата за видовите храна со посебна нутритивна употреба и
- експертска мисија за легислативата за адитивите кои се користатво производството на храна.

**TAIEX проекти се пренесуваат за тековната 2009 година.**
**Веќе се договорени, односно завршени се организациските работи и потврдени се следните проекти подржани од TAIEX:**
- работилница за ГМО –храна за 30 учесници од сите органи инволвирани ви системот за контрола на храната,
- работилница за 30 учесници – за HACCP во официјалната контрола за вработените од Дирекцијата за храна и од Управата за ветеринарство,
- студиска посета во Холандија за контрола на храната при увоз за 4 лица,
- студиска посета во Австрија за процедурите на RASFF системот за 3 лица,
- експертска мисија за легислативата за материјалите што доаѓаат во контакт со храната и
- експертска мисија за контаминенти во храната.

**Преостанатите 11 проекти ке се организираат во тековната 2009 година.**
**6. Побарана е помош од USAID за проект за Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство за RASFF**, Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна преку Генералниот Директорат за здравје и заштита на потрошувачите (DG SANCO) за запознавање и имплементација на овој систем во секојдневната работа на инспекторите со цел заштита на потрошувачите од небезбедна храна.

## 3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година се очекува донесувањето на *Законот за исхрана на животните* по редовна Собраниска постапка. Досега е изработена нацрт везија на Законот во кој се транспонирани следните ЕУ мерки: 31990L0167; 31970L0373; 31979L0373; 31982L0471; 31993L0074; 31980L0511; 31982L0475; 31983L0228; 31993L0113; 31971L0250; 31971L0393; 31972L0199; 31973L0046; 31976L0371; 31976L0372; 31978L0633;31981L0715; 31984L0425; 31993L0117; 31994L0039; 31996L0025; 31993L0070; 32002R0178; 32002L0032; 32003R1831; 32003L0126; 32004D0217; 32004R0882; 32005R0183; 32005R0943; 32006R0401.

Целта на Законот е да се обезбеди правна основа за хигиена и контрола на добиточната храна и исхраната на животните преку утврдување на основни начела за хигиена и контрола на добиточна храна и исхрана на животните согласно високите стандарди и процедури на Европската Унија. Индиректно со овој закон се обезбедува висок степен на здравствена заштита на животните преку користење на хигиенски исправна добиточна храна како и здравствена заштита на луѓето како крајни потрошувачи на храната од животинско потекло како и заштита на животната средина од загадување со отпад од животинско потекло.

Со донесувањето на овој закон усогласен со релевантното Европско законодавство се заокружува процесот на усвојување на законите што ја уредуваат ветеринарната област. Наредниот чекор ќе биде донесување на подзаконските акти кои произлегуваат до законот во временските рокови предвидени за истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009 година ќе се спроведе обука на сите одговорни лица за активности од областа на ***хигиена на добиточната храна***, кои работат во Управата за ветеринарсто, и тоа преку теоретска обука, студиска обука, практична обука.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Надлежниот орган ќе продолжи со усогласување, имајќи ги секогаш во предвид и измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство во дадената, специфична област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За повеќе детали 3.12.2

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

За повеќе детали 3.12.2

## 3.12.6 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**Правна рамка**

Растенијата како добра од општ интерес за земјата имаат посебна заштита утврдена со Уставот на Република Македонија. Оттука, здравјето на растенијата е право и одговорност на Република Македонија – Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарната управа, Државната фитосанитарна лабараторија како и на давателите на јавни услуги и на сопствениците. Надлежностите на Фитосанитарната управа, која е во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, произлегуваат од Законот за здравје на растенијата, Законот за производи за заштита на растенијата и Законот за ѓубрива.

**Законот за здравјето на растенијата („Службен Весник на Република Македонија" 29/05),** во кој е транспонирана Директивата на советот 2000/29/ЕЕЦ, ги уредува принципите за здравје на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетните организми кај растенијата, растителните производии и други објекти и предмети, превенција од нивно внесување и ширење, мерки за сузбивање, биолошки мерки за заштита на растенијата, пристапот и размена на информации и информатички систем, трошоци и надоместоци, надлежност на органите, овластените служби, органи и тела во областа на здравјето на растенијата како и други прашања од областа на здравјето на растенијата.

Употребата на производи за заштита на растенијата е уредено со **Законот за производи за заштита на растенија („Службен Весник на Република Македонија" 110/07)**, конкретно, одобрувањето, пласирањето на пазарот, употребата и контролата на производите за заштита на растенијата, пласирањето на пазарот и контрола на активните супстанции кои претставуваат производи, максимално ниво на резидуи, опрема за користење на производи, размена на информации во врска со производите, производството на производи, евиденција на правните и физички лица вклучени во производството и пласирањето на производи на пазарот, условите за овластување на органите одговорни за имплементација, мониторинг и контрола на овој закон, кој е во согласност со Директивата 91/414 ЕЦ. Производството на производи, пласирањето на пазарот за потребите на производството на производите, добрата лабораториска пракса (ГЛП), Ротердамската конвенција за претходно соопштена процедура (ПИЦ-) за одредени штетни супстанции и пестициди во меѓународниот промет, класификацијата, пакувањето и означувањето на производите покрај со одредбите од овој закон се регулираат и со прописите за опасни супстанции и препарати.

**Законот за ѓубрива („Службен Весник на Република Македонија" 110/07)** ги уредува условите за производство, пласирање на пазар , увоз, употребата на ѓубрива,видови на ѓубрива, идентификација, квалитет, состав, земање примероци, пакување, обележување, испитување, декларирање, следење, регистрирање и други прашања во врска со ѓубривата.

Покрај условите утврдени со овој закон, за пласирање на пазар и употреба на ѓубрива, ако содржат опасни супстанции, се применуваат и прописите со кои се уредуваат хемикалиите.

Ако ѓубривата содржат и средства за заштита на растенијата за нивното производство, пласирање на пазар, увоз и употреба се применуваат прописите кои ја регулираат областа на производите за заштита на растенијата.

Од областа на семе и саден материјал усвоен е **Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен Весник на Република Македонија" 39/06 и 89/08)** со кој се уредуваат производството, подготовката за трговија, етикетирањето, трговијата, увозот и извозот на семенски материјал, саден материјал за земјоделски расте- нија (житни, фуражни, градинарски, маслодајни, влакнодајни, репа, компир, тутун, украсни растенија, овошни растенија и винова лоза) и мицелиум за габи за исхрана; обврските на лицата кои се занимаваат со производство, доработка, трговија и увоз и извоз на семенски и саден материјал за земјоделски растенија; пријавувањето, испитувањето, одобрувањето, запишувањето и одржувањето на сорти на земјоделски растенија во национална сортна листа; служба за сертифицирање на семенски и саден материјал, јавните овластувања, овластени лаборатории, чувањето на дефинитивни примероци на семенски и саден материјал и други прашања од областа на семенскиот и садниот материјал. Овој Закон е целосно усогласен со европското законодавство и тоа според ЕУ Директивите: 66/400/ЕЦ, 66/401/ЕЦ, 66/402/ЕЗ ,69/208/ЕЕЗ, 98/320/ЕЗ, 98/95/ЕЗ, 98/96/ЕЗ, 70/457/ЕЕЗ, 70/458/ЕЕЗ, 92/33/ЕЗ, 2000/29/ЕЦ, 2002/53/ЕЗ, 2002/54/ЕЗ, 2002/55/ЕЗ, 2002/56/ЕЗ, 2002/57/ЕЗ, 98/44/ЕЦ, 98/56/ЕЦ, 68/193/ЕЕЗ, 92/34/ЕЕЗ и регулатива 2358/71/ЕЕЦ.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Тековниот број на вработени во **Фитосанитарната Управа** за 2008 година е 42 лица од кои: 1 раководител на сектор, 2 раководители на одделение, 29 фитосанитарни инспектори, 5 внатрешни фитосанитарни инспектори, 2 регионалени известувачи, 2 самостоејни референти, 1 помлад референт

Согласно Законот за здравје на растенијата воспоставена е Државна фитосанитарна лабараторија која врши дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, анализа на физичко-хемиски својства на производите за

заштита на растенијата, анализа на активна супстанција, како и биолошки испитувања по одредени области од фитосанитарното законодавство.

**Државна фитосанитарна лабараторија (ДФЛ)** е надлежна за дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, анализа на физичко хемиски својства на производот за заштита на растенијата, анализа на активна материја на производот за заштита на растенија.
Вкупниот број на вработени е 9 и тоа: бактериолог, миколог, вирусолог, неонтомтолог ентомолог, молекуларен дијагностичар, аналитички хемичар за пестициди, за контрола на семе и за административно техничка подршка.

Инспекциски надзор и контрола во производството, прометот и употребата на средствата за заштита на растенијата вршат 26 државни земјоделски инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство во состав на МЗШВ. Во текот на 2008 година во делот на зајакнување на капацитетите Државниот инспекторат за земјоделство реализираше 2 вработувања.

Што се однесува до Управата за семе и саден материјал, во неа моментално функционираат 3 одделенија и Директор. Вкупнијот број на вработени е 9 и тоа: 2 раководители на одделенија, 2 советници, 2 помлади соработници и 2 референти

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Усогласувањто со европското законодавтсво во 2009 ќе продолжи со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од четирите основни закони. Поконкретно, по однос на здравје на растенијата предвидено е донесување на:

- Правилник за воспоставување на форма, содржина и начин на водење на регистар на производители, преработувачи, дистрибутери и увозници на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и отпочнување со нивна регистрација, усогласен со Директива 31992L0090;
- Листа на штетни организми, според Директива 32000L0029
- Правилник за воспоставување на форма, содржина и начин на водење на регистар за производители, преработувачи, дистрибутери и увозници на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и отпочнување со нивна регистрација, во кој се апрокисмирани Директивите 31992L0090 и 32000L0029

Од областа на **производи за заштита на растенијата**, ќе бидат донесени повеќе Правилници кои ќе ги уредуваат:

- Дополнителните стандардни предупредувања и известувања за производите, потребната документација и критериуми за оценување и одобрување на производите и составот и начинот на работа на стручната комисија за одобрување на производите;
- Потребната документација за оценување на активната супстанција, одобрените активни супстанци кои се одобрени како производите за заштита на растенијата во ЕУ и Република Македонија и кои се вклучени во Националната листа на активни супстанции;
- Употреба на биолошки производи за заштита на растенијата, оценување на максималното количество микроорганизми или вируси во производите за заштита на растенијата и максимално ниво на резидуи во растенијата и прехрамбените артикли и официјални тестирања за ефикасност;
- Начинот на пакување, декларирање и дополнителни стандардни фази за производи за заштита на растенијата и за забрана и повлекување од промет употреба на производи за заштита на растенија кои содржат одредени активни материи;
  Во Правилниците е транспонирана Директивата 31991L0414.

Во делот на ѓубрива, врз основа на **Законот за ѓубрива** во 2009 ќе бидат донесени повеќе подзаконски акти, усогласени со Регулативата 32003R2003, кои ќе ги уредуваат следните области:

- Видовите неоргански ѓубрива, микробиолошките ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својства на почва, по однос на постапката за нивна класификација, начинот на означување и идентификација, содржината на макро и микорелеметите кои се дел од нив и одобрените количини на хранливи елементи и примеси;
- Начинот на водење евиденција на производители и правни лица кои се занимаваат со производство на ѓубрива, постапката за упис и водење на регистарот на производители, постапката за упис и водење на регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубрива на големо и мало и евиденција на нови ѓубрива и ѓубрива кои се увезуваат;
- Начинот на пласирање на пазар на ѓубрива во рефусна состојба, начинот на контрола на условите за пласирање на ѓубривата на пазар и методите за земање на примероци и испитување и начинот на спроведување на мерките за произвотство или пласирање на пазар во зависност од проценатa на ризикот по здравјето на луѓето;
- Методите и примероци за испитувања на ѓубрива, дозволените одстапувања, максималните и минималните вредности од составот на ѓубривата;

- Условите за увоз формата, содржината и начинот на водење на регистарот ако правното лице ги исполнува условите за увоз и начинот на преглед на пратката по пристигнување на граничен премин , методите за земање на примероци, испитувањето, количеството на примероците и постапката и доставувањето на примероците до лабораторија;
- Дефинирање на добра земјоделска пракса, барањата кои треба да ги исполнуваат амониум нитратните ѓубрива со висока содржина на азот, и постапка за барање на супероанализа и поблиските услови кои мора да ги исполнува овластената лабораторија, методите и податоците што треба да ги содржи извештајот на овластената лабараторија;
- Условите што треба да ги исполнува производителот за пакување и доработувањето на ѓубрињата, за условите под кои ѓубривото може да пласира на пазар, односно да се евидентира како остаток од пробно производство, остаток од извоз или остаток од крајниот корисник и евидентирање на ѓубривата на заостанатите количини кои кои неможат да се преформулираат, од кои не може да се произведат ѓубиња, како и нивните пакувања,заради собирање, сместување и уништување.

Усогласување со европското законодавство во делот на семе и саден за 2009 е предвидено преку изготвување на седум правилници од Законот за семе и саден материјал за земјоделски растенија, кои ги уредуваат:

- Постапката и методите за na испитување и одржување на сортите кај земјоделските растенија, за преиспитување на ДУС, постапката за запишување на сортата во националната сортна листа и начинот на водење на националната сортна листа;
- Правилата за трговија со саден материјал од украсни растенија, со материјал за размножување и саден материјал на овошни растенија наменет за производство на овошје.

Правилниците се усогласени со следните Директиви: 32002L0053, 31998L0056 и 31992L0034

Управата за семе и саден материјал изготви Закон за селекционерски права (Законот е во Собраниска процедура) со кој Република Македонија стана членка на УПОВ Конвенцијата. Со помош на овој Закон се штитат правата на селекционерите, а врз основа на него ќе бидат изготвени и соодветните Правилници.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, предвидено е зајакнување на капацитетот на фитосанитарниот систем преку воспоставување на ИТ систем за размена на информации меѓу надлежните служби и воспоставување на база на податоци за доделените авторизации, како и континуирана обука на кадарот на фитосанитарната управа (фитосанитарни инспектори, регионалните известувачи и кадарот во администрацијата) и на персоналот на Државната фитосанитарна лабараторија.

Во поглед на вработувањата, во Фитосанитарната управа предвидени се 10 нови вработувања, во ДФЛ 5 нови вработувања и во Управата за семе и саден материјал 5 нови вработувања.
Исто така, за 2009 година предвидено е отпочнување со имплементација и воспоставувањена ISO 17025 стандардот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Правна рамка**

По однос на законодавни цели предвидени во среднорочните приоритети, во 2010 врз основа на Законот за семе и саден материјал од земјоделски растенија треба да бидат донесени Правилникот за трговија со саден материјал од винова лоза, усогласен со Директивата 31968L0193, и Правилникот за работа на Национална ген банка и начинот и методите за прибирање и чување на растителни примероци од Гем банка.

**Институционална рамка**

Во поглед на институционалното јакнење на фитосанитарниот систем, за 2010 во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се предвидени 10 Вработувања во Фитосанитарната Управа, по 5 вработувања во Фотосанитарната лабараторија и Управат за семе и саден материјал.

Со цел континуирана обука на вработените, а со тоа и подобрување во ефикасноста на работата на фиитосанитарниот систем, предвидена е Обука за 5 лице за Изведување на ДУС тест кај сортите на земјоделски растенија“ ќе трае до крајот на 2010 година, како и Обука за инспекциските служби на фитосанитарната управа наменета за 10 лица.

**Странска помош**

Во делот на Фитосанитарната политика моментално нема никаква поддршка од странска помош. Лоцираните потреби се следните:
Потребна е странска помош во обука на стручен кадар за:

- апроксимација на регулативите
- фитосанитарна инспекција

- воведување регистри и издавање на пасоши за растенија
- мониторинг, дијагностицирање и детерминирање на растителни штетни организми
- процедури за авторизација на производи за заштита на растенија
- контрола и тестирање на опрема за апликација на производи за заштита на растенија
- стандарди за неоргански ѓубриња.

Потребна е обука за извршување на статутарните активности на ДФЛ, и тоа Обука за одредени методи за испитување за дијагностика, аналитичка хемија за пестициди и контрола на семе во соодветно лаборатории во ЕУ.Обука за имплементација на ISO 17025 и контрола на квалитет.

Управата за семе и саден материјал во 2009 година има предвидено и договорено обуки (странска помош) со TAIEX и со CPVO (канцеларија за заштита на нови сорти растенија).

Со помош на овие организации полесно ке можеме да ги изготвиме подзаконските акти од законите.
**TAIEX помош** за ефективно транспонирање на Европското во националното законодавство и негова имплементација во Република Македонија.

## 3.13 РИБАРСТВО

### 3.13.1 УПРАВУВАЊЕ, ИНСПЕКЦИЈА И КОНТРОЛА НА РЕСУРСИ И ФЛОТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во почетокот на 2008 година Собранието на Република Македонија го усвои Законот за рибарство и аквакултура и истиот е објавен во Службен весник на Република Македонија број 7 од 2008 година. Врз основа на законот, за доуредување на материјата во подрачјето на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, изработени се 12 пратечки прописи (подзаконски акти) и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија број 53 и 54 од 2008 година.

Законот и пратечките прописи претставуваат и правна рамка за понатамошно уредување на материјата и политиката во областа на рибарството и аквакултурата, во согласност со принципите на Заедничката политика за рибарство на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и спроведување на законската регулатива, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во Одделението за рибарство вработени се две (2) лица.
Покрај Одделението за рибарство, непосредно одговорен за инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ.
За зајакнување на административниот капацитет во делот на инспекциската контрола во постапка е оглас за вработување на уште едно (1) лице во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ.
Надлежностите во однос на здравствената заштита на рибите ги врши Управата за ветеринарство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За доуредување на областа на рибарството, во подрачјето на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството*** во текот на 2009 година предвидена е изработка и донесување на уште три (3) подзаконски акти со кои ќе се допрецизираат спецификите по однос на вршењето на стопански и рекреативен риболов.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во подрачјето на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, за поефикасно вршење на инспекцискиот надзор во Државниот инспекторат за земјоделство предвидени се нови вработувања во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата. Покрај тоа, за следење на структурните и пазарните политики и дистрибуција на информации од областа на рибарството, во 2009 година ќе се воспостави единствен ИКТ систем во рибарството.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Нема активности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во подрачјето на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа предвидено е ново вработување на 1 лице - инспектор за рибарство во Државниот Инспекторат за Земјоделство во 2010 година.

### 3.13.2 СТРУКТУРНИ АКТИВНОСТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Врз основа на Законот за рибарство иаквакултура, за доуредување на материјата во подрачјето на ***структурните активности*** изработени се 2 пратечки прописи (подзаконски акти) и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија број 54 од 2008 година. Овие пратечки прописи ја доуредуваат материјата од законот во однос на трајното користење на рибите преку одржлив развој, со одредување на содржините на риболовните основи и годишните програми. Исто така, изработени се риболовните основи за риболовните подрачја (Охридско, Дојранско и Преспанско Езеро) и за 9 поголеми вештачки езера.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на административниот капацитет во областа на рибарството по однос на учество во изработка и следење на текот на активностите околу реализација на мерките предвидени во годишните Програми за унапредување, во постапка е оглас за вработување на уште едно (1)  лице во Одделението за рибараство и аквакултура – Сектор за земјоделство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2009 година предвидено е донесување на Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 12 години, како и годишната Програма за унапредување на рибарството во 2009 година, со предлог мерки и начин/упатство за реализација на истите.
Покрај горе наведеното , се планира изработка на риболовни основи за риболовните ревири во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Нема активности.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Како среднорочни приоритети во делот на структурните активности се изработката на годишните програми со мерки за унапредување на рибарството и аквакултура во 2010 и 2011 година, како и изработката на риболовните основи за оние вештачки акумулации кои не се опфатени во 2008 и 2009 година година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Нема активности.

### 3.13.3 ПАЗАРНА ПОЛИТИКА
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Врз основа на Законот за рибарство иаквакултура, во подрачјето на ***пазарната политика*** изработени се 3 пратечки прописи (подзаконски акти) со кои ќе се уредат квалитетот на рибите кои се ставаат во промет, начинот и формите на организирање и здружување во рибарството, како и техничките барања кои треба да ги исполнуваат риболовните пунктови и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија број 54 од 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Одделението за рибарство и аквакултура, со моменталниот број на вработени засега ги реализира активностите во подрачјето на пазарната политика од областа  на рибарството иаквакултурата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Нема активности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во областа на ***пазарната политика***, со оглед на проширување на обемот на работа, во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на уште едно (1) лице, а за целите на поефикасно вршење на инспекциски надзор на спроведувањето на пазарните политики во подрачјето, исто така се предвидува ново вработување на инспекторско место за рибарство во Државниот инспекторат за земјоделство. Покрај тоа, за потребите за вршење и следливост на стопанскиот риболов согласно законот, ќе се изградат и риболовни пунктови.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Нема активности

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е зајакнување на Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата (ДИЗ). Покрај тоа, во овој временски период, тековна активност ќе претставува изградбта на риболовни пунктови за вршење на стопански риболов, доколку одредени риболовни води се прогласат за риболовни подрачја, или доколку од нив има потреба на одредени риболовни зони.

## 3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА

### 3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

*Пристап на пазарот*

Со Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04 и 127/06) се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Во Законот се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Директива 96/26ЕЗ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

*Фискални прашања*

Со Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08) се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ.

Согласно одредбите од Законот за јавни патишта се изврши трансформирање на постојниот Фонд за магистрални и регионални патишта во Агенција за државни патишта.

Согласно Законот донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на распределбата на средствата на општините односно градот Скопје, од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/08),
- Правилник за формата и содржината на обрасците на легитимациите на државните инспектори за патишта и на овластените инспектори за патишта на општините, односно на градот Скопје, како и начинот на нивното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/08),
- Одлука за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас, приклучување на пристапен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење, за вонреден превоз и за штета сторена на патот и на објектите на патот за државните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/08) и
- Правилник за критериумите за определување на улиците во населените места кои ќе се сметаат за дел од државен пат како и нивното одржување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/08).
- Правилник за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите з анивни одржување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/08).

*Опасни материи*

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07) во кој се уредени условите под кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истивар, безбедност во превозот, опремување на возилата и обука на кадри). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

*Безбедносни прашања*

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07) се утврдени мерките за заштита на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, условите кои мора да ги исполнуваат возилата во сообраќајот на патиштата, уредите и опремата што мора да ги имаат возилата, условите за стекнување на право за управување со возила, проверка и техничка контрола на возилата и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 2002/85/ЕЗ, 1996/53/ЕЗ, 1991/671/ЕЗ, 1985/3820/ЕЗ, 1985/3821/ЕЗ, 1991/439/ЕЗ, 1997/26ЕЗ, 2002/15ЕЗ, 2004/11ЕЗ, 1992/6ЕЗ, 2000/56ЕЗ, 1996/47ЕЗ, 1996/96, 2003/127, 1989/459ЕЗ, 1988/599ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), се регулира испитувањето на возилата , регистрацијата на возилата и техничкиот преглед на возилата.

На 11 ноември 2008 година донесена е Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2009-2014) со која се предвидуваат долгорочните потреби на државата за преземање на плански мерки и активности на планот на безбедноста на сообраќајот и покажува спремност на истата за решавање на проблемите во овој сегмент. Главната цел на Националната стратегија е до 2014 година, бројот на жртви во сообраќајот на патиштата во Република Македонија да се намали за 50% и 0 (нула) деца- жртви, учесници во патниот сообраќај.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт – орган во состав на Министерството за транспорт и врски овластен за инспекциски надзор, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локална самоуправа.

Изготвен е систем за електронско аплицирање и доделување на возни редови за превоз на патници.

Во Министерството за транспорт и врски постојат три одделенија во рамките на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура за работата околу превозот на патници и стоки во патниот сообраќај. Работите од оваа област ги извршуваат:
- Одделение за товарен сообраќај – пет лица со висока стручна спрема и три лица со средна стручна спрема.
- Оделение за превоз на патници – осум лица со висока стручна спрема и едно лице со средна стручна спрема.
- Одделение за превоз на опасни материи во кое се вработени три лица со висока стручна подготовка.

Во 2008 година Државниот инспекторат за транспорт има спроведено 4345 инспекциски контроли.

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај, се: Оддление за сообраќајни работи во Сектор за полиција; 8 Полициски станици за безбедност на патен сообраќај, 26 Полициски одделенија за безбедност во патниот сообраќај и 3 полициски станици за безбедност на патниот сообраќај на автопатиштата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
<u>Во овој период се предвидува</u> преструктуирање на Јавното претпријатие Македонијапат. За таа цел во подготовка е Закон за трансформација на ЈП Македонија пат. Исто така ќе се изработи и План за трансформација на ЈП Македонија пат.

Предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта со што ќе се допрецизираат одредени одредби од Законот и ќе се олесни неговата примена.

Согласно одредбите од Законот за јавни патишта ќе бидат донесени следните подзаконски акти:
1. Правилник за техничките елементи за изградба, реконструкција и одржување на јавните патишта и на објектите на патот;
2. Уредба за мерилата за категоризација на јавните патишта, нивните ознаки и амортизација за истите;
3. Правилник за начинот на идентификација на јавните патишта со соодветен референтен систем и стационажа;
4. Одлука за висината на надоместокот што се плаќа за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта;
5. Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) во која ќе бидат транспонирани следните ЕУ мерки: директива 1999/62/ЕЗ и директива 2006/38/ЕЗ;
6. Правилник за начин на извршување на задачите за заштита на јавните патишта и
7. Одлука за висината и начинот на наплатата на надоместокот за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (автопатска такса).

Исто така, во овој период ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба. Во 2009 година се планира склучување на Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Црна Гора

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Секоја транспортна компанија во Република Македонија која ги исполнува условите предвидени во Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, може да аплицира за добивање на лиценца за вршење на одделни видови превоз во патниот сообраќај.

Во текот на 2009 година е предвидено зголемување на бројот на вработени во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски.

Предвидено е зајакнување на институционалните капацитети во Државниот инспекторат за транспорт преку компонента 1 на ИПА програма.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Чешка, рок 31.03.2010 година.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 01.06.2010 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 01.06.2010 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2010 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 01.10.2010 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.10.2010 година,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе се направи институционално зајакнување на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура преку организирање на ТВИНИНГ или друга подолготрајна програма за обука и целосна хармонизација на законската регулатива.
Капацитетите на Државниот инспекторат за транспорт ќе се зајакнат со обука за спореведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај.

## 3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2008 година се донесе **Закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги** („Службен весник на Република Македонија" број 7/08) со кој се уредува основањето, надлежностите, организацијата и начинот на вршење на работата и раководењето со Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, се утврдуваат изворите за обезбедување на средства за финансирање на работата на Агенцијата и надзорот над работата. Согласно одредбите од Законот, Агенцијата ќе започне со работа од 01.01.2009 година. Законот е во целост усогласен со членовите 30 и 31 од Директивата 32001L0014.

Со **Одлуката за утврдување на мрежата на главни железнички пруги и другите железнички пруги, нивната класификација, како и ознаките** („Службен весник на Република Македонија" број 58/08) се утврдува мрежата на главните железнички пруги и други железнички пругиво зависност од намената и обемот на сообраќајот, стопанското значење или значењето што го имаат за внатрешниот и меѓународниот сообраќај, нивната класификација, како и ознаките. Одлуката е во согласност со Европската спогодба за најважните меѓународни железнички пруги (AGC).

Подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за железниците и Законот за безбедност во железничкиот сообраќај се донесени и објавени во Службен весник на Република Мкедонија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамки на процесот на трансформација на ЈП Македонски железници во 2008 се изработија (1) Студија за утврдување на надоместок за пристап на железничката инфраструктура, (2) и Студија за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници.

Во месец декември 2008 година Владата на Република Македнија даде согланост за методот наплата на пристап базирана врз ниво кое овозможува покривање на разлика меѓу субвенции одезбедени од државата и финансиските трошоци, односно CF-, а управителот на инфратсуктурата го изготви пакетот на услуги кој ќе го понудува, како и тарифникот на услугите и истите се применуваат од 01.01.2009 година.

Исто така, Владата на Република Македонија ја разгледа и усвои информацијата за резултатите од Студијата за услуги од јавен интерес во железничкиот павеоз на патници, кој исто така се воведува во 2009 година.

*Финансирање на жлезничката инфраструктура:* Согласно член 56 став (3) од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05 и 24/07) во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2008 година се обезбедија средства во висина од 181.000.000 денари за инвестиции во железничката инфраструктура и дополнителни 160.000.000 денари со Програмата за дополнување за инвестиции во железничката инфраструктура за 2008 година.

*Решавање на статусот со долговите на двете компании:* Во 2008 година, незевисен проценител изработи Извештај за проценка на долговите кои треба да се конвертираат во влог и истиот е доставен до Министерствот за финании. Извештајот се однесува за двте компании: ЈП МЖ Инфраструктура и МЖ Транспорт АД. Во 2008 година МЖ Транспорт АД-Скопје редовно сервисира од свои сопостевни извори странски долгови и тоа: конвенциски долгови за периодот од 1991-1995 година и други странски железници за период од 1996-2006 година .

Во Министерството за транспорт и врски во Сектор за железници согласно актот за Систематизација на работни места предвидени се вкупно вработени 14 лица. Во овој момент во Секторот работат вкупно 9 лица од кои 6 лица се државни службеници во редовен работен однос, додека 3 лица се вработени на определен работен однос.

До крајот на 2008 година, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија треба да се изврши избор на Претседателот и членовите на Управниот одбор (вкупно 3 члена) на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги. Управниот обор на Агенцијата по пат на јавен конкурс ќе изврши именување на Директорот на Агенцијата.

Во декември 2008 се одржа обука за користење на моделот за утврдување на надоместок за пристап на железничката инфраструктура од страна на консултантската фирма СИСТРА на задолжениот персонал од ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Законски акти
Во текот на 2009 година се предвидува донесување на измена и дополна на Законот за жлезниците и Законот за бебедност во железничкиот сообраќај со третиот железнички пакет од легислативата за железници на ЕУ, односно

- Директива бр. 2007/58/ЕЗ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 октомври 2007 година за изменување на Директивата бр. 91/440/ЕЕЗ на Советот за развивање на железницата на Заедницата и Директивата бр. 2001/14/ЕЗ за распределба на капацитетот на железничката инфраструктура и наплата на надоместоците за употреба на железничката инфраструктура;
- ДИРЕКТИВА 2007/59/ЕЗ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 октомври 2007 година за сертифицирање на машиновозачи кои управуваат со локомотиви и возови во рамките на железничкиот систем на Заедницата;
- РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр. 1370/2007 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 октомври 2007 година за услуги за јавен превоз на патници со железнички и патен сообраќај и за укинување на Регулативите (ЕЕЗ) бр. 1191/69 и 1107/70 на Советот;
- РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр. 1371/2007 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 октомври 2007 година за правата и обврските на патниците во железничкиот сообраќај;
- РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) БР.1372/2007 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ

од 23 октомври 2007 година со која се изменува Регулативата (ЕЗ) бр. 577/98 на Советот за организацијата на истражувањето на примерок на работната сила во Заедницата (текст со важност за ЕЕП)

Исто така е предвидено во текот на 2009 година, Законот за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги да се измени и дополни, со цел истиот да се доусогласни со РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) Бр. 881/2004 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 29 април 2004 година за основање на Европска железничка агенција (Регулатива за создавање на Агенција)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
*Техничките и безбедносни услови и инеропера*б*илноста*

Техничките и безбедносни услови и инеропера*б*илноста, во 2009 година дел ќе се исполнат со инсталирањето на централниот систем за контрола на железнички сообраќај финансиран со заем од Светска Банка. Системот опфаќа модернизација на железничкиот сообраќај за 27 железнички на пругата на Коридор 10 од Табановци до Гевгелија. Системот ќе го контролира железничкиот сообраќај од почетната до крајната железничка станица.

Во рамки на процесот на трансформација на ЈП Македонски железници во 2009 година ќе се изработи Студијата за зголемување на продуктивноста и намалување на трошоците.

*Агенција за регулирање на пазарот на железнички услуги*

Во 2009 година, Управниот одбор по пат на јавен конкурс ќе го избере Директорот на Агенцијата. Средствата за финансирање на Агенцијата се обезбедени во Буџетот на Министерството за транспорт и врски и истите ќе бидат трансферирни по регистрирање на Агенцијата во Централниот реистер. Следи процес на екипирање, опемување и обучување на вработените во Агенцијата.

*Финансирање на железницата*

Финансирањето е предвидено од Буџетот на Република Македонија, од заемот на Светска Банка, како и од предпристапните ИПА фондови. Во Буџетот на Република Македонија за 2009 година се алоцирани 3 милиони евра. Управителот на инфраструктурата во согласност на Министерот за транспорт и врски ќе изработи Годишна план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2009 година.

Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 и 2011 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на Република Македонија во делот на железницата. Исто така ќе се иницира побрзо имплементирање и заживување на комбинираниот превоз по мрежата на железницата во Република Македонија.

Во текот на 2010 година ќе се изготват и подзаконски акти за кои ќе има потреба и се предвидени со измените и дополнувањата во законските акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
*Либерализиран пазар и пристап кон железничката инфраструктура*

Со објавата на мрежата на веб страница ќе можат да се јават и меѓународни железнички превозници и достават барање за доделување на инфраструктурни капацитети. Пристапот кон железничката инфраструктура ќе се дополнува со давање на додатни услуги кон минималниот пакет на услуги за железничкиот превозник. Либерализацијата на пазарот ќе продолжи и понатаму со создавање на поповолни услови за барателите.

*Обврски за услуги од јавен интерес:* Ќе се продолжи со утврдување кои линии ќе бидат од интерес на Државата да ги оперира, да се обезбедуваат средства во Буџетот на Република Македонија/ Буџетите на ЕЛС за 2010 и 2011 година кои ќе ги компензираат трошоците.

*Техничките и безбедносни услови и инеропера*б*илноста*

Техничките и безбедносни услови и инеропера*б*илноста, во 2010 година ќе се надградуваат согласно иновациите и нивното имплементирање во железничкиот систем на Европската унија. Железничкиот систем ќе се модернизира преку модернизација и реконструкција на железничката инфраструктура и обнова на возниот парк на железничкио превозник, се со цел давањето на услуги да се подигне на повисоко ниво.

*Превоз на опасни материи*
Превозот на опасни материи ќе се одвива и понатаму согласно правилата за превоз на опасни материи по железница. Секоја промена на Директивите на ЕУ ќе се разгледуваат дополнително и ќе се имплементираат за да се безбедно одвива превозот на опасни материи. Исто така будно ќе се надгледуваат промените за исполнување на железничките возила кои се користат за превозот на опасни материи. Новите материјали кои ќе бидат наменети за изработка на возилата за превоз на опасни материи согласно директивите ќе бидат имплементирани.

*Агенција за регулирање на пазарот на железнички услуги*
Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги и ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник.

*Финансирање на железницата*
Дел од финансирањето секоја година се предвидува од Буџетот на Република Македонија. Се очекува и заемот за Проектот Реформа на железницата да се пролонгира и истиот се реализира до крајот на вториот квартал од 2010 година. Со Оперативната програма за ИПА компонента 3 предвидени се изготвувања на студии за изводливост и за оценка на влијанието на животната средина за двата коридора кои поминуваат низ Република Македонија. Во Буџетот на Република Македонија за 2010 година се предвидува средствата да се префрлаат на сметка на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје, а Министерството за транспорт и врски ќе игра улога на надзорен орган со проверки и увид на терен дали средствата се трошат по однапред предвидената и усвоена динамика за реализација на работите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за следење на законските прописи од оваа област. Во овој период капацитетите на Секторот за железници ќе се зајакнат со вработување на нови лица.

Потребно е да се изврши екипирање на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги, согласно актот за Систематизација на работни места.

*Странска поддршка*
Проект од Светска Банка за Реформа на железницата бр.83499 е во фаза на имлементација. Светската Банка од една страна и Министерство за финании и двете ново формирани компании ЈП Македонски Железници Инфраструктура и Македонски Железници Транспорт А.Д. од друга страна ги потпишаа двата Договори за заем и Договор за гаранција, по поделбата на компаниите и тоа: Изменет и дополнет Договор за заем - ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје; Изменет и дополнет Договор за заем - МЖ Транспорт АД - Скопје; Изменет и дополнет Договор за гаранција -ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје; Изменет и дополнет Договор за гаранција - МЖ Транспорт АД – Скопје. Изменетите и дополнети Договори се потпишаа во месец февруари 2008 година.
Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформа во железницата, кој се склучи меѓу ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој (“Сл. весник на РМ” бр. 17/08) го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од истиот во износ од 5.970.000 евра, Компоненти на проектот се:

- ***Компонента 1:*** Опфаќа студии, финансов ревизор и обуки
- ***Компонента 2:*** Социјално ублажување (0,125 мил.евра)
- ***Компонента 4:*** Набавки на машини, алати, материјали за одржување на инфраструктурата, компјутери и др.

Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформа во железницата, кој се склучи меѓу МЖ Транспорт АД – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој (“Сл. весник на РМ” бр. 17/08) го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од истиот во износ од 9.030.000 евра. Компоненти на проектот се:

- ***Компонента 1:*** Опфаќа студии, финансов ревизор и обуки
- ***Компонента 2:*** Социјално ублажување (0,125 мил.евра)
- ***Компонента 3:*** Набавки на дел од возен парк, компјутери

Проектот се планира да заврши до 2009 година, но по утврдената динамика можно е да се пролонгира за дополнителни 6 месеци и заврши до крајот на месец мај 2010 година.

## 3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Внатрешната пловидба во Република Македонија опфаќа пловидба на природните и вештачки езера и пловидба на еден канал. Пловидбата единствено се одвива за туристички цели и за спорт и рекреација. Превоз на стоки и опасни материи не се одвива.

Во моментов не се одвива меѓудржавна и меѓународна пловидба, иако заради граничењето на природите езера со други држави (Република Албанија и Република Грција) во иднина постои можност да се реализира ваква пловидба.

Во Република Македонија денес има едно пристаниште за внатрешна пловидба, во Охрид.
Со цел целосно заокружување на ргулативата од оваа област со примена на ЕУ стандардите во регулирањето на безбедноста во внатрешната пловидба, а во согласност со овластувањата дадени во Законот за внатрешната пловидба во 2008 година се донесе: Правилник за правилата, сигналите и ознаките за безбедна и уредна пловидба на пловните патишта на внатрешните води (*"Службен весник на Република Македонија бр.27/2008 ")*. При изготвување на правилникот и прилозите како составен дел на истиот користени и имплементирани се:

- Европските правила на внатрешните пловни патишта, прифатени од ЕЕК ООН – Резолуција бр.24 од 15.11.1985 година;
- Европските правила за обележување на внатрешните пловни патишта SIGNI, прифатени од ООН – Резолуција бр.58 од 2005 година;
- Европскиот код за внатрешни пловни патишта SEVNI, прифатени од ООН – Резолуција бр.24 од 2002 година.

Во 2008 година согласно овластувања дадени во законот за внатрешната пловидба се донесоа уште пет подзаконски акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба се Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата – орган во состав на Министерството за транспорт и врски. Во рамките на Капетанијата на пристаништата постои едно одделение со вработено седум лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2009 година ќе се донесат следните два подзаконски акти:

- Правилник за планот и програмата за стекнување звање и стекнување овластување, начинот на полагање на испит за стекнување звање и овластување, образецот и содржината на уверението за стекнатото звање и овластување за член на екипаж на брод и
- Правилник за бројот и составот на членовите на екипаж за безбедна пловидба на бродовите во внатрешната пловидба.

Со овие два подзаконски акти ќе се изврши транспонирање на Директивата 91/672/ЕЕЗ, која предвидува признавање исправи за оспособеност на заповедникот на бродот согласно прописите на земјите членки на Европската Унија и Директива 95/50/ЕЗ со која се пропишуваат условите за начинот на утврдување на здравствената способност на член на екипаж на брод.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За 2009 година е предвидена реконструкција на пристаништето во Охрид, и набавка на еден пловен објект за потребите на Капетанијата на пристаништата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Приоритет во имплементирањето на националното законодавство со законодавството на Европската Унија во овој период ќе биде даден на усогласувањето на техничките барања за способност за пловидба на пловните објекти во постапката на стандардизацијата со европските критериуми за пловните објекти со транспонирање на директивата 2006/87/ЕЗ и воведување исправи и книги што мораат да се наоѓаат на пловниот објект и воведувањето на уписен лист наместо бродско свидителство, со транспонирање на директивата 76/135/ЕЕЗ;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се зајакнат капацитетите на Капетанијата на пристаништата со нови вработувања

## 3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Законот за железници (Службен весник на РМ бр. 58/07) и Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 55/07) се вградени одредби со кои се регулираат односите помеѓу страните вклучени во вршењето на комбиниран превоз на стоки.

Во Националната транспортна стратегија на Република Македонија (2007-2017) е предвидено да се создадат услови за превоз на стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа. Исто така е предвидено промовирање на:

- ефикасни сервиси од системот "од врата до врата",
- најнови достигнувања во ЕУ во однос на стандардизација и хармонизација на товарните мултимодални единици,
- образование и обука кои ќе се фокусираат во насока на оперативни, маркетиншки, финансиски, економски и конкурентни односи помеѓу транспортните видови и нивна примена во мултимодалниот транспорт.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Воведување на политика за пренасочување на товарот и патниците од патиштата кон транспортните видови кои не се штетни за животната средина.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До 2011 година се предвидува стандардизација и хармонизација на мултимодалните товарни единици со промоција на европската интермодална товарна единица .

До 2014 година се предвидува изградба на мутимодални јазли на можни локации во државата врз основа на претходна студија за издржливост.

## 3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закони**

**Закон за воздухопловство**

Со Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.14/06) се уредуват условите и начинот на вршење на дејностите од областа на воздухопловството во Република Македонија. Подзаконските акти предвидени со овој Закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL. Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските акти вршат само упатување се сметаат за прифатени и директно се применуваат. Овој закон дава основа за транспонирање на ЕУ мерки во подзаконските акти.

Законот за воздухопловство е усогласен и обезбедува примена во пракса на меѓународните договори од јавно правен карактер на кои Република Македонија е потписник.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство**

Во февруари 2007 година е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.24/07). Измените и дополнувањата ги отстранија пречките за трансформација на Управата за цивилна воздушна пловидба, ги допрецизираа изворите на финансирање на новата Агенција за цивилно воздухопловство, и извршија усогласување со одредбите од Законот за прекршоци и усогласување со меѓународните регулативи и стандарди.

**Закон за дополнување на Законот за воздухопловство**

Во август 2008 година е донесен Закон за дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.103/08). Дополнувањата се во насока на регулирање на аеродромските такси (на пример: надоместок за патници, за безбедност и надоместок за слетување) во смисла дека аеродромските такси може да бидат поставени од страна на операторот на аеродромот, но мора да бидат одобрени од Владата на Република Македонија пред да стапат во сила.

**Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај**

Во јули 2008 година е донесен Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр.85/08). Со овој закон се регулираат прашањата поврзани со приватното право во доменот на

воздухопловството, во однос на договорот за превоз, т.е. авиокартата за превоз на патници, одговорноста на авиопревозниците што произлегува од договорот за превоз, надоместување на штета, осигурување и сл. Овој закон е усогласен со следниве ЕУ мерки: 31992R2409; 31997R2027, 32002R0889, 32004R0261, 32005R2111, 32004R0785, 31989R2299 и 31999R0323.

**Мултилатерална спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ЕСАА)**
Во февруари 2007 година Собранието на Република Македонија ја ратификува Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ЕСАА), потпишана на 9.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.27/07). Нејзина цел е креирање унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина на целата територија на европскиот континент.

**Спогодба помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај, тн. „Хоризонтална спогодба"**
Во декември 2006 година Собранието на Република Македонија ја ратификува Хоризонталната спогодба, потпишана на 9.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.127/06). Нејзина цел е измена или дополнување на некои одредби од билатералните спогодби за редовен воздушен сообраќај кои Република Македонија ги има склучено со земји членки на ЕУ со цел истите да бидат усогласени со законодавството на ЕЗ и на тој начин да се одбегне дискриминацијата во воздушниот сообраќај во однос на другите земји членки на ЕЗ.

**Подзаконски акти**
**Подзаконски акти на Законот за воздухопловство**
Во тек е изработка на подзаконски акти на новиот Закон за воздухопловство. Во тој контекст веќе се транспонирани осум регулативи и директиви на ЕУ согласно обврските од Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област: 31989L0391, 32003L0088, 32000L0079, 31990L0314, 31992L0059, 31993L0013, 31995L0046 и 32003R2042 и истите се внесени во законодавната листа во НПАА матрицата.
.
**Концесија на аеродромите „Александар Велики" – Скопје, аеродромот „Св.Апостол Павле" – Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип**
Владата на Република Македонија ја почна постапката за доделување на концесија за изградба, реконструкција и користење на двата аеродрома во Република Македонија („Александар Велики" – Скопје и „Св.Павле Апостол" – Охрид), како и за изградба на нов карго аеродром во Штип, со донесување на Одлука („Службен весник на РМ" бр.39/08). Претходно, Владата донесе Одлука за престанок и давање на користење на недвижни ствари („Службен весник на РМ" бр.23/08). Со оваа Одлука досегашниот корисник на недвижните ствари (Агенцијата за цивилно воздухопловство) дава дел од недвижните ствари на користење на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија" – Скопје на неопределено време, без надоместок.

Во овој контекст, превземени се активности во рамки на фаза I „Тендерска постапка за концесионирање на аеродромите во Република Македонија" и фаза II „Барање за понуда", од постапката за доделување на концесија за градба, реконструкција и користење на аеродромот „Александар Велики" – Скопје, аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип.

На 29.08.2008 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за избор на концесионер во постапката за давање на концесија за аеродромите „Александар Велики" – Скопје и „Св.Павле Апостол" – Охрид, и за изградба на нов карго аеродром во Штип („Службен весник на РМ" бр.108/08).

На 24.09.2008 година беше потпишан Договор за концесија помеѓу Владата на Република Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија" ДООЕЛ Скопје, како концесионер, за период од 20 години.
На 25.12.2008 година Владата на Република Македонија донесе заклучок за продолжување на рокот за влегување во сила (ефективниот датум) на Договорот за концесија за развој, финансирање, користење и одржување на аеродромите „Александар Велики" – Скопје, „Св. Апостол Павле" – Охрид и новиот карго-аеродром во Штип, склучен на 24.09.2008 година помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Министерот за транспорт и врски и TAV Havalimanları Holding A.Ş. и ТАВ Македонија, ДООЕЛ Скопје.

Согласно со новиот рок TAV (TAV Havalimanları Holding A.Ş. и ТАВ Македонија, ДООЕЛ Скопје) ќе започне со оперирање (користење) и инвестирање во аеродромскиот систем во Република Македонија на 31.08.2009 година.

**Стратешки документи**
**Национална воздухопловна политика на Република Македонија**

Во април 2007 година Владата на Република Македонија ја усвои Националната воздухопловна политика на Република Македонија, која претставува главна основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети на Република Македонија во областа на воздухопловството и е ориентирана кон реализирање на приоритетите во секоја од областите дефинирани во Спогодбата за создавање на Европска заедничка воздухопловна област (Спогодба за ЕЗВО), и тоа: безбедност, услуги на воздухопловна навигација, инфраструктура, сигурност, заштита на животната средина, заштита на правата на потрошувачите, конкуренција и останати области поврзани со воздухопловството во Република Македонија.

**Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија**

Во јули 2007 година Владата на Република Македонија ја усвои Националната стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија, со која се даваат насоки за: модернизирање и оптимизирање на идната организациона структура на националниот воздухопловен сектор, исполнување на високите меѓународни стандарди за безбедност и сигурност, подобрување на воздухопловната инфраструктура, одржливост на животната средина во услови на пораст на обемот на воздушниот сообраќај и транспорт, управување со воздушниот простор согласно принципот Единствено европско небо, либерализација на услугите во воздушниот транспорт, како и мерките за заштита на постоечките и новите корисници на услугите во воздушниот транспорт во Република Македонија.

Рокот на важност на Стратегијата е 5 (пет) години со проекција за следните 5 години. Стратегијата ќе се ревидира и ажурира двапати годишно во текот на првите 5 години од имплементацијата. Потоа Стратегијата ќе се ревидира и ажурира еднаш годишно.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски**

Согласно член 6 од Законот за воздухопловство, Министерството за транспорт и врски е надлежно за работите од областа на воздухопловство и тоа: ја подготвува националната стратегија за развој на воздухопловството; ја реализира политиката на Владата во Република Македонија во областа на воздухопловството; ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија при доделување на концесии од областа на воздухопловството; предлага закони од областа на воздухопловството и подготвува и донесува подзаконски акти; врши надзор над работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство; спроведува постапка за привремено ставање на концесија под привремена принудна управа (секвестар).

Во Министерството за транспорт и врски овие работи ги врши Секторот за воздухопловство. Согласно новиот Правилник за систематизација  на работните места на Министерството за транспорт и врски, Секторот за воздухопловство се состои од две одделенија: Одделение за воздухопловна политика и Одделение за безбедност и воздухопловни стандарди. Наместо досегашните систематизирани десет (10) работни места сега предвидени се дванаесет (12). Во моментов, во Секторот има седум (7) вработени, од кои четири (4) се во редовен работен однос и три (3) со Договор за вработување преку Агенцијата за привремени вработувања. Завршувањето на процесот на кадровско екипирање на Секторот за воздухопловсто е од пресудно значење за целосно, навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на надлежностите на Министерството во областа на воздухопловството.

**Агенција за цивилно воздухопловство**

Согласно член 7 став 2 од Законот за воздухопловство, Агенцијата за цивилно воздухопловство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Надлежностите на АЦВ се утврдени во став 3 од истиот член.

Трансформацијата на АЦВ е обврска која произлегува од член 193 од Законот за воздухопловство. Како резултат на тоа, секторот во АЦВ надлежен за контрола на летање ќе се издвои како посебно Акционерско друштво во државна сопственост, со дејност „давање услуги на воздухопловна навигација“. Наспроти тоа, пак, АЦВ ќе ги задржи регулаторните функции на воздухопловна власт во воздухопловството.

Во таа насока, Владата на Република Македонија ги донесе следниве акти:

- Информација во врска со постапката за спроведувањето на Делбениот биланс за поделба на основните средства, имотот, правата и обврските помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство и Давателот на услуги на воздухопловна навигација (139-та седница од 23.03.2008 година),
- Делбен биланс за поделба на основните средства, имотот, правата и обврските помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство и Давателот на услуги на воздухопловна навигација (139-та седница од 23.03.2008 година),
- Одлука бр.19-4602/1 од 16.10.2008 година за отпочнување на постапка за основање на акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на РМ”бр.133/08).
- Статут на акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација бр.19-4602/1 од 28.10.2008 година („Службен весник на РМ” бр.139/08).

За финализирање на трансформацијата на АЦВ, претстои формирање на органите на управување на друштвото и негова регистрација во Централниот регистар на Република Македонија.

Агенцијата за цивилно воздухопловство по сепарацијата на давателот на услуги на воздухопловна навигација, согласно препораките на ЕУ, JAA, EACA и ЕУРОКОНТРОЛ треба да биде финансиски независен орган.

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ – Скопје**
Трансформацијата на ЈПАУ „Македонија” – Скопје во Акционерско друштво во државна сопственост е обврска која произлегува од членовите 81 и 196 од Законот за воздухопловство, а врз основа на член 4 од Законот за јавни претпријатија, како и Законот за трговски друштва.

Во таа насока, Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.02.2008 година ги донесе следниве акти: Одлука за преобразба на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“- Скопје во Акционерско друштво во државна сопственост („Службен весник на РМ“ бр.35/08) и Статут на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ во државна сопственост („Службен весник на РМ“ бр.35/08).
Со Одлука бр.33-3555/1 од 12.07.2008 година избрани се членови на Надзорниот одбор на АД за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ – во државна сопственост. Со Одлука на Надзорниот одбор бр.02-934/3 од 20.08.2008 година избрани се членови на Управниот одбор на АД за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ – во државна сопственост.

Новото Акционерско друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ – во државна сопственост е регистрирано во Централниот регистар на Репубика Македонија на 22.08.2008 година.

**Комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството**
Согласно член 166 од Законот за воздухопловство во септември 2006 година е формирана Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти. Оваа Комисија ги испитува несреќите и сериозните инциденти на воздухоплови или падобрани во воздушниот простор на Република Македонија и е самостојна во својата работа. Има постојан член именуван од Владата на Република Македонија и променлив состав чии членови, во случај на несреќа или сериозен инцидент на воздухоплов или падобран, ги именува министерот за транспорт и врски од листата на воздухопловни стручњаци, во зависност од типот на воздухопловот за кој се работи.

**Национален комитет за воздухопловна безбедност**
Со Одлука на Владата на Република Македонија бр.19-4087/1 од 18.11.2005 година формиран е Национален комитет за воздухопловна безбедност. Со Решение од 22.10.2008 година на директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство именувани се членовите на Националниот комитет за воздухопловна безбедност. Национален координатор за воздухопловна безбедност е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Комитетот работи како постојан комитет за координација на сите дејности за обезбедување од сите дејствија на незаконско постапување во воздухопловството. Задача на Комитетот е превземање на превентивни мерки, организирано постапување и отстранување на последиците од дејствијата насочени против безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај.

Во работата на Комитетот учествуваат претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии (Царинската управа), аеродромските оператори, авиопревозниците и давателот на услуги на воздухопловна навигација.

## СТРАНСКА ПОМОШ

**Проект „Техничка помош за транспорт и менаџмент“ (CARDS 2005)**
Проектот „Техничка помош за транспорт и менаџмент“ требаше да заврши на 15.09.2007 година. Меѓутоа, со оглед на фактот дека одреден број проектни задачи не беа реализирани во рамките на предвиденото времетраење на Проектот, Европската агенција за реконструкција, под чија управа е Проектот, го продолжи неговото времетраење до 15.03.2008 година, со цел целосно реализирање на нереализираните проектни активности, а имајќи ја предвид нивната важност за процесот на воспоставување и зајакнување на капацитетите на Министерството за транспорт и врски при реализација на надлежностите во областа на воздухопловството.

**TAIEX (Technical Assistance Information Exchange Instrument)**
Во периодот од 17-18.12.2007 година во Скопје престојуваше TAIEX експерт за распределба на воздушни патишта (TAIEX - Expert Mission on Air Route Distribution). На обуката учествуваа вработени од Секторот за воздухопловство при Министерството за транспорт и врски, Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ - Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Во периодот од 12-16.05.2008 година во Скопје престојуваше TAIEX експерт за воздухопловна безбедност. На обуката учествуваа вработени од Секторот за воздухоплство при Министерството за транспорт и врски, Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ - Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Закони**
**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство**
Изработката на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство е во финална фаза. Донесувањето на овој закон е во насока на подобрување на квалитетот на Законот за воздухопловство и усогласување на состојбите во правец на обврските и ЕУ правилата превземени со Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (Спогодба за ЕЗВО), ратификувана и објавена во „Службен весник на РМ” бр.27/2007, како и постапување согласно препораките содржани во Извештаите на Мисијата на ЕУ за извршените проценки на имплементацијата на Спогодбата за ЕЗВО. Со овие измени и дополнувања, состојбата поврзана со воспоставување на слобода на пристап на пазарот на аеродромски услуги е регулирана согласно ЕУ Директивата 96/67, со што е овозможено самостојното вршење на аеродромски услуги. Исто така, испитувањето на воздухопловни несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани, и потрага и спасување на воздухоплов е регулирано согласно ЕУ Директивата 94/56 за основните принципи за испитување на несреќи и сериозни инциденти во цивилното воздухопловство, како и ЕУ Директивата 2003/42 за известување на настани во цивилното воздухопловство и се формира независно тело за нивно испитување. Понатаму, се уредува работното време на мобилни работници во воздухопловството и нивното право на бесплати медицински прегледи согласно ЕУ Директивата 2000/79. Исто така, со измените и дополнувањата се допрецизираат одредени членови и се усогласуваат со меѓународните регулативи и стандарди како и прописите на ЕУ.

**Подзаконски акти**
**Подзаконски акти на Законот за воздухопловството**
До крајот на 2009 година ќе се донесат останатите подзаконски акти кои ќе произлезат од Законот за воздухопловство и ќе ги транспонираат ЕУ мерките од ECAA спогодбата.
Во последниот квартал на 2009 година се планира да се донесат и оние подзаконски акти кои регулираат одредени аспекти на воздухопловството, а се засноваат врз одредби од други закони.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Кадровско екипирање на Секторот за воздухопловство**
Предвидено е зајакнување на Секторот за воздухопловство преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за следење на прописите од оваа област. Завршувањето на процесот на кадровско екипирање на Секторот за воздухопловсто е од пресудно значење за целосно, навремено, квалитетно и ефикасно реализирање на надлежностите на Министерството во областа на воздухопловството.
Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за воздухопловство потребно е да се вработат уште 5 (пет) лица. Во текот на 2009 година планирано е вработување на 3 (три) лица.

**Кадровско екипирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство**
Согласно акционите планови доставени до меѓународните воздухопловни организации потребно е кадрово зајакнување на Агенцијата со најмалку 13 луѓе кои ќе бидат стручен воздухопловен кадар и тоа: 1 (еден) сообраќаен пилот со АТПЛ дозвола, 2 (двајца) комерцијални пилоти со ЦПЛ дозвола, 2 (двајца) контролори на летање, 1 (еден) воздухопловен инженер за контрола на летање, 1 (еден) хемиски инженер за опасни материи, 1 (еден) воздухопловен машински инженер со АМС дозвола, 2 (двајца) воздухопловни електро инженери со ИРЕ дозвола и 3 (тројца) воздухопловно-сообраќајни инженери за прифат и отпрема на патници во текот на 2009 година.

**Акционерско друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ - Скопје**
**Концесија на аеродромите „Александар Велики“ – Скопје, аеродромот „Св.Апостол Павле“ – Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип**
На 24.09.2008 година беше потпишан Договор за концесија помеѓу Владата на Република Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ Скопје, како концесионер, за период од 20 години.

Предмет на концесијата е изградба, реконструкција и користење на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје, аеродромот „Св.Апостол Павле“ - Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип.

Согласно член 5 од Одлуката за избор на концесионер во постапката за давање на концесија на аеродромите „Александар Велики“ – Скопје, аеродромот „Св.Апостол Павле“ – Охрид и за изградба на нов карго аеродром во Штип

(„Службен весник на РМ“ бр.108/08), Министерството за транспорт и врски треба да врши постојан и редовен надзор на начинот на вршењето на концесиската дејност и реализацијата на Договорот за концесија.

За таа цел, Министерството ќе ангажира консултантски тим во времетраење од 3 години, за вршење на постојан и редовен надзор на начинот на вршењето на концесиската дејност и реализацијата на Договорот за концесија. Во тек на своето работење, консултантскиот тим треба редовно да ја известува Владата на Република Македонија за степенот на реализација на меѓусебни обврски предвидени во Договорот за концесија, и особено за степенот на реализација на обврските на Концесионерот.
На **аеродромот „Александар Велики“ во Скопје** во рок од 20 месеци концесионерот „ТАВ“ се очекува да изгради нова терминална зграда, да се продолжи полетно-слетната патека, да се изгради паркинг за автомобили, пристапен пат, заедно со нова клучка, да се изврши инсталирање на системите за земска навигација, да се изгради потребната комунална инфраструктура, да се изврши доградба на административната зграда, нов карго терминал, нова противпожарна станица и нов паркинг за воздухоплови.
На **аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид** во рок од 12 месеци се предвидува реконструирање на постоечкиот паркинг, реновирање на објектите во карго центарот, изградба на ВИП објект, пречистителна станица, реконструкција на постоечката административна зграда, набавка на нови патролни и противпожарни возила, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди.
Интенцијата за **изградба на новиот карго-аеродром во Штип** во рок од 36 месеци е да функционира како алтернативен аеродром за потребите на цивилната авијација со можност во иднина да прерасне во главен аеродром во Република Македонија. На карго-аеродромот се предвидува изградба на полетно-слетна патека, нова терминална зграда, два хангари за увоз и извоз, два хангари за гаражирање на воздухоплови, изградба на административни објекти, паркинг за возила, изградба на потребната комунална инфраструктура, набавка на патролни и противпожарни возила со цел оптимално функционирање, како и набавка на целокупната потребна опрема за работа според меѓународните стандарди.

**Концесии на леталиштата за стопанска авијација**
Владата на Република Македонија со Одлука за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари-леталишта од Агенцијата за цивилно воздухопловство на единиците на локалната самоуправа бр.19-5066/1 од 28.10.2008 година ги одзема од користење од Агенцијата за цивилно воздухопловство леталиштата за стопанска авијација и ги доделува на времено користење за период од 12 месеци на соодветните единици за локална самоуправа.
Со цел да се обезбеди развој на стопанската и спортската авијација во Република Македонија, а заради задржување на нивната функција и овозможување на развој на воздухопловството, потребно е леталиштата да се дадат под концесија на воздухопловните субјекти.

**Комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството**
Со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, со Предлог на закон (кој е во финална фаза), одредбите на Законот за воздухопловство кои се однесуваат на испитувањето на воздухопловните несреќи, сериозните инциденти, инциденти и настани се усогласени со ЕУ Директивата 94/56 за основните принципи за испитување на несреќи и сериозни инциденти во цивилното воздухопловство, како и ЕУ Директивата 2003/42 за известување на настани во цивилното воздухопловство. Исто така, за спроведување на техничката истрага на воздухопловни несреќи и инциденти од страна на Владата на Република Македонија, се планира да се формира независно истражно тело.

**Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај**
Врз основа на член 86 став 4 од Законот за воздухопловство, Владата на Република Македонија на 07.10.2008 година донесе Национална програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај.
Согласно оваа Програма и стандардите од Анекс 9 кон Чикашката конвенција, потребно е формирање на Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај кој ќе се состои од претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за цивилно воздухопловство, давателот на услуги на воздухопловна навифгација, Царинска управа, оператори на воздухопловни пристаништа, даватели на аеродромски услуги и авиопревозници.
Комитетот ќе биде надлежен за преземање на мерки за олеснување на прифаќањето, престојот и испраќањето на воздухоплови, патници, багаж, стока, пошта и др.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
**Регионален проект за воздухопловство за имплементација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО (CARDS 2006)**
Регионалниот Проект за воздухопловство за имплементација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО претставува Проект за поддршка на имплементацијата на Спогодбата за ЕЗВО.

Цел на Проектот е обезбедување на поддршка и помош на земјите корисници на овој проект во имплементацијата на ЕУ регулативите од Спогодбата за ЕЗВО, како и техничка експерти за потребна за исполнување на обврските од Спогодбата. Земји корисници на овој Проект се: Република Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина и Албанија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Национален координатор за алоцирање на слотови за полетување и слетување**
Согласно член 84 став 2 од Законот за воздухопловство е предвидено донесување на подзаконски акт на Владата на Република Македонија која треба да предвиди номинирање на независен координатор за алокација на слотови со цел усогласување со ЕУ прописите.
Независен национален координатор за алокација на слотови ќе биде назначен само ако протокот на патници на аеродромот/-ите надмине 1.000.000 на годишно ниво и доколку истовремено се појави континуиран недостаток на капацитети за опслуга. Се дотогаш, доделувањето на слотови ќе се врши преку олеснувач на распоред.

**Организација во Функционални блокови на воздушен простор (FAB) и Флексибилно користење на воздушиот простор (FUA)**
До крајот на 2009 треба да се воспостават и одржуваат механизми за координација на трите стратешки нивоа пропишани со принципот на флексибилно користење на воздушиот простор (FUA).
До крајот на 2013 година се планира да бидат завршени иницијативите и преговорите на Република Македонија околу одлучувањето со кои соседни земји ќе се склучи спогодба за организирање на FAB и ќе се реорганизира националниот воздушен простор согласно воспоставениот FAB.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
**Регионален проект за воздухопловство за имплементација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО (CARDS 2006)**
Регионалниот Проект за воздухопловство за имплементација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО претставува Проект за поддршка на имплементацијата на Спогодбата за ЕЗВО.

Цел на Проектот е обезбедување на поддршка и помош на земјите корисници на овој проект во имплементацијата на ЕУ регулативите од Спогодбата за ЕЗВО, како и техничка експерти за потребна за исполнување на обврските од Спогодбата.

Земји корисници на овој Проект се: Република Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина и Албанија.

### 3.14.6 ДРЖАВНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за државна помош (Службен весник на РМ бр. 24/03 и 70/06), како и подзаконските акти донесени врз основа на законот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежна институција за надзор и контрола на државната помош е Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно Сектор за државна помош во рамки на истата.

Министерството за транспорт и врски во текот на 2008 година побара мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата, а во врска со набавката на автобуси за градски превоз на патници наменети за Јавното сообраќајно претпријатие “Скопје“ од Скопје со средстав од Буџетот на Република Македонија во износ од 490.000.000,00 денари.
Согласно прописите и добиеното мислење од комисијата, се работи за компатибилна помош која е од општ економски интерес и нема потреба да биде пријавена и одобрена од Европската Комисија.

## 3.15 ЕНЕРГИЈА

### 3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ПРИ СНАБДУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Стратегијата за развој на енергетиката ќе се утврдат долгорочните цели за развој на поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со енергија. По објавениот јавен повик за избор на консултант за изработка на Стратегијата и спроведување на постапката за избор на најповолен понудувач, Министерството за економија потпиша Договор со Македонската академија на науките и уметностите за изготвување на предметната Стратегија.Рокот за изготвување на стратегијата е шест месеци од денот на потпишување на Договорот. На почетокот на јануари 2009 година МАНУ достави драфт финален текст на предметната Стратегија. Пос проведување на јавна расправа Стратегијата ке биде донесена од страна на Владата на Република Македонија до крајот на месец март 2009 година.

Во месец декември 2008 година се објави меѓународен јавен повик за пројавување на интерес за учество во постапка на претквалификација за изградба на ХЕЦ "Чебрен" и ХЕЦ "Галиште". Изградбата на двете хидроелектрични централи се предвидува дека ќе трае 8 години.

На 6 јуни 2007 година Министерството за економија објави меѓународен јавен конкурс за пројавување интерес за претквалификација за доделување на концесија за изградба на ХЕЦ ,,Бошков мост", чија изградба ќе биде со концесија по моделот БОТ (изградба, управување, трансфер). Квалификуваните компании на 22 октомври 2008 година беа повикани да откупат тендерска документација. Крајниот рок за доставување на понуди е 11 февруари 2009 година.

За реализација на овој проект АД ЕЛЕМ на 19 септември 2008 година објави меѓународен јавен повик за финансирање, изградба и работно користење на комбинирана гасна електрана "Енергетика" како партнер во заедничко вложување со АД ЕЛЕМ. Оваа електрана се предвидува да има инсталирана моќност од 300 МВт за производство на електрична енергија и 150 МВт за производство на топлинска енергија. Очекуваното годишно производство на електрична енергија ќе изнесува 2000 ГВтч а на топлинска 500 ГВтч. Вкупната инвестициона вредност ќе изнесува околу 250 мил. Евра. Заинтересираните потенцијални инвеститори за овој проект понудите треба да ги достават најдоцна до 21 јануари 2009 година по што ќе следи евалуација на истите и избор на најповолен понудувач.

Во декември 2008 година се се пушти во работа 400 kV интерконективна врска помеѓу електроенергетските системи на Република Македонија и Република Бугарија (Штип – Црвена Могила), со која се овозможува доверлива и сигурна работа на двата електроенергетски системи.

Владата на Република Македонија одобри државна гаранција во висина од 11 милиони Евра за изградба на далекуводот Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија), при што 3 милиони Евра ќе бидат сопствени средства на АД МЕПСО. За таа цел АД МЕПСО, до сите меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори ги достави условите за предвидениот кредит. Како најдобар понудувач избрана е Светска Банка. Должината на овој далекувод на македонскиот дел изнесува 70 км.

На 27 октомври 2008 година Министерството за економија објави меѓународен оглас за пројавување на интерес за учество во претквалификација за изградба, управување и трансфер на 12 хидроелектрични централи по течението на реката Вардар по моделот на концесија. 12 хидроелектрични централи имаат вкупна инсталирана моќност околу 325 MW, годишно производство од околу 1050 GWh и вкупна инвестициона вредност од околу 1.2 милијарди Евра. Огласот за претквалификација трае до 16 март 2009 година.

Со цел за натамошен развој на гасоводниот систем во Република Македонија на 3 септември 2008 година објавен е оглас за изработка на Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект. Во студијата ќе се дадат технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години. Со изготвувањето на Физибилити студијата ќе се дефинираат стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација.

Согласно активностите поврзани со Договорот, на 18 декември 2007 година во Белград, Република Србија, се одржа Третата министерска конференција на која министрите на земјите потписнички на Договорот донесоа одлука со која во законодавството на земјите потписнички на истиот најдоцна до 31 декември 2009 година треба да се имплементираат: Директивата 2005/89/ЕС во врска со мерките за обезбедување на безбедност во снабдувањето со електрична енергија и

инфраструктурни инвестиции (Directive 2005/89/EC concerning measures to safeguard security of electricity supply and infrastructure investment), Директивата 2004/67/ЕС во врска со мерките за обезбедување на безбедност во снабдувањето со природен гас (Directive 2004/67/EC concerning measures to safeguard security of natural gas supply).

Во Република Македонија во моментов надлежна институција за менаџирање на резервите на нафта и нафтени деривати е **Бирото за стоковни резерви**.

Со цел порационално и поефиокасно управување со стоковните резерви на нафта и нафтени деривати, како и усогласување со Европското законодавство, во 2008 година е донесен Закон за формирање на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, која ќе почне со работа во јануари 2009 година. Средствата за нејзиното функционирање во првите 6 месеци се обезбедени од Буџетот на РМ, а во наредниот период ќе се финансира од сопствени приходи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** во кој постојано се вработени 11 лица, 2 лица се со договор на определено време.

За вршење на управните, стручните и други работи во врска со стоковните резерви е формирано Биро за стоковни резерви како орган на државна управа со својство на правно лице, кое е во состав на Министерството за финансии. Бирото за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и пред Министерот за финансии. Бирото врши контрола над начинот на формирањето, чувањето, обновувањето, користењето, како и контрола на квалитетот и квантитетот на стоките од стоковните резерви. Средствата за финансирање на стоковните резерви се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од донации.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на месец март 2009 година се предвидува да се усвои Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија.

Во ноември 2009 година ќе се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за енергетика со цел да се имплементираат директивите за безбедност во снабдувањето како обврска од Договорот за основање на енергетска заедница.

На почетокот на 2009 година, на предлог на Министерството за економија Владата на Република Македонија ќе донесе акт во кој ќе се уредат критериумите и условите за прогласување на кризна состојба, како и начинот на снабдување со одделни видови на енергија во овие услови, правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности согласно со Законот за управување со кризи.

Во текот на 2009 година се очекува избор на најдобар понудувач за изградба на ХЕЦ "Бошков мост", како и објавување на два меѓународни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од 40 мали хидроелектрични централи.

Кон крајот на 2009 година се очекува да отпочне изградбата на 400 kV интерконекција Штип (Р. Македонија) – Ниш (Р. Србија).

Во текот на 2009 година ќе се избере најдобар понудувач за изградба на комбинирата гасна термоелектрана топлана "Енергетика".

Во текот на 2009 година се очекува да се изработи Студијата за гасификација на Република Македонија и да се донесе одлука за правците на проширување на гасоводниот систем.

Со цел транспонирање на Директивите 68/414/ЕЕЗ и 98/93/ЕК во законската регулатива која се однесува на резервите на нафта и нафтени деривати, Собранието на Република Македонија во јули 2008 година ги донесе Законот за стоковните резерви („Службен весник на РМ" бр.84/08) и Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на РМ" бр.84/08).

Примената на овие закони започнува од средината на јануари 2009 година.

До средина на 2009 година треба да се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за стоковните резерви и Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009 година се планира вработувања на 5 нови лица во Секторот за енергетика, и тоа 1 во Одделението за инвестициони проекти во енергетиката, 1 во одделението за фосилни горива и 3 во Одделението за електроенергетика.

Со Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати се формира нова институција - Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, како носител на правата, обврските и одговорностите во работењето со задолжителните резерви, која започнува со работа најдоцна до средината на февруари 2009 година.
Во Дирекцијата е предвидено да работат 5 вработени (дел со превземање и дел со нови вработувања).
Финансирањето на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ќе биде од средства од надоместок кој ќе го плаќаат увозниците и/или производителите на нафтени деривати, за разлика од досегашниот начин на финансирање со средства од националниот буџет.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2010 и 2011 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемла безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката, како што следува:
400 кV интерконекција Битола (Р. Македонија) – Елбасан (Р. Албанија) –Италија и надградба на постојната 200 кV интерконекција Македонија –Косово на 400 kV напонско ниво.
Во 2010 година се предвидува да се објават меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.
Во делот на гасоводниот систем се предвидува отпочнување со реализација на изградбата на конкретни магистрални гасоводи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2010 година се планира вработувања на 4 нови лица во Секторот за енергетика при Министерството за економија, додека во 2011 година уште 3 нови вработувања.

### 3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

***Договорот за основање на енергетска заедница*** помеѓу земјите потписнички на Атинските меморандуми е потпишан на 25.10.2005 година. Договорот е ратификуван од седум земји потписници и стапи на сила на 01.07.2006 година. Договорот претставува правно обврзувачки документ кој на определбите од Меморандумите им даде значење на законска обврска.

Основните цели на Договорот се: (1) формирање на интегрирани пазари на електричнан енергија и природен гас во Југоисточна Европа, кои ќе функционираат според принципите и правилата применливи во рамки на пазарите во Европската Унија, со цел за идно интегрирање; (2) овозможување на стабилно, постојано и економично снабдување со енергија, како услуга од јавен интерес, од системите и изворите во соседството и висок ниво на пристап до таа енергија за сите потрошувачи; (3) создавање единствена правна и регулаторна рамка и стабилни пазарни односи за трговија со електрична енергија и природен гас на целиот простор во регионот со цел да се привлечат потребните инвестиции од приватниот сектор и да се создадат услови за одржлив развој; (4) развивање на конкуренцијата и ликвидноста на овие пазари и искористување на економијата на обем; и (5) подобрување на општата состојба на животната средина, енергетската ефикасност и социјалните услови во општеството кај земјите членки на Заедницата.
Во текот на 2008 година продолжи имплементацијата на Договорот за основање на енергетска заедница.

Пазарот на енергија во Република Македонија е уреден со ***Законот за енергетика*** („Службен весник на РМ“, бр.63/06, бр.36/07 и бр 106/08).

**I. ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **АД ЕЛЕМ** е регулиран производител на електрична енергија кој има обврска за обезбедување на јавна услуга и по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика склучува договор по регулирани цени и тарифи одобрени и објавени од Регулаторна комисија за енергетика

- Операторот на електроенергетскиот систем за обезбедување на системски услуги вклучувајќи ја и електричната енергија потребна за покривање на техничките загуби при трансформација и пренос на електрична енергија во количини одобрени од Регулаторната комисија за енергетика
- Снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало за испорака на моќност и електрична енергија за покривање на целокупните потреби на тарифните потрошувачи во обем кој што снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало одлучил да не го набавува на пазар не земајќи ги во предвид загубите на електрична енергија во преносниот и дистрибутивниот систем
- Операторот на дистрибутивниот систем за испорака на електрична енергија потребна за покривање на техничките загуби во текот на трансформација и дистрибуција на електрична енергија во количини одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.
- Регулираниот производител на електрична енергија за потребите на снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало, е должен да го обезбеди следното:
- потребните количини на електрична енергија од сопствените производни капацитети и доколку е потребно од други производители на електрична енергија и/или трговци со електрична енергија,
- потребен преносен капацитет и регулирани услуги.
- Регулираниот производител на електрична енергија може да склучува договори за продажба, или на друг начин да врши продажба на вишок на моќност и енергија по пазарни услови, на отворен транспарентен и не-дискриминаторен начин.

2. **АД МЕПСО -** Операторот на електропреносниот систем на Македонија, е сопственик на целокупната опрема за пренос на електрична енергија и врши одржување, планирање за проширување и изградба на преносната мрежа, потоа управување со електроенергетскиот систем, како и организирање и управување со пазарот на електрична енергија.
3. **АД ЕВН- Македонија** како снабдувач на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало купува моќност и електрична енергија, регулираниот производител на електрична енергија, други производители на електрична енергија, трговци со електрична енергија и од дистрибуираните производители на електрична енергија, како и потребен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, за потребите на тарифните потрошувачи на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа, по регулирани цени. Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало може да набави електрична моќност и енергија од други производители на електрична енергија и/или трговци со електрична енергија, само ако пазарните услови и цени се поповолни од условите и цените утврдени за регулираниот производител на електрична енергија, на јасно дефиниран транспарентен и недискриминаторен начин кој ќе гарантира еднаков пристап на сите домашни и странски правни лица. Оваа набавка треба да биде одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.
4. **Трговците со електрична енергија** купуваат електрична енергија заради продажба на квалификуваните потрошувачи, на регулираниот производител, на снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало или вршат функција на трговски посредник за купопродажба на електрична енергија во или надвор од земјата.
5. Во Република Македонија постојат два типа на **потрошувачи** на електрична енергија и тоа:

- Тарифни потрошувачи, односно потрошувачи кои купуваат електрична енергија по пропишани тарифни ставови за сопствени потреби;
- Квалификувани потрошувачи, односно потрошувачи кои слободно купуваат електрична енергија од трговец, независен производител на електрична енергија и од увоз по сопствен избор;

Во 2008 година, Министерството за економија формира работна група составена од повеќе институции со цел да се изнајде соодветно законско решение за формирање на берза на електрична енергија.

Согласно член 80 од Законот за енергетика, АД ЕВН Македонија, како оператор на дистрибутивниот систем на електрична енергија, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика, на 7 јули 2008 година ги донесе и објави **Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија** (Службен весник на Република Македонија бр. 83/2008).

На 31.12.2008 година АД МЕПСО како пазарен оператор достави нацрт текст на **Пазарните правила на електрична енергија** до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со новите измени на Законот за енергетика и новата улога на учесниците на пазарот на електрична енергија. Регулаторната комисија за енергетика ќе ги одобри Пазарните правила во првиот квартал на 2009 година.

На 31.12.2008 година АД МЕПСО како оператор на електроенергетскиот систем достави нацрт текст на **Измени и дополнувања на Мрежните правила за пренос на електрична енергија** до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со новите измени на Законот за енергетика и новата улога на учесниците на пазарот на електрична енергија.

Регулаторната комисија за енергетика ќе ги одобри овие измени на Мрежните правила за пренос на електирчна енергија во првиот квартал на 2009 година.

Од 1 јануари 2008 година почнаа да се применуваат **Решенија за прогласување на својство на кавлификуван потрошувач на електрична енергија** донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, со кои 9 потрошувачи на електрична енергија приклучени на преносната мрежа, и тоа: ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД – Скопје, ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, МАКСТИЛ АД – Скопје, ФЕНИ ИНДУСТРИ АД Кавадарци, СИЛМАК ДООЕЛ експорт-импорт с. Јегуновце – Тетово, БУЧИМ ДООЕЛ Радовиш, АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје и АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ХРМ) АД Скопје; стануваат квалификувани потрошувачи на електрична енергија. Со новите измени на Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија, бр. 106/08) Регулаторната комисија нема надлежности во однос на квалификуваните потрошувачи на електирчна енергија, односно Агенцијата за енергетика на Република Македонија води регистар на квалификуваните потрошувачи на електрична енергија.

На 20.05.2008 година, Регулаторната комисија за енергетика донесе **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на РМ, бр. 64/08)**, со кој се утврдува постапката за издавање на лиценца кога барањето за издавање на лиценцата е поднесено во согласност со членот 39 од Законот за енергетика, односно во случај кога вршителот на енергетската дејност се уште го нема изградено енергетскиот објект, а му е издадена одлука за овластување за негова изградба и одобрение за градење. Исто така овој Правилник ја утврдува процедурата за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.

Во текот на 2008 година Регулаторната комисија за енергетика донесе:
- 9 Одлуки за издавање на лиценци за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија;
- 1 Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност комбинирано производство на електрична и топлинска енергија на ТЕ-ТО АД Скопје;
- 1 Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за диструбиција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ Скопје;
- 1 Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало на АД ЕЛЕМ Скопје.

На 29.10.2008 година Регулаторната комисија за енергетика одржа главна седница на која беа донесени следните одлуки, кои беа објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 135/2008:
- Одлука за определување цена на електрична енергија која што регулираниот призводител на електична енергија „АД ЕЛЕМ - Скопје“ ја обезбедува за потребите на тарифните потрошувачи за периодот од 01 ноември до 31 декември 2008 година;
- Одлука за определување на цена на услугата за пренос, управување со системот за пренос и организирање на пазарот на електрична енергија на „АД МЕПСО-Скопје“ за периодот од 01 ноември до 31 декември 2008 година;
- Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и цена за дејностите дистрибуција и управување со системот за дистрибуција и снабдување со електрична енергија за 2008 година и просечна цена на електрична енергија по која „ЕВН Македнија АД – Скопје“ ќе ги снабдува тарифните потрошувачи на мало за периодот од 1 ноември до 31 декември 2008 година.

Тарифните ставови за продажба на електрична енергија на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа се зголемија за 13.61% од 01.11.2008 година.

Од страна на Светската Банка беше обезбедена техничка помош за Регулаторната комисија за енергетика со цел да прилагоди Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија во согласност со новиот модел на пазар и беа одржани состаноци со консултантите во периодот од мај до ноември 2008 година. На 03.10.2008 Регулаторната комисија за енергетика одржа презентација за новата методологија за регулирање на цени на електрична енергија година на која учествуваа претставници од „АД ЕЛЕМ“, „АД МЕПСО“, „ЕВН Македонија АД – Скопје“, Министерство за економија, Министерство за финансии, Агенција за енергетика, Комисија за заштита на конкуренција и од други релевантни институции. На 12.12.2008 година Регулаторната комисија за енергетика одржа подготвителна седница за Новиот **Правилник за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија,** и истиот го донесе на 31.12.2008 година и го објави во Службен весник на Република Македонија, бр.167/08). Во согласност со новиот Правилник, регулираните компании се должни да достават барање за утврдување на регулиран максимален приход и цена за регулираниот период заклучно со 28.02.2009 година. Постапката по барањето ќе се заврши во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.

## II. ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

На 01.01.2008 година почна да се применува Решението со кое „Топлификација АД“ – Скопје, се прогласува за квалификуван потрошувач на природен гас донесено од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Во согласност со „Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности“ („Сл.в. на РМ“, бр.47/05 и 64/08), Регулаторната комисија за енергетика донесе:

- Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност дистрибуција на природен гас на „ЈП КУМАНОВО – ГАС“ – Куманово во септември 2008 година; и
- Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со природен гас на компанијата „МАКГАС КОНСУЛТ ДОО - Скопје “ во октомври 2008 година.

Команијата „АД ГА-МА“ како носител на лиценцата оператор на системот за пренос на природен гас, до Регулаторната комисија за енергетика достави нацрт текст на **Мрежните правила за пренос на природен гас**, кој е во процедура на усогласување.

Во 2008 година Регулаторната комисија за енергетика донесе 4 Одлуки за определување продажна цена на природен гас за секој квартал во 2008 година.

На 29.12.2008 година Регулаторната комисија за енергетика донесе **“Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начин и постапка за регулирање на цени за транспорт, дистрибуција и снабдување со природен гас“** (Службен весник на Република Македонија, бр.164/08) со кој се продолжи регулираниот период за уште една година.

## III. ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Компанијата „Топлификација АД“ – Скопје, како носител на лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија, до Регулаторната комисија за енергетика достави нацрт текст на „**Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење**“, кој е во процедура на усогласување.

Во јули 2008 година Регулаторната комисија за енергетика донесе 3 Одлуки за изменување и дополнување на одлуките за просечна цена на производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за регулиран период за компаниите „Топлификација АД – Скопје“, „Скопје Север АД – Скопје и „АД ЕЛЕМ – Енергетика Скопје“. Исто така Регулаторната Комисија за Енергетика донесе 3 Одлуки за одобрување на Ценовник-тарифа за испорака на топлинска енергија за греење на тарифните потрошувачи за компаниите „Топлификација АД – Скопје“, „Скопје Север АД – Скопје и „АД ЕЛЕМ – Енергетика Скопје“ за периодот од 1 август 2008 година до 31 декември 2008 година. На 04.12. 2008 година Регулаторната комисија за енергетика донесе 1 Одлука за изменување и дополнување на одлуките за просечна цена на производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за регулиран период за компанијата „Скопје Север АД – Скопје, за периодот од 1 ноември 2008 година до 31 декември 2008 година, со која се намали цената за топлинската енергија за греење за 15,88 %.

На 29.12.2008 година Регулаторната комисија за енергетика донесе **“Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начин и постапка за регулирање на цени за топлинска енергија за греење“** (Службен весник на Република Македонија, бр.164/08) со кој се продолжи регулираниот период за уште една година.

## IV. ПАЗАР НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

Во 2008 година Регулаторната Комисија за Енергетика донесува Одлуки за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати за секој четиринаесетдневен период, согласно Методологијата за формирање на цени на одделни нафтени деривати пропишана со Анекс Д од Договорот за купопродажба на акции и за концесија на Рафинерија АД ”ОКТА” - Скопје, потпишан меѓу Владата на Република Македонија и акционерското друштво „ЕЛ.П.Е.Т. – Балканике” како стратешки инвеститор.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има ***Владата на Република Македонија***, односно ***Министерството за економија***. Во секторот енергетика има одделение за електроенергетски систем во кое се вработени 2 лица и одделение за анализа и развој на енергетиката во кое се вработени 3 лица.

Правната рамка за основањето и работењето на ***Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија*** е дадена со Законот за енергетика објавен во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 63/06, 36/07 и 106/08. Регулаторната комисија за енергетика е независно тело во однос на работењето и донесувањето на одлуки во рамките на

надлежностите дадени со Законот за енергетика. Во согласност со Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика има својство на правен ентитет. Регулаторната комисија за енергетика е составена од пет члена. Членовите и Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, кој е еден од членовите, на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.
Имаше промени во структурата на членовите на Регулаторната комисија за енергетика и беа избрани 2 нови членови во декември 2007 и март 2008 година од страна на Парламентот на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија.

На 29.09.2008 година Регулаторната комисија за енергетика достави до Собранието на Република Макеоднија заради одобрување предлог **Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2009 година**, кој ги содржи сите приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика. На 03.12.2008 година Собранието на Република Македонија го одобри **Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2009 година**. Во согласност со Финансискиот план се предвидени нови вработувања заради зголемување на капацитетот на Регулаторната комисија за енергетика со цел да се обезбеди ефикасен мониторинг на функционирањето на пазарот, ефективна конкуренција и транспарентност и да се зголеми заштита на правата на потрошувачите.

Регулаторната комисија за енергетика на 31 март 2008 година достави до Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до Министерството за економија, детален **Годишен извештај за работењето и детални информации за материјално-финансиско работење на Регулаторната комисија за енергетика во 2007 година**. Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика за 2007 година е објавен на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика: www.erc.org.mk.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
***Министерството за економија*** во 2009 година ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за енергетика со цел за доусогласување со законодавството на Европската унија, и тоа со: Директивата 2003/54/ЕЦ за заеднички правила за внатрешниот пазар на електрична енергија, Директивата 2003/55/ЕЦ за заеднички правила за внатрешен пазар на природен гас, и Регулативата 1228/2003 за условите за пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија и Регулативата 1775/2005 за условите за пристап на мрежите за природен гас.

***Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија*** во текот на 2009 година ќе ги одобри подзаконските акти потребни за воспоставување на функционален пазар на енергија, како што се **Пазарните правила за електрична енергија, измените на Мрежните правила за пренос на електрична енергија, измените на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, Мрежните правила за пренос на природен гас и Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија,** во согласност со Законот за енергетика.
Регулаторната комисија за енергетика исто така во текот на 2009 година ќе ги донесе: **Тарифниот систем за продажба на електрична енергија, Услови за снабдување со електрична енергија, Услови за снабдување со природен гас, Услови за снабдување со топлинска енергија, Правила за разрешување на спорови и Етички кодекс на Регулаторна комисија за енергетика**.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2009 година се предвидуваат 4 нови вработувања во Регулаторнта комисија за енергетика, 1 стручен соработник во правен сектор, 1 стручен соработник во еконосмки сектор, и 2 стручни соработници во техничко-енергетски сектор.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2010-2011 година ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство со европското законодавство, ќе се создадат услови за либерализација на пазарот на електрична енергија, што согласно плановите за отварање на пазарот на електрична енергија на Владата на Република Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2010 година со статус на квалификуваност ќе се стекнат потрошувачите приклучени на 10/20/35 kV напонско ниво.
Со цел да се обезбеди сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе регулатива за мониторинг на пазарот на енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика се предвидува јакнење на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во 2008 година Регулаторната комисија за енергетика одржа состаноци со консултантите ангажирани од страна на **Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија** за проектот „Техничка помош за нацрт на условите за препораки и твининг проект фише за поддршка на Регулаторната комисија за енергетика", кој ќе започне во 2009 година. Овој проект ќе обезбеди техничка помош и препораки за Регулаторната комисија за енергетика за имплементација на активностите и задачите дефинирани со Законот за енергетика и Договорот за Енергетска Заедница, и подготовка на прирачници за иден развој на пазарот и критериуми за отворање на пазарот во согласност со барањата од Договорот за Енергетска Заедница, извештај за преглед на тарифи и цени, правилници за регулирање на цени и други подзаконски акти и нова тарифна методологија за цени на електрична и топлинска енергија од комбинирани гасни електрани, извештај за имплементирање на систем за мониторниг на усогласување, Комуникациска стратегија и друго.

Во 2008 година беше обезбедена техничка помош од страна на **Светска Банка** за Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во однос на усогласување на „Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија", во согласност со новиот модел на пазар на електрична енергија.

Во 2008 година Светска банка изрази подготвеност за техничка помош на Регулаторната комисија за енергетика при изработката на „Тарифниот систем за продажба на електрична енергија". Овој проект ќе започне во 2009 година.

Беше обезбедена техничка помош од страна на УСАИД за изготвување на Пазарни правила за електрична енергија, ревизија на Мрежните правила за пренос на електрична енергија и на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Кон крајот на 2010 година, односно почетокот на 2011 година ќе започне со имплементација на ИПА 2009 Проектот за зајакнување на институционалниот капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

### 3.15.3 ДРЖАВНА ПОМОШ

Согласно Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр. 24/07, 88/2008) јагленот е енергетска минерална суровина.

Енергетските минерални суровини се од јавен интерес и деталните геолошки истражувања на енергетски минерални суровини се реализираат со годишна програма за детални геолошки истражувања на енергетски ммминерални суровини која ја донесува Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Согласно предметниот Закон, одредбите од истиот не се применуваат на постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини на јавни претпријатија, јавни установи, друштва врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив. За овие претпријатија деталните геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен со доделување на концесија за детални геолошки истражувања се даваат по барање со постапка спроведена согласно законот.

Концесија за експлоатација на минерални суровини кога сопственик на резултатите од извршените детални геолошки истражувања е Република Македонија се доделува врз основа на јавен повик.

Согласно законот јавните претпријатија, јавни установи, друштва врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на барање. Овие субјекти плаќаат концесиски надоместок и тоа:

- по основ на издавање на концесијата за детални геолошки истражувања се плаќа еднократен надоместок,
- концесиски надоместок за експлоатација по основ на користење на просторот на кој е доделена концесијата и
- концесиски надоместок по основ на експлоатирана минерална суровина;

Согласно Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 63/2006, 36/2006 и 106/2008) правното лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес, доколку врши и некоја друга енергетска дејност што не е од јавен интерес, должно е во своето сметководство да обезбеди посебно сметководство за секоја од енергетските дејности од јавен интерес кои ги врши.

## 3.15.4 ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА- (во текот на 2008)**

**1.** ***Правилник за обновливите извори на енергија за производство на електрична енергија***

Со цел за усогласување со легислативата на Европската Унија од областа на обновливите извори на енергија и согласно член 139 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија 63/2006, 36/2007 и 106/08) Министерството за економија го донесе Правилникот и истиот е објавен во октомври во Службен весник на Република Македонија бр.127/2008. Со предметниот правилник се врши транспонирање на еден дел од Директивата 2001/77/ЕС.

Со предметниот правилник поблиску се пропишуваат видовите на постројки кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија како и начинот на мерење на потенцијалот на ветерната енергија. Со овој правилник се уредува начинот за издавање на одобрение за мерење на потенцијалот на ветерна енергија и другите активности во врска со искористувањето на обновливите извори на енергија за производство на електрична енергија.Со овој Правилник се уредува и начинот на водење на Регистарот на постројките кои користат обновливи извори на енергија за производство на елктрична енергија кој претставува евиденција на постројки кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија на територијата на Република Македонија.

2. ***Правилник за начинот и постаката за издавање и регистрација на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија***

Со цел за усогласување со дел од легислативата на Европската Унија од областа на обновливите извори на енергија и согласно Законот за енергетика и Националната програма за усогласување на националното законодавство со ЕУ легислативата, Министерството за економија го донесе Правилникот и истиот е објавен во октомври во Службен весник на Република Македонија бр.127/2008.

Со предметниот правилник се врши транспонирање на членот 5 од Директивата 2001/77/ЕС кој се однесува за гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, односно се регулира начинот на издавање, пренесување и отповикување на гаранциите за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и начинот формата и содржината на регистарот на гаранции за потекло на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Со донесување на овој Правилник и неговата имплементација се има за цел да се поттикне производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија, и истиот ќе се применува од 1 јануари 2009 година, од причина што се смета дека тоа е доволен период во кој може да се превземат сите активности за адаптација и создавање реални услови за имплементација на одредбите од овој Правилник.

***3. Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од фотоволтаични системи***

На 04.09.2008 година РКЕ донесе „Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од фотоволтаични системи“ и „Одлука за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од фотоволтаични системи кои се стекнале со својство на повластен производител“ и ги обајви во „Службен Весник на РМ“ бр.112/2008.

***4. Правилник со кој се пропишува начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија како и содржината и формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија*.**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија (во понатамошниот текст: повластен производител), како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. Статус на повластен прозводител се стекнува врз основа на Решение за стекнување статус на повластен производител, кое на барање на производителот или на негов овластен претставник, согласно овој Правилник, го донесува Агенцијата за енергетика на Република Македонија , во постапка утврдена со овој Правилник. Правилникот е изготвен и се очекува истиот да се донесе на почетокот на 2009 година.

***5. Упатство за изградба и работење на ветерни електрани во Република Македонија***

Министерството за економија во соработка со Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за енергетика, Регулаторна Комисија за енергетика и АД ЕЛЕМ изгитви Упатство за изградба и работење на ветерни електрани во Република Македонија и истото е објавено на веб страницата на Министерството за економија .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** постојано се вработени 11 лица, а две лица се вработени со договор на определено време. Во секторот за енергетика има псоебно одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори, кое има вкупно двајца вработени.

Од септември 2007 година до април 2008 година, дел од вработените во Секторот за енергетика ја посетуваа обуката "Energy Training Programme for South East Europe" која се спроведуваше во Љубљана, Република Словенија, имплементирана од страна на Министерството за економија на Република Словенија, Центарот за европска перспектива, Борзен и Британската амбасада во Љубљана. Обуката беше организирана за претставници од земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот за Енергетика и надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање. Петте членови на Регулаторната комисија, на предлог на Владата, ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Собранието, исто така, го одобрува буџетот на Регулаторната комисија. Во согласност со Законот за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика утврдува повластени тарифи за електрична енергија која ја продаваат повластените производители на електрична енергија и производителите на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки. Регулаторната комисија за енергетика има својство на правен ентитет. Регулаторната комисија за енергетика е составена од пет члена. Членовите и Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, кој е еден од членовите, на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници. Имаше промени во структурата на членовите на Регулаторната комисија за енергетика и беа избрани 2 нови членови во декември 2007 и март 2008 година од страна на Парламентот на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија. Во Регулаторната комисија за енергетика се вработени 5 членови и 12 лица. На 29.09.2008 година Регулаторната комисија за енергетика достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2009 година, кој ги содржи сите приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика. На 03.12.2008 година Собранието на Република Македонија го одобри **Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2009 година.** Во согласност со Финансискиот план се предвидени нови вработувања заради зголемување на капацитетот на Регулаторната комисија за енергетика со цел да се обезбеди ефикасен мониторинг на функционирањето на пазарот и обновливата енергија. Дел од вработените посетува различни работилици и обуки меѓу кои и обуката "Energy Training Programme for South East Europe" која се спроведуваше во Љубљана, Република Словенија, имплементирана од страна на Министерството за економија на Република Словенија, Центарот за европска перспектива, Борзен и Британската амбасада во Љубљана.

***Агенција за енергетика на Република Македонија*** е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во Агенцијата вработени се Директор и 4 лица. Формираната Агенција за енергетика во 2006 година, во текот на 2007 и 2008 година почна со екипирањето и во моментот има вработено 6 лица. По години состојбата е следна: во 2006 година Агенцијата имаше едно вработено лице, како В.Д. Директор, на определено време; во 2007 година се вработени четири лица и е избран и вработен Директор на Агенцијата; во 2008 година е вработено само едно лице. Со состојба 31.12.2008 година Агенцијата брои шест лица. За реализација на обврските на Агенцијата за енергетика, кои произлегуваат од Законот за енергетика, Законот за основање на Агенцијата за енергетика, Програмата за работа за 2008 година, како и ГЕФ Проектот за оддржлива енергија, поднесени се барања и е добиена согласност од Министерството за финансии за вработување на 3 лица на определено време и истите се реализирани.

Со цел на зајакнување на институционалниот и човечкиот капацитет на Агенцијата, во рамките на првата компонента на Проектот за одржлива енергија се предвидени низа на мерки за едукација и обука на вработените во областа на енергетска ефикасност. Во 2008 година е спроведена обука на одговорните лица за набавки и финансии во Проектот за одржлива енергија во Торино, Италија. Исто така, во соработка со Центарот за енергетска ефикасност на Македонија во тек е и повекемесечна обука на вработените на Агенцијата за енергетика за извршување на енергетски контроли на градежни објекти. Со цел за издржана поддршка на енергетски проекти во рамките на Проектот за одржлива енергија формирано е и Советодавно тело за проектен развој, кое работи заедно со Проектната единица за спроведување на овој проект, во рамките на Агенцијата за енергетика. Советодавното тело има водач на тимот, економист и помлад соработник, кои се во целост финансирани од ГЕФ Проектот. Советодавното тело извршува и специфични обуки на вработените во Агенцијата, а исто така се обучуваат и партнерите на Агенцијата за енергетика во спроведувањето на овој Проект. По извршената обука вработените во Агенцијата активно учествуваат во идентификација на енергетски проекти од областа на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, нивна оценка и евентуална доработка, како и предлагање на

проектите со целокупна подготовка на документацијата до Македонската банка за поддршка на развојот и комерцијалните банки.

**КРАТКОРОЦНИ ПРИОРИТЕТИ (2009)**
**ПРАВНА РАМКА**
***Обновливи извори на енергија***
Во наредниот период, согласно Законот за енергетика предвидено е донесување на останатите акти во врска со искористувањето на обновливите извори на енргија со цел за усогласување со ЕУ легислативата, како и следење на сите новини кои се случуваат и се однесуваат на предметната област, и тоа:

***1. Акт со кој се пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија во вкупната потрошувачка на електрична енергија***
Владата на Република Македонија го пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки во вкупната потрошувачка на електрична енергија.

***2. Акт со кој се утврдува висината на инсталираната моќност на постројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.***
Владата на Република Македонија поблуску ја утврдува висината на инсталираната моќност на постројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки

***3. Базната студија за искористувањето на обновливите извори на енергија***
Министерството за економија на 02.09.2009 година потпиша Договор за консултантски услуги со Македонската академија на науките и уметностите за изготвување на Базната студија за искористување на обновливите извори на енергија на Република Македонија, за што се обезбедени средства од Швајцарскиот компензационен фонд во износ од 4.000.000 денари и 720.000 денари за плаќање на ДДВ од Буџетот на Министерството за економија.
Со Студијата, која треба да биде изработена во рок од четири месеци по склучувањето на договорот на консултантот, ќе се определи потенцијалот за можноста за искористување на обновливите извори на енергија во земјата, како што се хидро енергијата, ветерната, сончевата, геотермалната енергија и енергијата добиена од биомаса. Понатаму, ќе се дефинираат долгорочните цели за искористувањето на обновливите извори на енергија, како и начините на кои таквите цели треба да се постигнат.

***4. Субвенции за поголемо искористување на соларната енергија***
Со користење на сончеви термални колекторски системи може да се постигне заштеда на електрична енергија од 5 kWh до 7 kWh дневно по домаќинство, што значи финансиска заштеда од околу 30 денари (0,5 EUR) дневно за едно домаќинство. Доколку колекторите се користат осум месеци во текот на една година, би можело да се постигнат околу 1700 kWh годишно заштеди на електрична енергија за едно домаќинство, а годишната финансиска заштеда би изнесувала околу 7000 денари (115 EUR). Од претходно наведеното, може да се заклучи дека вложената инвестиција за инсталирање на сончевите термални колектори може да се врати за период од пет до седум години. На годишно ниво за 1000 домаќинства, со користење на овие сончеви колектори осум месеци во годината, може да се постигнат околу 1700 MWh заштеда на електрична енергија, што значи финансиска заштеда од 115.000 EUR годишно. Доколку 500.000 домаќинства во Републиката вградат сончеви термални колекторски системи, годишниот енергетски ефект на ниво на земјата би бил 840.000 MWh заштеда на електрична енергија, а економскиот ефект околу 58.000.000 EUR финансиска заштеда годишно.
Во текот на 2007 година е реализирана стимулативна мерка за субвенционирање на првите 500 купувачи на соларни термални колекторски системи кои соодветно ги имаат инсталирано во своите домови. Стимулативната мерка изнесуваше 30% од инвестицијата но не повеќе од 300 евра по барател.
Во септември 2007 година намален е данокот на додадената вредност за сончевите колектори и системи од 18% на 5% што придонесе кон намалување на цените на сончевите колектори.
Поради големиот интерес за користење на сончевата енергија кај домаќинствата, а воедено и поради успешноста на спроведените мерки за субвенции, Министерството за економија во буџетот за 2009 година предвиде средства во износ од 9.000.000 денари за натамошно субвенционирање на домаќинствата кои ќе поставаат сончеви термални системи во своите домови.

***5. Правилници за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од постројки кои користат биомаса и сончева енергија***

Регулаторната комисија за енергетика во текот на 2009 година ќе донесе два Правилника за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од постројки кои користат биомаса и сончева енергија, како и две Одлуки за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од овие обновливи извори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** постојано се вработени 11 лица, а 2 лица се вработени со договор на определено време. Во секторот за енергетика има псоебно одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори, кое има вкупно 2-ца вработени.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот за Енергетика и надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање. Петте членови на Регулаторната комисија, на предлог на Владата, ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Собранието, исто така, го одобрува буџетот на Регулаторната комисија. Во согласност со Законот за енергетика Регулаторната комисија за енергетика утврдува повластени тарифи за електрична енергија која ја продаваат повластените производители на електрична енергија и производителите на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки. Во Регулаторната комисија за енергетика се вработени 5 членови и 12 лица. Во согласност со Финансискиот план се предвидени нови вработувања заради зголемување на капацитетот на Регулаторната комисија за енергетика со цел да се обезбеди ефикасен мониторинг на функционирањето на пазарот и обновливата енергија. На 03.12.2008 година Собранието на Република Македонија го одобри **Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2009 година.**

***Агенција за енергетика на Република Македонија*** е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во Агенцијата вработени се Директор и 4 лица. Во 2009 година предвидено е вработување на четири лица, а во 2010 година се предвидени уште три нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2010-2011)**

**ПРАВНА РАМКА**

1. ***Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија.***

По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија- Базна Студија за изкористување на ОИЕ. Програмата ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, а особено содржи: - мерки, финансиски извори, услови за имплементација, индикатори за постигнување на резултатите, технички прописи и национални стандарди за обновливите извори на енергија, други потребни податоци и носителите на активностите и роковите за реализација на предвидените активности. Програмата се донесува за период од пет години

Министерството за економија треба да изготвува двогодишен извештај за реализација на Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија и за напредокот постигнат во искористувањето на обновливите извори на енергија, како и за употребата на биогоривата во секторот за транспорт.

Следење на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Развој на институционалните капацитети*

Во текот на 2010-2011 година, ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, во делот на обновлива енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрочувачка во Републиката. Заради спроведување на нејзините

надлежности според Законот за енергетика и за Законот за основање на Агенцијата за енергетика, како и превземените обврски за спроведување на странските проекти во наредниот период од неколку години се планира нова систематизација на работните места и нејзино соодветно пополнување.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**1. Проект „Соларни загревачи на вода“**

Овој проект е реализиран со  грант средства од Австриската Влада со висина од 300.000 ЕУР и партиципација на македонската страна во износ од 20.000 ЕУР. Во рамките на овој проект во Управата за хидрометеоролошки работи – Скопје (УХМР) инсталиран е соларен тест центар (лабараторија) со цел за тестирање на соларните колектори од аспект на задоволување на важечките стандарди за нивен натамошен пласман на домашниот и странскиот пазар.

Натамошните активности во врска со соларниот тест центар  треба да се одвиваат во насока на обучување и усовршување на одговорните лица во УХМР, одговорни за работа и одржување на лабараторијата, со цел за што поскоро центарот да биде оперативен и да започне со тестирање на првите сончеви колектори

**2. ГЕФ Проект за одржлива енергија**

За реализација на проектот, на 26 февруари 2007 година потпишани се следните договори со Светска банка:

(1) Глобален еколошки фонд Договор за грант (Global Environment Facility Trust Fund Grant Agreement), склучен меѓу Министерството за финансии и Светска банка;

(2) АД МЕПСО Проектен договор (AD MEPSO Project Agreement), склучен меѓу АД МЕПСО и Светска банка и

(3) МБПР Проектен договор (PBDP Project Agreement), склучен меѓу Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) и Светска банка

- На 31.07.2007 година, грант средствата од ГЕФ (Глобален оеколошки фонд) во износ од **5.500.000 USD** станаа ефективни за реализација на проектот.
- Основната цел на проектот е поттикнување на инвестициите за зголемување на енергетската ефикасност (ЕЕ) и поголемо искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) преку отстранување на институционалните и финансиски бариери.
- За имплементација на проектот се користат средства за финасирање на следните компоненти:
    - **Компонента 1**: Техничка помош за подготвување на секундарната регулатува во областа на ЕЕ и ОИЕ и за изработка на проекти за ЕЕ и ОИЕ, која се имплементира преку Агенцијата за енергетика на Република Македонија, за што се предвидени грант средства во износ од **1.000.000 USD**.
    - **Компонента 2**: Развој и подршка на компанија за енергетски услуги – ESCO (МТ ЕСКО), со цел да се обезбеди таканеречено „финансирање од трета страна“ за проектите од енергетска ефикасност, главно во јавниот сектор, за што се предвидени грант средства во износ од **800.000 USD.**
    - **Компонента 3:** Финансиска подршка на проектите од областа на ЕЕ и ОИЕ која се спроведува преку Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) којашто е институција за имплементација на овој дел од грантот во износ од **3.700.000 USD**. За имплементација на оваа компонента отворена е една кредитна линија и линија за кредитни гаранции кои се пласираат преку шест комерцијални банки  коишто имаат склучено договор за соработка со МБПР. Имено, МБПР дополнително има обезбедено и сопствани средства во износ од **2.500.000 USD** за поддршка на проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Во рамки на Компонентата 3 од овој проект овозможено е да се добијат поволни кредити или кредитни гаранции за реализација на проекти за подобрување на енергетската ефикасност кај индустријата.

Натамошните активности во врска со овој проект треба да продолжат во правец на што поголем број реализирани проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори ан енергија во рамките на ододбрените средства.

Од средината на 2007 година Агенцијата за енергетика го спроведува Проектот за одржлива енергија, преку грант од 5,5 мил. УСД, добиен од глобалниот еколошки фонд, а управуван од Светската банка. Основната цел на овој четиригодишен проект е да го развие пазарот на енергија во земјата, да ги зајакне институционалните и кадровски капацитети, да обезбеди функционирање на компанјата за енергетски услуги, МТ ЕСКО, да идентифицира, развива и оценува енергетски проекти кои би ги предложила до Македонската банка за поддршка на развојот и комерцијалните банки за финансирање.

**4. Искористување на потенцијалите на ветерната енергија во Република Македонија**

Врз база на податоците на атласот на ветрови, договорен е проектот “Истражување на потенцијалот на ветерна енергија на Македонија” кој се реализира со поддрршка на Норвешката влада. За реализација на проектот како имплементатор од норвешката страна определена е фирмата NTE (*Nord-Trondelag Elektrisitetsverk*), а како корисник од македонска страна определен е Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (ФЕИТ) и АД ЕЛЕМ.  Во јуни, 2006 година, норвешкиот партнер изврши монтирање на четири мерни станици со целокупната опрема (потребните сензори и

системи за аквизиција на податоци, како и соодветната телекомуникациска опрема). Мерните станици се лоцирани на следните места: Богословец – Св. Николе, Богданци, Кожуф – Гевгелија и Шашаварлија – Штип. По извршените мерења, добиени се податоци за ветерот на овие мерни точки кои согласно проектниот документ, 18 месеци по завршувањето на анализата од мерењето останувaат во сопственост на NTE. Согласно проектниот договор, по завршувањето на проектот, мерната опрема останува во сопственост на ФЕИТ, а во јули 2009 година податоците од мерењата кои може да ги користи АД ЕЛЕМ ќе бидат во сопственост на Република Македонија.

Во тек се подготвителни активности за испитување на потенцијалот на ветерната енергија на други четири логации, кои треба да ги изврши Агенцијата за енергетика во соработка со ФЕИТ, АД ЕЛЕМ и данската консултантска фирма COWI A/S. За реализација на овој проект, предвидени се средства од Компонентата 1 од ГЕФ Проектот за одржлива енергија со кои ќе се изврши набавка на мерна опрема, инсталација, мерење и анализа на добиените податоци. Воедно, предвидено е обезбедување и дополнителна мерна опрема за петта локација во рамки на идна соработка со Министерство за животна средина, земјиште и море на Република Италија. Во тек се активности за усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање, кој треба да се склучи меѓу Министерството за економија и Министерство за животна средина, земјиште и море на Република Италија за реализација на мерењето на потанцијалот на ветер на петтата мерна точка. По усогласување на текстот на предметниот меморадум ќе следи негово потпишување.

Преку Infrastructure Project Facilities – IPF на Европската Комисија во тек е изработка на Физибилити студија за оценка на исплатливоста на изградба на верени електрани во Република Македонија, чија изработка е побарана од страна на АД ЕЛЕМ. Студијата треба да биде завршена до 2 март 2009 година.

Во тек е изготвување на Студија за можноста за вклопување на ветерни електрани во електроенергетскиот систем на Република Македонија, која треба да биде изготвена од страна на АД МЕПСО до 2 март 2009 година.

Со цел да се дефинира прецизна и едноставна постапка за изградба на ветерни електрани во Република Македонија во тек се активностите за изработка на <u>Студија за начинот на изградба на ветерни електрани</u> во која ќе бидат содржани најдобрите практики во регионот и Европа со предлог решение за најсоодветен модел за Македонија. Во Студијата ќе биде дадена детална анализа за три можни начини на изградба на ветерни електрани и тоа, само преку државни компании, преку моделот на јавно приватно партнерство или само приватни компании по пат на концесија. Изработката на Студијата ќе се реализира во рамки на Првата компонента од ГЕФ Проектот за одржлива енергија, за која ќе се избере консултант согласно процедурите на Светска банка. Во соработка со консултант на Светска банка изработена е Проектната задача во која е дефинирано следното што треба да биде содржано во Студијата:

- Преглед на најдобрите практики во Европа и соседните земји во врска со правната процедура за изградба на ветерни електрани. Кај земјите членки на ЕУ каде има најголем развој на ветерни електрани (Данска, Германија, Шпанија и др.) и некои земји од регионот (Хрватска, Бугарија, Грција и Романија) треба да бидат вклучени во прегледот.
- Анализа на актуелната регулатива во Република Македонија во врска со постапката за изградба на ветерни електрани
- Врз основа на искуството на ЕУ и актуелната регулатива во РМ, консултантот треба да го изработи и следното:
    - предлог на постапки за правната процедура за изградба на ветерни електрани најсоодветни за Македонија,
    - идентификација на промените кои треба да се направат на постоечката регулатива во Македонија со конкретен предлог и
    - изработка на упатства за изградба на ветерни електрани согласно предложените постапки.

Студијата за постапката на начинот на изградба на ветерни електрани во Република Македонија треба да биде изработена до 30 април 2009 година.

### 3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА- (во текот на 2008)**
**ПРАВНА РАМКА**
***1.Правилникот за енергетска ефикасност за градежни објекти***
Согласно член 130 од Законот за енергетика во месец ноември се донесе Правилникот за енергетска ефикасност за градежни објекти, и истиот е објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/2008),
Со овој правилник се транспонира дел од Директивата 2002/91/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за енергетските карактеристики на згради. Со донесување на Правилникот за енергетска ефикасност на градежни објекти поблиску се пропишуваат мерките чија цел е подобрување на енергетските карактеристики на градежните објекти (згради), земајќи ги во предвид надворешните климатски и локални услови како и внатрешните климатски барања и економичноста, преку смалување на потрошувачката на енергија во градежните објекти и смалување на емисијата на $CO_2$. При тоа потрошувачката на енергија се однесува на примарна енергија, со сите загуби при нејзина трансформација и користење во

градежните објекти. При тоа градежниот објект се разгледува како целина со потребна енергија за греење, вентилирање, ладење, подготовка на санитарна топла вода и осветление.
Со воведувањето на сертификатите за енергетска ефикасност ќе се стимулираат (како конкурентска мерка) и обврзат градежните компании јавно да ги претстават карактеристиките на својот производ во однос на потрошувачката на енергија на годишно ниво и загадувањето на околината на потенцијалните купувачи/корисници на нивниот производ.

Со контролата на енергетската ефикасност на водогрејните котли ќе се обврзат соспственициите да ги подесат заради смалено загадување на околината, и евентуално да ги заменат со нови, современи постројки на повисок технолошки ниво. Истото се однесува и за системите за климатизација. При добивањето на сертификатите, инвестиорите ќе добиваат и насоки за зголемување на енергетската ефикасност на градежните објекти. Предвидено е правилникот да се применува од 1 јануари 2010 година.

**2.Договор за основање на Енергетска заедница**
Во рамки на Енергетската Зеаедница во Виена, согласно член 35 од Договорот за основање на Енергетската заедница, во февруари 2008 година формирана е Работната група за енергетска ефикасност (Energy Efficiency Task Force) во која има по еден претставник од секоја договорна страна, а чија цел е реализација на следните четири работни задачи (РЗ):
РЗ-1: Анализа на досегашните актовности за енергетска ефикасност кај секоја договорна страна (потписничка на Договорот за Енергетска заедница)
РЗ-2: Подготовка на Акционен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност во договорните страни;
РЗ-3: Анализа на влијанието на директивите на ЕУ за енергетска ефикасност на Енергетската заедница, ако се транспонирани и
РЗ-4: Развој на план за кампања за подигање на јавната свест.

**3.Регионална стратегија за енергетска ефикасност во земјите од Западен Балкан со поддршка на Светска банка**
Во јуни 2008 година започнато е изготвувњето на Регионална стратегија за енергетска ефикасност во земјите од Западен Балкан, која се реализира со поддршка на Светска банка.

Првата фаза на Стратегијата е подготвување на проценка на ситуацијата за енергатска ефикасност во клучните сектори на економијата кај секоја земја од регионот. Резултатите на оваа проценка ќе бидат презентирани преку две или три видео конференции, предвидени да се одржат во Ноември 2008 година, по што ќе следи втората фаза во која ќе се направи идентификација на можни интервенции и одговорности на националните ентитети за подобрување на енергетската ефикасност. На крајот ќе биде предложена рамка за поддршка на енергетската ефикасност од страна на Светска банка и други меѓународни финансиски институции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика,*** постојат четири одделенија и тоа одделение за инвестициони проекти во енергетиката, одделение за електроенергетски систем, одделение за фосилни горива и одделение за енергетска ефикасносот и обновливи извори на енергија, во кои постојано се вработени се вработени 11 лица, а две лица се вработени со договор на определено време. Во одделенеитео за енергетска ефикасност и обновливи извори вработени се две лица.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** е надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање и независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот за Енергетика. Регулаторната комисија за енергетика е составена од пет члена. Членовите и Претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, кој е еден од членовите, на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници. Имаше промени во структурата на членовите на Регулаторната комисија за енергетика и беа избрани 2 нови членови во декември 2007 и март 2008 година од страна на Парламентот на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија. Во Регулаторната комисија за енергетика се вработени 5 членови и 12 лица.

***Агенција за енергетика на Република Македонија*** е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во Агенцијата вработени се Директор и 4 лица.

Формираната Агенција за енергетика во 2006 година, во текот на 2007 и 2008 година почна со екипирањето и во моментот има вработено 6 лица. По години состојбата е следна: во 2006 година Агенцијата имаше едно вработено лице, како В.Д.

Директор, на определено време; во 2007 година се вработени четири лица и е избран и вработен Директор на Агенцијата; во 2008 година е вработено само едно лице. Со состојба 31.12.2008 година Агенцијата брои шест лица. За реализација на обврските на Агенцијата за енергетика, кои произлегуваат од Законот за енергетика, Законот за основање на Агенцијата за енергетика, Програмата за работа за 2008 година, како и ГЕФ Проектот за оддржлива енергија, поднесени се барања и е добиена согласност од Министерството за финансии за вработување на 3 лица на определено време и истите се реализирани.

Со цел на зајакнување на институционалниот и човечкиот капацитет на Агенцијата, во рамките на првата компонента на Проектот за одржлива енергија се предвидени низа на мерки за едукација и обука на вработените во областа на енергетска ефикасност. Во 2008 година е спроведена обука на одговорните лица за набавки и финансии во Проектот за одржлива енергија во Торино, Италија. Исто така, во соработка со Центарот за енергетска ефикасност на Македонија во тек е и повекемесечна обука на вработените на Агенцијата за енергетика за извршување на енергетски контроли на градежни објекти. Со цел за издржана поддршка на енергетски проекти во рамките на Проектот за одржлива енергија формирано е и Советодавно тело за проектен развој, кое работи заедно со Проектната единица за спроведување на овој проект, во рамките на Агенцијата за енергетика. Советодавното тело има водач на тимот, економист и помлад соработник, кои се во целост финансирани од ГЕФ Проектот. Советодавното тело извршува и специфични обуки на вработените во Агенцијата, а исто така се обучуваат и партнерите на Агенцијата за енергетика во спроведувањето на овој Проект. По извршената обука вработените во Агенцијата активно учествуваат во идентификација на енергетски проекти од областа на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност, нивна оценка и евентуална доработка, како и предлагање на проектите со целокупна подготовка на документацијата до Македонската банка за поддршка на развојот и комерцијалните банки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2009)**
**ПРАВНА РАМКА**
***1.Правилник за начинот и постаката за издавање и регистрација на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од од високоефикасни комбинирани постројки***

***2. Правилник со кој се пропишува начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од од високоефикасни комбинирани постројки како и содржината и формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од од високоефикасни комбинирани постројки***

***3. Техничките спецификации и стандарди за термоелектраните, топланите и другите енергетски интензивни индустриски капацитети***
Техничките спецификации за комбинираните постројки ја вклучуваат Методологијата за определување на ефикасност во комбинирани процеси која се користи за утврдување на квалификуваноста на процесот на комбинирата постројка кој се користи за производство на топлина и електрична енергија како високоефикасно комбинирано производство. Квалификуваност како високоефикасно комбинирано производство се постигнува доколку примарните заштеди на енергија од комбинираното производство на топлинска и електрична енергија за најмалку 10% се пониски од утврдените вредности за ефикасност на одделно производсво на топлинска и електрична енергија во нормални оперативни услови.

Методологијата од треба да ги земе во предвид карактеристиките на различни типови постројки, како и староста на постројката и технологијата за комбинирано производство.

***4.Ажурирање на постојната стратегија за енергетска ефикасност на Република Македониј***а
Во текот на 2009 година се планира ажурирање на постојната стратегија за енергетска ефикасност на Република Македонија. При ажурирањето на предметната Стратегија треба да се стави акцент на целите за зголемување на енергетската ефикасност и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено: намалување на енергетската потрошувачка по единица на бруто домашниот производ во Република Македонија, зголемување на енергетската ефикасност во сите сектори на државната политика, промовирање на нови технологии со висок степен на енергетска ефикасност, промовирање на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, анализирање на потенцијалот за инсталирање на високо-ефикасни комбинирани постројки, вклучувајќи високо-ефикасни комбинирани постројки, воведување на механизми за поддршка за зголемување на енергетската ефикасност, вклучувајќи повластени тарифи за производство на електрична енергија од високо-ефикасни комбинирани постројки и други механизми за поддршка, промовирање на јавната свест за целите на енергетската ефикасност, намалување на штетните последици врз животната средина предизвикна од производството, преносот, дистрибуцијата и користењето на енергијата.

***5.Правилникот за енергетска ефикасност на градежни објекти*** се применува од 1 јануари 2010 година, поради тоа што во периодот ноември 2008 – декември 2009 година, треба дополнително да се уредат и останатите области од оваа

проблематика, каде една од главните е активности ќе биде и донесување на национална методологија за пресметка на енергетските карактеристики на градежни објекти, подготовка на климатски карактеристики на градовите, атлас на линерани топлински мостови со цел да може ефикасно да се применува правилникот. Согласно планот за реализација,

***6.Договор за основање на Енергетска заедница***

До сега завршена е Работната задача бр. 1, додека нацтрот на текстот на документите кои произлегуваат од реализацијата на работните задачи бр, 3 и 4 е предвидено да бидат завршени до февруари 2009 година. Завршувањето на сите активности во рамки на оваа работна група е предвидено до крајот на 2009 година.

***7 Кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија***.

Мистерството за економија во текот на 2009 година планира да превземе активности за избор на Агенција за креација и спреведување на кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија. Предметот на Кампањата ги опфаќа следните услуги: Изработка на информативен материјал за јавноста (брошури) во врска со најдобрите практики за заштеда на енергија ( рационално користење на уредите за домаќинства, избор на уреди за донмаќинства , енергетски ефикасни светилки, обновливи енергетски извори кои се користат за загревање на простории и санитарна топла вода термички изолирани живеалишта), Подигнување на свеста за штедење на енергија кај населението: ( изработка на едукативен материјал за штедење на енергија, организирање на предавања во основните и средни училиштаза начинот и можностите за штедење на енергија, организирање на трибини за подобрување на енергетска ефикасност и користењето на обновливите извори на енергија.), Изработка на паноа и билборди за поттикнување на населението за штедење на енергија, Изработка на прирачник со конкретни примери за ефикасно користење на енергијата, остварување на енергетски заштеди преку постигнување на позитивни финансиски ефекти, Изработка на прирачник за користење на соларната енергија во домаќинствата, јавните и државни установи иприватните претприајтија: (можни начини на поставување соларни системи кај домаќинствата, јавните и државни установи и приватните претпријатија, примери за остварување на енеретски заштеди со користење на соларна енергија, вестициони можности за поставување на соларни системи, финансиски придобивки во користењето на соларната енергија) Промиција на активностите за зголемување на ебнергетската ефикасност преку печатените (дневни и неделени) медиуми и електронските медиуми (радио и ТВ).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009 година, ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрочувачка во Републиката.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци. За таа цел се предвидува учество на меѓународните конференции организирани од страна на ЕРРА, работните групи во Енергетската Заедница, воспоставување на билатерални соработки со други регулаторни тела од регионот и ЕУ.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на енергетската ефикансност во Република Македонија. Во 2009 година предвидено е вработување на четири лица, а во 2010 година се предвидени уште три нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ (2010-2011)**

**ПРАВНА РАМКА**

***1.Акт со кој се пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од од високоефикасни комбинирани постројки, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од од високоефикасни комбинирани постројки во вкупната потрошувачка на електрична енергија***

***2. Акт со кој се утврдува висината на инсталираната моќност на постројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од од високоефикасни комбинирани постројки.***

***3.Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност***.

По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност. Програмата ги дефинира мерките за унапредување на енергетската ефикасност, а особено содржи: - мерки, финансиски извори, услови за имплементација, индикатори за постигнување на резултатите, технички прописи и национални стандарди за енергетска ефикасност, други потребни податоци и носителите на активностите и роковите за реализација на предвидените активности. Програмата се донесува за период од пет години.

Министерството изготвува двогодишен извештај за реализација на Програмата и за напредокот постигнат во унапредувањето на енерегетската ефикасност и го доставува до Владата на Републиката и го објавува на својата веб страница.

Министерството за економија ќе ги следи новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2010-2011 година, во ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрочувачка во Републиката. . Заради спроведување на нејзините надлежности според Законот за енергетика и за Законот за основање на Агенцијата за енергетика, како и превземените обврски за спроведување на странските проекти во наредниот период од неколку години се планира нова систематизација на работните места и нејзино соодветно пополнување.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**1.Програма за подобрување на енергетската ефикасност на градежните објекти**
Во рамки на соработката на Министерството за економија и Австриската агенција за развој во завршна фаза се подготвителните активности за реализација на Програма за подобрување на енергетската ефикасност на градежните објекти со следните компоненти:

- *Компонанта 1:* Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за енергетика на Републиа Македонија;
- *Компонента 2:* Усогласување на националната законска регулатива со Директивата на ЕУ за енергетски карактеристики на згради и развој на потребни алатки за имплементација на регулативата;
- *Компонента 3:* Реализација на пилот проект за подобрување на енергетската ефикасност на објект од јавниот сектор и
- *Компонента 4:* Вклучување на факултетите со цел за обезбедување на одржливост на програмата на долг период.

Целокупната програма е предвидена да се реализира во наредниот период од четири години за што се предвидени грант средства од Австриската влада преку Австриската агенција за развој (АДА), а носител (имплементатор) на програмата ќе биде Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Австриската агенција за енергетика. Во дел од програмата предвидено е да се вклучи и UNDP за изработка на климатолошка мапа и катастар на државни објекти и објекти во сопсвеност на општините кои треба да бидат предмет на реконструкција со цел за зголемување на енергетската ефикасност.
Сите активности кои се предмет на реализација на ова програма ќе овозможат квалитетна примена на предметниот правилник со што треба да се постигнат и евидентни резултати во насока на остварување на енергетски заштеди во оваа област на среднорочен план.
За реализација на целокупната програма, треба да се склучи Договор за финансиска соработка меѓу Министерството за економија и Австриската агенција за развој (Австриска амбасада) и Работен договор меѓу Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на РМ со Австриската агенцја за енергетика, кои ќе бидат одговорни за имплементација на програмата во текот на 2009 година.

**2. ГЕФ Проект за одржлива енергија**
За реализација на проектот, на 26 февруари 2007 година потпишани се следните договори со Светска банка:
(1) Глобален еколошки фонд Договор за грант (Global Environment Facility Trust Fund Grant Agreement), склучен меѓу Министерството за финансии и Светска банка;
(2) АД МЕПСО Проектен договор (AD MEPSO Project Agreement), склучен меѓу АД МЕПСО и Светска банка и
(3) МБПР Проектен договор (PBDP Project Agreement), склучен меѓу Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) и Светска банка
(4)

- На 31.07.2007 година, грант средствата од ГЕФ (Глобален оеколошки фонд) во износ од **5.500.000 USD** станаа ефективни за реализација на проектот.

- Основната цел на проектот е поттикнување на инвестициите за зголемување на енергетската ефикасност (ЕЕ) и поголемо искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) преку отстранување на институционалните и финансиски бариери.
- За имплементација на проектот се користат средства за финасирање на следните компоненти:
  - **Компонента 1**: Техничка помош за подготвување на секундарната регулатува во областа на ЕЕ и ОИЕ и за изработка на проекти за ЕЕ и ОИЕ, која се имплементира преку Агенцијата за енергетика на Република Македонија, за што се предвидени грант средства во износ од **1.000.000 USD**.
  - **Компонента 2**: Развој и подршка на компанија за енергетски услуги – ESCO (МТ ЕСКО), со цел да се обезбеди таканаречено „финансирање од трета страна" за проектите од енергетска ефикасност, главно во јавниот сектор, за што се предвидени грант средства во износ од **800.000 USD.**

Со цел за овозможување на користење на овие средства беше предвидено формирање на МТ ЕСКО со заедничко вложување на АД МЕПСО и АД Топлификација АД – Скопје, компанија чија што задача ќе биде да им помогне на јавните институции да ја намалат потрошувачката на енергија.

Во рамки на Компонентата 3 од овој проект овозможено е да се добијат поволни кредити или кредитни гаранции за реализација на проекти за подобрување на енергетската ефикасност кај индустријата.

Од средината на 2007 година Агенцијата за енергетика го спроведува Проектот за одржлива енергија, преку грант од 5,5 мил. УСД, добиен од глобалниот еколошки фонд, а управуван од Светската банка. Основната цел на овој четиригодишен проект е да го развие пазарот на енергија во земјата, да ги зајакне институционалните и кадровски капацитети, да обезбеди функционирање на компанјата за енергетски услуги, МТ ЕСКО, да идентифицира, развива и оценува енергетски проекти кои би ги предложила до Македонската банка за поддршка на развојот и комерцијалните банки за финансирање.

Во 2009 година се очекува Агенцијата за енергетика, како национален координатор ќе почне да го спроведува проектот "Инвеститирање во енергетска ефикасност и ублажување на негативниот ефект на климатските промени", кој ќе биде финансиран од Обединетите Нации, UNECE. За почетната едногодишна фаза е обезбеден грант од 35 илјади УСД.

## 3.15.6 НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Моментално Владата нема никакви планови или декларации за користење на нуклеарната енергија освен користење на радиоизотопите во медицината и индустријата. Во Република Македонија не постојат никакви нуклеарни реактори ни истражувачки ни енергетски, па поради тоа не се користи нуклеарно гориво, што значи дека Македонија не увезува нуклеарно гориво.

Согласно постоечката законска регулатива во Република Македонија не се дадени овластувања во однос на купување, поседување и продавање на нуклеарен материјал, исто така не се дадени ни овластувања за физичко ракување со нуклеарен материјал.

Во Република Македонија не постојат истражувачки активности во областа на нуклеарната енергетика, како ни истражувачки реактори и не се планира нивна изградба, така што не се користи ни нуклеарно гориво за истражувања.
Република Македонија не е членка на Агенцијата за нуклеарна енергија на OECD и засега не постои намера за зачленување.

Согласно важечката регулатива во Република Македонија не постојат одредби за увоз, извоз и трговија со нуклеарна опрема, материјали, ново и истрошено нуклеарно гориво.Република Македонија не располага со постоечки капацитети за складирање на нуклеарен отпад, а не се планира ни складирање на ваков отпад во иднина.

Република Македонија нема потпишано меѓународни договори и конвенции за соработка на полето на нуклеарна енергија

## 3.15.7 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Дирекција за радијациона сигурност (ДРС)**, формирана согласно Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02 и 135/07), е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно законот, Дирекцијата за радијациона сигурност ги врши следните работи: ја води постапката на пријавување, издавање на дозвола

и контрола на изворите на јонизирачкото зрачење, ги утврдува интервентните нивоа и условите за радијациона заштита и сигурност; презема интервенции во случај на вонреден настан;.

Исто така Дирекцијата за радијациона сигурност води Национален регистар на изворите на јонизирачкото зрачење и на професионално изложени лица, како и регистар за нуклеарен материјал; врши надзор над стручната работа на правните лица кои работат со извори на јонизирачкото зрачење; се грижи за обука на одговорни лица за радијациона заштита и на лицата кои работат со извори на јонизирачко зрачење, иницира истражување во областа на заштитата од јонизирачко зрачење на радијациона сигурност и нуклеарна безбедност; воспоставува соодветен начин за информирање на населението во врска со заштитата од јонизирачкото зрачење.

Со цел заштита на населението од изложеност на јонизирачко зрачење, Дирекцијата за радијациона сигурност изработува План за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Македонија, заверува сертификати за присуство на радионуклиди во производите, планира и спроведува меѓународна соработка во областа на јонизирачкото зрачење, врши инспекциски надзор како и други работи во областа на заштитата од јонизирачкото зрачење.

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр 135/07), статусот на Дирекцијата за радијациона сигурност е допрецизиран како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и се наведени подзаконските акти кои Дирекцијата ги донесува.

Со самото тоа што согласно Законот Дирекцијата се дефинира како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, законот овозможува финансиска независност на Дирекцијата, додека всусшност Дирекцијата за радијациона сигурност сеуште не е издвоена како самостоен буџетски корисник со посебен раздел во буџетот на Република Македонија.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02 и 135/07) во ноември 2008 година е донесен нов ***Правилник за висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци*** (Службен весник на Република Македонија бр. 140/08). Со правилникот се регулира висината на трошоците за издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и лиценци за овластените стручни технички сервиси и на правните лица за деконтаминација.

**Национален регистар за извори на јонизирачко зрачење**
Ажурирање на Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење се врши постојано, со воведувањето на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

Во однос на реализација на **Проектот за изградба на склад за ниско и средно активен радиоактивен отпад**, во првата половина од 2008 година, Владата на Република Македонија донесе заклучок за локацијата за национален склад за складирање на ниско и средно активен радиоактивен отпад. Локацијата беше предложена од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност и Министерството за животна средина и просторно планирање. Локацијата беше посетена од страна на претставник – експерт од Меѓународната агенција за атомска енергија помеѓу 13 и 16 мај 2008 и од од страна на делегација на Европската комисија текот на месец септември 2008 година. Од двете експертски мисии дадени се високи оценки за изборот на локацијата за национанален склад согласно основните меѓународните стандарди за сигурност и безбедноост.

Дирекцијата за радијациона сигурност изработи нацрт Верзија на Правилниците и нивната нацрт верзија ќе биде дадена на мислење на експертите на Меѓународната агенција за атомска енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2008 година, согласно предвиденото од НПАА 2008, реализирани се 2 вработувања: 1 помлад соработник за мониторинг и вонредни настани и 1 помлад референт, додека во завршна фаза е реализацијата на 1 ново вработување: советник за меѓународна соработка.

Со реализирањето на вработување на советник за меѓународна соработка и европска интеграција во Одделението за управно-правни работи и меѓународна соработка, соработката со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) и ЕК значително ќе се подобри и се предвидува да бидат превземени дел од надлежностите од Министерството за образование и наука, од канцеларијата за врска со МААЕ при Министерството за образование и наука, надлежности кои се однесуваат на радијационата сигурност и заштита од радијација како и комунацијата која се однесува на оваа област.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Сл.весник на РМ бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2009 година ќе ги донесе следните подзаконски акти:

1. Правилник за критериумите во однос на просторните услови, објектите, материјално-техничката опрема и стручниот кадар на овластените стручни технички сервиси и на правните лица за деконтаминација, како и формата и содржината на барањето за издавање на лиценца и формата и содржината на лиценцата;
2. Правилник за формата и содржината на образецот на пријавата за извори на јонизирачко зрачење како и начинот и постапката за пријавување;
3. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на дозволата за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, формата и содржината на образецот на дозволата, како и начинот и постапката за издавање на дозволата;
4. Правилник за содржината на Програмата за радијациона заштита, планот за вонредни настани и програмата за обезбедување на квалитет и контрола на сигурност;
5. Правилник за граници на изложеност на јонизирачко зрачење и условите на изложеност во посебни случаи и во вонредни настани;
6. Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење за вршење на дејност со рендгенски апарати, акцелератори и други уреди кои произведуваат јонизирачко зрачење;
7. Правилник за здравствени услови за работа со извори на јонизирачко зрачење, како и мерките, содржината и начинот на вршење на здравствените прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење;
8. Правилник за производство, употреба, ракување, складирање како и увоз и извоз на радиофармацевтици;
9. Правилник за критериуми за иземање на извор на јонизирачко зрачење и исклучување на изложеност на дефиниран извор од контрола;

Нацрт верзиите на горе излистаните правилници ќе бидат дадени на мислење на експертите на Меѓународната агенција за атомска енергија, и согласно 52-та Генерална Конференција на МААЕ во Виена одржана во септември 2008 оваа активност е предвидено да биде реализирана во првата половина на 2009 година.

Приоритет на Дирекцијата за радијациона сигурност во 2009 година е издавање на дозволи (лиценцирање) на сите корисници на изворите на јонизирачко зрачење во медицината.

Во процесот кон приближување кон Европската унија, приоритет на Дирекцијата за радијациона сигурност во 2009 е преземање на активности за пристапување на Република Македонија кон Заедничката конвенција за безбедност на управувањето со искористени горива и безбедност на управувањето со радиоактивен отпад.

Логистичка подршка од Дирекцијата за радијациона сигурност за отпочнување со работа на Националниот склад за радиоактивен отпад (информирање на населението преку трибини; јавни настапи во медиуми со образложение дека складот спаѓа во мерките на заштита на населението од изложеност на јонизирачко зрачење и складот претставува сигурно и безбедно складирање на сите искористени извори на јонизирачко зрачење; лобирање во владини институции дека *согласно член 103 од ССА обврска на Република Македонија е соработка во полето на управувањето со радиоактивниот отпад, а согласно Партнерството за пристапување на Република Македонија (2008/212/ЕК) обврска на Република Македонија е изградба на соодветен склад за радиоактивен материјал и соодветно на тоа складот мора да биде изграден;* едукација и обука на кадар од страна на Дирекцијата и МААЕ кој ќе работи за потребите на складот како и низа активности кои ќе допринесат за исполнување на барањата за основните безбедносни стандарди).

Во насока на зајакнување на меѓуинституционалната соработка со релевантни институции од други држави, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе превземе соодветни активности за потпишување на Меморандум за соработка.
Исто така, во насока на зајакнување на меѓуинституционалната соработка со релевантни институции во Република Македонија, во текот на 2009 предвидени се активности за склучување на Меморандуми за соработка со институции надлежни за интервенција во случај на вонредни настани (Дирекција за заштита и спасување и др.).
За зајакнување на контролата на изворите на јонизирачко зрачење континуирано се предвидува извршување на следните активности:

- Континуирана контрола на извори на јонизирачко зрачење.
- Континуирана контрола на возила наменети за превоз на радиоактивни извори.
- Континуирана контрола на функционирањето на статичните панел детектори поставени на царинските испостави на граничните премини.
- Континуирана контрола на употребата на мобилните дозиметриски уреди од страна на царинските службеници и граничната полиција на граничните премини.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За 2009 година предвидени се нови вработувања во Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија, побарани беа 5.

Со цел зајакнување на капацитетите на Дирекцијата во 2009 година се предвидуваат активности за превземање на улогата на координатор и воспоставување на директна соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ)
Заради јакнење на капацитетот на Дирекцијата, исто така неопходно е превземање на активности за остварување на финансиска независност на Дирекцијата за радијациона сигурност, преку издвојување на Дирекцијата како самостоен буџетски корисник со посебен раздел во буџетот на Република Македонија издвоен од Министерството за здравство. Активностите што Дирекцијата за радијациона сигурност предвидува да ги превземе се разговори со Министерството за финансии – сектор Буџет и со министерот за финансии, разговори во рамките на Комисијата за интегрирано гранично управување, разговори со Секретаријатот за европски прашања, подготовка на информација со конкретен предлог за носење на заклучок или одлука на Влада за посебен буџетски корисник со посебен раздел во буџетот на Република Македонија.
Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2009 година предвидува реализирање на обука за радијациона заштита за припадници од Министерството за внатрешни работи (за припадници на Граничната полиција и за лица кои работат на безбедност во внатрешноста на Република Македонија).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Сл.весник на РМ бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2009 година ќе ги донесе следните подзаконски акти:
До првата половина на 2010, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе ги донесе и следните подзаконски акти:
1. Правилник за видовите на обуки и содржината на програмата за обука на одговорните лица за радијациона заштита и на лицата кои работат со извори на јонизирачки зрачења;
2. Правилник за максимално дозволени граници на испуштање на радиоактивни материи во животната средина, начин на вршење мониторинг, водење евиденција и поднесување извештаи;
3. Правилник за максимално дозволени количини на радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба;
4. Правилник за максимално дозволени количини на радионуклиди во металите, градежниот материјал, вештачки ѓубриња, пепел од термоелектраните и отпадниот материјал од рудници и топилници;
5. Правилник за критериуми за примена на извори на јонизирачко зрачење во медицината, ветеринарната медицина, фармацијата и стоматологијата;
6. Правилник за начинот и роковите на испитување на изворите на јонизирачко зрачење, мерење на изложеноста на пациенти при дијагностички и терапевтски постапки, водење на евиденција и поднесување на извештаи;
7. Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на професионално изложени лица, водење на евиденција и поднесување на извештаи;
8. Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на населението, водење на евиденција и поднесување на извештаи;
9. Правилник за начин на транспортирање на радиоактивен и нуклеарен материјал;
10. Правилник за категоризација на извори на јонизирачко зрачење, како и категоризацијата на радиоактивен и нуклеарен материјал;
11. Правилник за категоризација на радијациони и нуклеарни закани

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе ги реализира активностите кои ќе произлезат од потпишувањето на Меморандуми за соработка со институции во РМ и Меморандум за соработка со релевантни меѓународни институции.

Со цел поголема заштита на населението на Република Македонија, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изработи ***План за заштита на населението од штетно влијание од јонизирачко зрачење во Република Македонија.***

Врз основа на сублимираните резултати од спроведувањето на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност во периодот 2007-2011 да се пристапи кон анализа и проценка за евентуална потреба за носење на измени и дополнувања на Законот или носење на нов закон.

Во насока на зајакнување на меѓуинституционалната соработка со релевантни институции во Република Македонија, во текот на 2010-2011 предвидени се активности за склучување на Меморандуми за соработка со институции надлежни за интервенција во случај на вонредни настани (Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство и др.).

Зајакнување на контролата на изворите на јонизирачко зрачење е континуирана активност, која се предвидува да продолзи и во текот на 2011 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Дирекцијата за радијациона сигурност на РМ предвидено е јакнење на административниот капацитет на институцијата со вработување на нови лица во 2010 и 2011 година.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2010 година предвидува реализирање на обука за радијациона заштита за лицата одговорни за радијациона заштита во правните лица што користат извори на јонизирачко зрачење и во 2011 година обука за радијациона заштита и спречување на нелегална трговија на царинските службеници.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Проектот за изградба на склад за ниско и средно активен радиоактивен отпад е тековен проект. Локацијата за складот е избрана, во тек се подготвителните активности.

Во првата половина од 2008 година, Владата на Република Македонија донесе заклучок за локацијата за национален склад за складирање на ниско и средно активен радиоактивен отпад. Локацијата беше предложена од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност и Министерството за животна средина и просторно планирање и истата помеѓу 13 и 16 мај 2008 година беше посетена од страна на претставник – експерт од Меѓународната агенција за атомска енергија . Локацијата беше посетена од страна на делегација на Европската комисија на 09-11.09.2008 година. Од двете експертски мисии дадени се високи оценки за изборот на локацијата за национанален склад согласно основните меѓународните стандарди за сигурност и безбедноост.

Во периодот 24-28.11.2008 година, во рамките на TAIEX програмата во Дирекцијата за радијациона сигурност присуствува експерт од Европската комисија за разгледување на нацрт правилниците изработени од страна на Дирекцијата. По добивањето на позитивно мислење од страна на експертот, изработените подзаконски акти ќе бидат дистрибуирани до сите релевантни домашни институции на разгледување и усогласување.

TAIEX мисијата е реализирана со цел да се изврши проценка на усогласеност на нацрт правилниците изработени од Дирекцијата за радијациона сигурност врз основа на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02 и бр. 135/07) со законодавството на ЕУ.

Радиоактивните громобрани поставени во Република Македонија лоцирани се на индустриски објекти и објекти од јавен карактер (училишта, градинки, здравствени организации, јавни установи) На многу индустриски објекти во Република Македонија, на кои се поставени радиоактивни громобрани, во изминатиот период настапи промена на сопственоста, а одреден број на компании беа ликвидирани. Со промена на сопственоста многу од новите корисници не се запознати дека со превземањето на определен објект (погон, фабрика итн) купуваат и радиоактивен громобран. Согласно позитивните законски прописи, новите корисници имаат обврска за превземање на мерки за безбедност и сигурност на радиоактивните громобрани. Неспроведување на мерки на безбедност и сигурност на радиоактивни громобрани, може да доведе до неовластено демонтирање. На тој начин се зголемува опасноста на изложување на населението на штетното влијание на јонизирачкото зрачење како и контаминирање на животната средина. Во многу случаи радиоактивните громобрани завршуваат на пунктови за откуп на старо железо како отпаден материјал со можност да биде натоварен со останатиот метален отпад како секундарна суровина за извоз.

Со цел да се намали ризикот од потенцијална изложеност на населението и евентулна контаминација на животната средина со радиоактивни извори од радиоактивни громобрани се јавува потребата од нивно демонтирање, кондиционирање и сигурно складирање во склад за радиоактивни извори, согласно меѓународните стандарди и препораки. Согласно увидените потреби од соодветно отстранување на радиоактивните громобрани, а со цел заштита на населението од радиоактивни зрачења, ДРС како надлежен орган на ВРМ во полето на радијационата сигурност подготви Прелиминарна Проектна Идеја **„Демонтирање, кондиционирање и одлагање на радиоактивни гроомобрани“.** Истата идеја е доставена до релевантните институции на ЕК, под ИПА 2009 повекекорисничка.

Од страна на ЕК се изработени 6 проектни фишеа во рамките на Централизираните ИПА програми, дел 2 од хоризонталната програма за Нуклеарна безбедност и заштита од радијација. Проектите предвидуваат проценка на регулаторната инфраструктура во полето на радијационата заштита, проценка на потребите за јакнење на безбедност на

затворени радиоактивни извори, подршка на земјите од регионот за зајакнување на капацитетите за развој на регулативи за природно радиоактивни материјали и технолошки збогатени материјали, управување со медицинскиот радиоактивен отпад, проценка на потребите и предложените активности за зајакнување на капацитетите за спречување на нелегална трговија со радиоактивни извори, проценка на потребите и предложените акции за спроведување на мониторинг на радиоактивност во животната средина.  Реализацијата на проектите е започната.

## 3.16 ДАНОЦИ

### 3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ
**ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност (Сл. весник на РМ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 , 114/2007 и 103/2008).

Со овој закон како основен правен акт е уредено пресметувањето и плаќањето на данокот на додадена вредност при промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на:
1. Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавство на земјите членки во врска со даноците на промет – Заеднички систем на данокот на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и
2. Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во ЗДДВ, согласно со ЕУ актите се регулирани предметот на оданочување, даночен обврзник местото на прометот, даночната основа, даночните ослободувања, времето на настанување на даночниот долг, одбивката на претходниот данок, оданочувањето, регистрацијата, враќањето на данокот, административните обврски, пропишувањето на специјални шеми за оданочување за тур-операторите.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра (опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување и недвижностите потребни за вршење на стопанската дејност) кај кои со примена на механизмот на одбивка на претходниот данок се постигнува оданочувањето во целокупниот претприемачки домен да не доведе до даночно оптоварување. Согласно постоечката регулатива е постиганато оптоварување на целокупната приватана и јавна потрошувачка како и потрошувачката на деловните субјекти чии вкупни приходи не го надминале прагот на регистрација и доброволно не се регистрирани за целите на ДДВ, а со тоа и немаат можност да го користат правото на одбивка на претходен данок.

Заради продолжување на процесот на хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, поконкретно, усогласување на Законот на данокот на додадена вредност на Р.Македонија со Директивата 32006L0112 која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388, како и други акти на ЕУ, во тек е проект- Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, во кој е вклучена техничка и експертска помош од страна на GTZ (Германско друштво за техничка соработка).

Во рамки на овој проект, преку експертски дебати, се работи на утврдување на отстапувањата во однос на директивите на ЕУ и модернизација на Законот на данокот на додадена вредност на Р.Македонија.

Во текот на третиот квартал на 2008 година, а со примена од 27.08.2008 година, беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со кој се изврши намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% на следниве услуги: одржување на јавна чистота и отпремување на отпад, што е во согласност со Анексот 3 на Директивата 2006/112/ЕЗ на Советот од 28 ноември 2006 година за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност.

Во текот на третиот квартал на 2007 беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со кој се изврши намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% на следниве добра и услуги: (1) лекови и медицински помагала, (2) компјутери и софтвер за истите, (3) термални сончеви системи и компоненти и (4) превоз на лица и нивниот придружен багаж. Исто така во функција на поттикнување и отварање на перспективите за развој и унапредување на земјоделството, во четвртиот квартал од 2006 година се изврши намалување на стапката од

18% на 5% за определени групи на добра, кои се основни инпути во земјоделското производство. Сепак по однос на овие измени во Законот, треба да се има во предвид дека одредбите кои не се во согласност со acquis се со ограничен рок на примена, односно, повластената стапка од 5% за земјоделската механизација ќе се применува до 30.06.2010 година, а повластената стапка за компјутерите и софтверите и повластената стапка за термалните сончеви системи и нивните компоненти, ќе се применуваат до 31.12.2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за ДДВ, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската Управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Во текот на 2009 година ќе продолжи континуирано проучување на делови од директивите на ЕУ со кои не е усогласен системот за данокот на додадена вредност на Р.Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Во периодот од 2010-2011 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување на законодавството на ЕУ, што ќе резултира со измени и дополнувања на постојниот Закон за данокот на додадена вредност, во насока на усогласување на истиот со acquis.

Процесот на хармонизација особено ќе оди во насока на:

- Примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во Заедницата помеѓу даночните обврзници.
- Воведување на "посебните постапки на оданочување", преку внесување на посебни шеми за оданочувањето на:
    - инвестициското злато;
    - употребувани добра, уметнички предмети, збирки и старини;
    - услуги кои се извршуваат по електронски пат;
    - земјоделците.
- Хармонизација во поглед на полето на примена на одредбите на ЗДДВ во слободните зони и во делот кој се однесува на фактурирањето.
- Пропишување и изработка на сите обрасци , вклучително и на даночната пријава за ДДВ.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство со acquis, во делот на ДДВ, ќе бидат земени во предвид следните ЕУ акти:

1. Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања;
2. Директива на Советот 31969LO169 за хармонизација на одредбите кои се регулирани со закони, регулативи или административни мерки во врска со ослободување од данок на промет и акциза при меѓународни патувања и сите нејзини измени и дополнувања;
3. Осма директива на Советот 31979L1072 (Осма директива на Советот 79/1072/ЕЕЗ од 06 декември 1979, со сите измени и дополнувања, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на земјата);
4. Тринаесетта директива на Советот 31986LO560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);
5. Директива на Советот 31983LO181 (83/181/ЕЕЗ) со сите измени со која се утврдува опфатот на член 14 (1) (д) на Директивата 31977LO388 во врска со ослободување од данокот на додадена вредност за краен увоз на одредени стоки;
6. Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.
7. Директива 2006/79/ЕЗ од 5 октомври 2006, за ослободување од даноци за увоз на мали пратки на стоки за некомерцијални цели од трети земји.

**Сите измени и дополнувања на Законот заДДВ ќе се применуваат со влез во ЕУ.**

**СТРАНСКА ПОДДРШКА КАЈ ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Заради продолжување на процесот на хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, поконкретно, усогласување на Законот на данокот на додадена вредност на Р.Македонија со Директивата 32006L0112 , како и други

акти на ЕУ, започнат е проект- Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, во кој е вклучена техничка и експертска помош од страна на GTZ (Германско друштво за техничка соработка) врз основа на потпишаниот протокол за финансиско-техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија (мај 2007 год.).

Проектот започна во Декември 2007 и ќе трае до крајот на 2009 година. Во текот на 2008 година беа одржани повеќе работилници, на кои предмет на дискусија беа повеќе тематски области од постојниот закон за ДДВ во Р.Македонија и неговата усоглсеност со Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања.

**АКЦИЗИ**
ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**
Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005 и 88/2008), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.

Законот за акцизите е во голем обем хармонизиран со Системската Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи. Сегашните стапки за неколку акцизни производи се сеуште пониски од минималните барања на acquis-то

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската Управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ АКЦИЗИТЕ**
Во текот на 2009 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите на директивите на ЕУ со кои не е усогласен системот на акцизите во РМ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ АКЦИЗИТЕ**
Во периодот од 2010-2011 година ќе следи интензивен процес на усогласување на законот за акцизи со законодавството на ЕУ. Ќе се изврши усогласување со одредбите од Директивата на Советот за општите аранжмани за производите подложни на акциза и за чување, движење и следење на тие производи (31992L0012 со сите нејзини измени и дополнувања), пред се одредбите за акцизни складови, заради спроведување на режимот на суспендирање кој важи внатре во заедницата.

Истовремено, ќе се изврши усогласување со одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра (31992L0079, 31992L0080 и 31995L0059) и алкохолните пијалоци ( 31992L0083 и 31992L0084) со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со Директивите
Сите изменувања и дополнувања на Законот за акцизите ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА КАЈ АКЦИЗИТЕ**
Во областа на акцизите, техничката помош од Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ), како дел од проектот: „Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ„ ќе продолжи до крајот на 2009 година. .

### 3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ
**ДАНОК НА ДОБИВКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**Правна рамка**
Со Законот за данокот на добивка (Сл. весник на РМ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/2006 и 160/2007), се уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.

- Со Законот за данокот на добивка се дефинира: даночен обврзник, даночна основа, трошоци кои се признаваат како расход во даночниот биланс и влијаат на висината на остварената добивка, даночен третман на приходите од капитал

и на капиталните добивки и загуби, задржување на данок на приход исплатен на странски правни лица, даночни ослободувања и олеснувања, избегнување на двојното оданочување, утврдување и наплата на данокот на добивка, даночен период и казнени одредби.

- Со цел да се подобри инвестиционата клима во Република Македонија, односно да се поттикнат и стимулираат странските и домашните инвеститори да инвестираат во државата, во 2007 година се воведе рамен данок, Даночната стапка на данокот на добивка од 01.01.2008 година   изнесува 10%.
- Со измените во Законот за добивка (Службен весник на Р.Македонија бр. 160/2007 и 159/2008) трговските друштва кои остваруваат вкупен приход до 3000 000 денари на годишно ниво применуваат поедноставен даночен режим. За овие трговски друштва  даночната стапка на вкупниот приход  изнесува 1%.

**Институционална рамка**

Согласно Законот за данок на добивка, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за Јавни приходи.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Во текот на 2009 година ќе продолжи континуирано проучување на законодавството на ЕУ кое се однесува на  системот за данокот на добивка.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Во периодот од 2010-2011 година ќе следи процес на  усогласување на **законот за данокот на добивка** со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании  (31969L0335 - 32008L0007) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).

## ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**Правна рамка**

Законот за персоналниот данок на доход (“Службен весник на РМ“ бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/2006, 139/2006 и 160/2007), целосно го уредува оданочувањето на годишниот доход на физичките лица остварен како збир на нето приходи од сите извори и  тоа: лични примања, приходи од земјоделска дејност, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходи на кои се плаќа данок, со Законот е уредено  кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночните стапки, начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход,  жалбената постапка, обнова на постапката и казнени одредби.

Во функција на создавање услови за економски напредок на земјата, порадикално намалување на невработеноста и привлекување на странски инвестиции, во 2007 се воведе систем на рамен данок, со кој од 01.01.2008 година,  даночната стапка  на персоналниот данок на доход изнесува 10%.

Од 01.01.2009 година се воведе системот на интегрирана наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход од плата.

**Институционална рамка**

Согласно Законот за персоналниот данок на доход, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за Јавни приходи.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ  КАЈ ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Во текот на 2009 година ќе продолжи континуирано проучување на законодавството на ЕУ кое се однесува на системот на персоналниот данок на доход.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Во периодот 2010-2011 година  ќе следи процес на  усогласување на **законот за персоналниот данок на доход**  со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област - директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби,делумни поделби,

префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (31990L0434), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето надоходот на физичките лица, како и на Препораката (94/79 ЕС) за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во земја-членка друга (различна) од онаа во која се жители и Препораката (94/390 ЕС) за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби ќе се однесуваат на физичките лица -вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход.

Реализацијата на овие мерки ќе се одвива преку посебни проекти и учество на странски консултанти од земјите членки, со цел да се создаваат услови за вградување и имплементација на новите решенија усогласени со директивата (32003L0048) за оданочување на каматните исплати.

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата која се однесува на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати (од денарски депозити кај банки, од должнички хартии од вредност и од други финансиски побарувања), кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за каматите на физичките лица меѓу членките за нивните резиденти. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органите во земјите членки надлежни за директните даноци и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија по усогласување на домашното законодавство со ЕУ директивите, треба да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА КАЈ ДИРЕКТНИТЕ ДАНОЦИ**

Во правец на утврдување на отстапувањата на Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниотданок на доход во однос на директивите на ЕУ, одобрена е техничка помош во рамките на ИПА 2007 - компонента I во втората половина на 2009 година.

## 3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 33 Договори за одбегнување на двојното оданочување, и тоа со : Албанија, Австрија, Белорусија, Бугарија, Данска, Египет, Иран, Ирска, Италија, Катар, Кина, Латвија, Литванија, Молдова, Обединето Кралство на Велика Бријатнија и Република Ирска, Полска, Романија, Русија, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Тајван, Турција, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Швајцарија, Шведска и Шпанија а се применуваат уште 2 договори кои ги има преземено од СФРЈ и тоа со поранешна Чехословачка (во однос на Словачка) и Белгија. Од вкупниот број на 35 договори, 21 се со земјите членки на ЕУ.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

**ПРАВНА РАМКА**

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување економската соработка помеѓу државите договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот. Врз основа на овие договори се врши размена на информации со земјите со кои е склучен ваков договор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (шест регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (24) со вкупно 1.250 вработени (состојба на 30.09.2008).

Како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на взаемна размена на информации согласно Регулативата 32003R1798.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Забрзување на процесот на потпишување и ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со СР. Германија, Белгија, Луксембург, БиХ и Кувајт, како и забрзување на процесот за реализација на завршната фаза на усогласување на Договорите со Словачка и Мароко. Склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји членки на ЕУ како и други воневропски држави.
Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите членки на ЕУ и со други земји.

## 3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го одредува административниот капацитет на Управата за јавни приходи во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата за јавни приходи претставува Законот за Управата за јавни приходи.

Со Законот за Даночна постапка се создаваат единствени основи за општото даночно право и даночната управна постапка. Со него на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници и даночната казнена постапка и постапката за паричните казни. За примена на овој закон донесени се повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.

Со оваа правна рамка се обезбедува засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (пет регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8), 72 даночни шалтери со вкупно 1.254 вработени (состојба на 31.12.2008).

Управата за јавни приходи во насока на подобрување на услугите на даночните обврзници, зголемување на ефикасноста на контролата и зголемување на приходите по основ на сите јавни давачки, активно работи на операционализација на Стратешките цели, дефинирани во Стратешкиот план за период 2009 – 2011 година.
Стратешкиот план на Управата за јавни приходи е усогласен и произлегува од:
1. Стратешките приоритети на Владата на РМ
2. Имплементација на препораките од Подкомитетот за трговија. индустрии, царина и оданочување
3. Имплементација на Партнерство за пристапување на РМ.
4. Програма за поттикнување на инвестиции во Република Македонија 2007-2010

Со имплементација на стратешките цели се зајакнуваат административните капацитети на УЈП и се прошируваат функциите и надлежностите на овој орган, со што се обезбедува зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на РМ, подобрување на услугите кон даночните обврзници, развој на човечките ресурси и зајакнување на меѓународната соработка со органите и институциите од членките на ЕУ и земјите надвор од неа.

Проширувањето на функциите и надлежностите на УЈП се остварува преку воведување на интегриран систем на наплата на социјалните придонеси и даноците од 01.01.2009 год. Со ваквиот начин на работа ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста во наплатата на приходите и истовремено ќе бидат олеснети и поедноставени процедурите и обврските на даночните обврзници пред органите на државната управа.

Дизајнот на политиките на Управата за јавни приходи води кон централизација на надлежностите, а истовремено воведува високо децентрализирање на услугите на даночните обврзници. Оваа определба ја олеснува комуникацијата, даночен службеник-даночен обврзник, преку отварање на нови организациони ентитети кои се лесно достапни и целосно одговараат на потребите за давање на квалитетни и брзи услуги на даночни обврзници.

Отварањето на Контакт центарот овозможува централизирано имплементирање на податоците со кои располага базата на знаење на УЈП и директно применување на сите видови и начини на комуникација (контакт преку е-маил, пошта, телефон, итн.).

Во 2008 год. се операционализираше втората фаза од Проектот е-услуги за мали и средни даночни обврзници, а од оваа година УЈП ќе отпочне со подготовки, истите да бидат достапни и за физичките лица.

Надворешната контрола на даночната администрација во РМ ја зголеми својата ефикасност и ефективност со примена на ново дефинираните критериуми за ризик, како и операционализација на методологиите за контрола по видови на даноци. Континуираното обучување на даночните инспектори за примена на овие нови ИТ алатки ја олеснува имплементацијата на законските процедури за спроведување на надворешната контрола и овозможува следење на мерките за учинок кај секој инспектор поодделно. Позитивните искуства во функцијата на надворешна контрола беа презентирани на повеќе меѓународни форуми, конференции и работилници каде се оценети како високо професионални и модернизирани начини на контрола и истите ќе бидат преземени како модел кои ќе го имплементираат и даночните администрации од земји членки на ЕУ.

Воведувањето на системот за Централизирана обработка на податоци доведе до унифицирање на процесуирањето на даночните пријави. Крајната цел на овој Проект е издавање на сите видови на даночни решенија од едно место.

Во делот од Годишните даночни пријави, со упарување на податоците од трети страни се зголеми наплатата на персоналниот данок од доход и едукативно се влијаеше во насока на доброволно плаќање на обврските.

Превземените мерки од страна на УЈП за менаџирање со стариот долг, на краток рок резултираа со зголемена наплата по основ на сите видови на даноци.

Со цел, зголемување_на наплатата на заостанатите даночни долгови ќе се отвори Центар за впаричување на долг на национално ниво, со кој ќе се подобри наплатата на приходите од добра кој се запленети во процесот на присилна наплата.

2008 година ја одбележа и развојот на системот за аналитичко информирање за состојбите од работењето на функциите на УЈП - анализи, менаџерски извештаи, периодични извештаи и редефинирање на стандардите за мерење на учинок, Евиденциите и статистиките со кои располага Управата за јавни приходи, преку новиот начин на планирање на активностите, индиректно дадоа силна подршка на сите функции во оваа институција.

Во ниту еден момент не е заборавена основната цел на УЈП која води до модернизирање на даночната администрација, а тоа е да биде сервис на даночните обврзници.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети, и надградба на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните краткорочни приоритети:

1. Пресликување на позитивните искуства од Пилот проектот- Канцеларија за мали и средни даночни обврзници на целата териториија на РМ
2. Формирање на “Борд на даночни обврзници” во Дирекцијата за големи даночни обврзници
3. Креирање на нов ИТ систем за деловните процеси во УЈП
4. УЈП за развој на системот на внатрешна ревизија ќе спроведе серија обуки на внатрешните ревизори.
5. Проширување на интерконекцијата со трети страни за ефикасна и ефективна размена на податоци.
6. Развој и целосна операционализација на Канцеларија за комуникации и односи со јавноста
7. Обезбедување на сите технички предуслови за администрирање на социјалните придонеси во УЈП
8. Со цел имплементација на позитивните законски прописи во однос на водење на прекршочната постапка, УЈП изготвува Оперативна инструкција за водење на прекршочна постапка, акт за извршна постапка и Упатство за примена на Законот за даночна постапка.

9. Јакнење на капацитетот на надворешната контрола и развој на нови методи за борба против корупцијата и сивата економија.
10. Формирање на национален Центар за впаричување на долг.
11. Имплементирање на Програмата за развој на Контакт центарот.
12. Имплементација на Стратегија за регионална даночна академија
13. Имплементација на Стратегијата за човечки ресурси и акти за мотивација на вработените.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети, како и надградување на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните среднорочни приоритети:

1. Во рамките на функционирањето на системот за Централна обработка на даночните пријави за да се спроведе превземање на обработката од сите РД, ДО и ДГДО ќе биде набавен соодветен хардвер и софтвер, кој ќе овозможи скенирање и електронско архивирање на хартиените документи. За оваа опрема ќе се спроведе обука на вработените.
2. За воведување на интегриран информатички систем кој ќе биде зајакнат со силни безбедносни критериуми ќе се набават лиценци и ќе се спроведе миграција на податоците во новиот систем.
3. Планирано е спроведување на ИТ ревизија и изработка на интерни инструкции со проценети ризици, што ќе доведе до натамошно унапредување на системот за внатрешна ревизија.
4. Во овој период во целост ќе се имплементира проектот Е-услуги за даночни обврзници, што значи дека и на сите физички лица ќе им се овозможи електонски поднесување на даночните пријави.
5. За развој на комуникациските капацитети ќе се воспостави Интранет, Книга на графички стандарди и ќе се донесе План за комуникација во кризни ситуации.
6. За успешно администрирање на социјалните придонеси, системот за интегрирана наплата на придонесите и ПДД, ќе се интегрира во ИТ системот на УЈП со што ќе се овозможи развој на инструменти за администрирање и управување со информациите од системот.
7. Во овој период ќе продолжи воспоставувањето на партнерски однос со даночните обврзници од различни дејности и гранки преку Проектот за индустриско партнерство, чија крајна цел е зголемување на доброволното и законско исполнување на даночните обврзници.
8. Воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со други земји со цел одбегнување на двојното оданочување или неоданочувањето.
9. Се работи на создавање на хардверска и софтверска основа за електронска размена на податоците за даночни измами со релевантните домашни и странски институции, што треба да доведе до намалување на финансискиот криминал и даночните измами.
10. Се работи на формирање на Канцеларија за врски за размена на податоци од областа на ДДВ во рамките на ЕУ и создавање на соодветна хардверска и софтверска база за VIES и IMCS, со кој ќе се овозможи основа за унифицираната конекција за размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

ММФ – гранд од Холандска Амбасада - техничка поддршка за имплементација на програма за модернизација на УЈП (интегрирана наплата на социјални придонеси и персонален данок од доход, нови методологии за надворешна контрола, услуги на мали и средни даночни обврзници), од 2006 до 2010.

ГТЗ – легислатива, подзаконски акти на Закон за даночни постапки,

УНДП – Проект “e - accounting“

УСАИД – “е-услуги“ за мали и средни даночни обврзници и физички лица

Одобрен проект во рамки на ИПА 2007 – Развој на канцеларија за мали и средни даночни обврзници

Побаран е проект во рамки на ИПА 2009 за Подобрување на информациониот систем во областа на оданочувањето.

## 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

### 3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

***Закон за Народна банка на РМ***
Треба Министерство за финансии да стави текст за Законот на НБРМ
ЗАКОНОТ Е НОСИТЕЛ НА ОВА ПОДРАЧЈЕ

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***
Во декември 2007 година беше проширена основата за пресметка на задолжителната резерва, во денари и девизи со вклучување на сметки на кои се евидентираат кредити добиени од странски банки и други финансиски институции. За таа цел беше донесена *Одлука за задолжителна резерва на банки* ("*Службен весник на Република Македонија*" *бр.* 159/08). Оваа измена започна да се применува од 11 февруари 2008 година.

Во текот на 2008 година Народна банка продолжи да ги користи пазарно ориентираните инструменти на монетарната политика. Заради појасно сигнализирање на насоките на монетарната политика Народна банка во февруари 2008 година го промени типот на тендер на аукциите на благајнички записи, односно од тендер со каматни стапки премина на тендер со износи и однапред утврдена каматна стапка. Растечката екстерна нерамнотежа и притисоците што беа креирани на девизниот пазар, растот на инфлациските очекувања, како и пребрзиот раст на кредитирањето на населението беа фактори кои детерминираа преземање на мерки од страна на Народна банка во насока на поголема рестриктивност на монетарната политика. За таа цел, Народна банка неколкукратно ја зголеми каматната стапка на благајничките записи (од 5,08% на 5,25% во февруари, на 6% во март, и на 7% во мај). Покрај зголемувањето на каматната стапка на благајничките записи, Народна банка во јуни 2008 година ја зголеми и каматната стапка на ломбардниот кредит за 1 процентен поен односно од 7,5% на 8,5% (*Одлука за изменување на одлуката за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија,"Службен весник 73/08).*

Дополнително, во услови на рапиден пораст на кредитирањето на населението, во јуни 2008 година Народна банка воведе нов инструмент - задолжителен депозит кај Народна банка кој започна да се применува од август 2008 година. За таа цел беше донесена *Одлука за задолжителен депозит кај Народна банка на Република Македонија* ("*Службен весник на Република Македонија*" бр. 73/08). Механизмот на функционирање на овој инструмент се остварува преку издвојување на задолжителен депозит од страна на банките и штедилниците кај Народна банка, доколку растот на кредитите на население го надминува утврдениот пораст во однос на состојбата на кредитите на крајот на мај 2008 година. На издвоениот депозит Народна банка плаќа надомест од 1%.

Во насока на натамошно поддржување на развојот на меѓубанкарскиот пазар на депозити, во октомври 2008 година беа донесени *Правилата за пресметување и објавување на меѓубанкарската каматна стапка МКДОНИА (MKDONIA).* Така, од средината на октомври, Народна банка започна да пресметува и објавува меѓубанкарска каматна стапка преку ноќ, како индикатор за движењата на меѓубанкарскиот пазар на депозити.

По покренатата иницијатива на Народна банка во 2007 година, за усогласување на регулативата за пресметување на казнена камата за задоцнето плаќање во РМ со регулативата на ЕУ, како и врз основа на донесените измени во Законот за облигациони односи во јули 2008 година, Народна банка во октомври 2008 година донесе *Одлука за референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата ("Службен весник на Република Македонија" бр.* 139/08). Согласно оваа одлука, реализираната каматна стапка на последната аукција на благајнички записи во претходното полугодие се определува како референтна каматна стапка за пресметување на казнената каматна стапка во тековното полугодие. Референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата за прв пат ќе биде објавена на 01.01.2009 година, додека пресметувањето на казнената камата ќе се применува од 01.07.2009 година. На овој начин, со оваа одлука се овозможи усогласување на регулативата на земјата со директивата на ЕУ за спречување на задоцнето плаќање 2000/35/ЕС.

***Статистика***
Народна банка е надлежна за прибирање, обработка и објавување на податоци во областа на монетарната статистика. НБРМ разменува податоци со ДЗС од областа на монетарната статистика. Монетарната статистика во НБРМ се изготвува согласно Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ[11]. Монетарните прегледи

11 Monetary and Financial Statistics Manual, International Monetary Fund.

се изготвуваат во денари на месечна основа и се објавуваат најдоцна во рок од 30 дена по истекот на извештајниот месец. Покрај прегледите, НБРМ изготвува и одредени финансиски индикатори (каматни стапки на банките, каматни стапки на пазарот на пари, податоци за државни записи).

По првичното изготвување на новиот начин на презентирање на монетарните биланси согласно меѓународните препораки и стандарди, во 2008 година се работеше на автоматизација на стандардните презентации на билансот на НБРМ, банките, штедилниците и консолидираниот биланс на депозитните институции. Истовремено се реализираа активности во насока на подготовка на нови апликативни решенија согласно новиот сметковен план на банките.

Во делот на развојот на статистиката на финансиски сметки врз основа на расположливите податоци, се изготвија поедноставени агрегирани форми на матрици за паричните текови во економијата.

НБРМ е надлежна за прибирање, обработка и објавување на податоци во областа на статистиката на билансот на плаќање. Ваквите активности се вршат во соработка со Државниот завод за статистика. Платниот биланс се изготвува во согласност со Прирачникот за платно - билансна статистика на ММФ - V издание[12]. Податоците се изготвуваат на месечна основа и се објавуваат 75 дена по истекот на извештајниот месец, во САД долари, а од 2006 година и во евра.

Во 2008 година, во делот на натамошно унапредување и усогласување со меѓународните стандарди во платно-билансната статистика, беа детално анализирани резултатите од извршеното анкетно истражување за приватните трансфери. Добиените резлтати, иако обезбедуваат подобра основа за анализа и согледување на големината и ефектите од приватните трансфери, сепак тековно не беа ставени во функција на ревизија на постојниот податок и методологијата за приватни трансфери, бидејќи се работи за прво истражување од ваков вид. Се планира во наредниот период да се спроведе уште едно анкетно истражување за приватните трансфери (со кое би се подобриле и опфатот и квалитетот на прибраните податоци) со цел проверка на добиените резултати, што ќе овозможи и конкретна примена на резултатите во официјалната статистика на платниот биланс.

Во рамки на активностите за премин од хартиена во електронска достава на податоци, повеќето банки преминаа кон електронско известување за платниот промет со странство.

***ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА***

Согласно член 60 од Уставот на Република Македонија Народна банка е утврдена како емисиона банка која е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност за плаќањата во Републиката и кон странство. Согласно Уставот, организацијата и работата на НБРМ се уредуваат со закон.

Во согласност со Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/00) надлежна институција за подготовка на Законот за Народна банка е Министерство за финансии, предлагач е Владата, а Народна банка е надлежна институција за имплементација на законот, како и носител и надлежна институција на подзаконските прописи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
***ПРАВНА РАМКА***
*ДОНЕСУВАЊЕ НОВ ЗАКОН ЗА НАРОДНА БАНКА*
*(КОМЕНТАР МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ)*

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во текот на 2009 година Народна банка ќе продолжи да применува пазарни инструменти на монетарната политика. Во услови на глобална финансиска криза, Народна банка на континуирана основа ќе ја преиспитува поставеноста на монетарните инструменти со цел подобрување на нивната ефикасност.
Имајќи ја предвид донесената одлука за референтна каматна стапка која ќе се користи за пресметување на стапката на казнена камата, Народна банка во јули 2009 година ќе ја укине есконтната стапка.

***Статистика***

На полето на статистиката до крајот на 2009 година ќе се реализираат следните активности:

- Започнување со изготвување на извештаи за девизни резерви согласно прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves/Foreign Currency Liquidity);

12 Balance of Payments Statistics -V Edition, International Monetary Fund.

- Унапредување на статистиката на директни инвестиции;
- Натамошен развој на финансиската статистика.

**Финансиско сметководство**

Во доменот на финансиско сметководство со цел воведување на интегриран сметководствен систем во 2008 година се изработи Проект за изведба/ набавка на софтверско решение за интегриран сметководствен систем. Во првиот квартал од 2009 година треба да се објави тендер за набавка на интегриран сметководствен систем. Изборот на добавувач би требало да се изврши до крајот на септември 2009 година. Последниот квартал од 2009 година е планирано да се изработи blue print за имплементација на сметководствениот софтвер со избраниот понудувач.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

***ПРАВНА РАМКА***

***Усогласување со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ***

Јакнењето на институционалниот капацитет на НБРМ, во смисла на овозможување на повисок степен на усогласеност со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ претставува среднорочен приоритет, при што еден сегмент од неговата реализација ќе биде поддржан со "*Needs Assesment Project for the NBRM in the process of ECB and ESCB accession*", финансиран во рамки на ИПА 1 компонентата. Целта на овој овој проект е да даде оцена на јазовите во регулаторната и оперативната рамка на работењето на НБРМ во однос на работењето на ЕСЦБ и ЕЦБ, со што ќе се идентификуваат приоритетните области каде е потребно усогласување, а ќе се даде и рамка на активности и временска рамка, како и рамка на потребните финансиски средства и човечки ресурси за реализација на активностите. На ваков начин ќе се овозможи систематизирање на сите аспекти на процесот на регулативно и оперативно усогласување на работењето на НБРМ согласно фазите на ЕУ интеграцијата, а воедно ќе се воспостават и формални врски со институциите - партнери на НБРМ во процесот на интеграција.

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

На среден рок, Народна банка ќе го прилагодува монетарниот инструментариум согласно поставеноста и трендовите во евро зоната, понапредните транзициони економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Воведувањето на инструментот депозит кај Народна банка се планира на среден рок, имајќи предвид дека банкарскиот систем се одликува со структурен вишок на ликвидност.

***Статистика***

Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ЕСВ, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши прилагодувања.

- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци.
- Народна банка на Република Македонија ќе пристапи кон изготвување извештаи за девизни резерви согласно прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves/Foreign Currency Liquidity).
- Унапредување на методологијата за проценка на приватните трансфери во платниот биланс

***Финансиско сметководство***

Согледувајќи ја потребата дека НБРМ како членка на ЕСЦБ и ЕЦБ ќе известува и според Guideline of European Central Bank of 10 November 2006 on the Legal Framework for Accounting, во вториот квартал од 2010 година ќе се започне со анализа за разликите кои произлегуваат од примената на ИФРС стандардите и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување. Воедно ќе се подготви и План и динамика на активности за усогласување на евидентирањето и подготвувањето на финансиските извештаи на НБРМ во согласност со политиките на Европската Централна Банка.

Идентификуваните разлики се: правила за признавање на реализирани и нереализирани приходи, нови сметководствени правила за евидентирање на нови видови на монетарни инструменти, измени на дел од правилата на вреднување на билансните позиции, да се постигне дневно ажурно подготвување на билансот на НБРМ (сега е 15 во тековниот месец за претходниот), да се направат промени во начинот на финансиско известување и други промени. За реализација на овој Проект е потребна техничка помош од некоја од централните банки или од ЕЦБ.

За примена на сметководствените политики од ЕЦБ е неопходно сметководствениот систем на НБРМ да биде што поинтегриран. Веќе е планирано воведување на интегриран сметководствен систем, за што и се планираат финансиски средства, но сеуште не може да се предвиди вкупниот износ, како и фазите и динамиката на имплементација на интегрираниот сметководствен систем.

***СТРАНСКА ПОДДРШКА***

Во рамки на ИПА програмата (компонента 1) за 2009 година, предвиден е Проект за оцена на потребите за НБРМ во процесот на пристапување кон ЕЦБ и ЕСЦБ (Needs Assesment Project for the NBRM in the process of ECB and ESCB accession).

## 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

I. ТЕКОВНА СОСТОЈБА

***ПРАВНА РАМКА***

Макроекономска политика

Имајќи ги предвид моменталните состојби во Република Македонија во областа на анализата и известувањето за економските политики, неопходно е институционално јакнење за постигнување на следните цели:

- Унапредување на квалитетот на макроекономските анализи, моделирање и прогнозирање во националната економија, главно преку примена на финансиското програмирање, што ќе овозможи и поквалитетно „советување„ на Владата на Р. Македонија и дизајнирање на „оптимални„ економски политики и реформи и поквалитетна подготовка на стратешките документи (ПЕП, Макроекономска политика, НРП и слично);
- Развивање на пософистицирани методи и/или модели за планирање на буџетските приходи, во насока на унапредување на целокупниот буџетски процес и ефикасно искористување на расположивите ресурси.

Јавен долг

Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е

- Законот за јавен долг
- Закон за буџети
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа
- Стратегија за управување со јавен долг

Основни цели во управување со јавниот долг согласно Законот за јавен долг се:

- Стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и
- Развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар

На 9 јули 2008 година Собранието на Република Македонија донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 88/08). Со овие интервенции во правната рамка треба да се елиминираат одредени проблеми кои се појавуваа во начинот на прикажување на податоците за јавниот долг, начинот на задолжување на општините и јавните претпријатија односно трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата или општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, начинот на подготвување и содржината на Стратегијата за управување со јавниот долг, како и постапките на издавање на државни хартии од вредност и нивно предвремено откупување.

Задолжување во јавниот сектор може да биде во форма на заем од домашни или странски кредитори или во форма на државни хартии од вредност издадени на домашен или странски пазар.

Носители на јавниот долг согласно Законот за јавен долг се: Владата на Република Македонија, општините и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата како и Народна Банка на Република Македонија. При надворешното и домашното задолжување и при издавање на државни гаранции за надворешно и домашно задолжување согласно Законот за јавен долг потребно е добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии, а потоа и одобрение од Владата на Република Македонија. Понатаму, доколку се работи за надворешно задолжување и издавање на државна гаранција при надворешно задолжување потребно е усвојување на закон од страна на Парламентот на Република Македонија.

***ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА***

Во поглед на организационата структура на Секторот за управување со јавен долг, истиот е кадрово екипиран со 11 вработени лица и се состои од следните одделенија:

1. Одделение за задолжување и инвестиции (Front Office)
2. Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризиците (Middle Office)
3. Одделение за евиденција, следење и сервисирање на обврските по основ на јавниот долг (Back Office)

Секторот за управување со јавен долг во рамките на Министерството за финансии соработува и се координира со: Секторот за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Сектор Буџет и фондови, Сектор Трезор, Сектор за финансиски систем и Сектор за макроекономска политика. Додека, како институции со кои соработува Министерството за финансии при управување со јавниот долг се: Народна Банка на Република Македонија, Комисија за хартии од вредност, Централен депозитар за хартии од вредност, Македонска берза, деловни банки и други пазарни учесници.

Министерството за финансии има склучено договор за фискален агент со Народна Банка на Република Македонија за спроведување на аукциите на државните хартии од вредност и договор со Централниот депозитар на хартии од вредност за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државните хартии од вредност.

***II. КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
***ПРАВНА РАМКА***
За подобрување на правната рамка, во периодот кој следи се предвидува донесување на правилник за начин и постапка на задолжување на општините, јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Ова упатство ќе произлезе од Законот за јавен долг и ќе биде донесено како подзаконски акт по донесувањето на измените на Законот за јавен долг.

***ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА***
***<u>Макроекономска политика</u>***
На краток рок, ќе се доекипира Секторот за макроекономска политика согласно постојната систематизација и ќе отпочнат активности за развивање на финансиското програмирање и проектирање на буџетските приходи.

***<u>Јавен долг</u>***
Секторот за управување со јавен долг на крајот на 2008 брои 11 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, во одделението за задолжување и инвестирање и одделението за политики на управување со јавен долг и анализа на ризиците потребни се административни зајакнувања во текот на 2009 и 2010 година, за што се планирани две нови вработувања. Потребно е и дополнување на испразнетото место на раководител на Секторот за управување со јавен долг.До крајот на 2008 година се очекува импелементација на набавената софтверска апликација во која ќе се креира интегрирана база на податоци на целокупниот јавен долг на државата.

***III. СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
***ПРАВНА РАМКА***
Рамката која ја одредува политиката на задолжување во Република Македонија е Стратегијата за управување со јавен долг која се однесува на период од следните 3 години, а се донесува секоја година од страна на Собранието на Република Македонија. Сегашната стратегија за управување со јавен долг беше донесена на 24 јули 2008 година и се однесува на периодот 2008-2010 година.

Со неа е предвидена рамка на надворешно и домашно задолжување во период од 3 години како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

Согласно среднорочната стратегија за управување со јавниот долг, Министерството за финансии продолжува со издавање на државните хартии од вредност (ДХВ) и во наредниот период. Интенција е пред сè одржување на постојната рочност што значи редовна застапеност на државните записи (ДЗ) со сегашната рочност од 3, 6 и 12 месеци, како и зголемена застапеност и емисија на државните обврзници (ДО) од 2 и 3 години, со евентуална можност за емисија на ДХВ со подолги рокови во зависност од импулсите на пазарот. Од досегашното искуство на емитување на ДХВ се дојде до заклучок дека фрекфентноста на издавање на хартиите од вредност е соодветна на пазарните потреби и Министерството за финансии ќе продолжи со истата динамика. Нето емисијата на ДХВ и во текот на наредните години ќе се зголемува согласно планот и проекциите за емисија на ДХВ. Во однос на воведувањето на примарните дилери Министерството за финансии продолжи со мониторингот на банките учеснички на аукциите кој започна во мај 2006 година. МФ ќе донесе одлука за воведување на систем на примарни дилери, односно ќе селектира ограничен број на банки кои што ќе имаат екслузивно право да купуваат на аукциите на примарниот пазар на ДХВ, но истовремено и ригорозни обврски за пласман на ДХВ, за котација на секундарниот пазар, и сл. Министерството за финансии очекува дека примарните дилери кои ќе придонесат за зголемување на конкурентноста меѓу банките и ќе овозможат поефикасно спроведување на примарната емисија на ДХВ.

Со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и на долг рок со истовремено одржливо ниво на ризик, согласно Законот за јавен долг се дефинирани следните таргети:
1. Примарни цели

- Учеството на евро долгот во вкупниот надворешен долг во распон од 67-70% (со максимално дозволено отстапување од +/- 3 процентни поени)
- Постепено зголемување на учеството на денарот во вкупниот јавен долг и негово движење во распон од 9-18%(со максимално дозволено отстапување од +/- 2 процентни поени)

2.Секундарни цели

- Вкупен јавен долг во однос на БДП
    - Нивото на долгот на општа влада во наредните три години да не надминува 35% од бруто домашниот производ.
    - Нивото на јавен долг во наредните три години да не надминува 40% од бруто домашниот производ.
- Гарантиран јавен долг во однос на БДП
    - Износот на гарантираниот јавен долг да не надмине ниво од 6% од бруто домашниот производ во 2008 година, 5,6% во 2009 година и 5% во 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Макроекономска политика***

Доколку се обезбеди неопходната странска (експертска) помош, на среден рок значително ќе се зголеми капацитетот на Секторот за макроекономска политика за примена на финасиското програмирање при проектирање на макроекономските варијабли и оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки. Зголемената точност во планирањето на буџетските приходи ќе обезбеди подобрување на целокупниот процес на буџетско планирање и ќе овозможи порационално и попредвидливо планирање на буџетските расходи, со посебен фокус на приоритетите.

***Јавен долг***

По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата кое ќе се постигне во текот на 2009 и 2010 година, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

***IV. СТРАНСКА ПОДДРШКА***

Во текот на 2008 година, Секторот за управување со јавен долг користеше техничка помош во полето на управувањето со готовината (cash management) преку престој на консултант финансиран од страна на USAID ( проект за деловно опкружување ). Добиена е експертска помош за анализа на кредитните линии, со посебен акцент на општините, а беше помогната и изработката на водичот за инвеститори на Државни хартии од вредност. Од страна на USAID ( World Learning ) беше финансирана и студиска посета на Чешка, а најавена е и помош за Секторот за остварување на една студиска посета на Република Турција, која ќе биде остварена во текот на 2009. Во изминатава година, административните капацитети на вработените во Секторот за управување со јавен долг се зајакнаа преку неколку учества на конференции, обуки и семинари организирани од JVI Институтот во Виена, Меѓународниот монетарен фонд, ОЕЦД и Светска Банка. Овие соработки ќе продолжат и во текот на наредната година. Постојат и средства од грантот на Холандската Влада, кои ќе бидат искористени за обуки и консултации со експерти.

## 3.18 СТАТИСТИКА

### 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Програмата за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година, како најзначаен подзаконски акт за државната статистика, е донесена од страна на Владата на Република Македонија во јануари 2008 година ("Службен весник на Република Македонија"бр.11/08).

Во тек е анализа на стручно-методолошки прашања поврзани со Пописот на населението и домувањето, 2011 година, кои ќе бидат основа за подготовка на Законот за Попис на населението и домувањето во Република Македонија, 2011.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на Законот за државната статистика со регулативата на ЕУ во однос на користењето микроподатоци преку донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика
- Закон за Попис на населението и домувањето, 2011

**АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во март 2008 година, по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници, од страна на директорот на Државниот завод за статистика беа донесени новите акти за систематизација на работните места и за внатрешна организација и работа на Државниот завод за статистика. Со актите се предвидени 370 работни места. Во новата организациона структура за првпат се вклучени и посебни одделенија за човечки ресурси и за внатрешна ревизија, како и одделение за следење на статистичката програма и за стратешко планирање. Распоредувањето на вработените во согласност со новата организациона структура е реализирано од 1.05.2008 година.

Државниот завод за статистика во 2008 година ги реализираше планираните вработувања по НПАА за 2007 година - 12 лица и за 2008 17 лица. Во Заводот, во моментот се вработени вкупно -271 лица од кои 85 во регионалните одделенија.

Во областа на воспоставување на системот за пресметка на трошоци, беа дизајнирани и имплементирани два модули од ИТ системот. Во моментов во тест фаза е модулот за евиденција на печатењето и распоредување на трошокот за печатење во соодветната единица на трошок. Исто така, завршен е и модулот за евиденција на активностите во текот на работното време и група од 20 вработени го тестира системот од аспект на функционалноста, а истовремено и комплетноста на понудените каталози.

Буџетот на Државниот завод за статистика во 2008, во споредба со 2007, беше зголемен за 15%.
Во согласност со планот за обука за 2008, ДЗС организираше 11 предавања, реализирани од страна на своите вработени, од кои 5 in-house и 6 in country. Предавањата се однесуваа на различни теми: инпут податоци за националните сметки, скрининг, зајакнување на претставата и практиката за следење на квалитетот, систем за пресметка на трошоци, подготовки за Пописот на населението, 2011, пописна картографија, тимско работење, подготовка на стратешки план, регионални сметки и индикатори за одржлив развој, работни односи, инпут-аутпут табели и методологија за статистика за станови и домување. Во просек, на предавањата учествуваа по 26 лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Зајакнување на административните капацитети на ДЗС:
  - Зголемување на буџетот за 14,6 % во однос на 2008
  - Вработување на 23 лица во 2009 г.
- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање,буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Пилот-примена на системот за буџетирање и следење на трошоците по активности
- Намалување на товарот на извештајните единици:
  - Анализа на состојбите
  - Подготовка на предлог-документ со акционен план
- Обучен кадар за релевантни методи и процедури и за информатичка поддршка

(продолжува и како среднорочна активност):
  - Обуки за релевантни методи и процедури

- Учество на меѓународни состаноци организирани од Еуростат и други институции

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Зајакнување на административните капацитети на ДЗС:
  Вработување на 22 лица во 2010 г.
  Вработување на 10 лица во 2011 г.

**ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**А. ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Изготвена е политика за раководење на квалитетот во ДЗС. Нацрт-извештаите за квалитет за Анкетата за работна сила и за Анкетата за користење на информатичко-комуникациските технологии кај деловните и финансиските субјекти се евалуирани од страна на колегиумот на ДЗС и од страна на експерти од Еуростат и се дооформени. Во подготовка се два нови извештаи за квалитет - за истражувањето за годишниот индекс за индустриско производство и за кварталното истражување за додадена вредност.Од индикаторите за квалитет што се применуваат во ЕСС (Европскиот статистички систем), во Заводот континуирано се пресметуваат варијансите и коефициентите на варијација за сите примерочни истражувања, како и стапките на (не)одговор. Се посветува и особено внимание на навременоста и запазувањето на предвидените рокови (timeliness and punctuality) .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Изготвување на извештаи за квалитет на истражувањата преку:
  - Подготовка на методолошко упатство за подготовка на извештај за квалитет
  - Изготвување на извештаи за квалитет за минимум уште две нови статистички истражувања

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци преку:
  - Примена на препораките на ЕУ за квалитет на статистичките истражувања и на статистичките податоци
  - Развивање на Кодекс на работа ( Code of practice)
  - Развивање на систем за следење на процеси
  - Развивање на систем за самооценување

**Б. ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ НА ДЗС**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во областа на техничката инфраструктура целосно е реновирано ИТ опкружувањето во централниот завод за статистика и во осумте регионални одделенија. Миграцијата од комплетно технолошки застарениот Windows NT на Windows 2003 која започна кон крајот на 2007 година, заврши во септември 2008. За значително подобрување на сигурноста на мрежата и податоците применет е Windows Active Directory. Покрај замената на серверите кои беа десетина години стари, заменети се и голем број на персонални компјутери, така што сега најстарите компјутери во ДЗС се од 2003 година. Исто така, и условите во серверската сала се подобрени со инсталирање на нов систем за ладење, а опремата е заштитена од пренапони и испади на електричната мрежа со нов систем за непрекинато напојување.

Во поглед на ИТ системите за поддршка на статистичките истражувања, околу 20% од апликациите за внес на податоци се преработени од MS Access во Blaise.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Преработка на апликациите за поддршка на статистичките истражувања со современи алатки според европските стандарди, развој на апликации за прибирање на податоци преку интернет.
- Развој на стандардизирани апликации за планирање, следење на активности, правење извештаи и слично.
- Воспоставување на заеднички стандарди и методи во работењето.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Одржување континуитет во осовременувањето на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација, преку:
  - Делумна надградба на информатичката инфраструктура и софтверските алатки;
  - Преработка на апликациите за поддршка на статистичките истражувања со современи алатки според европските стандарди, развој на апликации за прибирање податоци преку интернет.

**В. ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во ДЗС е инсталиран софтверот од Еуростат eDAMIS Web Application – eWA. Во ДЗС континуирано се зголемува бројот на дата сетови кои се пренесуваат до Еуростат преку единствената влезна точка (Single Entry Point - SEP) со употреба на eWa алатката. Изработени се првите софтверски апликации за транскодификација на податоците од Анкетата за работна сила и податоците се доставени до Еуростат.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Понатамошно зголемување на бројот на дата сетови кои се доставуваат до Еуростат преку единствена влезна точка со користење на продуктите и алатките на Еуростат за пренос на податоци;
- Изработка на софтверски апликации за транскодификација на податоците кои се доставуваат до Еуростат за нови статистички истражувања (Анкета за потрошувачка на домаќинствата).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Интегрирање на податоците во дата базите на Еуростат со прифаќање на стандардите за пренос на податоци и метаподатоци;
- Имплементација на ЕУ стандардите за размена на податоци и метаподатоци.

**Г. РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Постоечката метабаза што содржи основни податоци за организациската структура, статистичките истражувања и публикуваните документи, како и релациите помеѓу нив, континуирано се ажурира, а расположливите метаподатоци се користат во продукциски цели за подготовка на Годишната програма за статистички истражувања, како и во одделни модули во системот за пресметка на трошоци.

Процес на континуирано следење на развојот на метадата методологијата во меѓународни рамки и усвојување на методи и техники за дефинирање на метамоделот во ДЗС.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Подготовки за развој на централната база на метаподатоци во ДЗС;
- Реализација на активностите според деталната временска рамка;
- Опис на моделот за имплементација на регистарот на варијабли и креирање на моделот на централната метабаза;
- Подготвен попис на хармонизирани варијабли за значаен дел од статистичките истражувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Спецификација и имплементација на ИТ систем за регистрирање на варијабли;
- Истражување на можностите за развој на метадата управувана апликација за внес на податоци од статистички истражувања.

**Д. ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Направен е помошен образец за Анкетата за работна сила кој овозможува следење на лицата во ротациониот примерок, во текот на годината. Благодарение на краткорочните квартални прогнози по региони, по пол и по возраст, се прави калибрација на податоците од анкетите за работна сила и потрошувачка на домаќинствата со помош на САС (Statistical Analysis System) макрото CALMER.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Организација и воведување на програми за обука и техничка помош за теорија за дизајнирање примерок;
- Дизајнирање на примерок за СИЛК (Survey on Income and Living Conditions) и развивање на метод на естимација (создавање на пондери и пресметување на грешки).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Организација и воведување на програми за обука и техничка помош за теорија за дизајнирање примерок;
- Софтвер за дизајнирање и процесирање на примерочни истражувања за растително производство.

**Ѓ. СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Статистичката доверливост е едно од начелата на државната статистика. Доверливост значи дека доверливоста на податоците кои се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања е апсолутно загарантирана и податоците се користат исклучиво за статистички цели .

Легални основи со кои се уредува заштитата на личните податоци и статистичката доверливост се:
Законот за државната статистика („Сл.весник на РМ“ бр.54/97 и бр.21/2007) и Законот за заштита на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр.07/05 и 103/08).

Сигурноста на информатичкиот систем во ДЗС е имплементирана во секојдневната пракса и таа вклучува:

- Физичка сигурност;
- Сигурност на податоците и мрежата;
- Сигурност на комуникациите.

Физички мерки за заштита се: лица за физичко обезбедување, заштитни врати каде што пристапот е регулиран со пристапен код, а постои и видео надзор, контејнери и сефови за чување на оптичките и магнетните медиуми со податоци.

Сигурноста на податоците и на мрежата е обезбедена со обука и градење на свеста за заштита кај задолжените вработени кои следат точно утврдени процедури.

Во ДЗС постои пропишана процедура за дневни бекапи кај внесот на податоци како и бекапи пред и по ажурирањето на регистрите и другите бази на податоци. Постои и процедура за архивирање на податоците и апликациите по завршувањето на секое статистичко истражување. Архивираните податоци и бекапите се чуваат во огноотпорен сеф во зградата на ДЗС, како и во сеф на друга локација.
Исто така, дефинирана е процедура за редовен системски бекап на серверите.

Пристапот до базите на податоци се ограничува и контролира со автентификација и авторизација.

Windows2003 Active Directory е применет за обезбедување на заштита на мрежата и регулирање на селективен пристап до мрежните ресурси. На секој од вработените им се алоцирани корисничко име и лозинка со кои може да пристапат само до одредени мрежни ресурси, според однапред дефинирана политика за различни категории (администратори, оператори, корисници).

Вработените пристапуваат до интернет преку MS ISA (Microsoft Security and Acceleration Server), што значи дека ниту еден компјутер од локалната мрежа нема директен пристап до интернет.

Заштитата од вируси е обезбедена со софтверот McAfee Total Protection кој е инсталиран на засебен сервер и дневно се ажурира.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Континуирана работа на подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Имплементација на меѓународни стандарди за заштита на информациски системи:
    - проучување и имплементација на SDC (Statistical Disclosure Control) методи со изработка/прилагодување на соодветен софтвер.

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Дисеминацијата на статистичките податоци треба да овозможи пристап и користење на статистичките податоци од страна на корисниците во земјата и во странство. Статистичките податоци се достапни до корисниците преку повеќе форми - печатени публикации со различна периодика, веб-дисеминација и подготовка на податоци според потребите на корисниците.
Во текот на 2008 година, во областа на дисеминацијата на статистичките податоци се реализирани следните активности:

- Набавка на софтверската алатка PC Axis - софтвер за дисеминација;
- Дисеминација на податоците од Пописот на земјоделството, 2007 во PC Axis и електронски публикации со дефинитивни резултати од Пописот на веб-страницата на ДЗС;
- Примена на редизајнираната едиција Соопштенија од содржински и од технички аспект;

- Обезбедување на електронска форма на обрасците за статистички истражувања на веб- страницата, како почеток на електронското прибирање на податоци;
- Дефинирање на документ за редизајн на веб-страницата ( содржински и технички аспект);
- Подготовка на неколку нови и промотивни изданија на определени теми за корисниците;
- Испратена е до ММФ ажурираната верзија на метадата од GDDS (General Data Dissemination System)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Реализација на Стратегијата за дисеминација на податоци:
    - Основна цел на стратегијата за дисеминација е да се обезбеди јавност и еднаков пристап до корисниците на производите и услугите на Државниот завод за статистика. Во неа се вклучени формите и методите на дисеминација што ќе ги реализира Државниот завод за статистика во следниот тригодишен период. Бидејќи периодот на нејзина примена се ближи, ќе биде направена евалуација на нејзиното исполнување и ќе биде подготвен нов документ.
    - Со оваа Стратегија се настојува да се оствари конзистентност на македонскиот систем за дисеминација со европската статистичка пракса.
    - Клучен аспект треба да биде развојот на веб-дисеминацијата.
    - Јакнењето на соработката со средствата за јавно информирање е од посебен интерес и во таа насока, во почетокот на 2008 г. отпочна примената на редизајнираните соопштенија.
    - Со цел зголемување на употребата на статистичките податоци, потребно е да се започне со активности за зголемување на статистичката писменост.
    - Продолжува и како среднорочен приоритет.

- Јакнење на довербата во официјалната статистика:
    - За да се оствари исполнување на стратешката цел на институцијата за јакнење на довербата, од приоритетно значење е да се добијат сознанија за корисниците на податоци и услуги на Државниот завод за статистика. Во таа насока се планира да се спроведе Анкета за мерење на задоволството на корисниците и врз основа на добиените резултати да се пристапи кон редефинирање на формите и содржините на дисеминационите продукти.
    - Довербата во официјалната статистика треба да се зајакне со јакнење на сигурноста кај јавноста дека нивните податоци не се злоупотребуваат, но и да се дефинираат правила за пристап до податоците за научно-истражувачки цели и во таа насока треба да се дефинира Политика за пристап до микроподатоци.
    - Продолжува и како среднорочен приоритет.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Реализација на Стратегијата за дисеминација на податоци
- Јакнење на довербата во официјалната статистика
- Воспоставување соработка со другите учесници во статистичкиот систем во доменот на дисеминацијата:
    - Конзистентноста на македонскиот статистички систем треба да се оствари и во доменот на дисеминацијата. Во таа насока потребно е да се воспостави соработка со учесниците во статистичкиот систем и да се обезбеди примена на европските начела за дисеминација и кај другите учесници во статистичкиот систем.

## 3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Интензивирани се активностите за усогласување на Националната класификација на дејности НКД Рев.1 со европската класификација на економски дејности NACE Rev.2 (Nomenclature of Economic Activities in the European Community). Во ноември 2008 , Владата ја донесе Националната класификација на економски дејности како национален стандард и нејзината имплементација ќе започне од 1. 01. 2009.

Во тек се активностите за усогласување на:

- Националната номенклатура на индустриски производи со Европската номенклатура PRODCOM (PRODuction COMmunautaire);
- Националната класификација по производи со Европската класификација CPA (Classification of Products by Activity).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на стандарди:
    - Одлука за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи ННИП од страна на Владата на РМ
    - Одлука за утврдување на Националната класификација по производи – КПД

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Континуирано усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на стандарди:
  - Одлука за утврдување на Националната класификација на занимања - НКЗ со меѓународната класификација на занимања ISCO –08 (International Standard Classification of Occupations)

**РЕГИСТРИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Државниот завод за статистика во тек е процесот на воспоставување и водење на статистичките регистри.

Дефинирана е содржината на Статистичкиот деловен регистар(СДР): статистички единици (правна единица, претпријатие и локална единица), варијабили за секоја единица и релациони врски меѓу единиците во СДР. Подготвени се методолошките инструменти за спроведување на Пописот на деловните субјекти. За тестирање на методолошките инструменти, во мај 2008 година беше спроведен Пилот-попис на деловните субјекти.

Во септември 2008 година се спроведе Пописот на деловните субјекти. Пописот се спроведе по пат на пошта, т.е. пописните обрасци се доставија до деловните субјекти по пошта. Пописот е добра основа за проверување на точноста на податоците во Статистичкиот деловен регистар и за нивно ажурирање. Со оваа масовна статистичка активност се тестираше нацрт-верзијата на Националната класификација на дејностите во делот на кореспонтентните табели.

Во тек се активностите за прибирање на статистичките обрасци од терен и обработка на пописниот материјал.

Започнати се активностите за воспоставување на статистички Регистар на фарми. Утврдени се единиците на Регистарот на фарми., како и варијаблите кои ќе бидат вклучени во него.

**Статистички регистар на население (СРН)** - во тек е подобрување на методолошките основи и функционалноста на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки.

**Статистички регистар на просторни единици (СРПЕ)** - Од 1.01.2008 година почна да се применува новата Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС усвоена од Владата во декември 2007 година. Според Законот за катастар на недвижности (донесен во март 2008 година), Регистарот на просторни единици, кој го водеше Државниот завод за статистика, преминува во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности (АКН).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Активности за ослободување на Државниот завод за статистика од административните и управните функции и целосно насочување кон основната дејност. Активностите ќе се реализираат преку:
  - Трансфер на методолошко-организационата и техничката обработка на податоците од Избирачкиот список во ДИК.

(продолжува и во среднорочни приоритети)

- Воспоставување, водење и ажурирање на Статистичкиот деловен регистар (СДР) - преку следните активности:
  - Прераспоредување на деловните субјекти во СДР според Националната класификација на дејностите НКД Рев.2;
  - Контролирање и коригирање на дејноста на деловните субјекти;
  - Подготовка на процедури за ажурирање на правните единици, претпријатијата и локалните единици;
  - Воведување на група на претпријатија (продолжува и во среднорочни приоритети);
  - Воведување на демографија на претпријатија (продолжува и во среднорочни приоритети).

- Воспоставување и ажурирање на статистички Регистар на фарми (поставување на симплифицирана типологија на фарми)
- Водење и ажурирање на статистичкиот регистар на население
  - Подобрување на методолошките основи и функционалноста на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Статистички регистар на просторни единици:
  - Подготвување на изводи од Регистарот на просторни единици за спроведување и обработка на статистичките истражувања;
  - Подготвување на тематски карти за разни публикации и други потреби;
  - Следење на промените во националната и европската легислатива.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Надградба на Статистичкиот деловен регистар (СДР) преку воведување на група на претпријатија
- Воведување на демографија на претпријатија
- Развивање и континуирана надградба на функционалноста на статистичкиот Регистар на фарми.
- Трансфер на Регистарот на население во МВР
- Трансфер на административниот регистар на просторни единици во Агенцијата за катастар на недвижности (АКН)
- Подготвување методолошки основи за водење на статистичкиот регистар на просторни единици согласно administстартивниот регистар на просторни единици
- Воспоставување и водење на статистичкиот регистар на просторни единици

## 3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

**3.1. ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во рамките на **статистиката на населението:**
Изработени се и направена е анализа на краткорочните (квартални) прогнози на населението, по региони, по пол и по возраст, за првите два квартали од 2008 г .

Во однос на проекциите на населението, 2005-2055, направена е пресметка и подготвена е нацрт-верзија на публикацијата Анализа на движењето на факторите на демографскиот развој.

Во рамките на подготовките за идниот Попис на населението и домувањето, 2011, подготвен е Глобалниот план на активности за Пописот 2011, дефиниран е сетот на главни и споредни белези за Пописот, а врз основа на меѓусекторската соработка со серија на презентации одржани во ДЗС и во соработка со надворешните корисници.

Во соработка со UNFPA е организирана регионална работилница за примена на меѓународните препораки за идниот Попис , 2011 г.

Подготвена е нацрт-верзијата на методолошките инструменти за спроведување на Пробниот попис во 2009 г.
Во однос на статистиката на миграции на странци, во текот на 2008 година податоците се прибираа и по пат на прашалници и преку базата на податоци од МВР и направена е целосна анализа за користење на податоци од административниот регистар за странци од МВР.
Во рамките на **статистиката на социјалната заштита** потребно е интензивирање на соработката со институциите заради проучување и имплементација на методологијата ESSPROS.

**Анкета за работната сила** (АРС) во Република Македонија – Извршено е подобрување на содржината на прашалниците како и евалуација на репрезентативноста и големината на примерокот и квалитетот на податоците на регионално ниво. Направени се експериментални пресметки на податоците на регионално ниво за 2004, 2005 и 2006. Во согласност со стандардите на ЕУ
направена е транскодификацијата и извршена е трансмисија на податоците од АРС за 2006 г. до Еуростат.
Подготвена е и транскодификацијата на податоците од АРС за 2007 г.

**Цена на трудот -** Пресметан е индексот на цената на трудот за 2007 и за првите два квартала од 2008 г. врз база на податоците за платените работни часови од месечното истражување за вработени и плати.

**Анкета за потрошувачката на домаќинствата -** Направени се експериментални пресметки на годишно ниво по региони за 2004, 2005 и 2006. За подобрување на квалитетот на резултатите од Анкетата на регионално ниво и по квартали, во 2007 година е редизајниран примерокот, а при обработката на податоците за 2007 ќе биде извршена и калибрација. Направена е транскодификација на податоците од АПД за 2005 година во согласност со препораките и стандардите за трансмисија на податоците до Еуростат.

**Анкета за користење на времето -** Направени се сите подготвителни активности за нејзино спроведување во текот на 2009 година. Подготвени се обрасци и методологија во согласност со најновите препораки и стандарди на Еуростат.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Трансмисија на податоците до Еуростат во согласност со стандардите на ЕУ
    - Транскодификацијата на податоците од АРС за 2008 и нивна трансмисија

    - Трансмисија на податоците од АПД за 2005
    - Обезбедување на податоци за користење на времето
    - Спроведување на Анкетата за користење на времето
- Реализирање на глобалниот план за спроведување на Пописот на население и домување, 2011 (продолжува и во среднорочните приоритети)
    - Спроведување на Пробен попис на населението и домувањето, 2009
    - Подготовка на пописната картографија со користење на новата расположлива технологија
- Подготовки за спроведување на Пилот-анкета за приходи и животен стандард – СИЛК (Survey on Income and Living Conditions) преку:
    - Проучување на методологијата и подготвување на инструменти
    - Спроведување на Пилот-анкета за приходи и животен стандард - СИЛК
- Подготовка и објавување на публикација за проекции на населението на регионално ниво преку:
    - Објавување на публикација
- Проучување на методологијата ESSPROS (European System of Integrated Social Protection Statistics) – надлежни институции МТСП; ФЗОРМ; ФПИОРМ во соработка со ДЗС, преку:
    - Интензивирање на активностите на работната група за ESSPROS
    - Подготовка на план на активности
- Спроведување на истражувањето за плати во јавниот и во приватниот сектор

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Континуирана трансмисија на податоци до Еуростат во согласност со стандардите на ЕУ
- Транскодификација на податоците од Анкета за цена на труд за 2008 и нивна трансмисија
- Спроведување на активности за идниот Попис на населението и домувањето, 2011
    - Подготовка на оперативен план за организација и спроведување на Пописот на населението и домувањето, 2011;
    - Подготовка на методолошките материјали и инструменти за спроведување на Пописот, 2011
- Спроведување на пилот-анкета за континуирана стручна обука (CVTS - Continuous Vocational Training Survey), преку:
    - Проучување на методологијата и подготовка на инструменти
    - Подготовка на план за организација и спроведување
    - Спроведување на пилот-анкета
- Примена на методологијата ESSPROS – надлежни институции МТСП; ФЗОРМ; ФПИОРМ во соработка со ДЗС, преку;
    - Пресметка на трошоците за социјална заштита по категории корисници според ESSPROS
- Подготовки за спроведување на истражувањето Структура и дистрибуција на заработувачката, преку:
    - Проучување на регулативите и стандардите на ЕУ и подготовка на методологија и инструменти
    - Спроведување на пилот-истражување
- Подготовки за спроведување на Анкета за приходи и животен стандард – СИЛК преку:
    - Проучување на методологијата и подготвување на инструменти:

## 3.2. СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во согласност со предвидената динамика, во текот на 2008 година, во областа за статистиката на отпад се спроведени активности за подготовка на методолошки инструменти за пилот-истражување за отпадот во индустријата. Подготвен е прашалник, методолошко упатство и класификација на видовите и категориите на отпад, усогласени со европската регулатива за отпад 2150/2002.
Спроведено е пилот-истражување врз основа на примерок.
Во тек е подготовка на апликација за внес и обработка на податоците.

Во текот на 2008 година е направена комплетна ревизија на прашалникот за комунален отпад и тој е усогласен со европските стандарди.

Во областа на статистиката на вода, ревидирани се дел од истражувањата и извршено е усогласување на прашалниците со стандардите на ЕУ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2009 година се предвидени активности во областа за статистиката на отпад, и тоа:

- Подготовка и спроведување на истражување за отпадот во индустријата
- Спроведување на истражување за комунален отпад (прибирање на податоците, подготовка на апликација за внес и обработка и објавување на податоците)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на статистиката на отпад, предвидени се активности за подготовка и спроведување на истражување за отпадот во сите сектори според НКД (Национална класификација на дејности). Се предвидува подготовката да започне во текот на 2010 година, а спроведувањето на истражувањето во 2011 година.

Во областа на трошоците во животната средина, предвидени се активности за подготовка и спроведување на пилот-истражување за трошоците во животната средина во 2011 година.

## 3.3. МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2008 година се реализирани 4 мисии на ММФ (Меѓународниот монетарен фонд) со цел да се направи пресметка на БДП (Бруто домашен производ) на квартално ниво според производниот и според расходниот метод, по тековни и по постојани цени, со користење на методот на двојно дефлационирање. Работата од мисиите резултираше со подобрување на постоечките пресметки и анализа на расположливите податоци. Кај некои категории се направени нови пресметки со користење на нови индикатори или постапки.Тоа предизвика и ревизија на податоците и на методолошките решенија.

Објавувањето на податоците според овие пресметки ќе се однесува на 2006 , 2007 и 2008 година , а ќе се добијат и знаења за можноста за враќање на серијата на податоци до 2000 година.

- Во 2008 година се подготвија и објавија табелите за понуда и употреба за 2005 година и симетричните табели за 2005 година. Направени се подобрувања на пресметките и податоците се доставени до Еуростат.
- До Еуростат се доставени 8 табели од сетот на табели од Регулативата за испраќање на табели до Еуростат за проверка . Во тек се подготовките на други табели со податоци и за 2007 година.
- Во 2008 година заврши втората фаза од Проектот за исцрпност во националните сметки. Како резултат на таа активност на ДЗС, направени се пресметки според табеларниот метод за исцрпност во пресметките и пресметки на вредноста на импутираните ренти во согласност со Регулативата 1722. Овие пресметки се планира бидат вградени во финалните пресметки на БДП за 2007 година.

Во текот на 2008 ДЗС подготви податоци за БДП на регионално ниво за 2006 г., со користење на искуството од пресметките за 2004 и 2005 година. Можностите за подобрување на методите за пресметка се разгледуваат континуирано со анализа на постоечките податоци, а со цел податоците да се хармонизираат со препораките за регионални сметки (Директива 2223/96). Пресметаните податоци се доставени за мислење до Еуростат.

Во тек е реализацијата на активностите од Европската програма за споредба 2008, при што тековно се снимаат пазарните цени на производите и услугите по претходно формирани и усогласени листи на производи и услуги од страна на Еуростат. Сите фази се усогласени со временската табела на Еуростат и со земјата-лидер. За пресметките на БДП според PPS (Purchasing Power Standard) за 2007 година се доставени сите потребни табели

Во јуни 2008 е објавена публикацијата со податоци од Европската споредба за паритетот на куповната моќ за 2005 година.

Се проучува методологијата за подготвување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој. Подготвен е извештај за методолошките основи за индикаторите и тој е презентиран пред ДЗС со цел да се усогласат методологиите за пресметка на индикаторите.
Се работеше на составување на производната сметка и сметката на владата.
Анализирани се податоците за сметките во здравството и направена е рекласификација на податоците во согласност со класификацијата за сметките во здравството.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегриран сет на економски сметки
  - Организирање на расположливите податоци во согласност со препораките на ЕСС 95 (Европски систем на сметки)
- Подобрување на пресметките во табелите на понуда и на употреба
  - Подготвување на табелите на понуда и на употреба во тековни цени за 2006 г.
  - Испраќање на податоците за табелите на понуда и на употреба за 2006 до Еуростат
- Подготовка на методологија за БДП која ќе ги вклучува сите унапредувања направени во податоците до 2007 година
  - Подготовка на методологија за бруто-домашниот производ во рамките на регионалниот проект ИПА 2007

- Унапредување на квалитетот на податоците за додадената вредност на регионално ниво (НТЕС 3-Номенклатура на териториjални единици за статистика).
    - Подготовка, анализа и објавување на податоците за додадена вредност по региони за 2000-2007
- Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), рунда 2008
    - Собирање, потврдување и испраќање на податоците до Еуростат (продолжува и како среднорочен приоритет)
- Хармонизација на пресметката на макроагрегати во согласност со ЕСС 95
    - Имплементирање на Регулативата 448 во однос на алокацијата на финансиските услуги мерени индиректно
    - Доставување на податоци до Еуростат со подготвување на календар за испраќање во согласност со Регулативата на Еуростат 1267/2003
- Развивање на сметките за здравство
    - Формирање на работна група со учесници од Заводот за здравствена заштита и Фондот за здравство
- Унапредување на секторските сметки, пресметка на податоците за балансирање меѓу сметките по сектори и корективните ставки
    - Потпишување на договор меѓу ДЗС, НБРМ и МФ во врска со унапредувањето на макроекономската , монетарната и финансиската статистика

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Унапредување на секторските сметки, пресметка на податоците за балансирање меѓу сметките по сектори и корективните ставки
    - Пресметка на податоците за билансирање меѓу сметките по сектори и корективните ставки
- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво
    - Унапредување на методите за пресметка
- Подготвување на податоците за БДП на квартално ниво за серијата 2000-2007 според методот на двојни индикатори
    - Пресметки на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на квартално ниво за периодот 2000-2007:
- Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување до Еуростат;
    - Унапредување на методолошките постапки при балансирањето на податоците во табелата на понуда и на употреба
    - Пресметка на табелите на понуда и на употреба по постојани цени
- Обезбедување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој
    - Анализа и интегрирање на располжливите податоци
- Развивање на сметките за здравство
    - Анализа и подготвување на расположливите податоци за сметките во здравството
- Имплементирање на НКД РЕВ. 2 во системот на пресметки во националните сметки
    - Подготовка на макроекономски податоци според НКД РЕВ 2
- Имплементирање на Систем на национални сметки (СНС) 2008
    - Подготвување на план за активности за имплементирање на SNA 2008 (System of National Accounts)
- Подготовки за имплементирање на ревидираната Европски систем на сметки (ЕСА) 1995
    - Анализа на изворите на податоци во согласност со ревидираната ЕСА 1995
    - Подготвување на план на активности за имплементирање на ревидираната ЕСА 1995
    - Експериментална пресметка во согласност со ревидираната ЕСА 1995

**3.3.1. ЦЕНИ**
**ЦЕНИ НА МАЛО**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Индекс на трошоците на животот -** Направени се измени во начинот на снимање на цените на мало на земјоделските производи кои, по препорака, покрај во националниот, исто така и во HICP (Harmonised Index of Consumer Prices), почнаа да се снимаат двапати месечно, во првата и во третата недела, со цел да се ублажат можните промени на цените во тековниот месец. За овие производи започната е пресметка на индексот на производите кои се јавуваат на пазарот во тековниот месец со цел да се анулира влијанието на земјоделските производи кои не се појавуваат во тековниот месец. Подготвени се пондерите за HICP за 2005 година кои се базираат на податоците од Секторот за национални сметки. Како базен период за HICP ќе се користи декември од претходната година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на методологијата и пресметка на HICP
    - Развивање на националниот индекс во насока на HICP, експериментални пресметки за 2005, пресметка на пондери и индекси за 2006

### 3.3.2. СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2008 година се спроведе:

- Редовно статистичкото истражување за одобренија за градба на територијата на Република Македонија во согласност со регулативата STS (Short-term Statistics) и редовно статистичко истражување за нови нарачки и приходи од продажба во индустријата во согласност со регулативата STS
- Пилот-статистичко истражување за издадени одобренија за употреба
- Во текот на 2008 година се изработија пондери (база 2005 година) и индексите на цените на индустриските производители се преработија на нова база

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото, преку:
  - Воспоставување на редовно статистичко истражување за издадени одобренија за употреба
  - Подготовка на инструменти за спроведување на пилот-истражување за цените на трошоците за градење, по позиции на градење

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата, преку:
  - Експериментална пресметка на индексите на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото, преку:
  - Спроведување на статистичко истражување за цените на трошоците за градење по позиции на градба (пилот и редовно)
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата, преку:
  - Формирање на база на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата во согласност со регулативата STS (2010=100)
- Обезбедување на релевантни статистички податоци во согласност со регулативата на ЕУ за PRODCOM
  - Редовно доставување на годишни податоци за индустриското производство по PRODCOM

### 3.4. ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во тек се активности околу реализацијата на статистичките истражувања од областа на индустријата, градежништвото, дистрибутивната трговија, транспортот, хотели и ресторани, во согласност со регулативата SBS (Structural Business Statistics) ( (за големи и средни деловни субјекти) .

Во текот на 2008 година се изврши усогласување на статистичките истражувања во угостителството според директивите и националното законодавство во врска со категоризацијата на капацитетите за сместување, во соработка со Министерството за економија.

Со спроведувањето на Пописот на трговските и угостителските капацитети и сместувачките објекти ќе се обезбедат квалитетни краткорочни и структурни статистички податоци за трговијата на мало. Пописот се спроведе во ноември 2008 година на традиционален начин, со попишувачи. Претходеа интензивни активности околу подготовката на пописните инструменти и пописните материјали и обука на сите учесници во пописните активности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со регулативата на ЕУ за SBS бр.58/97 и бр 295/08, преку:
  - Спроведување на редовни истражувања за структурни статистики во индустријата, градежништвото, дистрибутивната трговија, транспортот и угостителството за мали и микро деловни субјекти и услугите;

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на енергијата, преку:
  - Спроведување на редовно статистичко истражување за структурата на цените на природниот гас во индустријата и структурата на цените на природниот гас и електричната енергија во домаќинствата и во индустријата
- Обезбедување на релевантни статистички податоци од областа на енергијата, од кориснички аспект, преку:
  - Подготовка на публикација за енергетски биланси (1990-2006 година)

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во областа на транспортот, преку:
  - Воведување на статистичко истражување за паркиралишта во согласност со Методологијата за транспорт

- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци во трговијата на големо и на мало, преку:
  - Подготовка на публикација од спроведениот Попис на капацитетите во трговијата на мало и на угостителските капацитети и сместувачките објекти
  - Ревидирање и хармонизирање на статистиката за месечно следење на дистрибутивната трговија во согласност со STS и SBS

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со регулативата на ЕУ за SBS бр.58/97 и бр. 295/08
  - Спроведување на редовно истражување за структурни статистики во финансиските институции
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризмот и угостителството, преку:
  - Воведување на варијабли за нето-искористеноста на капацитетите во угостителството

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во областа на енергијата
- Континуирано усогласување на статистиките од областа на енергијата со регулативите на ЕУ
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во областа на транспортот, преку:
  - Оценка на квалитетот и натамошно хармонизирање на статистиката на товарниот транспорт со регулативите на ЕУ за товарен транспорт
  - Хармонизирање со европските регулативи за патничка мобилност
- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци од областа на трговијата на големо и на мало, преку:
  - Првично публикување на серија податоци од дистрибутивната трговија
  - Испраќање на податоци од областа на краткорочни статистички податоци за дистрибутивната трговија преку SDMX (Statistical Data and Metadata Exchange) формат до Еуростат

## 3.5. СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Државниот завод за статистика го спроведе Пописот на земјоделството, 2007 со кој се обезбедени податоци за земјоделското земјиште и обработливите површини, бројната состојба на добитокот, агротехничките мерки, механизацијата и опремата, објектите во стопанството, шумарството, рибарството и работната сила. Во првиот квартал од 2008 г. се публикувани сите планирани податоци од спроведениот Попис на земјоделството, 2007.
Во 2008 се изврши редизајнирање на примерокот за спроведување на Анкетата за добиток во индивидуалниот сектор. Беше подготвен двоетапен стратифициран примерок. Податоците од Пописот на земјоделството, 2007 беа рамка за новиот редизајниран примерок за спроведување на Анкетата за добиток во индивидуалниот сектор во 2008 , што овозможи достапност на податоците на регионално ниво.
Исто така, за првпат во 2008 г. беше подготвен сет од податоци за површините и производството на одделни земјоделски култури по региони.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ, преку:
  - Развивање на методолошки основи за статистичко истражување за растително производство на база на примерок
- Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството, преку:
  - Екпериментални пресметки на економските сметки во земјоделството по постојани цени (продолжува во среднорочни приоритети)

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ
  - Подготовка на прво структурно истражување на фармите и спроведување на терен
  - Спроведување на статистичко истражување за растително производство врз основа на примерок
  - Развивање на методолошки основи за статистичко истражување за шумарство во приватниот сектор и спроведување на терен
- Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството
  - Подготовка и објавување на економските сметки во земјоделството по постојани цени
  - Подготовка на сет од податоци за регионалните сметки во земјоделството

## 3.6. МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во 2008 година, во делот на натамошно унапредување и усогласување со меѓународните стандарди во платно-билансната статистика, беа детално анализирани резултатите од извршеното анкетно истражување за приватните трансфери. Добиените резултати, иако обезбедуваат подобра основа за анализа и согледување на големината и ефектите од приватните трансфери, сепак тековно не беа ставени во функција на ревизија на постојниот податок и методологијата за приватни трансфери, бидејќи се работи за прво истражување од ваков вид. Се планира во наредниот период да се спроведе уште едно анкетно истражување за приватните трансфери (со кое би се подобриле и опфатот и квалитетот на прибраните податоци) со цел проверка на добиените резултати што ќе овозможи и конкретна примена на резултатитево официјалната статистика на платниот биланс.
Министерството за финансии имплементираше дел од методологијата од Прирачникот за владина статистика на Меѓународниот Монетарен Фонд (GFS 2001) при изготвувањето на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Република Македонија. Финансиските извештаи се изготвени на кеш основа и направена е консолидација и со вклучување на податоци и од локалната власт. Во тек се активности за финализирање на финансиските извештаи за 2005, 2006 и 2007 година и нивно објавување во Government Finance Statistics Yearbook. Исто така, Министерството за финансии активно соработува со Државниот завод за статистика во процесот на имплементација на методологијата од Европскиот систем на сметки (ESA '95).

Во насока на натамошна автоматизација на начинот на изготвување и дисеминирање на податоците во монетарната статистика, во 2008 година се работеше на автоматизација на стандардните презентации на билансот на НБРМ, банките, штедилниците и консолидираниот биланс на депозитните институции. Истовремено се реализираа активности во насока на подготовка на нови апликативни решенија согласно новиот сметковен план на банките.

Во делот на развојот на статистиката на финансиски сметки врз основа на расположливите податоци, се изготвија упростени агрегирани форми на матрици за паричните текови во економијата.

Во рамки на активностите за премин од хартиена во електронска достава на податоци, повеќето банки преминаа кон електронско известување за платниот промет со странство.
Статистиката на надворешната трговија целосно е усогласена со европските регулативи за ЕКСТРАСТАТ.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Објавување на финансиските извештаи во *Government Finance Statistics Yearbook*
- Подготвување на интегриран сет на процедури, во насока на поврзување на GFS 2001 методологијата и ESA '95
- Приспособување и поврзување на владината статистиката со новиот сметководствен систем
- Подготовка на извештаи за девизните резерви во согласност со прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves/Foreign Currency Liquidity)
- Унапредување на статистиката на директни инвестиции
- Натамошен развој на финансиската статистика

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија преку:
    - Пилот-истражување за реалните извозно-увозни цени
    - Анализа на добиените резултати од пилот-истражувањето за реалните извозно-увозни цени и подготовка за редовно истражување во 2012 година

- Министерството за финансии на РМ планира целосна имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно European System of Accounts (ESA '95) во изготвувањето на финансиската статистика.
- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, по валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци.
- Народната банка на Република Македонија ќе пристапи кон изготвување на извештаи за девизните резерви во согласност со прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves/Foreign Currency Liquidity)
- Унапредување на методологијата за процена на приватните трансфери во платниот биланс

## СТРАНСКА ПОМОШ

Во периодот 2009-2011 во Заводот ќе се реализираат активности кои ќе бидат финансирани преку неколку проекти:

- Национална програма ИПА 2007 - Проект за поддршка на ДЗС во имплементацијата на Acquis ( се очекува да започне во 2009)

- Регионалната програма за статистика ИПА 2007 (2008-2010)
- Регионалната програма за статистика ИПА 2008 (се очекува да започне во 2010 )
- Национален проект, Македонско - Шведско партнерство за статистика, финансиран од Сида, 2009-2011, ги опфаќа земјоделските статистики, статистиките на животната средина, PC Axis алатките и метаподатоците
- Национална програма ИПА 2009, Проект за поддршка на ДЗС за усогласување со Acquis. Во тек е подготовката на проектното фише, а имплементацијата ќе трае во периодот 2011-2013.

## 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Унапредувањето на законската рамка во областа на трудовото право се извршува со цел да се унапреди функционирањето на пазарот на труд и исполнат критериумите содржани во европското законодавство.
Twinning проектот *„Преглед на националното трудово законодавство“* кој започна во јуни 2008 година, има за цел подобрување на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика за усогласување на трудовото законодавство со законодавството на Европската Унија и најдобрите практики во оваа област во ЕУ. Во рамки на Проектот, се врши анализа и оценка на усогласеноста на македонското трудово законодавство со директивите на ЕУ, преку подготвувањето на соодветните кореспондентни табели за повеќе од 40 директиви од областа на трудово право, од кои ќе може детално да се согледа степенот на усогласеноста на националното со европското законодавство и да се идентификуваат потребните понатамошни чекори во насока на транспонирање на acquis.

Беа одржани работилници за запознавање со *ЕУ директивите*, нивно објаснување и структура во рамки на областите: *„работни услови, информирање и консултација на работниците“*, *„антидискриминација и еднаков третман“* и областа *„здравје и безбедност на работното место“*. Покрај лицата вработени во Министерството за труд и социјална политика, активно учествуваа и претставници на други институции кои се инволвирани и имаат своја улога во овој процес на усогласување на трудово законодавство и се разбира, претставници на социјалните партнери (организациите на работници и работодавачи). Отпочната е и изработката на поединечните табели за усогласеност.

Во август 2008 година беше донесен *Законот за измена и дополнување на законот за работните односи* („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/2008). Измените се во насока на подобрување на бизнис климата, зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот и олеснување и поедноставување на административните процедури за работодавачите. Измените вклучуваат : можност за електронско пријавување и одјавување работници, електронска размена на податоци помеѓу Агенцијата за вработување на РМ и институциите за социјално осигурување, зголемување на максималното времетраење на траење на договорот за вработување на определено време од четири на пет години итн. Со овие измени, во Законот се инкорпорираат и препораките на Европската Комисија за отстранување на горната граница на санкциите за исплата на надомест во случаите на дискриминација.

Една од активностите реализирана во текот на 2008 година, во насока на неопходното јакнење на административните капацитети во делот на труд и вработување, е извршената анализа на структурата, организационата поставеност, расположливоста со човечки потенцијал и потребата од јакнење на капацитетите на Секторот за труд во рамки на Министерството за труд и социјална политика. Врз основа на резултатите од оваа анализа се изврши промена на организационата структура на Секторот за труд, со тоа што Одделението за работни односи и вработување се подели на две одделенија и тоа Одделение за труд и Одделение за пазар на трудот, со јасно дефинирани надлежности и одговорности.
Паралелно со тоа, континуирано се работи и на јакнење на човечките капацитети, преку обуки, но и преку вработување на нови стручни лица во Секторот. Отпочната е процедурата за вработување на тројца вработени во Секторот за труд и тоа 2 во Одделението за труд и 1 во Одделението за пазар на трудот.

Во текот на 2008 година евидентно беше зајакнат и надзорот над спроведувањето на законската регулатива од областа на работните односи, при што бројот на инспекциските надзори е значително зголемен, во однос на претходната година. Така, во текот на 2008 година (јануари-декември), од страна на Државниот инспекторат за труд извршени се 40,576 инспекциски надзори за примената на законодавството од областа на работните односи, што претствува зголемување од 44% во однос на бројот на извршените инспекциски надзори во текот на 2007 година.
Во вршењето на овие надзори, особен акцент се става на откривањето на лица кои работат кај работодавачи без да имаат заснивано работен однос согласно законот, како една од мерките за борба против сивата економија и намалувањето на бројот на лица кои се работно ангажирани во неформалниот сектор. Во остварувањето на овие активности ДИТ соработува и разменува податоци со останати органи како Агенцијата за вработување, Центрите за социјални работи итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во делот на спроведувањето на отпочнатите активности за усогласување на националното со европското законодавство во областа на трудово право, со подршка и експертска помош обезбедена преку Twinning проектот *„Преглед на националното трудово законодавство“*, до крајот на првиот квартал на 2009 година, е планирано да се заврши со изготвувањето на Кореспондентните табели за Директивите во делот на трудовото право кои се опфатени со Проектот од областите на *„работни услови, информирање и консултација на работниците“*, *„антидискриминација и еднаков третман“* и *„здравје и безбедност на работното место“*.

Во рамките на овие активности, ќе бидат изготвени Кореспондентните табели за следните ЕУ директиви :

Информирање и  консултација на работниците :

КОЛЕКТИВНИ ОТПУШТАЊА
- Директива на Советот 98/59/ЕЗ од 20 јули 1998 за приближување на законите на Земјите членки кои се однесуваат на колективни отпуштања. *(оваа Директива ги содржи Директивите 75/129/ЕЕЗ и 92/56/ЕЕЗ)*

ЕВРОПСКИ РАБОТНИ СОВЕТИ
- Директива на Советот 2006/109/ЕЗ од 20 ноември 2006, која ја изменува Директивата 94/45/ЕЗ за формирање на Европски Работни Совети или процедура за претпријатија на ниво на Заедницата и групи на претпријатија, со цел информирање и консултација на вработените, поради прием на Бугарија и Романија.
- Директива на Советот 94/45/ЕЗ од 22 септември 1994, за формирање на Европски Работни Совети или процедура за претпријатија на ниво на Заедницата и групи на претпријатија со цел  информирање и консултација на вработените.
- Директива на Советот 97/74/ЕЗ од 15 декември 1977, како продолжение за Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, на Директива 94/45/ЕЗ за формирање на Европски Работни Совети или процедура за претпријатија на ниво на Заедницата и групи на претпријатија со цел информирање и консултација на вработените.

СТАТУТ НА ЕВРОПСКА КОМПАНИЈА
- Директива на Советот 2001/86/ЕЗ од 8 октомври 2001, го дополнува Статутот за европска компанија во однос на инволвираност на вработените.

ЕВРОПСКО КООПЕРАТИВНО ОПШТЕСТВО
- Директива на Советот 2003/72/ЕЗ од 22 јули 2003, го дополнува Статутот за европско кооперативно општество во однос на инволвираност на вработените.

ИНФОРМИРАЊЕ И КОНСУЛТАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ
- Директива 2002/14/ЕЗ од  Европскиот парламент и од Советот од 11 март 2002, која утврдува  општа рамка за информирање и консултација на вработените во Европската Заедница.

ТРАНСФЕР НА ПРЕТПРИЈАТИЕ
- Директива на Советот 2001/23/ЕЗ од 12 март 2001, за приближување на законите на Земјите членки кои се однесуваат на заштита на правата на вработените во случај на трансфер на претпријатија, бизниси или делови од претпријатија или бизниси. (*оваа Директива ги содржи Директивите 77/187/ЕЗ и 98/50/ЕЗ*).

Услови за работа

СТЕЧАЈ НА РАБОТОДАВЕЦОТ
- Директива на Советот 80/987/ЕЕЗ од 20 октомври 1980, за приближување на законите на Земјите членки кои се однесуваат на заштита на вработените во случај на инсолвентност на работодавецот.
- Директива 2002/74/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 23 септември 2002, која ја дополнува Директивата на Советот 80/987/ЕЕЗ за приближување на законите на Земјите членки кои се однесуваат на заштита на вработените во случај на инсолвентност на нивниот работодавец.

РАБОТА НА ОПРЕДЕЛЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ
- Директива на Советот 1999/70/ЕЗ од 28 јуни 1999, која се однесува на Рамковниот договор за работа на определено работно време склучен од ETUC, UNICE и CEEP.

ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ
- Директива на Советот 91/383/ЕЕЗ од 25 јуни 1991, која ги дополнува мерките за да се поттикне подобрување во безбедноста и здравјето на работниците на работното место кои се во работни односи на определено време или привремено вработување.

ИНФОРМАЦИИ ЗА ИНДИВИДУАЛНИ УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊА
- Директива на Советот 91/533/ЕЕЗ од 14 октомври 1991, за обврските на работодавецот да ги информира вработените за условите кои се однесуваат на договорот или работниот однос.

РАБОТА СО СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ
- Директива на Советот 97/81/ЕЗ од 15 декември 1997, која се однесува на Рамковниот договор за работа со скратено работно време склучен од UNICE, CEEP и ETUC.
- Директива 98/23/ЕЗ од 7 април 1998, за продолжување на Директивата 97/81/ЕЗ за Рамковниот договор која се однесува на работа со скратено работно време склучен од UNICE, CEEP и ETUC за Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

ДЕТАШИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИ
- Директива 96/71/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 16 декември 1996, која се однесува на деташирање на работници во рамките на обезбедување на услуги.

РАБОТНО ВРЕМЕ

- Директива 2003/88/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 4 ноември 2003, која се однесува на одредени аспекти на организација на работното време.
- Директива 93/104/ЕЗ од 23 ноември 1993, која се однесува на одредени аспекти на организација на работното време.
- Директива на Советот 1999/63/ЕЗ од 21 јуни 1999, која се однесува на Договорот за организација на работното време на морепловците склучен од Асоцијацијата на бродосопственици во Европската заедница (АБЕЗ) и Федерацијата на синдикати на транспортни работници (ФСТР).
- Директива 2000/34/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 22 јуни 2000, која ја дополнува Директивата на Советот 93/104/ЕЗ која се однесува на одредени аспекти за организација на работното време за да се покријат сектори и активности исклучени од Директивата.
- Директива 2000/79/ЕЗ од 27 ноември 2000, која се однесува на Европскиот договор за организација на работното време на мобилните работници во цивилната авијација склучен од AEA, ETF, ECA,ERA и IACA.

МЛАДИ ЛУЃЕ НА РАБОТА

- Директива на Советот 94/33/ЕЗ од 22 јуни 1994, за заштита на младите луѓе на работа.

Со изготвувањето на табелите на усогласеност ќе се изврши анализа на постоечките одредби од Законот за работните односи, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за агенциите за привремени вработувања и Законот за еднакви можности на жените и мажите и врз основа на истата ќе се подготви план за транспонирање на директивите. Врз основа на тој план за транспонирање, ќе се отпочне со изготвување на предлог измените на законите од областа на трудово право, во согласност со анализата и утврдените приоритети.

Во текот на 2009 година, по завршувањето на неопходните консултации и усогласувања со надлежните институции, предвидено е изготвување и на измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, кои ќе имаат за цел одвојување на остварувањето на правото на здравствено осигурување од статусот на невработено лице. Со ова ќе се создадат услови подобрување на административата евиденција на невработените лица и издвојување на лицата кои се невработени и активно бараат работа од оние кои се регистрираат во Агенцијата за вработување исклучиво поради остварување на правото на здравствено осигурување. Ова, од своја страна ќе допринесе Агенцијата за вработување на РМ да може целосно да се посвети и да се фокусира кон проблемот на невработеноста, т.е. кон поддршка и помош на лицата кои навистина бараат вработување. Имајќи ја во предвид комплексноста на ова прашање, во моментот надлежните институции се во процес на усогласување и преговарање за да се изнајде најсоодветно решение од административен и правен аспект и да се премине кон негово имплементирање во пракса.

Во согласност со одредбите од Законот за мирно решавање на работните спорови, во 2009 година ќе се формира Совет за мирно решавање на работните спорови како стручен орган кој врши работи кои се однесуваат на мирното решавање на колективните и индивидуалните работни спорови, избор и стручно усовршување на помирувачи и арбитри итн.

Во насока на понатамошно јакнење на институционалниот капацитет на Министерството за труд и социјална политика во областа на трудово право, ќе бидат реализирани повеќе обуки и семинари кои ќе придонесат кон унапредување на знаењата и вештините на државните службеници во поглед на европската регулатива, како и на позитивните искуства и практики во делот на подготовка, хармонизација и практична имплементација на легислативата од областа на трудовото право. Овие активности за јакнење на капацитетите ќе бидат реализирани со поддршка на проектитте кои се имплементираат, како што се Twinning проектот *„Преглед на националното трудово законодавство“* и CARDS проектот *„Политики за вработување-3 фаза“*, но и преку други дополнителни обуки и семинари организирани во рамки на соработката со меѓународни организации, како ILO, USAID и други, преку програмите и инструментите на техничка поддршка на Европската Унија, пренесување на експертиза и размена на искуства преку програмите на билатерална соработка со министерства од други европски земји итн.

Исто така во претстојниот период, капацитетите на Министерството за труд и социјална политика за прашања од областа на трудовото право, ќе бидат дополнително зајакнати преку нови вработувања на стручни лица. Во рамките на Секторот за труд, во 2009 година, ќе се вработат стручни лица, од кои дел ќе бидат ангажирани на прашања од областа на трудовото право и неговата апроксимација.

Паралелно со ова ќе се посвети и внимание на соодветната и доследна примена и спроведување на законската регулатива од областа на трудово право, кон што ќе придонесе и понатамошното јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, организирањето на обуки за инспекторите од областа на работни односи, зголемувањето на нивната ефикасност и зголемувањето на бројот на инспекциски контроли, но и зголемување на бројот на инспектори, а ќе се посвети внимание и на зајакнувањето на опременоста на Инспекторатот преку набавка на возила, неопходни за остварување на инспекциските надзори, ИТ и друга опрема.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Процесот на усогласување на националното трудово законодавство со европското, ќе продолжи и понатаму и во согласност со изготвениот план за апроксимација на acquis, ќе се извршат измени на постоечките или, доколку е потребно ќе се донесат нови закони од оваа област.
И понатаму активно ќе се работи на јакнењето на капацитетите на стручните лица кои работат на оваа проблематика, како во делот на легислативата, така и во делот на нејзината доследна имплементација во пракса.

Јакнењето на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд ќе продолжи и понатаму преку утврдување на специфичните потреби на вработените за спроведување на трудовото право и нивно запознавање со европската практика и искуства во оваа област.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
CARDS Twinning Проект за хармонизација на националното законодавство со трудовото законодавство на ЕУ, кој започна во јуни 2008 година и ќе трае 15 месеци, до август 2009 год. Проектот се имплементира во партнерство со Министерството за труд, социјални прашања и семејство од Република Словачка. Главната цел на проектот е да обезбеди подршка во унапредувањето на капацитетите во РМ во делот на ревидирање, усогласување и практична имплементација на трудовото законодавство во согласност со законодавството на ЕУ и со најдобрите практики во ЕУ, во оваа област.

## 3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
И во текот на 2008 година, во согласност со утврдениот план и динамика, се реализираа активностите околу хармонизирање на националната легислатива во областа на здравје и бебедност при работа и транспонирање на релевантните директиви на Европската заедница во оваа област.

Во текот на оваа година, донесени се правилници во кои се транспонирани следниве директиви :

- **Директивата 2003/10/ЕС** на Европскиот парламент и Советот од 6.02.2003 година, за минималните барања за здравје и безбедност при изложување на работниците на ризици од физички агенси (бучава) транспонирана во Правилникот за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2008)
- **Директивата 2002/44/ЕС** на Европскиот парламент и Советот 25.06.2002 год., за минималните барања за здравје и безбедност при изложување на работниците на ризици од физички агенси (вибрации) транспонирана во Правилникот за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации ("Службен весник на Република Македонија" бр.26/2008);
- **Директивата на Советот 92/57/ЕЕС** од 24.06.1992 год. за имплементација на минималните барања за безбедност и здравје на привремени или подвижни градилишта транспонирана во Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта ("Службен весник на Република Македонија" бр.105/2008);
- **Директивата на Советот 89/654/ЕЕС** од 30.11.1989 год. за минималните барања за безбедност и здравје на работното место транспонирана во Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор ("Службен весник на Република Македонија" бр.154/2008).

Во текот на 2008 година изготвени се Стратегијата за модернизирање на Државниот инспекторат за труд, како и соодветен План за нејзина имплементација. Стратегијата за модернизирање на Државниот инспекторат за труд беше изготвена во консултации со организациите на социјалните партнери и истата беше усвоена на трипартитна работилница која се одржа во април 2008 година, со учество на експерти од ДИТ, Министерството за труд и социјална политика, претставници од организациите на работодавачите и работниците, како и меѓународни експерти во оваа област. Целта на Стратегијата и на Планот за имплементација е да се насочат сите активности на Инспекторатот, да се дефинираат цели што треба да се постигнат со спроведување на конкретни активности од страна на раководниот кадар и на теренските инспектори.

Една од активностите, која произлезе од анализата извршена при изготвувањето на Стратегијата, е воспоставување на јасна подвоеност помеѓу процесот на креирање на политики, т.е. изработување на законските и подзаконските акти и нивната имплементација, односно инспекцискиот надзор. За таа цел, со измените во актот за систематизација на работните места од 2008 година, во рамки на ДИТ е формиран нов Сектор за нормативна дејност за безбедност и здравје при работа, со две одделенија и тоа Одделение за нормативна дејност и Одделение за соработка со национални и меѓународни институции и организации за безбедност и здравје при работа. Екипирањето и целосното ставање во функција и јакнењето на капацитетите на овој сектор е еден од приоритетите за претстојниот период.

Во делот на јакнењето на капацитетите за транспонирање на acquis се остварува размена на искуства во рамките на билатералната соработка со Република Франција во оваа област...
Претставници на МТСП и ДИТ, во октомври 2008 година во Луксембург, учествуваа на работилница на која со претставниците од Европската Комисија (DG EMPL - Directorate F/4) беа дискутирани различни аспекти на транспонирањето на acquis во националната легислатива.

Во организација на Републичкиот завод за здравствена заштита, беа реализирани 2 работилници на тема „Процена на ризик на работно место" на кои учествуваа 20 инспектори на трудот.

Во 2008 година, беа реализирани и повеќе промотивни активности за запознавање на релевантните субјекти со постоечката регулатива и нејзиното спроведување. Се одржаа регионални семинари во соработка со организацијата на работодавачите, кои имаа за цел запознавање на работодавачите со новините во регулативата од областа на безбедност и здравје при работа, нивните обврски и мерки кои треба да се превземат.

Исто така, од страна на раководните државни службеници на ДИТ беше извршена обука на претставници од гранковниот синдикат за градежништво во врска со примената на легислативата за безбедност и здравје при работа, особено во однос на новодонесениот Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта.

Во Сојузот на синдикатите на РМ, во присуство на претседателите и претставници на сите гранкови синдикати, од страна на претставници од ДИТ, беше извршена презентација, за спроведувањето на инспекцискиот надзор над примената на законодавството од областа на безбедност и здравје при работа. Беа реализирани три презентации од страна на претставници на ДИТ поврзани со инспекцискиот надзор во делот на безбедност и здравје при работа, инспекцискиот надзор од областа на работните односи, како и нормативно-правното уредување на безбедноста и здравјето при работата. На овие презентации присуствуваа повеќе од 500 учесници - правници, пред сé од приватниот сектор.

Во текот на 2008 година контролата врз спроведувањето на законската регулатива од областа на безбедност и здравје при работа, беше засилена и преку евидентното зголемување на бројот на извршени инспекциски контроли и бројот на донесени решенија за отстранување на идентификуваните недостатоци и прекршоци.
Така, во текот на 2008 година (јануари-декември), од страна на Државниот инспекторат за труд извршени се 14,924 инспекциски надзори за примената на законодавството во областа на здравје и безбедност при работа, што изнесува дури 55.2% повеќе од истиот период 2007 година. Донесени се 4,843 решенија за отстранување на утврдените недостатоци во работниот процес (зголемување од 82% во однос на предходната година). Во овој период, биле извршени 317 увиди на самото место за случаеви на настаната повреда на работно место, од кои 12 биле за смртни случаеви - за 6 помалку од предходната година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Продолжувањето на процесот на хармонизација на националната легислатива со Директивите на Европската Заедница, ќе претставува главен приоритет и во претстојниот период.
Во текот на 2009 година ќе се подготват четири посебни правилници од областа на безбедност и здравје при работа, со кои ќе се изврши транспонирање на следните Директиви на Европската Заедница:

- Директивата на Советот **83/477/EEC** од 19.09.1983, за заштита на работниците од ризиците поврзани со изложување на азбест на работно место (*2-ра индивидуална Директива во согласност со членот 8 од Директивата 80/1107/EEC*); Директивата на Советот **91/382/EEC** од 25.06.1991 год. со која се изменува Директивата 83/477/EEC; и Директивата **2003/18/EC** на Европскиот Парламент и на Советот од 27.03.2003 година со која се изменува Директивата 83/477/EEC.
- Директива **1999/92/EC** на Европскиот парламент и Советот од 16.12.1999 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците кои се потенцијално изложени на ризик од експлозивни атмосфери (*15-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/EEC*);
- Директива **2004/40/EC** на Европскиот парламент и Советот од 29.04.2004 година, за минималните барања за здравје и безбедност во врска со изложувањето на ризици од физички агенси (електромагнетни полиња) (*18-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/EEC*);
- Директива на Комисијата **91/322/EEC** од 29.05.1991 година, за воспоставување на индикативни гранични вредности имплементирајќи ја Директивата на Советот 80/1107/EEC за заштита на работниците од ризиците поврзани со изложување на хемиски, физички и биолошки агенси при работа, Директива на Комисијата **2000/39/EC** од 8.06.2000 година, за воспоставување на првична листа на индикативни гранични вредности на професионална изложеност при

имплементирање на Директивата на Советот 98/24/ЕС за заштита на здравјето и безбедноста на работниците од ризици поврзани со хемиски агенси на работа;

Во првата половина од 2009 година, во согласност со одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, предвидено е основањето и отпочнувањето со работа на Советот за безбедност и здравје при работа, како владино советодавно експертско тело за прашања од областа на безбедност и здравје при работа.

И во текот на оваа година, ќе се реализираат активности насочени кон континуирано зајакнување на административните капацитети неопходни за доследно спроведување на законската регулатива во областа на безбедност и здравје при работа. Во таа насока, ќе бидат реализирани различни активности за јакнење на капацитетите, зголемување на знаењето и стручноста на инспекторите од Државниот инспекторат за труд.

Ќе се работи на дополнително зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, во текот на 2009 година преку, зголемување на бројот на инспектори, подобрување на нивната ефикасност, зголемувањето на бројот на инспекциски контроли, како и преку подобрување на опременоста на Инспекторатот со набавка на возила, неопходни за остварување на инспекциските надзори, ИТ и друга опрема.

Покрај ова, од големо значење е и активната вклученост на инспекторите од областа на безбедност и здравје во активностите на Twinning проектот за хармонизација на националното трудово законодавство со законодавството на ЕУ, кој ќе се имплементира и во текот на 2009 година, и во чии рамки е опфатено и запознавање со повеќе постоечки директиви за безбедност и здравје при работа, нивна анализа и потребните чекори во процесот на нивно транспонирање во националното законодавство.
Исто така, ќе се работи на зајакнување на соработката со социјалните партнери и промовирање на регулативата од областа на безбедност и здравје при работа и нејзината практична имплементација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
И на среден рок ќе продолжи процесот на усогласување со acquis, од областа на безбедност и здравје при работа во кој преку изготвување на правилници, ќе бидат транспонирани следниве директиви:

- Директива на Советот **98/24/ЕС** од 7.04.1998 година, за заштита на здравјето и безбедноста на работниците од ризици поврзани со хемиски агенси на работа (*14-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС*);
- Директива **2000/54/ЕС** на Европскиот парламент и Советот од 18.09.2000 година, за заштита на работниците од ризици поврзани со изложување на биолошки агенси на работа (*7-ма индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС*);
- Директива на Советот **92/91/ЕЕС** од 3.12.1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за вадење на минерали со бушење (*11-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС*);
- Директива **2004/37/ЕС** на Европскиот парламент и Советот од 29.04.2004 година, за заштита на работниците од ризици поврзани со изложување на канцерогени и мутантни супстанции при работа (*6-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС*);
- Директива на Советот **92/104/ЕЕС** од 3.12.1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за површинска и подземна експлоатација на минерали (*12-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС*);
- Директива на Советот **92/29/ЕЕС** од 31.03.1992 година, за минималните барања за безбедност и здравје за подобрување на медицинскиот третман на бродови;
- Директива на Советот **93/103/ЕС** од 23.11.1993 година, за минималните барања за безбедност и здравје за работа на рибарски бродови (*13-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС*);

Со цел дефинирање на стратешките правци на идниот развој во областа на безбедност и здравје при работа, предвидено е на среден рок, донесувањето на *Национална програма за безбедност и здравје при работа*, по што ќе следува изготвување на Акционен план за практична имплементација на Програмата.

Континуирано ќе се планираат и реализираат активности во насока на понатамошно зајакнување на административниот капацитет на Државниот инспекторат за труд, подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здравје при работа, како и активното вклучување на социјалните партнери во сите фази на изготвување на регулативата од оваа област, како и на нејзината практична имплементација на терен.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во Државниот инспекторат за труд е завршена првата фаза на проект финансиран од средства од Холандски грант, за јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, во рамки на која е изготвена Стратегија за унапредување на работата и модернизација на ДИТ, а во текот на 2009 год. се очекува реализација на втората фаза од проектот.

Во 2009 год. се очекува да продолжи реализацијата на програмата за соработка потпишана на 12 јули 2007 год. помеѓу ГИП Интернационал (Министерство за труд, општествени односи и солидарност на Република Франција) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, со цел од француска страна да се обезбеди техничка подршка при транспонирањето и примената на европското законодавство во областа на безбедност и здравје на работното место.

Ќе продолжи и имплементацијата на Твининг проектот „Преглед на националното трудово законодавство", кој се имплементира во партнерство помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд, социјални работи и семејство од Република Словачка, во рамките на кој се опфатени и директиви од областа на безбедност и здравје при работа.

### 3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Функционирањето, развојот и унапредувањето на социјалниот дијалог и во 2008 година беше една од заложбите на Владата на Република Македонија. Во рамки на функционирањето на Економско социјалниот совет, како национално трипартитно тело преку кое се одвива трипартитниот социјален дијалог, во текот на 2008 год. се разгледуваа повеќе значајни прашања од економската и социјалната сфера, како Иницијативата од Сојузот на синдикати на Македонија за утврдување на минималната плата во Република Македонија, Програмата за работа на Економско социјалниот совет за 2008 година, беше разгледувана и дискутирана предлог Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA - ревизија 2008). Исто така беше разгледуван извештајот за кампањата ,,*Стоп за непријавената работа*", беше дискутирано за можноста за поведување на постапката за ратификацијата на Конвенцијата бр.94 на Меѓународната организација на трудот за трудовите клаузули во јавните договори, информација во врска со минималната плата, беше разгледувана иницијативата за воведување на систем на бруто плата, информацијата за реализација на акциониот план за намалување на сивата економија за изминатиот период. Во рамките на меѓународните активности, Економско социјалниот совет во јуни 2008 година стана член на Меѓународна организација на економско-социјални совети и слични институции. Со цел подобрување на транспарентноста, промовирањето и подобро запознавање на јавноста со работата и функционирањето на Економско социјалниот совет, во тек е изработка и на нова web страна на Советот.

Во делот на реализираните активности кои имаа за цел јакнење на капцитетите на социјалните партнери, во 2008 година беа организирани различни активности (семинари, работилници, конференции) кои беа насочени кон поттикнување на нивното активно учество и придонес во функционирањето на социјалниот дијалог. Во нив беа вклучени сите поголеми организации на социјалните партнери, вклучително и тие кои се надвор од ЕСС.

Во април 2008 година Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Меѓународната Организација на Трудот (МОТ) организираше трипартитен семинар на тема „*Индустриските односи во Република Македонија, во однос на меѓународните стандарди на трудот: соочување со предизвиците*", на кој покрај експертите од МОТ, присуствуваа и претставници на социјалните партнери, Министерството за труд и социјална политика, како и други министерства. Основните цели на овој семинар беа запознавање на социјалните партнери со меѓународните стандарди на трудот во однос на индустриските односи, со прашањата поврзани со слободата на организирање, колективното договарање и репрезентативноста, како и да се придонесе кон промовирање на социјалниот дијалог.

Истиот месец претставници на МТСП и претставници на социјалните партнери учествуваа на семинар посветен на социјалниот дијалог, на кој претставник на Министерството за труд на Белгија го презентираше белгискиот модел на социјално партнерство, со посебен осврт на прашањата за определување на репрезентативноста, колективното договарање и неговото промовирање, мирното решавање на работните спорови, како и прашањата на регулирање на штрајкот и локаутот.

Имајќи го предвид значењето на социјалниот дијалог на локално ниво, преземени се и активности за воспоставување на трипартитен социјален дијалог на локално ниво. Организирани се три регионални конференции на кои се промовираше идејата за воспоставување трипартитен социјален дијалог на локално ниво, при што експерти од Хрватска и САД презентираа искуства во врска со значењето и функционирањето на социјалниот дијалог на локално ниво

Една од најзначајните активности во која се директно и активно вклучени социјалните партнери е имплементацијата на Twinning проектот за хармонизација на националното трудово законодавство со законодавството на ЕУ. Претставници на социјалните партнери се членови на сите работни групи формирани во рамки на имплементацијата на овој Проект (услови

за работа, информирање и консултирање на работниците; еднаков третман и антидискриминација; здравје и безбедност при работа) и имаат можност непосредно и детално да се запознаат со законодавството на ЕУ и активно да учествуваат во процесот на анализа на усогласеноста на македонското законодавство и неговото хармонизирање со европските прописи во областа на трудово право.

Не помалку значајна е и активната вклученост на социјалните партнери во изработката на Националниот акционен план за вработување 2009-2010 и локалните акциони планови за вработување.. Социјалните партнери беа вклучени и во обуките кои се спроведуваат во функција на јакнење на капацитетите во делот на пазарот на труд и вработувањето, како што се обуките за податоци на пазарот на трудот, за мониторинг и евалуација на активните мерки на пазарот на трудот и сл.

Во рамките на бипартитниот социјален дијалог, во 2008 година се потпиша Општиот колективен договор за јавниот сектор, со кој се уредени правата и обврските на работниците и работодавачите во јавниот сектор на Република Македонија, условите и начинот на остварување на правата и обврските, како и постапките за разрешување на меѓусебните спорови.

Донесени се  и следниве грански колективни договори:

- Колективен договор за угостителство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 2/2008),
- Колективен договор за кожарската и чевларската индустрија („Службен весник на Република Македонија“, бр.21/2008)
- Колективен договор за хемиската индустрија („Службен весник на Република Македонија “, бр.52/2008)

Регистрирани се два нови синдикати, Самостоен синдикат на вработените од локалната самоуправа на Република Македонија и Синдикат на работниците во администрацијата и државната управа, како и едно ново здружение на работодавачи - Национална федерација на агенции за привремени вработувања, со што бројот на регистрирани синдикати изнесува 44, а на здруженија на работодавачи - 4.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со измените на Законот за работните односи, со кои ќе се реши прашањето на репрезентативноста на социјалните партнери, ќе се овозможи надминување на една од идентификуваните слабости која во голема мера влијае врз функционирањето на социјалниот дијалог..Со измената на правната рамка и дефинирањето на јасни, прецизни и објективни критериуми за репрезентативност на социјалните партнери, што ќе допринесе кон поефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, ќе се овозможи поттикнување и на бипартитниот социјален дијалог, со цел усогласувањето на гранските колективни договори со општите колективни договори.   Тоа ќе овозможи и вклучување на повеќе релевантни организации на работници и работодавачи во работата на Економско социјалниот совет.  За та цел, од голема важност е формирањето на *Комисија за утврдување на репрезентативноста*, во која ќе учествуваат претставници на неколку институции, како и претставници на социјалните партнери во функција на посматрачи, која применувајќи ги законски пропишаните критериуми за репрезентативност, ќе ја утврдува репрезентативноста на синдикатите и здруженијата на работодавачи. Социјалните партнери ќе треба да достават докази за исполнување на критериумите за репрезентативност до Комисијата, во рок од три месеци по донесувањето на измените на Законот за работните односи.

Во претстојниот период, предвидено е засилено промовирање и поттикнување на трипартитниот социјален дијалог на локално ниво, како и на унапредување на бипартитниот социјален дијалог на ниво на претпријатија.
Правната рамка за функционирање на трипартитниот социјален дијалог на национално и локално ниво ќе се заокружи со донесување на нова спогодба за Економско Социјалниот Совет.
Заради обезбедување на поефикасна поддршка и подобрено функционирање на прашањата од областа на социјалниот дијалог и колективното договарање, во претстојниот период планирано е  и доекипирање на Министерството за труд и социјално политика.
Имено, во Секторот за труд планирано е вработување на нови 9 лица во текот на 2009 година, од кои 6 ќе бидат ангажирани во одделенијата во чија надлежност се прашањата поврзани со социјалниот дијалог и колективното договарање.

Особено внимание ќе биде посветено на организирање на едукативни и промотивни активности со цел издигнување на свеста и зајакнување капацитетите за функционирањето на социјалниот дијалог на сите нивоа.
Ќе се организираат работилници, семинари, обуки, кампањи во функција на зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за нивно учество во креирањето на политиките за вработување, како и во однос на прашања од областа на функционирањето на европскиот социјален дијалог, секторскиот социјален дијалог, како и социјалниот дијалог на ниво на претпријатија.

Со цел поттикнување на социјалниот дијалог на локално ниво ќе се поттикне и промовира формирањето на трипартитни тела на социјално партнерство во кои ќе се дискутираат прашањата од локално значење.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Еден од приоритетите во поглед на јакнењето на социјалниот дијалог, ќе биде обезбедувањето на активна партиципација на социјалните партнери во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера, во елаборирањето, изработката и имплементацијата на законодавството, во работните групи и во Економско Социјалниот Совет.

Ќе се делува на понатамошно зајакнување на трипартитниот социјален дијалог на национално и на локално ниво, како и на бипартитниот социјален дијалог, преку обуки и семинари насочени кон јакнење на капацитетите и свесноста на социјалните партнери за важноста на колективното договарање, размената на информации и водењето дијалог.

Во делот на среднорочните приоритети, значајно е да се спомене дека во рамките на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (IPA - Компонента 4), предвидено е финансирање и на активности кои се насочени токму кон јакнење и унапредување на капацитетите, стекнување на знаења и вештини и размена на искуства во делот на функционирањето на социјалниот дијалог на различни нивоа и колективното договарање.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во соработка со Меѓународната Организација на Трудот, Министерството за труд и социјална политика и социјалните партнери се вклучени во проектот „Консолидирање на законските и институционалните основи на социјалниот дијалог во земјите од Западен Балкан и Молдавија", кој започна во март 2008 година и има за цел јакнење на трипартитниот социјален дијалог на национално ниво, јакнење на капацитетите на социјалните партнери и организирање на обука за арбитри и помирувачи при мирно решавање на трудовите спорови.

CARDS проект „Поддршка на политиката за вработување - 3 фаза" каде во 4-та компонента е предвидено зајакнување на капацитетите на социјалните партнери.

Во рамките на Твининг проектот за усогласување на националното законодавство со европското постои висок степен на инволвираност на социјалните партнери во процесот на хармонизација на трудовата легислатива.

## 3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

*Политика на вработување*

Политиката на вработување која се спроведува во Република Македонија е во насока на продолжување на трендот на намалување на стапката на невработеноста и зголемување на стапката на вработеност.

Во согласност со Националната стратегија за вработување за период до 2010 година и Националниот акционен план за вработување 2006-2008, определба на Владата на Република Македонија е континуирано да се зголемуваат средствата кои се одвојуваат за финансирање на активните мерки за вработување, како би се зголемил видот и опфатот на ваквите мерки, а со тоа би се подобрила интеграцијата на невработените лица на пазарот на труд.

Во текот на 2008 година се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2008 година. Како што е предвидено со овој план, се имплементираа повеќе видови на активни мерки и политики за вработување насочени кон различни целни групи на невработени лица и тоа програма за самовработување на млади лица, жени и долгорочно невработени, програма за формализирање и регистрирање на веќе постоечки бизниси, програма за поддршка на вработувањето (преку обука, преквалификација и доквалификација, обуки за странски јазици и вештини за работење на компјутер, пилот-обуки за вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот, обука за основање на бизнис), програма за субвенции за вработување на деца без родители, самохрани родители, лица со инвалидитет и постари работници (на возраст од 55-64) и програма за практикантство како поддршка за прво вработување за млади до 27 годишна возраст.

Во текот на 2008 година се започна со спроведување на нова активна мерка за вработување "*Самовработување со кредитирање*" преку одобрување кредити по поволни услови наменети за самовработување на невработените лица. Корисник на оваа мерка може да биде секое невработено лице кое е најмалку една година на евиденција на невработени лица во АВРМ. Доколку лицето е до 27 годишна возраст, корисник на паричен надоместок по основ на невработеност или е на возраст над 55 години, за да биде опфатен со оваа мерка треба да биде на евиденција на невработени лица најмалку 6 месеци. Во рамките на оваа мерка се обезбедуваат и дополнителни стимулативни средства за лица кои се:

невработени по основ на технолошки вишок, стечај или ликвидација и се евидентирани како невработени повеќе од 3 години. Мерката наиде на голем интерес од страна на целните категории на невработени и истата успешно се реализира.

Со учество на сите релевантни субјекти се одвиваа активностите околу изготвувањето на Националниот акционен план за вработување (НАПВ) 2009-2010. Како првична активност при изготвувањето на новиот НАПВ, беше извршена анализа и оценка на реализираните активности и постигнатите резултати, планирани во рамки на НАПВ 2006-2008.

Имајќи ја во предвид, важноста на „локалната димензија“ при изготвувањето на плановите за економски развој и плановите за зголемување на вработеноста, предвидено беше, посебно внимание да биде посветено на подготовка на локални акциони планови за вработување, согласно веќе воспоставената пракса на креирање акциони планови за вработување на национално ниво, како и Европските насоки и искуства во оваа област. Во текот на 2008 година се изврши „пилотирање“ на овој пристап, преку изготвување на Локални акциони планови за вработување во пет селектирани општини (Битола, Струга, Куманово, Штип со Карбинци и Берово со Пехчево). За успешно изготвување на овие акциони планови, имајќи ги во предвид конкретните локални состојби, потреби и можности, беше воспоставена соработка помеѓу релевантните субјекти на локално ниво, вклучувајќи ги тука локалната самоуправа, локалните Центри за вработување, социјалните партнери, невладини организации, провајдери на обуки и други релевантни субјекти. Како резултат на овие активности во 2008 година се изготвени 5 локални акциски планови.

Во 2008 година продолжи со имплементација CARDS Проектот „Политики за вработување - трета фаза“. Овој Проект кој се имплементира во период од 18 месеци обезбедува дополнителна помош, поддршка и зајакнување на капацитетите на релевантните институции и актери во процесот на имплементирање, мониторинг и евалуација на политиките на вработување, понатамошно модернизирање и подобрување на услугите и начинот на работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери. Беа реализирани повеќе обуки, семинари и работилници кои имаа за цел јакнење на капацитетите, како во делот на креирање на политиките, програмите и мерките за вработување, така и во делот на нивна практична имплементација, мониторинг и оценка на успешноста и постигнатите резултати.

Во текот на 2008 година, посебно внимание беше посветено на воспоставување на функционален систем за мониторинг и евалуација на имплементацијата на Националната стратегија за вработување и Акциониот план за вработување кој ќе биде во согласнот со европските принципи и искуства и користењето на ЕУ индикаторите за вработување. Беше организирана и соодветна практична обука за лицата кои ќе бидат директно вклучени во мониторингот и известувањето на имплементацијата на политиките за вработување и главните стратешки документи во оваа област. Во Агенцијата за вработување, со финансиска поддршка од страна на Европската Унија, е реализирана набавка на ИТ опрема потребна за техничко доекипирање, модернизација и подобрување на функционалноста на Агенцијата и мрежата на локални Центри за вработување.

Со цел понатамошно административно јакнење во текот на 2008 година, во Секторот за труд во МТСП, е извршена и соодветна промена во организационата поставеност на Секторот, со тоа што Одделението за работни односи и вработување се подели на две одделенија и тоа Одделение за труд и Одделение за пазар на труд. Оваа поделба произлезе од извршената анализа на структурата, организацијата и потребите од јакнење на капацитетите на Секторот за труд, за поефикасно реализирање на надлежностите во областа на труд и политики за вработување. Во моментото во тек е процедурата за вработување на три лица во Секторот за труд, од кои едно во Одделението за пазар на трудот.

*Европски Социјален Фонд*
Најголемиот дел од активностите во текот на 2008 година беа во насока на подготовка на Оперативната структура задолжена за спроведување на компонентата 4 за децентрализирано управување со ИПА.

Заокружена е правната и институционалната рамка за воспоставување на децентрализиран систем за имплементирање на Оперативната програма за развој на човечките ресурси, согласно критериумите на Европската комисија за акредитација. Назначени се Националниот IPA координатор, надлежниот службеник за акредитација, Националниот службеник за авторизација, ревизорското тело, дефинирана е Оперативната структура за компонентата 4 (Секторот за централно финансирање и склучување на договори и ИПА одделенијата во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука), назначени се ИПА координатори за компонентата IV во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука. Потпишани се оперативни договори за делегирање на надлежности на двајцата ИПА координатори за подготовка и спроведување на проектите финансирани од Оперативната програма за развој на човечките ресурси. Направени се усогласувања на актите за систематизација во ресорните министерства согласно насоките на Министерството за финансии и начелото за поделба на функциите. Воспоставени се регистри на ризици во Оперативната структура. Изработен е план за кадровско доекипирање на ресорните министерства. Дефинирани се внатрешните постапки на Оперативната структура за јавни набавки, за контрола

на проектите, постапките за известување на нерегуларности, постапката на проценка и управување со ризикот, итн. Комплетирана е целокупната документација неопходна за поднесување на апликацијата за акредитација на Оперативната структура за компонента 4. Вработените во ИПА одделенијата во ресорните министерства и Секторот за централно финансирање и склучување на договори посетуваа обуки за сите прашања од значење за имплементација на ИПА.

Во периодот август-декември 2008 година беше реализирана независната ревизорска мисија за оценка на усогласеноста со барањата на Европската Комисија за воспоставување на децентрализираниот систем за имплементација на ИПА помошта од Европската Унија. Во нацрт Финалниот ревизорски извештај доставен во декември 2008 година ревизорите дадоа мислење за подготвеноста на Оперативната структура за децентрализирано управување со ИПА компонентата 4, како и препораки за дејствија што треба да се преземат до пренесување на надлежноста за управување со ИПА.

Во 2008 година, беа одржани два состаноци на неформалниот Секторски комитет за следење за компонента 4.
Граѓанскиот сектор и социјалните партнери, низ транспарентна постапка избраа свои претставници кои ќе учествуваат во работата на овој комитет во својство на членови со право на глас со мандат од 12 месеци.
Подготвен е првиот Годишен извештај за спроведувањето на Повеќегодишната оперативна програма „Развој на човечки ресурси 2007-2013“ кој беше разгледан од страна на Секторскиот комитет за следење. Подготвен е и Нацрт-годишен работен план за компонентата „Развој на човечки ресурси“ и посебен план за користење на техничката помош од приоритетот 4 пред акредитацијата на Оперативната структура.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
*Политика на вработување*
И во претстојниот период, приоритет ќе биде имплементацијата на политиките, мерките и активностите кои се дефинирани во Националната стратегија за вработување 2010, како и во Националниот акционен план за вработување 2009-2010 кој ќе биде усвоен на почетокот на 2009 година. Во таа насока е изработката и доследната имплементација на Оперативниот план за активни политики и мерки за вработување за 2009 година.
По усвојувањето на НАПВ 2009-2010, ќе бидат организирани неколку регионални средби на кои пред пошироката јавност ќе биде презентиран Националниот акционен план и ќе се изврши дисеминација на приоритетите, мерките и активностите предвидени со Планот.

И во 2009 година ќе се продолжи со спроведување на мерката “Самовработување со кредитирање“ со што ќе се влијае на подобрување на состојбите и намалување на стапката на невработеност кај најранливите категории на невработени лица.

Планираните програми, мерки и активности кои ќе бидат реализирани во делот на стручното образование и обука и образованието за возрасни, поврзани со политиките за вработувње и со потребите на пазарот на труд, се детално прикажани во Поглавјето 3.26 Образование и култура.

Имајќи ја во предвид, важноста на „локалната димензија“ при изготвувањето на плановите за економски развој и плановите за зголемување на вработеноста, предвидено е и понатаму да се посвети посебно внимание на подготовка на локални акциони планови за вработување, согласно веќе воспоставената пракса на креирање акциони планови за вработување на национално ниво, како и Европските насоки и искуства во оваа област. Во текот на 2009 година се планира продолжување на активностите за изготвување на Локални акциони планови за вработување во шест селектирани општини (Прилеп, Крушево, Свети Николе, Радовиш, Кочани, Струмица). За успешно изготвување на овие акциони планови се планира спроведување на соодветни обуки, вклучувајќи ги тука единиците на локалната самоуправа, локалните Центри за вработување, социјалните партнери, невладини организации и други релевантни субјекти.

Согласно идентификуваната потреба од понатамошно значително зајакнување на административните капацитети и во оваа година ќе бидат реализирани повеќе обуки, семинари и други активности за подобрување на знаењата и вештините на стручните лица, како во делот на политиките и нивната практична имплементација и евалуација како и функционирањето и администрирањето на програмите поддржани од Европскиот социјален фонд.

Во рамките на Секторот за труд планирано е вработување на 9 лица во текот на 2009 година, од кои две лица ќе бидат ангажирани во делот на политиките за вработување.

Во делот на спроведувањето на политиките за вработување, ќе се реализираат обуки за стручните лица од Агенцијата за вработување за подобрување на ефикасноста во работењето, подобрување и осовременување на работата со своите клиенти - работодавачите и невработените лица.

Ќе биде финализирана работата околу изготвувањето на новиот прирачник за „Модел на услуги“ наменет за вработените во Агенцијата за вработување, во кој детално ќе бидат опишани и разработени сите услуги кои на своите клиенти им ги

пружа Агенцијата и кој ќе има за цел воведување на еден единствен, унифициран пристап во постапките на давање на услуги во сите Центри за вработување низ државата.

За вработените во АВРМ ќе биде организирана и обука за развивањето и спроведувањето на нови активни мерки и форми на поддршка за вработување, насочени кон различните потреби на различните категории на невработени лица.

Ќе бидат организирани и обуки за запознавање со политиката, мрежата и оперативната структура и практичното работење на ЕУРЕС мрежата на Европските служби за вработување, како и обуки за подготовка на проекти за пазарот на труд кои треба да се финансираат во рамките на IPA и за управување со грантови шеми.

Покрај ова, ќе бидат реализирани и промотивни активности, т.е изработка на брошури, флаери, web информации и сл., кои ќе имаат за цел поголемо доближување на Агенцијата за вработување до своите клиенти, промовирање на услугите, презентирање на остварените резултати во работењето и имплементацијата на мерките на пазарот на трудот.

*Европски Социјален Фонд*
Основен приоритет во ова подрачје е да се постигне ефективно искористување на претпристапната помош во рамки на компонентата 4 на ИПА.
За таа цел, како главна обврска и приоритет се наметнува неопходноста од постојано унапредување на воспоставените механизми за ефикасно и ефективно кооординирање и управување на Оперативната програма (програмирање, имплементација и следење на Оперативната програма).

По пренесување на овластувањето за управување на Националната ИПА структура и потпишување на Финансиската спогодба за компонентата 4 помеѓу Владата на РМ и Европската Комисија, ќе започне имплементацијата на Оперативната програма преку иницирање на тендерските постапки и јавни повици за првите ИПА проекти. Во првиот квартал на 2009 година ќе се изработи детален план за работа, а во текот на првата половина на 2009 година ќе се посвети посебно внимание на заокружување на процесот на формулирање на првиот пакет на ИПА проекти, кои би се иницирале уште пред акредитацијата од страна на Европската комисија. Исто така, во функција на имплементација и следење на програмата, по потпишување на Финансиската спогодба за компонентата 4 ќе биде одржана првата официјална, конститутивна седница на Секторскиот комитет за следење за компонентата 4, на која ќе се одобрат критериумите за селекција на проектите.

Во 2009 година ќе бидат преземени активности за запознавање на јавноста, а особено потенцијалните корисници за помошта која ќе биде обезбедена преку ИПА. Ќе биде изработен и сеопфатен повеќегодишен Комуникациски акциски план за компонентата 4.

Во текот на 2009 година ќе се пристапи кон ревидирање на Оперативната програма со цел да се опфатат финансиските алокации за 2010-2012 година предвидени во Повеќегодишната индикативна финансиска рамка.
Во насока на ефективно искористување на претпристапната помош ќе се продолжи со натамошно развивање на институционалниот и административниот капацитет за управување и апсорбција на ИПА преку :

- кадровско доекипирање на одделенијата за ИПА во МТСП и МОН согласно планот за пополнување на предвидените работни места во актите за систематизација.
- унапредување на знаењата и вештините на вработените во одделенијата, согласно годишниот план за обуки и резултатите во работењето (обуки за програмирање, ЕУ јавни набавки – PRAG, следење и оценување, управување со неправилности, управување со проектен циклус)
- подобрување на усвоените интерни процедури и правила врз основа на искуствата од нивната практична примена и препораките на ревизорите
- развој на датабаза за управување и следење на проектите и Оперативната програма во целина
- техничко опремување на одделенијата за ИПА во МТСП и МОН за непречено имплементирање на програмата.

Дел од наведените активности поврзани со подготовката за имплементација на програмата, како и јакнењето на капацитетите на Оперативната структура ќе бидат реализирани во рамки на приоритетот 4 - Техничка помош, кој ќе започне да се користи и пред потпишување на Финансиската спогодба. Некои активности на техничка помош ќе се реализираат преку Твининг проект. Се очекува до потпишувањето на Финансиската спогодба да заврши и процесот на консултации помеѓу твининг партнерите и усогласување на работниот план на овој проект, по што следи потпишување на договорот за твининг и негова практична имплементација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
*Политика на вработување*

Како основни приоритети во делот на политиките за вработување на среден рок, останувaат зголемувањето на средствата и опфатот на целните групи, следење на имплементацијата на активностите од политиките за вработување, евалуација на постигнатите резултати од имплементираните програми и мерки, како и искористување на овие резултати и оценки во циклусот на креирање на програми и мерки и изготвувањето на Акционите планови на национално и локално ниво и оперативни програми за вработување. Во текот на 2010 година треба да се изготви посебен документ кој ќе ги содржи главните предизвици на пазарот на труд за периодот по 2010 година.

Мерката „Самовработување со кредитирање", согласно определбата и програмата на Владата на Р. Македонија, ќе продолжи со имплементација во период до 2012 година.

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија, ќе се продолжи со обуки и тренинзи на вработените со цел јакнење на нивните капацитети за поуспешно извршување на своите работни задачи, а ќе продолжат и активностите за промовирање на политиките за вработување, информирање за активностите и услугите кои им се достапни на невработените лица и работодавачите.

Ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во креирањето, имплементација, мониторингот и оценувањето на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници.

_Европски Социјален Фонд_
Среднорочно гледано приоритетна задача на Оперативната структура е да обезбеди ефикасна и ефективна имплементација на Оперативната програма за развој на човечките ресурси и следење на нејзиното спроведување.

Ќе се спроведе и првата среднорочна евалуација на извршувањето на ОП.
На среден рок потребно е понатамошно унапредување на институционалниот капацитет за управување и апсорбција на ИПА. Во таа насока ќе се испита можноста за целосно извршување на функциите на Оперативната структура од страна на ресорните министерства. Ќе бидат реализирани подготвителни активности, кадровско и техничко доекипирање на ИПА одделенијата/секторите во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука со цел тие самостојно и целосно да ја превземат функцијата на Оперативна структура за четвртата компонента на ИПА (се очекува тоа да се случи по 2010 година).

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
_Политика на вработување_
Во тек е имплементацијата на CARDS Проектот: Поддршка на политиката за вработување -3 фаза, кој претствува продолжување на претходните два проекти во оваа област и ќе обезбеди дополнителна помош, поддршка и зајакнување на капацитетите на релевантните институции и актери во процесот на имплементирање, мониторинг и евалуација на политиките на вработување, понатамошно модернизирање и подобрување на услугите и начинот на работа на Агенцијата за вработување на РМ, зајакнување на капацитетите на социјалните партнери.
Во Агенцијата за вработување на Република Македонија, во рамки на проект финансиран од УСАИД изработено е софтверско решение кое овозможува преку веб порталот работодавачите од приватниот сектор по електронски пат да извршат засновање или престанок на работниот однос на работниците. Електронската пријава/одјава започна од 1.12.2008 година.

_Европски Социјален Фонд_
- Јакнењето на административниот и институционалниот капацитет на Оперативната структура за компонентата 4 во областа на подготовката, управувањето, следењето, евалуацијата и контролата на активностите предвидени со ОП ќе биде подржано со техничка помош во рамки на приоритетот 4 од самата ОП РЧР. Оперативната структура подготви План за користење на техничката помош (приоритет 4), кој ќе се усогласи со Европската комисија во првиот квартал на 2009 година.. Остварени се и консултации со Делегацијата на Европската комисија во РМ за подготовка на твининг проект за натамошно јакнење на капацитетите на Оперативната структура. За подготовка на одделни проекти, како и за унапредување на внатрешните процедури и процеси на програмирање и имплементација на ОП ќе се користи и техничка помош во рамки на првата компонента на IPA (Помош за подготовка на проекти и Градење на капацитетите за управување со ЕУ), која ќе ја надополнува техничката помош во компонента 4.
- До моментот на акредитација се спроведуваат краткорочни обуки на вработените во МТСП, АВРМ, МФ и другите релевантни институции во соработка со странски донатори и организации: ETF, UNDP, КАРДС Проектот „Градење на капацитетите за децентрализираното управување со помошта во РМ",, CARDS Проектот за поддршка на политиките за вработување-фаза 3. Подготовката на внатрешните правила и процедури на Оперативната структура беше исто

така поддржано од КАРДС Проектот „*Градење на капацитетите за децентрализираното управување со помошта во РМ*".

### 3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во тек се подготовки за партиципација на Република Македонија во **Отворениот метод за координација** со спроведување на конкретни активности кои имаат за цел активно вклучување на надлежните институции и локалната самоуправа, како и интензивирање на соработката со невладиниот сектор..

Во оваа насока спроведени се повеќе активности (семинари, едукативни работилници, регионални конференции, формирање на експертско координативно тело и соодветни тематски работни групи, анализа и утврдување на состојбите со различните специфични ранливи групи), кои резултираа со изработка на финален извештај *„На патот кон ЕУ: Придонесот на граѓанското општество во креирањето на политиката за социјално вклучување во Република Македонија".* Финалниот извештај содржи податоци за фактичката состојба на поединечните ранливи групи (деца, стари лица, лица со посебни потреби, малцински групи, Роми и здравствени прашања), дефинирани се приоритетите, а со тоа интезивирана е соработката со граѓанскиот сектор и локалната самоуправа и нивно активно учество во идентификување на состојбите, проблемите и предизвиците и креирање на најсоодветните политики и мерки за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост.

Усвоена е ***Стратегија за демографски развој 2008-2015*** година и формиран е координативен механизам за следење на реализацијата. Во Стратегијата се дефинирани мерки за намалување на разликите по разни основи и зголемување на социјалната кохезија за одржлив демографски развој преку поттикнување на раѓања и грижа за децата, подобрување на условите за планирање на семејството, подобрување на пристапот и квалитетот на образование за населението во руралните и посиромашните средини, зголемување на вработувањата, подобрување на квалитетот на животот особено на младата популација, создавање на услови за подобрување на статусот, квалитетот и очекуваното траење на живот на старото население, подобрување на квалитето на живот во недоволно развиените региони. Во оваа насока, усвоени се измени и дополнувања на Законот за социјална заштита со кои е воведено ново право на парична помош за мајка која родила и одгледала четири или повеќе деца,која е невработена а по ниеден основ не може да оствари право на пензија, по навршување на 62 години старост се содава можност за остварување на ова право. Оваа мерка има за цел намалување на социјалниот ризик и поголемо социјално вклучување на многудетните семејства. Воедно, усвоени се измени и дополнувања во Законот за детска заштита со воведување на нови права со цел промоција на семејството.подигнување на наталитетот во Република Македонија, и намалување на регионалните диспаритети,одржлива територијална дистрибуција, намалување на ризикот од изумирање на одредени општини кои бележат негативен природен прираст а истовремено намалување на постоечките разлики и нееднаквости помеѓу населението кои ќе продуцираат зголемена социјална кохезија.

Согласно усвоената **Национална стратегија за демографски развој 2008-2015** година направени се одредени измени и дополнувања во Законот за заштита на деца со што е воведено ново право за остварување на еднократна парична помош за новороденче за прво, второ и трето дете живородено дете со укинување на на материјален ценсус, а висината на ова право изнесува 30% од просечната плата исплатена во Република Македонија во предходната година.

Воведен е родителски додаток за дете за второ, трето и четврто живородено дете во оние општини со стапка на природен прираст од 2.1 промили со цел ревитализација на одредени општини во кои постои ризик од изумирање на истите кои покажувааат негативен природен прираст. Право на родителски додаток за второ живородено дете се исплатува месечно за период од девет месеци во висина од 30% од просечна плата во Република Македонија исплатена во предходната година.

Воведеното право на родителски додаток за трето родено дете се исплатува за период од десет години во висина од 50% од просечната плата во Република Македонија исплатена во претходната година. Родителски додаток за четврто дете се исплатува месечно во период од 15 години во висина од 70% од просечната плата исплатена во претходната година во Република Македонија.

Воедно, доколку мајката роди четврто дете, а го остварува родителскиот додаток за своето трето дете, остварува единствен родителски додаток во висина од една просечна плата до навршување на 18 години на истото дете.

Во насока на јакнење на капацитетите за имплементирање на политиките на социјална заштита, во текот на оваа година беа реализирани поголем број на едукативни работилници за стручните лица во центрите за социјална работа за примена на мерки на помош и заштита на децата и малолетниците во ризик, семинари за работа со родители и за јакнење на нивните капацитети за справување со нарушено поведение на децата во ризик, за работа на партнерски, родителски и

семејни односи и за анимирање на заедницата во развој на згрижувачките семејства. Спроведени се обуки за стручните лица за работа во дневните центри за деца, за работа во дневните центри за лица кои употребуваат дрога итн.

Превземани се активности за јакнење на владините капацитети за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост во насока на подготовка на социјални политики со широко учество на ранливите групи и сите останати релевантни актери во креирањето на политиките во оваа област и нивно имплементирање. Со организирање на консултативни средби и тематски работилници беа дискутирани прашања во делот на идентификување на потребите на ранливите групи и недостатоците во актуелните политики на социјална заштита и социјална инклузија. Отпочнати се и активностите за изработка на две студии и тоа Национална студија за лицата со инвалидност и за старите лица во Република Македонија.

Унапредена е законската регулатива во делот на ***заштита на жртвите на семејно насилство*** со што е дадена можност на жртвата самостојно да иницира судски постапки за изрекување на привремени мерки на заштита, како и можност дел од мерките на заштита на лицата-жртви на семејно насилство да ги спроведуваат здруженија на граѓани. Воведена е посебна заштита на деца-жртви на трговија со луѓе, во поглед на назначување на старател и определување на неговите надлежности за целосна заштита на децата-жртви на трговија со луѓе.

Во април 2008 година, донесена е и *Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011*, во рамките на која се идентификувани приоритетните области за подобрување на системот за социјална заштита во однос на семејното насилство, утврдени се понатамошните чекори и координирани мерки и активности на надлежните институции во соработка со граѓанскиот сектор, кои имаат за цел спречување и намалување на семејно насилство и соодветна заштита и помош на жртвите. Во текот на годината, отпочна реализацијата на конкретни планирани активности за имплементацијата на Стратегијата. Формирано е Национално координативно тело со мандат да ја следи и оценува имплементацијата на Стратегијата. Воспоставен е мултисекторски координиран пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство, преку формирање на интер-секторска работна група за изготвување на *Единствен Протокол за дејствување во случај на семејно насилство*, во кој ќе се утврдат детални постапки за дејствување за различни инволвирани субјекти во случаите на семејно насилство. Оваа работна група се состои од претставници од различни институции и субјекти како што се Министерството за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи и претставници од НВО.

Подготвен е **Акционен план за превенција и справување со сексуална злоуптреба на деца и педофилија**. Овој документ содржи сеопфатни мерки и активности на ниво на превенција и заштита, за справување со оваа појава, за чие спроведување се вклучени сите релевантни институции и граѓанскиот сектор.

Унапредена е постоечката законска регулатива во насока на подобрување на положбата на **инвалидните лица**. Донесен е нов Закон за инвалидски организации, со кој се регулира статусот, областа на активности, финансирањето и сопственоста на инвалидските организации, основани за соодветно да ги претставуваат инвалидните лица. Со измените и дополнувањата на Законот за вработување на инвалидни лица се допрецизираат условите за основање и регистрирање на „заштитни претпријатија" со што се подобрува вработувањето на лицата со инвалидност и нивно вклучување на пазарот на труд.

Во 2008 година, беше усвоена *Националната стратегија за деинституционализација* во системот на социјална заштита (2008-2018), како и Оперативен план за спроведување на првата фаза од Стратегијата. Целта на стратегијата е подобрување на квалитетот на грижата и услугите за лицата згрижени во социјалните установи преку вонинституционални форми на заштита, како што се дневни центри, мали групни домови, развој на домаќинства за индивидуално живеење и поддршка на згрижувачките семејства. Настојувањата се да се создаваат услови за што поголемо приближување на услугите до корисниците на локално ниво. Стратегијата го промовира и зајакнува партнерството помеѓу државата, локалните власти, граѓанскиот и приватниот сектор.

Во 2008 година отворени се два мали групни домови за подигнување на квалитетот на живеење и заштита на човековите права на лицата со попреченост.

Отворен е еден пилот-социјален сервис за помош и подршка на стари и изнемоштени лица во соработка со граѓански здруженија и локалната самоуправа.

Во оваа насока, во текот на 2008 година особено внимание беше посветено на развојот и понатамошното јакнење на вонинституционални облици на социјална заштита, со цел социјално вклучување на најранливите категории на население, како што се децата на улица, бездомници, лицата кои злоупотребуваат droги, лицата со попреченост, социјално најзагрозените лица итн. Стручните тимови од Центрите за социјална работа активно работеа на обезбедување на соодветна помош и поддршка на повеќе различни категории на корисници :

- во текот на годината, на околу 500 *лица-жртви на семејно насилство* им биле обезбедени соодветен третман и помош кои се однесуваат на психо-социјална помош, правна помош, остварување на права од областа на социјалната заштита и упатување во соодветни установи. 30 лица биле згрижени во шесте постоечки засолништа за жртви на семејно насилство, во кои лицата-жртви покрај исхрана и престој, од страна на стручните тимови добиваат и соодветен психо-социјален третман за нивно зајакнување за време на престојот, како и по излегувањето од засолништето.
- Дневните центри за *корисници на дроги* и членови на нивните семејства претставуваат нова форма на вонинституционална социјална заштита. Во текот на 2008 година, вкупно 101 корисник побарале помош и истите обезбедиле соодветна ресоцијализација и реинтеграција. Стручните тимови на истите им пружаат соодветна психосоцијална помош и подршка, како и подршка при остварување на одредени права согласно постоечката законска регулатива.
- во двата Прифатни центри за *бездомни лица*, вкупниот број на сместени корисници за 2008 година изнесува 110 бездомни лица. Во овие прифатилишта, покрај сместување и храна, на корисниците им се пружаат и останати услуги и остварување на права во согласност со Законот за социјална заштита.
- околу 300 *деца на улица/улични деца* биле згрижени во двата отворени Дневни центри за деца на улица, во кои покрај згрижување и исхрана, на децата им се овозможуваат и воспитно-образовни услуги, здравствена заштита, запишување во матичната книга на родени и други услуги согласно Законот за социјална заштита и Законот за семејство. Во оваа година, во редовниот образовен систем вклучени се 61 дете кои го посетувале дневниот центар деца на улица.
- во досега отворените 21 Дневен центар за *лица со интелектуална попреченост*, сместени се околу 350 лица
- како еден од проектите насочени кон намалување на сиромаштијата и подобрување на состојбата особено помеѓу најсиромашните и социјално најзагрозените лица, продолжија активностите околу обезбедување на еден топол оброк за овие лица и отварањето на *народни кујни*. Досега се отворени вакви кујни во вкупно 34 општини на територија на Република Македонија и со нив се опфатени околу 3,400 корисници. Планирано е продолжување на оваа активност заради проширување на мрежата на народни кујни и во други општини, како и зголемување на бројот на корисниците во веќе постојните.

Соодветно внимание се посветува на континуирано јакнење на капацитетите и јакнење на координативните механизми за креирање и имплементирање на различните политики, мерки и програми насочени кон обезбедување на превенција, грижа и помош за социјално загрозените лица, лицата кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик и за интегрирање на социјално исклучените лица. Се организараат обуки и семинари за стручните лица од областа со цел подобрување на нивните вештини, знаења и стручност за имплементирање на политиките и програмите од оваа област. Во однос на алтернативни форми на згрижување и сместување, одржани се неколку работилници на следните теми: групни домови за алтернативна грижа за деца без родители или деца со инвалидитет, работа со групи деца во групни домови и обезбедување на социјални услуги од страна на НВО (норми и стандарди).

Во текот на оваа година, еден од приоритетите беше јакнење и **интензивирање на соработката со граѓанското општество** и негово активно вклучување во имплементацијата на политиките за социјална помош и социјална инклузија и отпочнатиот процес на деинституционализација. Во текот 2008 година, финансиски се поддржани 5 здруженија на граѓани кои работат во областа на социјална заштита, од кои 3 за давање услуги на лица со пречки во интелектуалниот развој над 18 години (дневни центри), едно граѓанско здружение за давање на услуги од областа на социјалната заштита на деца на улица и едно здружение на граѓани за помош на зависници од дрога и функционирање на национална СОС линија. Подржана е и работата на Националната СОС линија за помош и подршка на жртви на семејно насилство која е управувана од страна на здружение на граѓани.
Во 2008 година, во регистарот на здруженијата на граѓани во Министерството за труд и социјална политика, се впишани нови 10 граѓански организации кои работат во областа на социјалната заштита, со што вкупниот број на вакви граѓански организации запишани во регистарот изнесува 35.

Политиките и активностите за **инклузија на Ромите** во Република Македонија се предвидени во рамки на Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите и во соодветните Национални Акциони и Оперативни планови.
За нивна имплементација, алоцирани се 11,000,000 денари за следниве проекти:

- *вклучување на Ромските деца во предучилишно образование* (детските градинки). Ова е проект кој е финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта и се реализира во 15 детски градинки низ државата во кои во текот на учебната 2008/2009 година ќе бидат опфатени 243 деца Роми на возраст од 4.5 до 5.5 години, односно на една година пред тргнување во училиште. Овој проект всушност претставува продолжување на проектот кој се реализираше во изминатите две години, со тоа што во оваа фаза - која започна од октомври 2008 година, во обезбедувањето на финансиски средства за оваа активност се вклучија и Единиците на локалната самоуправа на чија

територија се наоѓаат 15-те градинки во кои се спроведува програмата. За поуспешна и поефикасна имплементација на овој проект, ангажирани се 16 негувателки од Ромската етничка заедница, кои ќе работаат со Ромските деца во детските градинки.

- продолжување на активностите околу отворањето и функционирањето на *Ромски информативни центри* чија цел е информирање, помош и поддршка на припадниците на ромската етничка заедница во остварувањето на нивните практични потреби и нивна побрза интеграција, во согласност со приоритетни области од Декадата и Стратегијата за Ромите. Во рамките на овој проект, во текот на 2008 година отворени се дополнителни 4 Ромски Информативни центри кои претставуваат врска помеѓу ромската заедница и институциите на локално ниво.
- *вработување на Роми преку обука,* кој претставува една од активните мерки за вработување. Издвоени се 40,000 евра за вработување на 100 лица во 12 градови на Република Македонија преку обука за познат работодавец, при што секое обучувано лице во текот на обуката во траење од 3 месеци ќе добива по 4,000 денари. Иста сума, како поддршка, ќе добива и работодавачот за секое обучувано лице, а по истекот на обуката работодавачот е должен да го вработи обучуваното лице во времетраење од најмалку 1 година.
- ревизија на Националните Акциони и Оперативни Планови од четирите приоритетни области од Декадата и Стратегијата на Ромите (вработување, образование, здравство и домување), со финансиска поддршка и на ОБСЕ мисијата во Скопје и техничка поддршка од Лудвиг Болтцман Институтот за човекови права (Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights - BIM). Во ревидирањето учествуваа членови на Владиното координативно тело и експерти од ресорните министерства.

Истовремено се имплементираат и неколку проекти насочени кон зајакнување на вклученоста на Ромите во *образованието* и тоа проекти за подобрување на успехот и стапката на задржување на Ромите во основното образование, проекти за зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, обезбедување на стипендии и менторска помош за учениците Роми итн. За доделување на стипендии на средношколци за учебната 2008/2009 година, беа издвоени 6,000,000 денари.

Во изминатиот период беа реализирани и повеќе активности во насока на *подобрување на инфраструктурата* во населбите во кои живее претежно ромско население. Со финансиски средства обезбедени од Буџетот на РМ, локалната самоуправа, како и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици.
Особено внимание се посветува на програмите за вклучување и поголема опфатеност на ромското население во системот на *здравствена заштита* и подобрување на пристапот кон здравствените услуги. Се спроведуваат активности за редовна вакцинација на децата Роми, едукации за превенција од ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулоза, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки итн.

Со цел јакнење на административните капацитети во рамки на Министерството за труд и социјална политика, формирано е ново *Одделение за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите* кое е надлежно за координација и следење на имплементацијата на сите активности кои се реализираат. Ова одделение ќе подготвува редовни извештаи за реализираните активности и остварените резултати, ќе обезбедува непосредна соработка со ромските информативни центри, со ромските невладини организации итн.
Во текот на 2008 година отпочната е постапката за вработување на 2 лица, во ова одделение, а за 2009 година се планира негово дополнително зајакнување со уште три лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2009 година, во функција на успешна имплементација на **Стратегијата за демографски развој 2008-2015,** планирана е изработка и усвојување на **Акционен план 2009-2011**, во кој ќе се дефинираат временските рокови и одговорни институции преку кои ќе се создадат услови за ефективно и ефикасно спроведување на целите, начинот на нивна реализација и усогласување на активностите со сите одговорни институции и засегнати страни како основен предуслов за постигнување на мултидимензионален приод за реализација на истата стратегија. Во истиот Акционен план ќе бидат разработени конкретни мерки и активности за постигнување на предвидените цели и насоки во усвоената стратегија и дополнително утврдување на индикаторите за следење на прогресот на спроведување.

За 2009 година е планирана изработка на ***Национална стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување,*** како еден сеопфатен документ во дефинирањето и третирање на проблемот за социјално вклучување на ранливите групи во општествено економските текови, преку активно учество на сите релевантни чинители во креирањето и имплементирањето на политиките за вклучување. Планирано е градење на координативен механизам во функција на изработка и понатамошна успешна имплементација на предвидените мерки и активности за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Во насока на јакнење на капацитетите планирани се активности кои ќе бидат насочени кон дефинирање на специфични политики на социјална инклузија и социјална заштита и изработка на национални стратешки документи, локални оперативни планови и пилотирање на конкретни проекти за социјална инклузија на локално и национално ниво.

Особено внимание ќе биде посветено на значително јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор и подршка за негово уште поактивно вклучување и учество во политиките и програмите од областа на социјално вклучување и борба против сиромаштијата. Во таа насока ќе биде формирана ***Националната мрежа за борба против сиромаштија***, која треба да се вклучи во Европската мрежа за намалување на сиромаштијата.

Преку обуки и размена на искуства ќе биде поддржано јакнењето на капацитетите за превенција и, рано препознавање на жртвите на семејно насилство, злоупотребата на дрога и појавата на други девијантни појави кај учениците од основно образование и средните училишта и воспоставување на координарана соработка со надлежните Центри за социјалните работа.

Во функција на имплементирање на Националната стратегијата за *деинституционализација*, планирано е проширување и јакнење на постоечката мрежа на вонинституционалните форми на заштита.

Еден од приоритетите за 2009 година е изготвување и усвојување на ***Закон за употреба на знаковен јазик***, со цел унапредување на законската регулатива која ќе придонесе кон подигнување на степенот на остварување на правата и вклученоста на лицата со инавалидност, во согласност со Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност и Акциониот План на Советот на Европа за промоција на правата и целосното учество на лицата со инвалидност во општеството: подобрување на квалитетот на живот на лицата со попреченост 2006-2015. За оваа цел ќе биде формирана соодветна работна група со претставници од МТСП и другите надлежни министерства, Националниот Совет на инвалидски организации на РМ и Институтот за дефектологија при Филозофскиот Факултет во Скопје. Во текот на 2009 година, ќе се изврши ревидирање на Националната Стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија и нејзино усогласување на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со хендикеп, која Република Македонија ја има потпишано во март 2007 година.

Исто така, предвидено е унапредување на законската регулатива заради зајакнување на контролните механизми за надзор на наменското трошење на средствата од Посебниот фонд за поттикнување на вработувањето на инвалидните лица.

Врз основа на спроведени анкети и анализи, ќе се изработат две национални студии, една за стари лица и една студија за лицата со инвалидност во Република Македонија. Фокусот на овие две студии е анализа на состојбите со овие ранливи категории и идентификување на главните причини за социјална исклученост на старите лица и лицата со инвалидност, во доменот на социјална заштита и тоа пензии, пазар на трудот и образование и дефинирање на конкретни препораки за подобрување на утврдената состојба и надминување на истата.

Во 2009 година ќе се подготви ***Национална стратегија за заштита на старите лица (2009-2019)***, која ќе овозможи стратешки и координиран пристап кон подобрувањето на состојбата на оваа ранлива категорија на население.

Во функција на подигнување на грижата кон старите лица на повисоко ниво, планирано е развивање на **социјални сервиси за стари и изнемоштени лица** во три општини.
Во претстојниот период, ќе се работи на практична имплементација на приоритетите определени во Стратегијата за интеграција на бегалци и странци.
Ќе продолжи јакнењето на капацитетите во Прифатниот центар за баратели на азил како и на другите учесници во овој процес.

Во делот на активностите за социјално **вклучување на Ромите**, ќе се продолжи со имплементација на Стратегијата за Ромите во РМ, како и на Акционите планови, согласно Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. Планирано е изготвување на акциони планови за спроведување на политиките за вклучување на Ромите во областите како што се човекови права и политичка партиципација, култура на Ромите, социјална инклузија.

Во текот на 2009 година ќе продолжи функционирањето на 12 Ромски Информативни Центри како партнерски проект со Ромски НВО, а е предвидено и одржување на дополнителни обуки на 24 вработени во нив за зголемување и јакнење на нивните капацитет за обезбедување на поддршка на ромското население во делот на посредување при обезбедување на потребни документи за идентификација. Доколку се укаже потреба, ќе бидат отворени и дополнителни Ромски информативни центри.

Предвидено е отворање на бизнис инкубатор за поддршка на Ромите при вработување, преку добивање на обуки и тренинзи од областа на предприемништвото и основање на мали и средни претпријатија и семејни бизниси.
Проектот „Инклузија на децата Роми во предучилишното образование“ ќе продолжи да се имплементира и во текот на 2009 година, а поради покажаните позитивни резултати и успешноста во имплементирањето од претходните две години, во соработка со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта и локалната самоуправа, ќе се обезбеди негово имплементирање и во текот на учебната 2009/2010 година.

Во делот на јакнењето на административните капацитети за координација на овие активности, во текот на 2009 година планирано е доекипирање на Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите, во рамките на МТСП, со уште 3 нови вработувања. Исто така, планирано е имплементирање на програма за нивна обука и градење на нивните капацитети за поуспешно координирање и реализирање на мулти-ресорските активности за инклузија на Ромите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
На среднорочен план, приоритет ќе претставува континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стартешки документи - Националната стратегија за социјално вклучување, Стратегија за деинституционализација, Стратегија за заштита од семејно насилство, Националната стратегијата за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија, Националната стратегијата за заштита на стрите лица.

Континуирано ќе се работи на зајакнување на административните капацитети, за успешно и ефикасно креирање на политиките, програмите и мерките во областа на социјалната инклузија и социјалната заштита, како и вклучување на локалната самоуправа и граѓанските организации за имплементирање на истите преку обезбедување на заштита на социјално исклучените лица.

И во наредниот период ќе се продолжи со проширување на постоечката мрежа на вонинституционалните форми на заштита на децата со посебни потреби, возрасните лица со попреченост и старите лица (дневни и регионални центри)

Активно и координирано ќе се работи на имплементација на планираните активности за подобрување и унапредување на положбата и социјалната инклузија на ромската популација. Ќе продолжи имплементацијата на подготвените Национални Акциони и Оперативни Планови од приоритетните области.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Австриската развојна Агенција го поддржа спроведувањето на активностите на проектот „*Нова димензија на пристапот човекови права во социјална инклузија и намалување на сиромаштијата*“ имплементиран од страна на Лудвиг Болтцман Институтот за човекови права и МТСП. Активностите беа насочени кон вклучување на граѓанските организации и единиците на локланата самоуправа во имплементацијата на подготвителниот процес на Отворениот метод за координација (ОМК) и подготовка на првиот дел на Заедничкиот меморандум за социјална вклученост.

Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија и италијанската невладина организација „Едукејд“ го поддржаа опремувањето на дневните центри, како форма за обезбедување на институционална грижа и поддршка на децата со интелектуални попречености.

УНДП и УНФПА започнаа да ја поддржуваат имплементацијата на активностите насочени кон јакнење на владините институционални капацитети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост и примена на ОМК, со цел интер-секторска координација помеѓу линиските министерства во создавањето на политика за социјална вклученост во Република Македонија и подготовка за изготвување на Заедничкиот меморадум за инклузија.
Канцеларијата на УНИЦЕФ обезбеди поддршка во реализација на проектот „*Реформи во системот на детската заштита*“, со посебен акцент на процесот на деинституционализација на децата без родители и родителска грижа, децата со пречки во развојот и децата со воспитно социјални проблеми, преку развивање на алтернативни форми на нивно згрижување.

Поддршка на Институтот Отворено Општество СОРОС - Македонија, преку Проектот за трансформација на Специјалниот Завод во Демир Капија, преку развивање на алтернативни форми на згрижување на лица над 18 години со пречки во интелектуалниот развој.
ГТЗ - Канцеларија за германска техничка помош преку проектот за унапредување на третманот на лицата со пречки во развојот, каде се нуди експертска помош при хармонизација на законската регулатива со ЕУ легислативата и воспоставување на регулаторни механизми во областа на услугите од социјалната заштита (лиценцирање, мониторинг и евалуација).

Во делот на **инклузијата на Ромите**, поддршка се остварува од страна на Ромски образовен фонд, преку учество во финансирањето на проекти од областа на образованието на Ромите. Во соработка со РОФ (REF - Roma Education Fund), МТСП го имплементира проектот за Инклузија на децата Роми во предучилишното образование.
ОБСЕ мисијата во Скопје финансиски ќе ги поддржи обуките на вработените во Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите во насока на зајакнување нивните капацитети.

УНДП во соработка со МТСП подготвува методологија за мониторирање на имплементацијата на Стратегијата и Декадата на Ромите

### 3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

На почетокот на 2008 година е усвоен **Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување** („Службен весник на Република Македонија", бр.7/2008), со што се заокружи реформата на пензискиот систем во Република Македонија од нормативен и правен аспект. Со овој закон е извршено транспонирање на Директивата 2003/41/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот за активностите и надзорот на институциите за професионално пензиско осигурување.

По усвојувањето на Законот, донесени се 41 подзаконски акти неопходни за воспоставување на третиот пензиски столб. Овие подзаконски акти детално ги регулираат и уредуваат постапките за лиценцирање на друштва и фондови, за членство и плаќање придонеси, за премин од еден во друг пензиски фонд, за надоместоци, за маркетинг активности, за инвестирање, проценка на средствата и водење сметководство на пензиските фондови, итн.

Согласно подготвениот акциски план за промоција на третиот столб, Министерството за труд и и социјална политика заедно со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС, и со поддршка на Проектот за деловно опкружување (Business Environment Activity Project) на USAID, во ноември 2008 година организираа конференција на тема „Доброволно капитално финансирано осигурување (III столб) во пензискиот систем на Република Македонија".

Една од програмските определби на Владата на Република Македонија е обезбедување на социјална сигурност на корисниците на пензија преку зголемувањето на пензиите и нивна редовна исплата. Почнувајќи од јануари 2008 година Владата, покрај тоа што го промени моделот на усогласувањето на пензиите, изврши и дополнително зголемување на пензиите, со што просечната пензија во споредба со 2007 година е повисока за 20%.

Во ноември 2008 година, усвоен е нов **Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување** („Службен весник на РМ" бр.142/08), со кој на едно место се уредуваат обврските за плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување, дефинирање на стапките, основиците и висината на придонесите за задолжителното социјално осигурување, а се обезбедува и интегрирана наплата на придонесите од страна на Управата за јавни приходи, што значи поедноставување и обезбедување на транспарентност на системот, олеснување на административната процедура и трошоците на работодавецот поврзани со пресметката на платите и придонесите, како и поажурно следење и контрола на плаќањето на придонесите.

Со Законот се врши и намалување и усогласување на минималната основица за плаќање на придонесите на 50% од просечно исплатена плата и се воведува категоријата највисока основица за плаќање на придонеси.
Во процесот на изготвување на Законот, беа направени консултации и со социјалните партнери.

Во текот на 2008 година, отпочна изготвувањето на **нов Закон за социјална заштита** со кој ќе се изврши реформа на системот на паричните надоместоци од социјалната заштита.

Реформата на системот за социјална заштита е подржана од Проектот за имплементација на социјалната заштита (СПИЛ проект) финансиран со заем на Светската банка. Во рамките на овој проект се обезбедува техничка помош и поддршка во подобрувањето на легислативата од областа на социјалната заштита (Закон за социјална заштита и Закон за заштита на децата).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

До крајот на април 2009 година, ќе биде усвоен новиот **Закон за социјална заштита.**
Изготвувањето и на овој закон е во функција на исполнување на еден од зацртаните приоритети за унапредување на социјалната заштита, т.е. реформирање на системот на социјални парични надоместоци за ранливите категории на граѓани и подобрување на неговата ефикасност, а особено внимание ќе се посвети на понатамошниот развој и подобрување на системот на социјални услуги за најзагрозените категории на граѓани. Новите законски решенија ќе

обезбедат и подобро таргетирање на помошта, т.е. овозможување социјалните бенефиции и услугите да стигнуваат до оние категории на лица на кои тие им се и најпотребни.

Во рамки на имплементацијата на Законот за социјална заштита ќе се дизајнира и воспостави современ интегриран информационен систем во Министерството за труд и социјална политика и во Центрите за социјална работа, преку кој ќе се реализира администрирањето и исплатата на социјалните бенефиции и услуги.

За таа цел ќе се развие современа web-базирана апликација за автоматско решавање на барањата за паричните надоместоци, а ќе се изврши и мрежно поврзување и ќе биде дизајнирана и имплементирана интегрирана база на податоци и софтверската апликација.

Согласно планот и утврдената динамика, овој интегриран систем ќе биде ставен во функција во Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа до септември 2009 година.

Паралелно со фазата на имплементација на интегрираниот информационен систем, ќе бидат организирани и соодветни обуки и тренинзи за стручните лица од министерството и од центрите кои ќе го користат овој систем во својата секојдневна работа.

Планирано е воведување на нова дополнителна програма за **условени парични трансфери**, која ќе отпочне со имплементација од септември 2009 година.
Со оваа програма се планира воведување на нови парични бенефиции, т.е. условени парични трансфери, наменети за корисниците на социјална парична помош, кои овие категории на граѓани ќе можат да ги остварат доколку исполнуваат одредени услови. Целта е овие програми да допринесат кон намалувањето на сиромаштијата, а особено намалувањето на трансгенерациската сиромаштија преку помош на децата од најзагрозените семејства за вклучување и продолжување на образовниот процес и подобрена здравствена нега.
Во таа насока ќе се воведе нов финансиски додаток кој ќе се доделува како стимул за редовно посетување на наставата во средно образование од страна на децата од домаќинствата кои користат социјална помош, како и додаток за редовно вршење на потребните медицински прегледи на детето по раѓањето и негова редовна вакцинација, т.е. за пост-натална грижа на деца на корисници на социјална парична помош.

Во текот на 2009 година ќе се изготви **Национална програма за развој на социјалната заштита**, како стратешки документ во рамки на кој ќе се утврдат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на Република Македонија, со мерки на активна социјална политика на среден и на долг рок.

Како посебни Програми на Владата на Република Македонија, покрај воведувањето на условените парични трансфери, во зависност од анализата на состојбите и доколку се утврди потреба, се планира и донесување на програма со мерки за намалување на енергетската сиромаштија.

За уредување на правото на домување за најзагрозените категории на граѓани, планирано е донесување на посебен закон за социјално домување.

Зајакнувањето на човечките капацитети со цел за успешно и ефикасно имплементирање на политиките и програмите во областа на социјалната заштита, во наредниот период ќе биде спроведено преку програма за континуирано образование на стручните лица и лиценцирање на вработените во установите за социјална заштита. Паралелно со тоа, ќе се работи и на подготвување на нормативи и стандарди за работа на стручните работници во установите за социјална заштита.
По донесување на новиот Закон за социјална заштита, ќе бидат организирани обуки и семинари за промовирање и запознавање со законските решенија и нивната практична имплементација, како и за мониторинг и евалуација на политиките и програмите на социјална заштита.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Континуирано ќе се следи и оценува имплементацијата на реформираниот систем на парични надоместоци во системот на социјалната заштита, како и успешноста во таргетирањето на најзагрозените категории на граѓани.
За имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита, во текот на 2010 година ќе се подготви соодветен Акциски план за спроведување на Програмата.

Ќе се продолжи со континуирано јакнење на капацитетите, преку организирање на стручни обуки, семинари и работилници, пред сé за Центрите за социјална работа, за доследна практична имплементација на политиките, програмите и мерките од областа на социјалната заштита.

Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на ресурсите и капацитетите потребни за успешно следење и евалуација на ефикасноста на програмите во областа на социјалната заштита и социјалната инклузија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во тек е имплементацијата на Проектот SPIL, финансиран со заем од Светската Банка, во рамки на кој покрај другото, предвидени се и се имплементираат повеќе активности насочени кон поддршка на програмите за социјална заштита, т.е. подршка за ефикасно спроведување на реформите во системот на социјалната заштита, зајакнување на административните и техничките капацитети на Министерството за труд и социјална политика во делот на паричните надоместоци, социјалните услуги итн.

Во подготовка е Проект за условени парични трансфери, кој ќе отпочне да се реализира во 2009 година, со поддршка на Светската Банка.

## 3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Анализата на состојбите поврзани со антидискриминацијата, покажува дека и покрај третирањето на антидискриминацијата во Уставот на Република Македонија и во повеќе други постоечки закони, сепак согласно постоечката регулатива и позитивна пракса во Европската Унија, постојат повеќе други аспекти на антидискриминацијата кои не се опфатени и регулирани со постојното национално законодавство. Како резултат на ваквата идентификувана состојба се наметна неопходноста од донесување на посебен Закон за заштита од дискриминација.

Во 2008 година отпочнаа активностите околу изготвувањето на предлог текст на **Закон за заштита од дискриминација**. За таа цел формирана е работна група од претставници од релевантните институции и невладиниот сектор и изготвен е првичен текст на предлог Законот за заштита од дискриминација. Со цел да се обезбеди транспарентност и широка партиципација во изготвувањето на истиот, беа реализирани 6 јавни дебати во 6 града во Република Македонија. Целта на овие дебати беше промовирање на предлог-текстот на Законот, како и можност за добивање на предлози, сугестии и коментари од сите заинтересирани субјекти. Предлог текстот воедно е доставен и до ОДИХР и до Венецијанската комисија во Стразбург, како и до Канцеларијата на Европската Комисија во Македонија.

Врз основа на утврдените приоритети од *Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012*, изработена е Оперативната програма за имплементација на планот за 2008 година. Со цел продолжување на позитивниот тренд на транспарентно работење во оваа област, Оперативната програма беше промовирана и претставена во повеќе градови во државата пред претставници на локални институции и организации.

Реализирана е *програмата Родово сензитивно образование* наменета за наставниот кадар од основните училишта од прво до петто одделение. Со програмата беа опфатени сите основни училишта во Република Македонија и истата имаше за цел преку обуки да овозможи стекнување на вештини и знаења на наставниот кадар од основното образование за основните концепти на родовиот развој и инкорпорирање на родовиот концепт во наставните програми и планови. Во вкупно реализирани 15 обуки беа опфатени 330 одделенски наставници.

Во насока на јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност на национално ниво, реализирани се обуки (основна и напредна) наменети за координаторите за еднакви можности на жените и мажите во министерствата при Владата на РМ. Од страна на експерт беше изработена проценка на потребите на националните механизми за родова рамноправност врз основа на која беше креирана програмата на обуките.

Во текот на 2008 година се започна со работа на концептот за *родово сензитивното буџетирање*. Беше реализирана четиридневна обука за обучувачи за родово буџетирање на која присуствуваа претставници од секторите за буџет на неколку министерства, координаторите за еднакви можности на жените и мажите, претставници на невладиниот сектор и неколку единици на локалната самоуправа.

Во делот на имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите и оформувањето на мрежата на механизми за родова рамноправност на национално и локално ниво досега се именувани координатори во сите министерства во рамките на Владата на Република Македонија.. Исто така, мрежата на механизми на локално ниво постепено се заокружува и досега формирани се Комисии за еднакви можности на жените и мажите во 79 Совети во единиците на локалната самоуправа, додека именовани се 70 координатори во единиците на локалната самоуправа од вкупно 84.

Усвоени се измените и дополнувањата на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.117/2008). Со овие измени дефинициите за дискриминација содржани во законот беа усогласени со Директивата 2002/73/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот. Со ова се исполни една од обврските во делот на родовата рамноправност, произлезени од извештаите за прогресот на Република Македонија во процесот на пристапувањето во ЕУ.

Во однос на потребните институции, т.е. тела одговорни за родова рамноправност и антидисктиминација, во согласност со барањата на европските директиви, одговорна институција за родова рамноправност и за превенција и заштита од сите форми на дискриминација заснована на пол, сексуална ориентација, возраст, етничко потекло, инвалидност, двојна дискриминација е Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика. Овој сектор има две оддленија и тоа Одделение за родова рамноправност и Одделение за превенција и заштита од секаков вид на дискриминација. Одделението за родова рамноправнот, кое се грижи за унапредување на статусот на жената во општеството и воспоставувањето на еднаквите можности на жените и мажите, е телото кое, меѓу другото ги има

надлежностите и одговорностите во согласност со Директивата 2002/73/ЕС на Европскиот Прламент и на Советот (со која е изменета Директивата 76/207/ЕС).

Независното тело, во согласност со новиот нацрт-Закон за заштита од дискриминација, одговорно за заштита од дискриминација е Народниот правобранител (Омбудсман), кој во рамките на своите надлежности превзема мерки и активности за унапредување на правото на еднаквост и за заштита на лицата кои се жртви на дискриминација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во делот на заштитата од дискриминација, приоритет во текот на 2009 година ќе биде усвојувањето и имплементацијата на новиот **Закон за заштита од дискриминација**. Во таа насока, планирано е во соработка со невладиниот сектор да е реализираат обуки, јавни трибини и кампања насочени кон сензибилизирање и информирање на субјектите одговорни за имплементација на Законот, како и на општата јавност во Република Македонија.

Во овој период, исто така, се планира реализација на активности во насока на усогласување на законската регулатива од областа на образованието со Законот за еднакви можности на жените и мажите, што ќе има за цел инкорпорирање на родовиот концепт во наставните програми за образование и професионална обука, со што би се обезбедиле механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности за жените и мажите во образовниот процес.

Ќе продолжат и активностите во насока на *имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво*, т.е. во Единиците на локална самоуправа. Во текот на 2009 година ќе биде имплементирана програма за јакнење на капацитетите на Комисиите и координаторите за еднакви можности на локално ниво, преку изработена проценка на потребите на овие комисии и воспоставување на механизам за координација и соработка помегу Секторот за еднакви можности во МТСП и координаторите и комисиите во единиците на локалната самоуправа.

Имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите ќе продолжи и преку реализирање на конкретни активности за јакнење на капацитетите на Координаторите за еднакви можности на жените и мажите во рамки на министерствата во Владата на Република Македонија. Во таа насока ќе се реализираат и серија на обуки за овие координатори.

Во јануари 2009 година, како една од редовните активности, планирано е да се изработи Оперативниот план за 2009 година за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.

Во рамки на Програмата на заедницата за вработување и социјална солидарност ПРОГРЕС, во текот на 2009 година граѓанскиот сектор (две невладини организации), со финансиска поддршка на Министерството за труд и социјална политика ќе го реализира проектот „Македонија без дискриминација“ чија цел е натамошно зајакнување на јавната свест на полето на недискриминацијата по сите основи, а особено свеста кај младите за придобивките од еднаквоста и постоењето на различноста помеѓу граѓаните во РМ. Проектот има за цел и подобрување на правната рамка и на капацитетите на релевантните чинители, како и промовирање на партнерството помеѓу националните и локалните власти, граѓанското општество и експертската јавност за воспоставување на механизми за следење на прашањето на недискриминацијата по сите основи во Република Македонија.

Имајќи ја во предвид една од забелешките во извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија, во делот на родовата рамноправност, која се однесува на недоволната посветеност на промовирањето на правата и јакнењето на *жените од руралните средини* со различно етничко потекло, во 2009 година ќе биде реализирана програма за економско јакнење на жените од руралните средини и ќе биде спроведено истражување за утврдување на положбата на овие жени во Република Македонија. Ова истражување ќе даде насоки и препораки за активности насочени кон унапредување на положбата на жената од руралните средини и од немнозинските етнички заедници, преку кои би се намалила невработеноста кај оваа целна група и би се зајакнале нивните капацитети за успешно вклучување на пазарот на трудот.

Ќе се изработи анализа за причините за прекинувањето на образованието кај учениците од руралните средини, особено кај припаднички на помалите етнички заедници. По анализата ќе се спроведат работни средби со родителите на ученици/чки со цел нивно реинтегрирање во образовниот систем.

Во насока на имплементација на Резолуцијајта на ООН 1325, за учеството на жените во превенцијата и мирно решавање на конфликтни ситуации, ќе се изработат програми за обука на припадниците на вооружените сили, мировните мисии од Армијата на РМ, од перспектива на родовата рамноправност и правата на жените. Инкорпорирањето на родовиот концепт во областа на безбедноста и одбраната ќе се реализира во соработка со Министерството за одбрана.

Во насока на реализација на Акциониот план за унапредување на статусот на жената Ромка, планирано е организирање на обука за обучувачки за остварување на човековите права како и реализирање на работни средби на локално ниво.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По изготвувањето и усвојувањето на Законот за заштита од дискриминација, во периодот што следи приоритет ќе биде ставен на неговата доследна и ефикасна практична имплементација. Во согласност со одредбите од Законот, ќе бидат превземани потребните активности за воспоставување и јакнење на институционалните механизми за ефикасно утврдување, проследување и казнување на појавите на дискриминација по сите основи предвидени со Законот.

Континуирано ќе се врши следење на новите законски предлози во процесот на нивно донесување, од аспект на инкорпорираноста на родовиот концепт во истите.

Ќе се работи на имплементација на приоритетите од Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.

Континуирано ќе се реализираат активности насочени кон зајакнување на административните капацитети за имплементација на политиките и програмите од областа на еднаквите можности на жените и мажите, родовата рамноправност, заштитата од дискриминацијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во текот на 2008 година беа реализирани обуки за програмата „Родово сензитивно образование", поддржани од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, кое исто така ја поддржа и обуката за обучувачи за родово буџетирање.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје во изминатиот период поддржа одржување на 10 работни средби и две округли маси за детектирани слабости, недостатоци и унапредување на координацијата и соработката помеѓу механизмите за родова рамноправност на национално и локално ниво.

Мисијата на ОБСЕ обезбеди поддршка во организирањето на обуки за сензибилизирање и јакнење на капацитетите со вештини и знаења од областа на родовата рамноправност на Координаторите за еднакви можности на жените и мажите во министерствата, како и во организирањето на 7 трибини на кои беше разгледуван предлог-текстот на Законот за заштита од дискриминација, со цел да се образложи предлог текстот на Законот пред сите заинтересирани субјекти.

Со цел транспарентност во работењето на Секторот за еднакви можности и промовирање на оперативната програма за 2008 година од Националниот план за родова рамноправност, со поддршка на УНИФЕМ беа одржани 5 јавни дебати во различни градови на Република Мкедонија.

Владата на Кралството Норвешка преку Меморандумот за билатерална соработка со Владата на Република Македонија и во 2009 година ќе го поддржи унапредувањето на родовата рамноправност и подобрувањето на статусот на жената во општеството. Планирани се активности насочени кон унапредување на положбата на жената од руралните средини и од немнозинските етнички заедници.

Со поддршка на канцеларијата на УНИФЕМ во Скопје во 2009 година, Секторот за еднакви можности продолжува со реализација на активности насочени кон внесување на родовиот концепт во буџетот на министерствата и единиците на локалната самоуправа.

Со цел јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност, во соработка со УНДП, Министерството за труд и социјална политика ќе реализира активности со Комисиите за еднакви можности на единиците на локалната самоуправа.

## 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

### 3.20.1 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРИНЦИПИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Македонија подготви нацрт на документот – „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020", кој е планирано да ги дефинира основните правци во развојот на македонската индустрија. Инаку, овој стратешки документ се подготвува во рамките на меѓуминистерска работна група и во постојана консултација со бизнис заедницата, стопанските комори, универзитетите и Националниот совет за претприемништво и конкурентност.

Во процесот на подобрување на деловната клима постигнати се значајни резултати од аспект на забрзување на постапките за влез и излез на фирмите од пазарот (со воведувањето на едношалтерскиот ситем, како и измените и дополнувањата на Законот за стечај). Исто така, со регулаторната реформа и РИА се намалуваат бирократските процедури и се олеснува водењето бизнис. Во рамките на првата фаза од регулаторната реформа беше спроведен проектот *Регулаторна гилотина* во рамките на кој беа опфатени вкупно 63 закони и 481 подзаконски акти. Во рамките на втората фаза беа донесени Методологија за РИА, соодветни Обрасци и измени на Деловникот за работа на Владата на РМ. Од 01.01.2009 година спроведувањето на Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) е задолжително за сите министерства при донесувањето на нови закони.

Со цел потикнување на странските инвестиции во Македонија, досега се ангажирани 21 промотор во 21 земја , а планирано е дополнително ангажирање на уште 2 економски промотори.
Општите насоки за развој на МСП се дефинирани во Националната стратегија за развој на МСП (2002-2013) и во 4-годишната Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010) која дефинира конктерни мерки и активности за подршка на МСП.

Во 2008 година беше формирано Националното Координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата и беше усвоена Национална Агенда за ООП за Република Македонија 2008-2012 година. Овој стратешки документ го промовира принципот на општествена одговорност со што компаниите ги интегрираат социјалните грижи и грижата за заштита на околината во нивните деловни активности и во нивната интеракција со заинтересираните страни на доброволна основа. .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Главни институции во креирањето и имплементирањето на политиките за претпријатија се: Владата на РМ, Министерството за економја, Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата за економски прашања – Сектор за економски политики и регулаторна реформа, Меѓуминистерската работна група за индустриска политика, дел од ресорните министерства, специјализирани агенции и други институции и организации, како и Македонската банка за поддршка на развојот.

Во однос на институционалната поддршка на МСП основна институција која ги реализира програмите на Владата за МСП е Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ. Покрај Агенцијата постои и широка мрежа на институции за поддршка на претприемништвото и МСП:

- 21 бизнис центри
- Прилепската регионална агенција за претпријатија-ПРЕДА,
- 10 деловни инкубатори
- 3 агенции за технолошки развој
- 17 канцеларии за локален економски развој во 17 општини во земјата;
- Универзитетски центар за нови бизниси при Машинскиот факултет во Скопје
- Фонд за развој на човечки ресурси,
- Евро-инфо кореспондентен центар во Скопје (Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ));
- 10 кластери

Исто така, се понагласена е улогата на Агенција за странски инвестиции која активно работи на промоција на потенцијалите на македонската економија и привлекување странски инвестиции.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Главен приоритет е усвојување и успешна имплементација на стратешкиот документ за индустриска политика – „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020", како интегративна проактивна политика која јасно ги дефинира приоритетите, целите, мерките и инструментите во создавање на конкурентна економија. Во документот се дефинирани неколку области на интервенција преку програми и мерки имплементирани од разни министерства:

1. Зголемување на применливите истражувања, развојот и иновациите со пораст на инвестициите во истражување и развој, со развој на взаемна меѓусекторска соработка помеѓу индустријата, институциите и Владата;
2. Интернационализација на фирмите-подобрување и потикнување на меѓународната соработка на приватниот сектор со цел, размена на знаење и искуство, учење и развој на нови менаџмент и маркетинг методи и техники; ;
3. Промоција на одржливиот развој преку искористување на природните можности за производство на обновлива и алтернативна енергија и природните еколошки можности кои постојат во земјата, во насока на производство на производи и услуги со високо-додадена вредност (претварање на еколошките услови во можности за поволен економски развој);
4. Зголемување на конкурентноста на македонската индустрија со потикнување и зајакнување на кластерите и нивно регионално и меѓународно вмрежување ( целта е поделба на трошоците, поефикасно истражување на пазарот, поефикасен проток на трудот, капиталот, технологијата, иновациите и информациите); и
5. Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото преку зајакнување на капацитетите на АППРМ и целокупната институционална инфраструктура која се однесува на поддршка на МСП, како и подобрување на пристапокот кон финансирање на МСП;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во натамошниот период ќе се работи на зајакнување и подобрување на координацијата помеѓу различните институции кои се креатори и имплементатори на индустриската политика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе се работи на успешна имплементација на стратешкиот документ Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 со што ќе се овозможи зголемување на конкурентноста на македонската индустрија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Активностите поврзани со креирањето на документот Индустриска политика (2009-2020) се подржани од проектот на Светска банка-БЕРИС (Проект за реформа на бизнис окружувањето и јакнење на институциите). Во иднина ќе се настојува да се обезбедат донаторски средства за следниве области во рамките на ова подрачје:

- Развој на взаемна меѓусекторска соработка помеѓу Владата, индустријата, и универзитетите со цел потикнување на иновативноста, зголемување на инвестициите во истражување и развој и подобрување на нивната применливост во бизнисот;,
- Подршка на процесот на интернационализација на фирмите;
- Промоција и искористување на природните еколошки можности кои постојат во земјата, во насока на производство на еко-производи и услуги со високо-додадена вредност
- Поддршка на развојот и иновативноста на кластерите преку стимулирање на соработка преку регионално и меѓународно вмрежување на кластерите;
- Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото, конкурентноста и иновативноста, преку воспоставување и функционирање на систем за акредитација на консултанти и обучувачи за МСП, анализа на потребите на МСП за обуки, реализација на иновативен ваучер, функционирање на Фондот за развој на човечки ресурси
- Подобра информираност и обука за искористување на можностите кои што ги нудат Програмите на заедницата;

## 3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Инструментите кои се користат за спроведување на индустриската политика на Република Македонија се дефинирани во повеќе програмски документи. Во оваа насока, во изминатиов период континуирано се спроведуваа Програмата за поттикнување на инвестиции во Република Македонија, Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги и Програмата за развој на претрпиемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП.

Со измените и дополнувањата на Законот за облигациони односи (Службен весник на Република Македонија бр 84/2008) беше **делумно** транспонирана Директивата 32000L0035 за задоцнети плаќања.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Предвидено е донесување на посебна Програма за поддршка и развој на кластерското здружување. Во рамките на програмата се предвидени активности за подобра промоцијата на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и

унапредување на менаџментот на кластерите, подобрување на поврзувањето (вмрежувањето) на кластерите, како и средства за формирање на нови кластери.

Ќе продолжи спроведувањето на Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги. Во рамките на програмата предвидено е субвенционирање на фирмите во делот на сертификација за систем на квалитет, сертификација на производи, изработка на идејно решение за индустриски дизајн и поднесување на меѓународна пријава за патент. Исто така предвидено е и кофинансирање за организација, учество и презентирање на меѓународни саеми и бизнис форуми.

Во рамките на Програмата за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност на МСП планирани се активности во насока на исполнување на приоритетите од Европската повелба за мали претпријатија. Предвидено е кофинансирање и подршка на бизнис инкубаторите, бизнис центрите и Европскиот информативен и иновативен центар. Исто така предвидено е продолжување на ваучерскиот ситем на советување, како и подршка на Фондот за развој на човечки ресурси со што континуирано се подобрува достапноста на МСП до вештини. Во делот на пристапот до финансии на МСП, планирани се измени на Законот за основање на Македонска банка за поддршка со цел да се подобри искористеноста на средствата од Гарантниот фонд.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на МСП ќе продолжи имплементацијата на Програмата за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност на МСП (2007-2010) во која целосно се опфатени приоритетите од Европската повелба за мали претпријатија. Исто така, ќе се направи проценка за начините на усогласување на националната дефиниција за МСП со ЕУ критериумите.

Планирано е доразвивање на мерките за подршка на конкурентноста на македонската економија.

## 3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија досега се изработени следниве секторски стратегии:

- Националната програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на РМ;
- Стратегија за развој на текстилната индустрија
- Национална Стратегија за развој на туризмот (2008-2012)

За секторот туризам, покрај споментата стратегија релевантни се и следниве законски акти: Закон за угостителска дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/2004, 89/2008) и Закон за туристичка дејност (Службен весник на Република Македонија 62/2004, 89/2008).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во секторот на челик континуирано продолжува имплементацијата на Националната програма. Предвидено е издавање на третиот билтен за челик во кој се содржани целосни информации и податоци за трендовите во челичната индустрија. Исто така, планирано е организирање на регионална конференција за идните предизвици и трендови во металургискиот комплекс, со посебен осврт на челичната индустрија, во ерата на глобалната криза.

Во делот на текстилниот сектор ќе се изготви Акционен план во кој ќе бидат дефинирани мерки и активности за имплементација на Стратегијата за текстилна индустрија.

Во рамките на секторот туризам предвидени се следните активности со цел промовирање на Македонија како туристичка дестинација: изготвување и печатење на промотивни материјали во одделни сегменти на туристичката понуда, презентација на меѓународни туристички берзи; субвенции за учество на бизнис форуми и други манифестации; соработка со странски туроператори, новинари и разни федерации во функција на промоција на македонскиот туризам преку странски туристички медиуми; како и поддршка на туристички проекти и обука на кадри во туризмот. Исто така, во 2009 ќе започне со работа и Агенцијата за промоција и подршка на туризмот

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Имплементација на секторските стратешки документи.

## 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

### 3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во тек се преговорите за основање на **Транспортна заедница на земјите од Западен Балкан и Европската Унија**. Целта на договорот е да се воспостави интегриран пазар за инфраструктура и копнен транспорт, воден транспорт и внатрешна пловидба и да се усогласи релевантната легислатива во Балканскиот регион (Република Македонија, Србија, Косово, Црна Гора, Хрватска и Босна и Херцеговина) со легислативата на Европската Унија (исклучувајќи го воздушниот сообраќај), како би се овозможило корисниците на транспортот и граѓаните побрзо да имаат корист од предностите кои ги нуди пристапот во ЕУ. На одржаниот состанок во Брисел помеѓу Европската Комисја и претставници на земјите од Западен Балкан беше презентиран првиот нацрт текст на Договорот за транспортна заедница кој е во рана фаза.

Во тек е акредитација на Република Македонија, за ЕУ да дозволи децентрализирано управување со предпристапните фондови (ИПА фондови).

Врз основа на Студијата за преструктуирање на патниот сектор се изврши трансформација на Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија во **нова Агенција за државни патишта** и во тек е преструктуирање на ЈП Македонијапат со цел адаптирање на либерализацијата на пазарот за тековно одржување на патиштата која произлегува од новиот Закон за јавни патишта и институционално преструктуирање на надлежностите во патениот сектор.

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика**. Види Поглавје 3.14**

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- **Повеќе-годишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-СЕЕТО (2009-2013)**

Продолжува соработката во развивањето на **Главната регионална транспортна мрежа и во Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО).** Одобрен е **Повеќегодишниот план за период 2009-2013 година (МАП**). Спроведувањето на приоритетните проекти, координирањето на инвестициите и годишните ревизии на МАП претставува континуирана соработка во рамките на СЕЕТО и реализирање на приоритетите од Повеќегодишниот план 2009 - 2013. Тоа се пред се т.н. меки мерки кои продразбираат отстранување на нефизичките бариери во трансортот помеѓу земјите од Западен Балкан и засилена регионална соработка. Учество во изработката на нов петтогодишен план 2010 – 2015.

Во рамките на СЕЕТО е започнат проект за безбедност на патиштата кој треба да трае до ноември 2009 година. Целта е подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и железничкиот сообраќај.

- **Програма за јавни инвестиции (2009-2012)**

Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

- **Национална транспортна стартегија (2007-2017)**

Националната транспортна стратегија за 2007-2017 година, усвоена од Владата на Република Македонија во 2007 година, беше презентирана пред Европската комисија, МФИ и други заинтересирани страни кои ја потврдија нејзината усогласеност со ЕУ и со агендата на СЕЕТО во транспортниот сектор во периодот што доаѓа. Согласно планот за ревизија, истата се ревидира на секои 6 месеци во првите две години. Последната ревизија е направена во декември 2008, со цел подобрување на квалитетот и усогласување со планираните активности во сообраќајната инфраструктура.

Со ажурирањето на Интегрираниот транспортен систем се потврди заложбата за подобрување на економскиот пораст и одржувањето на конкурентноста, кое овозможува пристап до брзи, ефикасни и доверливи транспортни услуги, како и можност за индивидуална мобилност преку понудените транспортни услуги. Управувањето, одржувањето и оперативноста, како и новата изградба на транспортната мрежа, директно придонесуваат за развој на економијата, поврзување на луѓето со нивните работни места и други нивни активности; го промовираат вработувањето на луѓето како клучен социјален елемент кој овозможува економски пораст на државата. Очекуваното непосредно влијание од финансирањето во транспортот е да се намалат генералните транспортни трошоци и времетраење на транспортот, што ќе доведе до целосен пораст на државниот приход.

- **Национален развоен план (2009-2013)**

Националниот развоен план е документ кој е дел од макроекономската политика на Република Македонија. Министерството за транспорт и врски ја координира подготовката на инвестициските приоритети во областа на транспортната инфраструктура, дефинирајќи приоритетни проекти од областа на патната, железничката и авио инфраструктурата за период од 2009-2013. Повеќе за НРП види во Поглавје 3.22.5

- **Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009 – 2014**

Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009 – 2014 е донесена од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на 16.10.2008 и е усвоена на Седницата на Собранието на Република Македонија на 11.11.2008. Главна цел е до 2014 година бројот на жртви во сообраќајот на патиштата во Република Македонија да се намали за 50% и нула деца жртви во патниот сообраќај. Истата е усогласена и е конзистентна со Националната транспортна стратегија 2007 – 2017.

- **Пред-пристапна економска програма (ПЕП 2008-2010)**

Програмата претставува документ кој е дел од макроекономската политика на Република Македонија. Предвидена е континуирана реализација на програмата на годишно ниво сé до влез на Република Македонија во Европската унија. Носител на ПЕП е Министерство за финансии, за што е формиран е Меѓуминистерски комитет за подготвка на ПЕП и соодветен Секретаријат за подготовка и следење на Програмата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за Европска интеграција во рамките на Министерството за транспорт согласно новата систематизација, се состои од три одделенија : Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА фондови , и Одделение за програми на Заедницата и други меѓународни инвестиции. Во Секторот за Европска унија има 15 вработени од кои 6 се по договор за дело.

Во Министерството за транспорт и врски, согласно измената на актот за Систематизација на работни места формиран е нов Сектор за железници, во кој постои и Одделение за железничка инфраструктура. Види Поглавје 3.14.2

Врз основа на Студијата за преструктуирање на патниот сектор се изврши трансформација на Фондот за магистрални и регионални патишта на република Македонија во нова Агенција за државни патишта како администратор на патната мрежа во Република Македонија и во тек е преструктуирање на ЈП Македонијапат со цел адаптирање на либерализацијата на пазарот за тековно одржување на патиштата која произлегува од новиот закон за јавни патишта и институционално преструктуирање на надлежностите во патениот сектор. Во тек е трансформација на ЈП Македонијапат, која исто така се работи според Студијата за преструктуирање на патниот сектор

Процесот на трансформирање на ЈП Македонски железници е завршен со тоа што на 09.08.2007 што двете нови компании: ЈП Македонски железници инфраструктура и Македонски железници транспорт АД се регистрирани и започнаа да работат како два независни правни субјекти со посебни сметки.

Согласно донесената одлука на Владата на Република Македонија, на 24.09.2008 година е потпишан Договор за давање на концесија на аеродромите Александар Велики-Скопје, аеродромот Св Апостол Павле-Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во однос на изградбата на Обиколница Скопје, за секција Хиподром-Оризари, се реализирани 94% од градежните работи и 99% од експропријацијата, се очекува до првата половина на 2009 година да биде пуштена во употреба. За делницата Оризари-Сарај, градежните работи се навремено завршени и истата делница беше официјално пуштена на 24.07.2008 година. Што значи дека обиколницата Скопје во 2009 година се очекува целосно да биде пуштена во употреба.

На 20.10.2008 година започна со **изградба на автопатот Табановце-Куманово** со должина на 7.5км Со проектот се предвидува делницата Табановце-Куманово да биде автопат со изградба на нова еднонасочна коловозна лента со широчина од 11 метри, паралелно со постоечкиот пат, разделена со зелен појас одвоен од него со ограда во широчина од 4 метри. Временската рамка за овој проект е 18 месеци. Постојниот паралелен пат ќе стане еднонасочен и ќе биде проширен од постојните 7.5 метри на 11 метри. Проектот , предвидува и нов пристап за управување со сообраќајот во пристапувањето кон граничниот премин Табановце.

Во рамки на **ИПА Оперативна програма за регионален развој (2007-2009)**, ИПА апликацијата подготвена од страна на Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерството за животна средина и простро планирање и Фондот за магистрални и регионални патишта беше испратена во Европската Комисија во Брисел на 6.10.2008 година, по претходно одобрување од страна на Владата на Република Македонија. Добиени е писмо од Директоратот за регионална политика дека апликацијата е прифатлива по првата админстативна проверка на 21.10.2008.

До крајот на 2009 година, поточно во втората половина од 2009 во текот на Шведското преседателство се очекува потпишување на **Договорот за транспортна заедница.**

Агенцијата за државни патишта, согласно проектот Модернизација на систем за наплата на патарина со управување преку оператор, отпочна со процедура за избор на Оператор и набавка на опрема, согласно предвиденото воведување на нов електронски систем на наплата на патарини долж Коридор 10, преку Оператор.

Во 2009 година се предвидува национална акредитација на Република Македонија за децентрализирано уравување со ИПА фондовите, по ревизија поднесување на акредитациониот пакет за ИПА.

Предвидено е двократно ажурирање на Националната транспортна стратегија за 2007-2017 година, во текот на 2009, со цел подобрување на квалитетот на истата и инкорпорирање на новите активности за сообраќајната инфраструктура.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во однос на зајакнување на капацитетите во Секторот за Европска унија при Министерството за транспорт и врски, во 2009 предвидени се две вработувања.
Агенцијата за државни патишта планира вработувања во текот на 2009 година, во рамките на потребите, заради извршување на проектот Коридор 8.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Искористување на Предпристапна помош на Европската Унија – ИПА фондови**

**А Приоритетна оска 1-коридор 10 Завршување на автопат**
**А.1 Мерка 1.1 –изградба на останатите делници на коридор 10 до ниво на автопат.**
**Изградба на автопат Демир Капија - Смоквица** во должина од 28,5км се предвидува да започне во 2010 а да заврши во втората половина на 2013.
**Б.Приоритена оска 2 – Изградба и модернизација на транспортната инфраструктура**
**Б.1 Мерка 2.1 Подобрување на железничката инфраструктура долж Југоисточната регионална мрежа**
Министерство за транспорт и врски во соработка со Македонски железници-Инфраструктура ги идентификуваше следните проекти кои ќе се имплементираат под мерка 2.1 од Оперативната програма:

- Подготовка на главен проект за нова железничка линија Велес Ногавци со должина од 19км
- Подготовка на главен проект за реконструкција на делница Ногаевци-Неготино со должина од 31км
- Подготовка на главен проект за железничка линија Битола-Кременица со должина од 16км ( коридор Xd).
- Подготовка на главен проект за нова железничка линија Куманово-Делјадровци со должина 10км ( коридор X)
- Подготовка на анализа за трошоци во однос на придобивки за коридор X и коридор VIII
- Подготовка и оценка на влијание на животна средина за коридор VIII и коридор X.

Овие проекти се во согласност со критериумите на Оперативната програма, во која е предвидена финансиската алокација за оваа мерка како и националните приоритети за развој на железничкиот сектор во Република Македонија.

**Б.1 Мерка 2.2 Подобрување на патната мрежа долж Југоисточната регионалан мрежа**
Министерство за транспорт и врски ги идентификува следните проекти кои ќе се имплементираат под мерка 2.2 од Оперативната програма:

- Подготовка на физибилити студија за надградба на ниво на автопат на патната делница на Коридор 8 Романовце-Деве Баир .

**Ц Приоритена оска 4- Техничка помош**
Министерство за транспорт и врски во соработка со Министерство за животна средина работи и Министерство за финансии ги идентификува проектите кои ќе бидат финасирани по оваа мерка, по што ќе следи нивно континуирано имплемнтирање
Во 2008 година за прапат Министерството за транспорт и врски предложи проект за користење средства од ИПА 1 – Транзициона помош и градење на институциите, преку помош на Државниот инспекторат за Транспорт во имплеметација на законот за јавни патишта.

Во 2009 година ќе се започне со подготовка на проекти за новата програма за регионален развој. Акцентот на оваа програме ќе биде ставен во поголем дел на железничкиот транспорт;

Избирање на концесионер за проектот за концесии на автопати со наплата на патарина во мрежата на Република Македонија Согласно проектот за концесија на патишта со наплата на патарина и консултанските услуги од фирмата „Луј Берже“ во 2009 година се очекува потпишување на договор за концесија на одредени патни делници од мрежата на Република Маекдонија со концесионер кој би ребroom на изградба и одржување на тие делници.

Освен на Коридорите, Владата на Република Македонија посвети целосно внимание на обновата и на изградбатана регионални и на локални патишта бидејќи тие претставуваат голем дел од транспортната инфраструктура во земјата. Проектот за рехабилитација на локални и регионални патишта кој е заем од Светска `Банка во износ од 70 милиони Евра и кој ќе се имплентира во 2009 година па се до 2013 година и ќе придонесе за рехабилитација на мрежата на локални и регионални патишта во Република Македонија и подигнување на нивото на транспортот во целата земја.

Концесија на аеродромите „Александар Велики“ – Скопје, аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид и изградба на нов карго-аеродром во Штип – На 24.09.2008 година е потпишан Договорот за концесија на македонскиот аеродромски систем во Република Македонија и компанијата „ТАВ“ од Република Турција

**Реализација на проектите идентификувани од страна на Високата група за транспорт**
Приоритетни оски /проекти идентификувани од страна на Високата Група за транспорт за Република Македонија за реализација до 2010 предвидени се:

- Изградба на автопатот граничен премин со Република Албанија-Скопје-граница со Република Бугарија
- Рехабилитација на железничката линија Табановце-Гевгелија, фаза 1
- Железничката линија Куманово-Бељаковце-граница со Република Бугарија
- Железничка линија Кичево-Струга граница со Република Албанија

За реализација по 2010 година:

- Рехабилитација на железничката линија Табановце-Гевгелија 2

Проект со регионално значење и национален приоритет:

- Изградба на мултимодален терминал лоциран во Струга

- **Изградба на делницата Велес-Прилеп**. Делницата претставува дел од Европскиот коридор 10д и е врска од особено значење за транспортот на целиот регион спрема централна и западна Европа.
- Во однос на на спроведување на СЕЕЦП-**Договорот за воспоставување на железничка мрежа со високи перфоманси во Југоисточна Европа**, подготвен е Акциониот план за спроведување на Договорот**.** Истиот е на разгледување до ресорните институции и по истиот треба да се достават забелешки во главната канцеларија на технички секретаријат за спроведување на СЕЕЦП – договорот во Атина, Р.Грција.
- Имплементација на **Протоколот за прекугранична соработка долж земјите на Пан-Европскиот Коридор 10,** кој беше потпишан во јуни 2006 на Крф и кој има главна цел олесување на протокот на лица и стоки долж Коридорот 10. Потписниците за краток или среден рок потребно е да реализираат усогласување на законодавството и процедурите за граничните премини со ЕУ acquis, постојана размена на информации помеѓу релевантните администрации и агенции особено со електронски средства, како би се постигнала поблиска соработка и зголемена ефикасност. Препорака е создавање на контакт точки во секоја земја кои ќе се задолжени за оваа задачаПрв претседавач е

Република Грција. Во февруари 2008 се одржа шестиот состанок на работната група за подобрување на гранични премини, доставување на ажурирани податоци.

### 3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на Транс-Европските Енергетски Мрежи е дел од правната рамка која ја регулира енергетската политика види поглавје 3.15.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Пазарот за електрична енергија и природен гас се трансформира во согласност со принципите на европпските директиви и регулативи и ***Договорот за основање на Енергетска заедница***, кој Република Македонија го потпиша со останатите земји од Југоисточна Европа и Европската комисија на 25 октомври 2005 година во Атина. Република Македонија го ратификува овој Договор во мај 2006 година а истиот стапи на сила на 01.07.2006 година.

За постигање на целите на Договорот, активностите на земјите потписнички опфаќаат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекугранична алокација на капацитети и пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-пристапници кон Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи.

Во рамки на ***Програмата SECI*** (Southeast European Cooperation Initiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (Transmission System Planning - TSP), започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association). Основната идеја на проектот е запознавањето со регионалниот пристап во праксата на планирање на преносните мрежи и создавање на заедничка база на податоци за ЕЕС-и во регионот која постојано би се надградувала и користела од страна на електроенергетските компании од земјите од Југоисточна Европа. Работата во рамките на овој проект продолжува со изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2015 и 2020 година како и изработка на студија ”Неизвесности во преносната мрежа на Југоисточна Европа и евалуација на ризиците за идните инвестиции во преносната инфраструктура”.

***Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем и Инвестициона програма*** *која ќе се реализира до крајот на 2009 година е* законски утврдената надлежност за одржување и развивање на преносната мрежа, како и извршување на обврските за обезбедување на јавна услуга на сигурен начин, што подразбира сигурно, навремено и квалитетно напојување со електрична енергија по разумна цена на испорака и грижа за заштита на животната средина, МЕПСО ќе ја развива преносната мрежа на начин предвиден во Студија за доверливост на електроенергетскиот систем. Студијата се изработува согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија и Лиценцата за вршење на енергетска дејност.

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Македонскиот електропреносен систем интерконективно е поврзан со Грција, Бугарија и Србија. Високонапонската преносна мрежа работи на четири напонски нивоа: 110 kV, 220 kV и 400 kV. Основата на електропреносниот систем е 400 kV напонско ниво. Прстенот составен од три 400 kV далековод го поврзува најголемиот потрошувач во северниот дел од земјата (Скопје) со најголемите производствени капацитети во јужниот дел (Битола и Неготино). Електроенергетскиот систем (ЕЕС) на Република Македонија интерконективно е поврзан на 400 kV напонско ниво со два ДВ-и со ЕЕС на јужниот сосед. Интерконективната 400 кV далекуводна врска ТС Битола 2 (Република Македонија) -ТС Флорина (Република Грција), како дел од „Проектот за Развој на ЕЕС на РМ“, претставува втора 400 кV врска помеѓу Македонија и Грција.

<u>Во насока на *Транспортен коридор 10*</u>

***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***

Предвидените финансиски средства за реализација на овојј проект за македонскиот дел изнесува 14 милиони Евра, од кој Владата на Република Македонија обезбеди државни гаранции во износ 11 милиони Евра и 3 милиони Евра се сопствено учество на АД МЕПСО. Започнати се активностите за обезбедување на заем од Светска Банка за 11 милиони Евра. За овој проект електропреносните оператори на Македонија (МЕПСО) и Србија (ЕМС) потпишаа Меморандум за разбирање (Memorandum of understanding) во кој е назначено дека двете страни треба да превземат активности за обезбедување на финансиски средства за изградба на оваа интерконекција, односно секој за својот дел од интерконекцијата. Изработена е Студија за избор на приклучна точка со преносниот систем на Република Македонија и е одредена ТС Штип како најповолна точка на приклучок. Во фаза е добивањето просторни услови за коридорот на далекуводот и се подготвуваат активностите за изработка на Студија за оценка на влијанието врз животната средина.

Во насока на *Транспортен коридор 8*

***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Црвена Могила (Бугарија)***

Изградбата на 400 kV интерконеконективна врска со Република Бугарија претставува прва интерконективна врска на ова напонско ниво помеѓу двете земји и е дел од Коридорот 8. Со истата ќе се овозможи сигурен транзит на електрична енергија помеѓу двата електроенергетски системи на Република Македонија и Република Бугарија. Завршени се активностите во врска со изградбата на далекуводот на територијата на Република Македонија до границата со Република Бугарија, и истиот е ставен на напонски испитувања. Интерконективната врска е пуштена во пробна работа од месец ноември 2008 година, додека од 1 јануари 2009 година ќе отпочне со редовна работа.

Продолжуваат активностите за завршување на изгградбата на ТС Штип и се очекува до 2009 да биде завршена. Овој проект е вклучен во приоритетите на Транс-европските енергетски мрежи (TEN-E – Decision No 1229/2003/EC од 26.06.2003).

Во тек е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со Проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа“*** што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на РМ и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. Проектот е овозможен со помош на кредитна линија од ЕИБ како и со кофинансирање од страна на АД МЕПСО. Во проектот влегува изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза, ТС Петровец, ТС Драчево и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово*,* е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB). До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец. Продолжуваат активностите за изведба на ТС Петровец и ТС Драчево, како и за 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово*,* и истите се предвидува дека ке бидат реализирани до крајот на 2009 година.

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“***.За овие далекуводи се очекува да се добијат прострони услови и се подготвуваат активностите за изработка на студии за оценка на влијанието врз животната средина.

*Компонента 2:* Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи.

Во рамките на оваа компонента планирани се и изградба на нов 2x110 kV ДВ од ТС Битола 3 до ТС Битола 4 и реконструкција на постоен 110 kV ДВ ТС Скопје 1 – ТС Тетово 1 - планирани да се градат во период 2008 - 2011год..

*Компонента 3:* Надградба на постојниот EMS систем и планирачки софтвер е тековна активност и е предвидено да се заврши во 2008 година

*Компонента 4:* Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници е тековна и ќе заврши 2011 година.

*Компонента 5:* Поддршка на институционалниот развој, е тековна и се планира да заврши 2011 година.

За потребите на новото интерконективно поврзување 400kV ТС Штип – ТС Червена Могила, ќе се реализира **Проектот Четири трафостаници 400/110 kV** за реконструкција на постојната опрема за управување и заштита во четири трафостаници од 400/110 kV, односно Скопје 1, Скопје 4, Битола 2 и Дуброво. Проектот е тековен и истиот се реализира со средства преостанати од крдедитот на ЕБОР за горспоменатата интерконеккција со Република Бугарија, во износ од 6,25 мил.евра од кои АД МЕПСО кофинансира со 0,60 мил. евра и 5,65 мил.евра од ЕБОР. Се очекува овој проект да биде завршен во текот на 2010 година.

## Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

***Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*** *(Energy Community - Ring)*

Студијата за Регионална гасификација на ЈИЕ (Energy Community Ring) ги опфаќа изворите за снабдување со природен гас почнувајќи од Русија, Каспискиот регион и други транзитни коридори (вклучувајќи и ТПГ) и воедно ги обработува деветте пазари на гас во регионот на ЈИЕ како што се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Косово, Романија и Србија.

Извештај за пазарот на природен гас во ЈИЕ исклучително место и посветува на идејата за изградба на регионален гасен прстен (Energy Community Ring) во кој се опфатени: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Албанија и Косово. За Република Македонија, како дел од регионалниот гасоводен прстен ова ќе значи поврзување со Рускиот гас преку Унгарија и Србија односно Хрватска, можност за поврзување со Каспискиот гас преку Романија (гасоводот Набуко или гасоводот White Stream & PEGP), поврзување со руския гас преку Бугарија ( Blue Stream или South Stream/Nord), поврзување со регионалните терминали за течен природен гас (ТПГ) преку Revithoussia-Грција, односно Касписки или Руски гас преку Грција ( гасоводите ТАР – Транс-Јадрански гасовод, ТГ или South Stream/Sud).

Концептот на Регионалниот ЕЦ прстен е резултат на развојот на посточките гасоводни гранки кои можат да се појават од секој посебен главен влезен преносен гасовод и истите можат да се набљудуваат дека истите заедно претставуваат гасоводна врска од гасифицираните и негасифцирани пазари на ЈИЕ.

Со цел за натамошен развој на гасоводниот систем во Република Македонија на 3 септември 2008 година објавен е оглас за изработка на ***Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект***. Во студијата ќе се дадат технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години. Средствата потребни за изработката на студијата со идејниот проект и ревизија за целокупната гасификациона мрежа се приближно 100.000.000 денари. Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2009 година се обезбедени 45.000.000 денари.

До сега, доставена е Информација за извршен избор на најдобар понудувач, која е веќе разгледана од страна на Владата на Република Македонија.

Согласно предвидената динамика за проектот, во текот на првата половина на 2009 година, ќе биде изработена Физибилити студија за гасоводен систем во РМ со идеен проект со предлог на приоритетна магистрална делница за изградба. Додека во втората половина од 2009, ќе биде изработена проектна документација за приоритетната делница. Изградбата на приоритетна делница за гасоводниот систем е предвидена за 2011 година.

<u>На крајот од 2009 година, ќе биде изработена</u> физибилити студија со идеен проект за цела гасоводна мрежа, во која е вклопена и приоритетната делница. Проектната документација ќе биде изработена во текот на првата половина на 2011 година. Додека изградбата на преостанатиот дел од гасоводната мрежа во РМ е долгорочна активност со реализација во 2014.

Целосно гледано, Регионална гасификација на ЈИЕ создава можност за натамошен развој на гасификацијата на Република Македонија, зголемување на сигурноста во снабдување со природен гас.

***Проширување на гасоводната мрежа во Република Македонија***
Гасоводниот систем на Република Македонија е изграден како дел од *Коридорот 8.* Истиот е со капацитет од 800 милиони m3 годишно со можнист за проширување на $1200·10^6 m^3$ со инсталирање на уште една пумпна станица за остварување на максимална искористеност на инсталацијата. Оваа активност се предвидува откако ке се изградат двете планирани когенеративни централи, ТЕ-ТО АД Топлификација, Скопје и ЕНЕРГЕТИКА - АД ЕЛЕМ, бидејќи нивната потрошувачка на природен гас е планирана да изнесува дополнителни 800 мил. m3/годишно. Должината на магистралниот гасовод е околу 98 km, и се протега од границата со Бугарија до Скопје.
Изведени се приклучни места за разводни гасоводи во перспектива: приклучок кон Велес, Јужна Србија, Романовце и Гостивар, истите со вкупна должина од 24.95 km.

**В) НАФТОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Нафтоводот Скопје - Солун ја поврзува рафинеријата "ОКТА" со Солунското пристаниште во должина од 212,6 км и е наменет за транспорт на суровата нафта и снабдување на рафинеријата. Нафтоводот е изграден во 2002 година, во насока на Коридорот 10, со капацитетот од 360 m3/h односно 2,5 милиони тони годишно.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
***Миннистерство за економија***, Сектор за енергетика во име на Владата на Република Македонија ја има улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор. Во рамките на Министерството за економија воспоставена е Агенција за енергетика, за подршка и спроведувањето на енергетската политика во Република Македонија.

***Регулаторната Комисија за Енергетика*** ги регулира прашањата во вршењето на енергетските дејности односно го следи функционирањето на пазарот на енергија, донесува прописи за формирање на цени на одделни видови на енергија и пропишува тарифни системи и учествува во разрешување на спорови кои настанале помеѓу учесниците на пазарот на енергија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Краткорочното – годишно, средноорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на Инвестиционата програма изготвена согласно Студијата за доверливост на електроенергетскиот

систем и анализи на ЕЕС за нови објекти во тековната година и плановите за реконструкција и ревитализација на постојните објекти од електропреносниот систем.

Обезбедување на финансиски средства за следниве 400 kV интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи:
*Транспортен коридор 10*:
***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***
*Транспортен коридор 8*:
***400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косовоо (Косово Ц)***
Вкупната инвестиција се предвидува да изнесува 6,4 милиони евра, во која сопствените средства на АД МЕПСО би изнесувале 2.200.000 евра, додека останатите средства во висина од 4,2 милиони евра се предвидува да се обезбедат со заем од меѓународните финансиски институции.

***400 kV интерконеконективна врска Македонија) – (Албанија)***
Предвидениот трошок за македонскиот дел од проектот е 16,7 мил. Евра. Имено, на 13 Април 2005, во Софија , министрите од Албанија, Бугарија, Италија и Македонија потпишаа "Joint Statement for energy infrastructure cooperation" за поддршка на имплементацијата на енергетските инфраструктурните проекти, вклучувајќи ги проектите од Транс Европските Мрежи (TEN-E) во Европско – Медитеранскиот Енергетски Ринг, и воспоставување на работна група од земјите членки за имплементација на специфичните проекти за изградба на енергетската инфраструктура во европскиот коридор 8. Изработена е фисибилити студијата (Feasibility Study of the 400 kV OHTL and 400 kV Submarine Cable Interconnections from Macedonia to Albania and to Italy) – изработена од SEETEC со учество на KESH – Albania, MEPSO - Macedonia, и TERNA –Italy.

Во рамки на ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија"*** продолжуваат активностите од компонента 2 компонента 4 и компонента 5.

Реализација на **Проектот Четири трафостаници 400/110 kV**

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**
***Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*** *(Energy Community - Ring)*
Со изготвувањето на ***Физибилити Студијата за гасоводен систем во Република Македонија со Идеен проект*** ќе се дефинираат стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација. Реализацијиа на горееспоменатата динамика, односно Изработка на Студијата со идееен проект за гасоводен систем во РМ со идеен проект со предлог на приоритетна магистрална делница.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Институционалната рамка која се однесува на Транс-Европските Енергетски Мрежи е детално дадена во поглавје 3.15 Енергетика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Изградба на 400 kV интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи, во насока на следниве коридори:

*Транспортен коридор 10*:
***400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)***
*Транспортен коридор 8*:
***400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косовоо (Косово Ц)***
***400 kV интерконеконективна врска: 400 kV далековод (Македонија) – (Албанија)*** – обезбедување на финансиски средства за реализација на интерконекцијата.

Се предвидува продолжување на горенаведените компоненти од ***Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија***, кои започнуваат во 2008 и траат до 2011 година.

Реализација на **Проектот Четири трафостаници 400/110 kV**

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**
***Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*** *(Energy Community - Ring)*

Реализација на Идејните проекти кои ќе произлезат од *Физибилити Студијата за гасоводен систем во Република Македонија,* се со цел проширување на гасоводната мрежа со соседните држави и допринос кон Energy Community Ring.

***Проширување на гасоводната мрежа во Република Македонија***
***Изградба на првиот гасоводен прстен во Скопје*** со вкупна должина 12,5 км, работен притисок 12 бари, номинален дијаметар DN 400, инвестициона вредност околу 6,3 мил. УСД, период на изградба 12 месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.
***Изградба на вториот гасоводен прстен во Скопје*** со вкупна должина 13 км, работен притисок 12 бари, номинален дијаметар DN 300, инвестициона вредност околу 5,3 мил. УСД, период на изградба 12 месеци месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.

**В) НАФТОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Значаен проект во *Коридорот 8* е ***Транс - балканскиот нафтовод АМБО***. Намената на овој нафтовод е да го премости Балканскиот полуостров и со тоа да го олесни транспортот на суровата нафта наменета за европската нафтена индустрија, на потегот помеѓу Црноморскиот брег и Јадранското море, избегнувајќи го теснецот Босфор. Нафтоводот е со вкупна должина од 894,5 km од која низ територијата на Република Македонија ќе минуваат 273 km. Предвидени се 4 пумпни станици (2 во Република Бугарија и по 1 во Република Македонија и Република Албанија). Капацитетот е 750.000 барели дневно што значи транспорт од околу 30 – 40 милиони тони сурова нафта годишно. Времетраењето на изградбата се цени на 2,5 години.

Потпишани се билатералните Протоколи за влезно излезни точки помеѓу Република Албанија и Република Македонија и помеѓу Република Бугарија и Република Македонија. Исто така, усвоен е Законот за ратификација на Тристраната Конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем меѓу Р.Албанија, Р.Бугарија и Р.Македонија, склучена во Скопје на 31 јануари 2007 година. (Службен Весник на Р.М бр 74/2007), за финиширање на Проектот останува следново

- Затварање на финансиската конструкција за реализација на проектот,
- Изготвување на еколошка студија за овој проект
- Изготвување на Акционен план за натамошни активности со кој ке бидат дефинирани активностите
- Формирање на проектни компании во секоја земја посебно
- Потпишување на билатерални договори

**СТРАНСКА ПОМОШ**

- Во делот на Транс Европските Енергетски Мрежи во периодот од Јуни-Август 2008, Проектот Пренос и Поврзување, Реконструкција на четири трафостаници Скопје 4, Скопје 5, Дуброво и Битола 2 за кои е одобрена вкупна сума од 6.5 милиони евра од финансиската институција ЕБОР- средствата за 2009 година се 0,22 мил.евра (МЕПСО) и 1,55 мил.евра (кредит од ЕБОР) и за 2010 година се 0,26 мил.евра (МЕПСО) и 3,687 мил.евра (кредит од ЕБОР).
- Проект: ***Изградба на објекти од електрична мрежа*** (Power Substation Project) (ТС Петровец и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово ) - средствата за 2009 година се 2,89 мил.евра (МЕПСО) и 2,84 мил.евра (кредит од ЕИБ).
- ***Проект за развој на ЕЕС на РМ -*** средствата за 2009 година 6,6837 мил.евра (МЕПСО) и 6,1284 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2010 година 2,416 мил.евра (МЕПСО) и 4,36 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2011 година 0,554 мил.евра (МЕПСО) и 1,768 мил.евра (кредит од Светска Банка).
- ***Интерконективен далекувод 400 кV Штип (Македонија) - Червена Могила (Бугарија)*** и ***нова трафостаница 400/110 кV Штип -*** средствата за 2009 година се 0,74 мил.евра (МЕПСО) и 13,62 мил.евра (кредит од ЕБОР).

## 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

### 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2008 година Владата на Република Македонија усвои 2 подзаконски акти со кои се важни за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Тоа се следните:

- Одлука за критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони („Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2008)
- Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиноста за периодот од 2008 – 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2008)

Во рамките на Министерството за локална самоуправа подготвена е работна верзија на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, за која во јануари 2009 година ќе започне процесот на консултации со сите заинтересирани страни.

На ниво на плански региони се спроведоа низа активности за подготвување на 5 годишни Програми за развој на планските региони. Процесот на подготвување на наведениот документ во 4 плански регини се спроведе со техничка помош на ГТЗ проект. Во Вардарскиот и во Североисточниот плански регион УНДП обезбеди техничка помош, додека во Пелагонискиот плански регион техничка подршка е обезбедена во рамките на швајцарската развојна соработка, преку агенцијата Предда. – Прилеп.

Во насока на заокружување на статистичката рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој, Државниот завод за статистика го објави првиот статистички годишник за регионите во Република Македонија, во кој се презентираат најновите статистички податоци за регионите во државата. За определување на регионите се користеше Номенклатурата на територијални единици за статистика, донесена во 2007 г, од страна на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија донесе одлука за распределба на 65.375.889,50 денари, наменети за регистрираните Центри за развој на планските региони, кои средства ќе се алоцираат во 2009 година, со намена за подршка на Центрите за развој на планските региони за извршувањето на надлежностите утврдени со закон.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во јануари 2009 година се предвидува донесување на годишна програма *Атрактивни плански региони*, во кои се алоцирани планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 по намени, во функција на постигнување на целите на политиката за рамномерен регионален развој на нашата држава, утврдени со закон. Со средствата од оваа програма ќе се кофинансираат 50% расходи за тековно работење на Центрите за развој на планските региони, како имплементирачки структури на политиката за рамномерен регионален развој. Освен за кофинансирање на тековните расходи на Центрите за развој во осумте плански региони, ќе се финансираат проекти предложани од Советите за развој на планските региони, во подрачјата со специфични развојни потреби, како и за развој на селата. Целта на оваа програма е постепено создавање услови Планските региони во Република Македонија да станат атрактивни, да ги надминуваат со успех проблемите на нивниот конкурентски капацитет, да привлечат инвестиции, да го развијат својот ресурсен потенцијал и да создадат поволно опкружување за подинамичен развој на економските активности и подобар квалитет на живот за граѓаните.

Спроведувањето на оваа програмата ќе се одвива комплементарно со спроведувањето на проектот ГТЗ – РЕД, одобрен од Владата на Сојузна Република Германија, кој е активен во 4 (четири) Плански региони ( Источен, Југоисточен, Југозападен и Полошки.) како и преку УНДП. Наведените проекти од донаторите се спроведуваат во функција на зајакнување на институционалниот капацитет на Центрите за развој на планските региони и на општините и обезбедување брз пристап до инструментот ИПА во рамките на Компонента III Регионален развој.

Во 2009 година, Советот за регионален развој ќе ја утврди, а Собранието на Република Македонија ќе ја донесе **Стратегијата за регионален развој на Република Македонија,, на предлог на Владата на Република Македонија.**
По донесување на Стратегијата за регионален развој, Владата на Република Македонија ќе донесе тригодишен Акционен план за нејзино спроведување.

Во почетокот на 2009 година се планира да се донесат уште два подзаконски акти со кои се определуваат критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби како и листа на подрачја со специфични

развојни потреби, кои се од суштинска важност за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

На ниво на осумте плански региони, ќе се донесат Програми за развој на планските региони до крај на 2009 година.

Државниот завод за статистика, го објави првиот статистички годишник за регионите во Република македонија, во кои се презентираат најновите статистички податоци за регионите во државата. За определување на регионите се користеше Номенклатурата на територијални единици за статистика, донесена во 2007 година, од страна на Владата на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2010-2011 година, ќе продолжи спроведувањето на активностите во согласност со долгорочните и среднорочните плански документи за рамномерен регионален развој на Република Македонија и ќе се донесат годишните акциони планови за спроведување на Програмите за развој на планските региони за 2010 и 2011 година

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Формулирањето и спроведувањето на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија е подржано од Владата на Сојузна Република Германија преку проект ГТЗ РЕД. Проектот обезбедува техничка подршка за надлежните органи на државната управа т.е. Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој како и за 4 Плански региони ( Источен, Југоисточен, Полошки и Југозападен ).

Од септември 2008 година се вклучи УНДП кој обезбедува техничка подршка за Вардарскиот и Североисточниот плански регион а се водат преговори овој проект од 2009 година да се прошири и на Скопскиот плански регион.

Владата на Швајцарија обезбеди техничка помош за подготвување на Програма за развој на Пелагонискиот плански регион, во рамките на Швајцарската развојна соработка. Освен тоа, во рамките на наведената соработка, дополнително ќе се обезбеди подршка за спроведување на приоритетни проекти, кои ќе ги утврди Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.

## 3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Одлука на Владата на Република Македонија, во февруари 2008 година се конституираше *Советот за рамномерен регионален развој* (Сл.Весник на РМ 110/07). Со Советот претседава Заменик претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, а членови се осум министри, осум градоначалници – претседатели на Советите за развој на Планските региони и

На ниво на плански региони досега се воспоставени **7 Центри за развој на планскиот регион** како стручно-административни тела и тоа во Полошкиот, Источниот. Југоисточниот, Југозападниот, Североисточниот , Вардарскиот и Пелагонискиот плански регион.

Во поглед на вработување на потребниот персонал за извршување на стручните работи, во текот на декември 2008 година во Североисточниот, Полошкиот и во Југоисточниот плански регион се избрани раководители на центрите развој.. Во текот на јануари 2009 година ќе бидат избрани раководители на Центрите за развој на Вардарскиот и Југозападниот плански регион по спроведувањето на постапката која е започната во претходната 2008 година.. Во Источниот плански регион постапката за избор на раководител на Центарот за развој е завршена пред неколку месеци по што се вработени пет стручни лица. Во таа смисла оваа институција е комплетирана со стручен кадар, обезбедено е просторно сместување а во меѓувреме ГТЗ проектот ангажираше експерт од Германија кој има задача да обезбеди техничка помош на раководителот и на вработените во Центарот за развој на планскиот регион за извршување на законски утврдените задачи.

Преку финансиските средства од годишна програма *Атрактивни плански региони и поддршката од проектот ГТЗ РЕД, се јакнат капацитетите на Центрите за развој на планските региони, Бирото за регионален развој и Министерството за локална самоуправа.*

Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествува и *Бирото за регионален развој* (орган во состав на Министерството за локална самоуправа), кој ја подготвува аналитичко-документациската основа за изготвување на стратешките и оперативни плански документи за регионален развој, како и годишните извештаи за имплементација на Акциониот план на Стратегијата.

***Децентрализиран систем за имплементација на ЕУ фондовите (ДИС)***

Врз основа на Регулативата на Советот за воведување на новиот претпристапен инструмент ИПА (ЕС бр.1085/2006) и Регулативата на Комисијата за нејзина имплементација (ЕК бр.718/2007), Владата на РМ ја дефинираше институционалната рамка со цел користење на претпристапната помош на ЕУ. За таа цел Владата на Република Македонија ги именуваше: Ивица Боцевски (Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за евро-интеграции) за Национален ИПА координатор, Зоран Ставревски (Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања) за Стратешки координатор, Трајко Славески (Министер за финансии) за Надлежен координатор за акредитација[13] и Маја Парнарџиева (државен советник за финансиски системи и меѓународни финансиив во Министерството за финансии) за Национален координатор за авторизација[14]. Исто така, Владата ги именуваше и Радица Коцева (раководител на Секторот за централно финансирање и склучување на договори-ЦФЦД во МФ) за Раководите на оперативната структура за првите шетири компоненти[15] и Наташа Михаилова (Помошник раководител на Секторот за трезор во Министерството за финансии) за Раководител на Националниот фонд[16].

Потпишана е **Рамковната спогодба** меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) ("Службен весник на РМ" бр. 18/08) на 30ти октомври, 2007 година и истата е ратификува е од страна на Собранието на Република Македонија на 31.01.2008 година. Рамковната спогодба ги постави основите на децентрализирано спроведување на ИПА во Република Македонија.

Врз основа на Рамковната спогодба, Владата на Република Македонија ја донесе **Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија** ("Службен весник на РМ" бр. 132) од 21.10.2008со која детално се уредија односите помеѓу телата надлежни за спроведување на ИПА во Република Македонија.

Потпишан е **Договорот за спроведување на проекти финансирани од ИПА** согласно децентрализираниот систем за спроведување помеѓу Националниот координатор за авторизација како раководител на Националниот фонд и Раководителот на ЦФЦД за регулирање на нивните меѓусебни односи во рамките на спроведување на ДИС во Република Македнија.

Со цел дооформување на системот за Децентрализирано спроведување на ИПА во Република Македонија во рамки на ресорните министерства формирани се ИПА Одделенија, и назначени се ИПА координатори**.**

Во Министерството за финансии формирано е **Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ- ИПА фондовите,** како самостојно одделение директно одговорно на Националниот координатор за авторизација (НАО). Во моментот во ова одделение вработени се три лица.

Формирана е **Оперативна структура за третата компонента од ИПА** (Регионален развој). Оваа Оперативна структура се состои од: ЦФЦД во Министерството за финансии и ИПА структурите во Министерството за транспорт и врски (МТВ), Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСП), како и од Единицата за техничко спроведување на проектот- Коридор X, при Агенцијата за државни патишта. Со цел на регулирање на нивните меѓусебни односи потписан е **Оперативен договор** помеѓу Раководителот на оперативната структура и ИПА Координаторот во Министерството за Транспорт и Врски, како и Оперативен Договор помеѓу Раководителот на оперативната структура и ИПА координатор во Министерството за животна средина и просторно планирање, со кои се регулираат нивните права и обврски при спроведувањето на проектите финансирани од ИПА.

---

[13] Надлежниот координатор за акредитација е одговорен за издавање на национална акредитација на Национален координатор за авторизација и Националниот фонд, поднесување на барање до ЕК за доделување на акредитација на ДИС системот во Република Македонија, следење на континуираното исполнување на акредитационите критериуми и во одредени случаи отповикување на акредитација.

[14] Националниот координатор за авторизација е одговорен за акредитирање на Оперативната структура за првите четири компоненти од ИПА, односно Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии, и за акредитирање на оперативната структура за петтата компонента (рурален развој), односно Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој и Органот за управување во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Национален координатор за авторизација е задолжен за сигурно финансиско управување со средствата од ЕУ, обезбедување на национално ко-финансирање како и обезбедување на ефикасен и ефективен систем на управување и контрола.

[15] Оперативна структура за првите четири компоненти од ИПА е надлежна за тендерирање, склучување на договори и следење на нивната реализација и спроведување на плаќањата до крајните корисници.

[16] Националниот фонд како одделение во рамките на Сектор за трезор е надлежно за финансиско управување со средствата од прет-пристапната помош на ЕУ преку управување со соодветните сметки за одделните ИПА компоненти/програми, доставување на барање за средства до ЕК, овластување на транферот на средства од ЕУ до крајните корисници преку соодветните оперативни структури, управување со ликвидноста на средствата од ЕУ и националното ко-финансирање. Националниот фонд е единствено тело преку кое ќе се известува Европската Комисија за финансиското управување со средствата.

Во рамките на спроведување на приоритетна оска 1 (завршување на автопатот Коридор X) од Оперативната програма за регионален развој потпишан е Договорот за понатамошно делегирање на задачи помеѓу МТВ и Агенцијата за државни патишта кој е одобрен е од страна на Раководителот на Оперативната структура. Исто така, во Агенцијата за државни патишта формирана е Единицата за техничко спроведување на проектот- Коридор X и назначен е Координатор на оваа единица.

Во рамките на спроведување на приоритетната оска 3, мерка 3.1. (изградба на пречисттелна станица и надградба на канализациона мрежа во градот Прилеп) потпишан е Договор за идно функционирање и одржување на пречистителната станица за отпадни води во Прилеп, помеѓу Министерот за финансии, Министерот за животна средина и просторно планирање, Директорот на јавното претпријатие за водовод и Градоначалникот на Прилеп.

Исто така, формирана е **Оперативна структура за четвртата компонента од ИПА** (Развој на човечки ресурси) која се состои од: ЦФЦД и ИПА структурите во Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Министерството за образование и наука (МОН).

Со цел на регулирање на нивните меѓусебни односи потпишан е **Оперативен договор** помеѓу Раководителот на оперативната структура и ИПА Координаторот во Министерството за труд и социјална политика, како и **Оперативен договор** помеѓу Раководителот на оперативната структура и ИПА Координаторот во Министерството за образование и наука, со кои се регулираат нивните права и обврски при спроведувањето на проектите финансирани од ИПА.

Внатрешните ревизори при Министерството за финансии го изготвија Извештај за самопроценка на структурите назначени за децентрализирано спроведување на ИПА.

На 04 ти август 2008 година започна проектот за спроведување на независна ревизија за проценка на усогласеноста со критериумите за акредитација на националните структури за децентрализирано спроведување на предпристапниот инструмент. Во текот на декември, 2008 година, независните ревизори издадоа позитивен Извештај за усогласеноста со критериумите за акредитација.

По добивање на позитивното мислење од страна на независните ревизори, Надлежниот Координатор за акредитација издаде национална акредитација на Национален координатор за авторизација и Национален Фонд , а Националниот Координатор за авторизација издаде акредитација наоперативните структури за спроведување на Првата и Трета ИПА Компонента.

ДИС стрктурата во Министерството за финансии во соработка со ресорсните министерства, подготви Акредитациски пакет за третата ИПА компонента – Регионален развој и истиот беше испратен до Генералниот Директорат за Регионална Политика на Европската Комисија на 19ти Јануари, 2009. Целта на поднесувањето на Акредитацискиот пакет е добивање на акредитација за децентрализирано спроведување на првата и третата компонента од ИПА со ex ante контрола.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

***Дооформување на структурите за рамномерен регионален развој***

Во наредниот период, се планира целосно оформување и зајакнување на Бирото за регионален развој, како и целосно дооформирање и екипирање на Центрите за развој во 8 плански региони.

Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на Центрите за развој на планските региони, Бирото за регионален развој и Министерството за локален развој преку годишната програма Атрактивни плански региони и поддршката од проектот ГТЗ РЕД.

***Акредитација на ДИС***

Поднесувањето на Акредитацискиот пакет за четвртата ИПА компонента- Развој на човечки ресурси до Генералниот Директорат за вработување на Европската Комисија

Добивање на акредитација за децентрализирано управување со средствата од предпристапната помош алоцирани за третата и четвртатта компонента.

Владата на РМ во следниот период ќе продолжи со зајакнувањето на административниот капацитет во подрачјата на програмирање, подготовка на проекти, следење, оценување и финансиско управување и контрола, за спроведување на прет-пристапните програми на ЕУ.

По добивањето на акредитацијата, Владата на Република Македонија ќе овозможи функционирање на децентралисираниот систем за спроведување во Република Македонија во согласност со правилата на Европската

комисија и со Прирачникот за постапки за работа на ЦФЦФ и ресорните министерства, како и согласно Упатството за спроведување на програмите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Владата на РМ и на среден рок ќе продолжи да ја гради институционалната рамка и ќе ги јакне административните капацитети на централно, регионално и локално ниво, како подготовка за спроведување на кохезионата политика на Европската унија. Тоа подразбира јасна распределба на одговорностите и јакнење на капацитетите за координација меѓу назначените тела/структури за спроведување, вклучувајќи ги и локалните органи.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

На 18 јули 2007 година потпишан е договор за долгорочен проект за техничка помош Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта во Република Македонија. Проектот официјално започна на 20ти август, а ќе заврши во јули 2009 година.

Следењето на овој проект се извршува преку Комитетот за управување, месечните состаноци за управување и неделните состаноци со НАО.

## 3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ДИС структури**

Со поддршка на долгорочниот проект за техничка помош "Градење на капацитетите за подршка на децентрализираното управување со помошта во Република Македонија" (проект за техничка помош на ДИС структурите), националните структури вклучени во децентрализираното спроведување на ИПА помошта изработија **Прирачници за внатрешните постапки за работа.** На 10ти јули 2008 година Националниот координатор за авторизација го одобри Прирачникот за внатрешните постапки за работа на Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД), како и Прирачникот за внатрешните постапки за работа на Националниот фонд. Изготвен е посебен Прирачник за внатрешните постапки за работа на ИПА координаторите за третата ИПА компонента (МТВ, МЖСПП и Агенцијата за државни патишта), како и Прирачник за внатрешните постапки за работа на СПО/ ИПА координатор за првата и четвртата ИПА компонента. Исто така, подготвено е и Упатство за спроведување на програмите за ресорните министерства кое се однесува на сите четири ИПА компоненти.

Изработени се и Прирачници за внатрешните постапки за работа на Националниот координатор за акредитација (ЦАО) како и Прирачник за внатрешните постапки за втората функција на Националниот координатор за авторизација (НАО). Во рамките на проектот за техничка помош на ДИС структурите, од страна на консултантите ангажирани од проектот изработени е и Прирачник за за процедурите за следење на СЕП.

Изработен е и Прирачник за внатрешна ревизија за ревизорите од Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ- ИПА фондовите и истиот е одобрен од Националниот координатор за авторизација во текот на ноември 2008 година.

Секторот за централно финансирање и склучување на договори, Националниот фонд, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Агенцијата за државни патишта изработија **Анализи за обемот на работа** на овие институции и овие анализи се дел од Консолидираната анализа за обемот на работа изработена од НАО. Анализите за обемот на работа се основа за подготвување на план за вработување и реализација на нови вработувања во оние институции каде што тоа е потребно. Врз основа на овие анализи се изврши и промена на Актите за систематизација на институциите.

Во моментов во ЦФЦД вработени се 18 лица, од кои две лица се вработени со договор на дело, а во Националниот фонд вработени се осум лица од кои едно лице е со договор на дело.

По изработката на Прирачниците за постапки за работа на ресорните министерства, беа одржани работилници, на кои беше презентирана содржината на Прирачникот за постапки за работа на ИПА координаторот за третата компонента и Прирачникот за постапки за работа на СПО/ ИПА координаторот за првата и четвртата компонента.

Исто така, реализирани се бројни обуки поврзани со системот на децентрализирано управување со фондовите на ЕУ и тоа во следниве области: финансиски менаџмент, подготовка на проектни задачи, планирање на човечки ресурси во ИПА одделенијата, управување со ризик, сметководство, правилата за ЕУ јавни набавки - ПРАГ, нерегуларности, мониторинг и евалуација на ИПА проекти, внатрешна контрола во рамки на ДИС, техничко спроведување на проектите финансирани од ИПА, работилници за твининг и грант итн.

Согласно некои од забелешките наведени во Извештајот на независните ревизори за проценка на усогласеноста со акредитациските критериумите, ЦФЦД и НФ подготвија втора верзија на Прирачниците за внатрешните постапки за работа и Упатства за спроведување на програмите, со дата од Јануари, 2009.

Исто така, согласно забелешките во гореспоменатиот Извештај, подготвена е и втора верзија на Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ИПА Координаторот за третата ИПА компонента, а исто така ревидирани се и листите за проверка кои се анекси на овој Прирачник.

**Структури за рамномерен регионален развој:**
Во Министерството за локална самоуправа, Секторот за регионален развој брои 6 вработени. Оформените центри за развој на планските региони во 2008 година отпочнаа со вработувања на лица согласно Законот за работни односи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
***Доекипирање и обуки на ДИС структурите:*** Во 2009 ке се финализира постапката за вработување во редовен работен однос на две лица вработени со договор на дело во ЦФЦД како и дополнителни четири вработувања на четири лица, кои што треба да ги покријат следниве работни места: Помошник раководител на ЦФЦД, Раководител на Одделението за следење на програми, Советник во Одделението за ЕУ јавни набавки и советник за контрола на квалитетот во Одделението за општи работи и контрола на квалитет.

Согласно акцискиот план за вработување изработен врз основа на Анализата за обемот на работа, во текот на 2009 година се планира да се вработат уште 3 нови лица во Националниот фонд.

Предвидени се нови вработувања и обуки во ИПА структурите на ресорните министерства (за подетални информации види го делот за вработување.

Во наредниот период во рамки на проектот за техничка помош на ДИС структурите, предвидено е да се реализираат бројни обуки во разни области како: ЕУ правила за јавни набавки, сметководство, подготовка на проектни фишеа, програмирање, мониторинг и евалуација итн.

Набавката на МИС/ сметководствен систем е предвидено да се спроведе централизирано од средствата алоцирани во првата ИПА компонента **-** Помош при транзиција и градење на институциите за 2007година.

Проектните задачи за набавка на МИС/ Сметководствен систем планирано е да се изготват во текот на втората половина на 2009 година/ почетокот на 2010.

**Доекипирање на структурите за рамномерен регионален развој:**
Предвидени се нови вработувања во Секторот за рамномерен регионален во рамките на Министерството за локална самоуправа, како и во Бирото за регионален развој. Исто така, во осум Центри за развој на планските региони во текот на 2009 се планираат вработувања согласно динамика која зависи од потребата на Советот за развој на секој плански регион.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Владата на РМ континуирано ќе продолжи со зајакнување на административните капацитети преку интензивни обуки и нови вработувања во ДИС структурите. Постојат акциски планови за вработување до 2011 кои што ќе се ажурираат врз основа на годишните анализи за обемот на работа во сите тела надлежни за спроведување на ИПА. Набавката на МИС/ Сметководствен систем е предвидено да се спроведе во текот на втората половина од 2010 година.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
На 18 јули 2007 година потпишан е договор за долгорочен проект за техничка помош „Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта во Република Македонија“. Проектот официјално започна на 20ти август, а ќе заврши во јули 2009 година. Консултантите ангажирани на овој проект обезбедуваат поддршка на националните структури во воспоставување на децентрализираниот систем за спроведување на ИПА.

Следењето на овој проект се извршува преку Комитетот за управување, месечните состаноци за управување и неделните состаноци со НАО.

## 3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на август 2008 година се одржа работилница за идентификување на проекти - логичка матрица и планирање на буџет.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Донесување на Национален развоен план (НРП) 2008-2013**

Нацрт верзијата на НРП е подготвена, ќе бидат организирани јавни трибини на кои ќе биде вклучен јавниот сектор. НРП се очекува да биде усвоен од Владата на РМ до крајот на првиот квартал на 2008. Национален развоен план за периодот 2008-2013 ги има следните цели:

- Да направи детална проценка на постојната економска, социјална состојба и состојбата со животната средина во Република Македонија;
- Да идентификува клучни развојни приоритети на национално ниво до 2013 година;
- Да формулира стратегиски и оперативни развојни цели до 2013 година;

Основни приоритети за Република Македонија до 2013 година, во кои ќе ги вложи вкупните потенцијали се:

- Зголемена конкурентност на корпоративниот сектор
- Развој на економска инфраструктура
- Развој на човечки капитал
- Заштита на животната средина
- Рурален развој и развој на земјоделството
- Промоција на државата како партнер во економскиот раст.

**Принципот на партнерство,** кој е неопходен при подготовка на клучните програмски и оперативни документи, како што се НРП, Оперативните програми за ИПА, како и Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планските региони ќе биде засилен и ќе се остварува преку соработка, поврзување и активно учество при подготвување на актите и проектите кои се во функција на регионалниот развој на национално, регионално и локално ниво. Оваа соработка ќе се остварува на вертикално и на хоризонтално ниво, преку вклучување на бизнис партнерите, социјалните партнери, невладините организации, како и преку телата кои се формираа согласно Законот за рамномерен регионален развој:

- Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија (тело за усогласување и координирање на генералната политика),
- Совет за развој на планскиот регион (тело за спроведување на регионалната политика на ниво на планскиот регион, кое соодветствува на единиците на НУТС-3 нивото).

Во текот  јануари 2009 година планирано е да се одржат две работилници, од кои едната е за подготовка на проектни фишеа, а другата е работилница за програмирање.

Предвидена е изработка на измени на Оперативната програма за III компонентата од ИПА - Регионален развој  за периодот 2010-2013 и при програмирањето покрај делот за транспорт и животна средина ќе биде опфатен и дел кој ќе однесува **на регионална конкурентност.** Слично и во рамките на четвртата ИПА комонента ќе се изготви измена на постојната Оперативна програма за развој на човечки ресурси за периодот 2010 – 2013 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По извршената среднорочна евалуација би можело да се јави потреба од измена на Оперативните програми за Регионален развој/ Развој на чпвечки ресурси.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

(Види во делот за странска поддршка)

## 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Согласно Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007, а со цел обезбедување на кохерентност и координација при имплементација на поеделните компоненти на ИПА. За таа цел на 21ви ноември 2008 година се одржа првиот ИПА комитет за следење.  Овој комитет е поддржан од *Секторските комитети* за следење за секоја ИПА компонента кои имаат за цел согледување и подобрување на ефективноста и квалитетот на имплементација на програмите и активностите во нивни рамки.

На 10 декември 2007 година, е одржан првиот состанок на  неформалниот Секторски комитет за следење третата ИПА компонента, додека вториот неформален Секторски мониторинг комитет е одржан на јуни 2008 година. Во Декември 2008 се одржа третиот секторски комитет за следење на третата ИПА компонента.

Првиот неформален Секторски мониторинг комитет за четвртата ИПА компонента е одржан во февруари 2008 година, а вториот во декември 2008.

Прирачникот за мониторинг и евалуација на преставува дел од Прирачникот за спроведување на програми на ЦФЦД. Овој прирачник го користат вработените во Одделението за следење на програми при ЦФЦД и содржи листи за проверка кои вработените во ова одделение ќе ги користат во рамките на своите секојдневни работни активности. Насоките за спроведување на следењето од страна на ИПА одделенијата во ресорните министерства се дадени во Прирачникот за внатрешните постапки за работа на ИПА координаторот за третата ИПА компонента, како и во Прирачникот за внатрешните постапки за работа на СПО и ИПА координаторот за прва и четврта ИПА компонента.

Подготвени и испратени до Европска комисија се Годишните извештаи за спроведување за Оперативната програма за третата ИПА компонента- Регионален развој и за Оперативната програма за четвртата ИПА компонента- Развој на човечки ресурси, во кои се наведени активности те превземени во текот на 2007 година и 2008 година со цел спроведување на Оперативната програма за Регионален развој и Оперативната програма за Развој на човечки ресурси.

Согласно некои од забелешките наведени во Извештајот на независните ревизори за проценка на усогласеноста со акредитациските критериумите подготвена е и втора верзија на Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ИПА Координаторот за третата ИПА компонента, а исто така ревидирани се и листите за проверка кои се анекси на овој Прирачник. Како дел од овој Прирачник е и делот кој се однесува за следење и листите за проверка на следењето кој исто така е ревидиран в согласност со забелешките на ревизорите.

Исто така, подготвени се и Работни планови за Оперативните програми за трета и четврта компонента, во кои се наведени операциите кои ќе бидат превземени во рамките на спроведување на овие две ИПА компоненти.
Во однос на двата големи проекти финансирани во рамки на компонентата- Регионален развој, “Доизградба на делницата на Коридор X – Демир Капија- Смоквица” и ”Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп и рехабилитација на канализационата мрежа”, ЦФЦД во соработка со Министерството за транспорт и врски и Минситерството за животна средина и просторно планирање, изработија ИПА апликации за двата големи проекти

Во однос на проектот “Доизградба на делницата на Коридор X- Демир Капија- Смоквица” распишан е тендер за изработка на техничка документација и главен дизајн за овој проект, додека пак во однос на проектот “Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп и рехабилитација на канализационата мрежа” по завршување на процесот на тендерирање, во тек е изработка на кратка листа за изработка на техничка документација и главен дизајн.

Во Секретаријатот за европски прашања како секретаријат на Националниот ИПА координатор (НИПАК) формирано е Одделение за следење и евалуација. Процедурите за ова одделение се изработени со помош на консултантите ангажиран во рамки на Проектот за Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта од ЕУ.

Во рамки на Одделение за Следење на програми при ЦФЦД во моментов вработени се 5 лица, од кои еден е вработен со договор на дело и во тек е финализирање на постапката за негово вработување во редовен работен однос.
Во текот на јуни 2008 година одржана е работилница за следење и евалуација на проектите финансирани од ИПА.
Извршена е ex ante евалуација на Оперативната програма за регионален развој и на Оперативната програма за развој на човечки ресурси.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Како што беше кажано во Делот на административните капацитети, краткорочен приоритет е подготовка на втора верзија на Прирачникот за внатрешни постапки за работа на ИПА Координаторот за четвртата компонента од ИПА, -Развој на човечки ресурси, согласно забелешките во Извештајот на независните ревизори за проценка на усогласеноста со акредитациските критериуми, во кој ќе има посебен наративен дел, како и листи за проверка кои се однесуваат на следењето.

Во текот на 2009 година планирано е зајакнување на административните капацитети на Одделението за следење на програми при ЦФЦД со уште две нови лица.
Во текот на јануари/ февруари 2009 година планирано е да се одржи работилница за следење и евалуација на проектите финансирани од ИПА, како и за проверките на лице место. Додека пак во текот на периодот феверуари/ март 2009 година ќе се одржи работилница за следење и евалуација на Оперативните програми.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Извршување на среднорочна евалуација на Оперативната Програма за Регионален Развој за периодот 2007-2009 година, како и на Оперативната програма за развој начовечките ресурси за периодот 2007-2013 година.

### 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Националниот фонд (НФ) е тело одговорно за финансиско управување на средствата од предпристапната помош на ЕУ-ИПА, како и за националното кофинансирање, а е под директна одговорност на НАО. Во надлежност на НФ е отварањето и организирањето на банкарските сметки, поднесување на барање за средства од Европската комисија, обезбедување на националното кофинансирање, трансфер на средства до Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), како и поднесување на финансиски извештаи до Европската Комисија. ЦФЦД исто така има одговорност за финансиското управување со ИПА средствата.

За таа цел, беше изготвен прирачник за финансиско управување за работата на Одделението за финансиски работи во ЦФЦД. Насоките за извршување на финансиското работење во ресорните министерства се дадени во Прирачникот за постапкитњ за работа на ИПА координаторите за трета компонента, како и во Прирачникот за постапки за работа на Вишиот програмски службеник/ ИПА координаторот за првата и четвртата ИПА компонента. ЦФЦД подготви и ревизорска трага за внатрешните постапки за работа.

Согласно некои од забелешките наведени во Извештајот на независните ревизори за проценка на усогласеноста со акредитациските критериумите подготвена е и втора верзија на Прирачникот за внатрешни постапки за работи на ИПА Координаторот за третата ИПА компонента, а исто така ревидирани се и листите за проверка кои се анекси на овој Прирачник. Како дел од овој Прирачник е и делот кој се однесува на финансиско управување и листите за проверка на финансиското управување кој исто така е ревидиран согласно белешките на ревизорите

Потпишан е Банкарскиот протокол за утврдување на принципите и методите за управување со девизните сметки отворени во НБРМ помеѓу ЦФЦД, НФ и НБРМ со цел управување со средствата од првата, втората, третата и четвртата ИПА компонента во согласност со децентрализираниот систем за управување. Понатаму, во НБРМ се отворени девизни сметки за првата, втората, третата и четвртата ИПА компонента а Националниот координатор за авторизација испрати известување до соодветните Генерални директорати, придружено со потребните документи за отварање на сметки за петте ИПА компоненти.

На 22ви октомври 2008 година, одржан е работен состанок со претставници на Генералниот директорат за регионална политика на кој се разговараше за Финансиската спогодба за компонентата Регионален развој.

На 11ти декември 2008 се одржа состанок со Генералниот директорат за вработување на Европската Комисија на кој се разговараше за Финансиската спогодба за компонентата Развој на човечки ресурси.

Одржани се состаноци на Комисиите за управување со ризикот за третата и четвртата компонента од ИПА. Исто така подготвени се и регистри на ризиците во ЦФЦД, МТВ, МЖСПП, МТСП и МОН, при што идентификувани се главните ризици кои постојат во овие институции кои би можеле да го загрозат функционирањето на децентрализираниот систем на спроведување на ИПА.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како што беше кажано во Делот на административните капацитети, краткорочен приоритет е подготовка на втора верзија на Прирачникот за внатрешни постапки за работа на ИПА Координаторот за четвртата компонента од ИПА, -Развој на човечки ресурси, согласно забелешките во Извештајот на независните ревизори за проценка на усогласеноста со акредитациските критериуми, во кој ќе има посебен наративен дел, како и листи за проверка кои се однесуваат на финансиското управување

Потпишување на Финансиската спогодба за Оперативните програми за третата ИПА компонента - регионален развој за периодот 2007-2009 и ИПА компонентата четири – Развој на човечки ресурси за периодот 2007-2013 година, помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија. Со овие спогодби ќе се определат правилата за финансиско управување со ИПА средствата од третата и четвртата ИПА компонента.

## 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

### 3.23.1 СУДСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Се имплементира **Законот за Судски совет** според кој Судскиот совет ги врши избор и разрешување на судиите како гаранција за судската независност и самостојност.

Во 2008г усвоен е **Правилник за критериуми за оценување на работата на судиите** и за негова примена во март 2008 година донесен е Образец со кој се врши квантитативно и квалитативно оценување на работата на судијата. Првите обрасци беа пополнети од страна на 9 пилот судови и врз основа на податоци се констатира дека околу 80% од судиите постигнуваат резултати согласно критериумите за квалитетот и кванититетот во нивното работење.

Новиот **Судски деловник** за работа на судовите кој започна да се применува од 01.01 2008г. воведе електронско евидентирање на предметите и нивно доделување на судиите електронски по случаен избор.

Со измените на **Законот за судовите** од март 2008 се воведе едно специјализирано судско одделение за организиран криминал и корупција за целата територија на Република Македонија кој се наоѓа во Основниот суд Скопје I. Воедно, се утврди и надлежноста и постапката на Врховниот суд на Република Македонија по однос на правно средство за субјектите во Република Македонија да бараат заштита на правото за судење во разумен рок во рамки на домашниот правен систем, а дури потоа да се обратат до ЕСЧПІ.

Со **Законот за судска служба** кој се применува од 01.01.2009г. се регулираат правата, обврските и статусот на судската администрација, како и прашањата поврзани со посебниот статус и платите на судските служби.
Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет** (усвоен август 2008г, а се применува од 01.01.2009г.) управувањето на буџетот на судската власт од Врховниот суд на Република Македонија премина во надлежност на Судскиот совет на Република Македонија. Усвоени се измени на **Правилникот за организација и ситематизација на Судскиот Совет** на РМ, со кои е предвидено формирање на Сектор за Судскиот буџет.
Започната е имплементацијата на **Закон за плати на судии** во кој се вградени најновите меѓународни стандарди за статусот и положбата на судиите и запазени се начелата утврдени во меѓународните акти кои ја третираат независноста на судството.

По однос на **имплементацијата на Законот за јавно обвинителство и Законот за Совет на Јавни обивнители,** донесени се **подзаконските акти.**[17] Во тек е донесување и на последниот Правилник за формата и содржината на образецот и постапката за издавње и одземање на легитимацијата на јавните обвинители и членовите на СЈО. Со **измените на Законот за јавно обвинителство,** усвоен на 02.09.2008 се допрезицираат условите за избор на јавни обвинители во поглед на нивното работно искуство.

За ефикасна имплементација на Законот за прекршоци донесен е **План за обуки за примена на Законот за прекршоци**, кој ќе го спроведува Академијата за обуки на судии и јавни обвинители. АОСО во август 2008 донесе Програма за спроведување на обуките која се состои од 4 дела (општи теми, законот за прекршоци, посебни постапки и процесна прекршочна постапка). На обуките ќе учествуваат повеќе од 150 лица. Согласно Програмата, обуките се реализираат во три форми и тоа локални обуки (7 - 10 дводневни работилници), национален семинар и регионална конференција. Првата обука се одржа на 2 и 3 октомври 2008г. а втората на 24 и 25 октомври 2008г, на која учествуваа членовите од Комисиите од МВР.

Со **Закон за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка,** донесен на 01.09.2008г. се воведуваат решенија за забрзување на судските постапки, во функција на подобрување на ефикасноста и ажурноста на судовите, се уредува обезбедувањето на правна можност за поширока примена на постапката во спорови од мала вредност и постапката за издавање на платен налог, како посебни постапки во рамките на општата парнична постапка, а се воведува и вршење на достава по електронски пат.

[17] Деловник за работа, Правилник за организација и систематизација на работи и работни задачи, Правилник за уредување на постапката за утврдување на одговорност на ЈО, Правилник за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапување на јавните обвинителства и Правилникот за утврдување на начинот за оцена на работата на јавните обвинители,

Со **Законот за вонпарнична постапка** („Сл.в. на РМ бр. 09/08“), се воведува можност за префрлање на дел од неспорните постапки на нотарите и други јавни служби, со цел да се ослободат судовите од неспорните постапки, со што нотарите како судски повереници, преземаат дејствија и донесуваат одлуки во оставинска постапка.

Донесени се и измени на **Законот за извршување** во јануари 2008 година, со кои се доуредуваат одредени правни недоречености, кои беа утврдени од неговата практична примена. Во собраниска процедура се и измени чија цел е да се реализира транферот на извршните предмети од судовите кај извршителите. Со цел да се зајакне капацитетот на извршителите за справување со обемот на работа откако судските предмети ќе им се префрлуваат исклучиво на извршителите, се измени **Правилникот за определување на бројот на извршители** со што се зголеми предвидениот број на седишта на извршители, а намален е бројот на подрачјата на основните судови од 16 на 11 врз основа на стварната надлежност на основните судови.

За зајакнување на медијацијата како начин за алтернативното решавање на споровите се изготви **анализа за примената на Законот за медијација** врз основа на која се предложени натамошни измени на Законот за медијација, со кои се предвидува примената на медијацијата и во областа на кривичните, управните и семејните спорови, како и номотехничко подобрување на текстот за подобра примена на законот.

**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** е потполно функционална, спроведувајќи го Законот за Академија, Статутот и подзаконските акти во правец на креирање и реализација на сите програми за обука. Во целост се остваруваат и програмите за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители како и програмите за обука на другите целни групи, согласно Рамковната програма 2007-2009. Ефикасно се спроведува и почетната обука за судии и јавни обвинители. Усвоени се следниве **подзаконски акти:** Правилник за почетокот, текот на одвивањето, редот и дисциплината, дисциплинската одговорност и другите права и обврски на кандидатите за почетна обука во Академијата – теоретска настава, ревидирана е и Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија – теоретска настава 2008/2009 година. Усвоени се и Правилник за начинот и постапката за полагање и оценување на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Програма за завршниот испит.

Во однос на спроведување на **Стратегијата за ИТ во правосудството** реализирани се следниве активности:
Писарниците во сите судови се опремени со 150 персонални компјутери и на нив е инсталирана програмата за внесување на судските предмети во електронска форма, а во тек е инсталација на уште 150 компјутери во судовите. Во тек е и тендер за набавка на 600 компјутери и 600 локални мрежни печатари (450 комплети за судството и 150 комплети за Јавното обвинителство.

Со цел да се изврши квалитативно подобрување на информатичкото решение за работа со судските предмети започнати се активностите за воведување на Автоматизиран информатички систем за управување со судски предмети (**Automated Court Case Management System -** ACCMIS, кои ќе завршат до крајот на 2009 година .Софтверот ACCMIS се имплементира во пилот судовите од 01.01.2009 година, а во останатите до крајот на 2009 година. Унифицирани се номенклатурите и судските процедури во согласност со законската регулатива. Во софтверското решение покрај унифицирани номенклатури и автоматско управување со судските предмети ќе биде имплементиран и Display модулот со што ќе се прикажуваат информации од работата на судот, распоредот на судските предмети по судници и on-line комуникација на учесниците во предметите преку TOUCHSCREEN киоск кои се инсталирани во поголемите судови. Со инсталирање на ACCMIS во судовите ќе се изврши едукација на 2200 вработени во судовите.

Од 01.12.2008г во сите судови на 36 локации во Република Македонија е воведена Интернет конекција и антивирус заштита на 1420 корисници.
ИКТ Центарот при МП изврши надградба на „Правната база на податоци“(LDBIS) и полнење на истата со сите закони и подзаконски акти на Република Македонија, кои ги превзема од Службениот Весник. Во моментот содржината на LDBIS содржи 6000 закони и подзаконски акти кои се донесени во Република Македонија во периодот 1940 година – 2006 година.

Извршена е обука за СИС (Судски Информациони Систем) за вработените (270) во писарниците на 29 судови.
Во текот на август 2008 беше спроведена анкета до секој судија и обвинител со цел да се утврдат нивните познавања од ИТ областа (Windows, Word, Excel, Internet, e-mail, Power Point и др), користење на апликацијата Судски информациски систем.и врз основа на податоците се изготви **план и програма за обука на судиите и јавните обвинители,** која е предвидено да се реализира до крајот на 2009 година, во рамки на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и во ИТ Центарот на МП**.**
За одржување на ИТ системот во судството досега се **вработени се 5 информатичари** во **ОС Струга, Апелациониот суд Скопје, ОС Гостивар, ОС Скопје 2 Скопје и ОС Кочани.**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Судскиот совет** на Република Македонија е комплетиран и функционира во полн состав. Согласно надлежноста за избор на судиите во 2008г избрани се 118 судии и 12 претседатели. Од вкупниот број на судии кој изнесува 685, пополнети се 671 места за судии во Република Македонија. Покренати се 42 постапки (37 за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и 5 дисциплински постапки) и завршени се 21 постапки, кои резултираа со 10 разрешени судии поради нестручно и несовесно работење, 4 судии поднеле оставка по сопствено барање и 7 постапки се сопрени,а 20 постапки сеуште се во тек. Завршени се активностите за реновирање и адаптација на просториите на Судскиот совет во кои седниците на Советот се одржуваат електронски.

**Управниот суд** започна да функционира со 19 судии, а со цел да се намали заостатокот на предметите како и новиот прилив, Судскиот совет во март 2008 ја прошири систематизацијата на Управниот суд за 3 нови судии кои беа избрани во мај 2008. Судот моментално функционира со 22 судии и Претседател на судот. Во него се воспоставени 7 специјализирани совети. Донесена е одлука за проширување на бројот на судиите во Управниот суд за уште тројца нови управни судии, како и за 7 нови судски советници. Завршено е опремувањето на Управниот суд, извршено е кадровско екипирање и вкупно се вработени 31 судски службеници. Врз основа на статистичките податоци кои се следат на месечна основа по однос на досегашната работа на Управниот Суд на 01.01.2008г. како нерешени предмети се заведени 5804, во периодот јануари-октомври 2008 год. примени се 6603 нови предмети, од вкупно во работа 12407 предмети, заклучно со 31.10.2008г решени се 3962 предмети, Посебно внимание се обрати на решавање на заостанатите предмети, и досега Управниот суд успеа да ги реши сите стари предмети до 2005 год.

Обезбедена е целосна функционалност на **Апелациониот суд во Гостивар,** кој функционира со 12 судии. Завршено е опремувањето на судот и извршено е кадровско екипирање и вкупно се вработени 16 судски службеници. Од започнување со работа по однос на обемот на работа во текот на јануари – октомври 2008г. вкупно во работа биле 4087 предмети од кои заклучно со 31.10.2008г. решени се 2509 предмети.
**Советот на јавни обвинители** е комплетиран и функционира во полн состав од 11 членови. На конститутивната седница на Советот се избра претседател и заменик претседател. СЈО донесе Одлука за утврдување на потребниот број на јавни обвинители во сите јавни обвинителства. Во тек се активности за обезбедување на посебни **просторни капацитети** за Советот на јавни обвинители и започнати се активности за негово екипирање со стручно-административни службеници.

Завршен е изборот на Јавен обвинител и на 9 јавни обвинители во **Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција**.
Конституирано е новото **Вишо јавно обвинителство Гостивар**. На 05.11.2008г. се изврши избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар и 4 јавни обвинители за ова обвинителство.
**Академијата за обука на судии и јавни обвинители** (покрај Директорот и Извршниот директор) функционира со вкупно 18 лица
Во поглед на **почетната обука на 15 Ноември 2008, заврши практичниот дел од обуките за првата генерација** на кандидати за идни судии и јавни обвинители. Завршниот испит започна на 01 и заврши на 17 декември 2008 год, и целата постапка е завршена на крајот од 2008 година.

Во тек е теоретската настава за **втората генерација на кандидати** за судии и јавни обвинители, која што започна во месец септември 2008 година, а ќе трае до крајот на месец февруари 2009 година. Потоа ќе биде спроведена практичната настава по регионален принцип за сите четири Апелациони подрачја во државата. Се очекува во законски предвидениот рок до февруари 2009 година Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на РМ да објават број на празни места во основните судови и основните јавни обвинителства.

**Континуираните обуки** се одвиваат согласно Календарот за септември-декември 2008. Академијата спроведе посебна Програма за обука на судиите на новоформираните на Управен Суд на РМ и Апелационен Суд Гостивар. Имплементирани се општите програми за обука, како и специјализирана програма за обука на судиите и јавните обвинители во Одделенијата за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција и за 70 новоизбрани судии. Во 2008 година, реализирани се вкупно 221 обуки за судии и јавни обвинители, претседателите на судовите и шефовите на јавните обвинителства, стручните административни службеници и административните службеници во судовите и јавните обвинителства. Рамковната програма 2007-2009 во целост е исполнета во поглед на предвидените теми. Усвоени се и доставени до сите судови и јавни обвинителства Рамковна програма за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители 2009-2010 година, Календар со планирани обуки за постојано стручно усовршување за 2009 година и Календар на обуки за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители за периодот јануари – март 2009 година.

Во поглед на **меѓународната соработка** вкупно 45 судии, 20 јавни обвинители и 52 претставници на органите на Академијата учествуваа во 49 регионални и меѓународни обуки, конференции, студиски посети и размена на програми се

вкупно 890 часови обука. Продолжува соработката со **Европската Судска Тренинг Мрежа (EJTN)**. Академијата, на пленарниот состанок одржан од 29 до 31 Октомври, стана член на **Бирото на Лисабонската мрежа на Советот на Европа.** Академијата започна да го користи ТАIЕХ инструментот, преку кој е организиарна една студиска посета во Школата за судство во Португалија за раководството на Академијата и една студиска посета во Брисел за високи судии за судска соработка во Европската унија. На Академијата преку овој инструмент и е одобрено да организира регионална конференција на тема„Улогата на домашните судии во примената на европското право" за првата половина на 2009 година како и работилници на тема од правото на ЕУ – граѓанска материја, планирани во текот на 2009 година

Во однос на подобрувањето на **судската инфраструктура** изготвена е физибилити студијата за изградба на нова судска зграда во Скопје и во тек е избор на фирма за подготовка на проектна документација.Преземени се повеќе активности за реновирање и опремување на 11 судови со проширена надлежност. Во тек е изведба на градежните работи na 6 основни судови (Охрид, струга, Велес, Тетово, Штип и Струмица), кои треба да се завршат до крајот на 2008г. Основниот суд Прилеп е комплетно реновиран и опремен со мебел . Започнати се активности и за доградба на Основниот суд Битола, а во тек е тендерска постапка за реновирање на три одновни суда: Гостивар, Куманово и Кочани.

Во однос на бројот на **извршителите** значително е зголемен и досега се именувани вкупно 69 извршители, 34 заменици на извршители и 39 помошници на извршители. По однос на надзорот над работата на извршителите од септември 2007 до крајот на 2008г., се извршени вкупно 162 надзори и предложени се 44 дисциплински постапки против извршители. Во периодот од 01.01.2008 до 10.12.2008 год. поднесени се вкупно 65921 барања за извршување, од кои реализирани се 16332 или 25% реализација.

За успешно имплементирање на Законот за прекршоци заклучно со декември 2008г. во вкупно 20 институции формирани се 40 **Комисии за прекршоци**. Пред овие комисии до крајот на декември 2008 заведени се вкупно 128194 прекршочни предемети, од нив 96555 предмети се во тек, додека 31029 предмети се решени.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- Стратешки план на Министерство за правда за 2009-2011 година.
- Стратегија за Информациско комуникациска технологија 2007-2010 година
- Стратегија за реформа на казненото право од 2007 година .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на натамошно спроведување на реформите во судството за зајакнување на востановените принципи за независно и професионално правосудство **Судскиот совет** ќе продолжи со континуирано следење и оценување на работата на судиите преку доставување на квартални извештаи за примена на Правилникот за оценување на работата на судиите, како и редовно известување за бројот на судиите разрешени поради нестручно и несовесно работење и бројот на кривичните пријави против судиите. Во тек е донесување на **Закон за плати на членовите на Судскиот совет.**

За унапредување на финансиската стабилност на судскиот систем и зајакнување на буџетската рамка и човечките ресурси во судството, **Судскиот буџетски совет** ќе направи Анализа на буџетските потреби на судовите и ќе донесе Програма за планирање и управување на буџетските средства со цел да се зајакне ефикасноста и независноста со управување со финансиските средства.
Советот за судска служба при Врховен суд на РМ ќе направи **анализа на состојбата во судската администрација** со цел да се зајакне нејзиниот капацитет преку дополнителни вработувања и предвидено е формирање на регистар на судските службеници.

Во поглед на натамошното спроведување на реформите на јавното обвинителство ќе се продолжи со имплементација на Законот за јавни обвинители и Законот за совет на јавни обвинители. Во тек е донесување на **Закон за плати на членовите на Советот на јавни обвинители** и **Закон за плати на јавни обвинители,** со кои ќе се уреди материјата за платите и другите надоместоци на јавните обвинители и на членовите на Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Во насока на унапредување на функционирањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители ќе се донесат **измени и дополнувањеа на Законот за академијата за обука на судии и јавни обвинители**. Ќе се продолжи со реализација на планот за почетна обука на кандидатите за судии и обвинители, како и реализација на планот за континуирана обука на судиите и обвинителите/Календари за 2009 година. Во текот на 2009 ќе се изврши избор и распоредување на кандидатите од првата генерација на завршени кандидати 2007/08. Во февруари 2009 завршува

практичната настава на втората генерација кандидати, а во септември 2009 ќе започне почетната обука на третата генерација на кандидати за судии и ЈО.

Предвидено е натамошно спроведување на **Законот за извршување** со цел да се изврши целосно пренесување на извршните предмети од судовите во надлежност на извршителите.
Со цел ефикасна **импплементацијата на законите усогласени со Законот за прекршоци** ќе се следи работата на Комисиите за прекршоци преку месечни известувања, како и реализација на Програмата за обуки за примена на Законот за прекршоци со што ќе се обучат сите членови на комисиите за прекршоци. Врховниот суд редовно ќе го следи постапувањето на судовите по прекршочните предмети кои се застарени, за што ќе известува на месечно ниво.

Со цел да се обезбеди еднаков и подобар пристап до правдата на граѓаните кои имаат слаба материјална состојба во тек е донесување на **Закон за бесплатна правна помош.**
Со цел да се оствари ефикасна судска заштита против управните акти ќе се подготви **анализа на примената на Законот за управни спорови.**

Согласно насоките утврдени во Стратегијата за реформа на казненото право интензивно се работи на изготвување на **нов Закон за кривичната постапка и измени и дополнувања на Кривичниот законик**, кои треба да се донесат во 2009 година. Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик ќе се изврши вградување на меѓународните стандарди, исполнување на меѓународните обврски, усогласување со повеќе закони, инкриминирање на појавите на современиот криминал, како и редефинирање на казнената политика во пропишување на казните.

За пренесувањето на истражната постапка кај јавните обвинители согласно Стратегијата за реформа на кривичното законодавство ќе се направи **анализа на потребите на Јавното обвинителство** и **план** на активности за пренесување на истражната постапка кај јавните обвинители со буџетски импликации.
Во Законот за кривична постапка ќе бидат внесени значајни новини кои ќе дадат законски основ за пренесување на истрагата во надлежност на Јавното обвинителство.

За унапредување на **информатичката технологија** во судството до крајот на 2009 година ќе биде завршена имплементацијата на ACCMIS во сите судови во РМ и ќе се генерираат извештаи во пилот одделенијата. како и објавување на одлуките на Врховниот суд и на одлуките на сите судови на интернет.
Со цел да се обезбеди ефикасно користење на **информациониот систем во судовите**, до крајот на 2009 година ќе се реализира и **обука** за користење на СИС на сите судски службеници и сите судии. За одржување на ИТ системот во судството предвидено е **вработување** на преостанатите 4 информатичари во ОС Кочани, ОС Скопје 2 Скопје, Апелациониот суд Штип и ОС Куманово, постапката за нивно вработување е во тек.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на натамошен развој на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** ќе се продолжи со кадровско екипирање, а за потребите на Академијата во тек е реализација на јавната набавка за дизајн, развој и имплементација на софтвер кој ќе претставува портал на Академијата, со што ќе се води комплетна база на сите податоци за учесниците во почетната обука и за учесниците во постојаното стручно усовршување. Со помош на овој софтвер ќе се ќе се овозможи веб пријавување на учесниците на сите обуки и води запис за сите активности кои се одвиваат во Академијата, како за наставата во почетната обука, така и за реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување, така што сите учесници, вклучувајќи ги и едукаторите и менторите, ќе имаат пристап до сите информации кои се однесуваат на нив, но со одредени привилегии за пристап. Во софтверското решение ќе биде имплементирана и e-learning платформа, која ќе овозможи учење на далечина (distance learning). За да може да се имплементира и користи софтверот мора да се набави и соодветен хардвер за негова поддршка за чија набавка се обезбедени средства од одобрениот буџет за 2009 година..
Академијата е во фаза на зачленување во библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK, преку кој ќе има можност активно да учествува во системот на каталогизација COBISS.MK, да ја користи програмската поддршка COBISS за автоматизација на библиотечните функции и да ги користи услугите на Центарот на НУБ-ВБМ.
Академијата за обука на судии и јавни обвинители ќе продолжи со спроведување на Законот во поглед на реализирање на постојаното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, новоизбраните судии и новоименуваните јавни обвинители, стручните соработници, судските службеници (стручни и административни), државните службеници (стручни и административни) во јавното обвинителство и службениците од Министерство за правда, и ќе реализира околу од 130-150 обуки за претседатели и членови на прекршочните комисии (150), како и обуки со другите целни групи: нотари, извршители, медијатори..
.

**Програмата за континуирани обуки за 2009-2011 опфаќа:**

1. **Посебни програми** за:

- Членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, судиите на Врховниот суд на РМ и на Јавното обвинителство на РМ. Предмет на дискусии и расправање на овие модалитети ќе бидат прашања кои се однесуваат на положбата, правата, обврските на носителите на правосудните функции, бројот, организација и надлежноста на судовите кои овозможуваат ефикасна достапност на граѓаните до правдата, како и предлози за унапредување на постојните законските решенија.
- Судиите на Апелационите судови и Вишите јавни обвинителства -самостојни и со присуство на претставници од Врховниот суд и ЈО на РМ за проблеми при примена на законските решенија, воедначување на судската пракса, согледување на потребите за измена и дополнување на законите и другите прописи.
- Претседатели на судови и јавните обвинители на јавните обвинителства (Ефикасно судство, Управување со време, Менаџирање со буџетот и човечките ресурси, Заштита на лични податоци, Пристап до информации од јавен карактер, Односи со јавноста)

2. **Обуки за судии и јавни обвинители во рамките на општите и специјализирани програми** на теми од значење за редовното работење во примена на материјалните и процесни закони а особено измените во законодавството и праксата како и посебен акцент на следните теми од наведените правни области.

- **Кривична и меѓународна кривична област**, (Органзиран криминал, Корупција, Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, Трговија со дрога, Компјутерски криминал - измама со банковни и кредитни картички/Конвенцијата за сајбер криминал, Конвенцијата за заштита на лични податоци - компаративни и домашни искуства, Закон за лични податоци, Посебни истражни мерки, Законот за заштита на сведоци,Спречување на перење пари, Закон за следење на комуникации/ посебните истражни дејствија и законито прибавување на доказите - правосилно завршени случаи, Новините во ЗКП во поглед на истражните мерки и заштита на сведоци, Корпоративна одговорност на правни лица и обуката за судиите и јавните обвинители по донесувањето на новиот ЗКП и КЗ)
- **Граѓанска и трговска област** (Новини во Законот за облигациони од односи Индустриска сопственост, Семејно насилство, Корпоративно управување, Обуки со извршители, нотари и медијатори и за другите, Стечај, Хартии од вредност).
- **Право на Европската унија (**Правни инструменти на ЕУ**,** Институции на Европска Унија – состав и надлежности**,** Европски суд на правда**,** Судот на правдата и националните судови на државите членки**,** Соработка во кривични предмети и граѓански предмети**,** Азил, миграција и гранична контрола**,** Соработка во спречување на тероризмот**,** организираниот криминал и др)

**3. Обуки за новоизбраните судии и новоименуваните јавни обвинители (Општи програми и** Специјализирани програми

**4. Обуки за судските администратори (Улогата на судските администратори, Управување со време и** предметите**,** Човечки ресурси **,** Буџет и финансиски менаџмент**,** Управување со време и предметите**,** Комуникациски вештини, односи со јавност**,** Информатичка технологија)

**5. Обуки за судските стручни и обвинителските стручни службеници (Распределба на предмети,** Управување со време и предмети **,** Етика**,** Новини во законите**,** Пишување на пресуди**,**Право на ЕУ)

**6. Обуки за судските административни и обвинителските службеници (Распределба на** предмети,Управување со време и предметите, Етика)

**7. Обука на едукатори и ментори (Почетна обука и Напредно ниво)**

Посебни обуки за странски јазици (и Обука за ИТ во соработка со МП. Исто така, Програмата за постојано стручно усовршување предвидува посебни модули во областа на управното и прекршочното право за судиите на Управниот суд на РМ , судии од прекршочниот оддел и целна група од околу 150 лица – претседателите и членовите на прекршочните комисии, посебни обуки со други целни групи: извршители, нотари и медијатори.

**Советот на јавни обвинители** согласно законски надлежности ќе продолжи со избор на јавни обвинители за пополнување на празните места и ќе врши надзор над работата на обвинителите.

Заради ефикасно спроведување на новите **реформски решенија на јавното обвинителство** ќе се изврши **опремување** на Советот на јавни обвинители, Вишото јавно обвинителство Гостивар, просторно сместување на новото Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција , како и **комплетирање на нивните кадровски капацитети.**

За натамошно подобрување на **судската инфраструктура** согласно проектната документација планирана е изведба на градежните активности за реновирање и опремување на останатите основни судови со проширена надлежност. Предвидено е продолжување на изработка на проектната доукментација за изградба на нова судска зграда во Скопје.

По префрлањето на надлежноста за управување на Судскиот буџет на Судскиот совет на РМ, ќе се се изврши префрлање на канцеларијата на Судскиот буџетски совет во Судскиот совет и ќе се зајакнат **капацитетите на стручната служба на Судскиот буџетски совет.**

За целосна имплементација на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, предвидено е обезбедување на просторни услови и опрема за фунционирање на **Агенцијата за постапување со конфискуван имо**т, како и нејзино кадровско екипирање и спроведување на обука за примена на Законот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ 2010-2011**
**ПРАВНА РАМКА**
Во насока на унапредување на **судскиот систем** ќе се продолжи со следење и подобрување на законската и подзаконска регулатива, унапредување на системот на статистичко следење на податоците во судовите, како и јакнење на капацитети за планирање и управувањето на судскиот буџет.

Во текот на 2009 и 2010 ќе се зајакне организацијата и функционирањето на **Управниот суд** преку активности за анализа на управното законодавство и изготвување на препораки за подобрување на неговата имплементацијата во пракса, подобрување на координацијата на Управниот суд со управните органи преку развивање на постапки за консултација и отварање на веб страна, зајакнување на капацитетите на судиите за постапување по управни предмети преку развивање на стратегија и програма за континуирана едукација како и организирање на обуки, семинари, студиски посети.

Во текот на 2010 - 2012 ќе биде обезбедена поддршка на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** за ревизија и подобрување на програмите за обука, како и воспоставување на оперативен e-learning систем, спроведување на децентрализирани обуки на локално ниво, набавка на опрема и литература.
Со цел ефикасно извршување на функциите на јавното обвинителство ќе се продолжи со **имплементација на ЗЈО и ЗСЈО.**

Во текот на 2010 ќе се продолжи со имплементација на новиот **Закон за кривична постапка,** донесување на подзаконска регулатива и спроведување на обука за примена на законот.
По донесување на **Законот за бесплатна правна помош,** ќе се донесат подзаконски акти и обука за примена на законот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Академијата за обука на судии и обвинители** ќе продолжи со натамошно институцинонално јакнење на капацитетите, кадровско доекипирање, воведување на електронски деловодник, како и надградба на постоечката библиотека. Со цел да се подобрат условите за реализирање на обуките, ќе се создадат потребните услови за проширување на просторните капацитети на Академијата со преадаптација на соодветен простор или изградба на зграда.

Во текот на 2010-2011 година ќе се продожи со реализација на градежните активности за **реновирање и опремување** на преостанатите 4 основни судови со проширена надлежност.

Во насока на јакнење на капацитетите на **судската администрација** ќе се продолжи со континуирано кадровско екипирање на судовите.

Во периодот 2010-2011 ќе се врши понатамошно јакнење на **јавното обвинителство** преку воспоставување на **истражна дата база за организиран криминал и корупција** во рамки на националната разузнавачка датабаза и ќе се организира обука на јавните обвинители за користење на истата.

За да се обезбеди ефикасно функционирање на **јавното обвинителство** согласно реформските нормативни решенија**,** континуирано ќе се продолжи со **јакнење на административните и институционалните** капацитети на целата обвинителска структура.

Во текот на 2011 – 2012 ќе се продолжи со имплементација на **реформата на казненото законодавство**, за што ќе се спроведат активности за јакнење на капацитетите на јавните обвинители во спроведувањето на новите надлежности согласно Стратегијата за реформа на казненото законодавство. Имено ќе се зајакнат капацитетите на јавните обивнители за раководење и координација со истрагата како и управување со истражните тимови составени од претставници на полицијата, Финансиската полиција, Царинската управа. За таа цел ќе бидат развиени посебни програми за обука на надлежните лица во истрагата согласно нивните новите надлежности, ќе се организираат обуки, семинари, студиски посети, како и набавка на посебна опрема.
**Имплементација на среднорочните приоритети од Стратегијата на правосудниот ИКТ систем:**
- Развој и имплементација на Document Management System (DMS) – во правосудните институции;
- Развој на софтверска апликација за Министерството за правда;

- Развој на веб портали за правосудните институции за публикување на информациите од јавен карактер;
- Надградба на софтверска апликација за УИС/КПУ и нејзино воведување во работа во сите УИС/КПУ во РМ
- Надградба на софтверската апликација за јавните обвинителства и нејзиното воведување во работа во сите обвинителства во Република Македонија
- ИКТ опремување на Тренинг-центарот за обука на вработените во УИС/КПУ во РМ.
- Проширување и одржување на WAN широкопојасната виртуелна приватна мрежа за правосудните институции на РМ

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**ЕУ фондови**
**ИПА 2007 Компонента 1 - Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд**. (1.100.000,00 ЕУР, Септември 2009-Септември 2011). Проектот има за цел да ја поддржи имплементацијата на Стратегијата за реформа на судскиот систем на оперативно ниво имплементирајќи го Законот за управни спорови со кој се пренесуваат надлежностите за решавање на управни спорови во прв степен од Врховниот суд на Република Македонија на ново воспоставениот Управен суд. Проектот ќе обезбеди директна советодавна поддршка на Управниот суд за оценка и забрзување на имплементацијата на реформираната законска рамка. Конкретно, поддршката ќе ги има за цел човечките ресурси и институциска организација, фокусирајќи се особено на судската постапка, оперативната ефикасност и ефективност, менаџирањето на судот и предметите, како и транспарентноста во активноста на Судот и процесот на работење.

**ИПА 2008 Компонента 1 – Натамошно јакнење на судството (1.800.000 ЕУР, 2009-2011).** Проектот има за цел да ја поддржи имплементацијата на истражната база во областа на организираниот криминал и корупција, натамопно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, и да ги зајакне капацитетите за имплементација на реформата за малолетничка правда.

**ИПА 2009 Компонента 1 – Поддршка во имплементацијата на реформата на кривично-правен систем согласно Стратегијата за реформа на казненото право (1.639.000 ЕУР, 2010-2012)**. Проектот има за цел промовирање на капацитетите на јавното обвинителство и релевантните органи за спроведување на законот согласно новата правна рамка.

**Проект КАРДС 2004 –** ***Техничка помош за поддршка на развојот на Институцијата за обука на судии и обвинители – II фаза*** (1.099.000 ЕУР, септември 2006 - февруари 2009) – овој проект претставува продолжение на КАРДС 2001 проектот помош за поддршка на формирањето на Институцијата за обука на судии и обвинители и негова општа цел е да обезбеди техничка помош и поддршка за Академијата за обука и градење на нејзините капацитети за обезбедување на бараните услуги како и обезбедување на неговата одржливост.

**Проект КАРДС 2005 Твининг –** ***Поддршка на ЈО: Организиран криминал*** (2007-2008, 1.400.000 ЕУР) – ориентиран кон јакнење на капацитетот на Одделението на ЈО за борба против организираниот криминал и корупција

**Проект КАРДС 2006 –** ***Понатамошна имплементација на Стратегијата и Акциониот план за реформа на правосудниот систем*** ( предвидени се 2.200.000 ЕУР) –поддршка на развојот на пенитенцијарниот систем при што вклучува дел за техничка помош или твининг и дел за набавки и изградба (реконструкција на затвори).

**Со поддршка на заем од Светска Банка во периодот 2006-2011 се имплементира Проект - Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка**. Целта на проектот е да придонесе во подобрување на судската ефикасност и ефективност на бизнис климата во Република Македонија. Проектот ќе го подржи етаблирањето на новиот Судски совет, управните инспекции и решавањето на управните спорови, подобрување на стечајната управа, подобрувањето на судската инфраструктура, зајакнување на судските информатичко-технолошки системи.

**Во рамките на Меморандумот за соработка и разбирање помеѓу програмата на УСАИД за човеков и институционален развој, World Learning и Министерството за правда** –се спроведоа пакет препорачани интервенции што произлегуваат од извршената анализа на работењето на Министерството.

Со поддршка на **ОБСЕ** се имплементираат активностите за спроведување на Законот за малолетничка правда. Воедно, беа реализирани работилници и конференции за кривично право, обуки и работилници за адвокати-бранители, внатрешна контрола на квалитетот и ревизија на работата на судиите, континуирана правна едукација за македонските млади правници, улогата на јавните обвинители во истрагата и планирање работилници за имплементирачките партнери на реформата на правосудството

Во рамките на ОПДАТ с**е имплементира Програма за развој, помош и обука на обвинителства** фокусирана на усовршување на вештините на професионалците од системот на кривичната правда во областите на сузбивањето на кривични дела на трговија со луѓе, трговија со наркотици, перење пари и конфискација, корупција, организиран криминал, финансиски криминал, кривична одговорност на правни лица, кривични дела против меѓународното право, обвинителско-судски менаџмент, договарање за вината и предлагање законодавни измени.

**Меѓународна финансиска корпорација (ИФЦ)**
**Проект Alternative Dispute Resolution – The Private Enterprise Partnership for Southeast Europe, IFC (ADR PEP-SE) 2005-2008** – техничка помош за подобрување на пристапот до правдата, преку воведување на медијацијата како алтернативно решавање на спорови.

## 3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА
### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА
Со Законот за измени и дополнувања на **Законот за кривична постапка** (усвоен јули 2008) се проширува опсегот на примената на посебните истражни мерки со што се овозможува примена на овие мерки за дела за кои е предвидена казна затвор и под четири години, без при тоа да се бара постоење на организирана група од најмалку три лица. Овој закон целосно се усогласува со меѓународните стандарди, а особено со документите на Советот на Европа и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права за користењето на анонимните сведоци.

Со **Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам**, усвоен во јануари 2008 година, нормативно е уредено обезбедувањето поефикасен систем на превентивни мерки и дејствија против перењето на пари. Овој закон ги утврдува надлежностите и овластувањата на Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, обврските на субјектите кои се должни да ги преземаат мерките и дејствијата за спречување и откривање на перење пари како и на државните органи кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и на надлежните органи за спроведување на истрагата.

Законот за измени и дополнувања на **Законот за Управа за јавни приходи**, усвоен во јули 2008 година, овозможува Државната комисија за спречување на корупција заедно со Управата за јавни приходи да вршат проверка на имотно-материјалната состојба.

**Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка**, усвоен во јули 2008 година, има за цел избегнување и спречување на злоупотребите и недомаќинското однесување во постапувањето со конфискуваниот имот, како еден од можните извори на корупција. Овој закон предвидува формирање на Агенција за управување со конфискуван имот.

Извршени се **измени и дополнувања на Изборниот законик**, усвоени во октомври 2008 година. Овие измени имаат за цел зголемување на транспарентноста на финансирањето на изборните кампањи. Измените ја зајакнуваат контролата на приходите и расходите и целокупното материјално-финансиско работење на политичките партии во текот на изборната кампања и воведуваат ревизија над добиените донации на политичките партии. Овие измени се изготвени во соработка со политичките партии, невладините организации и ОБСЕ.

Донесени се 14 **подзаконски акти на Законот за јавни набавки**, со цел негова успешна имплементација.
Државната комисија за спречување на корупција во мај 2008 година ја донесе ***Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план***. Основна цел на програмата е да се доразвие концептот на политики насочени кон превенција и намалување на судирот на интереси и да воспостави правна рамка во која се утврдени конкретни мерки и активности на органите, службените лица и други чинители во намалување на појавните облици на судир на интереси и спречување на последиците од истите. Програмата, меѓу другото, има за цел да посочи препораки за надминување на детектираните слабости во одредени законски решенија кои се однесуваат на откривањето, процесуирањето и решевањето на случаи на судир на интереси како и да го дообјасни судирот на интереси и да им овозможи на службените лица помош и поддршка во дилемите дали определена активност претставува судир меѓу јавниот и приватниот интерес. Во ноември 2008 година ДКСК донесе **Информативен водич за управување со судир на интереси.**

Државната комисија за спречување на корупцијата, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство на Република Македонија, Државното правобранителство на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за ревизија, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Дирекцијата за спречување на перење пари и Државниот завод за геодетски работи, потврдувајќи ја заедничката заложба, потреба и интерес да дадат свој придонес за унапредување на соработката и координацијата на активностите во

превенцијата и репресијата на корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија, на 15 декември 2007 година потпишаа **Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси**. Во март 2008 година кон Протоколот пристапи и Бирото за јавни набавки, а во текот на месец јануари 2009 година пристапија Советот на јавни обвинители, Државната комисија за постапување по жалби по јавни набавки и Државната изборна комисија.

Од страна на **Министерството за внатрешни работи**, во септември 2008 година е донесена **Програма за антикорупциска обука на службениците кои непосредно работат на издавање на лични документи**.

Со цел за успешна и ефективна реализација на активностите од **Акцискиот план за борба против корупција** 2007 – 2011, Владата на Република Македонија усвои **Буџет на Акцискиот план за борба против корупција, како Анекс на планот**. Со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија **за 2008 година** (Службен весник на РМ бр. 90/08) **се одобрени** потребните средства за реализација на активностите од Акцискиот план за борба против корупција за 2008 година во висина од вкупно **102,5 милиони денари** во рамките на посебна буџетска програма: Борба против корупција и организиран криминал (ГБ- програма).

**Реализација на ГРЕКО Препораките**

Со цел заокружување на **Првиот круг на евалуација на ГРЕКО**, Република Македонија ја реализираше последната преостаната препорака за реализација од овој круг која се однесуваше на измена на Деловникот на Собранието заради предвидување на постапка за одземање на имунитетот на пратениците. Во новиот Деловник на Собранието на Република Македонија, усвоен во јули 2008 година, (член 53) разработени се и допрецизирани условите и критериумите за одземање на имунитет на пратеник, со што **Првиот круг на евалуација на ГРЕКО практично се затвора**.

Во однос на **Вториот круг на евалуација**, ГРЕКО го усвои Извештајот за имплементација на препораките за Република Македонија во октомври 2007 година, со заклучок дека успешно се имплементирани две третини од нив. Со цел за реализација на преостанатите препораки од овој круг, се спроведоа голем број на активности.

За реализација на **Препораката 1** – која се однесува на имплементација на новата законска регулатива за конфискација и заплена на приносите од криминал и со нив поврзаните прашања, вклучувајќи воспоставување на насоки и темелна обука на овластените службени лица, како и собирањето на податоци за применета или пропуштањето да се примени конфискацијата и привремените мерки, преземени се следните активности:

- Во јули 2008 година **е донесен Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка;**
- Во рамки на твининг проектот „Одделение за борба против организиран криминал и корупција – Јавно обвинителство" организирани се неколку **семинари** на кои, меѓу другите, тема на едукација беа и конфискацијата и другите привремени мерки;
- Во соработка со **Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија**, во периодот 2007-2008 година спроведени се **10 семинари** на тема Конфискација и привремени мерки на кој учествуваа **179 лица** од кои: 87 судии, 6 јавни обвинители и 19 претставници на други институции.
- Во организација на **Агенцијата за државни службеници**, на 17 и 31 октомври 2008 година се спроведе обука за антикорупциските мерки и етиката во државната служба, за **50** државни службеници вработени во органите на централната власт, чие што работење е тесно поврзано со оваа проблематика.

За реализација на **Препораката 9 -** која се однесува на воведување кодекси за однесување на сите јавни службеници во кои ќе бидат вклучени јасни правила за пријавување на сомневања на корупција и да се овозможи обука за овие прашања, спроведени се следните активности:

- **Академијата за обука на судии и обвинители,** во периодот .2007 -2008 година **реализираше вкупно 9 обуки на оваа тема** (од кои: на 7 обуки е директен организатор а на 2 обуки е коорганизатор). На споменатите обуки учествувале вкупно **182 учесници**, од кои: 89 судии, 77 јавни обвинители, 2 стручни соработници и 16 претставници од други институции.
- **Агенцијата за државни службеници** во текот на месец октомври 2008 година спроведе две обуки за антикорупциските мерки и етиката во државната служба за државни службеници вработени во органите на централната власт.

За реализација на **Препораката 14 -** која се однесува на воведување засилена обука за полицијата, обвинителите и судиите за одговорност на правни лица, во текот на 2008 година Академијата за обука на судии и јавни обвинители спроведе 2 обуки на тема "Одговорност на правните лица" со учество на 42 лица (33 судии и 9 јавни обвинители). Обуките продолжуваат во согласност со програмата на АОСЈО.

Во насока на имплементација на **Законот за слободен пристап** до информациите од јавен карактер беа испечатени и дистрибуирани повеќе работни материјали меѓу кои публикацијата „Информациите од јавен карактер се за давање, а не за чување“ која беше испечатена во тираж од 1000 примероци и дистрибуирана директно до имателите на информации. За посетителите на обуките и за имателите на информации беше испечатен плакат – постер кој на едноставен начин на граѓаните им ја презентира постапката за барање на информации од јавен карактер.

Изработена е нова веб страница на Комисијата која е во функција на транспарентно работење и имплементација на Законот како и помош за поедноставен и полесен начин граѓаните да дојдат до одредена база на податоци. Бројот на посетители на оваа веб страна во текот на денот се движи од 100 до 120. Инаку од стапувањето во сила на Законот регистрирани се 84 060 посетители на веб страната на Комисијата. На оваа веб страна се наоѓа и листата на иматели на информации од јавен карактер во Република Македонија со сите релевантни податоци (име, презиме, телефон, факс, адреса, е-маил и слично). Досега Комисијата регистрираше околу 1 500 иматели на информации, но таа листа постојано се ажурира и надополнува.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година беа преземени интензивни активности за мрежно поврзување на Државната комисија за спречување на корупција и Управата за јавни приходи. Во август 2008 година се обезбедени веб сервер и рутер фаервал, со што се исполнија техничките услови за бебедно и квалитетно **мрежно поврзување**. Во октомври 2008 година, од страна на информатичка компанија е изработен нов софтвер за евидентирање на анкетните листови. Системот е сеуште во тест период но веќе се регистрирани внесени податоци од 1071 анкетен лист. По овој тест период системот ќе биде пуштен во редовна работа така што двете институции ќе имаат увид во податоците, а едновремено ќе може да се врши и споредба на податоците од анкетните листови со податоците на УЈП по поднесените годишни даночни пријави за остварени приходи.

За зајакнување на капацитетите на јавното обвинителство за постапување по кривични дела од областа на организиран криминал и корупција, согласно новиот Закон за јавно обвинителство, се основа **ново посебно Осново јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.** Избрани се сите 9 јавни обинители и обвинителството се конституираше во декември 2008 година.

За имплементација на **Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка**, во декември 2008 година е формирана Агенција за управување со конфискуван имот и именуван е директор на Агенцијата.

**Меѓуресорското тело за координирање на активностите за борба против корупција** континуирано одржува состаноци заради координација на активностите на надлежните органи за борба против корупцијата, јакнење на меѓусебната соработка и заемно известување, размена на информации и податоци како и реализирање на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО и на други меѓународни организации. Телото редовно ја информира Владата на РМ за своето работење.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Стратегијата за реформа на казненото право интензивно се работи на измени и дополнувања на **Кривичниот законик,** во насока на заострување на казнената политика, воведување на нови кривични дела, посебно во областа на корупцијата, усогласени со ратификуваните конвенции и меѓународни стандарди и воспоставување на кривична одговорност на домашни и странски правни лица за кривично дело Противзаконско посредување (со што ќе се реализира и Препораката на ГРЕКО бр 12). Воедно, се работи на изготвување на нов **Закон за кривична постапка** кој треба да биде донесен во текот на 2009 година и кој ќе содржи процесни одредби за конфискацијата, со посебен акцент на проширената конфискација и вградување нови меѓународни стандарди во оваа област.

Со цел за имплементација на препораките на ОБСЕ/ОДИХР за изборите 2006 и 2008 година, ќе се изготват **измени на Законот за финансирање на политичките партии.**

Ќе биде извршена **анализа на Законот за судир на интереси во насока на преиспитување на дефинициите за судир на интереси и уредување на постапката при постапување при судир на интереси,** заради иницирање негови измени и дополнувања. Континуирано ќе се реализираат активностите утврдени во Акциониот план на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

Со цел за натамошно сузбивање на корупцијата, ќе продолжи **импементацијата на активностите содржани во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата**, како и континуирано спроведување на активностите од **Акцискиот план на Владата на РМ за борба против корупција** 2007 – 2011.

***Во насока на спроведување на препораките на ГРЕКО од вториот круг на евалуација ќе се спроведат следните активности:***

1. **Обуки** наменети за судии и јавни обвинители и органи за спроведување на законските одредби за конфискација и заплена на приносите од криминал;
2. **Анализа** на статусот и условите за вработување на јавните службеници;
3. Усвојување на **Закон за статусот и условите за вработување на јавни службеници** – во насока на воспоставувањето на регулативна рамка на модерни административни принципи за голем број јавни службеници кои не се државни службеници, а која ќе соодветствува, до степен кој е возможен, на прописите кои се применуваат во однос на државните службеници;
4. Усвојување на **Етичкиот кодекс за јавни службеници и обуки за антикорупциски мерки и етика во државната служба**;
5. Усвојување на **Кодекс за однесување на избрани и именувани функционери во централната власт**;
6. **Обуки** за полицијата, обвинителите и судиите за корпоративна одговорност на правните лица и спроведување кривични истраги против правни лица.

Во насока на **унапредување на целокупната соработка и координација меѓу надлежните органи за борба против корупција** ќе продолжи спроведувањето на Меморандумите за соработка и,континуирана размена на податоци и доставување на одделни закони на мислење до ДКСК. На месечно ниво надлежните институции ќе ја известуваат ДКСК за конкретни резултати од соработката за случаи поврзани со корупција и информации за статусот на случаи поврзани со корупција и за соработката која се остварува преку офицерите за врска.

Во правец на зајакнување на улогата на ДКСК кон јавноста ќе се донесе Стратегија за односи со јавноста која е во фаза на подготовка, а со цел подигнување на свеста на граѓаните, за законските механизмите за превенција и репресија на корупцијата ќе се изготви проект за истражување на јавното мислење за корупцијата во РМ. ДКСК во текот на 2009 година ќе се фокусира на решавање на заостатокот на предмети.

Со цел имплементација на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер подобрување на пристапот на граѓаните до информации од јавен карактер ќе бидат реализирани 15 обуки при што ќе бидат вклучени околу 1000 службени лица за посредување со информации од јавен карактер. Во таа насока се предвидува водење медиумска кампања и организирање на конференција посветена на состојбата околу имплементацијата на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер итн.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел успешно користење на поврзаните бази на податоци меѓу ДКСК и УЈП ќе се спроведат **обуки за вработените во Секретаријатот на ДКСК и УЈП**.

Во текот на следната година ДКСК ќе посвети посебно внимание околу градењето на своите административни капацитети за извршување на сложените и деликатни задачи.
Ќе продолжи јакнењето на регионалната и меѓународната соработка на ДКСК, МВР и ЈОРМ со соодветните институции.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Имплементација на мерките и активностите содржани во: Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2007-2011 година на Државната комисија за спречување на корупцијата, Акцискиот план на Владата на РМ за борба против корупција 2007-2011 година, како и целосно спроведување на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе бидат мрежно поврзани базите на податоци помеѓу надлежните институции вклучени во борбата против организираниот криминал и другите форми на криминално дејствување.

## 3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци на Советот на Европа на 28 јануари 1981 година, а во 2008 година е ратификуван и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата 108/81 за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа.

Република Македонија има донесено Закон за заштита на личните податоци кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.7/05. Заради целосно усогласување на Законот со Директивата 95/46/ЕС на Европскиот парламент и Советот на Европската унија од 1995 година, Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци на Советот на Европа на 28 јануари 1981 година, како и Дополнителниот протокол кон Конвенцијата 108/81 за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа, во август 2008 година е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08).

Во декември 2007 година заврши транзицискиот период за целосно усогласување на работата на контролорите со Законот за заштита на личните податоци. Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци е предвиден транзициски период од шест месеци од денот на влегување во сила на законот. Транзицискиот период е предвиден поради големиот број на измени на Законот за заштита на личните податоци и ќе трае до февруари 2009 година, во кој контролорите треба да го усогласат своето работење со измените на Законот.

Поздаконските акти (правилници) што се во функција на непосредна имплементација на изменувањата и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци се донесени во ноември и декември 2008 година и тоа: Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцјата („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/08); Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/08); Правилник за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/08) и Правилник за формата и содржината на образецот на Известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци, („Службен весник на Република Македонија" бр. 155/08). Подготовката на Правилникот за технички и организациси мерки за заштита на личните податоци е во тек.

Заштитата на личните податоци во одделни специфични сектори се уредени со следните закони:

- Здравствен сектор – Законот за заштита на правата на пациентите, Закон за водење на евиденции во областа на здравството,
- Правосуден сектор - Закон за кривичната постапка,
- Полициски сектор - Закон за внатрешни работи, Закон за надзор над државната граница, Закон за национална криминалистичко - разузнавачка база на податоци,
- Економски сектор - Закон за индустриска сопственост,
- Финансиски сектор – Закон за задолжително социјално осигурување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Дирекцијата за заштита на личните податоци како самостоен и независен државен орган со својство на правно лице за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија е основана во јуни 2005 година, согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Директорот на Дирекцијата го избира Собранието на Република Македонија. Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци е предвидено предлогот да го дава Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Изборот се врши по пат на јавен конкурс за време од пет години со право повторно да биде избран, но не повеќе од два пати. Во Законот се пропишани условите што треба да ги исполнува кандидатот за директор и условите под кои може да му престане функцијата. Директорот има заменик кој се избира по исти критериуми како и директорот.

Директорот поднесува Годишен извештај за работењето на Дирекцијата до Собранието на Република Македонија, а досега се поднесени извештаи за 2005, 2006 и 2007 година.
Вработените во Дирекцијата имаат статус на државни службеници. Вкупниот број на вработени во Дирекцијата вклучувајќи ги и именуваните лице (директорот и заменикот на директорот) на крајот на 2008 година е 17. Приоритети на Дирекцијата во 2008 година во однос на кадровската екипираност беа унапредување и нови вработувања. Во тек е постапка за четири

нови вработувања.

Во текот на 2008 година направени се организациски промени во Дирекцијата, на начин што е воспоставен нов Сектор за стратешко планирање и анализа на политики, (со цел да се обезбеди квалитетен пристап во анализата на политиките и дефинирање на стратешките цели и приоритети, посебно имајќи предвид дека Дирекцијата е новоформиран орган, каде што стратешкото планирање е од клучно значење за нејзиното работење и развиток).

Дирекцијата во 2008 година веќе целосно е оперативна во поглед на:

- вршење на контрола над законитоста на обработката на личните податоци од страна на контролорите според претходно утврдена Годишна програма за контрола и тековни планови како и вршење на вонредна контрола врз основа на поднесени пријави и претставки од страна на физички и правни лица. За време на транзицискиот период контролите од страна на Дирекцијата беа во едукативна насока, со цел усогласување на работењето на контролорите со прописите за заштита на личните податоци. Во текот на 2008 година направени се вкупно 72 контроли и тоа 40 редовни и 32 вонредни контроли.
- водење на постапка по барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци поднесени од физички лица или од здружение на граѓани во кое членува физичкото лице. Со изменувањата и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци се воведоа значајни новини во врска со постапката по поднесените барања, на начин што се укина Комисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци како нејзин првостепен орган, а за повреда на правото на заштита на личните податоци по поднесените барања, согласно измените на Законот со решение мериторно одлучува директорот на Дирекцијата. Против решението на директорот може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Во текот на 2008 година, до Дирекцијата се доставени вкупно 62 барања, од кои за 36 е утврдена повреда на правото на заштита на личните податоци, 22 се одбиени, а за четири барања постапката е се уште во тек. Во текот на 2008 година , заради повреда на одредбите за заштита на личните податоци гарантирани со Законот, против пет контролори Дирекцијата поднесе барања за поведување на прекршочна постапка пред Основниот суд Скопје 1 - Скопје.
- водење на прекршочна постапка од страна на Комисијата за одлучување по прекршоци при Дирекцијата за заштита на личните податоци. Во насока на целосно усогласување со амандманот XX од Уставот на Република Македонија и Законот за прекршоците, Дирекцијата со изменувањата и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци доби статус на прекршочен орган, поради што во Дирекцијата е формирана Комисијата за одлучување по прекршоци. Истата ефективно ќе отпочне да постапува по поднесените барања за поведување на прекршочна постапка од страна на инспекторите за заштита на личните податоци и оштетените физички лица по изминување на транзицискиот период од шест месеци, односно од 28 февруари 2009 година, во кој период контролорите се должни да го усогласат своето работење и со измените на Законот.
- вклучување во креирањето и усогласувањето на прописите на Република Македонија со правото на Европската унија, со давање на мислења по однос на делот што се однесува на заштитата на личните податоци, кои во изминатите две години беа респектирани од надлежните органи и тела (учество во подготовката на Предлогот на Законот за заштита на правата на пациентите, како и предлог текстови на закони и подзаконски акти за доуредување на заштитата на личните податоци во областа на здравството, внатрешни работи, телекомуникациите, банкарството итн). Дадени се вкупно 358 писмени мислења, од кои најголем дел се однесуваат на усогласеноста на актите на контролорите за обезбедување на технички и организациски мерки за тајност и заштита при обработката на личните податоци, прашања од физички лица, предлог закони, меѓународни договори, како и согласност за пренос на лични податоци во други држави. Дирекцијата, остварувајќи ја својата улога на отворена институција за заштита на основните права на граѓаните, има дадено 84 мислења по телефон кои се однесуваа на прашања од областа на заштитата на личните податоци во различни сектори.
- врз основа на поднесени претставки и предлози од страна на граѓаните кои пред сè се однесуваат на повреди на правото на заштита на личните податоци, Дирекцијата воспостави практика на испраќање на укажувања и препораки во врска со заштитата на личните податоци. Во таа насока дадени се 16 укажувања и препораки.

Во текот на 2008 година се реализирани следниве активности:

- Зајакната е соработката со Министерството за внатрешни работи заради имплементација на новиот Закон за полиција и остварување на оперативна соработка на Република Македонија со ЕВРОПОЛ, како и активностите околу Шенгенскиот систем;
- Ажуриран е Стратешкиот план за периодот 2008-2010 со имплементирачки годишни програми;
- Воспоставен е оператибилен Централен регистар со податоци за збирки за личните податоци што ги водат контролорите;
- Донесени се подзаконските акти за имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци,

- Формирана е Комисија за одлучување по прекршоци;
- Подготвен е Годишен план за контрола;
- Континуирано се врши обновување и збогатување на содржините на Веб страницата на Дирекцијата;

Дирекцијата е членка на Пролетната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци, Конференцијата на органите за заштита на личните податоци во југоисточна Европа, а од 2007 година и на Интернационалната конференција за заштита на личните податоци. Истовремено Дирекцијата е полноправен член на Конференцијата на органите за заштита на личните податоци на земјите – членки на Франкофонијата. Во рамките на Советот на Европа, Дирекцијата е член на Консултативниот Комитет T-PD.

Во својство на земја набљудувач Дирекцијата учествува на состаноците на Работната група 29 во рамките на Директоратот за правда, слобода и безбедност на Европската Комисија.
Дирекцијата активно учествува и ја следи работата на неколку работни групи кои работат на заштита на личните податоци во специфични области како што се Меѓународната група за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор, Работилницата за барања и постапувања, а членува и во Laboratorio Privacy првата меѓународна група која работи на подигнувањето на јавната свест за правото на заштита на приватноста.
На билатерален план, во 2006 година Дирекцијата потпиша договор за соработка со Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Чешка, а во 2007 година со надлежните институции за заштитата на личните податоци на Република Италија и Република Хрватска.

Дирекцијата е вклучена во работни групи чија работа е насочена кон создавање на национална криминалистичко - разузнавачка база на податоци, активности за создавање на потребните претпоставки за склучување оперативен договор со ЕВРОПОЛ, како и за преземање на сите активности во насока на донесување на Конвенцијата СЕЛЕК.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ:**
**ПРАВНА РАМКА**
До јуни 2010 година ќе се реализираат следниве активности:
- Целосна имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци;
- Целосна имплементација на подзаконските акти донесени врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци;
- Донесување на годишни програми за обука и стручна помош на контролорите и обработувачите од областа на заштитата на личните податоци;
- Подготовка на комуникациски стратегии за подигнување на јавната свест;
- Активно учество на Дирекцијата во давање на мислења по предложени прописи во однос на заштитата на личните податоци;
- Следење на усогласувањето на актите и работењето на контролорите со прописите за заштита на личните податоци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
До јуни 2011 година ќе се реализираат следниве активности:
- Зајакнување на кадровските капацитети на Дирекцијата;
- Обучување на државните службеници на Дирекцијата со новите предизвици од областа за заштита на личните податоци;
- Зајакнување на институционалната рамка за вршење на инспекциски надзор;
- Давање на обуки и стручна помош на контролорите и обработувачите за заштита на личните податоци;
- Обезбедување на дополнителни работни простории и канцелариска опрема;
- Набавка на информатичка опрема и софтверски пакети и обезбедување и одржување на опремата и софтверските пакети;
- Зголемување на јавната свест за заштита на лични податоци;
- Зајакнување на соработката со Министерството за внатрешни работи заради имплементација на прописите за полиција и внатрешни работи и остварување на оперативна соработка на Република Македонија со ЕВРОПОЛ, како и активностите околу Шенгенскиот систем;
- Ажурирање на Стратешкиот план за периодот 2008-2010 со имплементирачки годишни програми;
- Унапредување на функционалноста на Централниот регистар на збирка за личните податоци;
- Докомплетирање на информатичката инфраструктура и континуирано надградување на истата со цел подобрување на ефикасноста и флексибилноста во работата на Дирекцијата;
- Анализа на влијанието на прописите за заштита на личните податоци.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**ИПА компонента 1 Помош при транзиција и институционална изградба**

Во Проектното фише 1.5 Демократија и човекови права, во рамките на оперативната програма ИПА компонента 1 за 2008 година предвидена е техничка помош за Дирекцијата. Целта на техничката помош е понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија, јакнење на капацитетите на вработените во Секторот за вршење на инспекциски надзор, зголемување на јавната свест за заштита на личните податоци. Ова ќе се постигне преку организирање на обуки на вработените по сектори, подготовка на упатства за заштита на личните податоци по одделни области, како и подобрување на имплементацијата на правилата кои се однесуваат за определени области за заштита на личните податоци. Проектот ќе се реализира во периодот од 2010 до 2012.

## 3.23.4 ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ

Оваа област ќе биде предмет на усогласување на среднорочен план. Меѓу другото, мерките на заедницата поставуваат детални правила околу правото на граѓаните на ЕУ да се движат и престојуваат на територијата на земјите членки. Во овој поглед, се планира прецизирање на институцијата одговорна за имплементацијата на Директивата (32004L0038) за правата на граѓаните на Унијата и нивните членови на фамилијата да се движат и престојуваат слободно на територијата на земјите членки. Покрај правата на движење, исто така постои потреба за понатамошно усогласување во областа на избирачките права. На среднорочен план ќе се направат измени на Изборниот законик за конституирање на правото на глас за граѓаните на другите држави членки на заедницата. Европската Унија има утврдена правна рамка за организирање на изборите за Европскиот парламент која гарантира дека граѓаните на Унијата кои престојуваат во земја членка на која не се државјани можат да учествуваат во локални и парламентарни избори под истите услови како државјаните на таа држава. За таа цел ќе треба да се прифати актот за избор на претставници во Европскиот Парламент. Исто така, според членот 13 од Директивата (31993L0109) ќе треба да се воспостави национална контакт канцеларија.

## 3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

### 3.24.1 3.24.1 МИГРАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

На 01.01.2008 започна примената на Законот за странци (Сл.весник на Р.М. бр.35/2006 и 66/2007) со кој се уредуваат условите за влез, напуштање и престој на странци во Р.М , а донесени се и четирите подзаконски акти[18].

Во согласност со одребите од Законот за странци, почнувајќи од 1 јануари 2008 година, во рамките на проектот "Нови лични документи", започна издавањето на следниве нови биометриски документи за странци: Дозволата за привремен престој, Дозволата за постојан престој и Пасошот за странци, кои се карактеризираат со високо заштитни елементи, во согласност со препораките на ЕУ.

Со измените на Законот за странците (Сл. весник на Р.М. бр. 117/2008) се предвиде дека Владата на РМ може да одлучи да се овозможи влез во РМ на државјани на земјите членки на Европската Унија и потписнички на Шенгенски договор со важечка лична карта, ако ги исполнуваат условите за влез на странец во РМ. Врз основа на овој закон Владата на РМ донесе Одлука за овозможување влез на државјани на земји членки на Европската Унија и потписнички на Шенгенски договор во РМ и со важечка лична карта (Сл. Весник на Р.М. бр. 123/2008).

Со цел усогласување со најновите измени на Законот за странци, изготвен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за патни и други исправи на странец, во однос на специјалните лични карти за странци, со кој се утврди формата и содржината на специјалната лична карта. Истовремено, изготвен е и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за странците, со кој се предвидува државјаните на земјите на ЕУ и потписнички на Шенгенскиот договор да бидат исклучени од обврската за поседување на патничко осигурување при влез во РМ.

Во однос на усогласување со визниот режим на ЕУ види во делот 3.24.3. Визна политика.

Во собраниска процедура е Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци. Измените меѓу другото се однесуваат на терминолошко усогласување со Законот за азил и привремена заштита заради опфаќање и на лицата под супсидијарна заштита како и усогласување со одредба од Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе со која им се овозможува право на вработување на жртвите на трговија со луѓе кои имаат законски престој на територијата на РМ.

Врз основа на утврдената политика за вработување и работа на странци Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за утврдување на квотите за работни дозволи за странци за 2008 година („Службен весник на Репубилка Македонија" бр. 23/08), каде согледувајќи ги потребите за работна сила за 2008 година дозволено е издавање на вкупно 3500 работни дозволи.

Меѓуминистерското тело за зајакнување на системот на бегалци и странци изготви Стратегија за интеграција на бегалци и странци за периодот 2008-2015 година и истата беше усвоена од страна на Владата.

Меѓуминистерската група за креирање на миграционата политика изготви нацрт Резолуција за миграциона политика 2009-2014. Резолуцијата утврдува конкретни мерки и активности во насока на понатамошно прилагодување на националното законодавство и процедурите во областа на миграциите согласно промените во законодавството на Европската унија и меѓународните стандарди.

Потпишани се: Договор за реадмисија помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина и Договор за реадмисија помеѓу Република Македнија и Молдова. Република Македонија има започнато постапка за склучување на договор за реадмисија со Украина. Иницирани се постапки за склучување на договори за реадмисија со Црна Гора, Р. Србија и Р. Исланд.

[18] Правилник за начинот на издавање на визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување на визи, како и за образецот на визи и за водење на евиденција (Сл.весник на Р.М. бр.71/2007), Правилник за куќниот ред на Прифатниот центар за странци (Сл. Весник на Р.М. бр.6/2007), Правилник за странците (Сл. Весник на Р.М. бр. 27/2008) и Правилник за патни и други исправи на странец (Сл. Весник на Р.М. бр. 37/2008).

**Стратешки план:** Во рамките на програмата Јавна безбедност, подпрограма А.2. Гранични работи и миграција покрај другите ќе се реализираат активности на спречување на нелегалната миграција, контрола на движење и престој на странци, како и имплементација на Законот за странци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Опремата во Одделението за странци и реадмисија при МВР која што се користи во областа на движењето е надополнета со 10 нови персонални компјутери.

Формиран е Прифатниот Центар за странци, предвиден во Законот за странци според кој странците кои се жртви на трговија со луѓе за време на периодот на одлучување се сместуваат во посебна просторија во Прифатниот центар за странци на МВР. Прифатниот центар е преуреден и е поделен на два дела при што во еден дел се сместуваат странците жртви на трговија со луѓе и истиот има капацитет да прими 40 лица, додека во другиот дел се сместуваат илегалните мигранти, во кој како дел од поранешниот Транзитен центар се сместуваа барателите на азил. Во моментов во тек се завршни активности за адаптација и преуредување на делот за илегални мигранти со средства обезбедени од страна на МВР, а во истиот се овозможува прием на 60 илегални мигранти. Во текот на сместување на странецот во Прифатниот центар се води сметка за полот и возраста. Странци од ист пол се сместуваат во исти простории, во посебно одделение се сместуваат малолетни странци без придружба, а семејствата се сместуваат во посебна просторија.

Во Одделението за азил,миграција,бегалци, внатрешно раселени лица, лица со хуманитарна помош и лица повратници од реадмисија во рамките на Министерството за труд и социјална политика во моментот работат 4 лица.

Формирана е Меѓуминистерска група за креирање на миграциона политика на РМ. Активностите на групата се насочени кон креирањето на миграционата политика во Република Македонија, воспоставување на механизам за мониторинг на миграционите текови, укажување на состојбите, проблемите и мерките што ќе се превземат во областа на миграцијата, како и ажурирање на миграциониот профил на земјава.

Заради поефикасна имплементација на Законот за странци и јакнење на административните капацитети реализирани се следните обуки:

- Обуката на инспекторите по странци во врска со примената на Законот за странци е реализирана во рамките на проектот АЕНЕАС –цврсти институции и заеднички пристап во управувањето со азилот, миграциите и визите во Западен Балкан (обучени се 64 инспектори за странци);
- Обука за користење на националниот визен информациски систем на Визниот центар во МНР, спроведена од страна на фирмата "СРЦ СИ" од Словенија;
- Обука за начинот на издавање на патните и други документи за странец;
- Спроведена е обука на инспекторите за странци од страна на Одделението за странци и реадмисија во врска со примена на Законот за странци и подзаконските акти.

Изготвен е Работен план за подготовка на Проект за централната база на податоци за странци кој ќе опфаќа азил, виза и миграција. По завршувањето на подготвителната фаза, ќе се дефинира моделот на базата, временската рамка за негово поставување, финансиските средства (грант и национално учество) и Управниот комитет на Проектот.

Согласно Договорот за реадмисија со ЕУ, досега одржани се два состанока на Заедничкиот комитетот за реадмисија (јуни и ноември) на кои е констатирано дека не постојат проблеми во спроведувањето на договорот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ:**

**ПРАВНА РАМКА**

На почетокот од 2009 година ќе бидат објавени во Службен весник и ќе стапат во сила Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за патни и други исправи на странец и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за странците.

Заради понатамошно усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 562/2006 од 15 март 2006 за воспоставување на Шенген Граничен Кодекс во текот на 2009 година предвидени се измени на Законот за странци со кои ќе се укине патничкото осигурување како услов за влез во РМ. Покрај наведеното во тековниот период се преиспитува и можноста за изменување на Законот за странци и во поглед на други одредби од законот, доколку при примена на истите се утврди дека постојат проблеми при нивната имплементација. 10 дена од влегувањето во сила на Законот за изменување на Законот за странците ќе се изврши измена на Правилникот за странците во однос на укинувањето на патничкото осигурување.

Надлежните министерства во првата половина на 2009 година ќе донесат Акционен План за имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци, вклучувајќи и финансиски импликации.

Собранието на РМ ќе ја усвои Резолуцијата за миграциона политика за 2009-2014 година.

Владата на РМ ќе го усвои ажурираниот Миграционен профил на РМ за 2008 година.

Од страна на Министерството за труд и социјална политика во координација со Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерство за здравство и Министерството за образование во првиот квартал на 2009 ќе се изготват Програми кои ќе обезбедуваат помош за реинтеграција на лица кои се враќаат во Македонија врз основа на спогодби за реадмисија. По изготвувањето на програмите ќе се предвиди колку средствата е неопходно да се обезбедат од буџет на Р.М., како и можноста за обезбедување на странска помош..

Во насока на давање на предност на политиката на доброволно враќање во матичната земја, транзит или во трета држава, од страна на Министерството за внатрешни работи во текот на 2009 година ќе се изготват програми за згрижено доброволно враќање на лица.

Во поглед на статистичко следење на миграциите ќе се обезбеди усогласување на националните и меѓународни стандарди и класификации (ISCED-97,ISCO-88,NUTS), како и имплементација на Регулативата бр.862/2007/ЕС од Европскиот Парламент и Советот на Европа од 11.07.2007 година за статистики на заедницата за миграции и меѓународна заштита и укинување на Регулативата на Советот (ЕЕЦ) бр.311/76 за компилација и статистика за странските работници.

Во првата половина на 2009 година предвидено е склучување на договори за реадмисија со Црна Гора, Р. Србија, Р. Исланд и Украина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Потребно е техничко опремување на подрачните организациони единици на Одделението за странци кои го регулираат движењето, престојот и контролата на странците во Р.М. со 20 компјутери во текот на 2009 година. За реализирање на наведената цел во буџетот на МВР предвидени се , парични средства во висина од 744.000 денари.

До крајот на 2009 планирано е воспоставување на електронско следење на сите миграциони настани.

Кадровски ќе биде зајакнато Одделението за азил,миграција,бегалци, внатрешно раселени лица, лица со хуманитарна помош и лица повратници од реадмисија во рамките на Министерството за труд и социјална политика.

Во текот на 2009 година од страна на Министерството за труд и социјална политика планирано е отворање на Информациона канцеларија каде лицата вратени врз основа на договори за реадмисија ќе можат да се информираат за правата кои им следуваат.

Во втората половина од 2009 година ќе се формира Центар за интеграција, кој е предвиден со Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во РМ, а во насока на олеснување на процесот на интеграција на бегалците и странците во Република Македонија.

Обуката на Граничната полиција согласно измените на Правилникот за странците ќе започне веднаш по објавувањето на истиот во Службен весник на РМ.

Во насока на зајакнување на системот на собирање на податоци од областа на азилот и миграциите, ќе се подготови Студија за изводливост во текот на јануари 2009 година, , за што се обезбедени 18.000.000 денари од страна на Норвешка.

Кон крајот на првото тромесечие од 2009 година ќе се започне Проектот за развој на Централна база на податоци за странци која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ:**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2010 година, а во насока на целосно усогласување на националното законодавство со Директива на Совет (бр.32003L0109) која го одредува статусот на лица од трети земји кои имаат постојан престој, се наметнува потребата од измени во Законот за странци со предвидување на одредби за исклучување на можноста за добивање на постојан престој на лица кои се под супсидијарна форма на зашита.

Воедно, во насока на целосно усогласување со Директива на Совет (бр.32004L0114) која се однесува на условите кои треба да ги исполнат трети земји членки за студирање, размена, волонтери и тренинг без надокнада, потребни се измени на Законот за странци, кои би се однесувале на предвидувањето на одредби за издавање на дозвола за привремен престој за волонтери и лица кои посетуваат тренинг без надокнада.

Континуирано ќе се имплементираат мерките и активностите утврдени во Резолуцијата за миграционата политика на Република Македонија.

По пристапување на Република Македонија во ЕУ, ќе се создадат предуслови за транспонирање на следниве директиви:

- Препорака на Совет од 27 септември 1996 година (бр.31996H1014) која се однесува за справување со илегални вработувања на лица од трети земји
- Директива на Совет (бр.32003L0110) која се однесува за помагање во случаи на транзит за отстранување со авион
- Одлука на Совет(бр32001L0040) за взаемно препознавање на одлуката за протерување на лица од трета земја.Причините за протерување наведени во чл.3 од наведената директива се предвидени во Законот за странци.Но, целосна примена на наведената директива ќе биде возможно со добивање на статус на земја членка.
- Одлука на Советот 2004/573/ЕС од 29 април 2004 година (бр. 32004Д0573) за организирање на заеднички летови за отстранување од територијата на две и повеќе земји членки на лица од трети земји кои што се предмет на индивидуални наредби за отстранување.
- Одлука на Совет (бр.31996Y0919 (15) ) која се однесува за воспоставување соработка со CIREFI (Центар за информирање, дискусија, и размена на информации за преминување на граници и имиграција). По пристапувањето кон ЕУ, Република Македонија ќе може да определи свои преставници во CIREFI, чија основна цел е асистенција на земјите членки во проучување на легалната миграција, спречување на илегалната миграција и незаконскиот престој, борба против имиграциониот криминал, подобро откривање на фалсификуваните документи и подобрување на праксата во однос на протерувањето.
- Регулативата на Советот ЕС 377/2004 од 19.12.2004 (32004R0377) за создавање на имиграциона мрежа на офицери за врски.Согласно постоечката регулатива во Р.М.(Закон за надзор на државната граница, Закон за полиција) постои правен основ за упатување на офицери за врски во други земји по основ на ратификувани меѓународни договори. Меѓутоа непостоењето на договор за соработка со земјите членки на ЕУ, ја оневозможува примената на оваа директива.
- Одлука на Совет (бр.32005D0687) за формата на извештајот на имиграционите офицери за врска за активностите поврзани со илегалната имиграција
- Одлука на Совет 2005/267/ЕС од 16.03.2005 (бр.32005D0267) која се однесува за етаблирање на безбедна веб база на информации и координативна мрежа за миграциониот менаџерски сервис на земјите членки
- Одлуката на Комисијата од 15 декември 2005 за определување на деталните правила за имплементација на Одлуката на Советот 2005/267/ ЕС.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До крајот на првата полвина од 2010 година ќе биде воспоставена Централната база на податоци за странци, која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите. За оваа цел обезбедени се средства од буџетот на МВР во висина од 30.000.000 (триесет милиони) денари.

Воедно, во рамките на Планот и организацијата на Проектот за развој на Централна база на податоци за странци во првата половина од 2010 предвидена е обука за крајните корисници на базата.

Во насока на унапредување на начинот на работа континуирано ќе се продолжи со спроведување на обуки за поефикасна имплементација на новините во законодавството кои ќе следат по транспонирањето на наведените ЕУ директиви

Кадровски ќе биде зајакнато Одделението за азил,миграција,бегалци, внатрешно раселени лица, лица со хуманитарна помош и лица повратници од реадмисија во рамките на Министерството за труд и социјална политика во текот на 2010 и 2011 година.

**СТРАНСКА ПОДРШКА:**

За подготовка на студијата за изводливост за развој на базата на податоци за странци, која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите, потребни се 18.000.000 (осумнаесет милиони) денари кои се обезбедени од странска помош, односно од страна на Норвешка.

### 3.24.2 АЗИЛ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Измените на Законот за азил и привремена заштита (“Сл. весник на РМ“ бр.49/03 и 66/07) со кои се воведе нова категорија на лица „под супсидијарна заштита„ на кои им се признава право на азил, стапија во сила во месец јули 2008 година. Со измените се изврши делумно усогласување со Директивата на Советот 2004/83/ЕС[19] од 29.04.2004 година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита (Службен весник на РМ бр. 142 од 10.11.2008 година) се овозможи на странката во II степен да поведе управен спор пред управен суд со што се обезбеди независност на жалбената постапка. Останатите измени се во насока на бришење на категоријата ``лице под хуманитарна заштита” како и востановување на правото на Владата на РМ да ја утврди листата на безбедна земја на потекло. Покрај наведеното, со измените нормативно се интервенира, а со цел терминолошко усогласување со одредбите на Законот за странците, Законот за вработување и работа на странци и Законот за социјална заштита.

Во собранбиска процедура е Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци со кој се врши терминолошко усогласување со измените на Законот за азил и привремена заштита, согласно кои, во оваа насока ќе бидат опфатени и лицата под супсидијарна заштита.

Министерот за внатрешни работи донесе Решение за изменување и дополнување на Решението за цените на обрасците што се применуваат во МВР со кое се утврдува висината на цената на образецот за лична карта за лице под супсидијарна заштита („Службен весник на РМ„ Бр.108/08).

Во насока на зајакнување на системот за интеграција на бегалци изготвена е Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија за периодот 2008-2015 и истата е усвоена од страна на Владата на РМ.

Министерството за труд и социјална политика донесе “Задолжителни инструкции за примена на Правилникот за определување на висината на правото на еднократна парична помош“ и “Задолжителни инструкции за определување на правото на парична помош потребна за обезбедување простории за домување“ со кои поблиску се определува постапувањето на Центрите за социјална работа кон барањата за користење на правото на еднократна парична помош и правото на парична помош потребна за обезбедување простории за домување.

Помеѓу Македонската Православна Црква - Хуманитарната организација Милосрдие, JRS-Brusel (Jesuit Refugee Service) и Министерството за труд и социјална политика склучен е Меморандум за соработка во насока на имплементација на интеграциониот процес на бегалци во Република Македонија. .

Министерството за внатрешни работи ги донесе упатствата за македонската полиција во поглед на постапување со барањата за азил и изврши ревизија на постоечката содржина на Информативниот леток/брошура за барателите на правото на азил, а во насока на усогласување со постојната законска регулатива, со што се стави вон сила Прирачникот за постапките за спроведување на Законот за азил и привремена заштита.

Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи отпочна со издавањето на:
- исправи на барателите на правото на азил, без притоа да наплаќа паричен надоместок за наведеното, а согласно меѓународните стандарди;
- лична карта за признаен бегалец и патна исправа за признаен бегалец;
- лична карта за лице под хуманитарна заштита. За последните два вида на исправи се наплаќа надоместок утврден со Решението за изменување и дополнување на решението за цените на обрасците што се употребуваат во МВР (Службен весник на РМ бр. 108/08).

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Национален акционен план на Република Македонија за миграција и азил.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Од 2007 година, Република Македонија ги превзема обврските спрема новите баратели на азил, така што на овие лица им беше обезбедено институционално сместување, на почетокот во Чичино Село, а од 05.06.2008 година во с.Визбегово-Скопје отворен и ставен во употреба “Прифатниот центар на баратели на право на азил“ кој е изграден со средства од

[19] Директивата на Советот 2004/83/ЕС од 29.04.2004 година за минималните стандарди за квалификувањето и статусот на државјаните на трети земји или лица без државјанство, како бегалци или лица на кои им е потребен поинаков облик на меѓународна заштита и за содржината на одобрената заштита

CARDS програмата 2002 година. Од одобрените 130.000 евра искористени беа околу 60.000,00 евра. Со досега набавената опрема создадени се минимум услови за непречено функционирање на установата. Остатокот од неопходната опрема за потребите на центарот ќе биде обезбедена од буџетски средства на МТСП. Со Прифатниот центар раководи Министерство за труд и социјална политика и моментално има 5 вработени.

Согласно реформскиот процес во МВР извршена е промена на организацијата и систематизацијата на Одделението за азил. Новата поставеност предвидува зголемување на бројот на извршители и поделба на нивните работни надлежности во согласност со новите политики за азил во ЕУ.
Со цел зајакнувањето на административните капацитети во Одделението за азил, со средства во висина од 112 000 денари од буџетот на Министерството за внатрешни работи, извршена е градежна реконструкција со што Одделението за азил физички е одвоено од соседната организациона единица и се овозможува добивање на затворен простор – чекална за странките.
Со средства од Владата на РМ, изработено, инсталирано и оперативно е софтверско решение "База на податоци за баратели на право на азил и признанени бегалци" во Одделението за азил при Министерство за внатрешни работи.

Министерството за внатрешни работи донесе План за обука на полициските службеници на Граничните премини, Секторите за внатрешни работи и Полициските станици од општа надлежност, во областа на зилот. Планот се имплементираше до крајот на 2008 година и опфати 130 полициски службеници.
Изготвен е Работен план за подготовка на проект за централната база на податоци за странци кои ќе опфатат азил, виза и миграција.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година ќе се врши понатамошно усогласување на Законот за азил и привремена заштита со Директивата на Советот 2004/83/ЕС од 29.04.2004 година како и усогласување со Директивата на Советот за минимум стандарди за постапки на државите членки за доделување и одземање на статус на бегалец, усвоена на 1 декември 2005 (2005/85/ЕС).

Од причина што измените на Законот за азил и привремена заштита (Сл.весник на Рм бр.142 /08) не содржат преодни одредби, во текот на месец февруари 2009 година Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи во координација со UNHCR ќе донесе насоки за признавање и продолжување на правото на азил заради супсидијарна заштита.

Заради понатамошно усогласување со директивата 2004/83 до крајот на февруари 2009 година ќе се изврши изменување и дополнување на ``Правилникот за образецот на барање за признавање на право на азил и начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и постапката за издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција`` со кои ќе се утврди формата и содржината на личната карта за лице под супсидијарна заштита.

По донесувањето на наведениот Правилник, министерството за внатрешни работи ќе донесе нови измени на Решението за изменување и дополнување на Решението за цените на обрасците што се употребуваат во МВР (Службен весник на РМ бр. 108/08), со кое ќе се утврди висината на образецот на личната карта за лице под супсидијарна заштита.

Со цел да се зајакне процесот на воведување на правни инструменти за гарантирање на правата на лицата со потреба од супсидијарна заштита во првата половина на 2009 година предвидено е донесување на Законот за социјална заштита.

Министерството за внатрешни работи ќе достави Предлог Листата на безбедна земја на потекло до Владата на РМ најкасно до крајот на февруари 2009 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на февруари 2009 година ќе се започне со издавање на личните карти за лица под супсидијарна заштита.

На почетокот од 2009 година ќе се формира Работна група во која ќе партиципаат членови од МВР, МТСП и UNHCR, а кои ќе работат на изготвување на измените и дополнувањата на Законот за азил и привремена заштита.

Кон крајот на првото тромесечие од 2009 година ќе се започне Проектот за развој на Централна база на податоци за странци која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите

До крајот на 2009 година ќе се формира Центар за интеграција, преку кој ќе се спроведува интеграција на бегалците во Република Македонија

Министерство за труд и социјална политика врз основа на склучени Меморандуми за соработка со невладиниот сектор ќе обезбеди едукатори, кои ќе извршат обука на лица кои ќе работат во Прифатниот центар.Обуката е предвидена да се реализира во континуитет заклучно до крајот на 2009 година. Исто така во овој дел се започнати активности за планирање и организирање на обука со Холандија и Данска.

Во насока на дооформување и кадровско зајакнување на институциите задолжени за спроведување на политиката на азил и миграција предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за азил во МВР во 2009 година.

Во првата половина на 2009 година ќе се изврши техничко доопремување на Прифатниот центар за баратели на азил, за што се обезбедени средства во буџетот на РМ во висина од 2.000.000,00 денари.

Прифатниот центар за баратели на право на азил ќе биде кадровски доекипиран до крајот на 2009 година, за кои се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија.

Се планира до крајот на првото тромесечие да се зголеми бројот на полициски службеници кои ќе бидат опфатени со Планот за обука на полициските службеници на Граничните премини, Секторите за внатрешни работи и Полициските станици од општа надлежност, во областа на азилот и тој да достигне до вкупно 200 полициски службеници.

Со цел зајакнувањето на административните капацитети во Одделението за азил, начелно е постигната согласност со UNHCR за донација на средства, односно опрема во вкупна вредност од околу 200.000,00 денари во првото тромесечие на 2009 година (аудио и фото опрема, информатичка технологија, 4 компјутери, 4 принтери, нагледен материјал, вклучувајки и обука ). Дел од ветенета опрема веќе е испорачана од страна на UNHCR, а притоа во тек е подготовка на Поддоговор за финасика поддршка и за 2009 година.

Надлежните министерства во првата половина на 2009 година ќе изготват Акционен план за имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Следење и хармонизација на националното законодавство согласно промените во обласата на азилот со законодавството на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
До крајот на првата половина од 2010 година ќе биде воспоставена Централната база на податоци за странци, која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите. За оваа цел обезбедени се средства од буџетот на МВР во висина од 30.000.000 (триесет милиони) денари.

Воедно, во рамките на Планот и организацијата на Проектот за развој на Централна база на податоци за странци во првата половина од 2010 предвидена е обука за крајните корисници на базата. По потреба, евентуалните дополнителни средства ќе бидат обезбедени од буџетот на РМ или по пат на странска помош.

Во насока на дооформување и кадровско зајакнување на институциите задолжени за спроведување на политиката на азил и миграција предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за азил во МВР.

Во насоки на унапредување на начинот на работа, континуирано ќе се продолжи со обуки за персоналот кој работи во Прифатниот Центар.

Ќе се изврши кадровско зајакнување на Одделението за азил,миграција,бегалци, внатрешно раселени лица, лица со хуманитарна помош и лица повратници од реадмисија во рамките на Министерството за труд и социјална политика планирано во текот на 2010 и 2011 година.

Континуирана имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци.

Министерството за труд и социјална политика ќе направи напори за целосно превземање на обврските во делот на грижата за лицата кои се под супсидијарна заштита, континуирано до крајот на 2011 година.

**СТРАНСКА ПОДРШКА**

За подготовка на студијата за изводливост за развој на базата на податоци за странци, која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите, потребни се 18.000.000 (осумнаесет милиони) денари кои се обезбедени од странска помош, односно од страна на Норвешка.

## 3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во првата половина на 2008 година Република Македонија еднострано беа укинати визите за Австралија, додека двострано се укинаа визите со Албанија и Израел. Беа склучени и неколку билатерални спогодби и тоа: Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за услови на заемни патувања на државјаните на Република Македонија и на Руската Федерација („Службен весник на РМ„ бр.119/08, во сила од 31.10.2008 година) и Спогодба меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка за олеснување на издавањето визи, а во финална фаза е постапката за склучување на слична спогодба и со Швајцарската Конфедерација. Во согласност со потпишаната Спогодба за визно олеснување со Европската унија, Република Македонија инициараше постапки за потпишување на таков вид Спогодби и со Велика Британија, Данска, Исланд и Ирска.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за странците[20] се изврши дополнување на законската регулатива која се однесува на прашањето за општите услови за влез на странец во Република Македонија. Тоа се однесува на уредувањето на можноста Владата на Република Македонија да одреди државјаните на одделни земји членки на Европската унија и потписнички на Шенгенски договор да може да влегуваат и излегуваат од Република Македонија и со важечка лична карта, доколку ги исполнуваат општите услови за влез на странец утврдени со одредбите на овој закон. Врз основа на овие дополнувања, Владата на Република Македонија на ден 29.09.2008 година ја донесе ``*Одлуката за овозможување влез во Република Македонија на државјани на земји членки на ЕУ и потписнички на шенгенски договор и со важечка лична карта*``[21]. Оваа одлука влезе во сила на 3 октомври 2008 година.

Република Македонија целосно го либерализира визниот режим со сите земји кои се наоѓаат на Белата листа на Европската Унија, односно за следните земји, специјални административни региони и субјекти и територијални власти непризнати како држави: Андора, Бразил, Брунеи, Чиле, Костарика, Еквадор, Гватемала, Хондурас, Мексико, Никарагва, Панама, Парагвај, Ел Салвадор, Сингапур, Јужна Кореја, Уругвај, Хонг Конг и Макао. Република Македонија ги укина визите за горенаведените држави за период од една година и доколку искуствата се позитивни, оваа мерка ќе продолжи да се спроведува и понатаму. Оваа одлука започна да се применува од 01.10.2008 година.

Истовремено, Владата на РМ овозможи секој странец кој поседува важечка Шенген Ц виза, да може да влезе во Република Македонија без да поседува македонска виза, но должината на престојот се лимитира со условите наведени во Шенген визата. Горенаведената Одлука не се однесува на национални визи издадени од Шенген земјите, односно Шенген визата треба да биде со важност за целата Шенген зона. Одлуката ќе се спроведува во период од една година, односно ќе важи до 01.10.2009 година, со можност истата да биде продолжена и во натамошниот период.

Во месец август 2008 година, Владата на Република Македонија на носители на патни исправи на Косово им овозможи влез во Република Македонија без виза.

Република Македонија, со новиот закон за странци, кој е во сила од 01.01.2008. го укина издавањето на визите на граничните премини, освен во исклучителни хуманитарни и вонредни случаи, вклучително и со република Албанија, со потпишувањето на Договорот за безвизен режим.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за Надворешни работи е надлежен орган за одлучување за издавање и издавањето на визите како и за спроведување на постапките при издавање на визи за влез во Р.Македонија. Во МНР спроведувањето на визната политика е во делокруг на активностите на Директоратот за конзуларни работи. Согласно новата систематизација Директоратот за конзуларни работи (со 25 вработени) се реструктуира на три организациони облици: Сектор за конзуларни работи и граници, Сектор за визен режим и Сектор за дијаспора.

[20] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за странците (Сл.весник на РМ бр.117/2008), се утврдуваат прецизни правни рамки за негова успешна практична имплементација, во делот кој се однесува на општите услови за влез на странец во Република Македонија, како и во делот кој се однесува на прашањата технички условени од гаранцијата на одредени документи која ја дава системот на Проектот ,,Нови лични документи``.

[21] Службен весник на Република Македонија, бр.123 од 02.10.2008 година

Во насока на кадровско дооекипирање на Визниот центар, до крајот на 2008 година во Визниот центар се вработени 10 лица од кои  двајца информатичари задолжени за одржување на системот. Новите стикери за виза се во употреба од 01.05.2008 година кога почнаа да се издаваат во сите ДКП-а на РМ, при што старите беа целосно повлечени. Процесот за востановување на новиот Визен центар и Н- ВИС во МНР, како еден од условите за отпочнување на процесот за целосна либерализација на ВР на РМ со ЕУ отпочна во февруари 2008 година, кога беше направено првото, пилот, поврзување на КВ на РМ во Солун, при што сукцесивно до 31.12.2008 година беа поврзани  35 ДКП-а.  Софтверот беше завршен до 31 август 2008 година и беше предаден во употреба. Се изврши обука на обучувачи на 16 вработени ангажирани во Визниот центар и Одделение за странци од МВР од причина што, по исклучок визи  се издаваат и на граничните премини. На корисниците на споменатата обука им беа издадени сертификати и истите се обучувачи на сите виза- агенти во ДКП-а на Република Македонија и на останатите субјекти во процесот на издавање на македонски визи за странци.

Воедно, заклучно со 31.12.2008 година со Визниот центар во МНР беа поврзани и  8-те најфреквентни гранични премини како  и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Визна либерализација**

На 1 јануари 2008 година стапи во сила *Спогодбата за олеснување на визниот режим меѓу РМ и ЕУ*, како преодна фаза кон воспоставување на безвизен режим за граѓаните на Р.Македонија. За следење на имплементацијата на Спогодбата формиран е Заеднички комитет кој заседава на редовна основа.

На 20 февруари 2008 година започна *Дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу РМ и Европската комисија*. Дијалогот се води врз основа на Патоказ (Roadmap) кој ги содржи техничките барања  (Блок 1-Безбедност на документи; Блок 2- Гранично управување, азил и миграција; Блок 3- Јавен ред и безбедност; Блок 4- Надворешни односи и фундаментални права) што треба да се исполнат за укинување на визниот режим на ЕУ кон Македонија.

На 28 ноември 2008 година ЕК објави *иницијален Извештај (Assessment) за исполнување на барањата од Патоказот,* каде констатира значителен напредок во спроведувањето на Патоказот од страна на Р.Македонија. Со објавувањето на иницијалниот извештај заврши првата фаза од дијалогот за визна либерализација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Отпочнување на активности за хармонизација на визните одредби со „црната листа“ на Европската Унија, кои се очекува да бидат завршени со влез на Република Македонија во Европската унија.

Во тек се активности за финализирање на конечниот текст на Упатство за работата на Визниот центар, кои се предвидува да бидат завршени до крајот на март  2009 година.

Се предвидува во првата половина на 2009 да се отпочнат преговори со Р. Бугарија за склучување на Спогодба за малограничен промет  на лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се зајакнат кадровските капацитети Секторот за визен режим и Секотрот за конзуларни работи во 2009 година.

Предвидена е обука на дипломатско конзуларниот персонал пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство.

Во 2009 година 6 ДКП-а ќе бидат поврзани со Визниот центар во МНР.

**Визна либерализација**

Во рамки на дијалогот за визна либерализација во првото тромесечие од 2009 година ќе бидат реализирани оценски мисиии за Блоковите 1, 2 и 3, и експертски состанок за Блок 4.  Со завршувањето на експертските мисии и состаноци ќе биде завршена втората фаза од процесот на визна либерализација, по што Македонија очекува да биде објавен завршниот извештај на ЕК и да биде иницирана правната процедура во Советот на ЕУ за визна либерализација кон РМ. Либерализацијата на визниот режим на ЕУ кон Македонија  се очекува да биде исполнета во  2009 година.

Иницирање на мерки и активности за либерализација на визниот режим со Велика Британија и Ирска.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Продолжување на активностите за хармонизација на визните одредби со „црната листа„ на Европската Унија, кои се очекува да бидат завршени со влез на Р. Македонија во Европската Унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се зајакнат кадровските капацитети на Визниот Центар вотекот на 2010 и 2011 година.

Континуирано спроведување на обуки на дипломатско конзуларниот персонал пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство.

**Визна либерализација**
Активности за воспоставување на взаемен безвизен режим на патување со Велика Британија и Ирска.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Визниот центар е финансиран со средства од Програмата КАРДС 2006 во износ од 1,2 милиони евра обезбедени преку Европската Агенција за реконструкција. Исто така, за адаптацијата на просториите на Визниот центар е обезбедена и донација од страна на Владата на Луксембург во износ од 250.000 евра.

Со посредство на Швајцарската Амбасада во Скопје обезбедена е швајцарска техничка и финансиска асистенција за изработка на 75.000 стикери за визи. Дополнителни 45.000 стикери беа отпечатени со средства од буџетот на РМ, со што за потребите на Визниот центар беа испечатени вкупно 120.000 стикери за визи, со што ќе се задоволат потребите за визи до крајот на 2009 година.

## 3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Донесени се Стандардни опрeративни процедури за надзор на државната граница во согласност со Шенгенскиот прирачник за гранични стражи и Прирачникот за полициско работење – Стандардизација на основните полициски процедури. Прирачникот содржи, покрај другите и процедури за профилирање на жртвите и сторителите на трговија со луѓе, откривање на лица кои користат фалсификувани документи, справување со илегални мигранти и откривање на други типови на прекуграничен криминал.

Со цел имплементација на Конвенцијата за полициска соработка во југоисточна Европа, потпишани се имплементациони протоколи со Република Србија и Република Албанија.

Во текот на 2008 отпочна постапка за склучување на Договор со FRONTEX, можност дадена со Регулативата на Советот (ЕК) 2007/2004.

Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦ ГУ) на 04.07.2008. го донесе Деловникот за работа, а во текот на август 2008 година донесени се четирите процесни правила[22].

Донесени се измени на Законот за царинската управа, со кој организацијата, управувањето и оддржувањето на граничните премини за патен сообраќај, се пренесува во надлежност на Царинската управа. Предвидените активности ќе се спроведуваат врз основа на Годишна програма која ќе се усвојува од страна на Владата на РМ.

Донесена е Стратегија за имплементација на Модел за анализа на ризик во Граничната полиција , Акционен план за имплементација на наведената Стратегија и Прирачник за методологијата за изработка на Анализа на ризик од областа на прекуграничниот криминал, организираниот прекуграничен криминал и илегалната миграција**.**

**Стратешки план:** Стратешки план на МВР 2008-2010 Јавна безбедност Потпрограма А.2 **-** Гранични работи и миграција и Стратешки план на МВР 2008-2010 Програма "Воспоставување и надоградување на информатичка и телекомуникациска инфраструктура" **-** Потпрограма Надградба на телекомуникациски системи-спроведување на проект Надградба на ТЕТРА-дигитално полициско радио

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

[22] Стандардни постапки со цел да се обезбеди оценување на релевантниот ризик при граничното управување, Постапка за преземање на мерки и активности на претставниците во НКЦ ГУ, Постапка за меѓусебна размена на информации меѓу институциите кои имаат надлежности во ИГУ и Правила за координација при мониторинг на ситуација на граница меѓу институциите кои имаат надлежности во ИГУ

Имплементацијата на Националната стратегија и Акциониот план за интегрирано гранично управување се во завршна фаза.

Заклучно со 31.12.2008 година согласно Планот за обуки на граничната полиција, спроведени се 74 различни обуки за припадници на граничната полиција. Секторот за гранични работи и миграција во периодот од 17.12.2007. до 30.05.2008. спроведе обуки за запознавање со содржината на новиот Правилник за начинот на вршење на полициските работи, со која обука беа опфатени 2356 припадници на граничната полиција.
Во рамките на ТВИНИНГ проектот "Развој на полициски образовен систем" спроведена е основна обука на полицаец, вклучувајќи и обука за гранично работење во центарот за обука при МВР во период од 01.12.2007 до 01.12.2008 и со истата се опфатени 90 полициски службеници.

Во тек е имплементацијата на Програма за антикорупциска обука која се однесува на вработените во организационите единици на МВР кои работат на издавање на патни исправи и визи за македонските државјани и за странци која започна на 29.10.2008, како и обуката во областа на азил и привремена заштита, која се однесува на вработените во дежурните служби на секторите за внатрешни работи, раководните работници во одделенија за илегална миграција и реадмисија, полициските станици и полициски одделенија за гранични работи за воздушен, патен и езерски сообраќај.

Инсталиран е систем на видео надзор на граничните премини, кој што овозможува заедничко користење на опремата од страна на полицијата и царината како и другите субјекти на ИГУ, преку НКЦГУ.

Во однос на поврзување на граничните премини со информатичкиот систем на Интерпол со што ќе се овозможи пристап до АСФ бази на податоци, извршено е поврзување на ГП Аеродром Скопје и е спроведена обука на вкупно 75 лица од повеќе гранични премини за работа со овој систем. Во тек е инсталирање на потребната опрема и на другите ГП како претпоставка за поврзување со информатичкиот систем на Интерпол
Формиран е Управен одбор за воспоставување на информатичкиот систем за интегрирано гранично управување и интегрално компјутерско поврзување на граничните премини со Брисел.

Добиена е донација од страна на ОБСЕ на три ВИСПЕК 2 апарати за откривање на фалсификувани документи, кои се инсталирани на три најфреквентни гранични премини: Табановце, Аеродром Скопје и Богородица.
Донесен е Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите ПС, со определување на фискалните импликации за потребната опрема и обезбедување на соодветните финансиски средства**.**

Започна со работа Дежурниот оперативен центар за гранично управување, кој во моментов оперативно е активен 24 часа во текот на денот.
Во НКЦ ГУ постојано се ангажирани и присутни по еден претставник на Министерството за финансии-Царинска управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство како и 10 претставници на МВР.
Заради зајакнување на меѓу-институционалната соработка на институциите вклучени во ИГУ, потпишани се сите меморандуми за соработка утврдени со Акциониот план за интегрираното гранично управување.[23]
EXIM системот е ставен во оперативна функција, согласно Уредбата за воспоставување и начинот на користење на информационен систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки (Сл.весник на РМ број 134/2008).

Владата на РМ ја усвои Информацијата за воспоставување на информатички систем на ИГУ со Концепт за измена на Концептот за реализација на проектот. Избран е најповолен понудувач за јавна набавка на софтер за интегрирано гранично управување.
Потпишана е Одлуката за избрани најповолни понудувачи по однос на ИП-комуникациската опрема и по однос на надградбата на постоечка SDH/PDH мрежа**.**
Во текот на 2008 година се спроведуваа активностите за изградба и реконструкција на граничните премини, во согласност со Програмата за гранични премини за 2008.година на ЈПССДП.
Моментално граничната полиција брои 2415 вработени.

[23] Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство, Министерство за финансии-Царинска управа, МВР и Дирекција за радијациона сигурност – потпишан во јуни 2007;
Меморандум за измена на Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за здравство, Министерство за финансии-Царинска управа, МВР и Дирекција за радијациона сигурност – потпишан во декември 2007;
Меморандум за измена на Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат) и МВР (Гранична полиција) – потпишан во декември 2007
Меморандум за разбирање помеѓу МФ-Царинската управа и Мин.за животна средина и просторно планирање – потпишан во јуни 2007;

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
На почетокот од 2009 година планирано е потпишување на Договор за соработка помеѓу Фронтекс и МВР на РМ.

Во насока на дополнително усогласување со Шенгенскиот граничен кодекс изготвен е Предлог на Закон за измена и дополнување на Законот за надзор на државната граница, кој е доставен на мислење до ресорните Министерства, како и до делегацијата на ЕК во РМ и се планира да биде донесен во првото тромесечие на 2009 година. Со предметниот закон се врши делумно усогласување со Шенгенскиот граничен код (32006R0562)[24]. Во еден дел Законот се усогласува со Регулативата (ЕС) 1931/2006 за правилата на локалниот граничен сообраќај на надворешните  на земјите членки на ЕУ и дополнување на одредбите на шенгенската конвенција.
Во таа насока ќе се донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на обезбедување на државната граница и на контрола на преминување на државната граница.

До 30.04.2009 година ќе се донесат двата подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница: Одлука за граничните премини, работното време, обемот на користење и категоризација на граничните премини и Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија

Ќе се изврши анализа на ЕУ Регулативата (ЕС) 2252/2004 за стандардите на безбедносни карактеристики и биометрика во патните исправи и патни документи издадени од земји-членки на ЕУ, по што ќе се утврди потребата за имплементација на наведената мерка.

Ќе се донесе нова Национална стратегија за развој на воспоставениот систем за интегрирано гранично управување и Акциски план за периодот 2009-2010. Наведената Стратегија ќе ги развива и унапреди следните области: понатамошно усогласување на националното законодавтсво со европските стандарди, зајакнување на капацитетите и промовирање на меѓу-агенциска соработка помеѓу институциите кои имаат надлежност во системот на ИГУ, изградба и реконструкција на граничните премини и надградување на инфраструктура и информатичко-техничка поддршка на системот.
Во првиот квартал на 2009 година ќе се изврши дополнување на Стратегијата за управување со човечки ресурси на МВР во делот кој ќе се однесува на развивање на раководните способности како и во делот на Граничната полиција.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на  2009 година  согласно НАП за ИГУ, ќе се работи на зајакнување на капациетот на НКЦГУ со цел негова целосна оперативност. По воспоставувањето на ИТ системот за ИГУ, покрај постоечките капацитети се планира формирање на нови организациони единици во делот на: координација и размена на информациите, анализа на ризик и поддршка и одржување на ИТ системот за ИГУ.

На почетокот од 2009 година ќе се стави во функција ИТ системот за ИГУ.

Заради подобрување на меѓусебната соработка, во наредниот период акцентот ќе биде ставен на имплементација на потпишаните меморандуми за разбирање помеѓу институциите кои имаат надлежност во ИГУ.

Во рамките на планираната сорабока со ФРОНТЕКС ќе се изврши анализа и усогласување на плановите и програмите за обука на граничната полиција, со стандардите на ЕУ во оваа област . Понатамошната обука ќе се спроведува согласно ревидираните и усогласените наставни програми. Согласно Договорот за соработка, Фронтекс и МВР ќе вршат размена на информации во врска со анализа на ризик, претставници на МВР ќе учествуваат во заедничките операции на Фронтекс, ќе се назначат полициски службеници на МВР за извршување на работи во контакт канцелариите поставени на надворешните граници на земјите членки на ЕУ. Исто така, се предвидува соработка во делот на заеднички операции координирани од Фронтекс и унапредување на оперативната интероперабилност.

До крајот на јуни 2009 година предвидено е изготвување на Шенгенскиот акционен план со кој ќе бидат разработени активностите за приближување кон  шенгенското законодавство (42000A0922(01), 31999D0435, 31999D0436, 32001R2424, 32001D0886, 32004R0871, 32005D0211 и 32005R1160).

Ќе се стави акцент на имплементација на активностите од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за имплементација на Модел на анализа на ризик во Гранична полиција. Во тек е изработка на Програма за обука на

[24] Регулатива (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2006 за основање на Кодекс на Заедницата за правила со кои се регулира движењето на луѓето преку границите (Шенгенски кодекс)

граничната полиција според која ќе се спроведуваат обуките на граничните полицајци во текот на 2009 година. Воедно предвидена е изработка на заедничка анализа на ризик на ниво на НКЦГУ.

Ќе се обезбедат финансиски средства за реализација на Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите ПС. Со Елаборатот е предвидена потреба од 1.673,950 евра за оваа намена. Елаборатот опфаќа и техничко зајакнување со соодветна опрема за проверка на документите.

До крајот на февруари 2009 година, се планира поврзување на уште три гранични премини со централната база на податоци, а во текот на 2009 година се планира целосно завршување на ИТ поврзување на граничните премини меѓусебно и поврзување со централната база на податоци

Операционализација на првата фаза на дигитално полициско радио ТЕТРА е во тек. Се очекува предвидените активности од оваа фаза со парцијален технички прием да завршат до крајот на февруари, а целосно до крајот на април 2009 година. Во рамките на ИПА 2008 предвидени се 14,760.000 денари за набавка на опрема за техничка поддршка на ТЕТРА.
Предвидено е целосно поврзување на граничните премини со информатичкиот систем на Интерпол, со што ќе се овозможи директен пристап до АСФ базите на податоци на Интерпол, како вид на второстепена контрола покрај првичната која се прави низ системот за контрола на патници и возила.

Ќе биде спроведена и обука на гранични полицајци за доследна примена на одлуките согласно кои се овозможува влез на носители на Шенген визи. Оваа активност опфаќа спроведување на континуирани обуки за откривање на фалсификувани документи во кои ќе бидат вклучени сите полициски службеници за пасошка контрола на граничните премини, односно 670 припадници на граничната полиција. Наведените обуки се предвидени во Наставната програма за напредни и специјални обуки за граничната полиција за 2009 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Донесување на подзаконскиот акт од Законот за надзор на државната граница за начинот на преминување на внатрешната граница кој ќе се донесе по влегување на РМ во Европската унија.

Донесување на Стандардни процедури за координација на активности од првата фаза во меѓународната соработка при гранично управување, што се планира по формирање на координативни центри за гранично управување во соседните држави во регионот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Целосна оперативност на дигитален радио-систем ТЕТРА, со што ќе се заокружи информатичко-технолошка структура на ИГУ. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се вкупно 5,2 милиони евра за оваа намена, од кои Р Македонија ќе учествува со 0,4 милиони евра по основ на кофинансирање.

Техничко опремување на граничните премини и полициските станици-согласно Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите ПС.

Продолжување на активности со цел реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се 2,4 милиони евра за реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница, од кои 1,25 милиони евра ќе бидат средства на Р Македонија по основ на кофинансирање. Предвидено е со реконструкцијата да бидат опфатени полициските станици кон Србија, Косово и Албанија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Реализирани проекти
- Проект на КАРДС 2004 „Развој на оперативните капацитети на гранична полиција" во траење од 01.05.2007. до 31.12.2008. во вредност од 1.429.500,00 евра

<u>Тековни проекти:</u>
- Кредитот од Светска банка доделен на ЈПССДП наменет за Граничен премин Долно Блаце е одобрен и треба да започне во текот на 2009 година. Висина на кредитот изнесува 120.000.000,00 денари.

<u>Планирани проекти</u>:

- Реконструкција на ПС за обезбедување на државната граница кон Србија, Косово и Албанија, со почеток од 15.10.2008. до 01.09.2010. со вкупна вредност од 1.600.000,00 евра од кои 1.200.000,00 евра странска помош и 400.000 евра кофинансирање.
- Надградба на дигитален радио-комуникациски систем ТЕТРА, со почеток од 15.10.2008. до 30.04.2011. со вкупна вредност од 9.330.000,00 евра од кои 7.000.000,00 евра странска помош и 2,330.000,00 евра кофинансирање.

## 3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 беа усвоени: Закон за ратификација на Конвенцијата од 29 мај 1993 година за заштита на децата и соработка во областа на меѓународното посвојување („Службен весник на РМ„ бр. 103/08), Закон за ратификација на Хашката Конвенцијата од 18 март 1970 година во врска со собирањето докази во странство при граѓански и трговски предмети („Службен весник на РМ„ бр. 140/08), Закон за ратификација на Хашка Конвенција од 15 ноември 1965 година за доставување во странство на судски и вон-судски документи во граѓански и стопански предмети („Службен весник на РМ„ бр. 107/08) и Закон за ратификација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на лични податоци во врска со надзорните тела и прекуграничен пренос на податоци податоци од ноември 1981 година („Службен весник на РМ„ бр. 103/08).

Законот за дополнување на Законот за ратификација на вториот дополнителен протокол на Конвенциајта за меѓусебна правна помош во кривичната материја (во кој се дадени 1 резерва и 7 изјави) е донесен на 1 август 2008 година („Службен весник на РМ„ бр. 103/2008)[25]. Националното законодавство е усогласено со овој протокол.

Собранието на РМ го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ„ бр. 103/08).

Потпишан е Протокол за правна и судска соработка помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правда на Република Црна Гора.

На 28.11.2008 потпишан е Договор за соработка меѓу Република Македонија и EUROJUST во Брисел. Во тек е постапка за ратификација на Договорот од страна на Собранието на Република Македонија со што истиот ќе стапи на сила. Договорот претставува највисока форма на соработка помеѓу Европравда (Eurojust) и земја која не е членка на ЕУ.

Република Македонија ги има ратификувано сите конвенции и протоколи на Советот на Европа кои се однесуваат на меѓународната правна помош, екстрадицијата и трансферот, а националното законодавство е претходно усогласено. При постапувањето по предметите од оваа област се применува Законот за кривичната постапка и ратификуваните меѓународни документи, а со државите кои не се страни на овие конвенции се склучуваат билатерални договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда постапува по предметите кои се однесувааат на целокупната правна помош во кривичната и граѓанската материја. Од предвидените 19 работни места во 2008 година пополнети се 13.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Стратегија за реформа на казнено право 2007. Усвоената Стратегија опфаќа два сегмента: реформа на казненото процесно право и реформа на казненото материјално право.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе Законот за меѓународна правна помош во кривичната материја. Со законот ќе се овозможи поефикасно имплементирање на Европската конвенција за правна помош во кривичната материја со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за екстрадиција со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за трансфер на осудени лица со дополнителниот протокол и Европската конвенција за пренос на казнените постапки.
Ќе се изврши ратификацијата на Хашката Конвенција од 19 октомври 1996 година во врска со надлежноста, важечкото право, признавањето, спроведувањето и соработката во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата

[25] Законот за ратификација на Вториот дополнителен протокол на Конвенцијата за меѓусебна правна помош во кривичната материја Собранието на РМ го донесе на 24 јуни 2003 година („Службен весник на РМ„ бр. 44/03).

Ќе се врши анализа за усогласеноста на Законот за меѓународно приватно право со прописите на ЕУ.
Ќе се изврши анализа на Одлуката на Советот 2005/876/JHA од 21 ноември 2005 на размената на информации од криминалните досиеа.

Предвидена е и анализа на Европската Конвенција од Стразбур 15 мај 2003 за контакт со деца (CETS 192) и потребите од нејзино усогласување со националното законодавство.

Во насока на унапредување на правната рамка за билатерална соработка, во првиот квартал на 2009 година ќе се потпишат Протокол за правна и судска соработка помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правосудство на Босна и Херцеговина и Протокол за правна и судска соработка помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правосудство на Република Словенија.

До крајот на 2009 година ќе се донесе заедничка Декларација помеѓу Министерството за Правда на Република Македонија и Сојузната служба за Правда на Швајцарија за интензивирање на соработката во насока на унапредување на кривично правната соработка помеѓу двете држави.

Во текот на 2009 година предвидено е потпишување на Договор за судска соработка помеѓу Република Македонија и Република Италија во кривични предмети како и Договор за правна помош во граѓанските и кривичните предмети меѓу РМ и Република Кина.

Предвидено е Покренување на иницијативи за потпишување на Договори за правна помош во граѓанските и кривичните предмети меѓу Република Македонија и Канада, САД и Кина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Почнувајќи од 01.04.2009 ќе започне имплементацијата на Вториот Дополнителен Протокол на Европската Конвенција за меѓусебна помош во кривична материја.

По стапување на сила на Договорот за соработка со EUROJUST , ќе се номинираат контакт лица од надлежните институции од РМ (Јавно обвинителство, Министерство за правда и/или Основниот Суд Скопје 1 Скопје) преку кои ќе се обезбедува директна судска соработка во кривичната материја помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Од областа на граѓанската материја во насока на континуирана едукација на вработените во Секторот за меѓународна правна помош и судиите кои го применуваат Законот за меѓународно приватно право, се предвидува работилница за признавање и извршување на странски судски одлуки, како и работилница за меѓународна правна помош. На овие работилници се предвидува присуство и на претставници од Министерството за труд и социјална политика, Адвокатска комора , извршителите и други.

Предвидено е зајакнување на кадровските капацитети во Секторот за меѓународна правна помош ( види поглавје 23 подетално за вработување).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2010 година се предвидуваат измени и дополнувања на Законот за меѓународно приватно право, во насока на надминување на евентуални недостатоци кои ќе се утврдат при примената на законот во пракса.

Во насока на унапредување на меѓусебната судска соработка на билатерален план, се предвидува покренување на иницијатива за склучување на договори во граѓанската материја меѓу Република Македонија и Република Словачка, како и меѓу Република Македонија и Република Чешка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за правда, судовите и јавните обвинителства имаат потреба од организирање на работилници и семинари со домашни и странски експерти за примена на конвенциите од кривичната и граѓанската материја, особено за примена на Конвенцијата од 10 март 1995 за поедноставена постапка за екстрадиција меѓу земјите членки на ЕУ, примена на Европскиот налог за апсење и Европска судска мрежа ), Европските конвенции за мегународна правна помош во кривичната материја, за екстрадиција, за трансфер, за пренос на канени постапки, како и за домашното законодавство, и тоа Законот за меѓународно приватно право и сл.

## 3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**
Делот за реформа на полиција е опфатен во Политички критериуми.

Донесени се измените на Кривичниот законик, наменети за хармонизирање на националното казнено законодавство со меѓународните стандарди за кривичните дела трговија со луѓе, тероризам и финансирање теророзам, детска порнографија, компјутерски криминал, авторски права, бесправно градење, како и јакнење на казнената политика кога се пропишуваат казни за кривичните дела за за овие облици на организиран криминал.

Усвоени се измени на Законот за кривична постапка, кои се однесуваат на усогласување со меѓународното и европското право во делот на заштита на правата на малолетниците кои се јавуваат како сведоци во постапката, како и на борбата против тероризам. Измените се однесуваат и на употребата на специјални истражни мерки.

Усвоени се измени на Законот за следење на комуникациите, со кои се утврдува правото на судот да нареди следење на комуникациите кога постојат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е сторено кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, како и заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии. досега спроведени се вкупно 9 наредби за електронско следење на комуникации, од кои 4 се согласно измените од септември 2008 година.

Со последните измени на Законот за оружје („Службен весник на РМ„ бр.86/08) се надминаа отворените прашања, кои се наметнаа во процесот на практичната примена на Законот односно се заострува политиката во однос на прашањето на практично оспособување за ракување со оружје на физичките лица. Согласно измените, во сите 8 Сектори за внатрешни работи формирани се Комисии за давање одобрение за набавка на оружје.

Со измените на Законот за семејство се воведе нова глава „старателство на малолетни лица-жртви на трговија со луѓе, а со измените на Законот за заштита на децата се обезбеди усогласување со Конвенцијата на ОН за заштита на децата, односно заштита на децата од нелегална трговија и експлоатација. .

Владата на Република Македонија усвои Акциски план за имплементација на Стратешкиот договор и започнување на преговори за потпишување на Оперативен договор со Европол. Беа потпишани Road map План за идни активности и насоки за постапување до конечно потпишување Оперативен договор со ЕВРОПОЛ и Меморандум за разбирање заради воспоставување на безбедна комуникациска врска меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и ЕВРОПОЛ.

Со цел имплементација на Конвенцијата за полициска соработка во југоисточна Европа, во текот на февруари 2008 година потпишани се имплементациони протоколи. (Повеќе во делот 3.24.4. Надворешни граници и граници на Шенген-заоната)

Во однос на борбата против меѓународниот организиран криминал, склучени се 3 договори за полициска соработка и борба против организиран криминал со Министерствата за внатрешни работи на Австрија, Босна и Херцеговина и Полска.

Усвоени се Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе кои се воспоставуваат со цел да се обезбеди помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе, преку еден сеопфатен приод заснован врз човековите права на жртвите.

Во рамките на активностите на Управата за финансиска полиција, согласно Законот за финансиска полиција донесени се Правилник за платите, надоместоците и другите примања на вработените во Управата за финансиска полиција, Правилник за систематизација на Управата за финансиска полиција, Правилник за организација на Управата, Правилник за формата и содржината на службената легитимација и форма на значка на Финансиската полиција, Правилник за службена униформа на Управата за финансиска полиција.

На 28 ноември 2008 година, потпишан е договор за соработка меѓу Владата на Република Македонија и EUROJUST.

Во однос на воспоставената База на податоци во Секторот за криминалистичко разузнавање изготвени се следните акти: Упатство за користење на разузнавачката база на податоци од Секторот, Правилник за користење на криминалистичкото разузнавање како метод на полициско работење во Бирото за јавна безбедност, како и Правилник за водење на криминалистички истраги.
На преговорите за дефинирање на SELEC во текот на 2008 година се оддржаа 6 средби на кои учествуваа по еден претстввник од МВР и од МНР на Република Македонија.

Одделението за заштита на сведоци потпиша мултилатерален регионален договор меѓу Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Република Македонија. Со договорот меѓу Република Македонија и Сојузното Министерство за внатрешни работи на Австрија предвидена е соработка во обласа за заштита на сведоци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Акцискиот план за трансформација на подрачните полициски служби Работните подргупи надлежни за распределба на материјалните ресурси изготвија Елаборати за материјално техничка опременост, односно утврдување на минимум стандарди за просторно сместување, потребни превозни средства, периферна информатичка и телекомуникациска опрема, уреди за надзор на сообраќајот, како и опрема за крим-технички увиди.

Секторот за меѓународна полициска соработка се издвои како посебен Сектор во рамки на Централните Полициски Служби, Во рамките на Секторот формирано е Одделение за Европол, а Одделението за техничка поддршка е трансформирано во Одделение за администрација и дежурна служба, со цел исполнување на стандардот за работа 24/7.

Во рамките на Бирото за јавна безбедност се формира нова организациона единица Сектор за полиција, во кој се опфатени Сектор за јавен ред и мир, Секторот за сообраќајни работи, Единицата за резервен состав и Дежурниот центар за состојба.

Извршена е промена на организационата поставеност на организационите единици во рамки на Одделот за организиран криминал. Имено, Одделот е поделен на: Единица за борба против перење пари и организиран економски криминал; Единица за борба против корупцијата; Единица за борба против компјутерски криминал; Единица за борба против недозволена трговија со дрога и оружје; Единица за борба против насилен и сериосен криминал; Единица за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти; Сектор за криминалистичко-разузнавачка анализа; Сектор за специјални истражни мерки; Сектор за криминалистичко разузнавање; Одделение за информатичка технологија.

Согласно Актот за систематизација на работните места во МВР извршена е редукција на бројот на работните места во Секторот за криминализтичко разузнавање од 103 на 96.

Примени се двајца приправници информатичари во Единицата за борба против компјутерски криминал и моментално во Единицата има вкупно 6 вработени. Воедно, извршено е проширување на организационата поставеност и дефинирање на конкретни надлежности, односно Единицата ќе се фокусира на спроведување криминалистички истраги, спречување, откривање, документирање и пријавување сторители на кривични дела за компјутерски криминал, детска порнографија и кривични дела против интелектуалната сопственост со елементи на организиран криминал.

Одделението за заштита на сведоци моментално има доволна кадровска екипираност. За прв пат, Одделението имаше сопствен буџет за 2008 година.. Набавени се 3 моторни возила за потребите на Одделението. Спроведена е процесна и вон процесна постапка за 5 случаи со 14 заштитени сведоци.

Во рамките на Секторот за криминалистичко разузнавање воспоставена е База на податоци (информации добиени од прикриени човечки извори), а во тек е материјално техничко обезбедување и опремување на криминалистичко разузнавачките единици во Одделот за организиран криминал.

Одделот за организиран криминал при МВР согласно Законот за кривична постапка и Законот за следење на комуникациите спроведува посебни истражни мерки меѓу кои и следење на комуникациите, за што во ООК поточно во Секторот за специјални истражни мерки постои Одделение за електронско следење на комуникациите кое е во фаза на кадровско и материјално-техничко екипирање.

.

Во насока на воспоставување на Национална разузнавачка база на податоци усвоен е План на активности и Акциски План и донесена е Одлука за формирање Управен одбор за Проектот. Управниот одбор го усвои Документот за иницирање на проектот и првата верзија на физибилити студија.

Во делот на борба против трговија со луѓе формирана е меѓуресорска работна група со цел ревизија и изготвување нов НАП за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2009-2012.

Во насока на спроведувањето на одредбите од Меморандумот за соработка во борбата против организираниот криминал и останатите форми на криминал помеѓу Министерство за финансии и МВР повеќе институции (Управа за јавни приходи, Царинска управа, Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам, Финансиска полиција и МВР) номинираа офицери за врска со што соработката меѓу овие институции значително се подобри.

Во рамките на TAIEX беа реализирани обуки во соработка со Сојузното Министерство за внатрешни работи на Австрија; Во рамките на програмата ICITAP, во Тирана извршена е заедничка обука со колеги од службата за заштита на сведоци на Република Албанија; Спроведена е обука за работа со сведоци жртви од трговија со луѓе, под покровителство на IOM, UNDOC и OSCE. Спроведена е обука за спречување на детска порнографија преку интернет на вработени во Одделение за компјутерски криминал и фалсификати.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Акцискиот план за воспоставување Национална разузнавачка база на податоци предвидено е донесување на Закон за размена на информации преку создавање национална база на податоци.

Ќе се изврши доусогласување на Кривичниот закон со Рамковната одлука на Советот 2001/413 JHA од 28.05.2001 за „Борба против измена и фалсификување на безготовински платежни средста", OJ L 149 од 02.06.200, p.1 како и на Конвенцијата за компјутерски криминал и дополнителниот Протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал, за инкриминација на дела од расистички и ксенофобички вид по пат на информатички системи.

Заради стандардизирање на процедурите на ДНК ќе се изврши хармонизација на Резолуцијата на Советот од 9 јуни 1997 година за размена на резултати од анализи на ДНК (97/C 193/02) и Резолуцијата на Советот од 25 јуни 2001 година за размена на резултати од анализи на ДНК (2001/C 187/01) со изготвување на законска и подзаконска регулатива во која ке бидат инкорпорирани решенијата од предметните ЕУ мерки.

Отпочнат е процесот на ратификација на Конвенцијата на Совет на Европа за борба против трговијата со луѓе и се планира да заврши во првиот квартал на 2009 година.

Предвидено е донесување на Упатство за ракување со документи и акти во единиците за криминалистичко разузнавање.

Се очекува да продолжи процесот на потпишување на имплементационите договори со останатите потписници на Конвенција за полициска соработка.

Во тек е избор на правни лица за обука за ракување со оружје и формирање на Комисија на МВР, пред која ќе се полага стручен испит за ракување со оружје, со што Законот за оружје ќе се спроведува во целост.

Согласно предвидената динамика, во мај 2009 година ќе се оддржи последната средба на преговорите во однос на трансформација на SECI иницијативата во SELEC, со што процесот ќе се заокружи.

Управата за финансиска полиција за првата половина од 2009 година има предвидено донесување на следните акти: Правилник за мерките за обезбедување на простории при започнат претрес со ставање пломба и други обележја на Финансиска полиција; Правилник за начинот на употреба на симболот на Финансиската полиција; Правилник за начинот и постапката на оценување на работењето на финансиските полицајци; Правилник за начинот и постапката за проверка на работните способности за вработување во Финансиската полиција; Кодекс на однесување на Финансиската полиција;Правилник за криминиластичко-тактички мерки; Правилник за употребата на техничката опрема..

Во насока на успешно спроведување на Законот за следење на комуникации, Секторот за специјални истражни техники има предвидено донесување на:
- Упатство за начинот на постапката за избор на Полициски службеници надлежни за спроведување на посебни истражни мерки, електронско следење на комуникации.
- Правилник за начинот на чување податоци собрани со следење на комуникации, со кој ќе се доуреди чувањето и ништењето на податоци, целокупната постапка за изготвување предлог налог за следење.
- Упатство за примена на оперативно-технички средства при електронско набљудување

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно Акцискиот план за развивање на Национална разузнавачка база на податоци (НРБП) , во текот на 2009 година предвидено е изготвување на Втората, Третата, Четвртата и Финалната верзија од Студијата на изводливост, по што ќе следи подготвувањето на тендерското досие за воспоставување на Национална разузнавачка база на податоци, како и постапка за изнаоѓање најдобар изведувач на активностите. За спроведување на наведените активности,предвидено е Министерството за внатрешни работи да обезбеди 5.605.000 евра.

Во текот на **2009** година од страна на Одделението за Европол ќе се преземат активности во насока на реализирање на потпишаниот План за идни активности, со кој е предвидено реализирање на **четири основни цели** и тоа: Склучување на Оперативен договор со Европол (размена на лични податоци); Олеснување на протокот на информации помеѓу ЕВРОПОЛ и надлежните власти во Република Македонија преку НКТ (безбедна комуникациска врска); Обезбедување на потребни средства за Одделението за Европол за да може да делува како посредник помеѓу ЕВРОПОЛ и надлежните органи во Република Македонија; Кадровско доекипирање; како и продолжување со активностите за зголемување на свесноста за ЕВРОПОЛ во Република Македонија

На почетокот од 2009 година предвидена е изработка на техничка спецификација на воспоставената База на податоци за Секторот за криминалистичко разузнавање, во рамките на Одделот за организиран криминал. Ќе се реализираат и обуки за вработените во Секторот за криминалистичко разузнавање и во Секторот за криминалисточко разузнавачка анализа, за ИТ вештини за користење на разузнавачка база на податоци. Предвидено е изготвување на Правилникот за користење на криминалистичко разузнавачка база на податоци во почеток на 2009 година.

Во текот на 2009 година ќе биде воспоставена база за криминалистички истраги за сериозен и организиран криминал.
Одделот за организиран криминал ќе воспостави информатичка заштита. Предвидено е и континуирано материјално техничко опремување на криминалистичко разузнавачките единици во рамки на Оддел за организиран криминал.

Во текот на 2009 ќе се преземат активности во насока на надминување на проблемот со просторното сместување на Одделението за заштита на сведоци, согласно Стратегијата за имплементација на Законот за заштита на сведоци.
.
Секторот за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти во 2009 година ќе продолжи со имплементација на Националниот акционен план и Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви од трговија со луѓе на локално ниво на владини и невладини институции. Воедно, Секторот ќе продолжи со проактивниот пристап во водењето на криминалистички истраги преку профилирање на криминални групи, со што се зголемува успешноста при идентификацијата на жртви.

Активно ќе се работи на континуирано подигнување на јавната свест и информираност за постоењето и потребата од *спречување на трговијата со луѓе*,. Планирано е организирање на едукативни активности за јакнење на капацитетите на стручните работници од разни профили и институции за спречување на трговијата со луѓе и за постапување со жртвите на трговија со луѓе, т.е. нивно прифаќање и упатување.

Во 2009 година ќе биде ставен во функција *единствен систем за евиденција на жртвите на трговија со луѓе*, државјани на РМ и странски државјани.

Предвидено е кадровско зајакнување во организационите единици на Одделот за организиран криминал, и тоа: во Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа, во Секторот за криминалистичко разузнавање и во Единицата за борба против корупција. Исто така се планира кадровско зајакнување на Одделот за криминалистичка техника и на Секторот за специјални истражни техники (вклучувајќи го и Одделението за електронско набљудување).

Предвидено е техничко доопремување на Секторот за специјални истражни техники како и обуки на вработените, за што се обезбедени потребните финансиски средства во буџетот на МВР.

Планирано е кадровско доекипирање на Единицата за борба против компјутерски криминал.,.Воедно, предвидено е доопремување со соодветна техничка опрема. За таа цел предвидени се соодветни буџетски средства, како и обуки во рамките на ИПА Проект за поддршка на развој на полиција.

За потребите на борбата против организираниот криминал, во рамките на буџетот на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија се обезбедени 57.340.000 денари. Поединечно овие средства ќе бидат искористени за: Набавка на канцелариска опрема; Набавка на информатичка и видео опрема, Набавка на моторни возила, како и набавка на друга опрема.

Предвидено е и кадровско зајакнување на Управата за финансиска полиција во текот на 2009 година.

Ќе започне со реализација проектот „Видео надзор-Безбеден град„ со кој ќе се обезбеди визуелно покритие врз Скопје. За оваа цел ќе биде потребно да се обезбедат вкупно 1.084.943.343 денари, средства кои треба да ги покрие МВР.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Целосно ќе се реализира Проектот за воспоставување Национална разузнавачка база на податоци. Воспоставување на оперативна информатичка поврзаност на базите на податоци меѓу институциите носители на активностите во спречувањето и борбата против организираниот криминал

Развој на интегрирано криминалистичко разузнавање, врз основа на анализа на ефектите од практичната примена на криминалистичко-разузнавачкиот метод во полициското работење.

Ќе се реализираат планираните активности во насока на имплементација на Стандардните Оперативни Процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе

Заради јакнење на капацитетите на Одделот за организиран криминал ќе се продолжи со континуирана обука на извршителите, како и со , како и со со материјално-техничкото доопремување.

.
Во втората половина на 2010 година е предвидено воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци и нејзина целосна функционалност. За таа цел од буџетот на МВР ќе бидат обезбедени 867.000 евра за 2010 година, а за 2011 година 700.000 евра.

Покрај соработката со институциите во државата, Управата за финансиска полиција во наредниот период ќе воспостави интензивна меѓународна соработка со органи и организации членки на Европската унија и други земји, а ќе се работи на имплементација на постојниот систем на размена на податоци помеѓу членки на Европол, Интерпол, ОЛАФ и други институции од таков карактер. Во Управата за Финансиска полиција се предвидуваат дополнителни вработувања во текот на 2010 и 2011 година.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Во рамките на КАРДС програмата за 2006 предвидена е реконструкција на простории за задржување во полициските станици од општа надлежност. Во комуникација помеѓу МВР и ЕАР, идентификувани се следните ПС кои ќе бидат опфатени со овој проект: Кисела Вода, Куманово, Тетово и Чаир. Дополнително е договорено да се изврши целосна реконструкција на наведените ПС. Проектот е во фаза на имплементација и од страна на ангажираниот консултатнт, моментално се врши изработка на тендерска документација. За реализација на наведениот проект, предвидени се 750.000 евра од КАРДС програмата и 1.600.000 од ИПА во кои спаѓаат 400.000 евра обезбедени со буџетот на МВР.

Во ноември 2007 година успешно заврши ја два проекта за поддршка на реформата во полицијата, и тоа: Советодавна поддршка на реформата во полиција (во соработка со Сојузната Германска Покраина Бранденбург) и Поддршка за локална имплементација на реформите на полицијата (во соработка со Република Франција). Во рамките на процесот на реформа во полицијата, беше реализиран Сервисен проект за развивање на оперативните капацитети на Граничната полиција (во соработка со Унгарија и Словенија).

Во рамките на програмата "Реформа на полицијата", која е предвидена со Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2008-2010, на 19 мај 2008 година започна со реализација ИПА Проект за поддршка на развој на полиција, со времетраење од 24 месеци, а неговата реализација изнесува 7 740 000 евра. Истиот го спроведува CIVIPOL, агенција на Министерството за внатрешни работи на Република Франција, а Проектот има за цел да даде поддршка на сите компоненти во Министерството за внатрешни работи на стратешко, тактичко и оперативно ниво во имплементацијата на Стратегијата за реформа во полиција, да дава совети и корективни мерки онаму каде што е потребно, се со цел да се воспостават најдобрите пракси и искуства во согласност со меѓународните и потребните европски стандарди што државата настојува да ги постигне.

Секторот за борба против трговија со луѓе, при Одделот за организиран криминал активно е вклучен во повеќе регионални и меѓународни иницијативи и проекти: ЕК Проект, ИЛАЕИРА – Атина, чија цел е зајакнување на капацитетите во Европската унија во делот на борбата против трговијата со луѓе, посебно за прекуграничната соработка во Југоисточна Европа; назначување Национални контакт точки и утврдување начини за соработка во идентификацијата на жртвите и гонење на сторители на кривични дела трговија со луѓе; Проектот ОБСЕ „Сојуз во борбата против трговија со луѓе„ кој преку заеднички семинари и размена на искуства има за цел зајакнување на заедничките капацитети на агенциите надлежни за спроведување на законот во делот на борба против трговија со луѓе; Проектот на ИЦМПД „Транснационален реферален механизам за жртви од трговијата со луѓе меѓу земјите на потекло и дестинација„ заедно со Италија, Република Чешка, Унгарија, Португалија, Бугарија и Романија.

Министерството за труд и социјална политика доби донација од ИСМПД - софтвер за воспоставување на база на податоци за жртвите на трговија со луѓе во Република Македонија.

Од страна на Мисијата на ОБСЕ и во 2009 година ќе продолжи со поддршка на Канцеларијата на националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, со обука на професионалците од центрите за социјална работа за постапување со жртви на трговија со луѓе.

## 3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ.„ бр.07/08) и Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен весник на РМ.„ бр.04/08) ја заокружи правната рамка за санкционирање на сите современи облици на тероризам и ја надмина правната празнина во поглед на санкционирањето на кривичното дело "Финансирање на тероризам". Со измените во кривично правната регулатива се изврши усогласување со Рамковната одука за борба против тероризмот на Советот на Европа од јуни 2002, Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризмот и Меѓународната конвенција за спречување на финансирање на тероризам. Од друга страна со Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам се изврши усогласување на регулативата со Конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена од кривично дело и финансирање на тероризам (2005), со која се изменува и дополнува Стразбуршката конвенција (1990), Третата Директива на Европската Унија за спречување на користењето на финансискиот систем со цел за перење пари и финансирање на тероризам (2005) и Препораките на ФАФТ за спречување на финансирање на тероризам.

Беа донесени измени на Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ„ бр.83/08) во делот на условите за примена на посебните истражни мерки, а беше донесен и Законот за измена и дополнување на Законот за следење на комуникации („Службен весник на РМ. Бр.110/08) со кој е воспоставен значаен законски механизам и во делот на превенцијата од терористичко дејствување и терористички закани.

Министерството за внатрешни работи донесе Упатство за антитерористичка заштита на објекти.

Со потпишувањето на договорот за соработка со EUROJUST на 28.11.2008, година се овозможи имплементирање на одлуката на Советот (32005D0671) од 20 септември 2005 година, во врска со размена на податоци за гонење и осудување во однос на кривичните дела на тероризам.

### СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Изготвена е програмата „Национална безбедност и борба против тероризам„ чија цел е продолжување и интензивирање на активностите на меѓународен план на Управата за безбедност и контраразузнавање како активен чинител на борбата на меѓународната заедница против тероризмот. Наведената програма е составен дел од Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2009-2011.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Надлежни институции за преземање на мерки за борба против тероризмот се: Министерството за внатрешни работи (Управа за безбедност и контраразузнавање и Специјални сили – Единица за специјални задачи и Единицата за брзо распоредување), Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана (Воена служба за безбедност и разузнавање), Министерството за правда, Министерството за финансии (Финансиска полиција, Царинска управа, Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам., Народна банка на Република Македонија), Агенцијата за разузнавање и во Јавното обвинителство на Република Македонија - Одделението за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, како и Меѓуресорско координативно тело за координирање на активностите во борбата против меѓународниот тероризам.

Согласно Законот за внатрешни работи и Законот за Агенцијата за разузнавање, Собранието на Република Македонија врши контрола и надзор над работита и активностите безбедносните и разузнавачките служби и агенции преку Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање. Комисијата еднаш годишно доставува извештај за работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, до Собранието на Република Македонија. Соработката и координацијата на Управата за безбедност и контраразунавање и Агенцијата за разузнавање и Воената служба за безбедност и разузнавање се одвива континуирано преку заеднички состаноци, размена на информации и изготвување на заеднички разузнавачки документи за безбедносните состојби во државата и регионот.

Безбедносните служби и агенции на Република Македонија остваруваат континуирана добра соработка со NOS (НАТО Канцеларија за безбедност), ILU (Разузнавачка единица за врски) и TTIU (Разузнавачка Единица за терористички закани).

Во текот на 2008 година во повеќе наврати беше остварена директна комуникација и одржани заеднички средби со разузнавачките служби од земјите членки на НАТО, и земјите членки на Јадранската Повелба. Безбедносните служби на Република Македонија, го интензивираа и унапредија нивото на соработка и размена на разузнавачки информации со земјите членки на Европската унија и со државите во регионот на билатерален и на мултилатерален план како и со меѓународните организации ООН, ОБСЕ, Совет на Европа.

На мултилатерално ниво Управата за безбедност и контраразузнавање е постојана членка на Конференцијата на разузнавачки служби на Југоисточна европа како форма на усогласување на интересите и формирањена заедичка стратегија на земјите од Југоисточна Европа за превенција и сузбивање на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам (SEEIC), а од јуни 2008 година и на Средноевропската конференција (MEC).
Управата за безбедност и контраразузнавање вкупно има 523 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2009 година предвидено е донесување на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, во насока на усогласување со: Конвенцијата за превенција на тероризмот на Советот на Европа и Меѓународната Конвенција за спречување на финансирање тероризам. Во насока на усоголасување со Рамковната одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризам (32002F0475), потребно е да се предвиди измена во Кривичниот законик, во однос на казните предвидени за правни лица (согласно член 8 од Рамковна одлука) и во однос на кривичните дела поврзани со терористички активности (согласно член 3 од Рамковна одлука).

Во текот на 2009 година ќе бидат ратификувани: Конвенцијата за превенција на тероризмот на Совет на Европа и Конвенцијата за присилно исчезнати лица.

Склучување на Оперативен договор со EUROPOL

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Истовремено ќе се интензивирааат активностите што ги има Управата за безбедност и контраразузнавање во рамките на Конференцијата на разузнавачки служби на Југоисточна Европа (SEEIC) и во Средноевропската конференција (MEC).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе биде ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари, претрага, заплена и конфискација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
По потпишувањето на Оперативен договор со EUROPOL, ќе се регулира начинот на соработка и размена на податоци во врска со истраги за терористички дела, согласно Одлуката на Советот за размена на информации и соработка за кривичните дела тероризам (32005D0671), од 20 септември 2005 година.

## 3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Првиот „предимплементационен„ дел од Акцискиот план за контрола на droги (кој го го покриваше периодот од една година-2007) е целосно имплементиран. Имплементацијата на вториот „имплементационен„ дел од Акцискиот план (за периодот од 2008-20012) е во тек.

Согласно предвидената активност од Акциониот план, донесена е Стратегија за комуникација за опојни дроги, прекурсори и психотропни супстанци.

Донесен е Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08). Законот е целосно усогласен со Конвенциите на ООН за наркотични дроги, за психотропни супстанци, и за незаконитиот промет на опојни дроги и психотропни супстанци (1961/1972/1988) и Регулативата на Советот 1673/2000.

Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Царинската Управа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Центарот следење на droги и зависности од дрога согласно Регулативата на Советот 302/93 од 8 февруари 1993 на почетокот на 2008 година се поврза со Европскиот центар за следење на дроги и зависности од дроги EMCDDA, со цел размена на информации и искуства во оваа област.
Со основањето на Центарот за следење на дроги и зависности од дрога се поврзаа трите институции кои ќе ги обезбедат податоците за дрога : Министерство за здравство- Републички завод за здравствена заштита, Министерство за внатрешни работи и Министерство за финансии- Царинска Управа. Центарот ги обработува покрај податоците од 5-те епидемиолошки индикатори за дрога и податоците поврзани со запленината на дрога. Во годишниот извештај покрај квантитативни, ќе се овозможи податоците да бидат и квалитативно претставени според меѓународни прифатливи стандарди. Податоците од Центарот ќе послужат како индикатори за зајакнување на мерките за борба против дрога во соодветните полиња на делување.

Изготвен е Годишниот Извештај од страна на Секторот за контролирани супстанции, каде се наоѓа Центарот за следење на дроги и зависности од дрога.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

На почетокот на 2009 година предвидено е донесување на Закон за евиденција во здравство, со кој ќе се овозможи реална статистика (имајќи ги во предвид квантитативните и квалитативните индикатори) бидејќи согласно постоечкото законодавство болестите на зависности се евидентираат во иста група. Законот ќе се усогласува со: Директивата 95/46/ЕС за заштита на лицата во однос на обработката на личните податоци и на слободното движење на таквите податоци (целекс бр. 31995L0046); Одлука на Комисијата од 15 јуни 2001 за стандардните клаузули за трансфер на лични податоци кон трети земји, во согласност со Директивата 95/46/ЕС (Целекс бр. 32001D0497) и Одлука на Комисијата од 27 декември 2004 година за изменување на Одлуката 2001/497/ЕС (Целекс бр. 32004D0915).

Во текот на 2009 година ќе се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08).

Согласно Акциониот план за контрола на дроги, во текот на 2009 година предвидено е донесување на Програмите за превенција од дрога.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во постапка е основање на регионални единици на локалната самоуправа, согласно Законот за рамноправен регионален развој и Законот за локална самоуправа. Дел од активностите на овие единици ќе бидат насочени и кон превенција од дрога. Предвидено е поврзување на Државната меѓуминистерска комисија за борба против дрога и регионалните единици, по нивното формирање. Целта е да се постигне заедничка корпоративна стратегија за преземање активности во оваа област.

Ќе се спроведуваат и програмските активности на Годишна програма за државна меѓуресорска комисија за борба против дрога, кои опфаќаат:

- Развивање на корпоративна стратегија на национално и регионално ниво за контрола на дрогата (ДМКД и регионалните единици)
- Воспоставување на систем за проценка на магнитудите и трендовите за нелегалната злоупотреба на дрогите во земјата, регионот и на глобално ниво , во повеќето програмски активности. Со оваа активност ќе се добијат веродостојни информации за трендовите во нелегалната употреба на дрогите што ќе придонесе за подобрување на превентивните програми на сите нивоа.
- Програмата има за цел воспоставување на систем за известување на три нивоа- *на децентрализирано ниво* (регионалните единици до ДМКД), *национално ниво* – (надлежните институции до ДМКД) и меѓународно изветување – кое произлегува од Меѓународните конвенции, резолуции.
- Градење на капацитетите за подобрување на системот на пробирање и евалуација на податоците за дрога и зависности од дрога – оперативен центар за дроги и зависности од дрога кој ќе се поврзе со Европскиот Центар за дрога и зависности од дрога во Лисабон.
- Зголемување на свесноста и информираноста за дрогите на регионално и национално ниво, преку семинари, работилници, кампањи

Назначување на Центарот за третман и намалување на штети од дрога како координативен центар на сите центри на територија на РМ.

Формирање на заеднички тимови на Министерство за здравство и МВР, кои ќе вршат обуки за имплементација на Законот за контрола на опојни droги и Законот за прекурсори, за новите видови на дрога присутни на нелегалниот пазар и тоа на полициските служби низ Републиката како и претставниците на судската власт. За овие активности Буџетските средства ќе бидат представени во Програмата за активности на Државната меѓуресорска комисија за контрола на дрога.

Одржување на обуки работилници и семинари од обласа на намалување на побарувачката на дрога (превенција, третман, социјална заштита, намалување на штети), како и повеќе едукативни и практични тренинзи за борба против диверзија на прекурсори од легални во нелегални канали, примена на посебни истражни мерки во борбата против НТ со дрога.

Годишниот Извештај ќе биде пратен за мислење до пратнерските центри во Кипар и Литванија, ќе се усвои на седница на Државната меѓуресорска комисија и до крајот на јануари 2009 ќе биде доставен до Владата за информирање и усвојување на предлог мерките за активности. Потоа ќе се достави и до Европскиот Центар за дроги и зависности од дрога EMCDDA, Лисабон, за да биде објавен како извештај од Република Македонија, заедно со извештаите од земјите членки на Европската Унија и да биде достапен и на веб страната на Европскиот Центар.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Целосното усогласувањето со ЕУ мерките кои се однесуваат на прекурсорите е предвидено за периодот по пристапување на Република Македонија во ЕУ.

Имплементација на Акциониот план за дроги 2008-2012.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е решавање на кадровските прашања во отворените Центри за Третман, намалување на штетите и тоа во Скопје, Тетово, Кавадарци, Велес, штип, Битола, Гевгелија, Охрид, Битола, КПУ Идризово.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Соработка со Европскиот Центар за следење на дроги и зависности од дрога EMCDDA, Лисабон во рамки на повеќе кориснички Проект за земјите од т.н. Западен Балкан.

## 3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Види подетално Поглавје 29 Царинска соработка.

Во јануари 2008 година беа донесени и стапија во сила измените на Царинскиот закон. Со измените се утврдени условите за одземање на претходно издадени царински лиценци, одобренија за застапување, донесување и поништување или укинување на одлуки од обласа на царината со истовремено хармонизирање со соодветните одредби од европското законодавство, како и воведување на концептот на овластен економски оператор.

Со измената на Законот за Царинска управа (Службен Весник на РМ бр. 103/08) се овозможи Царинската управа да го преземе управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини за патен сообраќај, се намалија трошоците за користење на терминалите и се обезбедија поповолни услови на економските оператори и патниците.

Беа донесени измени на Законот за девизно работење кои се однесуваат на висината на глобата што се изрекува за сторен девизен прекршок, надзорен царински орган, надлежен орган за водење и изрекување на прекршочни санкции, како и рокот на застареност за водење на прекршочна постапка. За прекршоците наведени во член 56-а став 1 т.22 и 28, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Царинска управа, односно Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа.

Во рамките на олеснувањето на трговијата, Царинската управа како носител на Проектот на Владата на Република Македонија за воспоставување на едношалтерскиот систем за увозно-извозни дозволи и квоти, успешно ја координираше имплементацијата на овој значаен проект, кој опфати системско поврзување на 16 институции вклучени во издавање на дозволи за увоз и извоз и распределба на царински квоти.

Во насока на усогласување на националното со законодавство на ЕУ се донесе Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија, од една страна, и Европските заедници и нивните

земји членки, од друга страна, за да се земе во предвид пристапувањето на Република Бугарија и Романија во Европската унија.

Донесен е Закон за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка во врска со измените на Конвенцијата со која се основа Советот за царинска соработка, со што се се прифати барањето за членство на Европските заедници, како напредна царинска унија, во Светската царинска организација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со воведување на современа опрема и ставањето во функција на четирите мобилни рентген скенери за контрола на контејнери и возила со големи димензии на граничните премини, воспоставени се високи стандарди за забрзување и олеснување на прометот со стока, брза и квалитетна контрола на товарните превозни средства во поглед на содржината и видот на стоката која се пренесува, откривање на недозволена трговија и криумчарење на забранета стока и акцизна стока, како и откривање на непријавена стока од било кој вид.

Со проектот за зголемување на ефикасноста и подобрување на институционалниот капацитет на Царинската управа на Република Македонија ангажирана е реномираната консултантска куќа Crown Agents чии консултанти преку непосредна соработка со своите партнери од Царинската управа соработуваат во пет главни области: а) воведување/спроведување на контроли, системи и процедури засновани на ризик, како примарна основа за царинските активности, б) развој на функциите на истраги и разузнавање во рамките на Царинската управа и управување врз основа на анализа на ризик, в) обезбедување долгорочна оперативна поддршка за единиците за контрола и истраги во откривање на нелегална трговија, криумчарење и стопански криминал, г) развој и промоција на ефективна меѓуинституционална соработка во земјата и во странство, и д) развој и ефективно спроведување на антикорупциска стратегија.

Како приоритет на Царинската управа на Република Македонија, во насока на јакнење на ИКТ капацитетите е замената на постоечкиот компјутерски систем ASYCUDA со нов систем за обработка на царински декларации согласно заложбите за обезбедување на квалитетна информатичка поддршка на процесирањето на царинските декларации при увоз, извоз и транзит и согласно функционалните и техничките барања во врска со евроинтергативните процеси по однос на интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи.

За поефикасно спроведување на стратешките цели за превенција и спречување на корупцијата, Царинската управа донесе Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа (усогласена со духот и целта на Аруша декларацијата).

Усвоен е нов Акционен план за спречување на корупцијата во Царинската управа. Целта е унапредување на системот за превентивно делување и сузбивање на корупција во Царинската управа. Истиот е подготвен согласно препораките од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата од 2007 година, законските одредби и регулативата која е на сила во Царинската управа на Република Македонија, како и законските обврски и принципи што произлегуваат од меѓународните конвенции.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година, активностите на Царинската управа на Република Македонија ќе бидат концентрирани на понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на административниот капацитет за имплементација на царинското законодавство и борба против прекуграничниот криминал.

Промените на информатичко комуникациската технологија во Царинската управа се поврзани со изготвување на измени на царинските прописи кои се потребни за усогласување на транзитната постапка, планирани за реализација во рамки на помошта преку проект поддржано преку програмата IPA 2007.

Во доменот на Едношалтерскиот систем, ќе се преиспита можноста за проширување на услугите обезбедувани со овој систем, во насока на воведување на нови документи за поднесување преку овој електронски систем.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради правилно и ефикасно водење на целокупниот систем на наплата на акцизните давачки од страна на Царинската управа на целата територија на Република Македонија и преземање на наплатата на акцизните давачки, ќе се развијат стратешки цели и акционен план на пренесување на надлежностите за наплата на акцизните давачки на Царинската управа на целата територија на Република Македонија.

Со реорганизацијата на царинската служба ќе се овозможи: усвојување на споредливо законодавство кое се однесува на организацијата и надлежноста на царинската служба; ќе се осигури висок степен на соработка помеѓу царинската, даночната и другите државни служби; ќе се воспостави ефикасна царинска контрола, особено во делот на недозволената трговија и прибирањето на јавните давачки.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе започнат подготовки за ратификација и имплементација на Конвенцијата за взаемна помош и соработка помеѓу земјите членки на ЕУ од 1997 год. (Naples II) и Конвенција за користење на информатичка технологија за царински цели (CIS), а нивно конечно ратификување и имплементација ќе следи по влезот во ЕУ. (види подетално Поглавје 29 Царинска соработка)

Активностите за промена на законодавството и информатичката структура за непречена имплементација на Новиот заеднички транзитен систем ќе се реализираат преку за програмата ИПА 2008, која ќе се користи за обезбедување на техничка помош за управување со имплементацијата и имплементација на Новиот компјутерски транзитен систем - NCTS преку „*Проектот за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи*“.

Во рамките на Инструментот за претпристапна помош - ИПА 2009, ќе се обезбеди техничка помош за управување со имплементацијата и имплементација на Интегрираното тарифно опкружување преку реализација на *Проектот за воведување на Интегрирано тарифно опкружување-ITE*. Имплементацијата на Проектот ќе овозможи и законско усогласување во однос на Интегрираниот тарифен концепт на Заедницата-TARIC.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Царинската управа ќе спроведе голем број на анализи на одредбите на европското законодавство кое е директно применливо за земјите членки на ЕУ во областа на царините, но кое остава можност земјите членки да одлучат врз основа на поединечни случаи кои се важни при спроведувањето и супервизијата на системот.

Пред влезот во Европската унија, неопходно е да се направи проверка на мрежата на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции. Во исто време, Република Македонија, со денот на пристапување во Европската унија ќе ги превземе сите меѓународни договори кои што Европската унија ги има склучено со трети земји.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Царинската управа на Република Македонија учествува во активностите кои вклучуваат странска оперативна техничка помош, како во областа на обуките на вработените, така и во областа на подобрувањето на техничката опременост на Службата.

Програма за техничка соработка со Царинската управа на Кралството Холандија е предвидена до крајот на 2009 година.

Со средства на CARDS Програмата од Европската Унија, во вториот и третиот квартал од 2008 година, се реализира техничка помош за подготовка на корисничка и техничка спецификација за Систем за обработка на царински декларации.

Царинската управа на Република Македонија успешно учествува во програмите ИПА 2007, ИПА 2008 и ИПА 2009, во чии рамки се реализираат поединечни проекти за имплементација на Стратегијата за царински реформи, посебно во делот на управување и воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем –NCTS и Воведувањето на заедничка мрежа за комуникација и заеднички систем за поврзување (Common Communication Network and Common System Interface-CCN/CSI) и за зајакнување на капацитетите на Царинската управа преку поддршка на имплементацијата на Интегрирано тарифно опкружување (ITE).

За подигнување на оперативните капацитети, во 2009 ќе се реализира Програмата за соработка околу европски прашања помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

По завршувањето на првата фаза на воведувањето на „*Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти* - EXIM“, во текот на 2009 година, со помош на проектите на Агенцијата за помош на САД (USAID), се очекува продолжување на активностите за воведување на нови функционални можности и зголемување на понудата на услуги.

Во текот на 2009 година, Царинската управа ќе започне да користи техничка помош преку учество во Програмата ЕУ Customs 2013.

## 3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Инкриминацијата на кривичното дело-фалсификување на евра и други странски валути е содржана во чл.268 во Кривичниот законик (Службен весник на Р.М. бр37/96, 80/99,4/02 и 19/04). Постапката за евиденција на фалсификуваните евра и други странски валути во МВР е уредена со "Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата"(Сл.весник бр.78/07).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Народна Банка е надлежна институција во однос на фалсификувањето на националната валута- денар во чии рамки функционира Дирекција за трезорско работење, каде се врши експертиза на фалсификуваните односно сомнителни домашни пари.

Во Министерство за внатрешни работи во рамките на Одделот за организиран криминал е воспоставена Единица за борба против перење пари и економски организиран криминал. Наведената единица е надлежна за спроведување, превенција, откривање-докажување и документирање и кривично-правно процесуирање пред надлежните судови за докажување на кривичното дело и кривичната одговорност на организирани криминални групи, кои се занимаваат со производство и дистрибуција на фалсификувани пари. Во МВР на РМ (ООК и 8-те СВР) се води регистер за откриени фалсификувани пари (меѓу кои и за евро).

Надлежност во однос на форензичкото вештачење на фалсификувани банкноти-евра и други странски валути има Одделението за испитување на спорни документи во Одделот на Криминалистичка техника при МВР. Наведеното Одделение врши анализа на странски банкноти во поглед на нивната оргиналност, изработка на наод и мислење за (не)оргиналноста на банкнотите, изработка на фотодокументација за банкнотите кои биле предмет на анализа како и евиденција за видот на банкнотите кои биле предмет на анализа (евро, долар и др.).

Одделението за испитување на спорни документи во Одделот на Криминалистичка техника при МВР води евиденциии за номинална вредност на банкнотите, нивниот сериски број и бројот на плоча на која се банкнотите. Во случаи кога се работи за фалсификувани банкноти со повисок квалитет од страна на организирана група постапува Одделот за организиран криминал и Основното Јавно Обвинителство за организиран криминал и корупција.

Технички и кадровски е доекипирана Единицата за борба против перење пари и економски и организиран криминал во 2008 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ:**

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на усогласување и хармонизацијата на македонското законодавство со Рамковната Одлука на Совет (целексбр.32000Ф0383 од 29 мај 2000 година), за заштита на еврото од фалсификување, ќе се извршат измени и дополнувања на Кривичниот Законик на Република Македонија, со кои ке се заостри казнената политика за минимум затворска казна од 8 години предвидена во горенаведената одлука.

Ќе се донесе нов Закон за Народна Банка , со кој согласно европските регулативи за заштита на еврото против фалсификување ќе се изврши усогласување со Одлуката на Советот на Европа 6.12.2001.. (целекс бр.32001Д0887).

Воедно во текот на 2009 година ќе се донесе Упатство за начин на пријавување на фалсификати на евра и начин на постапување при откривање на фалсификатите

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Единицата за борба против перење пари и економски организиран криминал ќе ги интензивира мерките и активностите со цел профилирање, откривање и идентификување на организирани групи на фалсификување на евро. Овие мерки и активности ќе се превземаат во континуитет.

Министерството за внатрешни работи ќе изготви програма "Нови методи и мерки за откривање на фалсификување на пари" за специјализирана обука на вработените за заштита на еврото од фалсификување.

Министерството за внатрешни работи ќе изврши обука на 20 овластени службени лица од 8 подрачни организациони единици на Надворешните канцеларии кои работат на фалсификување на еврото. Обуката ќе се одвива во периодот од Февруари –Декември 2009 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА:**

Формирање на Национален аналитички центар  кој ќе биде надлежен за експертиза и евиденција за сомнителните или фалсификувани евра и други странски валути во текот на 2010 година.

Континуирано следење и обука на вработените за успешно справување со профилирани криминални групи за изработка и дистрибуција на фалсикувани евра.

## 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

### 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

“Законот за научно истражувачка дејност” беше усвоен од Собранието на 31 март 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08).

Со Законот се уредени организацијата и управувањето на научноистражувачката дејност и условите за извршување на дејноста, како и професионалната обука и надградување на научниот и истражувачкиот кадар. Законот, исто така, ги уредува и обврските кои се финансираат од државниот буџет, и од други ресурси, со цел да се постигнат целите на општествен и стопански развој на Република Македонија. Одредбите го уредуваат и етичкиот аспект на научно-истражувачката дејност; ја утврдува постапката за прогласување на научни центри на извонредност, условите за соработка на полето на науката помеѓу јавниот и приватниот сектор, креирањето униформна база на податоци во научната област итн.

“Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој” беше усвоен од Собранието на 25 март 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/08).

Со Законот во основа се уредува поттикнувањето и помагањето на технолошкиот развој, програмирање на дејноста, технолошка инфраструктура и финансирање на дејноста. Неговата реализација треба да придонесе за остварување на улогата на технолошкиот развој во постигнувањето на целите на континуиран стопански развој во земјата по пат на директно поврзување на науката со стопанството. Прецизно се дефинирани организациските форми на технолошката инфраструктура и начинот на финансирање на програмските активности. Со Законот е утврдена потребата од донесување Програма за технолошки развој, со цел да се дефинираат насоките на политиката во оваа област и приоритетите во развојот и истражувањата.

Владата на РМ го зголеми буџетот за наука и технолошки развој за 2008 година на 3 милиони евра. Зголемените алоцирани средства се наменети за реализација на активностите во приоритетни области.

**Финасирање проекти во насока на развојот на науката и истражувањето**

Во текот на 2008 година продолжи финансирањето на 67 научноистражувачки проекти со времетраење од 3 години. Финансиската поддршка за овие проекти е во износ од 19.100.000 денари, односно 310920 евра.

Во текот на 2007 година се кофинансирани 34 развојно-истражувачки проекти и 4 иновациски проекти и имплементацијата на овие проекти кои се со времетраење од 6 месеци до 1 година се одвиваше во текот на 2008 година. Финансиската поддршка изнесува 12.000.000 денари.

Во завршна фаза е реализацијата на Конкурсот за софинансирање на развојно-истражувачки и иновациски проекти за 2008 година, кои ќе бидат поддржани со 22.000.000 денари, односно со 358 000 евра.

Република Македонија учествува во 67 меѓународни проекти, за чие финансирање се одвоени 358.000 евра.

Во месец Јануари 2009 година, од страна на Владата на Република Македонија се усвои годишна програма за финансирање на научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој врз основа на која се доделуваат средствата за реализирање на научно-истражувачка дејност и технолошкиот развој согласно Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за поттикнување на технолошкиот развој.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

1. Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за научно истражувачка дејност

- Правилник за постапка и поблиски критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научноистражувачка дејност на субјектите на научноистражувачката дејност
- Правилник за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти односно програми
- Правилник за постапката и поблиските критериуми за софинансирање на издавачката дејност
- Правилник за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научноистражувачки кадри
- Правилник за начинот и постапката на водење бази на податоци

2. Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од „Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој”

- Правилник за условите, критериумите и начинот за доделување и користење на средствата за поттикнување и помагање на технолошки развој
- Правилник за начинот на водење на регистар за субјектите на технолошкиот разој

3. Донесување Програма за научноистражувачка дејност за период од четири години во кој ќе бидат утврдени приоритетите и активностите во Република Македонија со цел да се интензивираат активностите во научноистражувачката дејност. Изготвувањето на оваа Програма ќе се одвива во следните фази:

- формирање Работна група
- изготвување на драфт - верзија на Програмата
- усвојување на Програмата од страна на владата на РМ

4. Изготвување на документ за Национална интегрирана истражувачка политика во кој ќе бидат вметнати приоритетите и активностите на Република Македонија со цел да се започне со интегрирана истражувачка политика. Изготвувањето на овој документ ќе се одвива во следните фази:

- формирање работна група
- информација до Владата на Република Македонија во врска со подготовката на програмата за интегрирана истражувачка политика
- утврдување на приоритети и изготвување на предлог документ
- усвојување на документот за интегрирана истражувачка полтика од страна на Владата на Република Македонија

5. Програма за технолошкиот развој, во која ќе се утврдат програмските активности во оваа област. Изготвувањето на Програмата ќе се одвива во следните фази:

- Формирање Работна група
- Изготвување работна верзија на Програмата
- Изготвување конечна верзија
- Усвојување на Програмата

6. Ревидирање на Националната Програма за научно-истражувачка дејност и технолошки развој - 2006-2010 година

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1. Активности за имплементација на годишната програма за научно-истражувачка дејност за 2009 година во насока на зајакнување накапацитетите и развивање на дејноста

- спроведување конкурси за финансирање на меѓународни научно-истражувачки проекти
- спроведување конкурс за финансирање национални истражувачки проекти
- спроведување конкурс за доделување на стипендии за последипломски студии и стипендии за стекнување на докторат и Конкурс за доделување средства за изработка на магистерски и докторски трудови
- изготвување годишна програма за финансирање на јавните научни установи
- изготвување годишна програма за технолошки развој
- изготвување годишна програма за техничка култура
- спроведување конкурс за доделување средства за објавување на научни книги, научни списанија и годишни зборници на факултетите
- финансирање на организирање на научни собири
- финансирање на студиско учество на научни собири на научни работници во странство и престој на странски научни работници во Република Македонија

2. Во Законот за научно истражувачка дејност и во Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој предвидено е формирање на тела кои имаат за цел унапредување на научно истражувачката работа и технолошкиот развој во Република Македонија

- ревидирање на составот и формирање на нов Совет за научно-истражувачка дејност
- формирање на Национален Комитет за научно-истражувачка дејност
- формирање на Одбор за етичност
- прогласување на Центри за извонредност
- Формирање на Центар за трансфер на технологија (технолошки центар/технолошко јадро)
- формирање на Комисија за технолошки развој

3. Кадровско доекипирање на Секторот за наука и технолошки развој

4. Организирање обуки со цел зајакнување на кардовските капацитети на Министерството за наука и образование : Обука „Вовед во Европската Унија“ , Обука „Стратешко планирање“ , Обука „Калсификација на познавање странски јазици и ИКТ познавање според ЕУ стандарди (сертификати)“ , Обука „Анализи на политики “ , „Креирање на интегрирана истражувачка политика“

5. Зголемување на буџетските средства за финансирање на научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

1. Имплементација на интегрирана истражувачка политика
2. Имплементација на Програмата за научноистражувачка дејност
3. Имплементација на Програмата за технолошкиот развој
4. Имплементација на проектите/програмите на носители на јавни овластувања во техничката култура

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1. Зголемување на буџетските средства за финансирање на научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој
2. Зајакнување на научната и технолошката инфраструктура ( континуирано активности за формирање и функционирање на научни центри на извонредност, технолошките паркови и технолошки јадра, )
3. Кадровско доекипирање во Секторот за наука и технолошки развој во Министерството за образование и наука

## 3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Меморандумот за соработка за 7-ма Рамковна Програма беше потпишан на 13ти Јуни 2007, а истиот започна да важи од 1ви јануари 2007 година.

Во моментот мрежата на (Национални Контакт лица) брои 12 NCP-а за оваа програма, и истите ги покриваат сите релевантни приоритети. Исто така, номинирани се 13 претставници за Истражувачките Програмски комитети за 7-та Рамковна програма.

На повиците во 2008 година, беа поднесени 63 апликации од Република Македонија, од кои успешни се 10 проекти, со буџет од 2.400.257 евра, а на резервна листа чекаат уште 10 проекти.
Организирани се 12 инфо денови и работилници со 1140 учесници.

Националната Агенција во рамките на проектот РЕНИМА, го организираше настанот “Ноќ на истражувачи”.На настанот земаа учество на повеќе од 10 еминентни истражувачки институти, универзитети и компании.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1. Продолжување на активностите за подигање на свеста за можностите од 7- ата Рамковна програма и на степенот на подготвеност и обученост на научната јавност кои ќе аплицираат за проекти од 7- ата Рамковна програма од страна на Министерството за образование и наука - организирање семинари, инфо денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи, малите средни претпријатија и самостајните истражувачи
2. Континуирана дисеминација на информации за 7-ма Рамковна Програма со цел обезбедување транспарентност на повиците од програмата
3. Интензивирање на презентацијата и промовирање на програмата на регионално ниво, низ сите универзитети во Република Македонија
4. Преземање мерки и активности во насока на зголемено учество на приватниот сектор во ФП7
5. Активности во насока на зголемено учество во PEOPLE програмата и подобрување на резултатите од учеството во оваа програма
6. Зголемен број на проекти во 7-та Рамковна програма со концентарција на тематски области - здравје, храна, животна средина, енергија
7. Активно учество во Програмата WBC-INCO-NET која претставува поддршка на земјите од Западен Балкан за поголемо учество во 7ма Рамковна Програма и зајакнување на капацитетите на мрежата на Национални контак точки, која започна на 01.02.2008 година и ќе трае до 31.12.2011 година

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за образование и наука, беше формирано Одделение за меѓународна соработка во науката и 7- ма Рамковна Програма. Со оглед на обврските кои се планираат за оваа програма, предвидено е ова одделение да се издигне на повисоко ниво.

1. Формирање на Канцеларија за 7ма Рамковна Програма во рамките на Секторот за наука и технолошки развој во која ќе се вработат нови лица заради зајакнување на капацитетите на оваа канцеларија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1. Континуирано учество во Програмата WBC-INCO-NET која претставува поддршка на земјите од Западен Балкан за поголемо учество во 7ма Рамковна Програма и зајакнување на капацитетите на мрежата на Национални контак точки, која започна на 01.02.2008 година и ќе трае до 31.12.2011 година
2. Континуирана дисемининација на информации за 7- ма Рамковна програма со цел обезбедување поголема информираност транспарентност на повиците од Програмата низ универзитетите во целата држава, научноистражувачките инсититуции и малите и средните претпријатија
3. Квантитативно и квалитативно зголемување на учеството во проектите на оваа програма, до крајот на 7-ма Рамковна Програма
4. Отворање на канцеларија за врски на ФП7 на РМ во Брисел

## 3.25.3 ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија учествуваше во 43 акции од програмата COST, за периодот од 2002 година до 2008 година од кои што една акција беше предложена од Република Македонија.

Во рамките на 7-та Рамковна програма, Министерството за образование и наука успешно учествува во 4 проекти: SEE ERA NET, SEE ERA NET+ , WBC INCO-NET и ERA WEST BALKAN + чие имплементирање завршува во декември 2008.

Базата на научни работници од Република Македонија регистрирани во WESTBALKAN RESEARCH NET е значително зголемена и изнесува 215 научни работници, со понатамошен тренд на зголемување.

Во 2008 година Република Македонија како партнер отпочна да го имплементира Проектот WBC INCO-NET, преку кој ќе се обезбедат можности за поголемо учество на научната јавност од земјите од Западен Балкан во истражувачките активности и проекти во Европскиот Истражувачки Простор (ЕРА). Имплементацијата на оваа Програма ќе трае 4 години.

Проектот SEE ERA NETПлус е со вкупен буџет од 2,675,000 евра, а Министерството за образование и наука учествува со финансиски придонес од 100.000 евра. Овие финансиски средства ќе се користат за финансирање на регионални научноистражувачки проекти.

Истражувачката работа на локално ниво во сите програми освен во COST е финансирана од Европската Комисија.

Република Македонија на Министерската конференција на ЕУРЕКА 2008, која се одржа на 6 јуни во Љубљана, беше официјално примена за полноправна членка на ЕУРЕКА Иницијативата.
Со добивањето на статус на земја членка, се овозможува активно вклучување на истражувачкиот и бизнис сектор преку предлагање на иновациони и развојни проекти, со можност за нивна имплементација во соработка со партнери од земјите членки на ЕУРЕКА.Со оваа иницијатива, Министерството за образование и наука ќе настојува да направи мост помеѓу науката и бизнис секторот.
Во таа насока во рамките на Одделението за меѓународна соработка и 7-ма Рамковна програма формирана е Канцеларија за врски со ЕУРЕКА програмата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1. Одржување на инфо денови за COST и презентирање на проектите WBC INCO-NET, SEE ERA NET+ пред научноистражувачката јавност, со цел поголема транспарентност и дисиминација на информациите и резултатите кои произлегуваат од реализација на проектите
2. Имплементација на WBC INCO-NET и SEE ERA NET+ со цел зголемено учество на научната јавност од Република Македонија во ЕРА, преку одржување на соодветни обуки и презентации
3. Подигање на свеста за можностите на ЕУРЕКА програмата и на степенот на подготвеност и обученост на научната јавност и на субјектите од бизнис заедницата. Оваа цел ќе се реализира преку инфо денови, обуки и презентации со кои

ќе бидат опфатени малите и средни претпријатија, големите компании, истражувачките центри, универзитетите и јавната администрација

4. Промовирање и интензивирање на мобилноста на македонските истражувачи

- имплементирање на проектот во чии рамки се креира националната Euraxess мрежа за мобилност на македонските истражувачи
- отворање на Мрежни Центри на четирите државни универзитети „Св.Кирил и Методиј " во Скопје, Државниот Универзитет во Тетово; „Св.Климент Охридски" во Битола и „Гоце Делчев" во Штип, со средствата обезбедени од ЕУ фондови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1. Организирање „Обука за администрирање и менаџирање со програмите на Европската Унија" на 50 лица
2. Зајакнување на капацитетите на канцеларијата за врски со ЕУРЕКА програмата.

Покрај Националниот координатор за оваа програма (NPC), Министерството за образование и наука во текот на 2009 година ќе номинира и лице кое ке присуствува на состаноците на Групата високи претставници на земјите членки (HLG).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

2. Зголемено учество во и COST акциите
3. Зголемено учество во ЕУРЕКА Програмата преку одржливи пазарно ориентирани проекти во насока на економскиот развој на земјата.

## 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

### 3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Основно и Средно образование**

**Легислтивна рамка**

Донесен е Закон за основно образование ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 103/08) со кој се врши усогласување со Директивата на Советот 77/486/ЕЕЦ од 25 јули 1977, за образованието на децата на мигрантите.

Во овој Закон се вградуваат одредби од законодавството на Европската Унија со кои се регулира образованието на деца државјани на државите членки на Европската Унија чии родители се со престој во Република Македонија каде вршат или вршеле самостојна дејност, односно кои се вработени или биле вработени на територијата на Република Македонија, имаат право на стекнување на знаење од мајчиниот јазик и култура на државата од каде потекнуваат. Министерството за образование и наука е должно, во соработка со основачот на училиштето и државата од каде потекнува ученикот, а во согласност со можностите, да даде подршка за наставата на мајчин јазик и култура на државата од која потекнува ученикот.

Донесен е Закон за основање на Државен испитен центар( Службен весник на Република Македонија бр. 142 /08). Законот претставува правна основа за основање на јавната установа која е самостојна во своето работење и ќе ја организира и спроведува Државната Матура во средното образование, ќе учествува во екстерното оценување на постигнувањата на учениците во основното и средното образование, како и оспособувањето на кандидати за директори и полагање на испит за директори на основни и средни училишта.

Се донесе Законот за учебниците во основното и средното образование (Службен Весник на Република Македонија бр. 98/08.) со кој се регулира начинот и постапката на издавање на учебници во основното и средното образование како и се определуваат органите кои ја водат постапката..Со овој закон се предвидува и формирање на Национална комисија за учебници како стручно тело чии членови ги именува Владата на Република Македонија.

**Институционални капацитети**

Во рамките на реализација на Проектот "Компјутер за секое дете" континуирано течат активностите за доставување на компјутерите до средните и основните училишта. Во изминатиот период компјутерите ги добија 95 проценти од средните училишта. Инсталацијата на компјутерите се одвива континуирано и во основните училишта и се очекува да биде завршена во наредниот период.

Реализацијата на Проектот "Санација на санитарни јазли" е во тек во 345 основни училишта за кои се алоцирани 205 милиони денари. За санирање на санитарните јазли во средните училишта се одвоени 40 милиони денари и проектот се реализира во 35 средни училишта.

Министерството за образование и наука објави јавен конкурс за избирање интернет-провајдери за основните и средните училишта, во февруари 2008 година. Основната цел на ваквиот конкурс е обезбедување интернет конекција за целата територија на државата,поточно за секое од училиштата веќе вклучени во проектот „Компјутер за секое дете", кој вклучува 354 основни училишта и 100 средни училишта.

Согласно годишната програма за работа на БРО и динамиката на воведување на деветгодишното основно образование во текот на 2008 година изготвени се нови наставни програми за деветгодишно основно образование од IV до IX одделение по сите наставни предмети. Исто така, изработени се прирачници по сите предмети за II и III одделение, како и за изборните предмети за IV одделение. Извршена е обука на 10.000 наставници за спроведување на новите програми, за описно оценување во одделенска настава и за планирање на наставата.

**Имплементација**

Имплементација на концептот за задолжително средно образование – според податоците на Министерството за образование и наука од вкупниот број на завршени осмооделенци, оваа година 94% се запишаа во средно училиште.

**Краткорочни приоритети**

**Легислативна рамка**

1. Подготовка на подзаконските акти од Законот за основно образование
2. Подготовка на Концепција за задолжително средно образование - Министерството за образование и наука во соработка со Биро за развој на образование

3. Подготовка на Закон за средно образование. Во законот ќе се транспонира Директивата на Советот 77/486/ЕЕЦ од 25 јули 1977, за образованието на деца на мигрантите
4. Подготовка на подзаконските акти од Законот за средно образование
5. Изработка на концепција за гимназиско и уметничко образование.
Концепцијата ќе се состои од анализа на гимназиското и уметничкото образование во нашата држава и во други земји во ЕУ и ќе овозможи да се развијат нови наставни планови и програми.
6.Изготвување на нови наставни планови и програми за релизирање на реформите во средното и уметничкото образование од страна на Бирото за развој на орбазобвание
7. Продолжување на активностите на Комисијата која работи на изготвување на Националната рамка на квалификации со активностите со цел воспоставување на кохерентен систем на квалификации со поддршка на КАРДС Проектот за Доживотно учење

**Институционални зајакнувања**
1. Основање на Државен испитен центар
- Формирање на Управен одбор
- Назначување на в.д. директор
- изготвување на Статут и Систематизација
- Кадровско зајакнување на ДИЦ

2. Континуирано имплементирање на проектот Компјутер за секое дете
- опремување на основните и средните училишта со 50.000 клупи и 100.000 столчиња како дел од активностите на проектот
- вмрежување на училиштата
- вмрежување подрачните училишта

3. Набавка на десет автобуси транспорт на учениците со посебни потреби и учениците од рурални средини
4. Обезбедување на бесплатни учебници за наредната учебна година 2010/2011
5. Континуирано имплементирање на програмата за Изградба, доградба, реконструкција и санација на основни училишта
6. Континуирано имплементирање на програмата за Изградба, доградба, реконструкција и санација на средни училишта
7. Завршување на активностите за Подобрување на условите за работа во основните и средните училишта преку проектот “Санирање на санитарните јазли” со кој ќе се подобрат здравствено – хигиенските услови во училиштата низ Република Македонија
8. Завршување на процесот на фискална децентрализација
9. Кадровско зајакнување на сектор за ЕУ во МОН
10. Организирање обуки за зајакнување на капацитетите во Минисерството за образование и наука

**Среднорочни приоритети**
1. Реализација на реформите во образованието за деца со посебни потреби - воведување на четиригодишно стручно образование за учениците со посебни образовни потреби заради новите потреби на пазарот на трудот и создавање на можности за продолжување на нивното образование во високообразовните институции
2. Изготвување нови наставни програми со цел понатамошно реализирање на реформите во основното, средното и уметничкото образование

**Институционални капацитети**
1.Мерки за зголемувања на бројот на квалификуван кадар за реализирање на новите предвидени реформи кои се однесуваат зголемениот број на часови по странски јазици и информатика во основното образование
- Зголемување на број на запишани студенти на факултети со студиски групи за изучување на странски јазици
- Измени и дополнувања на наставните планови и програми на педагошките факулети кои образуваат кадри за одделенска настава за зајакнувања на компетенциите за предавање на англискиот јазик со цел нивно оспособување за реализација на наставата по англиски јазик

2. Континуирана имплементација на програмата за Изградба, доградба, реконструкција и санација на основни и средни училишта
3. Основање на EURYDICE одделение во состав на Министерството за образование и наука
4. Организирање обуки за релизација новите наставни програми на наставниците за нивно спроведување од страна на Бирото за развој на образование
5. Продолжување со имплементација на Проектот „Компјутер за секое дете” во основните средните училишта
- обуки на наставниците за користење на компјутерската опрема во образовниот процес

6. Продолжување со реализација на проектот за изградба на 145 училишни фискултурни сали во основните и средните училишта.Проектот се состои од два потпроекта:

- 115 училишни фискултурни сали во основните училишта
- 30 во средните училишта

**Стручно образование и обука**
**Тековна состојба**

Во изминатиот период беа донесени следните подзаконски акти и нормативи:

- Одлука за основање на Национален совет за стручно образование и обука.
- Правилник за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит.
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практична обука на учениците.
- Правилник за содржината, формата и процедурата за потпишување на договорот за практична обука на учениците.
- Нормативи за наставен кадар за образовните профили во струките од техничкото образование.
- Нормативи за опрема, наставни средства и помагала за образовните профили во струките од техничкото образование.

**Институционални зајакнувања**

Согласно Законот за стручно образование и обука од страна на Владата на Република Македонија формиран е Совет за стручно образование и обука, како највисоко советодавно тело во кое ќе се креираат стратешките политики во стручното образование и обука

**Реализирани следниве активности во текот на 2008:** Изготвени нови и иновирани наставни програми за четврта година за образовните профили во струките од техничкото образование; спортската гиманзија, како и за ученици со посебни образовни потреби; Изготвени стандарди за занимања за стручно образование и за стручно оспособување во неколку струки, Изготвени модуларни пакети за обуки за занимања кои се дефицитарни на пазарот на трудот како составен дел на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2008 година, Изготвени програмски документи за нов образовен профил пекар, Изготвени испитни програми за проверка на оспособеноста на кандидатите по завршување на модуларната обука за преквалификација, доквалификација или стекнување на одредена квалификација; Изготвени стандарди за занимања, модуларни пакети и испитни програми за мајсторскиот испит и за стручна оспособеност за занимањата од занаетчиска дејност; организирани семинари за професионален развој на наставниците од стручните училишта; организирани пилот обуки за занимања дефицитарни на пазарот на трудот.

**Краткорочни приоритети**
**Легислативна рамка**

1. Донесување на Закон за измена и дополнувања на Законот за стручно образование и обука
Со одредбите на законот ќе се прецизираат надлежностите на Министерството за образование и наука, активностите во надлежност на ЦСОО, презицирање на активностите во однос на донесувањето на наставните планови и програми за постсредно образование и наука, презицирање на надлежностите на ЦСОО во однос на образованието на возрасни.

2. Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за стручно образование и обука:

- Правилник за содржината, формата и начинот на издавање на дипломите и уверенијата за стручно образование и обука
- Правилник за содржината, организацијата и реализацијата на испитот за проверка на стручна оспособеност
- Концепција и правилник за структурата, организацијата и реализацијата на испитите на крајот на секој вид стручно образование и обука
- Правилник за норматив за опременост и простор за остварување практична обука на учениците
- Правилник за норматив за стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука на учениците;
- Правилник за нормативот за кадарот во постсредното образование и обука
- Правилник за формата, содржината и начинот за водење на Регистарот за стандарди на занимања

**Краткорочнии приоритети/ активности во текот на 2009 година насочени кон понатамошна имплементација на реформите во стручното образование**

1. Изработка на концепција за стручно оспособување
1. Изработка на концепција за стручно образование за занимања
2. Изготвување на стандардизирани тестови за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците по одделните наставни предмети од подрачјето стручно образование

3. Изготвување методологија за изработка на стандарди за занимања
4. Континуирано следење на пазар на труд за занимања и потреба од вештини
5. Зајакнување на соработката со социјалните партнери
6. Изготвување на стандарди за занимања
7. Изготвување на наставни планови и програми за стручно образование за занимања и за стручно оспособување
8. Учество во евалуација на техничкото образование (четиригодишно траење на образованието) и на спортската гимназија
9. Изготвување на испитни програми
10. Изготвување на модуларни пакети за преквалификација и доквалификација, како и за стекнување на квалификација
11. Реализирање на обуки за стручно усовршување на наставниците
12. Учество во креирањето на Националната рамка на квалификации (со цел воспоставување на кохерентен систем на квалификации)
13. Учество во имплементација на ИПА проекти од IV компонента
14. имплементација и менаџирање на проекти подржани од странски агенции и донатори (ЕТФ, Австрија, Британски Совет, КАРДС)
15. Развивање на меѓународна соработка

**Институционални зајакнувања**
1. Подобрување и ажурирање на веб страна на Центарот за стручно образование и обука
2. Обуки за стручно усовршување на вработените во Центарот за стручно образование и обука
3. Обезбедување на објект/ простор за сместување и техничко опремување на Центарот за стручно образование и обука
4. Кадровско зајакнување на Центарот за стручно образование и обука во 2009 година

**Среднорочни приоритети**
**Правна рамка**
- Изготвување на правилници и други подзаконски акти од Законот за стручно образование и обука
- Изработка на Концепција за постсредно образование

**Среднорочни приоритети/ активности во текот на 2009 година насочени кон понатамошна имплементација на реформите во стручното образование**
- Континуирано следење на пазарот на трудот за занимања и потреба од вештини
- Зајакнување на соработката со социјалните партнери и реализацијата на практичната обука во компаниите
- Изготвување на стандарди за занимања
- Изготвување на наставни планови и програми
- Изработка на испитни програми
- Изготвување на модуларни пакети за преквалификација, доквалификација, како и стекнување на квалификација
- Организирање и реализирање на обуки за професионално усовршување на наставници
- Посредување во кариерен развој и професионална ориентација на ученици
- Учество во развивање на Национална рамка на стручни квалификации и усогласување со Европската рамка на квалификации
- имплементација и менаџирање на проектите во кои учествува ЦСОО
- Учество во имплементација на ИПА проекти
- Меѓународна соработка

**Институционално капацитети**
- Кадровско зајакнување на капацитите на Центарот за СОО
- Техничко опремување на Центарот за СОО

**Образование на возрасни**
Се донесе 'Закон за образование на возрасните" (Службен весник на Република Македонија бр. 7/08). Во одредбите на Законот за образование на возрасните е вградена следната ЕУ мерка: Одлука на Советот од 27 јуни 2002 за доживотно учење, 2002Г0709(01).

Со "Законот за образование на возрасните" се создава правна рамка со која се регулира образованието на возрасните, кои установи и институции можат да го реализираат тој вид на образование, видовите и формите на образованието на возрасните, формирање на посебна установа која ќе биде задолжена за развивање на политиките за развој на образованието на возрасните, како и формирање на посебно стручно тело во кое ќе партиципираат претставници од сите

заинтересирани субјекти за образованието на возрасните, кои ќе ги дефинираат и предлагаат стратешките приоритети во ова образование.

Владата на РМ во текот на месец ноември ја усвои одлуката за основање на Одлука за основање на Центар за образование на возрасните (ЦОВ).

Беше назначен ВД директор на Центар за образование на возрасните (ЦОВ).
Во тек се постапките за формирање на Советот и Управниот одбор на Центарот.

**Краткорочни приоритети**
**Легислативна рамка**

1. Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за образование на возрасните:

- Правилник за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за вклучување во образованието на возрасни
- Правилник за норматив за стандардите за опремата и просторните услови за понудувачите на образованието на возрасните
- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на централниот регистар и на општинскиот регистар за установите и институциите кои реализираат јавно признати програми
- Правилник за називот, содржината и формата на сертификатите
- Правилник за содржината и формата на документацијата и евиденцијата од образованието на возрасните

**Институционални капацитети**

1. Формирање на Управен одбор
2. Основање на Совет за образование на возрасните (меѓуресорско тело)
3. Изработка на Статут на Центарот за образование на возрасните
4. Изработка на Правилник за систематизација на Центарот за образование на возрасните
5. Изготвување Годишна Програма за работа на на Центарот за образование на возрасните и финансиски план за работа на ЦОВ
6. Кадровско екипирање и техничко опремување на Центарот
7. Донесување Акциски план за понатамошна имплементација на Програмата за образование на возрасните во контекст на доживотно учење (ЦОВ)
8. Организирање и спроведување на обуки со цел зајакнување на компетенциите на вработените во Центарот за образование на возрасните
9. Организирање кампањи со цел подигање на свеста на населението за можностите во областа на образованието на возрасни

**Среднорочни приоритети**
1. Имплементација на програмата и стратегијата за образованието на возрасни
2. Континуирано организирање и спроведување на обуки со цел зајакнување на компетенциите на вработените во Центарот за образование на возрасните
3. Кадровско зајакнување на Центарот за образование на возрасните

**Високо образование**
**Тековна состојба**
**Легислативна рамка**
Се донесе "Законот за високо образование" („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08).
Законот ги содржи принципите на Болоњската декларација, а поодредено: системот на лесно препознатливи и споредбени степени на образование, воведување на студиските програми во три циклуси, со воведување на наставна и истражувачка компонента во третиот циклус во траење најмалку од 3 години; вреднување на студиските програми со кредитни поени, (ЕКТС), заеднички студиски програми кој ќе водат до заедничка диплома, донесување на национална рамка на квалификации компатибилна со сеопфатната европска рамка на квалификации,. Со Законот, исто така, се предвидени механизми за зајакнување на вработувањето на дипломирани студенти на европскиот пазар на работна сила, како што е доживотното учење; доградување на воспоставениот систем за обезбедување квалитет со вклучување на претставници на студентите, работодавците и социјалните партнери. Вградена е меѓународната димензија во евалуционите процеси со учество на странски експерти и асоцијации во самата евалуација, вклучување во Европската мрежа за обезбедување на квалитет, како и усогласување со стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот простор за високо

образование. Со Законот се создадоа нормативни претпоставки универзитетот да биде организиран и да ги остварува своите функции како инегриран универзитет.

**Се однесе Закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08)**, со кој се предвидоа механизми за наградувањето на наставно-научниот кадар на високообразовните установи врз основа на објавени научни трудови во престижни меѓународни списанија со импакт фактор.

Исто така се, заради поврзување на теоријата и практиката, се одреди решение наставата 10% од задолжителните програми и 10% од изборните програми да се изведува преку клиничката настава, односно настава изведувана од стручни лица од практиката.

Со овој закон се предвидува дека кадарот кој изведува настава на високообразовните установи, од 2011, односно 2013 година соработнички звања асистент и помлад асистент ќе се укинат.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип; Законот за основање на Технолошко – технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола; Законот за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност во состав на Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола; Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово; (Службен Весник на Република Македонија број 81/2008 година), Владата на Република Македонија отвори 10 нови факултети и 40 дисперзирани наставни студии во рамките на постојните факултети.

**Краткорочни приоритети**
**Правна рамка**
1. Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование
Со измените се предвидува воведување на можноста за избор на наставни предмети не само во рамките на единицата во состав на универзитетот, туку и од единиците кои се во состав на други универзитети, со цел да се создаде пошироко нормативно-правна основа за мобилност и избор и креирање на профилот од страна на студентите, одредби со кои ќе се стимулира мобилноста на наставниот кадар и студентите преку студиски престои, одредби за појасна примена на одредбите за клиничката настава на високо образовните установи при остварување на заеднички студиски програми со странски универзитети. Се предлага овие законски решенија да се применуваат од 15ти септември 2010 година.

2. Донесување на подзаконски акти во текот на 2009 година во насока на имплементација на Законот за високо образование

- Правилник за регистрација на високообразовни установи
- Правилник за содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи
- Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти надлежен за работите на високото образование
- Правилник за водењето на евиденцијата за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации

**Институционални капацитети**
1. Формирање на Совет за развој и финасирање на високото образование
2. Континуирана реализација на Програмата за доделување вредносни бонови - ваучери за персонални компјутери за студенти кои запишале завршна година на додипломските студии, на јавните и приватните високообразовни институции во Република Македонија, на студенти. Оваа програма заеднички се реализира од страна на Министерството за финансии, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество
3. Подобрување на просторно техничките услови на студентите – реконструкција и изградба на студентски домови
4. Реконструкција на објекти и факултетски згради при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола; Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и Државен Универзитет во Тетово и Универзитетот „Св.Кирил и Методиј " во Скопје

**Среднорочни приоритети**
**Правна рамка**
1**.** Донесување на подзаконски акти во насока на имплементација на Законот за високо образование

- Уредба за нормативни и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност по претходно мислење на Интеруниверзитетска конференција, која ја донесува Владата на Република Македонија
- Уредба за националната рамка на високообразовните квалификации која на предлог на Министерот за образование и наука ја донесува Владата на Република Македонија

Одбор за акредитација
- Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата, постапката за акредитација, критериумите и стандардите за акредитација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација кој го донесува Одборот за акредитација, на кој согласност дава Владата.

Агенцијата за евалуација
- Правилник за организацијата, работата и начинот на одлучување за прашањата од надлежност на Агенцијата, на кој согласност дава Министерот

Совет за развој и финансирање на високообразовната дејност
- Уредба за мерила и критериуми  за финансирање на дејноста на високообразовните установи која на предлог на Министерот ја донесува Владата на Република Македонија
- Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат надпросечни резултати во студиите
- Уредба за мерила и критериуми за кофинансирање на студиите на јавните високообразовни установи и за партиципациите на другите давачки на студентите на високообразовните установи

2. Континуирано привлекување на странски инвестиции во насока на отварање на високообразовни установи од реномирани странски универзитети.

**Програми на заедницата**

**ТЕМПУС, Еразмус Мундус-Прозорец за надворешна соработка и Еразмус Мундус -Прозорец на Западен Балкан**

**Тековна состојба**
**ТЕМПУС**
На конкурстот за Темпус 4 програмата кој заврши на 28 април 2008 година високоообразовните институции од Република Македонија пријавија вкупно 68 проектни апликации. По завршувањето на селекцијата на 24 октомври 2008 година беа одобрени 16 проекти, од кои 2 од национален карактер и 14 од регионален карактер, во кои високообразовните институции од Република Македонија ќе соработуваат со високообразовните институции од земјите на Западен Балкан. Од овие вкупно 16 одобрени проекти 12 се од типот на Заеднички проекти и 4 од типот на Структурни проекти. Со ова се отвори буџетската алокација за Република Македонија од 3.5 милиони евра.

**Краткорочни приоритети**
1. Објавување на Вториот конкурс во рамките на четвртата фаза од Темпус програмата   во месец јануари 2009 година
2.  Поднесување на проектни апликации до март 2009 година.
3. Планирани зголемување на буџетот на  Република Македонија преку  конкурсот (грант).

Грантот претставува еден новитетите внесени во  четвртата фаза на Темпус програмата  и кој претставува директна поддршка на Министерствата одговорни за високо образование која Европската Комисија ќе ја доделува на ресорните Ммининистерства на претходно одобрена проектна апликација за стратешки акционен план. Овие грантови ќе се доделуваат на годишно ниво со максимален износ од 150.000 евра.

**Еразмус Мундус-Прозорец за надворешна соработка**
Програмата Еразмус Мундус - Прозорец за надворешна соработка за Република Македонија беше отворена со конкурс објавен во декември 2007 година кој заврши на 15 февруари 2008. Универзитетите од Република Македонија на овој конкурс аплицираа со шест проектни апликации од кои една беше одобрена за финансирање. Проектот Базилеус претставува партнерство од 8 ЕУ Универзитети и 12 Универзитети од земјите на Западен Балкан. Овој проект е финансиран преку Програмата Еразмус Мундус Прозорец за надворешна соработка на Европската Комисија и претставува прв проект кој поддржува широк обем на мобилности за овој регион. Од Република Македонија учествуваат: Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола и Универзитетот на

Југоисточна Европа во Тетово. Со овој проект за Република Македонија е предвидено да се реализираат вкупно 101 мобилност на сите академски нивоа: додипломско, постдипломско, докторско, постдокторско и академски персонал.

**Еразмус Мундус -Прозорец за Западен Балкан**

Компонентата Прозорец на Западен Балкан од Еразмус Мундус програмата за Република Македонија беше отворена во 2007 година. За стипендија Еразмус Мундус Прозорец на Западен Балкан студентите можат да аплицираат само доколку претходно се прифатени како студенти на минимум два универзитети партнери во конзорциумот кој нуди Еразмус Мундус Заеднички Студии. На последниот конкурс кој заврши на 15 февруари 2008 година од Република Македонија аплицираа вкупно 33 студенти. Од овој вкупен број 8 студенти се на главната листа за доделување на стипендии и 9 на резервна листа. За Република Македонија алоцирани се 1.5 милиони евра за Еразмус Мундус Прозорец на Западен Балкан студентски стипендии.

1. Отворање Конкурсот за Еразмус Мундус-Прозорец за надворешна соработка за поднесување на апликации до 15 февруари 2009 година
2. Отворање Конкурс за Еразмус Мундус -Прозорец на Западен Балкан за поднесување на апликации до 15 февруари 2009 година

**Програми на заедницата**

**Доживотно учење и Млади во акција**

Во текот на подготвителната фаза на Националната Агенција за европски програми и мобилност, за учество на РМ во програмите на Зедницата "Доживотно учење" и "Млади во акција", се изготви потребната документација: систематизација на НА, Статут, работни програми за подготвителната фаза за Доживотно учење и Млади во акција и буџет наменети за подготвителната фаза за двата програми.

Во изминатиот период се извршија активности насошени кон успечно функционирање на НА - техничко опремување на агенцијата (обезбедување простор, набавка на соодветен основен компјутерски систем, и и др.)

- активности за кадровско екипирање- назначување директор, вработени 15 лица
- -организирани општи и специјализирани обуки за вработените, за менаџирање со програмите и финасиските аспекти на програмите
- промоција и информирање за Националната Агенцијата и на програмите кои ќе ги менаџира и администрира - организирани презентации, инфо денови
- учество на работни состаноци и посета на други Национални агенции на земји учеснички со цел размена на искуства и практики

**Краткорочни приоритети**

1. Потпишување на договорот за подготвителната фаза во текот на јануари 2009 година со Генералниот директорат за образование и култура
2. Обука на вработените и административно зајакнување на капацитетите на НА со цел имплементација на програмите и други подготвителни активности. Обуките се на неколку теми: основни вештини за раководење со програмите, напреден англиски јазик, софт скиллс, финансиско работење, проектно работење и тн.

Планирано е обуките да се довиваат во земјата, во Брисел или во Национални агенции на други земји учеснички

3. Донесување на правилници за работа на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност
4. Подготовка и носење на Работните програми за подготвителната фаза за 2009 година која ќе вклучува две попдпрограми: за Доживотно учење и Млади во акција со цел планирање на активностите на годишно ниво и имплементирање на програмата:

- Комуникација со линиските подпрограмски офицери во Брисел; организирање студиски посети на други Национални агенции на други земји учеснички
- посети на Оценувачки конференции
- посети и учество на семинари, работни состаноци и мрежата на национални агенции
- посета на централизирананата Агенција за програмите во Брисел
- Организирање на Конференција за промоција на програмите
- Организирање инфо денови за програмите
- Органзирање работилници за потенцијалните учесници
- Подготовка на промотивни и информативни матеијали, наменети за сите целни групи, брошури, постери, флаери, ЦД, ДВД, итн.

5. Креирање посепфатна веб страна која ќе содржи лесен пристап до програмскиот водич, формуларите за апликации, информации за контакт лицата од Националната Агенција за поединечните програми, подпрограми и акции, општи

информации и информации за промотивните настани , резултати од аплицирањето, линкови до порталите на Европската унија за млади и за програмата Доживотно учење
6. Менаџирање на пилот проектите на од двата програми - Доживотно учење и Млади во акција
7. Подготовки на Националната Агенција за учество во Еуропасс- преземањето на кординирање на овој инструмент е по примерот на Националните Агенции во земјите членки на ЕУ
8. Кадровско зајакнување на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност

**Среднорочни приоритети**
1. Потпишување на Изјава за гаранција од страна на Министерството за образование и наука со која оваа институција како надлежна за мониторинг и контрола на работата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе ја потврди подготвеноста на НА за менаџирање на програмите и фондовите на ЕУ
2. Добивање на акредитација на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност за целосен децентрализиран менаџмент на европските образовни програми и мобилност
3. Потпишување на Меморандумот за разбирање за програмите "Млади во Акција" и "Доживотно учење". Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање и плаќањето на влезен влог од страна на Владата на Република Македонија ќе се овозможи полноправно учество и користење на овие два програми
4. Кадровско зајакнување на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност

**Млади**
**Тековна состојба**
Донесени се подзаконските акти што произлегуваат од Законот за волонтерство: Правилник за формата и содржината на волонтерска книшка, начинот на издавање и запишување на податоци, Правилник за начинот и постапката за издавање согласност за волонтерска работа на странци и Правилник за водење евиденција за волонтерска работа.

Беше подготвен Акционен План 2009 за имплементација на Националната стратегија за млади, кој беше даден во меѓуресорска консултација до владините органи, невладините огранизации и меѓународни организации во РМ.

Во врска со креирањето на Локални младински политики во пет поголеми општини во Македонија, се започна акција на анализа на постоечките креирани младински политики и со цел локалните стратегии да ги интегрираат стандардите утврдени со Националната стратегија за млади.

**Краткорочни приоритети**

1.Усвојување и публикување на Акциониот план 2009 за имплементација на Националната стратегија за млади и негова презентација во јавноста
2. Имплементацијата на Националната стратегија за млади
- Имплементација на Националната стратегија за млади според утврдените предлози од Акциониот План 2009 за секоја младинска проблематика поединечно
- Вклучување на АП 2009 во локалните планови на општините

3. Креирање на Локални Младински Стратегии во пет поголеми општини во РМ и обуки за изработка на ЛМС во десет општини
4. Формирање на посебна Комисија за млади во рамките на Собранието на Република Македонија

**Среднорочни приоритети**
1. Континиуирана имплементација на Националната стратегија за млади
2.Подготовка на индикатори за утврдување на степенот на имплементација на Акциониот План за 2009 година
3. Изработка на Стратегија за младинско вработување која ќе ги вклучи следниве активности:
- развој на работна програма за имплементација со детални проектни компоненти.
- изработка на буџет за изработката и имплементацијата на стратегијата.
- изработка на системи за евалуација и мониторинг и евалуација на стратегијата

## 3.26.2 КУЛТУРА
**Тековна состојба**
**Правна рамка**
Министерството за култура го донесе Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата за изнесување и извоз на културни добра во странство и начинот на издавање на дозволите и уверенијата ("Службен весник на РМ"бр.105/08), со што делумно се имплементираше Регулативата (ЕЕЗ) бр.3911/92 што се однесува на извоз на

културни добра и Регулативата на Комисијата од 30 март 1993 година за утврдување на одредбите за спроведување на Регулативата број 3911/92 (ЕЕЗ) на Советот за извоз на културни добра (752/93 ЕЕЗ).

Почнувачќи од 1 септември 2008 година, Управата за заштита на културното наследство, дозволите и уверенијата за извоз и изнесување на културни добра во странство ги издава на стандардизирани и унифицирани обрасци.
Во 2008 година Министерството за култура направи измени и дополнување на прописите од областа на културата и ги усогласи со Законот за прекршоците (Закон за библиотеките, Закон за музеите, Закон за меморијалните споменици и спомен-обележјата, Закон за задолжителниот примерок, Закон за употребата на македонскиот јазик и Закон за Филмскиот фонд на Република Македонија).

Владата на Република Македонија ја усвои Национална стратегија за развој на Креативните индустрии, стратешки рамковен документ кој ќе придонесе за максимизирање на потенцијалот на креативните индустрии во Република Македонија.

**Институционални зајакнувања**
Министерството за култура во соработка со граѓанското здружение ,,Јавна соба,, во текот на 2008 година организираше сесија на Семинари за обука на кадар во културниот сектор во Република Македонија.
Во месец јуни и октомври 2008 година беа одржани семинари во пет градови во Република Македонија. Примарната цел на семинарите беше зајакнување на капацитетите на државната администрација и НВО секторот со цел лесна достапност до фондовите од европски и светски фондации.

Министерството за култура во соработка со граѓанскиот сектор во текот на април 2008 година го организираше настанот Форум Скопје - 2008 " Душата за Европа", Проект дебата на највисоко државно ниво учество на претставници од Европскиот парламент, Пактот за стабилност, Меѓународно Европското движење и највисоки државни структури од Република Македонија со цел зајакнување на културното влијание на нашата земја во регионот и Европа.

**Кратктсрочни приоритети**

1. Дефинирање на конкретни мерки и активности за Иплементација на Национална стратегија за развој на Креативните индустрии

**1.Светска конференција за меѓурелигиозен и за меѓуцивилизациски дијалог на темата „Придонес на религијата и на културата за заемно почитување и за заедничко живеење"**
По успешното одржување на Светската конференција за Меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог на тема: "Придонесот на верата и културата кон взаемна почит и соживот" во периодот од 26 до 28 октомври 2007 година во Охрид, во соработка со Светската конференција за мир и религија, Министерството за култура издаде зборник посветен на Конференцијата. беше реализирана свечена промоција на публикацијата "Охридските пораки за мир и соживот" (издадена во пет јазични изданија на македонски, албански, англиски, француски и руски јазик) и ДВД - документарен филм посветени на Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог. Во рамките на истата се реализира првиот состанок на Меѓународниот комитет на кој се разгледуваа темите и можната листа на учесници за наредната конференција, имплементацијата на Декларацијата од првата конференција, уредувањето на веб страницата и др.

1. Одржување на два консултативни состанока во текот на 2009 година на Меѓународниот комитет за организација на следната светска конференција 2010

**Активности во насока на промоција на различноста на културните изразувања**
1. Продолжување со активности за учество во телата формирани за имплементација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања и со размена на искуства за најдобри воспоставени пракси за нејзино понатамошно имплементирање

2. Активности за реализација на заеднички проект помеѓу Националните комисии за УНЕСКО на Република Македонија и Република Турција со цел имплементација на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство, но и Конвенцијата за промоција и заштита на разноликоста на културното изразување под наслов „Го делиме истиот вкус - Заедничката традиционална кујна на Турција и Македонија". Формирани се експертски групи од двете држави и се отпочнати истражувања со цел подготовка на заедничко ДВД и работилница на наведената тема во Скопје

3. Подготовка на "Антологија на европски народни песни" за која Регионалното биро на УНЕСКО – БРЕСЦЕ ќе партиципира со 50 % од трошоците. Песните се собрани и избрани со помош на Националните комисии за УНЕСКО, Министерствата за култура и Амбасадите од Европа. овој проект спаѓа во активности кои претставуваат имплементација

на Конвенциите на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство и за промоција и заштита на разноликоста во културното изразување

**Имплементација на проекти**
**Пилот- Проектот за култура и образование**
Во рамките на Проектот финансиран од Владата на Република Италија, а реализиран преку ИМГ, "Пилот активности за образование и култура", на крајот на ноември 2007 година се отпочна реализацијата на обезбедување на најдобро архитектонско решение за дефинирање на културната рута (патека) за поврзување на музеите во Скопје која всушност почнува од Музејот на град Скопје, преку плоштадот "Македонија", Камениот мост, Старата чаршија и областа на Тврдината Кале каде се наоѓаат и Музејот на Македонија (комплекс на Историски, Археолошки и Етнолошки музеи) и Музејот на современа уметност. Проектот ќе го унапреди развојот на културниот туризам, промоцијата и едукацијата на културното наследство. Проектот треба да се реализира во текот на 2008 година.

Во рамките на Проектот финансиран се организираа и се одржаа два семинара "Менаџирање и Конзервација на Македонското културно наследство" и "Конзервација на мозаици."

**Проект -„Културното наследство на Македонија"**
Во текот на 2007 година УНЕСКО додели донација во износ од 50.000 ЕУР за издавање на 4 публикации во рамките на проектот „Културното наследство на Македонија" и тоа за: Македонските цркви, Отоманските споменици, Културното наследство на Охрид и Археолошки локалитети. Носител на проектот е Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура, а проектот е во рамките на регионалниот проект на Регионалното биро на УНЕСКО - БРЕСЦЕ за унапредување и промовирање на културниот туризам. Средствата се издвоени од новосоздадениот Траст фонд целосно финансиски поддржан од Италијанската влада.
Проектот се планира да биде завршен во првата половина на 2009 година.

**„Регионален центар на УНЕСКО за дигитализација на културното наследство на земјите од Југоисточна Европа"**
Центарот беше отворен за време на официјалната посета на Генералниот директор на УНЕСКО, г. Мацура на 26 март 2008 година. Во септември се одржа и првиот од неколкуте предвидени семинари за обука од страна на претставници на "Минерва" и УНЕСКО.

Во текот на октомври 2008 година се одржа Семинар за нацрт текстот за планот за управување на Охридскиот регион како светско културно и природно наследство кој се одржа во организација на Националниот комитет за Охридскиот регион како светско природно и културно наследство, Националната комисија за УНЕСКО и ресорните Министерства за култура и за животна средина и просторно планирање,а во соработка со Националната комисија за УНЕСКО и Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција – БРЕСЦЕ.

**Краткорочни приоритети**
1. Формирање на работна група за изготвување на Национална програма за дигитализација на културното наследство од стрна на Министерството за култура и Управата за заштита на културно наследство
2.Организирање Регионален семинар за дигитализација на културното наследство со финансиска партиципација на УНЕСКО, со цел размена на регионалните искуства во оваа област која е од особено значење за основање на целосна електронска дата база на податоци на културното наследство, негова заштита, промоција и едукација
3. Подготовка на план за управување со охридскиот регион како културно и природно наследство впишано во листата на УНЕСКО и негово доставување до УНЕСКО

**Имлементирање на Регионалната програма за природното и за културното наследство на Југоисточна Европа - Имлементација на компонентата Б Заедничкиот рехабилитационен план за архитектонското и археолошкото наследство на ЈИЕ**
Во рамките на Заедничкиот рехабилитационен план за архитектонското и археолошкото наследство на ЈИЕ, (Компонента Б), активност заеднички иплементирана од страна на Советот на Европа и Европската комисија, позната и како „ Љубљански процес"., од Р.Македонија се предвидени три културно историски споменици : црквата Св Горѓи во Старо Нагоричане, Црквата Богородица Перивлепта од Охрид и Златкова Кула во Кратово кои се влезени на листата од 26 одбрани проекти од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Црна Гора, Романија, Бугарија и Косово.

**Краткорочни приоритети**
1. Подготовка на проектно фише со цел културно историскиот споменик црквата Св Горѓи во Старо Нагоричане да биде вклучен во финансирање со компонента I од ИПА
2. Подготовка на соодветна документација за останатите два проекти: Предлог-бизнис планови за проектите и промотивни досиеа

3. Промоција на проектите пред донатори со цел лоцирање дополнителни финансиски средства за нивна реализација

**Проект- Европска дигитална мрежа на културното наследство, ХЕРЕИН проект на Советот на Европа во кој Министерството за култура и Н.У. Музеј на Македонија како координатор на проектот**

Европската мрежа на културно наследство, како проект за културна соработка претставува перменентен инфромативен систем кој во Советот на Европа ги обединува органите кои се занимаваат со заштита на културно наследство.

1. Доработка на на мултијазичен Тезаурус и Толковник на поими од областа на културното наследство.

2.Публикување и промоција на Националниот извештај за културното наследство во РМ

**КУЛТУРА (2007 – 2013 )**

**Учество во Програмата на Заедницата – „Култура“ (2007 – 2013)**

Владата на Република Македонија ( Министерството за култура) го потпиша Меморандумот за разбирање за учество во Програмата „Култура“ (2007-2013) на Европската Заедница 29 февруари 2008 година. Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање Република Макеоднија стана полноправен учесник во горе споментата Програма.

За спроведување на Програмата Култура 2007 – 2013 на национално ниво, на почетокот на 2008 година во рамки на Секторот за Евроинтеграција во Министерството за култура се формираше посебно одделение – Културно контактна точка.

Културно котантکната точка на Република Макеоднија која е ко – финансирана од Извршната Агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура на ЕУ во 2008 година ги реализираше активностите согласно работната програма на Културно контактните точки и тоа:

публикување на посебна веб страна (www.ccp-macedonia.gov.mk), промоција на Програмата култура преку организирање на 4 семинари во Скопје, со меѓународни експерти за Програмата Култура, Семинари на локално ниво ( Струмица, Битола), презентации на Програмата на покана на заитересираните страни ( Работилница во организација на Музичка Младина на Македонија ( Европска Фондација за Култура) во Струга , Конгрес за развој на туризнот и културата во Битола, во организација на Општина Битола ( Прекугранична програма на ЕУ), семинар на тема ЕУ фоднови во организација на НГО Мултимедиа ( европска фондација за култура), Медиумски кампањи, публикување на флаери ( 2), водичот за Програмата Култура на македонски јазик, , и брошура , воспоставување на база на податоци за култруните оператори во РМ, консултантски услуги ( индивидуални средби) со културните оператори во РМ , учество на редовните состаноци на ККТ, учество на соsтаноците на Програмскиот Комитет за Програмата Култура.

Во јуни Министерството за култура го плати влезниот билет за Програмата Култура.

Во текот на октомври се потпиша Договорот за Грант за ККТ Македонија меѓу Министерот за култура и Директорот за култура на Извршната Агенција,и соодветно беа добиени 80 % од Грантот согласно Договорот.

Во рамки на Повикот за аплицрање за 2008 од страна на Европскиот Парламент се одобрени 3 проекти во кој се вклучени културни оператори од РМ и тоа:

1. Градина на Европа – повеќегодичен проект во кој е вклучена НГО Локомотива како ко- организатор во Проектот, а лидер е Данс Веб од Австрија
2. Магор – издавачка куќа – Апликација за литературни преводи
3. Или или – издавчка куќа – Литературни преводи

Во рамки на повикот за аплицирање за 2009 година ККТ е информирана дека се доставени 4 апликации до Извршната Агенција на оператори од Рм кои аплицираат со различни позиции во рамки на проектите ( ко-организатори, лидери). Резултатите се очекуваат во мај, односно крајната одлука за одобрени проекти ќе биде објавена во јуни/јули 2009 г.

**Краткотрочни проритети**

1. Заокружување на правната процедура со која ќе се регулира финансиската контрибуција на националните власти, за успешните проект кои се веќе одобрени од Европскиот Парламент со цел македонските културни оператори успешно да ги имплементираат проектите во рамки на Програмата Култура ( со оглед на фактот дека Програмата Култура на ЕУ не претставува 100% грант од ЕУ, туку 50 % кофинасирње на културните оператори од други изори, во Министерството за култура во тек е правната процедура со која ќе се регулира финансиската контрибуција на Република Македонија за успешните проекти. Ваквата финансиска поддршка успешните проекти од страна на националните и локалните авторитети е пракса во сите земји вклучени во Програмата култура со цел нивна успешна имплементацијa.

2.Имплементација на одобрените проекти во кои учествуваат - НГО Локомотива како ко- организатор во Проектот, (лидер е Данс Веб од Австрија), Магор – издавачка куќа – Апликација за литературни превод, Или или – издавачка куќа – Литературни преводи

3. Понатамошно спроведување на работни активности согласно работната програма на ККТ Македонија одговорна за имплементација на Културната Програма на национално ниво
4. Подобрување на веб страната на ККТ
5. Изработка на електронско гласило - месечник
6.Реализирање наменски семинари и работилници со цел да се помогне на културните оператори во РМ за нивно учество во Програмата и помош во процесот на наоѓање и градење на сериозни партнерства со операторите од ЕУ
7. Континуирано пружање на техничка помош на апликантите со цел за зголемување на бројот на апликанти Повикот за 2010
8. Континуирана дисиминација на информации за Програмата и за резултатите од програмата/проектите
9. Спроведување на медиумски кампањи и кампањи во печатените медиуми за промоција на Програмата Култура
10. Подготовка и одржување на база на податоци за културните оператори во РМ и нивно вмрежување со европските

**Среднорочни приоритети**
1.ККТ Македонија согласно работната програма ќе продолжи со активна промоција програмата, повиците за апликации, техничка поддршка на културните оператори во РМ да аплицираат со проекти во Програмата , градење на силни партнерства, умрежување со операторите од земјите учеснички во Програмата односно европската додадена вредност да стане видлива и во РМ
2.Зголеме број на проекти во кои РМ учествува во програмата Култура 2007-2013

**МЕДИА (2007- 2013)**
**Активности за учество на РМ во Медиа (2007-2013)**
Министерството за култура во текот на 2008 година ја продолжи комуникацијата со Генералниот Директорат за Информатичко општество и медиуми во врска со учеството на Република Македонија во Програмата МЕДИА 2007 на Европската Заедница. На 29 Ноември 2007 година Европскиот Парламент усвои нова Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси, која треба да биде имплементирана во националните законодавства на сите земји членки на Европската Унија до крајот на 2009 година. Со целосното усогласување на законодавството со новата Директива, а која е во надлежност на Министерството за транспорт и врски, Република Македонија ке може целосно да учествува во Програмата МЕДИА 2007

**Краткотрочни приоритети**
1.Организирање работилници од страна на МК за презентација на Програмата МЕДИА, со цел што повеќе филмски професионалци од Република Македонија да се запознаат со можностите кои ги нуди Програмата
2.Коминикација со Генералниот Директорат за информатичко општество и медиуми во однос на учеството на РМ во програмата Медиа

## 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во ноември месец 2008 година Владата на Република Македонија ја донесе Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 147/08), врз основа на Законот за животна средина, во која целосно е транспонирана Директивите 2003/35/ЕЗ, 85/337/ЕЕЗ и 96/61/ЕЗ. Во месец декември 2008 година се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 159/08) со што казните за потешките прекршоците од III категорија за кои е надлежен судот се зголемија значително, кои сега се во рамите од 70.000 до 100.000 евра, за одговорното лице од 8.000 до 13.000 евра и за службеното лице 5.000 евра.

Во септември 2008 година, Владата на Република Македонија ги донесе **Националниот сет на индикатори за животна средина на Република Македонија** за поглавјата на: воздух, биолошка разновидност, климатски промени, почва, отпад, вода, земјоделие, енергија, рибарство, транспорт, здравство и туризам.

Во овој период се изработи **Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво 2009-2014,** кој произлезе како обврска од 4 тиот Поткомитет за транспорт, енергетика животна средина и регионален развој.

Во месец октомври 2008 година заврши **спроведувањето на Прогрес мониторингот во областа на животната средина 2007/2008** година за следење на напредокот во процесот на апроксимација на националното законодавство со правото на ЕУ во кој се опфатени 64 директиви и за кои се пополнуваат табели за усогласеност и прашалници за имплементација

Во февруари 2008 година Владата на Република Македонија ја донесе **Националната стратегија за апроксимација во животната средина**, со секторски студии за одделни области, во рамките на која се прикажани потребните средства за правно транспонирање на правото на ЕУ, имплементација на истите, како и средства за надзор и мониторинг. Во секторските студии е направен детален план за преостанатите потребни активности во насока на апроксимација на националното законодавство кон правото на ЕУ.

На почетокот на 2008 година Владата на Република Македонија ја **донесе Годишната програма за инвестирање во животната средина за 2008** година и распишување на конкурс за доделување на средствата со кои се финансираат одредени активности во насока на заштита на животната средина се изврши. Висината на средствата определени за Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година се зголемени за 60% во однос на Програмата за 2007 година. Врз основа на пристигнатите барања за финансирање кои ги задоволуваа критериумите утврдени со конкурсот беа распределени 130.000.000,00 ден на 109 правни и физички лица. Проектите се имплементираат во 2008 и 2009 година. Воедно, се донесе **Годишната програма за инвестирање во животната средина за 2009** година (Службен весник на Република Македонија 6/09).

**Во текот на 2008 година заврши изработката на локалните акциони планови за заштита на животна средина за 4 општини (**Сарај, Ранковце, Василево и Македонски Брод).

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во извештајниот период активно се работеше во областа климатски промени и Протоколот од Кјото на повеќе нивоа. Особено беше изразена соработката на меѓународно, регионално и на ниво на Европската унија. Се донесе Вториот Национален план за климатски промени и се учествуваше во изработката на Регионалниот акциски план за адаптации кон климатските промени. Се учествуваше во работата на повеќе конференции (Генералната дебата на ОН за климатски промени, Конференцијата на Страните кон Рамковната Конвенција за климатски промени и Протоколот од Кјото, Конференцијата за инвестиции).

Во овој период одржувана е редовна комуникација со сите заинтересирани потенцијални инвеститори согласно механизмот за чист развој од Протоколот од Кјото. Владата на РМ, преку Министерството за животна средина и просторно планирање, активно продолжи со спроведување на механизмот за чист развој според Протоколот од Кјото преку билатералната соработка со Италијанското министерство за животна средина, територија и море. Започна соработка со Владата на Кралството Норвешка за градење на локалните капацитети за изработка на проекти во делот на климатските промени. Редизајнирана е и веб страницата на министерството за делот на климатските промени, со цел што поголема прегледност на активностите кои се спроведуваат во оваа област.

**Во областа на хидрометеоролошките работи,** во 2008 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за хидрометеоролошка дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 103/2008), кој ги уредува основите на функционирањето на хидрометеоролошката дејност во Република Македонија и надлежностите на Управата за хидрометеоролошки работи. На територијата на Република Македонија се воспоставува единствен метеоролошки и хидролошки набљудувачки систем кој е интегрален дел од глобалниот, набљудувачки временски систем.

**Заштита и спасување**

Во јуни 2008 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнувањата на Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр.86/2008) со што се изврши транспонирање на дел од SEVESO II Директивата (96/82/ЕЗ и 2003/105/ЕЗ) во делот на вклучување на **Дирекцијата за заштита и спасување** во ревизијата на плановите за заштита и спасување, а и се усогласи со Законот за управување со кризи и Законот за прекршоци.

Во март 2008 година потпишан е првиот билатерален договор со Советот на министри на Босна и Херцеговина за меѓусебна помош во случај на природни и други катастрофи. По него следуваше потпишување на ист таков Договор со Владата на Црна Гора во декември 2008 година. Се спроведува и постапката за потпишување билатерални договори од ваков тип со останатите земји во регионот Продолжена е важноста на Меморандумот за соработка со Меѓународниот фонд за деминирање и заштита на жртвите од мини за наредниот двегодишен период.

**Центар за управување со кризи** делува во рамките на овластувањата дадени во Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2005), со кој се уредува системот за превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните.

Воедно, Центарот има потпишано договор за билатерална соработка со Република Турција во областа на спречувањето, ограничување, ублажување на последици од несреќи и катастрофи, потпишан на 04.05.2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година во Министерството за животна средина и просторно планирање беа вработени 26 нови државни службеници, со кои се зајакнаа особено капацитетите на Управата за животна средина (Сектор за животна средина - Одделение за оцена на влијанието врз животната средина), како и Секторот за Европска унија.

Покрај зајакнување на капацитетите на централно ниво **се зајакнуваа и капацитетите на локално ниво за реализирање на обврските во надлежност на единиците на локална самоуправа согласно прописите од областа на животната средина**, преку нови вработувања, при што во ЕЛС 118 државни службеници работаат на животната средина. Постигнато е зајакнување на капацитетите на ЕЛС во инспекцискиот надзор, каде во моментот работат 65 комунални инспектори и 26 инспектори за животна средина. Се продолжи со спроведување на обуки на инспекторите за животна средина за спроведувањето на прописите од областа на животната средина, како и обуки за спроведување на прекршочните постапки. Се спроведува обуки кои се однесуваа на спроведување на стратешка оценка на влијанието врз животната средина, управувањето со индустриски хаварии, воведувањето на ISO стандарди и водењето на регистарот на загадувачи на животната средина.

Во септември 2008 година се формираше **Комисијата за полагање на испит за оцена на влијание врз животната средина како** и **Комисијата за полагање на испит за стратешка оцена на влијанието врз животната средина**, како предуслов за формирање на **Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина** и **Листата на експерти за стратешка оцена на влијанието врз животната средина.**

Во овој период до **Прекршочната комисија беа поднесени зголемен број на покренати прекршочни постапки** кои резултираат со изрекување на прекршочни санкции, при што беа поднесени вкупно 100 барања за поведување на прекршочни постапки, од кои за 73 се изречени казни, а 27 се во постапка..

Како континуирана активност редовно се доставуваа податоци до **Европската агенција за животна средина** и се учествуваше на релевантните состаноци.

Со поддршка на TAIEX канцеларијата за техничка поддршка при ГД за проширување на ЕК се одржаа работилници за имплементација на ПРТР – протоколот за регистри на пренос и испуштање на загадувачки материи во животната средина, за „Имплементирање на Директивата за оценка на влијание врз животната средина (EIA)".

**Во програмата ГЛОБЕ** се изврши вклучување на нови училишта во спроведувањето на програмата ГЛОБЕ, каде се одржаа: обуки за обучувачи на тренери за спроведување на програмата и набавена е опрема – кемиски китови за постојните и новите училишта за спроведување на програмата ГЛОБЕ.

Преку Проектот за поддршка на националните подготовки на Република Македонија за членство на ЕУ во областа на животната средина обезбедена со Кралството Шведска преку **SIDA/SEPA** се спроведе работилница во Скопје, како и студиска посета во Шведска која се однесуваше на зајакнување на капацитетите во областа на природата.

Како и секоја година како континуирана активност на министерството е **спроведување на кампањи за подигнување на јавната свест за животната средина** и **одбележување на деновите од еколошкиот календар** согласно програмата за работа на МЖСПП, обезбедување **поддршка на невладините организации** поврзани со подигнување на јавната свест, како спроведување на **образовни, истражувачки и развојни активности** за заштита и унапредување на животната средина.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Во делот на билатералната соработка со Италијанското Министерство за животна средина, територија и море во делот на механизмот за чист развој, беа одржани три работилници за зајакнување на националните капацитети во идентификација и подготовка на проекти согласно овој механизам.

Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно својата законска обврска за реализирање на промотивни активности за механизмот за чист развој, на покана на институции, реализира презентации за активностите кои се спроведуваат во државата.

**Управата за хидрометеоролошки работи е** надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошката дејност во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Управата има 213 вработени.
Потпишани се договори за билатерална соработка во областа на хидрометеоролошката активност со посебен осврт на најавата на временски непогоди (интензивни врнежи од дожд или снег, олујни ветрови, интензивни и опасни грмотевици, поплави, ненадејни загадувања на водите и воздухот и др.) со соодветните служби на Република Србија (март 2005), Република Хрватска (декември 2004), Република Албанија (декември 2004), Република Турција (декември 2006), Финска (декември 2006), Република Црна Гора (декември 2008).

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**Дирекција за заштита и спасување** е надлежен орган во областа на заштита и спасување во Република Македонија која е самостоен орган на државната управа оперативен од 16.05.2005 година и во моментов има 260 вработени лица. Основни функции на Дирекцијата се планирањето, организацијата и спроведувањето на системот за заштитата и спасувањето на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба во Република Македонија.

Инспекцискиот надзор врз извршувањето на одредбите од Законот за заштита и спасување и одредбите од Законот за пожарникарството поврзани со оперативното работење на противпожарните единици, организацијата на гаснењето на пожарите, одржувањето, сервисирањето и испитувањето на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожарите, како и над одржувањето, сервисирањето и испитувањето на противпожарните апарати го врши самостојното одделение за генерален инспектор во Дирекцијата, кое брои 43 инспектори за заштита и спасување со посебни овластувања, распоредени во скоро сите подрачни одделенија за заштита и спасување во Републиката.

**Центар за управување со кризи (ЦУК) е** надлежен орган во областа на управување со кризи во Република Македонија како самостоен орган на државната управа основан во 2005 година, и има вкупно 276 вработени лица. Во овој период е извршено кадровско доекипирање со 5 нови работни места. Основни функции на Центарот се информирање, следење на состојбата, размена на податоци и информации и давање на предлози за управување со кризна состојба и изработка на процена на загрозеноста на безбедноста на државата.

Инспекциски надзор за применување на Законот за управување со кризи и други прописи донесени врз основа на истиот, врши Центарот преку инспектори за управување со кризи. Моментално во одделението за инспекција во ЦУК има вработено вкупно 6 инспектори.

Во рамките на Центарот за управување со кризи, изготвен е Регистар на субјекти на системот за управување со кризи и лица за контакт. Во тек е имплементација на првата фаза на проектот за единствениот Европски (телефонски) број за итни

повици – Е-112 во Република Македонија (постапката се спроведува преку меѓународен оглас и за повеќе детали види поглавје 3.10 Информатичко општество).

Согласно искажаниот интерес на Република Македонија, испратено е барање за потпишување на Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската заедница за Учество на Република Македонија во Механизмот на Заедницата за цивилна заштита и Финансискиот инструмент за цивилна заштита.

Во мај 2008 година Република Македонија потпиша Договор со Турција за соработка во областа на спречување, ограничување, ублажување на последици од несреќи и катастрофи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До средината на 2009 година се планираат измени и дополнувања на Законот за животна средина со цел обезбедување правна основа за доусогласување со релевантните директивите на Европската унија од областа на репортирање и допрецизирање на одредбите од областа на финансирањето.

Исто така, како краткорочни приоритети предвидени се и донесување на подзаконски акти кои се однесуваат на формата содржината методологијата и начинот на водење на регистарот на загадувачки материи и супстанции, формата содржината методологијата и начинот на водење на Катастарот за животна средина кои се подготвуваат согласно барањата на ПРТР протоколот од Архуската конвенција.

Во првиот квартал на 2009 година ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се утврди формата и содржината на елаборат за заштита на животната средина, ќе се определат дејностите и активностите за кои се изработува елаборат и начинот и постапката за нивно одобрување, како и ќе се уреди начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати. Исто така, ќе се определат дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежно МЖСПП, односно градоначалникот на општината, на градот Скопје и на општината во градот Скопје. Со овие акти не се врши директно транспонирање на ЕУ мерки, но се подобрува системот на оценка на влијание врз животната средина од проекти кои се помали и не влегуваат во рамките на постапката за спроведување на оценка на влијанието врз животната средина, согласно ЕИА директивата, односно не се изработува студија за оценка на влијание врз животната средина од проекти.

Воедно, ќе се уредат видовите и висината на трошоците за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина кои ги надоместува инвеститорот, како и ќе се утврди начинот и постапката на известување на јавноста во врска со податоците за проектите за кои не се врши оцена на влијанието врз животната средина.

Ќе се формираат **Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина**

**Протоколот за регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи кон Конвенцијата за пристап до информации**, **учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (ПРТР)** (Архус), ќе се ратификува во првата половина на 2009 година.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во текот на 2009 година, се планира продолжување на веќе тековните активности во рамките на билатералните соработки со Република Италија и Кралството Норвешка. Ќе се анализира потребата од потпишување на Договор за соработка во делот на механизмот за чист развој со Кралството Данска, на нивна иницијатива.

Во мај 2009 година ќе биде презентиран Вториот Национален План за климатски промени пред телата на Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени. Во овој периодот ќе се анализираат позициите на државата пред конечното дефинирање на статусот на Протоколот од Кјото за периодот после 2012 година на 15-та Конференција на Страните во Копенхаген, декември 2009 година.

Во овој период ќе се работи на подзаконските акти кои се однесуваат на климатските промени и механизмот за чист развој согласно Законот за животна средина, со кои ќе се уреди условите, начинот и постапката за изготвување на Националниот инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови, како и постапката, начинот, формата и поблиските услови за утврдување на соодветноста, поднесувањето и одобрувањето на проектите за чист развој.

Како краткорочни приоритети на **Управата за хидрометеоролошки работи**, во 2009 година ќе се донесат следните плански документи:

- Стратегија за развој и унапредување на хидрометеоролошката служба во Република Македонија / 2009 – 2011 / со која треба да се модернизира набљудувачкиот хидрометеоролошки систем, валидизација на измерените појави и величини, нивна трансмисија до централниот систем и ставање на располагање на овие информации на прогностичкиот систем за прогноза и предупредување на временски непогоди, оценка на климатските промени и заштита на населението и материјалните добра од поплави;
- Програма за работа на Управата за хидрометеоролошки работи за период од 2009 до 2011 година со која се дефинираат активностите во метеоролошката мрежа, хидролошката мрежа, мрежата за следење на квалитетот на водите и воздухот и во радарскиот набљудувачки систем преку анализа на постојниот систем со неговите недостатоци и потребите за модернизација на мрежите.

Во овој период ќе бидат донесени акти, кои произлегуваат од Закон за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008), со кои ќе се утврдат критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици, критериумите кои треба да се задоволат за хидролошките станици на површинските и подземните води, метеоролошките, климатолошките, агрометеоролошките, фенолошките и дождомерните станици, радарско-метеоролошките центри, начинот на работа-набљудување и мерење, начинот на валидизирање, трансферирање и архивирање на податоците. Ќе се донесе акт со кој ќе се утврдува начинот на изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа на станици, со кој ќе се дефинираат стандардите кои треба да се задоволат при градба на станиците, опрема која треба да се поседува за секој вид на станица, начинот на одржување на опремата и заштита на истата. Ќе се донесе акт со кој ќе се утврдуваат постапките и начинот на набљудувања и мерења на квалитативните карактеристики на водите во мрежата на хидролошки станици, со овој акт треба да се дефинираат аналитичките методи за одредување на содржината на суспстанции во површинските и подземните води а со цел да се дефинира морфолошкиот и хемискиот статус односно потенцијал на водите. Ќе се донесе акт со кој ќе се утврдуваат основите на прогностичкиот систем и постапките за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и на почвата, со овој акт треба да се утврдат можните прогностички модели кои можат да се користат, постапката на прогнозирање на епизоди со загадување на воздухот или ненадејни и вонредни загадувања на водите. Во овие акти ќе се изврши транспонирање на директивите 2000/60/ЕЗ, 91/271/ЕЕЗ, 91/676/ЕЕЗ.

Ќе се склучи Меморандум за разбирање помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи и Центарот за управување со кризи заради остварување на меѓусебна соработка, координација и комуникација во врска со работите од хидрометеоролошката дејност.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

На почетокот од 2009 година ќе се донесат Националната стратегија за заштита и спасување, со која ќе се даде изгледот на системот за заштита и спасување во наредниот петгодишен период и Републички план за заштита и спасување, со кој ќе се предвидат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други катастрофи. Воедно ќе се донесат два нови подзаконски акти кои произлегуваат од измените и дополнувањата на Законот за заштита и спасување, подзаконски акт со кој ќе се уреди мерката заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи при што со овој подзаконски акт ќе се предвидат превентивните и оперативните мерки што треба да ги преземат задолжените субјекти за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи со кој дополнително ќе се разработи примената на SEVESO II директивата и подзаконски акт со кој ќе се уреди мерката спасување од сообраќајни несреќи.

Во овој период ќе се донесе Стратегија за управување со човечки ресурси која ја изработува Центарот за управување со кризи, а ќе започне и изработката на Програма за обука за вработените во ЦУК и на субјектите во системот за управување со кризи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Како краткорочен приоритет ќе се изврши **зајакнување на капацитетите на Управата за животна средина и Државниот Инспекторат за животна средина**, органи во состав на МЖСПП, преку

- нови вработувања,
- набавка опрема на МЖСПП_ДИЖС,
- како и понатамошно усовршување на постојниот и новиот кадар за спроведување на постоечките активности.

Во овој период се планира одржување на обуки за:

- за барањата на директивата за одговорност на штета врз животната средина, како и
- обука за спроведување на соодветните прописи за одговорност за штета наменета за инспекторите за животна средина,

Покрај зајакнување на капацитетите на централно ниво **ќе се зајакнат и капацитетите на локално ниво за реализирање на обврските во надлежност на единиците на локална самоуправа согласно прописите од областа на животната средина**. Ова ќе се направи преку обезбедување:

- нови вработувања и
- реализирање обуки за спроведување на обврските од прописите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и инспекторите за животна средина на локално ниво. **Обуките** ќе се однесуваат за:
    1. спроведување на стратешка оценка на влијанието врз животната средина,
    2. за барањата на директивата за одговорност на штета врз животната средина, како и
    3. за спроведување на соодветните прописи за одговорност за штета наменета за инспекторите за животна средина.
    4. Ќе се продолжи со спроведување на обуки на инспекторите за животна средина за спроведувањето на прописите од областа на животната средина

На почетокот на 2009 година ќе се донесе **Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво 2009-2014.** Овој документ тргнува од генералните стратешки определби на Владата на Република Македонија содржани во стратегиски, плански и програмски документи, како и согласно стратешките определби содржани во документите во областа на животната средина. Овој документот има за цел да ги утврди функциите и да предложи план за институционален развој на органите на државната управа и на органите на локалната самоуправа на среднорочен план што значи изготвување на план за институционален развој за периодот во интервал од пет години (2009 – 2014). Понатаму, документот нема за цел да изврши детална идентификација на сите поединечни активности кои за секој органи произлегуваат индивидуално од законските одредби. Спротивно, целта е да се издиференцираат поединечните активности и да се групираат во поглобална рамка на функции за кои е надлежен определен орган, било на централно или на локало ниво, така што органот ќе може подоцна за секоја индивидуална активност да ја предвиди потребата од дополнителен административен капацитет, или во зависност од обемот на работни задачи, истата да ја довери на веќе постојниот. На овој начин, по идентификацијата на постојната организациона структура и капацитет, ќе се определи и потребната структура и капацитет за ефикасно извршување на функциите за кои се надлежни органите на државната управа.

Во првиот квартал на 2009 година Владата на Република Македонија ќе ги **усвои Националната Стратегија за одржлив развој,** како **и Националната Стратегија за инвестиции во животната средина**.

Во овој период ќе се донесат ЛЕАПи за општините Кратово, Кисела вода и Аеродром што се финансирани од Програмата за инвестирање во животната средина за 2007 година, како и за општините Охрид, Брвеница, Новаци и Бутел со финансиска поддршка од Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година **.**
**Спроведување на прекршочните постапки и постапките за посредување** и понатаму ќе бидат редовни активности на Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување.

**Активностите од програмата ГЛОБЕ ќе продолжат и во текот на 2009 година со вклучување на нови училишта во спроведувањето на програмата ГЛОБЕ**, каде ќе одржат:

- обуки за обучувачи на тренери за спроведување на програмата,
- Набавка на опрема – за постојните и новите училишта за спроведување на програмата ГЛОБЕ.

Исто така, на денот на планетата Земја и денот на ГЛОБЕ програмата, 22 април 2009 година, во Скопје ќе се одржи ГЛОБЕ саем, каде училиштата вклучени во ГЛОБЕ програмата се натпреваруваат со посебни проекти подготвени за целите на оваа програма.

Како континуирана активност ќе се продолжи со доставување на податоци до **Европската агенција за животна средина** и ќе се учествува на релевантните состаноци.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, во овој период ќе започнат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на медиумите (вода и воздух) и областите (бучава) на животната средина. Соодветно, Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина во почетокот ќе се состои од државна мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот, водите и бучавата, и постепено ќе се надградува со други области и медиум на животната средина.

Во овој период ќе се продолжи со подржување на реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година и преку буџетот на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).

Во овој период ќе се изработи **Студија за проценка на состојбите со азбест во јавните установи за предучилишна возраст во Република Македонија**.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во текот на 2009 ќе се одржат две работилници/обуки во рамките на соработката со Кралството Норвешка. Во рамките на соработката со Италијанското министерство за животна средина, територија и море ќе се одржат две работилници во делот на техничката и правна компонента.

Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на **Управата за хидрометеоролошки работи** со нови вработувања и со спроведување на континуирана обука на вработените во Управата.

Воедно ќе се изврши санација и реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија како што се: Охрид, Битола, Штип, Демир Капија, Гевгелија и Скопје-Петровец (аеролошка станица), ќе се набави автоматски регистрирани инструменти за мерење на метеоролошките величини, ќе се изврши опремување на метеоролошките станици со персонални системи и поврзување со управата; набавка на автоматски регистрирани инструменти за мерење на нивото на површинските и подземните води на постојните станици, изведба, техничко и инструментално опремување на нови пиезометри за следење на нивоата на подземните водни тела; обезбедување на ХТЗ опрема за работниците вклучени во системот за заштита од град ; набавка на теренски возила, техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување).

Ќе се аплицира за членство и соработка на Република Македонија преку Управата за хидрометеоролошки работи со: EUMETSAT (Европска метео сателитска Агенција) и ECMWF (Европски центар за среднорочна прогноза), EUMETNET (Европска мрежа на метеоролошки и хидролошки мониторинг систем) и EUPOALARM (Европски систем за предупредување и најава на интензивни неповолни метеоролошки појави).

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Зајакнувањето на **Дирекцијата за заштита и спасување** ќе се врши преку нови вработувања и континуирана обука на вработените во дирекцијата. Воедно, ќе се заврши постапката за набавка на противпожарна опрема (возила, воздухоплови и друга опрема) кои ќе бидат во сопственост на Дирекцијата, ќе се набави опрема за тимовите за брз одговор и спроведување на обуки, како и ќе се обезбеди техничко опремување на Дирекцијата (административно-техничко и информатичко опремување).

До крајот на 2009 година ќе се формираат преостанатите 35 тима за брз одговор од предвидените 64.

Како приоритетна активности ќе се продолжи со потпишување на билатерални договори со земјите во регионот за примање и давање помош во случај на катастрофи и други несреќи и ќе се учествува на меѓународни вежби, семинари и обуки

Зајакнување на **Центарот за управување со кризи (ЦУК)** ќе се врши со континуирана обука на вработените во ЦУК и со учество на меѓународни вежби, семинари и обуки.

Во овој период ќе се преземаат активности за тековно одржување на ГИС – Географски информациски систем во ЦУК.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2010 година предвидено е донесување на подзаконските акти за одговорност на штета во животната средина во кои ќе се транспонира Директивата 2004/35/ЕЗ, како и донесување на подзаконските акти кои се однесуваат на воспоставување на информативниот систем за животна средина. Имено, ќе се утврдат професионалните активности со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета, ќе се утврдат критериумите за определување на постоење еколошка штета, како и случаите во кои, по исклучок, нема да настапи одговорност за еколошка штета, вклучувајќи ги и мерките за ремедијација на сторената еколошка штета. Со подзаконски акти ќе се утврди начинот на доставување на податоците од мониторингот од правни и физички лица, вклучувајќи ги и јавните и државните органи кои имаат извор на емисија и со своите активности влијаат врз еден или повеќе медиуми и области на животната средина и /или користат природни богатства. Ќе се определи начинот, постапката и образецот на кој се доставуваат податоците од државната мрежа за мониторинг, како и формата, содржината, методологијата и начинот на водење на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики.

Ќе се изработи и Преглед на состојбите со животната средина во соработка со Европската економска комисија на Обединетите Нации.

Воедно ќе започне постапката за изработка на Извештај за состојбата со животната средина што произлегува како обврска од Законот за животна средина и Директивата 91/692/ЕЗ.
Согласно Законот за животна средина МЖССП ќе го донесе Правилникот за начинот и постапката за собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на податоци и информации добиени од државната мрежа за мониторинг и локалната мрежа за мониторинг, со кој ќе се изврши транспонирање на Директивата 91/692/ЕЗ со којашто се стандардизираат и се рационализираат извештаите за спроведувањето на одредени Директиви за животната средина. Исто така, ќе се утврди содржината, формата, методологијата и начинот на изработка на индикаторски извештај.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Во делот на транспонирањето на Директивата за трговија со емисии 2003/87/ЕЗ, ќе започнат активности за анализа на барањата на истата, со цел нејзино полесно имплементирање во периодот после 2012 година кога завршува првиот период на обврски според Протоколот од Кјото.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите на МЖСПП преку спроведување на проектот Зајакнување на капацитетите за управување во животната средина на централно и локално ниво, кој се очекува да започне во 2010 година. Целта на проектот е зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво во управувањето во областа на животната средина, преку изготвување на закони и нивно усогласување со ЕУ Директивите од областа на животната средина и имплементирање на законската регулатива, со посебен акцент на областа на квалитет на амбиентен воздух и областа на управување со отпад и соодветното на тоа аспектите опфатени со Индустриското спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) како и со Оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС). Проектот е финансиран од страна на Европската унија преку ИПА фондовите – Компонента 1.

Преку Проектот Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на Европското законодавство во областа на животната средина, за областите вода и природа, ќе се започне да се спроведува од 2011 и ќе трае до вториот квартал на 2013 година. Целта на проектот е зајакнување на институционалните капацитети на централно и локално ниво за апроксимација и имплементација на Европското законодавство во областа на животната средина, за областите вода и природа,преку подготовка на подзаконски акти, воспоставување процедури за добивање податоци за биолошката разновидност и воспоставување систем за управување со биолошка разновидност, како и зајакнување на административните капацитети на управните тела на басенот на реката Вардар. Проектот е финансиран од страна на ЕУ – ИПА Компонента 1.

Во овој период планирано е **зајакнување на капацитетите на МЖСПП** преку:
- нови вработувања,
- техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции за спроведување на законските обврски и прописите за одговорност за штета во животна средина,
- обуки за водење на националниот катастар на загадувачи во РМ, имплементација на Е-ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР како и
- обуки за информатичка технологија, и
- набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем

Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на **капацитетите на ЕЛС** за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на:
- нови вработувања,
- техничко опремување и
- обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски што произлегуваат од областа на животната средина.

**Реализирањето на кампањи** за подигнување на јавната свест во животната средина ќе продолжи континуирано во овој период, како и **поттикнувањето на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти** и сл. за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Ќе се продолжи со **одржување на Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина.**

Со цел проценка на проектите од механизмот за чист развој од аспект на нивна усогласеност со одржливиот развој, во овој период **ќе се донесат Национални критериуми за одржлив развој.**

Во овој период **ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со Европската Агенција за животна средина**, со цел да се обезбеди што е можно поголем процент на доставување на податоци за животната средина.

Ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

Во овој период ќе се **продолжи со поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите**, како и во други области финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина и преку буџетот на МЖСПП и МТВ.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Во овој период планирана е подготовка на проектни идеи и почетна реализација за некои од предлог-проектите од Вториот Национален План за климатски промени во делот на енергетската ефикасност.
Зајакнување на потенцијалите на **Управата за хидрометеоролошки работи** за изотвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки.

Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со нови вработувања; како и ќе се продоложи со реализација на претходно превземените активности поврзани со санација, реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија, автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации

Ќе се превземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води и опремување на истите со софистицирана опрема; набавка на нов радарски систем за покривање на југоисточниот дел на државата, набавка на резервни делови за постојните радарски системи, обнова на системите за испалување на противградните ракети, обнова на телекомуникацискиот систем; набавка на теренски возила, опремување на метеоролошките станици со персонални системи и поврзување со управата, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, изработка на бази на податоци поодделно за метеоролошки, хидролошки податоци и други податоци, како и техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување).

Исто така ќе се продолжи со спроведување обуки за потребите на вработените од областа на хидрологијата, метеорологијата, прогноза на времето, климатологијата, агрометеорологијата, вештачкото влијание на времето и заштита од град, следење на квалитетот на водите и воздухот .

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со набавка на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување во центарот за обука за заштита и спасување, а ќе се обезбеди и учество на претставници на **Дирекцијата за заштита и спасување** на меѓународни вежби, семинари и обуки.

Во овој период ќе се изработи Програма за обука на вработените во **ЦУК** и на субјектите во системот за управување со кризи и ќе продолжи учеството на вработените во ЦУК и другите субјекти во системот за управување со кризи на меѓународни вежби, семинари и обуки.

Воедно, ќе продолжат активностите за тековно одржување на ГИС – Географски информациски систем во ЦУК.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
- Од 2008 година започна **Проектот за поддршка на националните подготовки на РМ за членство на ЕУ** во областа на животната средина кој е обезбеден **со Кралството Шведска преку SIDA/SEPA**. Целта е подготовка на РМ за претстојните преговори со Европската Комисија за поглавјето за животна средина. Проектот е со времетраење од 31.12.2007 до 31.12.2009 во износ од 155.000,00 евра.

- **Зајакнување на капацитетите за управување во животната средина на централно и локално ниво**, ќе се спроведува од вториот квартал 2-от квартал на 2010 и ќе трае до крајот на 2012 година. Проектот е финансиран од страна на Европската унија преку **ИПА**– Компонента 1 и вкупната сума изнесува 3.100.000,00 евра.
- **Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на Европското законодавство во областа на животната средина, за областите вода и природа,** ќе започне да се спроведува од

2011 и ќе трае до вториот квартал на 2013 година. Проектот е финансиран од страна на ЕУ – ИПА, вредноста изнесува 3.422.222,00 Евра, а домашното Кофинансирање е во износ од 422.222,00 евра.

***КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ***

Проект ″Економика на климатски промени″, имплементиран од УНДП-регионална канцеларија, започнат во јануари 2009, ќе заврши во септември 2009, раководен од МЖСПП, во износ од 45.000,00 евра.

Проект раководен од Министерството за економија ″Енергетска ефикасност во згради″, каде ќе има компонента за климатските промени, ќе започне во првата половина од 2009, со траење од 3 години, истиот е финансиран од Австриската Влада и Австриската агенција за развој, во висина од 350.000,00 евра.

Проект „Јаглеродно независни и отпорни на климатски промени територии“, 1.000.000,00 УСД, се очекува да започне во првата половина на 2010, раководен од МЖСПП, имплементиран од УНДП.

Планиран проект „Индустриска енергетска ефикасност“, имплементиран од УНИДО и УНДП во висина од 50.000,00 евра.

***Дирекција за заштита и спасување***

- Проект за чистење на Охридско Езеро од неексплодирани убојни средства во соработка и во донација со Меѓународниот фонд за деминирање и заштита на жртвите од мини во висина од 60% или 85.928,00 евра и со контрибуција на Владата на Република Македонија од 40% или од 57.000,00 евра истиот е планиран;
- Хармонизација на мапи за сеизмички ризик со земјите од ЈИЕ како дел од Иницијативата за превенција и подготвеност при катастрофи на ЈИЕ, со финансиска помош на НАТО, Шведска, Данска и Швајцарија , со почеток од 2009 година со времетраење од 3 години и во висина од 800.000,00 евра;
- Проект за формирање на заеднички тимови за брза интервенција за случај на поплави со земјите од ЈИЕ како дел од Иницијативата за превенција и подготвеност при катастрофи на ЈИЕ; со финансиска помош на НАТО, Шведска, Данска и Швајцарија, со почеток од 2009 година со времетраење од 3 години и во висина од 500.000,00 евра;
- Проект за опремување и обука на Територијалните противпожарни единици во соработка со фондацијата „Флоријан“ од Велика Британија, во времетраење од 01.01.2007 до 31.12.2010 година, во износ од 500.000,00 евра;
- Проект за обука на тимовите за брз одговор со Меѓународниот тим за спасување од Република Франција во времетраење од 01.11.2008 до 31.12.2009 година, во износ од 50.000,00 евра во донација на Република Франција.

**Центар за управување со кризи:**

- Проект со УНДП: Зајакнување на капацитетите на ЦУК: Проектот започна на 01.07. 2008 година, а неговата имплементација е планирана да заврши до 31.12.2009 година. Вредноста на проектот е 300.000,00 УСД.

## 3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основен закон кој го регулира управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија е Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр.67/04 и 92/07) во кој е транспонирана Рамковната директива за квалитет на воздухот 96/62/ЕЗ. Врз основа на овој закон донесени се и повеќе подзаконски акти, со кои се обезбедува негово спроведување, како и транспонирање на релевантните директиви ќерки и понатамошно транспонирање на рамковната директива.

Целите на Законот за квалитет на амбиентниот воздух се: избегнување, спречување и намалување на штетните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина што произлегуваат од загадувањето на воздухот, спречување и намалување на загадувањата кои предизвикуваат промена на климата, како и обезбедување на мониторинг и соодветни информации за квалитетот на амбиентниот воздух.

Започната е анализа на Директивата 94/63/ЕЗ и Директивата 2004/43/ЕЗ со која се утврдени функции кои произлегуваат од овие директиви, што има за цел да се определи орган кој ќе обезбеди најдобро и ефикасно спроведување на истите.

Усвоени се измени на Правилникот за квалитет на течни горива донесен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2007, 91/2007 и 97/2007, 105/07, 157/07, 15/08 и 78/08 I 156/2008), со што се обезбеди истиот да биде во согласност со стандардите за квалитет на горива утврдени во Директивите за течни горива 99/32/ЕЗ, 98/70/ЕЗ, 2003/30/ЕЗ**.**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заштитата на квалитетот на воздухот во Република Македонија е институционализирана со работата на повеќе органи и тела на државната управа и на јавниот сектор кои имаат директни и/или индиректни ингеренции во овој домен, утврдени со Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05 и 24/07) и Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Носечките активности во делот на обезбедување на податоци од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како и инвентаризација на емисиите од стационарни извори ги врши Секторот-Македонски информативен центар за животна средина (МИЦЖС) во МЖСПП. Во рамките на Управата за животна средина (УЖС) се формираше Одделение за мониторинг во чиј склоп работи Автоматскиот мониторинг мрежа за квалитет на амбиентен воздух на МЖСПП, поединечни мерења на емисиите во воздух врши Централната лабораторија, одделение во состав на УЖС. Податоците од мониторинг мрежата и извршените мерења се доставуваат до МИЦЖС и соодветно се обработуваат.

Носечка улога во заштитата на воздухот се остварува од УЖС преку издавање и контрола на дозволите за усогласување со оперативен план кои се задолжителни за сите постојни инсталации кои се под режимот на интегрирани еколошки дозволи. Имено во УЖСПП се формира Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, во кој постојат Одделение за ИСКЗ и Одделение за управување со ризик и хемикалии, како и Одделение за атмосфера. Воедно, Државниот инспекторат за животна средина врши редовен надзор над инсталации кои вршат емисии во воздухот и кога е потребно издава задолженија за преземање на мерки со цел намалување на емисиите и нивно доведување во дозволените граници.

Во Одделението за управување со ризик и хемикалии се превземаат активности во поглед на спречување и намалување на употреба на супстанции кои негативно влијаат врз озонската обвивка.

Во заштита на квалитетот на воздухот покрај МЖСПП се вклучени и Министерството за здравство преку Републички завод за здравствена заштита кој врши мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух од аспект на заштита на здравјето на луѓето и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Управа за хидрометеоролошки работи која врши мониторинг на квалитет на амбиентниот воздух преку сопствените мониторинг станици.

Заштитата на воздухот е дел од надлежностите и на Министерството на економија во однос на утврдување на стандарден квалитет на горивата и емисиите од подвижни извори на емисии (возилата), како и ги утврдуваат стандардите на квалитет на возилата што се употребуваат во Република Македонија и на производите што се пуштаат на пазар.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2009 ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кои: ќе се воспостави Листа на зони и агломерации за квалитет на амбиентниот воздух, ќе се утврдат граничните вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи, кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (во натамошниот текст: гранични вредности за емисија) со што ќе се транспонираат следните ЕУ мерки: 31997D0101, 31999L0030, 32000L0069 и 32002L0003; 32001L0080 и 31962L0062 ќе се дефинираат начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на сите мрежи и методологијата за мониторинг, условите и начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот и критериуми за избор на мерни места за сите извори на загадување кои влијаат на квалитетот на амбиентниот воздух со што ќе се транспонираат ЕУ мерките: 31996L0062, 31999L0030, 32000L0069, 32002L0003 и 32004L0107, ,ќе се утврдат на количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво и граничните вредности на емисија, горните граници и цели на намалување на одделни видови на загадувачки супстанции, методите на мерење на емисиите, како и роковите за постигнување на граничните вредности на емисиите на загадувачките супстанции со што ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32001L0081 и 31962L0062, ќе се утврди деталната содржина и начинот на подготвување на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух, на Програма за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и Акционите планови за заштита на амбиентниот воздух со што ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32004D0224 и анекс IV од 31962L0062. Директивата 91/692/ЕЕЗ за стандардизирање и рационализирање на извештаите за имплементација на одредени директиви од областа на животната средина ќе се транспонира во повеќе подзаконски акти кои ќе ја уредат содржината и начинот на преносот на податоците и информациите за состојбите во управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух,(2007.0500.3109), формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастарот на загадувачите на воздухот (2007.0500.3113), формата, содржината, методологијата и начинот на водењето на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики (2006.0500.1760). Во овој период ќе се ратификуваат протоколите од LCRTAP и ќе се започне со изработка на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух со кој ќе се дефинираат идните мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и за минимизирање или целосно

отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух согласно определите зони и агломерации во Република Македонија.

Почнувајќи од 01.07.2009 ќе влезе во сила дел од Правилникот за квалитет на течни горива кој се однесува на квалитетот на дизелските горива со што во Република Македонија ќе можат да се употребуваат дизелските горива во кои содржината на сулфурот од 50 mg/kg се намалува на 10 mg/kg, а содржината на сулфур во мазутот е дозволена на ниво од 1%. Во однос на квалитетот на бензините, од 01.07.2009, ќе можат да се употребуваат само оние кои имаат содржина на бензен од 1%, аромати 35%, олефини 18% и сулфур 10 mg/kg.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2009 година, врз основа на резултатите добиени од Твининг Проектот "Подобрување на квалитетот на воздухот„ во Управата за животна средина во Одделението атмосфера ќе започнат активности за воспоставување на Национален систем за инвентаризација со кој ќе се изврши инвентаризација на националното ниво на годишните емисии од сите загадувачки супстанци, во кој ќе бидат земени во предвид супстанциите кои се дадени во меѓународните конвенции од областа за воздухот. Имено, инвентаризација ќе се изврши согласно номенклатурите и методологиите на CLRTAP, UNFCCC и Конвенцијата за заштита на озонската обвивка односно методологијата на EMEP/CoRINAIR, инвентарот на стакленички гасови (GHG/IPCC од UNFCCC), инвентар на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и инвентар на сите супстанции од национално значење. Истовремено, ќе се подобри капацитетот на МЖСПП преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, во овој период ќе започнат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на амбиентниот воздух и на емисиите во воздухот, како и ќе започнат активности за изработка на Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух. Со формирањето на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух ќе се интегрираат постојните мрежи (мониторинг станици) за мониторинг на воздухот кои се управуваат од Републичкиот завод за здравствена заштита и Управата за хидрометеоролошки работи. Во овој период ќе се обезбеди и зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Како континуирана активности на МЖСПП ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг мрежата за воздух на МЖСПП. Во 2009 година ќе се набави една автоматска мониторинг станица во насока на подобрување на мониторинг мрежата на МЖСПП од аспект на собирање на податоци од рурални области и ќе се набави софтвер за автоматска валидација на податоците.

Воедно, како континуирана активност се врши редовно надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, а особено ќе се подобри електронската база на податоци преку надградба на софтверската апликација и системот за пребарување на податоци и на поединечните извори на емисија, а воедно ќе се вршат дополнителни мерења за одредување на квалитетот на амбиентниот воздух таму каде нема мониторинг станици.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

До крајот на 2009 година ќе се воспостави систем за следење на квалитетот на течните горива кое ќе се врши врз основа годишна програма за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија. Истовремено, ќе се започне со преземање на мерки за акредитирање на независна лабораторија која ќе го следи и испитува квалитетот на горивата согласно Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија" бр.33/2006 и 63/2007. ). Спроведувањето на програмата ќе преставува основа за подготвување на месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во предвидениот период ќе се донесат повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на амбиентниот воздух и со нив ќе се изврши понатамошно транспонирање на релевантните ЕУ мерки од оваа област. Имено, ќе се утврди методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори согласно процедурите, и ИСО и ЦЕН стандардите Утврдување на начинот и мерките за превенција и спречување на загадувањето на амбиентниот воздух од објектите и инсталациите за кои не е предвидено

издавање на интегрирани еколошки дозволи, ќе се изврши со транспонирање на Директивата 96/61/ЕЗ за ИСКЗ и користење на процедурите на НДТ ( најдобро достапни техники) Определување на согорувачките капацитети кои треба да ги преземат мерките за заштита на амбиентниот воздух од загадување, преку намалување на емисиите на одделните загадувачки супстанции во воздухот ќе се изврши преку имплементирање на протоколите кон Конвенцијата на УНЕЦЕ од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот,

Врз основа на проценката на квалитетот на воздухот во определени зони и агломерации, каде е потребно, ќе се донесат построги гранични и целни вредности за квалитет за одредени подрачја на предлог на советот на општината или на Советот на градот Скопје. Ова е предвидено во законот за квалитет на воздухот и е во согласност со директивата 96/62/ЕЗ. Дефинирањето на гранични вредности за емисија и видовите на загадувачки супстанции во отпадни гасови од подвижни извори на загадување ќе се изврши со транспонирање на следните ЕУ мерки 98/70/ЕЗ, 94/63/ЕЗ, 96/69/ЕЗ, 97/20/ЕЗ, 88/77/ЕЗ, 97/88/ЕЗ, 2002/88/ЕЗ. Со цел транпонирање на директивата 2008/50/ЕЦ-CAFÉ ќе се изврши измени и дополнувања на Законот за квалитет на амбиентен воздух и останатите подзаконски акти во согласност со директивата 2008/50/ЕЗ-CAFÉ до јуни 2011 год.

Во овој период ќе се донесат закони за ратификација на Протоколот за тешки метали од 1998 година кон Конвенцијата на УНЕЦЕ од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот, Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година кон Конвенцијата на УНЕЦЕ од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот и Протоколот за борба против закиселувањето, еутрофикацијата и приземниот озон од 1999 година кон Конвенцијата на УНЕЦЕ од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период ќе продолжи со зајакнување на капацитетите на МЖСПП преку: нови вработувања и обезбедување на обуки за извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и за спроведување на мониторингот. Ќе се изврши техничко подобрување на капацитетот на МЖСПП за спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и за обработка на податоците добиени од мониторингот.

Ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина и ќе се донесе Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух.

Ќе се продолжи со зајакнување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станици и проширување на мрежата со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици.

Ќе се донесе Националниот план за заштита на амбиентниот воздух

Ќе се воспостави Националниот систем за инвентаризација со кој ќе се изврши инвентаризација на националното ниво на годишните емисии од сите загадувачки супстанци.

Воедно, како континуирана активност ќе продолжи редовното надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, со цел зголемување на податоците за емисиите во воздухот.

Во овој период ќе се изврши акредитација на независна лабораторија која согласно Законот за безбедност на производи ќе биде надлежна за следење и испитување на квалитетот на горивата што се пуштаат на пазар во Република Македонија.

Зајакнувањето на капацитетите на администрацијата со цел подобрување во управувањето со квалитетот на воздухот ќе биде една од активностите на кои ќе се посвети особено внимание и во овој период. Во овие активности се опфатени нови вработувања и обука на вработените во МЖСПП и во Министерството за економија во Одделението за течни и цврсти горива при Секторот за енергетика.

Зајакнувањето на капацитетите во областа воздух ќе се спроведе и преку реализација проекти финансиран преку ИПА Компонента 1 за „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за менаџмент на животната средина". Имено, преку овој проект се планира поддршка во изработка на подзаконските акти, зајакнување на УХМР со нови автоматски метеоролошки станици и зајакнување на капацитетите на МЖСПП во процесот на дисперзионо моделирање, предвидување и подобрување на можностите за оценка на квалитетот на амбиентниот воздух. Предвидено е воспоставување на QA/QC процедури за ДАМСКВ и подготовка за акредитација за калибрационата лабораторија. Исто така се планира реализација на дел од барањата на Директивата INSPIRE 2007/2 во врска со Национален информативен систем за животна средина.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**Во оваа област се спроведуваат следните проекти:**

- Во МЖСПП се спроведува проект за техничка помош-ЦИМ - Проект со кој е обезбедено учество на германски експерт како техничка помош при одржување на мониторинг станиците, како и имплементирање на барањата на директивите за квалитет на амбиентниот воздух во техничка смисла. Проектот е предвиден да трае до јуни 2009 година со, со можност за продолжување за уште една 1 година. Вкупната сума на проектот е 109.608 евра.
- Проект за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето и тоа: Протоколот за тешки метали од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот, Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот и Протоколот за борба против киселењето, еутрофикацијата и пониското слој озон од 1999 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот. Проектот е во износ од 135.000 евра и е финансиран од холандското министерство за животна средина и започнува од 01.01.2009 до крај на 2010

## 3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Политиката за управување со отпад во Република Македонија е дефинирана во Стратегијата за управување со отпад (2008-2020 година) која Владата на Република Македонија ја усвои во март 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2008). Во месец декември 2008 година од страна на Владата беше одобрен Национален план за управување со отпад, чиј составен дел е Планот за управување со медицински отпад и студија за изводливост. Воедно во текот на 2008 година се изработи нацрт Стратегија за инвестиции во животната средина, каде како една од приоритетните е идентификувана областа на управување со отпад

Од аспект на транспонираност на ЕУ законодавството во 2008 година се донесе Правилник за критериумите за прифаќање на отпадот во депониите од секоја класа, подготвителните постапки за прифаќање на отпадот, општи постапки за тестирање, земање мостри и прифаќање на отпадот („Службен весник на Република Македонија " бр. 8/2008), кој ги транспонираше Директивата на Советот 1999/31/ЕЗ од 26 април 1999 година за депонии и Одлуката на Советот 2003/33/ЕЗ од 19 декември 2002 година со која се утврдуваат критериуми и процедури за прифаќање отпад во депонии, во согласност со членот 16 и со Анексот II на Директивата 1999/31/ЕЗ и Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад („Службен весник на Република Македонија " бр. 15/2008) кој ги транспонираше Директивата на Советот 91/689/ЕЕЗ од 12 декември 1991 година за опасен отпад и Директивата на Советот 94/31/ЕЗ од 27 јуни 1994 година со која се менува и се дополнува Директивата 91/689/ЕЕЗ за опасен отпад.

Во текот на 2008 година, Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008) се измени двапати и тоа:

- со Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2008) се воведе нова глава – Кривични дела при трговија со отпад со што се утврдија две кривични дела: вршење на недозволена трговија со неопасен отпад за што може да се изрече казна затвор од 3-5 години и вршење на откуп на производи и материјали што се во општа употреба, за што може да се изрече казна затвор од 3-10 години. Доколку кривичните дела се извршени од организирана група составена од повеќе од 3 лица, минималната казна затвор изнесува 4 години, и
- со Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија " бр.143/2008) се изврши усогласување со општите определби и принципи на Стратегијата за управување со отпад, се допрецизира правниот основ за целосно транспонирање на ЕУ директивата за согорување на отпад и се воведе ново кривично дело за непоседување на безбедносни камери на локации каде се врши трговија со комунален и друг вид на отпад.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за управување со отпад, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина се одговорни органи на национално ниво за негово спроведување. Свои одговорности имаат и Министерството за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат) во однос на контролата на медицинскиот отпад и Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат во однос на означувањето на пакувањата на производите. Единиците на локалната самоуправа, овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори се надлежни и одговорни за управувањето со комунален и друг вид на неопасен отпад и јавната чистота на локално ниво. Во Управата за животна средина функционира Одделение за отпад и почви како одговорна организациона единица за следење и реализација на стратешките документи од областа на управувањето со отпад, издавање на дозволи и лиценци за постапување со отпадот, водење на регистри и катастри, како

и други стручни работи од областа на управувањето со отпад. Одделението за отпад во 2008 година се зајакна со вработување на четири нови државни службеници, а Секторот за ЕУ се зајакна со вработување на два нови државни службеници кои работаат на прашања од областа на транспонирање на ЕУ acquis од областа на отпад.

Во 2008 година Владата на Република Македонија формираше Комитет за решавање на проблемите поврзани со состојбите со управувањето со отпадот како интерминистерско тело, а во рамките на МЖСПП се основа Комисијата за полагање стручен испит за управител со отпад.
Управата за животна средина во 2008 година продолжи со издавањето дозволи со кои се врши регистрација на правните и физички лица кои постапуваат со отпад, со што се опфатени под системот на дозволи речиси 90 % од истите.

За поддршка на процесот за управување со отпад, за потребите на единиците на локална самоуправа со средства од Буџетот на Република Македонија распишан е јавен тендер за набавка на пластични канти и метални контејнери во висина од 90.000.000,00 денари. Исто така распишан е меѓународен тендер за проектирање и изградба на објект за термичка обработка на посебен отпад во висина од 350.000.000,00 ден.
Со Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година се обезбеди поддршка за ЕЛС во Република Македонија и тоа за 28 проекти во износ од 28.000.000,00 денари со кои се изработија Планови и програми за управување со отпад за 7 општини, подготовка на техничка документација за постапување со отпад за 7 општини, расчистување на диви депонии во 8 општини, и се изврши и санација на 6 општински депонии. 18 проекти се реализираа во 2008 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

ПРАВНА РАМКА

И во понатамошниот период потребно е понатамошно усогласување со барањата на правото на ЕУ со донесување на потребната регулатива за транспонирање на релевантното ЕУ acquis од оваа област.
Со донесување на новите законски и подзаконски акти ќе се уредат мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со **искористените возила**, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 2000/53/ЕЗ. Воедно ќе се уредат условите што треба да ги исполнува депониите, како и ќе се утврдат количеството на **биоразградливи** состојки на отпадот што смее да се депонира со што ќе се изврши транспонирање на Директивата за депонии 99/31/ЕЗ. Исто така ќе се утврдат гранични вредности за емисии на одредени супстанции во воздух при горење или согорување на отпадот, гранични вредности за емисија за исфрлање на отпадна вода од чистењето на издувните гасови, техники, методи и динамика за мерење и следење на емисиите на супстанциите во воздухот и водата што се создаваат при горење или согорување на отпад, како и начинот и временските рокови за постигнување на граничните вредности за емисии на супстанциите во воздухот и водата, ќе се уредат условите и начинот на работа за инсталациите за горење или согорување на отпад, минимални технички средства и опрема за горење или согорување на отпадот, како и постапките за прием и испорака на отпадот, како и формата и содржината на барањето за добивање дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на инсталацијата за горење или согорување со што ќе се транспонира Директивата 2000/76/ЕЗ.

Ќе се утврди начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење на мониторинг, како и формата, содржината и начинот на доставување на податоците со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 78/176/ЕЕЗ, Директивата 82/883/ЕЕЗ и Директивата 92/112/ЕЕЗ.
Исто така се планира да биде донесен и Закон за пакување и отпад од пакување со што ќе се транспонира Директивата 94/62/ЕЗ.

Во 2009 година ќе започне изработката на Програмата за управување со непрописни депонии за отпад во Република Македонија со утврдени активности за преземање на потребни мерки за утврдување на времени локации за депонирање на отпадот и утврдување на постојни непрописни локации на депонии што треба да се затворат.

Во првиот квартал на 2009 година ќе се донесе Стратегија за инвестиции во животната средина, каде еден од приоритетите е да се воспостави интегрирано регионално управување со комуналниот цврст отпад, постепено преминувајќи од депонирање отпад на несанитарни комунални депонии и диви депонии во депонирање на отпад на санитарни депонии кои ќе опслужуваат минимум 200.000 жители.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Постоечкиот кадар квалитативно и квантитативно се уште не е доволен за исполнување на поставените цели и заголемени надлежности во областа на управување со отпадот, поради што е потребно зајакнување на Секторот за ЕУ и Одделението за отпад и почви со нови вработувања и со спроведување на обуки.

За утврдување на политиките во управување со посебните текови на отпад вклучувајќи го и биоразградливиот отпад со цел воспоставување на системи за интегрирано управување со отпад ќе започнат активности за изготвување на:

- Акционен план и програма за управување со отпад од електрична и електронска опрема,
- План со физибилити студија за поставување на систем за управување со употребувани возила и поврзан систем за заверка и регистрација и уништување ;
- Студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии;
- Студија за изводливост за управување со опасен отпад.

Во текот на 2009 година ќе се формира Комисија за координирање и поддршка на активностите на ЕЛС за воспоставување на регионален систем за управување со отпад, која ќе биде составена од претставници на МЖСПП, Министерството за транспорт и врски, ЕЛС и други органи кои имаат надлежности во оваа област.

И понатаму ќе се продолжи со издавање на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања, како и ќе започнат активности за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад, кои особено ќе се однесуваат на обезбедување на квалитет на доставените податоци.

Во овој период ќе се започне постапката за преговарање на доставените барања за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии во Република Македонија.

Во 2009 година ќе се спроведува проект за Проектирање и изведба на објект за термичка обработка на посебен отпад како и реализација на набавката на пластични канти и метални контејнери за потребите на единиците на локална самоуправа.
Со Програмата за инвестирање во животната средина ќе продолжат активности за изработка на физибилити студии и техничка документација за регионални депонии. За 2009 година ќе се обезбеди поддршка за ЕЛС во РМ во висина од 53.000.000,00 денари за реализација на проекти од областа на управување со отпад.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на посебните текови на отпад со изготвување и донесување на Закон за управување со отпад од електрична и електронска опрема со којшто ќе се со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 2002/96/ЕЗ и Директивата 2002/95/ЕЗ. Исто така ќе се утврдат условите за извоз, увоз и транзит на отпад поодделни видови на отпад, методите на надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад со што ќе се изврши транспонирање Регулативата ЕЗ бр.1013/2006. Воедно ќе се направи анализа со цел да се утврди начинот на кој ќе се изврши транспонирање Директивата 2006/21/ЕЗ за постапување со отпад од рудници. Имено транспонирањето на оваа директива може да биде направено со измени и дополнување на Законот за минерални суровини или со донесување на посебен закон.

Исто така ќе регулираат правилата за постапување со батерии и акумулатори со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 2006/66/ЕЗ со донесување на Закон за управување со отпадни батерии и акумулатори.
Во 2011 година ќе се изработи Упатство за управување со отпад на локално ниво.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно насоките од Стратегијата за управување со отпад, Одделението за отпад и почви како организациона единица во Управата за животна средина ќе се трансформира во Сектор за управување со отпад со три посебни организациони единици во состав и тоа: Одделение за планирање и мониторинг, Одделението за постапување со отпад и Одделение за постапување со посебните текови на отпад.

Формираниот Сектор за управување со отпад и Секторот за ЕУ ќе се зајакнува со вработување на нови државни службеници. Истовремено ќе се зајакне и капацитетот на Државниот инспекторат за животна средина со цел зголемување на степенот на спроведување на законодавството со вработување на нови државни службеници.

Ќе се зајакне и капацитетот на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија за вршење на инспекцискиот надзор во областа на управување со посебните текови на отпад.

Најзначајните активности во овој период ќе бидат посветено кон зајакнување и реорганизација на капацитетот на единиците на локална самоуправа со цел управување со отпадот на локално ниво. Согласно Планот за развој на институционалните капацитети за управување со животна средина на централно и локално ниво (2009-2011), во

општините, согласно големината, ќе се формираат посебно одделение одвоено од останатите комунални надлежности кое ќе ги врши функциите на општините во областа на управувањето со отпадот.

Во делот на зголемување на нивото на инвестиции и воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад се предвидува изработка на предфизибилити и физибилити студии и останата техничка документација за регионални депонии и изградба на регионални депонии.

Концептот за интегрирано регионално управување со комунален цврст отпад, согласно донесените плански документи во оваа област, ќе се планира преку постепено основање на организациона единица (демонстративен центар) за управување со комунален цврст отпад за избран регион како приоритетен пилот проект.

Во овој период ќе се продолжи со реализицијa на активностите за проектирање и изградба на објект за термичка обработка на посебен отпад.

Ќе се комплетира ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад.

Ќе се продолжи со поддршката на ЕЛС за изработка на планови и програми за управување со отпад и во нивна имплементација и во обезбедување на обуки за управување со отпад на локално ниво.

Во овој период ќе се спроведе јавна кампања за имплементирање на Законот за постапување со отпад од пакувања и ќе се реализираат обуки за управување со отпад од пакување на повеќе чинители во Република Македонија на централно и локално ниво.

Ќе се продолжи со контрола и издавање на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања и состојбата на терен.

Со цел обезбедување на оддржливост на новите комунални инфраструктурни објекти во овој период ќе се формира Регулаторно тело за комунални работи, согласно Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво 2009-2014.

Поддршка за ЕЛС во Република Македонија за реализација на проекти од областа на интегрирано управување со отпад, пред се во делот на изработка на физибилити студии, техничка документација и изградба на регионални депонии за управување со отпад и понатаму ќе се обезбедува преку годишната Програма за инвестирање во животната средина и програмите на МЖСПП во рамките на Буџетот на РМ.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во тек е реализација на следните проекти

- „Зајакнување на капацитетите за управување со отпадот во Република Македонија". Проектот се реализира преку билатерална институционална поддршка на администрацијата која работи на полето на животната средина, посебно во делот на управување со отпад, преку SIDASEPA. Пилот општина за овој проект е Гостивар, а од Шведска страна е општината Борланг. Во текот на проектот беа спроведени две посети ( октомври и ноември 2008) од страна на шведските претставници на министерство за животна средина и просторно планирање, ЗЕЛС и општина Гостивар. Вредноста на проектот е 155.000 евра со период на реализација од 01.01.2008 до 31.12.2009.

- Со финансиска поддршка на Норвешката Влада во износ од 200.003 евра, Регионалниот центар за заштита на животната средина во соработка со МЖСПП започна проект за Изработката на предфизибилити студии за интегрирано управување со отпад во југоисточниот регион и Полог со период на реализација од 01.01.2008 до 01.06.2009.

Во наредниот период потребна е поддршка за :

1. Изработка на физибилити студии и останата техничка документација за регионални депонии
2. Изградба на регионални депонии.
3. Изработка на Студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии
4. Изработка на Студија за изводливост за управување со опасен отпад ( собирање ,времено складирање и сегрегираните фракции на отпад , капацитети за транспорт, преработка на опасен отпад).
5. Изработка на акционен план и програма за управување со отпад од електрична и електронска опрема.
6. План со физибилити студија за поставување на систем за управување со употребувани возила и поврзан систем заверка-регистрација и уништување

7. Управување со цврстиот отпад во Југозападниот дел на Република Македонија.

### 3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година донесен е Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008), каде што се уредуваат прашањата на површинските води (водотеци, езера, акумулации и извори) и подземни води. Во законот се изврши транспонирање на Рамковната директива за води 2000/60/ЕЗ, Директивата 1976/160/ЕЗ, Директивата 91/676/ЕЗ, Директивата 98/83/ЕЗ, Директивата 98/83/ЕЗ, Директивата 91/271/ЕЗ, Директивата 1976/464/ЕЗ и Директивата 75/440/ЕЗ.

Започнати се активности за формирање на Национален Совет за води како советодавен орган во утврдувањето на политиката за води, како и активности за подготовка на План за постепено пренесување на надлежностите во управувањето со водите од МЗШВ во МЖСПП со програма за институционален развој.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во составот на Управата за животна средина Секторот за води е надлежен за планирањето и управувањето со водите, кој во текот на 2008 година се зајакна со нови вработени.

Надлежности во управувањето со водите, согласно стариот Закон за води има Управата за водостопанство орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, која ќе биде надлежна до крајот на 2009 година.

Во рамки на проектот за „Советување при спроведување на Рамковната Директива за води на Европската Унија во Република Македонија“, што се спроведува со поддршка на Германското друштво за техничка соработка – ГТЗ, започнаа активности за подготовка на подзаконски акти и план за институционален развој на Секторот за води во Управата за животна средина. Во текот на овој период беа спроведени четири работни мисии од страна на странски експерт со цел спроведување на обука и трансфер на знаења во делот на имплементација на ЕУ Рамковната директива за води на државните службеници кои работата во областа води во Република Македонија.

Воедно, обуката за имплементација на ЕУ Рамковната Директива за води и Планот за спречување од поплави, спроведен од страна на Холандската Влада преку МАТРА Програмата ја посетија четири лица од органите на државна управа кои работат во делот на водите.

Пречистителните станици, чија изградба започна во 2007 година, во Куманово и Кривогаштани се завршени и пуштени во употреба во 2008 година.

Со цел решавање на проблемот за загадувањето на реката Вардар од отпадните води од Градот Скопје, започната е изработка на Физибилити студија за пречистителна станица во Скопје финансирана од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), која се наоѓа во напредна фаза и за истата започната е и изработката на Студија за оцена на влијанието врз животната средина.

Во рамки на проектот за третман на отпадни води - Прилеп кој се реализираше преку ЕУ програмата КАРДС се изработи студија на изводливост (физибилити студија), анализа на оцена за влијанието врз животната средина (ОВЖС) и анализа на трошоци и приходи (кост бенефит анализа), како и финансиски анализи. Во октомври 2008 година (17.10.2008) до Европската комисија беше доставена ИПА апликацијата за изградба на пречистителна станица за третман на отпадни води - Прилеп.

Преку проектот за заштита на земјата, површинските и подземните води од загадување со хром во областа Јегуновце, се направи прочистување на бигор во пречистителната станица во Јегуновце.
До Европската агенција за животна средина - ЕЕА испратени се годишни податоци за квалитет на реките, езерата и подземните води во Република Македонија. Исто така се испратени податоци за количина и користењето на водите и квалитетот на отпадните води. Податоците беа испратени во бараниот формата согласно методологијата пропишана од ЕЕА и во бараниот термин.

Распишан е тендер за избор на изготвувач на катастарот на загадувачи на водите во Република Македонија. Истиот се однесува на ажурирање, надополнување и надградба на постоечката софтверска база од постоечкиот катастар на загадувачи на водите во Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се формира Национален Совет за води како советодавен орган во утврдувањето на политиката за води, како и Советите за управување со речен слив, за секој речен слив одделно.

Ќе се донесе Планот за постепено пренесување на надлежностите во управувањето со водите од МЗШВ во МЖСПП со програма за институционален развој.

Ќе се донесат подзаконските акти со кои се уредуваа подготовката на планските документи (Водостопанска основа, Стратегијата за води и Планот за управување со речен слив), а конкретно ќе се однесуваат на утврдување на методологијата за изработката, ревидирање и ажурирање на Водостопанска основа, исто така и за начинот на подготвување на плановите за управување со речните сливови, за содржината и начинот на подготвување на Програмата на мерки, за подготвување на информациите и на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите, како и за методологијата за проценката на речните сливови. Со овие подзаконски акти ќе се транспонираат барањата на Рамковната директива за води 2000/60/ЕЗ кои се однесуваат на подготовка на планот за речен слив.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се зајакне Секторот за води во Управата за животна средина, особено со зголемување на бројот на вработувања и обезбедување на обуки за подготовка на планските документи и за имплементација за Рамковната директива за води – 2000/60/ЕЗ, Директива за одведување и третман на отпадни води – 1991/271/ЕЗ, Директивата за вода за пиење – 1975/440/ЕЗ, Директива за заштита на водите од загадување предизвикано од нитратите од земјоделски извори – 1991/676/ЕЗ и Директивата за квалитет на водата за капење – 1976/160/ЕЗ.

Истовремено ќе се зајакне и Републичкиот завод за здравствена заштита со нови вработувања.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на водите, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, во овој период ќе започнат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на водите. Со формирањето на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот и квантитетот на водите ќе се интегрираат постојните мрежи (мониторинг станици) за мониторинг на водите кои се управуваат од Републичкиот завод за здравствена заштита, Управата за хидрометеоролошки работи и Хидробиолошкиот завод во Охрид.

Во овој период ќе започне да се спроведува реконструкција и изградба на пречистителни станици и други објекти финансирано од домашни буџетски средства. Исто така ќе започнат да се реализираат други проекти од животна средина преку користење на домашни буџетски средства со цел изработка на техничка документација за системи за третман на отпадни води, финансии и економски анализи, студии за оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и главни проекти. Во овој период ќе се започне со спроведување на активности заради заштита на квалитетот на водите на река Вардар од отпадните води кои се вливаат од територијата на општините Сарај, Ѓорче Петров и градот Скопје, заштита на бунарското подрачје Нерези – Лепенец и естетско уредување на коритото на река Вардар со изградба на каскади. Во рамки на овие активности се предвидува да започне изградба на пречистителна станица во Ѓорче Петров и општините Сарај (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки) и уредување на коритото со изведба на каскадни прегради по река Вардар во централно градско подрачје на град Скопје.

Во овој период ќе заврши проектот „Водоснабдување и пречистување на води во град Берово“, кој е финансиран од Швајцарската Влада со што ќе се реализираат следниве активности: Рехабилитација на водоводната мрежа, изградба на нов колектор од Берово до новата пречистителна станица и реализација на првата фаза од Пречистителната станица за Берово и околните села.

Во овој период ќе се изработи Физибилити студија за изградба на пречистителна станица во Скопје финансирана од JICA.

Во овој период ќе заврши проектот „Биосферен резерват Преспа парк“ финансирана од Германската Влада со што ќе биде остварена целата за Зајакнување на капацитетите на Управата на Националниот парк Галичица.

Исто така ќе се заврши проектот „Мониторинг на реките во Република Македонија - II фаза“ финансирана од Швајцарската Влада со што се реализирани следниве активности: реконструкција, доградба и осовременување на мониторинг системот на реките во Република Македонија со цел перманентно следење на квалитативно-квантитативните податоци за состојбата со водата во истите.

Во овој период ќе се заврши проектот „Советување при спроведување на Рамковната Директива за води на Европската Унија во Република Македонија, што се спроведува со поддршка на Германското друштво за техничка соработка – ГТЗ“, со што ќе се изработат: подзаконски акти поврзани со пропишување на содржината на планските документи во управувањето

со водите и план за институционален развој на Секторот за води во Управата за животна средина. Исто така во склоп на проектот ќе биде спроведена обука за 20 државни службеници за начинот на имплементација на ЕУ рамковната директива за води.

Во овој период ќе биде спроведена обука за подготовка на План за управување со речен слив за 40 лица на државно и локално ниво инволвирани во делот -управување со водите, обезбедено од TAIEX програмата.

Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет на водите во Република Македонија до Европската агенција за животна средина – ЕЕА.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период е планирано да се изработи Националната Стратегија за води, Водостопанската Основа на Република Македонија, како и планови за управување со речните сливови во Република Македонија.

Законот за водите создава правна основа за донесување голем број подзаконски акти.

Со донесувањето на подзаконските акти ќе се уредат условите со кои се дозволува отстапување од целите за квалитет на водната животна средина, посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадните води, како и ќе се определат водните тела за вода наменета за консумирање од страна на човекот. Ќе се определат заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот и зоните за капење, кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ, како и ќе се утврди формата и содржината на регистарот на заштитните зони на водни тела наменети за консумирање од страна на човекот и вклучувајќи ги и заштитните зони на вода за капење и начинот на нивното управување. Ќе се регулира изготвувањето на елаборат на границите на заштитните зони за води наменети за консумирање од страна на човекот и заштитните мерки, ажурирајќи на листата на зони за капење, заштитните зони за водни тела означени како води за рекреација, вклучувајќи ги и водите за капење, начинот на означување и користење на зоните за капење. Со правилниците ќе се регулираат критериумите, методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг на водите, начинот на информирање на јавноста за квалитетот на вода за капење, начинот и постапка за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата капење и консумирање од страна на човекот. Истовремено, ќе се определат критериумите за избор на мерни места за мониторинг на водите, условите, начинот и постапката за воспоставување и работење на државната и локалната мрежа за мониторинг на водите. Ќе се уреди начинот на обработката на земјиштето и вршење на други работни активности во заштитните зони што можат неповолно да влијаат врз состојбата на водното тело. Со правилник ќе се утврди методологијата и начинот на определување на референтните мерни методи и параметри и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води. Ќе се донесат и подзаконски акти со кои ќе се утврдат карактеристиките и критериумите за определување на добрата состојба на водата, хемиската состојба, еколошкиот потенцијал на водата на површинските води, условите за определување на вештачките и силно изменетите површински водни тела како и рокот за постигнување на добрата состојба на површинската вода. Ќе се утврдат критериумите и карактеристиките на добрата квантитативна и хемиска состојба на подземните води, како и потребните мерки за спречување и ограничување да се постигне добрата состојба на подземните води. Ќе се дефинира класификацијата и категоризацијата на водите, како и рокот за постигнување на целите на квалитетот на водите и минимум стандардите за квалитетот на води, граничните вредности на испуштање на опасни супстанци и ќе се определат границите на подрачјето на речните сливови. Ќе се направи и листа на загадувачките материи и супстанци, условите за инсталирање и работи на постројките кои работат со опасни материи и супстанци и начинот на нивно тестирање пред нивно пуштање во работа. Дел од подзаконските акти ќе бидат донесени во рамките на Проектот за зајакнување на институционалните капацитети на секторот вода во Република Македонија, што ќе се спроведува преку користење на средствата од ИПА - Компонента 1. Со подзаконските акти кои ќе се подготват со овој Проект во целост ќе се транспонираат барањата на Рамковната директива за води 2000/60/ЕЗ, Директива за одведување и третман на отпадни води – 1991/271/ЕЗ, Директивата за вода за пиење – 1975/440/ЕЗ, Директива за заштита на водите од загадување предизвикано од нитратите од земјоделски извори – 1991/676/ЕЗ и Директивата за квалитет на водата за капење – 1976/160/ЕЗ.

Дел од подзаконските акти кои ќе се донесат во овој период ќе ги уредат формата на образецот за барањето на добивање дозвола за испуштање на вода, потребната документација која се приложува кон барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата на испуштање на водата, што преставува дел од националното законодавство, но кои ќе бидат компатибилни со ЕУ директивите.

Ќе се донесат и одлуки врз основа на Законот за води, со кои ќе се определи листата на водните тела наменети за рекреација односно капење и забраната или ограничувањето на вршењето активности кои влијаат врз квалитетот на водите во зоните за капење.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со законот за води предвидено е формирање на тела за управување со водите по речни сливови како организациони единици во МЖСПП со цел постигнување на интегриран пристап во користењето на водите. Имено, по 01.01.2010 година Секторот за води во Управата за животна средина ќе се организира со посебни одделенија за секој речен слив во Република Македонија. Ќе се изврши зајакнување на Секторот за води и неговите одделенија со нови вработувања и спроведување на обуки. Воедно ќе се зајакне и капацитетот на Републичкиот завод за здравствена заштита со нови вработувања.

Ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на водите, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

Ќе започнат активностите на Проектот за зајакнување на институционалните капацитети на секторот вода во Република Македонија, што ќе се спроведува со користење на средствата од Компонента 1 од ИПА. Со овој Проект се планира подготовка на подзаконски акти со кои во целост ќе бидат транспонирани барањата на ЕУ Рамковната Директива за води 2000/60/ЕЗ и на директивите ќерки и ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите.

Со цел изградба на системи за третман на отпадни води, ќе се изработат физибилити студии за третман на отпадни води и ќе продолжи изградбата на колекторски системи и пречистителни станици во земјата, како и реализација на проекти за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите.

Редовно ќе се одржува и надградува мониторинг мрежата за водните тела во Република Македонија. Во текот на овој период ќе се надополни, ажурира и надгради софтверската апликација на катастарот на загадувачи на водите.

Исто така ќе бидат започнати активности неопходни за изработка на План за управување со речниот слив, како и изработка на пилот план за речен слив што е приток на речниот басен на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води.

Во овој период ќе продолжат да се реконструираат и да се изградат пречистителни станици и други објекти финансирани со домашни буџетски средства. Исто така ќе се реализираат други проекти од животна средина преку користење на домашни буџетски средства и ќе се изработи следново: техничка документација за системи за третман на отпадни води, финансии и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти. Во овој период ќе се изврши заштита на водите на река Вардар со изградба на пречистителни станици со кои ќе се прочистуваат отпадните води кои се вливаат од територијата на општина Сарај, Ѓорче Петров (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки). Ќе се изврши заштита на бунарското подрачје Нерези – Лепенец и естетско уредување на коритото на река Вардар со изградба на каскади во централното градско подрачје на град Скопје.

Ќе се продолжи со континуираното годишно доставување на обработени податоци за квалитет на водите во Република Македонија до Европската агенција за животна средина – ЕЕА.

Во овој период се очекува да се изнајдат дополнителни средства и да започнат активностите на Проектот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Гевгелија“. Вкупната вредност на проектот е 7.500.000,00 евра, од кои 2.000.000,00 евра се обезбедени од Грчката Влада и се работи на затварање на финансиската конструкција на проектот. Проектот ќе трае од 2010 до 2012 година.

Проектот „Изградба на ХС Злетовица“, што е донација на Јапонската Влада, во овој период ќе заврши со што ќе се реализираат следниве активности: Изградба на ХС Злетовица - (А+Б) фаза Брана Кнежево, изградба на пристапен пат и зафат од Кучешка река и наводнување.

Во овој период ќе заврши проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција“, поддржан од ГЕФ и УНДП со што ќе се постигне интегрирано управување со меѓународните извори на вода со цел постигнување на еколошки, економски и социјално одржлив развој.

Во овој период ќе заврши проектот “Еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани“, донација на Австриската Влада со што ќе се постигне еколошка санација и рационализација на геотермалниот

систем Геотерма во Кочани. Помошта е во стручни консултантски совети и техничка помош со што ќе се подобри заштитата на овој природен ресурс во Кочани.

Исто така ќе заврши проектот "Комунални води (загуби на вода и консолидација на секторот за отпадни води)", донација на Австриската Влада, со што ќе се постигне регулирање на загубата на води преку консолидација на секторот за отпадни води.

Во овој период ќе започнат активностите на проектот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа-Прилеп", финансиран од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3. Со проектот е предвидена изградба на пречистителна станица за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализационата мрежа во Прилеп. Средствата се обезбедени преку ИПА Компонента 3, ИПА компонента 1 -PPF и национално кофинансирање.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

- Проектот „Водоснабдување и пречистување на води во град Берово" што се реализира од 01.01.2006 до 31.12.2009 година. Проектот е финансиран од Швајцарската Влада во висина од 6.790.000,00 евра.
- Проектот „Изградба на ХС Злетовица" што се реализира од 01.11.2003 до 01.01.2010 година. Проектот е финансиран од Јапонската Влада во висина на 73.148.429,00 евра.
- Проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција", што се реализира од 01.01.2006 до 31.12.2010 година. Проектот е дониран од УНДП (ОН Програма за развој), во висина од 2.070.000,00 евра и домашна контрибуција од 210.000,00 евра.
- Проектот „Биосферен резерват Преспа парк", што се реализира од 01.01.2007 до 31.12.2009 година. Проектот е финансиран од Германската Влада и истиот е во висина од 1.530.000,00 евра
- Проектот „Мониторинг на реките во Република Македонија - II фаза", што се реализира од 01.01.2006 до 31.12.2009 година. Проектот е дониран од Швајцарија и истиот е во висина од 1.210.000,00 евра.
- Проектот „Еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани", што се реализира од 01.10.2006 до 30.06.2010 година. Проектот е дониран од Австрија и истиот е во висина од 1.440.000,00 евра и домашна контрибуција од 25.000,00 евра.
- Проектот за Комунални води (загуби на вода и консолидација на секторот за отпадни води), што се реализира од 01.01.2009 до 01.01.2012 година. Проектот е дониран од Австрија и истиот е во висина од 1.500.000,00 евра.
- Проектот за изработка на Физибилити студија за изградба на пречистителна станица во Скопје што се реализира од 01.09.2007 до 30.06.2009 година. Проектот е дониран од JICA и истиот е во висина од 1.528.455,00 евра.
- Проект „Советување при спроведување на Рамковната директива за води на Европската унија во Република Македонија" што се спроведува со поддршка на Германското друштво за техничка соработка-ГТЗ, во времетраење од 24 месеци од 01.01.2008 до 31.12.2009 година, во износ од 200.000,00 евра
- Проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа-Прилеп", што ќе се реализира од 01.11.2010 до 01.11.2012 година, во рамки на ИПА програмата , а е во вредност од 19.527.107,00 евра.
- Проект „Подготовка на главен проект и тендерска документација за изградба на пречистителна станица-Прилеп" што ќе се реализира од 01.07.2009 до 01.07.2010 година, во рамки на ИПА програмата, а е во вредност од 850.000,00 евра.
- Проект „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Гевгелија", што ќе се реализира во периодот од 2010 до 2012 година, вкупната вредност на проектот е 7.500.000,00 евра, од кои 2.000.000,00 евра се обезбедени од Грчката Влада и се работи на затварање на финансиската конструкција на проектот.

## 3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основен закон во областа на заштита на природата е Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06 и 84/07) во кој се транспонирани Директивата 79/409/ЕЗ на Советот од 2 април 1979 за заштита на дивите птици, Директивата 92/43/ЕЗ на Советот од 21 мај 1992 за заштита на дивата флора, фауна и природните живеалишта и Регулативата 338/97/ЕЗ на Советот од 9 декември 1996 за заштита на дивата фауна и флора преку регулирање на трговијата со нив (спроведување на CITES).

Со Законот за заштита на природата се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во 2008 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за прогласување на локалитетот Куклица за споменик на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/08) како ново заштитено подрачје со кое се

проширува мрежата на заштитени подрачја и го усвои Нацрт-Просторниот План за Охридско-преспански регион со кој се уредува и заштитата на природата и биодиверзитетот во овој регион.

Владата на Република Македонија ја прифати Одлуката за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за заштитено подрачје во категоријата строг природен резерват.

Донесена е Наредба за забрана за собирање заради користење и трговија на автохтони самоникни габи-смрчки.

Владата на Република Македонија ги усвои националните индикатори за животна средина во кои се вклучени три индикатори за заштита на природа и биолошката разновидност и тоа: индикатори за заштитени подрачја, разновидност на видови и за загрозени и заштитени видови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Активностите за заштита на природата во поглед на водење и креирање на политиката за заштита на природата, заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, управувањето со биолошката и пределската разновидност и природното наследство, ги врши Секторот за природа кој е формиран во Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање. Секторот за природа има три одделенија – Одделение за заштита на природното наследство, Одделение за уредување на просторот во заштитените подрачја и геодиверзитет и Одделение за биодиверзитет. Инспекцискиот надзор во природата го врши Државниот инспекторат за животна средина преку државни инспектори за заштита на природата кои вршат надзор над примената на мерките за заштита на природата.

Во овој период извршена е ревалоризација на строгиот природен резерват Езерани на Преспанско Езеро и валоризација на локалитетите Алшар и Моноспитовско Блато. Со цел исполнување на обврската од Законот за заштита на природата за ревалоризација на природното наследство и негова категоризација, изготвени се: Студија за природните вредности на строгиот природен резерват Езерани, Студија за биолошката разновидност на НП Галичица и Студија за геоморфологијата на НП Галичица. Со цел прогласување на нови заштитени подрачја изготвени се: Студија за валоризација на природните вредности на локалитетот Алшар и публикација за природните вредности на Моноспитовско Блато.

Заради изработка на План за управување со споменикот на природата Маркови Кули изготвени се Студија за биолошката разновидност и Студија за физичкогеографските карактеристики.

Исто така, заради покренување на постапка за впишување на споменикот на природата Маркови Кули во Листата на Светското наследство (УНЕСКО) изготвена е Компаративна анализа за универзалното значење на Маркови Кули.
Во националниот парк Пелистер извршен е мониторинг на преспанската пастрмка. За овој глобално загрозен вид изработен е Акционен план за заштита.

На подрачјето на НП Маврово воспоставен е мониторинг на балканскиот рис со што е утврдена бројноста на единките од овој вид и ареалот на движење на една единка.

Отворен е Информативен центар во Национален парк Пелистер. Пуштени се во употреба показно-едукативни патеки во НП Пелистер, НП Маврово и НП Галичица.

Со Проектот за развој на Емералд мрежата во Република Македонија идентификувани се преостанатите 20% од подрачјата од посебен интерес за зачувување односно 19 нови подрачја се вклучени во мрежата, со што се опфаќа површина од 29% од вкупната територија на Република Македонија. Со ова ќе бидат опфатени поголемиот дел од потенцијалните подрачја кои можат да бидат дел од идната еколошка мрежа Натура 2000.

Со цел зајакнување на капацитетите на Секторот за природа и на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја, во рамките на неколку проекти, како и на самостојните активности на секторот, спроведени се неколку обуки и изработени се неколку документи. Имено во рамките на проектот Развој и зајакнување на централната и локалната администрација во Балканскиот регион во делот за заштитени подрачја се одржани четири обуки од кои произлезе модел за изработка на План за управување со заштитено подрачје и модел за изработка на предлог проект за заштита на големите предатори во Република Македонија кои се од интерес за заштита на ЕУ. Во проектот Комуникација за заштита на природата, изградба на капацитети и пилот проекти одржана е основна обука и е изготвен Прирачник-Со комуникација до зачувување на природата.

Во проектот за Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија одржан е национален семинар за управување со заштитени подрачја со што се постигнати резултати за зајакнување на капацитетите во процесот на изготвување на Планови за управување со заштитени подрачја.

Во рамките на Проектот за шумска политика и економика одржани се неколку регионални и национални обуки со што се зајакнати капацитетите од областа на шумската политика и економика.

Преку проектот за едукација на службени лица и изработка на едукативен материјал за препознавање на габите и вишите растенија, вклучени во царинскиот тарифник (Одлука за распоредување на стоките на форми на увоз-извоз) на Република Македонија одржани се шест обуки за царинските службеници, преку кои се зајакнати институционалните капацитети во оваа област, преку изготвување на прирачник и два постери на кој се прикажани дивите видови кои се вклучени во комерцијалниот промет.

Во однос на капацитетите Секторот за природа  е зајакнат со четири нови вработувања од кои две се на неопределено време и две на определено време.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се донесат: Закон за прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за строг природен резерват, Закон за прогласување на локалитетот Локви за строг природен резерват, Закон за прогласување на дел од планината Галичица за Национален парк, Закон за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата, Закон за прогласување на локалитетот Моноспитовско Блато за споменик на природата, Закон за прогласување на локалитетот Острово за споменик на природа, Закон за прогласување на локалитетот Вевчански Извори за споменик на природа, Закон за прогласување на Дојранско Езеро за споменик на природата и Закон за прогласување на Преспанско Езеро за споменик на природа.

Ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на природата и со кои ќе се: определи формата и содржината на барањето, начинот и постапката за издавање дозвола за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови со што ќе се транспонираат следните ЕУ мерки: 31979L0409, 31992L0043; формата и содржината на барањето за издавање на дозвола за спроведување на научно истражување во природата на територијата на заштитено подрачје, постапка за нејзино издавање, како и формата и содржината на образецот на дозволата (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043); формата и содржината на образецот за барање за издавање на дозвола и сертификат за промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, видот, формата и содржината на образецот на дозволата и на сертификатот, како и потребната документација која се приложува кон барањето (ЕУ мерки: 31997R0338; 32001R1808); начинот и постапката за издавање на дозвола, како и видот на дозволата и сертификатот за промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, животни и нивни делови кои се употребуваат при прометот, како и определување на гранични премини преку кои може да се врши прометот (ЕУ мерка: 31997R0338); начинот на постапување при промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови од страна на царинските органи, другите надлежни органи и служби на граничните премини, научните и стручни институции како и на овластените депозитари на конфискуваните примероци при недозволен промет (ЕУ мерка: 31997R0338) и ќе се определат строго заштитените и заштитените диви видови (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043).

Во овој период исто така ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат како обврска од Законот за заштита на природата и со кој ќе се пропишат: податоците кои се запишуваат во катастарот на заштитени подрачја, начинот на водење и формата на образецот, на катастарот на заштитените подрачја,како и за начинот и можностите за користење на запишаните податоци;  податоците кои се запишуваат во регистарот на природното наследство, начинот на водење и формата на образецот, на регистарот на природно наследство, како и за начинот и можностите за користење на запишаните податоци; податоците кои се запишуваат во евиденцијата на промет и други активности со заштитени видови, начинот на водење и формата на образецот на евиденцијата на промет и други активности со заштитените видови, како и за начинот и можностите за користење на запишаните податоци; видовите и висината на трошоците за издавање на дозволи и сертификати за вклучување во меѓународната трговија на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, во кои директно не се вклучени ЕУ мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2009 година ќе се спроведат обуки за зајакнување на капацитетите за: водење на катастар на заштитени подрачја и регистар на природно наследство, изработка и спроведување на Планови за управување со заштитени подрачја, за развивање на институционални капацитети за ефикасно воспоставување, планирање и управување со мрежата на заштитени подрачја и индивидуалните заштитени подрачја во рамките на мрежата, за постапување при имплементација

на CITES Конвенција и Регулативата, за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежи (Емералд). Исто така, ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов кадар.
Ќе се основа Национален совет за заштита на природата заради следење, остварување и унапредување на заштитата на природата и користењето на природното богатство како обврска која произлегува од Законот за заштита на природата.

Ќе се зајакнат капацитетите на Јавните установи Национален парк Пелистер, Маврово и Галичица каде во управните одбори ќе се номинираат по два претставника од Министерството за животна средина и просторно планирање, обврска која произлегува од Законот за заштита на природата.

Ќе се изврши ревалоризација на строгиот природен резерват Тиквеш, споменикот на природа Кањон Матка, споменикот на природата Белешничка Река, дел од планината Водно и валоризација на планината Јабланица. Ќе се изготват студии за: строгиот природен резерват Тиквеш, природните вредности на планината Јабланица, споменикот на природа Кањон Матка, геодиверзитет на споменикот на природата Куклица и за природните вредности на дел од планината Водно.

Во 2009 година ќе се изработи План за управување со: НП Галичица, Споменикот на природата Маркови Кули, Споменикот на природа Кањон Матка, Строгиот природен резерват Тиквеш и ќе започне изработка на План за управување со споменикот на природата Куклица.

Ќе се објават публикации за најзначајните вредности на природното наследство на Република Македонија и публикација за бисерите на пикермиската фауна во Македонија. Исто така, ќе се изготви брошура за Емералд подрачјата во Република Македонија.

Заради увид на состојбата на природното наследство ќе се изврши проспекција на објектите на природата евидентирани во Просторниот план на Македонија како природно наследство, за кои што ќе се земат картографски податоци и ќе се определат граници за заштита. Ќе се изврши просторна идентификација на границата и зонирање во НП Галичица, Јабланица, Водно,Белешничка Река и Моноспитовско Блато.

Ќе започне изготвување на национална програма и методологија за мониторинг на природата. Ќе започне изготвување на национални индикатори за природа и биодиверзитет.

Ќе започне изработка на Национална стратегија за заштита на природата со Акционен план, чија цел ќе биде да се заштити и зачува природата на Република Македонија во изворна состојба и да се обезбеди нејзина одржлива употреба, спроведувајќи ги при тоа принципите и механизмите на одржлив развој.

Ќе се изработи Акционен план за заштита на биолошката разновидност заради спроведување на мерките и активностите кои произлегуваат од Стратегијата за заштита биолошката разновидност.

Ќе започне изготвување на листа на загрозени видови (црвена листа) со која ќе се утврди категоријата на нивната засегнатост и црвена книга во која ќе бидат дадени описите, распространувањето, мерките за подобрување на состојбата на засегнатите видови и другите карактеристики на видовите, што претставува обврска од Законот за заштита на природата.

МЖСПП во соработка со Шведската агенција за животна средина (SIDA) ќе продолжи со реализација на проектот за зајакнување на капацитетите на Секторот за природа во однос на барањата кои произлегуваат од имплементирањето на ЕУ acquis за природа.

Во рамките на проектот „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја на Македонија„ (ГЕФ/УНДП/МЖСПП), ќе се спроведуваат обуки за зајакнување на капацитетите на институциите кои управуваат со заштитените подрачја со цел зајакнување на националните системи од аспект на сеопфатно познавање на проблематиката и примената на соодветни технологии; поддршка и развој на порепрезентативна мрежа на заштитени подрачја; зајакнување на алатките за поддршка на процесот на одлучување неопходни за обезбедување на законскиот статус на заштитените подрачја во рамките на мрежата и нивно проширување и локално тестирање на алатките за носење одлуки во процесот на повторно прогласување на две пилот заштитени подрачја. Проектот е насочен на две пилот заштитени подрачја, споменик на природата Кањон Матка и строгиот природен резерват Тиквеш.. Исто така, ќе се соберат податоци за биодиверзитетот на национално ниво.

Во рамките на проектот „Поддршка на Национален парк Галичица'' ќе се изработи предлог програма за мониторинг, приспособување на планот за шуми, изработка на долгогодишен план и програма за управување со цврстиот отпад и програма за едукација.

Во рамките на проектот „Развој на Национална еколошка мрежа" ќе се изготви основен документ за еколошките мрежи, ќе се одржи иницијална работилница, ќе се изготви студија за кафеавата мечка и подготовка на кампања.

Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2010 година ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за заштита на природата со што ќе се изврши понатамошно транспонирање на следните ЕУ мерки: 31979L0409, 31992L0043, 31997R0338, 31999L0022.

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се донесат Закон за прогласување на Езерани на Преспанското Езеро за строг природен резерват, Закон за прогласување на Тиквеш за строг природен резерват, Закон за прогласување на планината Јабланица за национален парк, Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, Закон за прогласување на Маврово за национален парк, Закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата, Закон за прогласување на Кањонот Матка за споменик на природа, Закон за прогласување на Колешински Водопад за споменик на природа, Закон за прогласување на Катлановско Блато за споменик на природа, Закон за прогласување на Белчишко Блато за споменик на природа, Закон за прогласување на Белешничка Река за споменик на природа, Закон за прогласување на Водно за заштитено подрачје, Закон за прогласување на Мариово за заштитено подрачје, Закон за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје, Закон за прогласување на дел од Малешевските планини за заштитено подрачје.

Во предвидениот период ќе се донесат подзаконски акти во кои ќе се транспонираат релевантните ЕУ мерки од оваа област. Ќе се изготви Листа на меѓународно засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови чиј промет се регулира со сертификат (ЕУ мерка: 32001R1808); Листа на диви видови растенија, габи, животни и нивните делови кои се прогласени за засегнати и/или заштитени на ниво на Европската Унија или во други Европски земји чиј промет се регулира со дозвола (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043; 31997R0338); ќе се определи начинот и постапката под кои може да се врши ограничено и на селективна основа земање, чување и на друг начин користење на одредени строго заштитени диви видови во мали популации, во услови на строг надзор (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043),ќе се определат мерките и активностите за заштита, начинот и обемот на користење на заштитените диви видови (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043); ќе се утврди еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори и меѓународно еколошки значајните подрачја, како и начинот на нивно управување на територијата на Република Македонија (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043; 31997D0266); ќе се утврдат мерките за заштита и начините на градење и одржување на премините (ЕУ мерка: 31979L0409; 31992L0043); ќе се утврди методологија за мониторинг на состојбата со природата (ЕУ мерки: 31979L0409; 31992L0043).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов кадар. Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Истовремено ќе се започнат активности за воспоставување на електронски бази на податоци, катастар на заштитени подрачја, регистар на природно наследство, евиденција на промет со заштитени видови, како и воспоставување континуиран мониторинг врз основа на соодветна методологија и организирање на мрежа на институции за мониторинг како и одредување на начин на прибирање/доставување на податоци.

Во предвидениот период ќе се спроведат обуки за: утврдување методологија за вршење мониторинг на природата, водење на база на податоци за природното наследство, за развивање на институционални капацитети за ефикасно воспоставување, планирање и управување со мрежата на заштитени подрачја и индивидуалните заштитени подрачја во рамките на мрежата, за подигнување на јавната свест за значењето на еколошките мрежи (Натура 2000), за спроведување на мерките на ЕУ за заштита на природата, за прибирање и обработка на податоци за заштитени подрачја во ГИС форма и за управување со податоци за биодиверзитетот.

Со цел зголемување на процентот на заштитени подрачја на национално ниво Секторот за природа ќе изврши ревалоризација на објектите на природата Маврово, Охридско Езеро, Колешински Водопад, Катлановско Блато, Белешничка Река и валоризација на дел од Шар Планина, Белчишко Блато, Мариово, дел од Осоговските Планини, дел од Малешевските Планини и за истите објекти на природата ќе се изготват студии за природните вредности.

Ќе се изработи План за управување со Национален парк Маврово, споменикот на природата Охридското Езеро, спомeник на природата Смоларски Водопад, споменик на природата Преспанско Езеро, споменик на природата Дојранско Езеро, споменик на природата Вевчански Извори и споменик на природата Алшар. Ќе се изврши просторна идентификација на границата и зонирање на заштитени подрачја. Ќе се идентификуваат и означат на карта значајните шумски области во РМ со што ќе се добие листа на значајни шумски области. Ќе се утврдат рефугијални региони на шумска вегетација со што ќе се создадат услови за заштита на значајни елементи од биолошката разновидност.

Заради увид на состојбата на природното наследство ќе се изврши проспекција на објекти на природата евидентирани во Просторниот план на Македонија како природно наследство, за кои што ќе се земат картографски податоци и ќе се определат граници за заштита.

Ќе се донесе национална програма и методологија за мониторинг на природата. Ќе се донесат национални индикатори за природа и биодиверзитет.

Исто така, ќе се донесе Национална листа на загрозени диви видови со која ќе се утврди категоријата на нивната засегнатост и ќе се изработи Црвена книга на Република Македонија.

Воспоставување и одржување на Катастар и карта на заштитени подрачја со што ќе се евидентираат утврдените заштитените подрачја, како и нови кои ќе се идентификуваат. Ќе се добијат материјали, публикации и сумарен извештај за катастарот и картите.

Ќе се објават публикации и друг пропаганден материјал за природното наследство.

Ќе се донесе Национална Стратегија за заштита на природата со Акционен план согласно Законот за заштита на природата.

Во рамките на проектот „Развој на Национална еколошка мрежа'' ќе се изврши идентификација и означување на карта на еколошки коридори и подрачја за ревитализација кои ќе ги поврзат постоечките клучни подрачја и заштитни зони од национално значење што ќе обезбеди еколошка поврзаност, ќе се изврши промовирање на еколошката мрежа и Пан-европската еколошка мрежа преку развивање на План за управување со еколошките коридори за крупните ѕверови.

Во рамките на компонента 1 од ИПА проектот „Зајакнување на националните административните капацитети за заштита и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство'' ќе се зајакнат административната капацитети за спроведување на обврските од директивата за птици и директивата за хабитати, ќе се утврдат начините на собирање на податоците за биодиверзитетот и воспоставување на информативен систем за управување со податоците за биодиверзитет. Во рамките на овој проект ќе се донесат дел од подзаконските акти.

Во рамките на проектот „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени области на Македонија„ (ГЕФ/УНДП/МЖСПП) ќе се воспостави национален информативен систем за биодиверзитет.

Во рамките на проектот „Поддршка на Национален парк Галичица'' ќе се подобри управувањето со НП Галичица со што ќе се даде придонес за заштита на биолошката разновидност во преспанскиот регион.

Во рамките на проектот Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово ќе се подобрат животните услови на жителите на Националниот Парк Маврово преку стратегија на партиципативно управување со природните ресурси и заштита на животната средина насочена кон одржливо управување на природните и амбиентални вредности од обласа и промоција на иницијативи на локален развој.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Тековни проекти кои се спроведуваат со странска поддршка се следните:

1.Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени области на Македонија (ГЕФ/УНДП/МЖСПП). Проектот ќе трае до 2010 година и е во износ од 1 000 000 УСД обезбедени преку ГЕФ.

2.Заштита на животната средина, економски развој и промоција на оддржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово, финансиран од Министерство за надворешни работи на Р. Италија, во соработка со Националниот парк Маврово, општината Маврово-Ростуше и Министерството за животна средина и просторно планирање,. Проектот ќе се реализира во периодот од 2009-2011 години и е во износ од 3.000.000 евра.

3.Подршка на Национален парк Галичица финансиран од KfW Банка, во соработка со НП Галичица, општина Охрид, општина Ресен и Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот ќе се реализира во времетраење од 2008-2010 година и е во висина од1.533.000 евра

4. Развој на Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) започна се реализација во јули 2008 година, со финансиска поддршка од ББИ Матра фондот од Холандија. Проектот е координиран од Европскиот центар за заштита на природата (ЕЦНЦ), а ќе го спроведува Македонско еколошко друштво со поддршка и во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот ќе се спроведува 3 години и е во висина од 100.000 евра.

## 3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, во текот на 2008 година во МЖСПП се доставени вкупно 28 барања за добивање А дозвола за усогласување со оперативен план и 5 барања за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 93. Со ова повеќе од 75 % од инсталациите имаат поднесено барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план. Издадени се две А дозволи за усогласување со оперативен план и тоа на Фени Индустри -Кавадарци и СИЛМАК - Јегуновце. Во тек е издавањето на Б дозволата за усогласување со оперативен план на “МАКАЉБ“ Компани - Скопје. Започната е постапката за преговарање за постигнување согласност за содржината и рокот за реализација на оперативниот план со ФЗЦ “11 Октомври“ - Куманово за издавање А дозвола за усогласување со оперативен план. Во фаза на разгледување се 27 барања за добивање дозвола за усогласување со оперативен план. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање на интегрирана еколошка дозвола.

Во делот на Спречување на хавариите со присуство на опасни супстанции, изработен е Нацрт Акционен План за имплементација на основните задачи на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи, со временската рамка на истиот. Имплементацијата на Нацрт акционен план ја координира Министерство за животна средина и просторно планирање во соработка со сите релевантни институции, а ја контролира интерстекторската работна група.

Во делот на санација на индустриски жешки точки, се реализира проектот “Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане“, финансиран од Холандска Влада, а имплементиран преку УНДП. Проектот е дел од регионалниот проект “Зајакнување на капацитетите на земјите од Западен Балкан во процесот на интегриран пристап кон еколошките жаришта“. Воедно обуката за решавање на жешките точки што беше организирана во рамките на овој проект во Република Чешка и Република Бугарија ја проследија вработените во министерството.

Со поддршка на Чешката Агенција за Развој се реализира проектот за решавање на старото индустриско загадување во ОХИС- Скопје. Извршени се анализи на почва, подземни и површински води и почвен гас. Изготвена е оценка на ризикот, како и 4 физибилити студии со предлог решенија. Континуирано работење на пречистителната станица во СИЛМАК - Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце.

Со цел промовирање на еколошкото означување, спроведена е јавна кампања за донесување на критериумите за доделување на еколошка ознака за туристичко сместување и за детергенти за рачно миење на садови, што беше подржана од Британската Амбасада во Скопје. Критериумите за туристичко сместување и за детергенти за рачно миење на садови беа донесени во декември 2008 година и јануари 2009 година. Воедно, изработени се студии за донесување на критериуми за доделување на еколошка ознака за бои и лакови, текстил и мебел. Формирана е нова Комисија за доделување на еколошка ознака. Во делот на EMAS, со цел запознавање со функционирањето и активностите на EMAS Комитетот и нивна имплементација во Република Македонија, учествувано е на состаноците на EMAS Комитетот.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во МЖСПП/Управа за животна средина во Секторот за Индустриско загадување и управување со ризик (ИСКЗ), Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето врши спроведување на постапката за издавање А дозвола за усогласување со оперативен план и А интегрирани еколошки дозволи, како и за Б дозволи за усогласување и Б интегрирани еколошки дозволи за инсталации што се наоѓаат во заштитени подрачја. Одделението во овој период се зајакна со пет нови државни службеници, а истовремено се посетија повеќе семинари и обуки кои се однесуваа на контрола на индустриското загадување и управување со ризик.

Одделението за хемикалии и индустриски несреќи е надлежно за издавање на дозволи за увоз/извоз на одредени групи на хемикалии и преземање активности за спречување и контрола на индустриските несреќи. Ова одделение е одговорно за

процесот на ратификација и имплементација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи, како и ги води работите што се поврзани со имплементација на Директивата 96/82/ЕС. Одделението за хемикалии и индустриски несреќи во 2008 година се зајакна со вработување на еден државен службеник

Во рамките на Секторот постои и Одделението за управување со ризик и атмосфера кое е надлежно за управувањето со идентификуваните жешки точки во Република Македонија, како и за преземање мерки за имплементација на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за климатски промени, протоколот од Кјото и Директивата за големи постројки за согорување 2001/80/ЕЗ и Директивата за растворувачи 1999/13/ЕЗ. Ова одделение исто така е надлежно за евиденција на испуштањата на гасови во атмосферата кои се следат согласно Конвенцијата за климатски промени.

Одговорен за промовирање и спроведување на еколошкото означување и на ЕМАС е Одделението за стандарди во Секторот за ЕУ, кое беше зајакнато со еден вработен во текот на 2008 година.

Во рамки на Проектот Развој на санациски планови со финансиски барања за елиминација на индустриски жешки точки, финансиран од ЕУ програми – КАРДС 2006, се изработени плановите за ремедијација со финансиски барања за елиминација на 4 најприоритетни индустриски жешки точки во Република Македонија и тоа за: АД Охис (органска хемиска индустрија) -Скопје, МХК Злетово (Топилница за олово и зинк) Велес, СИЛМАК (поранешен Југохром) Јегуновце и Макстил (фабрика за железо и челик) - Скопје Во рамките на проектот "Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане", изработен е проект за решавање на загадувањето во рудникот Бучим, кој дава 5 детални можни методологии со финансиски импликации и еколошки одржливост за реализација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за животна средина, а во врска со спроведувањето на постапката за добивање А интегрирана еколошка дозвола, во овој период се планира заокружување на правната рамка со донесување на подзаконски акти од областа на ИСКЗ. Во овој период ќе се извши измени и дополнувања на Законот за животна средина, во поглавјето за интегрирани еколошки дозволи, со цел да се надминат одредени процедурални прашања поврзани со издавањето на дозволите, како и да се прошири правната основа за донесување на неколку подзаконски акти. Ќе се донесе Уредба за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава А интегрирана еколошка дозвола. Ќе се пропишуваат супстанциите, како и нивните емисии од инсталацијата за кои задолжително се води сметка при пропишувањето на граничните вредности во А-интегрираната еколошка дозвола, со што ќе се изврши транспонирање на Анекс III од Директивата за ИСКЗ (Directive96/61/EC). Ќе започне да се води регистарот на А интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план

Во овој период ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање дозвола за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт дозволи за истите. Истовремено ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план. Ќе започнат да се спроведуваат и преговори со инсталации со цел утврдување на условите во дозволите.

Во овој период ќе се донесе Правилник за содржина на внатрешни и надворешни планови за вонредни состојби и Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна, со што се транспонира Анексот IV и I од СЕВЕСО II Директивата ( Директива 96/82/ЕЗ).

Со цел да се обезбеди стратешки интегриран пристап во управувањето со индустриските несреќи, ќе се донесе Закон за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи.

Во областа на еколошкото означување, ќе се донесат критериумите за доделување на еколошка ознака за бои и лакови, текстил и мебел, како и ќе бидат изработени студии за уште три еколошки критериуми.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Бројот на вработените и нивното искуство во Секторот за индустриско загадување и управување со ризик се уште е недозволен за да гарантира квалитетно и навремено спроведување на процедурата за издавање интегрирани еколошки дозволи и управување со индустриски несреќи, поради што е потребно зајакнување на Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, Одделението за хемикалии и индустриски несреќи и Одделението за атмосфера и управување со ризик со нови вработувања и со спроведување на обуки.
Во овој период се предвидува обука во делот на изготвување и пишување на интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план на централно ниво за А интегрирани еколошки дозволи и на локално ниво за Б интегрирани еколошки дозволи.

Ќе се формира Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники заради определување за најдобри достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи, како и ќе се назначуваат истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина. Комисијата ќе работи согласно претходно дефинирана Програма за работа. Во овој период ќе се донесат национални референтни документи (водичи) за најдобрите достапни техники, кои ќе преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.

Во делот на индустриски несреќи, ќе се спроведуваат обуки за имплементација на основните задачи на Конвенцијата за прекуграничното влијание од индустриски несреќи.

Ќе се зајакне со нови вработувања Одделението за стандарди во Секторот за ЕУ, како и со спроведување на обуки поврзани со донесување на стандарди во областа на животната средина.

Со цел подигнување на еколошкото означување Министерството за животна средина и просторно планирање заедно со Министерството за економија ќе се разгледаат и утврдат можностите од изнајдување на погодности и стимулации за поттикнувањето на производителите за воведување на еколошкото означување на производи и услуги, како и во преземање на активности за подигнување на јавната свест кај граѓаните за промовирање на т.н. зелена потрошувачка (јавни кампањи, делумно покривање на трошоците за воведувањето на еколошко означување и сл).

Во поглед на EMAS ќе се оствари обука со поддршка од Владата на Република Словенија, како и ќе се започне со изготвување на анализа за воспоставување на EMAS во Република Македонија.

Ќе продолжи континуираното работење на пречистителната станица во СИЛМАК -Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце.

Ќе продолжат активностите за реализација на проектот "Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане". Врз основа на изработениот проект за решавање на загадувањето во рудникот Бучим, кој дава 5 детални можни методологии со финансиски импликации и еколошки одржливост за реализација, Националниот Управен комитет ќе одлучи која методологија ќе биде избрана за реализација на проектот. Во рудникот Лојане, врз основа на веќе изготвените физибилити студии ќе се изготви техничко решение и санација на самата локација. Проектот ќе придонесе кон решавање на некои од определените жешки точки во Република Македонија а со тоа и обезбедување на здрава животна средина за населението кое живее во близина на тие подрачја. Истовремено проектот ќе овозможува обука за решавање на еколошките жешки точки на инволвираните страни на проектот.

Ќе се извршуваат хемиски анализи за испитување на загадената почва околу рафинеријата ОКТА. Врз основа на добиените резултати ќе се изготви Студија за проценка на историското загадување во територијата на рафинеријата ОКТА.

Ќе заврши реализацијата на проектот финансиран од Чешката Агенција за Развој за решавање на старото индустриско загадување во ОХИС- Скопје. Врз основа на предложените алтернативи, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се одлучи за една од алтернативите, за која ќе се изработи детален проект со финансиски импликации за изведување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се направи анализа на промените во ЕУ законодавството поврзано со интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со цел негово транспонирање во законодавството на Република Македонија. Особено ќе се земе во предвид новиот приод кон намалување на регулативата и интегрирање на законските и процесните решенија, заради поедноставување на постапката на контрола и надзор над инсталациите.

Ќе се воспостави Регистар на операторите на инсталации кои се под режимот на контрола на индустриски несреќи и хаварии.

Во овој период ќе се работи на избор на најсоодветното решение и обезбедување на потребните финансиски средства за санација на 4 најприоритетни индустриски жешки точки, согласно изработените планови за ремедијација со финансиски барања за нивна елиминација.

Ќе продолжат активностите за реализација на проектот "Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане".

Ќе се донесе Национален план за превенција и контрола на индустриските несреќи. Појдовна точка за изработка на овој документ ќе биде Нацрт Акционен План за имплементација на основните задачи на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се продолжи со зајакнување на капацитетите на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик со нови вработувања, како и зајакнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа. Во овој контекст, а во врска со имплементација на ИПА Компонента 1 планиран е проект за зајакнување на централните и локалните административни капаците за управување со отпад поврзани со аспектите на ИСКЗ и ОВЖС, кој се планира да започне во 2010 година Ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи, управување со индустриски несреќи како и обука за решавање на жешките точки во централно и локално ниво.

Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план, која ќе треба да се заокружи во овој период.

Во овој период се очекува да се започне со конкретна реализација на изработените планови за санација со цел елиминација на жешките точки.

Во овој период ќе продолжат активностите за реализација на проектот "Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане". Ќе заврши ремедијацијата на рудникот Бучим и Лојане, со што ќе се решаваат две од значајните историски загадувања во Република Македонија. Имено ќе се воведе систем за интегрирано управување со води во рудникот Бучим со спречување на испуштање на загадените води надвор од подрачјето на рудникот Бучим и рекултивација на хидројаловиштето. Во делот за Лојане ќе се врши санација на хидројаловиштето и старата индустриска депонија.

Ќе продолжи континуираното работење на пречистителната станица во СИЛМАК -Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во тек е реализацијата на следните проекти:

- Проектот за решавање на старото индустриско загадување во ОХИС- Скопје во вредност од 330.000 ЕУР е финансиран од Чешката Агенција за Развој. Проектот ќе трае до крајот на 2009 година
- Проектот "Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане". Проектот во вредност од 2.118.840 USD е финансиран од Холандската Влада а се имплементира преку УНДП. Проектот ќе биде кофинасиран во делот за ремедијација на Бучим од самиот сопственик со 573.000 ЕУР, додека во делот за Лојане, МЖСПП кофинансира од буџетот 6.000.000, денари. Проектот ќе трае до крајот на 2010 година.

## 3.27.7 ХЕМИКАЛИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07) донесени се Правилник за поблиските услови по однос на простор, опрема и кадар кои треба да ги исполнуваат правните лица кои произведуваат опасни хемикалии („Службен весник на Република Македонија„ бр. 132/08) и Правилник за посебните услови кои треба да ги исполнуваат во однос на простор и опрема за правните лица кои вршат промет со опасни хемикалии („Службен весник на Република Македонија"бр.132/08). Овие правилници не транспонираат ЕУ законодавство но се правна основа за формирање база на податоци на правните субјекти кои се вклучени во управувањето со хемикалии како и со производството на хемикалиите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежна институција за управување со хемикалии во Република Македонија е Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство кој ги следи позитивните искуства во регулативата од областа на производството и прометот со хемикалиите, ја следи состојбата во областа на производството, прометот, сместувањето и чувањето на хемикалиите и презема мерки за подобрување на состојбата; го следи ставањето на хемикалиите во промет и ја спроведува постапката за распоредување на хемикалиите во група на опасност според степенот на опасност; ги следи податоците за хемикалиите и учествува во изготвување на потребната правна регулатива од областа на хемикалиите. Бирото за лекови исто така е надлежно за постапката за издавање на дозволи за увоз и извоз на хемикалиите/

препарати/биоциди/прекурзори, како и за одобрението за вршење на дејноста промет со опасни хемикалии и производство на хемикалии.

Со Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/04, 40/07) се направи база на правните лица кои се оператори и кои вршат промет со хемикалии /прекурзори.

Во јануари 2008 година се формира Комисија за хемикалии која е надлежна за класификација и нотификација на хемикалии и биоциди.

Капацитетите на Центарот за Информирање за труење од хемикалии беа зајакнати преку вработување на 18 лица.

Во рамки на проектот „ Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010, во декември 2008 беше потпишан договор помеѓу Шведската агенција за хемикалии - Кеми и Бирото за лекови. Со овој проект се обезбедува поддршка во транспонирањето на Европското право во националното законодавство, организирање обуки за администрацијата, индустријата и сите засегнати страни кои управуваат со хемикалиите или со ризикот од употребата на опасните хемикалии регулирани со Конвенцијата за хемиско оружје и Ротердамската Конвенција за увоз и извоз на токсични хемикалии. Во рамки на овој проект во 2008 беа реализирани 2 обуки со цел зајакнување на капацитетите на државните службеници при Бирото за лекови, МЗ, МЖСПП, експерти при научни институции (Фармацевтскиот Факултет и Клиника за токсикологија) во изготвувањето на подзаконските акти од областа на хемикалии, како и давање на предлози за измени и дополнувања на Законот за Хемикалии.

Во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање/Управа за животна средина е формирано Одделение за хемикалии и индустриски несреќи. Одделението се занимава со контрола на увозот/извозот на хемикалиите согласно Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 158/07). Покрај ова работи на координација на управувањето со конкретни групи на хемикалии: супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и перзистентни органски загадувачи преку имплементација на Националната програма за елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка и Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентните органски загадувачи во Република Македонија. Одделението е вклучено во изработката на Национален хемиски профил, приоритети и акциони планови во рамките на имплементацијата на проектот Воведување на безбедното управување со хемикалиите во Националното развојно планирање согласно Милениумските развојни цели.

На полето на управувањето со супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка постигната е елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (CFCs) од над 98% преку имплементација на конкретни проекти скоро во сите економски сектори каде овие супстанции наоѓаат примена. За оваа цел се спроведени голем број на обуки, подготвени се прирачници и доделена е опрема за собирање на CFCs.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во првиот квартал на 2009 година ќе се донесе Националната листа на нови и веќе класифицирани супстанции кои се во промет на територија на Република Македонија. Националната Листа ја утврдува МЗ во согласност со МЖСПП и МЗВШ.

Исто така ќе се донесе Закон за ратификација на Ротердамската конвенција со што ќе се уреди процедура за претходно добивање на согласност за одредени опасно хемикалии и пестициди во меѓународниот промет.

До крајот на 2009 година ќе се подготви Правилник за управување со супстанците кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Се предвидува зајакнување на институционалните капацитети на Бирото за лекови со формирање на нов Сектор за управување со хемикалиите. Во рамките на Секторот ќе биде формирано и одделение кое ќе врши инспекциски надзор над постапувањето со хемикалии.

Во овој период ќе се спроведе обука на вработените за новите постапки врзани со Законот за хемикалии и изработката на подзаконскиот акт.

Заради подобрување на интерсекторската соработка за спроведување на Законот за хемикалии предвидено е формирање на интерсекторско тело за хемикалии од страна на Владата на Република Македонија кое ќе е составено од претставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.

Во овој период предвидено е да започнат активностите за трансформирање на Бирото за лекови во Агенција за лекови. Заради ова ќе се прави анализа на организационата структура на Бирото за лекови, на институционалната поставеност, на кадровската екипираност и опремување. Агенцијата за лекови се очекува да биде етаблирана во почеток на 2010 година.

Исто така, ќе се формира база на податоци на сите правни лица кои што вршат дејност производство и промет со хемикалии, согласно Законот за хемикалии и подзаконските акти.

Во рамки на проектот „ Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010, предвидено е одржување обуки за вработените во МЗ,МЖСПП, МЗШВ, Научни институции, како и за правните лица кои произведуваат хемикалии и/или пуштаат хемикалии во промет, другите корисници на хемикалии, со цел запознавање со управувањето со ризикот од хемикалии согласно обврските кои произлегуваат од REACH Регулативата. Исто така предвидено е присуство на меѓународна обука за Стратегија за управување со хемикалиите.
Во овој период ќе се изработи Упатство - безбедносен лист за хемикалии и препарати, кое е поврзано со ЕУ Директивата 1991/155 за безбедносен лист.
Во овој период ќе продолжи да работи Комисијата за хемикалии.

Во месец март 2009 година ќе се одржи TAIEX работилница која се однесува на имплементирање на REACH регулативата.

Во однос на заштитата на озонската обвивка со цел на елиминацијата на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка (CFCs) влегува во сила забраната на увозот на супстанциите од Анекс А Група I на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка. .

Во овој период ќе се подготови е Национален хемиски профил, приоритети и акциони планови во рамките на имплементацијата на проектот Воведување на безбедното управување со хемикалиите во Националното развојно планирање согласно Милениумските развојни цели. Заради негово подготвување активно ќе се работи на вклучување на сите инволвирани чинители во процесот на управување со хемикалиите во сите фази од нивниот животен циклус преку формирање на работни групи (индустриски хемикалии, агро-хемикалии, влијание врз здравјето на хуманата популација).

Во врска со ПХБ активно се ќе работи на редукција и елиминација на заканите од оптоварувањата на здравјето на луѓето и животната средина предизвикани од ПХБ преку воспоставување на систем за еколошки прифатливо отстранување на ПХБ и опремата која содржи ПХБ, вклучувајќи легислатива, градење на капацитети на институционално и техничко ниво, подигање на јавната свест и асистенција во процесот на елиминација на опремата која содржи ПХБ во три селектирани демонстрациони локации.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период предвидено е изготвување и донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за хемикалии. Воедно ќе се изврши анализа заради приспособување на националното законодавство во однос на имплементирањето на REACH регулативата.

Исто така ќе се работи на изработка и донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии и со кои ќе се транспонираат Директивата 67/548/ЕЕЗ за класификација, означување и пакување на опасни хемикалии, Директивата 2004/10/ЕЗ за добра лабораториска пракса. Имено, со подзаконските акти ќе се уреди постапката за утврдување на опасните својства на хемикалиите, како и ќе се утврди проценката на ризикот од хемикалиите врз здравјето на луѓето и врз животната средина, ќе се утврди начинот на тестирањето на физичко – хемиските, токсичните и еко токсичните својства на хемикалиите., ќе се утврди постапката за утврдување на опасните својства на хемикалиите . Исто така ќе се утврди содржината на пријавата за нотификација на нови супстанции. Со подзаконските акти, ќе се утврдат податоците кои треба да се содржани во техничкото досие, како и податоците потребни за техничкото досие за полимери. Исто така ќе се утврдат начелата на Добрата лабораториска пракса. Воедно, ќе се уреди начинот на класификација и означување на опасните хемикалии, со транспонирање на регулативата (ЕЗ) 2008/1272.

Во овој период планирано е донесување на Правилник за управување со супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка со кој ќе се изврши транспонирање на Регулативата 2037/2000/ЕЗ на Европскиот Парламент и Совет за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања и обуки.

Во овој период ќе се спроведе обука на инспекторите за хемикалии за спроведување на новото законодавство.

Во овој период во континуитет ќе работи Комисијата за хемикалии.

Во овој период ќе се изработи План за конечна елиминација на HCFC во Република Македонија,Ќе се дефинираа системот систем за еколошки прифатливо отстранување на ПХБ и опремата која содржи ПХБ.

Со цел елиминација на ПХБ ќе се воспостават работни групи за идентификација на ПХБ опремата и ќе се дефинираат процедурите за земање на примероци. Воедно, ќе се спроведат обуки за идентификација на ПХБ опремата, како и ќе се спроведе земање на примероци и нивна анализа.

Ќе се донесе Национален план за имплементација на SAICM, со што ќе се изврши дефинирање на Национален хемиски профил, ќе се изврши идентификација на национална приоритети во областа на управувањето на хемикалиите и ќе се изработат акциони планови за имплементација на SAICM на национално ниво.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Ќе продолжат активностите предвидени во рамки на проектот „Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010. Проектот е финансиран од Кралството Шведска во висина од 490.000,00 евра.

Проект „Воведување на безбедното управување со хемикалиите во Националното развојно планирање согласно Милениумските развојни цели„ финансиран од Фондот за брз старт на стратешкиот пристап во управувањето со хемикалиите на меѓународно ниво (SAICM) Проектот е со времетраење од 2 години (2008-2010), финансиран од: Фонд за брз старт на стратешкиот пристап во управувањето со хемикалиите на меѓународно ниво (SAICM) во износ од 170.092,00 евра

Проект „План за комплетна елиминација на CFCs во Република Македонија“, финансиран од Мултилатералниот фонд на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, со времетраење на проектот: 5 години (2005-2010), е финансиран од Мултилатералниот фонд на Монтреалскиот протокол во износ од 186.054,00 евра

Проект „Елиминација на ПХБ и опрема која содржи ПХБ во Република Македонија„, финансиран од GEF. Проектот е со времетраење од 3 години (2008-2011), е финансиран од GEF во висина од 1.828.000 евра

Проект „Подготовка на План за конечна елиминација на HCFC во Република Македонија„ финансиран од Мултилатералниот фонд на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка. Проектот е со времетраење од 5 месеца (01.12.2008 - 30.04.2009), финансиран од Мултилатералниот фонд на Монтреалскиот протокол во износ од 56.667,00 евра

Планиран проект:

Проект „Институционална поддршка-реализација на шестта фаза од проектот за заштита на озонска обвивка со времетраење од 2 години (2009-2011), финансиран од: Мултилатералниот фонд на Монтреалскиот протокол во износ од 132.230,00 евра

## 3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка на областа генетски модифицирани организми е уредена со Закон за ГМО („Службен весник на Република Македонија“, бр.35/2008). Законот е усогласен со Директивата 2001/18/ ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 12 март 2001 за намерно пуштање на генетски модифицираните организми во животната средина дополнета со Регулативите (ЕЗ) 1829/2003 и 1830/2003 како и Одлуката 2002/623/ЕЗ и 2002/811/ЕЗ како и Директивата на Советот 90/219/ЕЗ од 23 април 1990 за ограничено користење на генетски модифицираните микроорганизми дополнета со Директивата 98/81/ ЕЕЗ дополнета со Регулативата (ЕЗ) 1882/2003 и Одлука 2001/204/ ЕЗ и 2005/174/ ЕЗ.

Со законот се уредува управувањето со генетски модифицирани организми и комбинација од генетски модифицирани организми, производи кои што содржат генетски модифицирани организми и/ или се состојат или потекнуваат од комбинација од генетски модифицирани организми , мерки за спречување и намалување на можните негативни влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина, како последица при ограниченото користење на генетски модифицирани организми, намерното ослободување на генетски модифицирани организми во животната средина или пуштање на пазар производи, како и прекуграничното движење на генетски модифицирани организми и на производи.

Врз основа на Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија"бр. 54/2002 и 84/2007), како и Законот за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008), Дирекцијата за храна во 2008 година го изготви Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми, („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2008), во кој се транспонирани одредби од Регулативите на (ЕЗ) бр. 1829/2003 и 1830/2003.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за животна средина и просторно планирање е надлежен државен орган за креирање и спроведување на политиката во областа генетски модифицирани организми. Управата за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање има надлежност за вршење на стручните и управни работи во областа генетски модифицирани организми.

Од аспект на административна рамка во Управата за животна средина -Сектор за природа во моментот се определени два работни меса кои кое треба да ги вршат работите поврзани со ГМО.

Дирекцијата за храна, орган во состав на Министерството за здравство е надлежно во однос на постапувањето на ГМО во храна. Врз основа на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми, Дирекцијата за храна започна со земање мостри од храна за анализа на присуство на генетски модифицирани организми преку нејзините државните инспектори за храна во рамките на официјалните контроли. Земените мостри потоа се испраќаат на анализа во лабораторијата при Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Скопје. Оваа лабораторија е овластена од страна на Министерството за здравство во 2006 година за вршење на анализа за присуство на ГМО во храна.

Воедно, надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот период се планира подготовка и донесување на дел од подзаконските акти, кои произлегуваат од Законот за ГМО со кои ќе се уреди намерното ослободување на ГМО во животната средина. Имено, ќе се утврдат подрачјата со површини на кои не може да се ослободува генетски модифициран репродуктивен материјал во животната средина како и ќе се определи големина на заштитни зони кои ги опфаќаат околните простори и спречуваат ширење на ГМО на подрачја на кои не е допуштено намерно ослободување на ГМО во животната средина, утврдување на содржина на информации што се доставуваат во прилог на нотификација за намерното ослободување на ГМО во животната средина. Исто така, ќе се утврдат основните принципи,содржината, обемот и методологијата за процена соодветна за карактерот на внесениот ГМО и животна средина , согласно кои се врши проценка на ризик врз животна средина.
Со цел да се уреди процедурата за нотификација за ограничено користење на ГМО со подзаконски акти ќе се утврди формата и содржината на нотификацијата за ограничено користење на ГМО, како и информациите што се потребни да ги достави корисникот при поднесувањето на нотификацијата до Министерството за животна средина и просторно планирање кога нотификацијата се поднесува за простор во кој ќе се користат ГМО за првпат одделно за секоја класа на ограничено користење. Со донесувањето на овие правни акти ќе се изврши понатамошно транспонирање на Директивата 2001/18/ ЕЗ и Директивата 98/81/ ЕЕЗ.

Исто така со подзаконски акти ќе се уреди содржина на објава за податоци за местото каде може да се изврши увид во податоците во нотификацијата и ќе се уреди методологијата на елементите на проценката, параметрите, минимум критериуми и барања коишто треба да бидат земени во предвид при вршење на проценката, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животната средина согласно видот на организмот, а ќе се транспонираат директивите 90/219/ЕЗ и 2001/18/ЕЗ.

Во овој период ќе се формираат Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО, согласно Законот за ГМО.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За спроведување на Законот за ГМО и подзаконските акти, неопходно е да се зајакнат капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање , Управата за животна средина – Сектор Природа со нови вработувања и спроведување на обуки..

Ќе се спроведат обуки за воспоставување и одржување на база на податоци согласно Картагенскиот Протокол за биосигурност. Воедно ќе се воспостави база на податоци за Клириншката Куќа за биосигурност, што како обврска која произлегува од ратификуваниот Картагенски Протокол за биосигурност при Конвенцијата за биолошка разновидност. Со одржување на базата на податоци ќе се набави компјутерска опрема за вработените во Секторот за природа кои ќе бидат задолжени да работат на прашањата поврзани со ГМО. Воедно во рамките на овој проект ќе се спроведат и јавни кампањи за подигнување на јавната свест за употребата на ГМО и за зголемување на одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи.

Во овој период ќе се изврши анализа на подрачја со цел да се определат подрачјата на кои не може да се ослободува ГМО. Воедно, ќе започнат активности за формирање на Државна лабораторија за испитување на ГМО.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Понатамошно усогласување на националното законодавство поврзано со регулирање на ограниченото користење на ГМО и пуштање на пазар на производи кои содржат ГМО, со што ќе се обезбеди целосна транспозиција на Директивата 2001/18/ ЕЗ и Директивата 98/81/ ЕЕЗ.

Со подзаконски акти ќе се дефинираат условите за просториите во кои се има намера да се користи ГМО, / содржината на информациите за пуштање на ГМО производ на пазар,содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ. Ќе се утврди висината на трошоците за издавање на дозволата за пуштање на ГМО производ на пазар, поблиската содржина на планот за итни мерки.

Во овој период ќе започнат активности за формирање на Регистарот за ГМО.

Во овој период ќе се уреди начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ГМО и ГМО производ; начинот и постапката за размена на информации за настанатата несреќа, превземените мерки и нивната ефикасност и анализа на несреќата, вклучувајќи и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина. Ќе се определат информациите кои можат да изостанат од нотификација за пуштање на ГМО производ на пазар; информациите и податоците што се доставуваат во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО и ГМО производ; содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ како и ќе се определи формата и содржината на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи. Со овие акти ќе се изврши транспонирање на Директивата 2001/18/ ЕЗ и Директивата 90/219/ЕЗ.

Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО.

Правилник за висината на трошоците за издавање на дозволата за пуштање на ГМО производ на пазар.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина - Сектор природа ќе се формира посебно одделение за ГМО, надлежно за спроведување на обврските кои произлегуваат од Законот за ГМО.

Имено во Одделението за ГМО ќе се определат работни места за вршење на следните работни задачи: спроведување на постапката за нотификација преку издавање на дозволи (Дозвола за користење на простор за ГМО, Дозвола за ограничено користење на ГМО, Дозвола за намерно ослободување на ГМО во животна средина, Дозвола за пуштање на ГМО производи на пазар, Дозвола за извоз на ГМО и ГМО производи, Дозвола за увоз на ГМО и ГМО производи, Дозвола за транзит на ГМО и ГМО производи), воспоставување и водење на Регистарот за ГМО, учество на јавноста во донесувањето на одлуки поврзани со ГМО и пристап до информации, раководење во случај на ризик и водење на евиденција на плановите за итни случаи и проценката на ризикот, подготвување на извештаи, вршење на стручни и административно технички работи во состав на секретаријатот за Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО, воспоставување и одржување на Клириншката куќа за биосигурносот и имплементирање на барањата што произлегуваат од Картагенскиот протокол кон конвенцијата за Биолошка разновидност.

Во овој период ќе се спроведат јавни кампањи кои ќе имаат за цел да ја подигнат јавната свест за употребата на ГМО и да ја зголемат одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи.

Во овој период ќе се формира Државна лабораторија за испитување на ГМО.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**Тековен Проект**
**УНЕП /ГЕФ Проект Јакнење на капацитетите за ефективна партиципација во Клириншката Куќа за биосигурност**
Основната цел на Проектот е креирање и одржување на Клириншката Куќа за биосигурност, како обврска која произлегува од ратификуваниот Картагенски Протокол за биосигурност (чл.20) при Конвенцијата за биолошка разновидност.

## 3.27.9 БУЧАВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со Законот за заштита од бучава во животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 79/07) се воспостави правната рамка за управување со бучавата во животната средина во Република Македонија. Во законот е транспонирана Директивата 2002/49/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 25 јуни 2002 година за оценување и управување со бучавата во животната средина, при што се исполнети основните препораки и барања на Европската Унија во областа на бучавата во животната средина и истиот ја дава правната основа за донесување на подзаконските акти со кои ќе се транспонира останатото ЕУ acquis од областа на бучавата.

Во 2008 година донесен е Правилник со кој се уредува примената на индикаторите за бучава, дополнителните индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикатори за бучава во животната средина, како и правилник кој се однесува на локациите на мерните станици и мерните места. Со првиот подзаконски акт („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/2008) се уредува примената на индикаторите за бучава, дополнителните индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикатори за бучава во животната средина. При тоа определени се основните индикатори за бучава меѓу кои спаѓаат индикаторот за бучава преку ден-вечер-ноќ (Lдвн), индикаторот за бучава преку ден (Lд), индикаторот з бучава преку вечер (Lв), индикаторот за бучава преку ноќ или ноќно ниво (Lноќ). Притоа утврдено е дека во определени случаи можат да се користат и дополнителни индикатори за бучава и тоа се: еквивалентно ниво на бучава за одреден временски период (LAeq, T), максимално ниво на бучава (LA max) и ниво на изложеност на звук (SEL). Со овој подзаконски акт се изврши понатамошно транспонирање на Директивата 2002/49/ЕЗ.

Со подзаконскиот акт со кој се однесува на локациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/2008), се утврдуваат локациите на мерните станици и мерните места по подрачја во зависност од степенот на заштита од бучава и од видот на активностите и осетливоста на населението кое престојува во нив и се диференцирани во четири степени и тоа подрачје со I степен на заштита на бучава, подрачје со II степен на заштита на бучава, подрачје со III степен на заштита на бучава и подрачје со IV степен на заштита на бучава.

Во текот на 2008 година се донесе и подзаконски акт кој се однесува на утврдување на граничните вредности на нивото на бучава („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/2008) во кој иако не се транспонираа ЕУ мерки е од значење за заштитата на здравјето на луѓето.

Во 2008 година исто така се донесе и подзаконски акт кој ги уредува поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат субјектите кои вршат мониторинг на бучава во животната средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежен орган за подрачјето бучава, особено за спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина, примената на законот и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП. Во Управата за животната средина, Сектор за животна средина се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучавата. Инспекциски надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот го врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на МЖСПП, како и инспекторите за животна средина на ЕЛС. Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат орган во состав на Министерството за здравство во однос на контрола на бучавата од здравствен аспект, Министерството за економија во однос на контрола на бучавата која се создава од производи и ЕЛС во однос на бучавата која се создава од угостителски, занаетчиски и туристички дејности.

Во однос на мониторингот на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Републички завод за здравствена заштита и 10 регионални здравствени заводи, како и мерењата направени од страна на централната лабораторија при МЖСПП, а кои се однесуваат на различните типови на бучава создадена од различни категории на предизвикувачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2009 година ќе се донесат подзаконските акти со кои се уредува мониторингот за бучава односно начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите методологијата и начинот за мониторинг како и условите, начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот на состојбата во областа на бучавата..Со цел воспоставување на основа за изработка на стратешките карти и акционите планови ќе се изработат подзаконските акти за: начинот на соработката на органите надлежни за изработка на акциони планови за бучава со органите надлежни за изработка на акционите планови од соседната држава; начинот на соработката на органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава со органите надлежни за изработка на акционите планови од соседната држава; подзаконски акт за поблиската содржина на акционите планови за бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на акционите планови за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање; подзаконски акт за поблиската содржина на стратешките карти на бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на стратешките карти за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање и подзаконски акт со кој ќе се определат агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава. Во овие правни акти ќе се изврши транспонирање на одделни одредби од Директивата 2002/49/ЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2009 година со нови вработувања и обуки ќе се зајакнат капацитетите на Управата за животна средина – Секторот за животна средина и Секторот – Македонски информативен центар за животна средина со цел спроведување на законот и подзаконските акти.
Истовремено, ќе се зајакнат и капацитетите на единиците на локалната самоуправа за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања и спроведување на обуки.

Заради обезбедување на интегриран систем на мониторинг на бучавата ќе започнат активности со цел спроведување на анализа на сите мониторинг станици за бучава што постојат во Република Македонија заради воспоставување на Државна мрежа за мониторинг на бучавата и донесување на Програма за работа на истата. Врз основа на податоците од постојните станици за мониторинг на бучавата, ќе започнат активности за определување на агломерациите и подрачјата за кои треба да се изработат Стратешки карти за бучава.

Истовремено ќе започнат активности за изработка на Оперативната програма за мерење и следење на нивоата на бучава. Предвидено е да се спроведат обуки на вработените за воспоставување и спроведување на мониторинг на бучавата, во кои ќе бидат вклучени вработените во сите институции кои имаат надлежности во областа на бучавата, вклучително и Единиците за локална самоуправа.

Во овој период ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од INSPIRE Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (SEEIS).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со ЕУ acquis.
Имено, со подзаконски акти ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, како и поблиските видови на посебни извори на бучава со кои ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: директивите 84/372/ЕЕЗ, 89/629/ЕЕЗ, 98/20/ЕЗ. Ќе си утврдат условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава со кои ќе се изврши транспонирање на директивите 2000/14/ЕЗ и 2005/88/ЕЗ. Исто така, ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на стандардите за заштита од бучава, со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 2005/32/ЕЕЗ, земајќи ги во предвид одредбите од директивата 86/594/ЕЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради спроведување на редовен мониторинг во овој период ќе се воспостави Државната мрежа за мониторинг на бучавата и ќе се донесе Програма за работа на државната мрежа за мониторинг на бучавата.

До воспоставувањето на државната мрежа за мониторинг на бучавата во животната средина, заради операционализација на работата на мониторинг станиците за бучава, ќе се донесе ќе се донесе Оперативната програма за мерење и следење на нивоата на бучава.

Во овој период, ќе се започнат активности за воспоставување на Информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, податоците од стратешките карти и акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава..
Ќе започнат активности воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина и воспоставување на карта на создавачи на бучава.

Воедно, се планира набавка на инструмент за мерење на бучавата и вибрации со цел проширување на мониторинг мрежата за следење и мерење на нивоата на бучава и спроведување обуки за негово користење за вработените во Централната лабораторија за животна средина во Управата за животна средина.

Во овој период ќе започнат конкретни активности за изработка на стратешки карти и акционите планови за бучава.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Во моментот не се спроведуваат проекти поврзани со управувањето со бучава кои се подржани со странска помош.

## 3.27.10 ШУМАРСТВО
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2008 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008) со кој допрецизира начинот на водење на евиденцијата во посебни обрасци за начинот на сеча и производство на шумски асортименти по фази (сеча, дотур и превоз), како и начинот на обезбедување на огревно дрво за сопствени потреби од страна на физички лица во државна шума, начинот за спроведување на мерките за сеча на ретки видови дрвја надвор од шума и начинот на стопанисување со шумите на кои постои право на сопственост.

Со Законот за изменување и дополнување на Закон за ловството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008), волкот се прогласи за дивеч без заштита, со цел да се намалат штетите причинети од овој вид на дивеч.

Со Законот за шумарска и ловна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008) усвоен во втората половина на 2008 година се уредуваат начелата на инспекцискиот надзор, надлежностите, организацијата на инспекцијата, положбата, правата и должностите на инспекторите, постапките на инспекцискиот надзор и други прашања поврзани со инспекцискиот надзор.

Врз основа на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/07) во октомври 2008 година се донесоа вкупно 12 подзаконски акти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/08), од кои во шест беше транспонирана директивата 1999/105/ЕЗ за Маркетинг на шумски репродуктивен материјал во делот на Листата за стопански важни шумски видови дрвја, условите за признавање на типовите основен материјал, барањето и експертското мислење за признавање на основниот материјал, уверението и начинот на водење на Регистарот на признат основен материјал, уверенијата за потекло на репродуктивниот материјал и начинот на водење на деловните книги.

Во овој период се продолжи со имплементација на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, со Акционен план 2007-2009.
Донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2008 година („Службен весник на Република Македонија” бр.20/08 и 67/08). Со Програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија, со кои ќе се финансираат повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани дабови шуми, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и спречување на ширењето на масовното сушење на шумите и шумските култури, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување, за Еколошка акција и за „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“ и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.
Воедно, Владата на Република Македонија усвои и Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2007 година и Информација за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2007 година, со предлог мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2008 година се преземаа активности за јакнење на капацитетите на МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство започна постапка за 2 нови вработувања. Исто така, се реализираа повеќе обуки од кои поважни беа оние на тема „Шумарството поврзано со ЕУ политиките и меѓународните договори“, „Развој на приватните_и комуналните шуми во земјите на ЈУЕ“, „Менаџмент и користење на други шумски производи“ и „Рекреативната функција на шумите“ и се набавија осум компјутери и еден мрежен печатар.

МЗШВ – Државен инспекторат за шумарство и ловство врши надзор над спроведувањето на законските прописи од областа на шумарството и ловството и од областа на здравје на растенијата. Започна постапка за вработување на 5 нови државни службеници, се набавија десет компјутери и еден мрежен печатар и се реализираше обука СЕЕСИМ за симулациска вежба за управување со пожари на регионално ниво. Воедно, се формираа и два сектора – Сектор шумарство и Сектор ловство.

МЗШВ – Шумска полиција, во чија надлежност е чувањето на шумите во државна и приватна сопственост, во текот на 2008 година реализираше професионална обука за сите шумски полицајци во делот на подигнување на квалитетот и ефикасноста на чувањето на шумите во РМ. Исто така беа набавени 5 компјутери и еден мрежен печатар.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
За овој период предвидено е донесување Законот за ловството. Со Законот за ловството и дел од подзаконските акти од овој закон, ќе се транспонираат ЕУ мерките од Директивата 79/409/ЕЕЗ за заштита на дивите птици, дополнета со Директивата 81/854/ЕЕЗ, 86/122/ЕЕЗ, 91/244/ЕЕЗ, 94/24/ЕЗ, 97/49/ЕЗ и Регулатива (ЕЗ) 807/2003 во делот на листите на заштитени диви птици и од Регулативата за стапици (ЕЕЗ) 3254/91 во делот на употребата на стапици при ловење на дивечот.

Исто така, се предвидува донесување на нов Закон за шумите, врз основа на кој ќе се донесат два правилници за поддршка на активностите поврзани со одржливо управување со шумите, особено во делот на заштита на шумите од атмосферско загадување и шумски пожари со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 1737/2006/ЕЗ за имплементација на регулативата (ЕЗ) 2152/2003 за мониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата (Forest Focus).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на новата систематизација на МЗШВ и на Државен инспекторат за шумарство и ловство донесена во 2008 година, за одржување на професионални обуки за вработените, набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.). Исто така ќе се спроведат обуки и студиски посети кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, како и ќе се спроведат други обуки наменети за зајакнување на капацитете на администрација вклучена во заштита на шумите и ловството.

МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство ќе се зајакне со нови вработувања, како и Државниот инспекторат за шумарство и ловство, каде постапката за вработување на нови лица започна кон крајот на 2008 година.

Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија во овој период ќе се изработат студии за интродукција и реинтродукција на дивеч во државните ловишта, за превентивна и пресупресивна заштита на шумите од пожари, за заштита на шумски подрачја ризични од ерозија и за развој на шумската патна мрежа во РМ. Исто така ќе донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2009 година.

Со цел добивање квалитетни информации во областа шумарство, во овој период ќе се работи континуирано на набавка на ГИС софтвер и хардвер и обука на вработените за негово користење со цел формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија.

Ќе се преземат исто така активности за пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани дабови шуми, со цел обезбедување одржлив развој на шумарството.

МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно ниво изработува извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2008 година и информација за здравствената состојба на шумите за 2008 година, со предлог мерки.

Во овој период ќе се изработи Методологија за инвентаризација на шумите во РМ и нејзино спроведување, што е поддржано преку проект финансиран од ФАО и од домашна контрибуција.

Во рамките на проектот „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар“ ќе се преземат активности за зајакнување на националните административни и оперативни тела, кои се одговорни за управување со шумските пожари и развој на инфраструктурата за координација на стратешките планови за управување со пожари, бази на постоечките структури за управување со шумите, вклучувајќи го и предвидувањето за појавата на шумски пожари. Воедно, ќе се спроведат активности насочени кон обезбедување на превенција, следење, откривање, сузбивање и безбедност од шумски пожари, едукација и воспоставување на информативен систем за заштита од шумски пожари. Во овие активности фокусот ќе биде ставен на администрациите на МЗШВ, Државен инспекторат за шумарство и ловство и ЈП „Македонски шуми“.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

До јуни 2011 година се предвидува да биде донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне целосно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал.

Со цел транспонирање на регулативата на Комисијата (ЕЗ) 1737/2006 која ги определува деталните правила за имплементација на Регулативата (ЕЗ) 2152/2003 за мониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата, во овој период ќе се донесат два правилници.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.
Во овој период ќе се продолжи со одржување на професионални обуки за вработените и набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во Државен инспекторат за шумарство и ловство.

Ќе се преземат исто така активности за пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани дабови шуми, со цел обезбедување одржлив развој на шумарството.

МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно изработува извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за претходната година и информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки.

Во овој период ќе заврши „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар“ со што ќе се постигне значително подобрување на капацитетите на административни и оперативни тела, кои се одговорни за управување со шумските пожари и ќе се подобрат капацитетите за развој на инфраструктурата за координација на стратешките планови за управување со пожари.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

1. Проект „Изработка на методологија за инвентаризација на шумите во Република Македонија и нејзино спроведување“ со рок за реализација од октомври 2007 до декември 2009 (тековен) во износ од 6.114.754,00 евра финансиран од ФАО
2. Проект „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар“ со рок за реализација од ноември 2008 до октомври 2010 (тековен) во износ од 267.768,00 евра финансиран од ФАО.
3. Потребен е Проект „Формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија“, кој би се реализирал од март 2009 година до март 2011 година, во износ од 413.114,00 евра и за истиот се потребни финансиски средства од донатори.

## 3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО

### 3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на **заштита на потрошувачите**, со донесувањето на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2007-2008 г., истакнати се *хоризонталните аспекти*.

Со Законот за заштита на потрошувачите веќе се транспонирани ЕУ мерките 3198I0577,31993I0013,21994I0047, 1997I0007,31998I0006,31998I0027,31999I0044, а ЕУ мерката 1990I0314 е целосно транспонирана во Законот за туристичка дејност (Службен весник на РМ број 62/2004).

Во 2008 година отпочна примената на измените на Законот за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити утврдени во 2007 година. На крајот на годината ќе се сумираат ефектите од примената на Законот.

Заради навремена хармонизација и успешна имплементација, на барање на Министерството за финансии, во соработка со Министрерството за економија и Секретаријатот за европски прашања, на 04.11.2008 година се одржа TAEX обука на која експерти од Европската комисија ја презантираа содржината на Директивата 2002/65/ЕС, искуствата на земјите - членки при хармонизацијата на законодавството и практичната примена на истата.

По однос на усогласување на законодавството на инспекциските служби, надлежни за спроведување на потрошувачката политика донесени се **следните закони и подзаконски акти кои произлегуваат од законот за државен пазарен инспекторат:**

- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап ("Сл. весник на РМ" бр. 127/08);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија ("Сл. весник на РМ" бр. 88/08);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи ("Сл. весник на РМ" бр. 88/08)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за виното ("Сл. весник на РМ" бр. 89/08),
- Закон за изменување и дополнување на Законот за турискичката дејност ("Сл. весник на РМ" бр. 89/08),
- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето ("Сл. весник на РМ" бр. 103/08)
- Закон за изменување на Законот за градежни производи ("Сл. весник на РМ" бр. 86/08)
- Закон за електронска трговија ("Сл. весник на РМ" бр. 133/07)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност ("Сл. весник на РМ " бр. 89/08)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за минимално техничките услови, за делоните простори и простории во кои се врши трговија ("Сл. весник на РМ" бр. 93/08)
- Правилник за минимално – техничките услови во кои се врши продажба на алкохолни пијалоци, формата, содржината и образецот на лиценцата и формата, содржината и начинот на водење на регистерот за издадени и одземени лиценци ("Сл. весник на РМ" бр. 93/08)

Донесен е закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Службен весник на РМ Бр. 84/07 )кој е потполно усогласен со регулативата на ЕС на Европскиот парламент и Советот на ЕУ бр. 178/2002.

Во рамките на Секторот за стандарди за храна во Дирекцијата за храна и Одделението за заштита на потрошувачи како дел од активностите за заштита на потрошувачите објавен е Водич за означување на прехранбените производи со подршка на ГТЗ .

Ова одделение ги евидентира и систематизира преставките од потрошувачите, при што за периодот од 01.01. 2008 до 31.08.2008 година се евидентирани вкупно 64 преставки поднесени по усмен пат или писмено. Како најчести причини за преставките се изминат рок на употреба на прехранбените производи, нехигиена во објектите, несоодветно означување, присуство на страни тела во храната и.т.н.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на кадровската екипираност на институциите надлежни за спроведување на потрошувачката политика забележан е одреден напредок. **Одделението за заштита на потрошувачите** во рамки на Министерството за економија е зајакнато со едно лице и брои 3 лица.

Во одделението за банкарски системи во рамки на Секторот за финансиски системи (МФ) вработени се 3 лица.

Во рамки на **Државниот пазарен инспекторат** покрај постоечките 10 (десет) одделенија се предвиде формирање на 3 (три) нови одделенија кои својата активност ќе ја насочат кон доследно спроведување да усогласените прописи со Законодавството на ЕУ, а особено акцент ќе биде ставен на спроведувањето на Законот за безбедност на производите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

По однос на **хоризонталните прашања** во 2009 година ќе се работи во насока на реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година. Ова е трета Програма од примена на Законот за заштита на потрошувачите со подршка на Советот за заштита на потрошувачите (Владино тело) и новина е што покрај активностите на Министерството за економија се дадени активности и на други надлежни министерства: Министерството за здравство-Дирекција за храна и Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука- Биро за развој на образованието, кои ќе се финансираат од средствата планирани во нивните буџети. Досега финансирањето на активностите беше исклучиво од буџетот на Министерството за економија.

Во рамките на програмата предвидени се повеќе активности имајќи ги предвид хоризонталните аспекти:

**1 . Министерството за економија**:

Одржување на работни средби заради согледување на состојбите на пазарот од аспект на пласирање на безбедни и квалитетни производи -детски играчки, а со цел осварување на високо ниво на заштита на здравјето и безбедноста на децата, со претставници на Министерството за здравство-Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен пазарен инспекторат, стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија;

- Од аспект на имплементацијата на Законот за заштита на потрошувачите, во областа на прометот со стоки и услуги, договори склучени на далечина и договори за временски ограничено право на користење на одредени недвижности - TIIME SHARING ќе се одржат регионални семинари;
- Во областа на трговијата за согледување на примената на измените во Законот за трговија врзано со продажба на алкохолни пијалоци и казнените мерки, како и контрола на декларацијата,гаранцијата, техничкото упаство,попис на овластени сервиси и слично на внатрешниот пазар ;
- За согледување на состојбите во областа на туристичките и угостителските услуги од аспект на квалитетна понуда на туристичките услуги што ги даваат туристичките агенции и правата и обврските на корисниците на овие услуги-потрошувачите.
- Медиумска кампања на национално и локално ниво заради подигање на јавната свест на потрошувачите за нивните права кои произлегуваат од Законот за индустриска сопственост, во соработка со стопанските комори, Државниот пазарен инспекторат и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**2. Министерство за здравство**

**- Дирекција за храна**

- Од областа на безбедноста на храна редовно информирање на потрошувачите преку организирање на семинари и работилници на национално и локално ниво, изготвување на брошури за правилна исхрана, квалитетот на храната, како и извршените инспекциски надзори на пазарот со прехранбени производи;
- Секторот за стандарди за храна во Дирекцијата за храна, Одделението за заштита на потрошувачи учествува во изготвување на Програмата за заштита на потрошувачите за 2009 – 2010 година во делот за безбедност на храната, со планирани активности за кои се обезбедени финансиски средства од буџетот на Дирекцијата за храна.

**- Државен санитарен и здравствен инспекторат**

- Имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите преку одржување на обуки на Државни санитарни и здравствени инспектори на национално и локално ниво;
- Одржување на работни средби со претставници на здравствени установи,здравствените работници,Лекарската Комора,Македонското лекарско здружение, ФЗО и невладините организации за заштита на потрошувачите,заради согледување на состојбите од оваа област ,правата и обврските на здравствените установи, како и правата и обврските на здравствените работници и правата и обврските на пациентите – потрошувачите корисници на здравствените услуги.
- Имплементација на Законот за безбедност на козметичките производи кој стапува на сила мај/2009 година ,преку одржување на обуки од страна на експерти за инспекторите од областа на добрата производна пракса на козметичките производи со цел соодветна имплементација на Законот.
- Се планира формирање на одделение за заштита на правата на пациентите и потрошувачите во рамките на Секторот за стручно советодавни работи

**3. Министерство за транспорт и врски**

- Во сверата на јавните услуги заради согледување и анализа на состојбите од аспект на заштитата на потрошувачите одржување на работни средби со претставници од: АД Т-Хоме,Т-мобиле,Космофон,Он-Нет, Вип, Кабелтел, Државен

пазарен инспекторат, Комисија за заштита на конкуренцијата, Агенција за електронски комуникации, Советот за радиодифузија, Народниот правобранител и Организацијата на потрошувачите на Македонија;
- Имплементација на Законт за домување и Стратегија за домување на Република Македонија (2007-2012) преку одржување на стручни советувања на национално и локално ниво, изготвување на брошур, во соработка со локалната самоуправа, Министерството за економија , бизнис заедницата и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**4. Министерство за образование инаука**
**- Биро за развој на образованието**
- Реализација на концептот за деветгодишно основно воспитание и образование
- Едукација на младата популација од областа на заштитата на потрошувачите преку организирање на едукативни работилници во јавните детски градинки –предучилишни установи и основни училишта во рамките на Наставните планови каде е застапен и предметот Вештини за живеење и темата -Ученикот како потршувач ;
- Формирање и опремување на канцеларии за заштита напотрошувачите во основните училишта со едукативен материјал за исхрана,флаери/ инфотеки, билтени, прирачници, закони , програми и слично кои ч ќе се користат од страна на наставниците и учениците.

- Во 2009 година **ќе продолжи директна финансиска подршка на здруженијата на потрошувачите** на национално и локално ниво од буџетските средства на Министерството за економија, согласно Кодексот на добри пракси за финансиска подршка на здуженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/07) за изготвени програми (проекти) за информирање, едукација и советување на потрошувачите.
- Формирање на нов Совет за заштита на потрошувачите од Владата на Република Македонија поради истекување на мандатот од четири години на досегашните членови на Советот формиран во 2005 година (Службен весник на Република Македонија бр. 11/2005).

.Во првата половина на 2009 година на предлог на Државниот пазарен инспекторат ке се изврши измена и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите во делот на казнените мерки .

Што се однесува до правилното постапување и извршување на инспекциските служби, надлежни за спроведување на потрошувачката политика, на краток рок ќе се работи во насока на зајакнување и подобро функционирање на координативното тело за инспекциски надзор.- **види поглавје 01**.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
По однос на спроведувањето односно меѓуинституционалната соработка во врска со спроведување на потрошувачката политика, на краток рок ќе се работи на кадровско и административно зајакнување на надлежните институции.

Ќе се зајкне капацитетот на **Одделението за заштита на потрошувачите -МЕ** со вработување на едно лице.
Со цел спроведување на потрошувачката политика и имлементација на законската регулатива од оваа област ќе се реализираат обуки на државните пазарни испектори.

Во рамки на **Државниот пазарен инспекторат** предвидени се поголем број на нови вработувања. Со реорганизацијата на Инспекторатот покрај постоечките 10 (десет) одделенија се предвиде формирање на 3 (три) нови одделенија кои својата активност ќе ја насочат кон доследно спроведување да усогласените прописи со Законодавството на ЕУ, а особено акцент ќе биде ставен на спроведувањето на Законот за безбедност на производите.

За таа цел до крајот на годината и првиот квартал на 2009 година се планира вработување на 5 (пет) работници со ВСС од техничките струки.

Ќе се зајкне **Одделението за банкарски систем** надлежно за спроведување на легислативата за давање на финасиски услуги,**, во рамки на Секторот за финансиски систем-МФ**, со вработување на 5 лица .

**Одделението за заштита на потрошувачи во рамките на Секторот за стандарди за храна во Дирекцијата за храна** спроведува активности со цел заштита на здравјето на потрошувачите и заштита на потрошувачите од заблуда во областа на безбедноста на храната. Во одделението има 1 вработено лице. Предвидено е зајакнување на капацитетот на Одделение за заштита на потрошувачите во рамки на Дирекцијата за храна со нови вработени.
Поставен е **Македонски портал за безбедност на храната** на кој е предвиден простор за комуникација со потрошувачите во смисла на поставување на прашања од страна потрошувачите на кои определени лица од Дирекцијата за храна ќе одговараат на истите.

Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат потребно е зајакнување на кадровскиот капацитет со нови вработувања (14 лица) за 2009 година со цел спроведување на планираните активности

Согласно Законот за заштита на правата на пациентите во Министерството за здравство се формира одделение за заштита на правата на пациентите.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

По однос на **хоризонталните прашања** на среден рок предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите во насока на неговото усогласување со **Директивата 32005L0029,** која се однесува на нечесно пазарно однесување**. Се планира законот да се донесе во втората половина од 2010 година**
Исто така предвидена е реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година,
Се планира изготвување на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 година и ќе се донесе кон крајот на 2010.

Хармонизација со Директивата 32002L0065 во врска со продажба на финансиските услуги на далечина ќе се изврши до јуни на 2010 година. Се планира донесување на правен акт за давање финансиски услуги на далечина чии одредби би влегле во сила со пристапувањето во ЕУ. Со НПАА 2008 беше планирано актот да се донесе на почетокот на 2009 година, но активноста се пролонгирани заради ревизијата на Директива за продажба на финансиските услуги на далечина која е во тек.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

По однос на спроведувањето, односно меѓуинституционалната соработка во врска со спроведување на потрошувачката политика, на среден рок ќе се работи на кадровско и административно зајакнување на надлежните институции.
Ќе се зајкне административниот капацитет на **Одделението за заштита на потрошувачите во -МЕ** со 1 ново вработување.

Во **Државниот пазарен инспекторат** предвидени се повеќе вработувања.
Ќе се зајкне административниот капацитет на **Одделението за банкарски систем, во рамки на Секторот за финансиски систем-МФ**, надлежно за спроведување на легислативата за давање на финасиски услуги, со вработување на 2 лица во 2010 година.
Предвидено е зајакнување на **Одделение за заштита на потрошувачите во рамки на Дирекцијата за храна** со нови вработени.

Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат потребно е зајакнување на административниот капацитет со нови вработувања на инспектори 13 лица за 2010 год. и 10 лица за 2011 година
Ќе се продолжи со зајакнување на кадровскиот капацитет на одделението за заштита на правата на пациентите во Министерството за здравство.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**а ) Тековна**

Во рамките на Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) - Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа, претставници од државните институции и невладините организации за заштита на потрошувачите од Република Македонија во 2007 и 2008 година учествуваа на две Регионални Конференции на тема „Зајакнување на заштитата на потрошувачите преку воспоставување конзистентна потрошувачка политика во земјите од Југоисточна Европа“ и четири Регионални средби на следните теми: „Стратешко планирање – техники на лобирање и комуникации со медиуми“; „Consumers acquis“, „Безбедност на храната и заштита на потрошувачите“ и „Финансиски услуги и права на пациентите“.

Во организација на Инструментот TAIEX –оддел за градење на институциите на Европската Унија во соработка со ГД-здравство и заштита на потрошувачите претставници на државните институции и невладините организации за заштита на потрошувачите од Република Македонија во 2008 година во Софија, Република Бугарија учествуваа на Регионална Конференција на тема “Заштитата на пазарите и подобрување на потрошувачките права во глобалниот свет” на која присуствуваше и Комесарот на ЕУ за заштита на потрошувачите Маглена Кунева.

**б) Краткорочна**

Во 2009 година во рамките на Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) - Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа ќе се реализира регионален проект –Правна реформа за хармонизација на правната рамка за заштита на потрошувачите и изградба на мрежа на институции за заштита на потрошувачите во регионот. Оваа програма

ќе ги подржи надлежните владини институции и невладините организации за заштита на потрошувачите од регионот, во насока на подобрување на квалитетот на законодавството за заштита на потрошувачите, зголемување на степенот на запознавање на граѓаните од обласа на заштитата на потрошувачите,повисоко ниво на заштита на потрошувачите соодветно на стандардите на Европската Унија, воспоставување и зајакнување на регионална мрежа за заштита на потрошувашите и поефикасен пазар на стоки и услуги во регионот.

**Потребна техничка помош**
Според укажувањата од ЕК за поголеми финансиски ресурси заради целосно спроведување на законодавството, стратегиите и акциските планови, потребна е странска помош за измена и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите и транспонирање на директивите на ЕУ, како и за реализација на Програмата за заштита на потрошувачите во соработка со невладиниот сектор – здруженија за заштита на потрошувачите.

Неопходна е и техничка помош заради обука на инспекторите од Државниот санитарен и здравствен инспекторат вообласта на добрата производна пракса за производство на козметички производи.

## 3.28.2 ЈАВНО ЗДРАВСТВО

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во областа на јавното здравство Министерството за здравство, продолжува со имплементација на веќе отпочнатиот процес на реконструкција на здравствените установи, модернизација на опремата, инвестиции во информатичката технологија и воведувањето на електронска здравствена картичка.
Преку кредит од Италијанската Влада обезбедени се 3,2 милиони евра за набавка на опрема за болниците, а се реализира првата фаза од тендерот за набавка на медицинска опрема во висина од 10 милиони евра со кој се обезбедува лабораториска опрема и современа рентген дијагностика за здравствените установи во Република Македонија.

Заради подобрување на достапноста на здравствените организации до корисниците на здравствена заштита се подготвува и проектна документација за изградба на 18 здравствени објекти - амбуланти во оддалечени селски подрачја каде досега не постоеле здравствени објекти.

Финансиската поддршка на годишните програми за здравствена заштита останува на високо ниво во интерес на зајакнување на сегментот јавно здравје.

Извршено е зајакнување на капацитетот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со две лица,, а набавени се и возила и техничка ИТ опрема.

### ПРАВНА РАМКА

Во изминатиот период се работеше на заокружување на правната рамка во насока на усогласување на законодавството во делот на јавното здравство.
Донесени се Закон за заштита на правата на пациентите (Службен весник на Република Македонија бр.82/08) и Правилник за формата и содржината на образецот на изјавата за согласност, како и на изјавата за одбивање на определена медицинска интервенција (Службен весник на РМ број 136/08)
со кои се врши усогласување на законодавството со релевантните меѓународни документи.

Интензивно се работи на донесување на Закон за евиденции во здравството кој ќе претставува правна основа за реформи на системот за обезбедување на здравствени податоци.
Отпочнати се активности за подготовка на Закон за јавно здравје со кој Републичкиот завод за здравствена заштита ќе прерасне во Институт за јавно здравје и контактна установа за комуникација со Европскиот центар за заразни болести, координација на примената на Меѓународниот здравствен правилник, управување со системот за здравствена евиденција, Регионален развоен центар за јавно-здравствени системи на ЈИЕ и управување и координација со системот за јавно здравје во Македонија, во кој влегуваат 10 центри за јавно здравје (досега Заводи за здравствена заштита).

Се планира финализирање и усвојување на Здравствената стратегија на РМ за периодот до 2020 година која ќе се базира на Стратегијата на СЗО "Здравје за сите во 21-от век.""

### *ТУТУН*

Донесен е Закон за изменување на законот за заштита од пушењето ( Службен весник на РМ број 103/08 , 140/08) со кој се воведува потполна забрана за пушење на сите јавни места од 01.01.2010 година, се воведуваат високи парични казни за непридржување кон забраните и со кој се врши усогласување со ЕУ мерката 32003L0033 во однос на рекламирањето и спонзорствата на тутунските производи.

***ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ***

Донесени се неколку подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на населението од заразни болести ( Службен весник на РМ број 66/04, 139/08): Правилник за здравствените прегледи на лица ставени под здравствен надзор заради спречување на заразни болести со кои ќе се утврдат видовите на здравствено-хигиенските прегледи на лицата вработени во објекти за производство и промет со храна, образовни и здравствени установи (Служен весник на РМ број 152/07), Правилник за условите и начинот на пренесување на умрени лица, како и за ископување и пренесување на умрени лица (Службен весник на РМ број 26/08), Правилник за поблиските критериуми за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции (Службен весник на РМ број 25/08).

Континуирано се врши имплементација на 15-те превентивни програми за 2008 година.

АЛЕРТ системот за пријавување на заразни заболувања од 2008 година функционира низ целата држава. Сите лекари од примарната здравствена заштита еднаш неделно доставуваат податоци до Заводите за здравствена заштита кои во посебен софтвер ги сублимираат и обработуваат податоците и ги доставуваат до РЗЗЗ кој подготвува извештај за целата држава.

Донесена е Национална Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија за периодот 2007 – 2011 година.

Експертски тим од СЗО и ЕЦДЦ спроведе проценка за подготвеноста на државата за координиран одговор при евентуална пандемија од грип. Согласно проценката препорачана е поголема меѓуресорска координација со останатите ресори инволвирани во активностите од планот, спроведување на симулациска вежба и обезбедување на поголеми резерви од лекови.

***БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ОРГАНИ И ТКИВА***

Донесен е Закон за биомедицински потпомогнато оплодување (Службен весник на РМ број 37/08) со кој е извршено транспонирање на ЕУ мерката 32004L0023 и се поставени јасни правни и медицински рамки за биомедицински потпомогнатото оплодување (БПО), како и Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, стручнот кадар ии опремата за спроведување на постапката за БПО ( Службен весник на РМ број 63/08).

Се работи на донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за безбедност во снабдувањето со крв. Подготвен е проект за безбедност на крвта кој би бил финансиран од ИПА фондовите.

Во завршна фаза е подготовката на Законот за ратификација на Конвенцијата за биоетика со двата дополнителни протоколи кои се однесуваат на забраната за клонирање на човечки суштества и на трансплантацијата на ткива и органи од човечко потекло.

***НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ***

Во областа на незаразните заболувања подготвена е првата верзија на Стратегијата за незаразни заболувања чија цел е намалување на прераната смртност и значително намалување на морбидитетот кој се должи на незаразните болести (особено на кардиоваскуларните заболувања, малигните неоплазми, дијабетес, повреди и насилство, ментални растројства, орално здравје, хронични обструктивни белодробни заболувања).
Во тек е спроведувањето на кампањата за јавно здравје: „Надмудри го ракот-Биди здрава жена„ за скрининг за рано откривање на карцином на грлото на матката и рак на дојката

.

**Во областа на зависностите:**

**1.Дроги:** Со новиот Закон за опојни дроги и психотропни супстанции (Службен весник на РМ бр.103/08) се воспоставуваат посилни контролни механизми во областа. Се продолжува праксата за воспоставувањето и работа на Центри за зависности , според добрите практики во ЕУ за контрола и третман кај зависниците од дрога. Министерството за здравство спроведува активности за воспоставување на Национален центар за зависности во Скопје.
Националната стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011 како една од мерките за превенција на ХИВ инфекцијата кај групите под најголем ризик предвидува активности за проширување на постојната мрежа на центри за зависности во кои се применува супституционен третман заради намалување на штетите од интравенска употреба на дроги.
Заради реализација на една од целите на Националната стратегија за дроги на Република Македонија - намалување на побарувачката на дрога, предвидени се специфични мерки за превенција, за лекување на зависници од дрога, намалување на штетите од користење и третман на корисници на дрога во системот на социјална помош..(види Поглавје 24-борба против дроги)

**2.Злоупотреба на алкохолот:** Донесена е Стратегија за намалување на штетните последици од алкохолот која е во потполна согласност со соодветната Стратегијата на ЕУ. Во соработка со Министерството за економија спроведени се мерки за ограничување на возраста и времето за продажа во малопродажбата заради контрола и намалување на злоупотребата на алкохолот . Се работи на Акционен план за посебни мерки насочени кон заштита на младите од злоупотреба на алкохол..

Во областа на унапредување на менталното здравје на населението, до сега се отворени 7 Центри за ментално здравје во заедницата и се разгледува можноста за отварање на нови.Се инвестира во унапредување на состојбата на болничката заштита на менталното здравје
Првата оценска мисија на ЕУ во Специјалната болница –Скопје во Скопје помина без забелешки по однос на заштита на правата на лицата со ментална болест

**ХРАНА И ИСХРАНА**
Од областа на храната и исхраната до 2008 година се спроведуваа активностите согласно Акциониот план за храна и исхрана на Република Македонија со важност од 2004 до 2008 година.

Министерството за здравство е вклучено во Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за заштита од семејно насилство, а со организациите на ОН е потпишан договор за заедничка програма за имплементација на Стратегијата. Подготвен е протокол за здравствените работници за третман на жртвите на семејното насилство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Јавно здравство**
Клучни институции во областа на јавното здравство се :

- Министерство за здравство – донесување и имплементација на Законите и подзаконските акти, Програми,итн.
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат - надзор над спроведување на мерките за спречување и сузбивање на заразните болести; евиденциите во областа на здравството; законот за здравствена заштита, законот за заштита на правата на пациентите итн.
- Републичкиот завод за здравствена заштита-Скопје и 10 Регионални заводи за здравствена заштита;
- Републичкиот завод за трансфузиологија – надлежност во безбедноста на крвта и стандардите за квалитет и сигурност на собирањето, тестирањето, обработката, чувањето и дистрибуирањето на човечка крв
- Психијатриските болници, Општите болници; Служби за превенција и третман за злоупотреби на дроги; Центрите за ментално здравје; Универзитетски клиники и институти – Скопје, итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**ЈАВНО ЗДРАВСТВО**
**ТУТУН**
Ќе се подготви АП за превенција и контрола на пушење кај младите.
Во МЗ се врши проценка на можностите за воведување на сликовни предупредувања, со употреба на фото-галеријата на ЕУ.

***Заразни заболувања***
Се планира доввршување на процесот на заокружување на законодавството за заразни болести преку донесување на останатите подзаконските акти кои произлегуваат од Законот, како и негова измена заради дополнување на листата на заразни заболувања кои подлежат на задолжително пријавување и заради воспоставување на законска рамка за обврската за задолжиетлно синдромско пријавување согласно EWRN (АЛЕРТ) проектот. Измените на законот ќе овозможат имплементирање на ЕУ мерките 31998D2119 , 32000D0057,32000D0096 и 32004R0851.

Во редовниот календар за имунизација за 2009 година ХПВ вакцината ќе биде задолжителна за девојчиња на 12 годишна возраст.
Ќе се обезбеди бесплатна вакцинацијата против сезонски грип за лица над 65 годишна возраст и деца до 18 годишна возраст со намален имунитет (хронично болни).

Ќе се продолжи интензивната соработката со Европскиот центар за превенција и контрола на заразни болести. Согласно спроведената теренска проценка од страна на експерти на УНИЦЕФ и СЗО, и препораките од нивниот извештај ќе се врши промена на опремата за обезбедување на “ладен ланец“.

Ќе се подготви повеќе годишен план за имунизација (со поддршка на експерт од УНИЦЕФ) и ќе продолжи едукацијата на здравствените работници од службите за имунизација.
Се планира и набавка на софтвер за електронско евидентирање на услугите од имунизацијата.

Ќе се врши и континуирана имплементација на активностите од превентивните годишни програми ( Програма за имунизација, Програма за бруцелоза, програма за туберкулоза, СИДА, Превентивна здравствена заштита,

***Незаразни заболувања***
Во областа на незаразните заболувања за планира усвојување на Стратегија за незаразни заболувања и отпочнување на подготовка на специфични програми и акциски планови за имплементација (програма за превенција на кардиоваскуларни болести, програма за скрининг на канцер на дебело црево и др.).
Континуирано ќе се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Годишната Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената и Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Здравје за сите и Систематски прегледи, неосигурени лица, Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во Република Македонија.

Се планира и донесување на Стратегија за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје.
Ќе се подготви и Акционен план за посебни мерки за заштита од злоупотреба на алкохол кај млади.

Ќе се отпочне со имплементација на Стратегијата за превенција од семејно насилство и Стратегијата за безбедност на патиштата ( дел здравство).

Заради справување со последиците од климатските промени се планира подготовка на Акционен план за справување со ефектите по здравјето од топлината.

***Безбедност на крв, човечки ткива и клетки***
Се планира донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за безбедност во снабдувањето со крв,
Се очекува отпочнување на анализа на постојната состојба заради започнување на процесот на трансформација на здравствениот систем во сегментот на службите за трансфузиологија согласно Законот за безбедност во снабдувањето со крв (Востановување на Национална Установа за крв, мрежа од три регионални центри и подрачни единици )

***Болести на зависност***
Ќе се продолжи со имплементација на Нацонална стратегија за намалување на штетните последици од злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во РМ (2008-2012), преку донесување на АП за превенција на штетните последици од консумирање на алкохол кај младите. Исто така ќе се продолжи и со имплементација на активностите предвидени со Националната стратегија за ХИВ/СИДА 2007-201, како и со континуирано спроведување на активностите од годишната Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависност во РМ

***Храна и исхрана***
Се планира да се подготви Вториот акционен план за храна и исхрана на Република Македонија за периодот 2009-2013 година кој ќе опфати активности за следење на нутритивниот статус на населението, особено кај вулнерабилните групи, превземање на активности за намалување на микронутритивниот дефицит, подобрување на квалитетот на исхраната заради намалување на морбидитетот и морталитетот од незаразните заболувања.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Отпочнатите реформски процеси и обемноста на превземените обврски налагаат зајакнување на капацитетите на Секторот за европски интеграции( Одделение за ИПА), на Секторот за нормативно правни работи и Секторот за стратешко планирање, креирање политики и следење.
Заради модернизација на РЗЗЗ се планира зајакнување на капацитетите, пред се во Секторот за социјална медицина, а ќе се формира одделение за меѓународна соработка.
Потребно е и кадровско зајакнување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со 14 инспектори за 2009 година, како и нивна континуирана едукација во областите за чиј надзор се овластени.

***Заразни Болести***

Со измените на Систематизацијата во МЗ Секторот за примарна и превентивна здравствена е трансформиран во Сектор за превентивна здравствена заштита со две одделенија: за заразни болести и контрола на епидемии и Одделение за незаразни болести, животна средина и здравствена промоција.Се планира кадровско екипирање на двете одделенија.
Се планира зајакнување на капацитетите на РЗЗЗ во Секторот за епидемиологија и микробиологија преку вработување на 3 епидемиолози.

***Болести на зависност***
Во 7 центри за лекување и третман на болести на зависности неопходно е да се обезбедат кадри за успешно функционирање, (најмалку по еден лекар, две медицински сестри и психолог,односно социјален работник).

***Незаразни болести***
Се планира спроведување на студија за ефектите од досега спроведените мерки против злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението.

Се предвидува од постоечката Психијатриска болница – Скопје, Скопје, да се формира нова институција -Центар за ментално здравје. Со формирањето на овој Центар ќе се постигне деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје. Центарот за ментално здравје ќе се формира како Јавна здравствена установа која ќе ги згрижува пациентите на регионален принцип. За формирање на овој Центар ќе се користат постојните човечки ресурси. Потребна е дополнителна обука за работа со лица со проблеми во менталното здравје со акцент на вклучување во локалната заедница.

Предвидено е отварање на 3 нови Центри за ментално здравје- со регионален пристап во други региони во Републиката кои ќе произлезат од останатите Психијатриски болници во Републиката и психијатриските одделенија во Општите болници. Со формирањето на овие Центри ќе се постигне деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје. Потребно е и доекипирање на центрите со по еден психолог и работен терапевт.

Заради имплементација и управување со отпочнатите реформи во болничкиот сектор неопходно е кадровско зајакнување на Секторот за секундарна и болничка здравствена заштита во МЗ како и на Републичкиот завод за здравствена заштита со специјалисти по социјална медицина или магистри по јавно здравје.

Се планира и имплементација на активностите кои ќе се утврдат со специфичните програми и акциски планови на Стратегијата за незаразни болести.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
На среден рок континуирано ќе се работи на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ преку донесување на подзаконски акти од Законот за евиденции
Исто така континуирано ќе се спроведуваат годишните Програми кои произлегуваат од Законот за здравствена заштита, Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија за 2005-2012 год.,Националната стратегија за ХИВ/СИДА и Националната стратегија за намалување на штетите како последица, Стратегија за намалување на штетните последицици од злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во РМ (2008-2012)

Се планира подготовка на Стратегија за палијативна грижа со која ќе се уредат прашања поврзани со подобрување на грижата кај стари лица и лица заболени од канцер
Во 2010 година е планира спроведување на студија за ефектите од дотогаш спроведените мерки против злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамки на Државниот санитарен и здравствен инспекторат се предвидува формирање на одделение за заштита на потрошувачите и правата на пациентите, како и негово кадровско зајакнување со 13 инспектори за 2010 година и 10 инспектори за 2011 година, како и нивна континуирана едукација во областите за чиј надзор се овластени.

***Заразни болести***
Се планира кадровско зајакнување на Секторот за превентивна здравствена заштита со по две лица во 2010 и 2011 година , како и на Републичкиот завод за здравствена заштита со по 3 лица во 2010 и во 2011 година.

***Болести на зависност***

Заради предвидената потреба од зголемување на бројот на центри за лекување и третман на болести на зависности, како и заради обезбедување на соодветно функционирање на центрите во две смени, потребно е нивно кадровско зајакнување со по 17 лица во 2010 година и 12 лица во 2011година.

***Незаразни болести***

Како дел од активностите за имплементација на Стратегијата за ментално здравје предвидено е отварање на 7 нови институции - Центри за ментално здравје- кои ќе произлезат од останатите Психијатриски болници во Републиката и психијатриските одделенија во Општите болници. За доекипирање потребно е да се обезбедат нови вработувања на по 3 лица во секој од новоотворените центри.

Заради имплементација и управување со реформите во болничкиот сектор неопходно е кадровско зајакнување на Секторот за секундарна и болничка здравствена заштита во МЗ со уште 4 лица во текот на 2010 и 2011 година..

Се планира кадровско зајакнување на Секторот за социјална медицина во Републичкиот завод за здравствена заштита со по 2 лица во 2010 и 2011 година.

***Безбедност на крв, човечки ткива и клетки***

Се планира донесување на подзаконските акти  кои произлегуваат од Законот за безбедност во снабдувањето со крв,

Ќе продолжи процесот на трансформација на здравствениот систем во сегментот на службите за трансфузиологија согласно Законот за безбедност во снабдувањето со крв (Востановување на Национална Установа за крв, мрежа од три регионални центри и подрачни единици ) . Согласно утврдените потреби во спроведената анализа ќе се зајакне кадровскиот капацитет на Националната Установа за крв.

Се очекува и отпочнување на активностите за имплементација на проектот за безбедност на крв финансиран од ИПА фондови .

## 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

### 3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во јануари 2008 година беа донесени и стапија во сила измените на Царинскиот закон (Службен весник на РМ бр.04/08 од 10 јануари 2008). Со овие измени се утврдени условите за одземање на претходно издадени царински лиценци, одобренија за застапување, донесување и поништување или укинување на одлуки од областа на царината со истовремено хармонизирање со соодветните одредби од европското законодавство, како и воведување на концептот на овластен економски оператор. Измените обезбедуваат и усогласување на прекршочните одредби со Законот за прекршоците, врз основа на што Царинската управа во јануари 2008 година започна да изрекува мандатни казни за сторени царински прекршоци. Со јасното и детално уредување на условите за донесување на одлуки, како и нивно поништување или укинување и дефинирање на поимот лице со поголем ризик, се овозможува елиминирање на дискреционите права на царинските органи. Воведувањето на концептот на овластен економски оператор е во насока на усогласување на националното законодавство со Acquis communautaire, односно усогласување со измените на Царинскиот закон на Европската унија 648/2005.

Владата на Република Македонија донесе Уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки (Службен весник на РМ бр. 64/2008). Со измените на Уредбата, домашните патници при враќање од странство ќе бидат ослободени од плаќање на царина за предмети од некомерцијална природа во вредност од 175 евра во денарска противредност, наместо 45 евра како што беше претходно. Измените на Уредбата почнаа да се применуваат од 30.05.2008 година.

Со цел да се обезбеди еднообразна примена на активностите и процедурите кои ги применуваат царинските службеници при спроведување на царинската постапка, Царинската управа во текот на 2008 ги донесе следните позначајни упатства:

- Упатство за чување, обучување и користење на царински кучиња за откривање droги, психотропни супстанци и прекурзори со кое се утврдуваат правилата за чување, обучување и користење на царински кучиња за откривање дроги, психотропни супстанци и прекурзори;
- Упатство за работа со информатори со кое се утврдуваат мерките за безбедна работа со лицата што даваат информации (информатори) и нивна заштита, како и стандардниот пристап при нивната идентификација, припрема и управување, со цел обезбедување на постојан проток на квалитетни информации, како и процедурите за прибирање и чување на информации од информаторите и условите за давање надомест;
- Упатство за начинот на постапување со привремено задржани, одземени и стоки отстапени во корист на државата, со кое се утврдува начинот на постапување со привремено и конечно одземени стоки и стоки отстапени во корист на државата, нивно евидентирање, сместување и чување, предавање, продажба и распределба на паричните средства остварени со продажбата, како и надлежностите и одговорностите;
- Упатство за примена на законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, со кое се утврдува начинот на евидентирање на внесувањето и изнесувањето на готови пари и хартии од вредност преку царинската линија на Република Македонија;
- Упатство за начинот на задолжување и раздолжување на лично вооружување и муниција во магацин, како и нивно чување и работата на магацинот на оружје и муниција;
- Упатство за спроведување на царинската постапка во меѓународниот поштенски сообраќај;
- Упатство за начинот на земање и испитување на мостри со кое се пропишува начинот на земање на мостри, постапување со мострите и нивно доставување на анализа, испитување на мострите, постапување со земените мостри по спроведената анализа и утврдување на трошоците за испитување;
- Упатство за работа на Одделението за кординација и комуникација (ОКК) со кое се уредува начинот на работата на ОКК кое работи 24 часа секој ден (24/7), а чија основна задача е прием на информации, првична анализа, проценка и нивно процесирање, давање логистичка поддршка на царинските работници на терен и во царинските испостави
- Упатство за вршење на селективни контроли во царинското работење, со кое е пропишан селективниот пристап, базиран врз анализа на ризик, при спроведување на царинските контроли од страна на организационите единици на Царинската управа на Република Македонија, со користење на техники за управување со ризик.
- Управувањето со ризик има за цел ефикасна и ефективна селекција на царинските пратки каде постои повисок ризик дека не се во согласност со законските прописи и насочување на расположивите ресурси кон овие пратки, а на трговијата каде не постои ризик треба да и овозможи слободен проток со минимум потребно задржување. За таа цел донесено е и Упатство за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална

трговија и за олеснување на трговијата и врз негова основа за секоја царинска испостава се поставени квантитативни таргети во 2009 година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска управа (објавен во Службен Весник на Република Македонија бр. 103/08 од 19 август 2008 година) се овозможи Царинската управа да го преземе управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини за патен сообраќај, со што се намалија трошоците и се обезбедија поповолни услови на економските оператори и патниците.

Царинската управа врши надзор над изнесувањето и внесувањето од/во Република Македонија на ефективните домашни и странски пари, чекови и монетарно злато кои од/во Република Македонија ги изнесуваат/внесуваат резиденти и нерезиденти или ги праќаат по поштенски пат. Во јули 2008 година, беа донесени измени на Законот за девизно работење кои се однесуваат на висината на глобата што се изрекува за сторен девизен прекршок, надзорен царински орган, надлежен орган за водење и изрекување на прекршочни санкции, како и рокот на застареност за водење на прекршочна постапка. За прекршоците наведени во член 56-а став 1 т.22 и 28, водењето на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција го превзеде Царинска управа, односно Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа.

Во насока на усогласување со Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, Владата на Република Македонија донесе измена на Одлуката за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои можат да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија. Со Одлуката се регулираат условите за внесување/изнесување на ефективни странски пари за резидентите и нерезидентите, односно се пропишува слободно внесување и изнесување на ефективни странски пари и чекови во износ до 10.000 евра, наместо 2.000 евра како што беше претходно. Со измените, односно со зголемувањето на износот ќе се избегнат голем број на случаи на прекршоци кои се прават од неинформираност на нерезидентите кои влегуваат/излегуваат во/од Република Македонија и кои не претставуваат резултат од нелегални економски активности или перење на пари.

Во рамките на олеснувањето на трговијата, Царинската управа како носител на Проектот на Владата на Република Македонија за воспоставување на едношалтерскиот систем за увозно-извозни дозволи и квоти, успешно ја координираше имплементацијата на овој значаен проект, кој опфати системско поврзување на 16 институции вклучени во издавање на дозволи за увоз и извоз и распределба на царински квоти. Со овој проект се прави значаен чекор во воспоставувањето на бесхартиено царинско работење. Во ноември 2008 година, стапи на сила Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот едношалтерски систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки („Службен весник на РМ“ бр. 134/08). Во рамките на неговата подоготовка, Царинската управа во соработка со партнерите кои го поддржуваат и изведуваат проектот, навремено го стави во функција едношалтерскиот информационен систем EXIM.

Донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка (Службен весник на РМ бр.107 од 29.08.2008), со кој од 1 јануари 2009 година се укинаа надоместоците за царинска придружба и за складирање во склад на царинскиот орган. Со примената на овие измени значително ќе се намалат трошоците на превозниците и увозниците на некои видови на акцизна стока бидејќи за царинската придружба од 1 јануари 2009 година повеќе нема да се плаќаат надоместоци.

По добивањето на статус на земја набљудувач во Заедничкиот комитет и работните комитети на Конвенцијата за заеднички транзитни постапки, претставници на Царинската управа активно се вклучија во работата на комитетите.

Врз основа на измените и дополнувањата на Законот за акцизи (Службен весник на РМ бр.88 од 16.07.2008), Царинската управа донесе измени на Упатството за примена на Законот за акцизи во царинското работење. Со измените и дополнувањата на Законот за акцизи е предвидено ослободување од плаќање на акциза на патнички автомобили ако се добиени како подарок од странски донатори, а се наменети за државните органи, општините, градот Скопје, општините во градот Скопје и јавните установи, како и патнички автомобили на хибриден погон (комбинација на бензински мотор и електромотор).

Собранието на Република Македонија во септември донесе Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија, од една страна, и Европските заедници и нивните земји членки, од друга страна, за да се земе во предвид пристапувањето на Република Бугарија и Романија во Европската унија (Службен весник на РМ бр. 119/2008 од 19.09.2008). Со ова се создаваат услови за започнување на процесот на имплементација на дијагоналната кумулација на потекло овозможена со Спогодбата.

Во Анкара на 11 ноември 2008 година беа потпишани измените на Протокол 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција од страна на директорот на Царинската управа на Република Македонија и генералниот директор на Потсекретаријатот за надворешна трговија на Република Турција. Со овие измени Европската Унија и земјите учеснички во процесот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија се вклучуваат како партнери за кумулација на потеклото со Македонија и Турција.

Владата на Република Македонија донесе Уредба за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Европската комисија за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура (Службен весник на РМ број 84/2008 од 11.07.2008), со што се овозможи транспонирање на европските регулативи и понатамошно усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската унија

Врз основа на Законот за царинска тарифа, Владата на Република Македонија донесе Одлука за усогласување и менување на царинската тарифа за 2009 година (Службен весник на РМ бр.146/2008 од 25.11.2008) согласно обврските кои произлегуваат со пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација и која се менува согласно со измените на Комбинираната номенклатура на Европската унија

Царинската управа ја извести Светската царинска организација за прифаќањето на следните пет препораки, кои се воедно и дел од законодавството на ЕУ :

- Препорака на Советот за царинска соработка за царинските барања за комерцијални фактури
- Препорака на Советот за царинска соработка во врска со царинска постапка за регистриран товар превезуван со железница
- Препорака на Советот за царинска соработка во врска со техничка соработка во врска со царински прашања
- Препорака на Советот за царинска соработка во врска со изготвување на декларации за стока со компјутер и други автоматски печатачи
- Препорака на Советот за царинска соработка во врска со употреба на шифрирани ознаки за прикажување на елементи на податоци и четири нејзини анекси и тоа: Анекс 2 "Ознаки за означување на контејнери", Анекс 6 "Наименување на стока и тарифни статистички ознаки", Анекс 7 "Царински постапки" и Анекс 8 "Единици мерки".

Во јули 2008 година, донесен е Закон за ратификација на Препораката на Советот за царинска соработка во врска со измените на Конвенцијата со која се основа Советот за царинска соработка, со која се прифати барањето за членство на Европските заедници, како напредна царинска унија, во Светската царинска организација.

Во насока на усогласување на националното законодавство со Acquis, како и во насока на прифаќање на инструментите на Светската царинска организација во поглед на олеснување на трговијата, донесен е Законот за ратификација на Протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (ревидирана Кјото Конвенција) (Службен весник на РМ бр.165/2008). Со имплементацијата на принципите на Кјото Конвенцијата ќе се постигнат значителни и мерливи резултати, кои ќе произлезат од унапредување на ефективноста и ефикасноста на Царинската управа и нејзината функција при протокот на стоката преку границите. На тој начин ќе се овозможи Царинската управа да одговори на барањата на меѓународната трговија за обезбедување на соодветен баланс помеѓу нејзините функции за контрола и прибирање на приходи од една страна и олеснувањето на трговијата од друга страна. Обезбедувањето на стандардни и едноставни постапки кои се хармонизирани низ сите царински служби, ќе придонесе за олеснување и развој на меѓународната трговија.

Во декември е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа (Службен весник на Република Македонија бр. 160 од 23 декември 2008), кој влегува во сила од денот на објавувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.
Царинската тарифа, која е составен дел на Законот за Царинска тарифа (Службен весник на Република Македонија бр. 23/03 и 69/04, 10/2008 и 160/2008) е усогласена со преземените обврски кои произлегуваат со пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација и со измените на Комбинираната номенклатура на Европската унија.

Воедно, согласно Програмата на Владата на Република Македонија за намалување на царинските стапки на репроматеријали за индустријата и земјоделието, во Законот за Царинска тарифа извршена е измена на МФН26[1] царинските стапки на 498 тарифни ставови.

Исто така, во Царинската тарифа е направено расчленување на одредени тарифни броеви на национално ниво, согласно Препораката на Советот за царинска соработка за расчленување на националните статистички номенклатури за тарифните подброеви за да се олесни собирањето и споредувањето на податоци на меѓународното движење на супстанции контролирани со амандманите на Монтреалскиот протокол за супстанци кои ја оштетуваат озонската обвивка (1 јули 2006).

За олеснување на царинската постапка на царинските работници како и на останатите учесници во меѓународната трговија, Царинската управа изготви Водич за царинење на стоки 2009, во кој покрај МФН царински стапки, инкорпорирани се преференцијалните стапки согласно договорите за слободна трговија, ДДВ, акциза и пропишаните не-тарифни мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Царинската управа на Република Македонија е надлежна за примена на Законот за Царинска управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока, како и извршување на други дејности коишто со други закони и' се дадени во нејзина надлежност.

Во 2008 година беа интензивирани активностите за натамошно јакнење на институционалниот капацитет на царината, особено во делот на олеснување и намалување на трошоците на транспортот и трговијата, постигнување мерливи резултати во борбата против корупцијата и нелегалната трговија, како и заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Царинската управа започна со активности за имплементација на Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како платформа за подобрување на способноста на царинската служба да открива и да се справува со високо ризични пратки и зголемување на нејзината ефикасност при спроведувањето на царинењето на стоката и нејзиното пуштање во слободен промет.

Согласно Рамката на стандардите на СЦО, покрај воведувањето на Овластениот економски оператор и примената на модерна технологија за контрола на товарот, со што ќе се овозможи висок степен на ефикасност на царинската служба при контрола на товарот и забрзување на протокот на стока, истовремено интензивно се работи на воспоставување на модерен информационо комуникациски систем.

Со ставањето во функција на четирите мобилни рентген скенери за контрола на контејнери и возила со големи димензии на граничните премини, воспоставени се високи стандарди за забрзување и олеснување на прометот со стока, брза и квалитетна контрола на товарните превозни средства во поглед на содржината и видот на стоката која се пренесува, откривање на недозволена трговија и криумчарење на забранета и акцизна стока. Примената на софистицирана опрема, која не го нарушува интегритетот на товарот, придонесува за зголемување на наплатата на увозните давачки, заштита од увоз и транзит на недозволена стока, забрзување на протокот, заштита на границите, безбедност на граѓаните и подобра и поефикасна превенција и сузбивање на прекуграничниот криминал, царинските измами и корупцијата.

Приоритетите во јакнењето на ИКТ капацитетите глобално се дефинирани преку стратегијата за ИКТ усвоена од Царинската Управа.

Еден од приоритетите на Царинската управа на Република Македонија е воведувањето на Новиот компјутерски систем на Царинската управа – AIDA, кој ќе ги исполни функционалните и техничките барања по однос на интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи.

Заложбите на Царинската управа беа потврдени и преку заклучоците од ИТ awareness мисијата на DG TAXUD, реализирана во месец мај 2007 година. Како основен приоритет по однос на процесите на интерконекција со европските системи беше напомената Одлуката во врска со поставувањето (имплементацијата) на систем за процесирање на царинските декларации.

На 23 јануари 2009 година во Скопје, Директорот на Царинската управа и Директорот на Финансиската служба - во името на Царинска управа на Италија (водач на Конзорциумот ITA@MAC - имплементатор на проектот) потпишаа Договор за јавна набавка на Систем за обработка на царински декларации (СОЦД).
Склучувањето на договорот и имплементацијата на новиот царински софтвер претставува дел од процесот на модернизација на царинското работење како и остварувањето на заложбите за создавање на услови за забрзување на протокот на стоки, исполнување на високи информатичко телекомуникациски стандарди и создавање на можност за поврзување со Европската комисија и Земјите членки на Европската Унија. Преку реализацијата на проектот во соработка со Царинската управа на Италија и партнерите во конзорциумот ITA@MAC од Република Италија и Република Македонија во наредните 16 месеци, Царинската управа во значителна мерка ќе ја подобри својата ефикасност и ќе придонесе за

подобрено економско опкружување и деловно работење во Република Македонија. Преку системот кој е подготвен според последните стандарди на Европската унија, се овозможува создавање на основа за понатамошно усвојување и спроведување на царинското законодавството на ЕУ, но и воведување на повисоки стандарди во автоматската обработка на царинските документи.

Обуките и стручното оспособување на царинските службеници се одвиваа според Стратегијата за обуки и за стручно оспособување на царинските работници, како и Програма за обуки за 2008 година, овозможувајќи континуирано запознавање на постоечките вработени со новините во царинската област и воведување на нововработените царински работници во царинското работење.

За поефикасно спроведување на стратешките цели за превенција и спречување на корупцијата, Царинската управа согласно Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа (усогласена со духот и целта на Аруша декларацијата), во август 2008 година усвои нов Акционен план за спречување на корупцијата во Царинската управа на Република Македонија. Целта е унапредување на системот за превентивно делување и сузбивање на корупцијата во Царинската управа. Истиот е подготвен согласно препораките од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата од 2007 година, законските одредби и регулативата која е на сила во Царинската управа на Република Македонија, како и законските обврски и принципи што произлегуваат од меѓународните конвенции.

Во рамките на своите заложби за борба против корупцијата, Царинската управа на Република Македонија е првата државна институција, која на 27.11.2008 година ги презеде анкетните листови на своите вработени од Државната комисија за спречување на корупцијата. Царинската управа превзеде вкупно 812 анкетни листови за имотната состојба доставени од страна на царинските службеници на 30.03.2005 година, а согласно членот 33-а став 4 од Законот за спречување на корупцијата, од каде произлегува дека обврската за прибирање, евидентирање и чување на анкетните листови за службените лица е на органот во кој е вработено службеното лице. Спроведувањето на оваа обврска е предвидена во Акциониот план на Царинската управа за 2008 година, како и во Договорите за вработување каде што е наведено дека царинските службеници се обврзани да достават нови анкетни листови при секое нивно унапредување.

Во тек се активности за воспоставување на електронска евиденција за податоците од анкетните листови со строго ограничен пристап. Нововоспоставената евиденција за податоците од анкетните листови ќе содржи податоци за сите (1130) вработени во Царинската управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2009 година, активностите на Царинската управа на Република Македонија ќе бидат концентрирани на понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на административниот капацитет за имплементација на царинското законодавство и борба против прекуграничниот криминал.

Со цел користење на можноста за електронско поднесување на царинска декларација во рамките на новиот Систем за обработка на царински декларации - СОЦД, во Царинскиот закон ќе се извршат измени со кои ќе се определат условите за употреба односно имплементација на електронската царинска декларација.

Промените на информатичко комуникациската технологија во Царинската управа се поврзани со изготвување на измени на царинските прописи кои се потребни за усогласување на транзитната постапка, планирани за реализација во рамки на IPA 2007.

Заштитата на правата на интелектуална сопственост, ќе биде поддржана со нови одредби во *Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост,* во делот на отповикување на барањата за преземање на царински дејства поради неисполнување на обврски од страна на носител на право/застапник и во делот на надомест на трошоци за складирање и уништување на фалсификувана стока, од страна на увозник на стока. Промената ќе биде проследена со соодветни измени на Правилникот за спроведување на *Законот за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост.*

Во рамките на Едношалтерскиот систем, ќе се преиспита можноста за проширување на услугите, во насока на воведување на нови документи кои ќе можат да се поднесуваат преку овој електронски систем.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со оглед на важноста на акцизните давачки за финансиската стабилност на државата, прилагодувањето со европското законодавство, начинот на наплата и сличноста на наплатата и контролата на акцизните давачки со царинските давачки, во земјите членки на ЕУ наплатата на акцизните давачки на целата територија на државите ја вршат царинските служби.

Заради правилно и ефикасно водење на целокупниот систем на наплата на акцизните давачки од страна на Царинската управа на целата територија на Република Македонија и преземање на наплатата на акцизните давачки, ќе се развијат стратешки цели и акционен план за пренесување на надлежностите за наплата на акцизните давачки на Царинската управа на целата територија на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот за транзит во Царинскиот закон ќе бидат подготвени измени применливи на денот на приемот на Република Македонија во Конвенцијата за општа транзитна постапка, потпишана во Интерлакен во мај 1987. Усогласување на македонското царинско законодавство со Конвенцијата ќе биде предмет на контрола и набљудување организирано од депозитарот на Конвенцијата (Комисија на ЕУ). Овие предлог измени треба да се презентираат од страна на Царинската Управа пред мисиите за набљудување испратени во Република Македонија од депозитарот на Конвенцијата (Комисија на ЕУ) и заедничките комитети на ЕУ и ЕФТА за општа транзитна постапка.

Активностите за промена на законодавството и информатичката структура за непречена имплементација на Новиот заеднички транзитен систем ќе се реализираат во рамките на програмата ИПА 2008, преку користење на техничка помош за воведување на Новиот компјутерски транзитен систем - NCTS преку „*Проектот за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи*".

Во рамките на Инструментот за претпристапна помош - ИПА 2009, ќе се обезбеди имплементација на Интегрираното тарифно опкружување преку реализација на *Проектот за воведување на Интегрирано тарифно опкружување-ITE.* Имплементацијата на Проектот ќе овозможи и законско усогласување во однос на Интегрираниот тарифен концепт на Заедницата-TARIC (31987R2658).

Царинската управа и понатаму ќе спроведува анализи на одредбите на европското законодавство кое е директно применливо за земјите членки на ЕУ во областа на царините, но кое остава можност земјите членки да одлучат врз основа на поединечни случаи кои се важни при спроведувањето и супервизијата на системот.

Овие одредби, посебно се однесуваат на: правилата за потекло на стоките - усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата; специјални правила кои се дел на спроведувањето на Заедничката Земјоделска Политика.

Пред влезот во Европската унија, ќе се направи проверка на мрежата на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа својот напредок во насока на зајакнувањето на своите институционални капацитети ќе го реализира низ натамошно следење и усвојување на Европските стандарди и acqui, најдобрите пракси на земјите членки на ЕУ и релевантните меѓународни прописи и стандарди

## 3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Кон крајот на 2007 година ревидирана е Стратегијата за развој на Царинската управа на Република Македонија за периодот 2008 – 2010 и акционен план за 2008 година. Приоритетите на Царинската управа на Република Македонија се преточени во пет стратешки цели:

- Правна рамка – хармонизирање со европската регулатива
- Ефикасна наплата на увозни давачки и спроведување на мерките на трговската политика
- Заштита на граѓаните и борба против организираниот криминал
- Ефективна примена на ИКТ технологии
- Осовременување на царинската служба и засилување на соработката

Со цел зголемување на ефикасноста и подобрување на институционалниот капацитет на Царинската управа на Република Македонија, во 2008 година ангажирана е реномираната консултантска куќа Crown Agents чии царински експерти, преку непосредна соработка со своите партнери од Царинската управа соработуваат во пет главни области: а)

воведување/спроведување на контроли, системи и процедури засновани на ризик, како примарна основа за царинските активности, б) развој на функциите на истраги и разузнавање во рамките на Царинската управа и управување врз основа на анализа на ризик, в) обезбедување долгорочна оперативна поддршка за единиците за контрола и истраги во откривање на нелегална трговија, криумчарење и стопански криминал, г) развој и промоција на ефективна меѓуинституционална соработка во земјата и во странство, и д) развој и ефективно спроведување на антикорупциска стратегија.

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети, обезбедување на безбедност на границите, како и постојаните активности насочени кон сузбивање на криминалот во државата и регионот, во 2008 година се ставени во фунција 4 (четирите) рентген системи за контрола на возила со големи димензии и контејнери, со што се забрзува протокот на стоки и ефикасноста на царинската постапка.

На 23 јануари 2009 година во Скопје, Директорот на Царинската управа, Директорот на Финансиската служба - во името на Царинска управа на Италија (водач на Конзорциумот ITA@MAC - имплеметнатор на проектот) потпишаа Договор за јавна набавка на Систем за обработка на царински декларации (СОЦД).
Склучувањето на договорот и имплементацијата на новиот царински софтвер претставува дел од процесот на модернизација на царинското работење како и остварувањето на заложбите за создавање на услови за забрзување на протокот на стоки, исполнување на високи информатичко телекомуникациски стандарди и создавање на можност за поврзување со Европската комисија и Земјите членки на Европската Унија.

Преку користење на информациска и комуникациска технологија вложени се напори да се унапреди соработката и да се овозможи сигурна размена на информации помеѓу царинските служби, помеѓу царината и соодветните државни институции и помеѓу царината и економските оператори.

Царинската управа на Република Македонија раководејќи се од добрите пракси на земјите членки во Европската Унија стекнати во периодот на подготовка за членството во ЕУ, воспостави приватно партнерство помеѓу новата лабораторија на Царинската управа и Природно математичкиот факултет во Скопје. Соработката е во насока на взаемно користење на ресурсите за вршење на анализи за царински потреби и обезбедување на еднообразно и недвосмислено распоредувње на стоката според царинската тарифа.

Во рамки на развојот на партнерството со деловната заедница, Царинската управа постојано работеше на полето на поедноставување на царинските постапки. За олеснување на царинските постапки на одредени гранични премини според расположивите просторни и технички услови и овозможено е спроведвуање на увозната и извозната царинска постапка во текот на 24 часа.

Во текот на 2008 имплементиран е Централизиран систем за видео мониторинг инсталиран на сите гранични и внатрешни испостави. Со системот се врши надзор над работата на царинските службеници, протокот на возила и патници. Системот се состои од 240 високо квалитетни камери, до кои има пристап Секторот за контрола и истраги и СПО.

Покрај системот за видео мониторинг, имплементиран е и Систем за автоматско проепознавање на регистарски таблички ANPR, инсталиран на 132 коловозни ленти на граничните и внатрешните царински испостави. Системот овозможува електронско следење на возилата кои учествуваат во царинските постапки без човечка интервенција, со што се врши контрола над завршувањето на транзитните постапки и брзо откривање на регистарски таблички на возила кои се движат по царинските испостави.

Од јули 2008 година сите гранични испостави се поврзани со ИТ Системот на Царинската управа Во рамки на јакнење на институционалните капацитети, извршено е понатамошно унапредување на софтверската апликација МИС (Management Information System).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Царинската управа презема конкретни активности по однос на избор, набавка и имплементација на Софтвер за процесирање на царинските декларации и поставување на нов ИКТ систем. Приоритетите и стандардите кои што пред сè се насочени кон ЕУ системите: (Национална поставеност) - квалитетни софтверски решенија кои ќе ги поддржуваат основите на национално поставеното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ легислативата како и ЕУ стандардите во ИКТ работењето, како и компатибилно е-влада решение.
(Поставеност према ЕУ системите) - така поставената национална конфигурација и систем треба целосно и директно да бидат насочени кон ЕУ системите.

По однос на Националниот систем, предвиден е ангажман на консултанти за подготовка на потребната документација со опис на потребната корисничка и техничка поставеност на Системот за процесирање на царински декларации.

По однос на интерконекциите со ЕУ системите, преку IPA 2007, IPA 2008 и IPA 2009 подготвена е ИКТ компонентата и тоа преку подготовка на NCTS и ITE проектите, како и изготвување на ИКТ стратешките документи и пред се IIS стратегијата (имплементација на интероперабилноста). Притоа се предвидени и обуки по однос на TEMPO методологијата, реализација на соодветни организациони промени во рамките на секторот (HelpDesk и управување со проекти).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Од особена важност е да се воспостави новиот царински ИКТ систем кој преку употреба на модерна технологија, ќе може електронски да разменува информации и да обезбеди поврзување со трговијата. Согласно стратегискиот план во периодот 2008-2010 ќе се зајакнат активностите во поглед на зголемување на административниот капацитет за примена на царинското законодавство и подготовка на земјата за членство во ЕУ. Во таа насока ќе се превземаат активности на усвојување на Acquis communautaire, приближување на националното законодавство кон законодавството на ЕУ и градење на капацитети за ефикасна контрола на надворешните граници.

Царинската управа при градењето на своите капацитети, како насока интензивно ги применува Ревидираните царински упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија подготвени во 2007 година, со цел исполнувањето на европските стандарди на работење на царинските служби.
Примената на царинските Блупринти е во насока на подобрување на оперативните капацитети на царинската служба, со воспоставување на мерливи стандарди за достигнување во секоја царинска функција.
Воедно се и одредница според која се мерат недостатоците во административниот капацитет, но и понатамошните подобрувања. Блупринтите претставуваат заеднички стандард за ЕУ земјите и земјите кандидати, со посебно значење за Царинската управа во координирање и определување на потребите од ЕУ асистенција.

Царинската управа започна со активности за имплементација на Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како платформа за подобрување на способноста на царинската служба да открива и да се справува со високо ризични пратки и зголемување на нејзината ефикасноста при спроведувањето на царинењето на стоката и нејзиното пуштање во слободен промет.
За спроведување на стабилна имплементација на Рамката, меѓународната царинска заедница се согласи на фазен пристап. Рамката ќе се имплементира на разни нивоа во согласност со капацитетот на администрацијата и законските овластувања. За да го поддржи овој процес СЦО ќе се потруди да и помогне на Царинската управа во утврдување на нејзините потреби за јакнење на капацитетите и ќе предложи можни решенија. Овие иницијативи за градење на капацитетите ќе се спроведуваат со водење на сметка за царинскиот интегритет и развој на соодветна обука.

Воспоставувањето на ISO 9001:2000 стандард - Систем за управување со квалитет, е тесно поврзан со деловното планирање и потребите на корисниците на услугите во надлежност на Царинската управа. Исполнувањето на условите по ISO 9001 е започнат процес во Царинската управа, кој треба да има своја завршница со сертификација од страна на акредитационо тело. Самостојно започнат процес, бидејќи се состои од активности кои Царинската управа ги реализира во рамките на своето работење: воспоставува процедури кои ги покриваат клучните процеси во областа на царинското работење; контролни процеси за осигурување на ефикасност; чување на потребни податоци; подобрување на услугите со корективни активности каде е потребно; редовна контрола врз поединечни процеси и создава услови за постојан развој.

Царинската управа во 2009 година ќе продолжи со засилени активности во борбата против недозволена трговија и криумчарење на стока, при што ќе се даде посебен акцент на примената на постоечката опрема за видео надзор и надградување на истата.

Промоција на концептот на овластен економски оператор и негово воведување во рамноправна соработка со бизнис заедницата за негова правилна имплементација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2009 година воспоставувањето на новиот Систем за обработка на царински декларации е еден од приоритети на Царинската управа на Република Македонија согласно заложбите за обезбедување на квалитетна информатичка поддршка на процесирањето на царинските декларации при увоз, извоз и транзит и согласно функционалните и техничките барања во врска со евроинтергативните процеси по однос на интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи.

Царинската управа ќе продолжи со активностите за подобрување на системот за управување со ризик и ќе работи на воведување на критериуми и стандарди за работа и ефикасна размена на податоци. Се очекува процесот на извлекување на ризични профили да биде автоматизиран со воведување на Систем за Централизирано-електронско администрирање на сите оперативни активности во Царинската управа заради анализа на ризик, статистика и разузнавање.

Ќе се развијат планови за унапредување на капацитетот за спроведување на контроли после царинење (post clearance audit) со што ќе се намалат контролите при царинење.

Царинската управа ќе изврши реформи на системот на обуки и ќе го прилагоди кон новите барања и потреби преку применување на современи методи и техники кои ќе обезбедат поголема ефикасност и подобри образовни резултати, како и економичност на процесот (електронско и далечинско учење). До крајот на 2009, треба да се достигне целосна имплементација на Системот за електронско учење (Е-учење) и достапност до што поголем број на корисници. Преку интранет страната на Царинската управа, сите вработени во Царинската управа ќе имаат пристап до платформата, а заради правилно спроведување на програмите ќе се формираат целни групи со назначени обучувачи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Современите методи на царинење на стоката, со воведување на поедноставувања и премин кон безхартиено работење, бараат дополнителни напори и активности од страна на царинската служба за ефикасна наплата на давачките и спроведување на мерките на трговска политика. За таа цел предвидено е воведување нов, ЕУ компатибилен Систем за обработка на царински декларации; на интегрираната царинска и статистичка номенклатура на Европската унија (TARIC); засилување на механизмите на надзор преку примена на воведениот видео мониторинг на граничните премини и внатрешните царински испостави; воведување на систем за прибирање на акцизите на целата територија на Република Македонија, унапредување на системите за управување со ризик; модернизација на граничните премини со цел подобра имплементација на интегрирано гранично управување и унапредување на соработката со другите државни институции и инспекциски служби.

Од ИКТ аспект, на среднорочен план предвидена е целосна интерконекција со ЕУ системите, (CCN/CSI и NCTS) и продолжување на процедурите за интерконекција со другите ЕУ системи. Притоа заложба на Царинската управа, преку постојано прилагодување на Стратегијата за ИКТ, ќе биде и прифаќање на приоритетите по однос на новите европски системи Автоматизиран систем за увоз (AIS), Автоматизиран систем за извоз (AES), Контролен систем за управување и контрола на акцизи на ниво на заедницата (ECMS), како и обезбедување на правни и технички предуслови по однос на сигурноста на ИКТ системот, поддршка на безхартиените решенија, имплементација на електронската размена на податоци, поставување на систем за управување со ризик, пред се дефинирани со Регулативата 32005R0648.

Царинската управа во соработка со Економскиот факултет Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј и Светската царинска организација, работи на воспоставување на Регионален тренинг центар за обука и стручно оспособување не само на царинските службеници од регионот на земјите кои членуваат во CEFTA 2006, туку и на пошироката деловна заедница. Предвидено е воведување на специјалистички студии и семинари за царинските службеници, како и заедничко учество во развојни проекти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа и понатаму ќе ги анализира одредбите на европското законодавство кое е директно применливо за земјите членки на ЕУ во областа на царините, но кое остава можност земјите членки да одлучат врз основа на поединечни случаи кои се важни при спроведувањето и супервизијата на системот.

Овие одредби, посебно се однесуваат на: правилата за потекло на стоките - усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата; специјални правила кои се дел на спроведувањето на Заедничката Земјоделска Политика.

Пред влезот во Европската унија, неопходно е да се направи проверка на мрежата на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции.

Царинската управа ќе воспостави систем за предвремено електронско известување за пристигање на стоката во царинското подрачје, како и ефикасен систем за електронска комуникација помеѓу граничните царински испостави и помеѓу граничните и внатрешните царински испостави.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Царинската управа на Република Македонија учествува во активностите кои вклучуваат странска оперативна техничка помош, како во областа на обуките на вработените, така и во областа на подобрувањето на техничката опременост на Службата.

Програмата за техничка соработка со Царинската управа на Кралството Холандија е предвидена до крајот на 2009 година во износ од 200.000 евра и се однесува на следниве области: увоз заради облагородување, контрола на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, контрола на извоз на стоки со двојна намена, заштита на право од интелектуална сопственост, царинска вредност и преференцијално потекло на стоките.

Со средства на CARDS Програмата од Европската Унија, во вториот и третиот квартал од 2008 година, се реализира *техничка помош за подготовка на корисничка и техничка спецификација за Систем за обработка на царински декларации.* По изготвената спецификација, Царинската управа реализираше меѓународен тендер за набавка на нов компјутерски систем кој треба да го замени постоечкиот. Имплементацијата на овој систем ќе започне во 2009 година.

Во рамките на програмата IPA за 2007 година, во 2008 година се спроведе постапка на тендерирање и евалуација на доставените понуди за реализација на техничката помош во рамките на оваа програма. Се очекува, на почетокот на 2009 година да запоќне имплементација на техничката помош. Во рамки на „*Проект за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи*", во траење од 18 месеци, со опфатени се 3 под-проекти (компоненти): (1) Усогласување на царинското законодавство во Република Македонија со законодавството на ЕУ; (2) Зајакнување на граничните контроли - зајакнување на капацитетите во борбата против измамите, корупцијата и шверцот со дрога и (3) Унапредување на ИТ системите.

Во рамките на одобрените средства од фондовите на Програмата IPA за 2008 година, во текот на 2010 година ќе се реализира „*Проектот за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи*", во траење од 18 месеци. Проектот содржи 3 под-компоненти: (1) Поддршка во управувањето за воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем –NCTS; (2) Воведување на NCTS преку две под-компоненти (Подобрување на националната апликација за транзит и развој на софтвер) и (3) Воведување на заедничка мрежа за комуникација и заеднички систем за поврзување (Common Communication Network and Common System Interface-CCN/CSI).

Имајќи ги во предвид започнатите активности за поддршка на реформите и модернизацијата на царинското работење преку инструментот за претпристапна помош на Европската Унија - IPA, Царинската управа изработи проектно фише во рамки на ИПА 2009, за зајакнување на капацитетите на Царинската управа преку поддршка на имплементацијата на Интегрирано тарифно опкружување (ITE). Преку негова имплементација ќе се овозможи усогласување и исполнување на барањата за Интегриран тарифен концепт на Заедницата-TARIC, Европска задолжителна тарифна информација-EBDI, квоти, надзор, Европски царински попис на хемиски супстанци-ECICS. Интегрираниот тарифен систем на Европската унија-CITE (Community Integrated Tariff Environment). Во рамките на овој Проект, со траење од 18 месеци, се предвидуваат 3 компоненти,: (1) Поддршка во управувањето со Проектот за воведување на Интегрирано тарифно опкружување-ITE; (2) Развој на Интегрирано тарифно опкружување и (3) Набавка на потребната опрема

За подигнување на оперативните капацитети, во 2009 ќе се реализира Програмата за соработка околу европски прашања помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија. Преку взаемна соработка со Царината на Словенија ќе се врши размена на искуства на експертско ниво и ќе се реализираат обуки во разни домени на царинското работење.

По завршувањето на првата фаза на воведувањето на „*Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти* - EXIM", во текот на 2009 година, со помош на проектите на Агенцијата за помош на САД (USAID), се очекува продолжување на активностите за воведување на нови функционални можности и зголемување на понудата на услуги.

Во текот на 2009 година, Царинската управа ќе започне да користи техничка помош преку учество во Програмата ЕУ Customs 2013. Учеството во оваа Програма преку заеднички активности од области на царинското работење помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските служби на ЕУ, ќе придонесе за подобрување на оперативните капацитети на Царинската управа.

## 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

### 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија во 2008 година продолжи да ја остварува трговската политика во согласност со обврските определени во Светската трговска организација (СТО), склучената Спогодба за стабилизација и асоцијација, Спогодбата ЦЕФТА 2006, како и другите спогодби за слободна трговија.

Република Македонија продолжи да го имплементира Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006. Во 2008 година беше одржана седницата на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА 2008, на кој се усвоени Министерските заклучоци со резимето на активностите на трите Поткомитети на ЦЕФТА 2006. Во документите е заклучено да се интензивира натамошната соработка и да се оди со понатамошна либерализација во трговијата помеѓу потписничките согласно одредбите од Договорот.

Се измени текстот на Протоколот 2 - дефиниција на поимот „производи со потекло" и методите на управна постапка од Договорот за слободна трговија помеѓу Р. Македонија и Р. Турција, во насока на воведување на дијагонална кумулација на потеклото.

Изготвена е анализа на трговската размена на Република Македонија со медитеранските земји, со цел да започнат преговори за склучување на договор за слободна трговија со медитеранска земја, заради согледување на можностите што ги нуди пан- евро- медитеранската кумулација на потеклото.

Владата на Република Македонија секоја година ги усогласува царинските стапки во Царинската тарифа согласно преземените обврски од Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација (Службен весник на РМ бр. 07/2003). Во таа насока беше изменет и дополнет Законот за царинска тарифа (Службен весник на РМ бр. 160/2008).

Врз основа на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (Службен весник на РМ бр. 82/05 и 84/07) во ноември 2008 година донесена е Одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба (Службен весник на РМ бр. 148/08). Листата на стоки и технологии со двојна употреба е целосно преземена од Регулативата на Советот (ЕЗ) 1334/2000, Анекс 1, со која се утврдува режимот за контрола на извозот на стоките и технологиите со двојна употреба.

Во 2008 година, донесена е Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз (Службен весник на РМ бр. 167/08) со која се изврши и усогласување на заедничката воена листа, со измените на Заедничкиот воен список на Европската унија за опрема опфатени со Кодексот на Европската унија за однесување при извоз на оружје, усвоени од Советот на 19 март 2007 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка, Министерството за финансии, Македонска Банка за поддршка на развојот и Царинската управа на РМ се надлежни за креирање и спроведување на трговската политика.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија во тековната рунда на мултилатерални трговски преговори во Светската трговска организација-развојната агенда од Доха (Doha Development Agenda), ќе се залага и ќе ги поддржува ставовите со кои се признава поповолен статус за Членки кои неодамна пристапија во СТО. Исто така, како земја кандидат за членство во ЕУ, за областите за кои се водат преговори, Република Македонија ќе продолжи да ги усогласува ставовите со Европската унија.

Република Македонија ќе продолжи со имплементација на ЦЕФТА 2006 и исто така со имплементација на Договорите за слободна трговија со ЕФТА, Турција и Украина. Исто така, планирано е да започнат преговори за склучување на договор за слободна трговија со медитеранска земја, заради можностите што ги нуди пан- евро- медитеранската кумулација на потекло.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

До 2010 година ќе се измени Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот во насока на усогласување на нејзиниот статус и функции како државна развојна и извозна банка, во согласност со правото на

Европската унија. Исто така, до 2010 година во домашното законодавство целосно ќе се транспонира Директивата 31998L0029 и Директивата 31984L0568, како и одлуките 32001D0076 и 32001D0077 кои се однесуваат на заедничките принципи и критериуми на земјите членки на ЕУ, во сферата на осигурувањето на извозот.

## 3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Република Македонија има склучено повеќе договори за трговско- економска соработка со други држави, кои ќе треба да се усогласат со обврските што произлегуваат од членството во ЕУ. Во декември 2008 година се потпиша Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија.

Република Македонија досега има склучено 31 билатерален договор за поттикнување и заемна заштита на инвестиции од кои 28 се стапени на сила, а за 3 договори се чека известување од другата страна дека интерните процедури во нивните земји се завршени. Од сите склучени договори, 16 се склучени со земји членки на ЕУ.

Во текот на 2008 година Република Македонија го склучи договорот со Кувајт и Протоколот за изменување и дополнување на Договорот со Романија, додека усогласени и парафирани беа договорите со Република Словачка и Султанатот Оман. Во втората половина од 2008 година стапи на сила договорот со Индија.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии - Секторот за финансиски систем во главно се надлежни за билатералните договори со трети земји.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во текот на 2009 година ќе се потпишат договори за економска соработка со Унгарија, Романија и Хрватска согласно обврските што произлегуваат од нивното членството и пристапување во ЕУ.

Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање на договорите за трговска и економска соработка, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди прецизна динамика на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.

Во текот на 2009 година се предвидува усогласување и парафирање на билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции помеѓу Република Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Црна Гора, Катар и Литванија .

## 3.30.3 РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на 2008 не е регистрирана развојна помош на Република Македонија спрема трети земји.

Одделението за развојна и хуманитарна помош, во Секторот за економска мултилатерала - Директорат за економска мултилатерала во Министерството за надворешни работи е надлежно за следење и креирање на политиката во делот на развојната и хуманитарната помош.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во делот на хуманитарната помош предвидено е прифаќање на Регулативата 31996R1257 за хуманитарна помош.

Предвидено е формирање меѓу- ресорско тело со цел изнаоѓање на најсоодветен институционален модел за регулирање на делот на развојна помош. Во таа насока предвидено е донесување на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со регулативите на ЕУ од оваа област. Со законот ќе бидат дефинирани јасни критериуми за определување на потесен круг на земји со кои Република Македонија би воспоставила долгорочна соработка. Дополнително, ќе биде утврдена методологија за пресметување на дадената помош, а ќе се воведе и механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош.
Воедно планирано е да се воспостави соработка невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

Планирано е зајакнување на постоечките административни капацитети со нови вработувања.

## 3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### 3.31.1 ЕБОП

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за учество на РМ во ЕБОП ја сочинува Законот за одбрана, Законот за полиција, Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, како и подзаконските акти: Деловник за работа на меѓуресорската комисија и Правилник за упатување лица во краткорочни меѓународни мисии. Согласно овој Закон формирана е Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од РМ во меѓународни мисии и меѓународни организации.

Согласно искажаниот интерес на РМ, потпишана е Спогодба помеѓу РМ и Европската Заедница за Учество на РМ во Механизмот на Заедницата за цивилна заштита и Финансискиот инструмент за цивилна заштита.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во јули 2008 година Република Македонија го заврши придонесот со хеликоптерски капацитети кон воената мисија на ЕУ во БиХ Алтеа по извршени 4 ротации (јули 2006-јули 2008). Република Македонија во мисијата на ЕУ во БиХ, Алтеа, во моментов придонесува со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир, едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР во БиХ, и еден подофицер за превентивна медицина во Командата на ЕУФОР, со вкупно учество на 12 лица.

РМ учествуваше во вежбата на ЕУ за кризно управување “CME 08”, базирана на сценарио што го поддржува барањето за распоредување воена операција на ЕБОП (без користење на средства и капацитети на НАТО), како и реконфигурација на цивилната мисија на ЕБОП (полициска мисија со елементи на владеењето на правото) како резултат на растечка закана.

Република Македонија беше домаќин на Регионалната Конференција за Европска безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) која се одржа на 25 - 26 септември 2008 год. во Охрид

Република Македонија изрази интерес за вклучување во Концептот на ЕУ за Борбени групи.

Република Македонија изрази интерес за учество во полициската мисија на ЕУ во Авганистан (EUPOL AFGHANISTAN), за што официјално го извести ГС/ВП за ЗНБП на ЕУ.

Во насока на учество на Република Македонија во развојот на цивилните капацитети на ЕУ за управување со кризи декларирани се вкупно 51 лица во рамките на пет области: полиција 15, владеење на правото 16, јавна администрација 8, цивилна заштита 8 и мониторинг 4.

За следење на развојот на ЕБОП и координирање на активностите на РМ на овој план задолжен е еден извршител во Оддлението за ЗНБП во МНР.

Во Министерството за одбрана Одделението за ЕБОП е екипирано со 2 извршители.

Република Македонија со свои претставници од повеќе институции (Собрание на РМ, МНР, МО, МВР, СЕП, ЦУК, Институт за одбранбени мировни студии) учествува во Програмата за обука за ЕБОП, наменета за земјите од ПСА. Програмата е иницирана од Австрија, Германија, Словенија и Унгарија и го опфаќа периодот 2006/2007-2008/2009.

МВР спроведува континуирана обука за полициски ифицери за учество во цивилни мировни операции и во моментов располага со 10 полициски службеници со сертификат од ООН.

Отпочнати се активности за формирање на база на кандидати за учество во мисии предводени од ЕУ, ОН и НАТО.

**Политички дијалог**

Република Македонија редовно учествува на неформалните состаноци на министрите за одбрана во Тројка формат, како и во GAERC формат и на состаноците на Воениот комитет на ЕУ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Р.Македонија ќе го продолжи сегашниот придонес во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа и во 2009 година.

Согласно изразениот интерес на РМ за вклучување во Концептот на ЕУ за Борбени групи, во 2009 год. е планирано потпишување на Писмо за намери од страна на министрите за одбрана на Германија, Австрија, Чешка, Ирска, Хрватска и Република Македонија, како и подготовка и потпишување на Меморандум за разбирање на земјите учеснички во ЕУ БГ II/2012.

Р. Македонија, со свои претставници ќе продолжи да учествува во третиот циклус на Програмата за обука за ЕБОП наменета за земјите од ПСА во 2009 година.

Кадровски ќе се зајакнат капацитетите на Центарот за управување со кризи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Правно регулирање на учеството на Република Македонија во ЕУ БГ II/2012, со донесување Одлука на Влада/Собрание за учеството на РМ во ЕУ БГ II/2012.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Се планира кадровско доекипирање на Одделението за ЕБОП во Министерството за одбрана до 2010 година.

Планирање и подготовка на декларираните сили на Република Македонија за учество во ЕУ БГ II/2012.

### 3.31.2 ЗНБП
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка ја сочинуваат Уставот на Република Македонија, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за надворешни работи, Законот за одбрана, Закон за класифицирани информации, Законот за меѓународни рестриктивни мерки, итн.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Извршено е кадровско зајакнување на Одделението за ЗНБП во рамккте на Директоратот за ЕУ во Министерството за надворешни работи, така што тое е екипирано со 4 извршители и Раководител. Одделението за правото на ЕУ во рамките на Директоратот за меѓународно право и Одделението за контрола на оружјето во рамките на Директоратот за мултилатерала во МНР се доекипирани со уште по еден извршител. Мисијата на РМ при ЕЗ во Брисел во 2008 год. е зајакната со еден дипломат кој е исклучиво ангажиран за следење на ЗНБП/ЕБОП.

Во МВР, во одделението за ЕВРОПОЛ при Сектор за Меѓународна полициска соработка е формиран подрегистар за класифицирани информации.
Во МНР и Мисијата на РМ при ЕЗ во Брисел е инсталирана асоцијативната комуникациска мрежа за размена на класифицирани информации по електронски пат (ACN) до степен "интерно" меѓу Република Македонија и ЕУ.

Во октомври 2008 година, здружен инспекциски тим на ЕУ, составен од претставници на Канцеларијата за безбедност на Советот на ЕУ, Канцеларијата за INFOSEC на Советот на ЕУ и од Европската комисија, изврши инспекција на работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и позитивно го оцени оствareниот напредок во однос на последната инспекција спреведена во мај 2006 година. Напредок е констатиран и во другите институции каде што има формирано регистар за класифицирани информации.

**Политички дијалог**
Република Македонија продолжи да одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа (Совет за стабилизација и асоцијација, Комитет за стабилизација и асоцијација и Заеднички парламентарен комитет) и во мултилатерални рамки (Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан, учество на неформалните состаноци на министрите за надворешни работи на земјите-членки на ЕУ, учество на состаноците на ЕУ со медитеранските земји, прашања од агендата на ОН итн.). Република Македонија продолжи да се придружува кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, било врз основа на добиена покана од ЕУ, било унилатерално. Истите се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.
Во 2008г. продолжи праксата на учество на Република Македонија во редовните консултации на ЕУ со земјите-кандидати за актуелни прашања од агендата на Обединетите нации.

**Соработка со меѓународни организации**
Република Македонија е членка на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни организации и е активен учесник во регионалните иницијативи.
Др. Срѓан Керим, поранешен министер за надворешни работи на Република Македонија и поранешен постојан претставник на Република Македонија при ОН во Њујорк претседаваше со 62-то Генерално собрание на ОН.
Амбасадорот на Република Македонија во ОН во Женева Ѓорѓи Аврамчев во 2008 година претседава со Конвенцијата за биолошко оружје.

**Контрола на оружјето (непролиферација на оружје за масовно уништување; извоз на конвенционално оружје; мало и лесно оружје; производи и технологии со двојна намена)**

Р. Македонија го подготви Третиот национален извештај во однос на кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, како и и Извештајот за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти и ги достави до Европската комисија и Советот на ЕУ.

За планирање, следење и анализирање на состојбата со контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции, согласно Националната стратегија за мало и лесно оружје и Акциониот план, формирана е Национална комисија за мало и лесно оружје, која редовно ги извршува своите активности.

**Инструменти за спроведување на ЗНБП (спроведување санкции и рестриктивни мерки)**

Р. Македонија редовно се придружува кон заедничките позиции (ЗП), со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции кон одредени ентитети во трети држави и ги имплементира обврските кои прозлегуваат од прифаќањето на ЗП. Спроведувањето на санкциите и рестриктивните мерки се реализира од страна на надлежните министерства и институции, согласно нивните надлежности, а врз основа на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан. Таа ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП. Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината - тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, загадувањето на човековата околина, како и справувањето со економските и социјални проблеми и непочитување на човековите права.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел успешна соработка со структурите на ЕУ предвидено е зајакнување на неопходните функции и механизми во рамките на Министерството за надворешни работи и тоа:
- кадровско доекипирање на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика и негово техничко доопремување;
- кадровско доекипирање на Одделението за контрола на оружјето и негово техничко доопремување.

Воведување на електронското деловодство во регистрите и во подрегистрите на ДБКИ.

Инсталирање систем за детекција на неовластен пристап во периметарот на безбедносната ограда околу ДБКИ.

ДБКИ ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации и тоа:
- Обука за работа со софтверот за евиденција на издадени безбедносни сертификати и дозволи за пристап до класифицирани информации“
- Обука за работа со софтверот за евиденција на издадени безбедносни сертификати и дозволи за пристап до класифицирани информации“

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Донесување на Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европскиот документ за оружје.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До крајот на 2010 година ќе се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика при Министерството за надворешни работи.

Континуирана едукацијата на корисниците на класифицирани информации во државните и приватните институции.

Отпочнување на издавање на безбедносни сертификати на правни лица, како и подигнување на степенот на класификација на заштитната врска меѓу ДБКИ и регистрите во мисиите на РМ при НАТО и ЕЗ во Брисел и и во Командата на НАТО во Монс до степен строго доверливо.

## 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Процесот на зајакнување на финансиската контрола во Република Македонија е отпочнат и се спроведува преку развој и примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија, односно развој на сите три компоненти на јавна внатрешна финансиска контрола: финансискиот менаџмент и контрола, внатрешната ревизија и нивното хармонизирање. Целта на овој процес е изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства.

Усогласувањата со барањата на acquis по однос на финансиската контрола ја подразбира потребата од глобален пристап кон развој на модерни системи за внатрешна контрола во јавниот сектор, кој што води кон доследна комбинација на раководната одговорност и функционално независната внатрешна ревизија. Во оваа насока во Министерството за финансии во тек се активностите за имплементација на кохерентно законодавство кое ќе се спроведува во целата област на внатрешната контрола, покривајќи ги сите важни аспекти на раководната одговорност, независната внатрешна ревизија, централната хармонизација на внатрешната ревизија и финансискиот менаџмент и контрола, како и спречување на измама.

### 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија е следната:

- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на РМ”, бр. 22/07);
- Закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор (“Службен весник на РМ”, бр. 69/04 и 22/07),
- Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ”, бр. 130/07);
- Правилник за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ”, бр. 8/08)
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;
- Закон за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07)
- Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор објавена на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Кодекс на етика на INTOSAI - објавен на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Кодекс за деловна етика и однесување на вработените во ДЗР;
- Меморандум за меѓусебна соработка меѓу ДЗР и МФ во областа на системот на финансиско управување и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија, 2006
- Меморандум за соработка помеѓу ДЗР и IPA Ревизорското тело, август 2007;
- Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси помеѓу 11 надлежни институции во РМ, декември 2007 година.

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија во 2008 година беше дополнета со Правилникот за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ”, бр. 8/08).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Министерството за финансии во соработка со Твининг проектот “Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола” во 2009 година ќе изготви Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за 2009 и 2010 година.

Во почетокот на 2009 ќе биде донесен нов Закон за јавна внатрешна финансиска контрола со што ќе се реализира препораката на Европската комисија за интегрирање на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

До крајот на 2009 година ќе биде донесен и Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор.

**1.1 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и Правилникот за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли кои се донесени врз основа на овој закон, претставуваат правна рамка за системот на финансиско управување и контрола.

Функционирањето на овој систем е регулирано и со други закони и подзаконски акти, меѓу кои позначајни се Законот за буџети, Законот за извршување на буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, регулативата за трезорското работење и друго.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување, имплементација и развој на стабилно финансиско управување и контрола во субјектот заради ефикасно, ефективно и економично користење на расположливите средства.

Финансиското управување и контрола во јавниот сектор во Република Македонија воглавно го спроведуваат секторите за правни и административни работи во чиј состав се одделенијата за сметководство во кои се назначени одговорни сметководители кои спроведуваат ex ante финансиска контрола и ги изготвуваат и потпишуваат годишните финансиски извештаи на субјектите од јавниот сектор.

Во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола основано е Одделение за хармонизација на финансиското управување и контрола кое е кадровски екипирано со четири извршители.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2009 година ќе бидат донесени подзаконски акти на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола:

- Правилникот за начинот и постапката за давање овластување (мандат);
- Правилникот за задачите од надлежност на единицата за финансиски прашања кај субјектите;
- Правилникот за стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор;
- Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси за преземање на финансиски обврски и плаќањата; и
- Прирачникот за финансиско управување и контрола

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со зголемување на капацитетите на Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола со вработување на еден извршител и основање на Комитетот за финансиско управување и контрола како советодавно тело на министерот за финансии.

Административните капацитети на Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола во 2009 година ќе бидат зголемени и со спроведување обука за подобрување на вештините за известување и градење на капацитети за спроведување на обуки за финансиско управување и контрола во јавниот сектор.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во субјектите од јавниот сектор**

Зајакнување на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во субјектите од јавниот сектор ќе се спроведе преку основање на сектори/одделенија за финансиски прашања кај буџетските корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите и општините и Градот Скопје (во понатамошниот текст:субјекти), а ќе бидат назначени раководители одговорен за финансиско управување и контрола, координатор за финансиско управување и контрола, финансиски контролори и лице за пријавување на неправилности.

За зајакнување на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во субјектите во 2009 ќе биде донесен и ќе се реализира Акциониот план за основање и екипирање на единиците за финансиски прашања и вработување на 130 нови извршители во 65 субјекти.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиско управување и контрола на централно ниво ќе се реализира со имплементацијата на Твининг проектот „Зајакнување на системот на јавната внатрешна финансиска контрола" кој ќе трае до крајот на април 2009 година и во чии рамки ќе бидат спроведени обуки за

раководителите на единиците за финансиски прашања за мплементација на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола.

Од мај 2009 година ќе започне реализацијата на MATRA - Проект за јавна внатрешна финансиска контрола кој ќе заврши во 2010 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Одделението за финансиско управување и контрола во 2010 и 2011 година ќе се зголеми за по 1 извршител со високо образование.

Кон крајот на 2010 година, во рамки на IPA 2008, ќе започне со реализација твининг проект за зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола на централно и локално ниво финансиран од ЕУ во чии рамки ќе бидат спроведени почетна и напредна обука за финансиско управување и контрола и обука за изготвување на планови за воспоставување на финансиско управување и контрола.

**1.2 ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Функцијата на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија ја извршуваат единици за внатрешна ревизија основани во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво, а хармонизацијата на внатрешната ревизија ја спроведува Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во рамките на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола. Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија е кадровски екипирано со два извршители, а работното место раководител на одделението не е пополнето.

Во институциите од централно ниво основани се 41 единици за внатрешна ревизија (во 15 министерства, 4 фондови и 22 институции на централна власт) и назначени се 83 внатрешни ревизори, а 2 институции имаат склучено договори за вршење на внатрешна ревизија од друга единица за внатрешна ревизија.

На локално ниво во 33 единици на локална самоуправа назначени се 33 внатрешни ревизори, а се склучени и 13 договори за вршење на внатрешна ревизија од страна на друга единица за внатрешна ревизија.

Во Министерството за финансии е формирано самостојно Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ–IPA фондовите, во кое се прераспоредени два внатрешни ревизори од Секторот за ЈВФК задолжени за спроведување на внатрешната ревизија на ЕУ-IPA фондовите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2009 година ќе бидат донесени Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор и следните подзаконски акти на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола:

- Правилникот за стандардите за професионално извршување на внатрешната ревизија, повелбата за внатрешна ревизија и Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори,
- Правилникот за постапката за полагање на испит за внатрешен ревизор во јавниот сектор,
- Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија,
- Правилникот за формата, содржината и начинот за доставување на Годишниот финансиски извештај, и
- Прирачникот за внатрешна ревизија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Заради обезбедување на услови за навремено и ефикасно извршување на зголемениот обем на активности на регулирање, развој и унапредување на внатрешната ревизија во јавниот сектор, бројот на вработени во Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во 2009 година ќе се зголеми за 4 извршители со високо образование, од кои еден раководител на одделението.

Административните капацитети на Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во 2009 година ќе бидат зголемени и со спроведување обука за внатрешна ревизија.

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор**

Зајакнувањето на внатрешна ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2009 година ќе биде спроведено со вработување на 144 нови внатрешни ревизори во 65 институции[27] од централно ниво, согласно „Акциониот план за основање и екипирање на единиците за внатрешна ревизија на централно ниво во 2009 година“ одобрен од Владата на Република Македонија.

[27] Во 61 буџетски корисник од прва линија и 4 фонда

Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ–IPA фондовите во 2009 година ќе се зголеми за 4 извршители со високо образование.

До април 2009 година, во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на системот за јавната внатрешна финансиска контрола", во соработка со твининг партнерот Министерството за финансии на Кралството Холандија, ќе се реализираат специјализирана обука за IT ревизија, ревизија на ЕУ фондови и обука за изготвување на ревизорски извештаи и обука на обучувачи.

Во мај 2009 година ќе започне проектот MATRA - Проект за јавна внатрешна финансиска контрола и ќе трае 18 месеци. Во рамки на овој проект ќе биде спроведена почетна обука за внатрешните ревизори од централно ниво.
Процесот на основање на единици за внатрешна ревизија и склучување на договори за вршење на внатрешна ревизија во општините ќе продолжи и во 2009 година. Во 2009 година во сите општини со над 50 милиони денари ќе бидат основани единици за внатрешна ревизија, или склучени договори за спроведување на внатрешна ревизија од други единици.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Кон крајот на 2010 година, во рамки на IPA 2008, ќе започне со реализација твининг проект за зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола на централно и локално ниво финансиран од ЕУ. Во рамките на проектот ќе бидат реализирани обуки и изготвени прирачници за финансиска ревизија, ревизија на системите, ревизијана на вредноста на парите и ревизија на ЕУ фондовите, како и почетна и напредна обука за внатрешните ревизори на локално ниво.

Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ–IPA фондовите во 2010 и 2011 година ќе се зголеми за по 2 извршители со високо образование.

**1.3 ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА**
Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција (ВРИ), основана со Законот за државната ревизија донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. ДЗР спроведува ревизии и изготвува извештаи кои ги објавува на WEB страната, а до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за работењето и извршените ревизии.
Работата на Државниот завод за ревизија е регулирана со Законот за државната ревизија кој е во согласност со принципите на ЛИМА Декларацијата.

Врз основа на активностите на твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија и направената оценка (peer review) за работењето од страна на Германската ВРИ, во Државниот завод за ревизија продолжија активностите за подобрување на оперативната и финансиската независност и обезбедување квалитет во работењето.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Твининг проектот за развој на ДЗР со Холандскот суд за ревизија, кој започна со реализација во 2005 година, завршува во декември 2008 година. Твининг програмата е насочена кон подобрување на законодавната рамка, организацијата и административниот капацитет на ДЗР, како и на зајакнување на ревизорските вештини и IT ревизијата. Во меѓувреме се одвиваат активности за негово продолжување преку Министерството за надворешни работи на Холандија (програма MATRA).

Заради користење на добрите практики на ЕУ, Државниот завод за ревизија во 2006/07 година спроведе паралелна ревизија на успешност на проект финансиран со средствата на ЕУ заедно со Врховните ревизорски институции (ВРИ) од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ со помош на експерти од СИГМА, Европскиот суд на ревизори и работната група за заеднички ревизорски активности со која раководи ВРИ на Обединетото Кралство. По спроведените паралелни ревизии и изготвените национални извештаи изготвен е консолидиран извештај во кој што е презентирано стекнатото искуство на учесниците, поуките и ефектот од самата активност.

Со цел подобрување во спроведувањето на препораките во извештаите на ДЗР, во септември 2007 година со измени и дополнувања на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2007) формиран е Ревизорски комитет како постојано стручно тело кое ќе ги разгледува ревизорските извештаи и извештаите на другите органи на државната управа за преземените мерки за надминување на утврдените неправилности во ревизорските извештаи на ДЗР. Ревизорскиот комитет поднесува писмени извештаи до Владата, со мислења и предлози за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи, а Генералниот секретар на Владата на Република Македонија го известува ДЗР за заклучоците на Владата за преземените мерки од страна на субјектите. Исто така, со цел зајакнување на системот на следење на исполнување на препораките на ДЗР, во 2008 година беа спроведени последователни ревизии (follow up audit) кај седум субјекти од јавниот сектор.
Во 2008 година усвоени се следите акти и методолошки упатства:

- Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2008 – 2012, која ги содржи и Стратегијата за управување со човечките ресурси на ДЗР и Стратегија за комуникација на ДЗР за релевантниот период;
- Правилникот за внатрешна организација и работа на ДЗР и Правилникот за систематизација на работните места во ДЗР;
- Повеќе методолошки упатства: Упатство за квалитет на ревизијата, Упатство за формат на извештај за последователна (follow up) ревизија, изготвени се предлози за Упатставо за нов формат на извештај за финансиска ревизија, Упатство за планирање на ревизиите и за Упатство за определување на материјалноста;
- Годишен план за професионална едукација на државните ревизори; и
- Процедура за управување со фактури.
- Исто така, во 2008 година реализирани се повеќе почетни и напредни обуки за вработените во ДЗР за IT ревизија, пишување ревизорски извештај.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

До крајот на јуни 2009 година ќе биде донесен нов Закон за државната ревизија со кој ќе се обезбеди јакнење на оперативните капацитети и функционалната и финансиската независност на ДЗР согласно препораките на ЛИМА Декларацијата, Декларацијата од Мексико за независност, Прашката декларација и добрите практики на земјите членки на ЕУ и Европската комисија. Со овој закон ќе се обезбеди соодветен професионален развој на државните ревизори и поефикасно следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи.
Заради постигнување на целосна независност на ДЗР, Министерството за финансии во 2009 година ќе изготви Предлог за пристапување за измени на Уставот на РМ, со цел дефинирање на ДЗР како уставна категорија.

Со цел успешно следење на реализацијата на препораките од ревизорските извештаи на ДЗР во 2009 година ќе биде изменет Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија во смисла Комисијата за финансирање и буџет да ги разгледува и дискутира сите позначајни ревизорски извештаи на ДЗР и носи соодветни заклучоци. На тој начин ќе биде зголемена соработката со оваа комисија. Реализацијата на препораките од ревизорските извештаи ќе биде зголемена и преку зголемување на соработката со Ревизорскиот комитет при Владата на Република Македонија .
За потребите на Ревизорскиот комитет во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе се основа Одделение за следење на препораките на Државниот завод за ревизија. Во 2009 година ова одделение ќе биде екипирано со 3 извршители.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2009 година ќе се обезбеди со 30 нови вработувања од кои 17 за потребите на Ревизорското тело, со што бројот на извршители во ДЗР ќе ја достигне бројката од 140, (104 вработени во ДЗР и 36 во Ревизорското тело).
За јакнење на капацитетите на ДЗР во 2009 година ќе бидат донесени:

- Детални упатства за спроведување ревизија на одделни области/процеси (плати, јавни набавки, …);
- Воведување на функција и инструменти за обезбедување на квалитетот, согласно Упатството за обезбедување квалитет во вршењето ревизии;
- Процедури за значајни процеси, со цел зајакнување на системот на финансиско управување и контрола во ДЗР.

Исто така, во 2009 година ке бидат воведени и нови видови ревизии (паралелни ревизии, хоризонтални ревизии, IT ревизии итн.).
Во 2009 година ќе бидат спроведени повеќе обуки за различни аспекти на државната ревизија, како и обука за полагање испит за стекнување звање овластен државен ревизор.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Соработката со Холанскиот суд за ревизија ќе продолжи во периодот 2009 – 2010 година, во рамките на Проектот за соработка меѓу ДЗР и Холандскиот суд за ревизија за зајакнување на развојот на ДЗР како компетентен надворешен ревизор, поддржан од MATRA програмата во износ од 350.000 ЕУР .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

Во периодот 2010-2011 година, ќе бидат ажурирани Прирачникот за финансиска ревизија и Прирачникот за ревизија на успешност како и изготвени други детални методолошки упатства за вршење државна ревизија.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во насока на јакнење на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2010-2011, бројот на извршители ќе достигне 160 (вкпучувајќи ги и 39 вработени во Ревизорското тело), како и преку:

- донесување насоки за изготвување и имплементација на Документ менаџмент системот (DMS);

- спроведување на пилот ревизии за финансиска ревизија, ревизија на успешност и IT ревизија во соработка со Холандскиот суд за ревизија;
- обуки за ревизија на успешност, IT ревизија и осигурување на квалитетот;
- унапредување на соработката со Собранието на РМ и единиците за внатрешната ревизија во јавниот сектор;
- обуки за подобрување на комуникациските вештини;
- воведување на ревизорски софтвер за раководење со ревизиите;
- развивање на системот за следење на исполнувањето на препораките;
- развивање на систем за вреднување и унапредување на вработените во ДЗР.

## 3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

### 2.1 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана со:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија " бр.22/07).
- Прирачникот за внатрешни постапки на NAO,Национален Фонд (НФ) и Секторот за Централно финансирање и склучување на договори (CFCD) ,
- Договорот за имплементација на IPA проектите помеѓу NAO/НФ и CFCD,
- Оперативните Договори помеѓу CFCD и ресорните министерства и
- Меморандумот за Соработка помеѓу NAO и AFCOS.

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола сите корисници на фондовите на Европската унија се должни да им овозможат на овластените лица од Министерството за финансии, инспекторите од Европската комисија и Европскиот суд на ревизори слободен пристап до целата документација, канцелариите, средствата и персоналот.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во функција на заштита на финансиските интереси на Европските заедници, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција ги координира активностите за потребите на OLAF. Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција (AFCOS) е национална, средишна контакт точка во Република Македонија чија улога е помагање и поддршка за OLAF[28] во државите членки во спречување на измамите. Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) дејствува како координативно тело кое има за задача да разменува информации со службениците на OLAF во областа на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности).

Во рамките на своите активности Одделението за координација на спречување на измами има оперативна независност, но истовремено развива координациски активности со развој на мулти – дисциплинарен карактер во работењето (способност за одржување на меѓуинституционална соработка).

Во Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција работат тројца вработени со високо образование од кои еден раководител и двајца инспектори со искуство во државната управа во спречувањето на неправилности/измами, познавање на институциите и политиката на ЕУ.

Националниот Координатор за Авторизација (NAO), во системот на децентрализирано управување со ЕУ средствата има целосна одговорност за известување на секоја нерегуларност или сомневање за нерегуларност која е предмет на административна и судска постапка поврзана со користење на ЕУ фондовите. Секоја институција корисник на ЕУ фондовите има номинирано службеник за нерегуларности, кои што се одговорни за известување на секоја нерегуларност до NAO. NAO ги сумира сите извештаи за нерегуларности и ги доставува до OLAF, Европска Комисија и до AFCPS (Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција).

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, ќе биде регулирана обврската за раководителите на субјектите од јавниот сектор да го спречуваат ризикот од неправилности и измами и да преземаат

[28] **OLAF** е специјализирана управа на Европската Комисија задолжена за спречување на измами. Мисијата на OLAF е за заштита на интересите на ЕУ во смисла на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности), вклучувајќи и неправилности и измами внатре во Европската Комисија. Делувањето на OLAF има правна основа во членот 280 од Договорот за основање на Европската Заедница.

активности против неправилностите и измамите; да именуваат лице задолжено за неправилности кое ќе ги прима извештаите за неправилностите и измамите и самостојно ќе презема дејствија за спречување на неправилностите и измамите.

Внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола и другите вработени ќе имаат обврска за сомневањата за измами или за соодветните наоди за неправилности едновремено да ги известуваат раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности.

На внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола, како и другите вработени кои известуваат за било каква нерегуларност ќе им се обезбеди заштита на идентитетот и правата од работен однос согласно националното законодавство.

Со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ќе биде создадена правна основа за донесување Уредба за спречување на неправилностите, начинот на меѓусебната соработка, обрасците, роковите и начинот за известување за неправилностите од Владата на Република Македонија.

Во функција на заштита на финансиските интереси на Европските заедници, Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии ќе обезбеди упатства за институциите за известување за нерегуларностите со тоа што сите информации за нерегуларности откриени од субјектите при користењето на средства од фондовите на Европската унија или средства добиени од европските фондови со кофинансирање на државата ќе бидат доставени до Управата за финансиска полиција - Одделение за координација на спречување на измами.
При тоа, Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе развива поддршка од тела и институции надвор од својата матична институција, кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а истовремено ќе предлага мерки законодавното и административното опкружување да ги зајакнуваат тие активности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради потребата од специфични знаења во областа на „заштита на финансиските интереси на ЕУ" ќе бидат спроведени обуки за зајакнување на административните капацитети на вработените во вработените Одделението за координација на спречување на неправилности и измами во Управата за финансиска полиција, а ќе бидат подобрени условите за работа (просторија, телефон, факс, компјутер, е-маил, wеб страници) кои ќе овозможат негова независна, непрекината и непречена работа и потполна сигурност на сите информации со кои располага одделението. Исто така, ќе биде побарана помош преку програмите на ЕУ (HERCULES II) и воспоставен системот AFIS[29].

Раководителот на Одделението за координација на спречување на неправилности и измами во Управата за финансиска полиција ќе биде член и ќе се вклучи во работата на сите владини работни групи кои ќе се основаат или веќе се основани а се надлежни за антикорупциски активности, работни групи за финансиска контрола, работни групи за комуникација, а ќе присуствува и на состаноците на работните групи за надзор на финансиската помош од EU.

### 2.2 КОНТРОЛА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка за контрола на ЕУ фондовите во Република Македонија е регулирана со:
- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија ",бр. 22/07);
- Законот за измена и дополна на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија "број 133/07)
- Рамковната Спогодба со Европската Комисија со која се дефинираат општите услови на соработка помеѓу земјата и ЕУ при управувањето со средствата од ЕУ потпишана на 30 октомври 2007 година.
- Законот за основање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија"бр 72/2007)

Во месец ноември 2007 донесени се измени и дополнувања на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија " број 133/07) со кој во ДЗР е формирано Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската унија во Република Македонија (во понатамошниот текст: Ревизорско тело).Ревизорското тело е независно од организационите облици на Државниот завод за ревизија, а соработката со Државниот завод за ревизија се остварува согласно Меморандумот за разбирање и соработка потпишан во август 2007 година.

[29] AFIS е организација кој овозможува сигурност при електронското допишување преку заедничката комуникациска мрежа (Common Communication Network - CCN)

Ревизорското тело е функционално независно во системот на управување со пред-пристапните фондови на Европската Унија во Република Македонија. Тоа врши верификација на ефикасноста на функционирањето на системите за раководење и контрола на пред-пристапните фондови и на веродостојноста на сметководствените информации доставени до Европската Комисија, согласно стандардите на INTOSAI.
Ревизорското тело секоја година, донесува Годишен план за работа, кој е независен и самостоен од Годишната програма за работа на ДЗР. Годишниот план се доставува до Националниот координатор за авторизација и до Европската Комисија до крајот на тековната година за наредната година.
Во март 2008 година започнат е проект за "Техничка помош за јакнење на капацитетите на Ревизорското тело", одобрен од Европската Комисија. Во рамките на проектот до крајот на 2008 година ќе се подготват следните документи:

- Стратегија за развој на Ревизорското тело 2009-2011 година,
- Годишен план за ревизија по IPA компоненти за 2009 година
- Прирачник за ревизија на IPA – општ дел
- Прирачници за ревизија на IPA по компоненти (I – V)
- Workload analysis

Во текот на 2008 година од страна на Ревизорското тело реализирани се работни средби и консултативни состаноци со одговорните Генерални Директорати од Европската Комисија во Брисел за имплементација на IPA во Република Македонија, како и со претставници на Европскиот суд на ревизори во Луксембург со цел зајакнување на меѓусебната соработка во областа на ревизијата на европските фондови.
Исто така во 2008 година спроведени се повеќе професионални обуки за вработените во Ревизорското тело за ревидирање на IPA фондовите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со донесување на новиот Закон за државната ревизија ќе се зајакне функционалната и финансиска независност на Ревизорското тело, како дел од системот со што ќе се задоволат барањата и препораките од Генералните Директорати во Брисел за формирање независно тело за ревизија на IPA во РМ.
Со цел да се остварат принципите на јавност и транспарентност во работата и подобрувањето на системот на комуникација и размена на информации, во 2009 година Ревизорското тело ќе склучи меморандуми за соработка со структурите на децентрализираниот систем за управување и контрола со IPA фондовите.
Во текот на 2009 година Ревизорското тело ќе ги реализира следните активности со цел добивање на позитивно мислење од Европската Комисија за неговата подготвеност за ревидирање на IPA системот во Република Македонија и тоа:

- јакнење на институционалните капацитети согласно workload analysis
- обезбедување на соодветни работни услови (деловен простор, мебел и опрема) и
- континуирана едукација и професионално усовршување на вработените за ревизија на IPA фондовите

Во 2009 Ревизорското тело ќе ја продолжи соработката со Европскиот суд на ревизори преку учество на претставници на Ревизорското тело на специјализирани обуки за ревизија на IPA фондовите кои ќе се реализираат во седиштето на Европскиот суд на ревизори во Луксембург

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот 2010-2011 година, ќе бидат ревидирани и ажурирани прирачниците за ревизија на IPA и изготвени други методолошки упатства за вршење на ревизија во надлежност на Ревизорското тело.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на институционалните капацитети на Ревизрското тело во рамки на Државниот завод за ревизија во 2009 година согласно Workload analisys ќе се реализира со 17 нови вработувања со што бројот на извршители на Ревизорското тело во 2009 година ќе ја достигне бројката од 36 извршители, односно 39 извршители во 2010 година

## 2.3 ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ
### ПРАВНА РАМКА

- Правната рамка за заштитата од фалсификување во Република Македонија е утврдена со следните правни акти.
- Кривичен законик на Република Македонија[30] („Службен весник на Република Македонија"бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03,19/04 и 85/05);
- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.15/97, 44/02, 74/04 и 15/05);
- Закон за Полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06);
- Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденции во Полицијата („Службен весник на Република Македонија".бр.78/07) во кој е регулирано начинот на водење на регистарот за откриени фалсификувани пари (евро и други странски валути);
- Меѓународна конвенција за сузбивање на фалсификувањето од 1929 ратификувана во РМ во март 2005 година.
- Закон за Народна Банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија"бр.03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06).
- Заштитата на еврото од фалсификување во Република Македонија се спроведува во Министерството за внатрешни работи.

Во Министерството за внатрешни работи оваа заштита се спроведува во два оддела и тоа: Одделот за организиран криминал - единица за борба против перење пари и економски организиран криминал[31] и Одделот за криминалистичка техника.

ОДДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ - ЕДИНИЦА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ЕКОНОМСКИ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Одделот за организиран криминал - единица за борба против перење пари и економски организиран криминал, како составен дел на Бирото за јавна безбедност надлежна е за заштита на еврото од фалсификување.

ОДДЕЛОТ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕХНИКА

Одделението за испитување на спорни документи во Одделот за криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи спроведува форензичното вештачење на фалсификувани евра. Тоа спроведува:

- контрола на оригиналноста на банкнотите,
- изготвува наоди и мислење за неоригиналните банкноти,
- изработува фото документација на фалсификуваните банкноти и
- води регистер на фалсификувани банкноти по номинална вредност, сериски број и бројот на плочата на која се фалсификувани.

Имајќи предвид дека техничка анализа и централното собирање и обработка на информации за фалсификувани денари ја спроведува Народната Банка на Република Македонија, а за фалсификувани евра и останати странски валути Министерството за внатрешни работи, може да се заклучи дека во Република Македонија не постои единствена национална централна канцеларија одговорна за фалсификувани пари согласно член 12 од Женевската Конвенција од 1929 година и Регулативата 1338/2001.

КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Со цел подобрување на заштитата на еврото, денарот и останатите странски валути во Република Македонија како и усогласување со Одлуката на Советот од 06.12.2001 година за заштита на еврото од фалсификување (целекс бр.32001Д0887) ќе бидат преземени следните активности:

Со измена и дополна на актот за систематизација на работните места во рамките на полицијата ќе биде основана организациона единица како Централна канцеларија за фалсификувани пари како единствена институција во земјата одговорна за откривање, докажување и документирање на кривичното дело фалсификување на пари и регистрација и форензично вештачење на сите видови фалсификувани пари (вклучувајќи ги и еврата).

---

[30] Фалсификувањето на пари е регулирано и казниво според глава 25 од Кривичниот законик како кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во членот 268 е регулирано дека: „тој кој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој кој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој кој што такви лажни пари ќе пушти во оптек ќе се казни со затвор од една до десет години". Со истата казна ќе се казни и „тој кој што прибавува лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински". Доколку поради ваквите дела дошло до растројство во стопанството на земјата сторителот ќе се казни со најмалку пет години затвор, а со парична казна или со затвор до три години ќе се казни „тој кој што лажни пари ќе ги прими како вистински, ќе ги пушти во оптек или тој кој што знаел дека се направени лажни пари кои се пуштени во оптек и тоа нема да го пријави". Во сите случаи лажните пари се одземаат.

[31] Одделот за организиран криминал е надлежен за спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на организирани групи сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежните органи

Со цел зајакнување на кадровските капацитети на Централната канцеларија за фалсификувани пари во Министерството за внатрешни работи соодветно ќе бидат вработени 5 нови лица во 2009 година.

Со измена и дополна на Кривичниот законик во 2009 година ќе биде извршено усогласување и хармонизација на овој закон со Рамковната одлука на Советот (целекс бр.32000Ф0383 од 29.05.2000 година) односно ќе биде извршено заострување на казнената политика за овој вид кривично дело.

## 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Системот на јавни финансии ги опфаќа ***Законот за буџети*** и Измените на законот со кои се утврдува целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на Буџетот и истите целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската заедница и меѓународните стандарди. Со измените и дополнувањата на законот, се утврдува:

- Современа постапка за менаџирање со буџетските средства со која за првпат се дава можност на буџетските корисници доколку не ги искористат одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на буџетот во тековната година, да ги пренесуваат во висина од 50% како одобрени средства за наредната фискална година.
- Во одредбите со кои се регулирани функциите на Трезорот, направени се дополнувања со кои се проширува опфатноста на надлежностите на Трезорот и тоа во насока на создавање на законски основ за: задолжување на сметки во рамки на трезорска главна книга врз основа на договорни овластувања и во случај на исправка на грешка од страна на трезорот, за управување со ликвидноста на сметките во рамки на трезорската главна книга како и запирање со извршување на одредени плаќања на буџетските корисници и единки корисници на централната власт во случај на констатирани нарушувања на финансиската дисциплина и во услови на нарушување на проектираната ликвидност на Трезорската сметка. Овие дополнувања се извршени како резултат на согледувањата во досегашната пракса од основањето на Трезорот (2002 година) и истите се со цел да овозможат поголема ефикасност на истиот.

Во делот на националните сметки базична е Регулативата на Советот на ЕУ 2223/96. За потребите од пресметување на бруто националниот доход, Државниот завод за статистика ги користи податоците за бруто домашниот производ по пазарни цени и податоците за нето примарниот доход од странство, кои се опфатени од Народна Банка на Република Македонија. Пресметувањето на БНД не е целосно хармонизирано со ЕСА 95 стандардите. Имплементирањето на методологијата е во тек.

Со Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, донесен во јануари 2008 година („Сл.весник на РМ бр.04/08") се пропиша нов начин на присилната наплата на царинскиот долг врз основа на Законот за даночна постапка, односно се воспостави правна рамка Царинската управа дополнително настанатиот царински долг кој не е наплатен да го наплатува, покрај со блокирање на сметките во деловните банки, и со заплена на имот и парични средства на царинските должници. Во оваа насока Царинската управа веќе донесе интерни процедури - Упатство за присилна наплата на царинскиот долг, а во завршна фаза е неговото целосно имплементирање.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.
Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година која изнесува 12 месеци и започнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември.
Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници, како и приоритетите на општините.

Планираните приходи и другите приливи се приходите и другите приливи на основниот буџет, приходите на буџетот на самофинансирачките активности, приходите на буџетот на донации, приходите на буџетот на заеми и приходите и другите приливи на буџетот на фондовите и општините.

Согласно Законот за буџетите, буџетски корисници се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања.

Буџетите ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми.

Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски кои доспеваат во тековната година или да направат расходи над одобрените средства со Буџетот на Република Македонија и буџетот на општината.
Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година освен ако поинаку не е уредено со Законот за буџетите ( ,,Службен весник на РМ" , бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008).

Одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на основниот буџет кои нема да се искористат во текот на фискалната година, во износ од 50% се пренесуваат како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година.

Буџетските корисници од извршната власт и фондовите, како и градоначалникот на општината подготвуваат Предлог - план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и истиот го доставуваат на одобрување до Владата на Република Македонија најдоцна до 15 јули во тековната година, односно до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година.
Владата на Република Македонија Предлог плановите на програмите за развој ги одобрува најдоцна до 15 август во тековната година.

Советот на општината го одобрува Предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година.
Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлог-буџетот на општината.
Критериумите, начинот, условите, ограничувањата и постапката за задолжување се утврдуваат согласно со Законот за јавен долг.
Трезорот е организациона единица при Министерството за финансии задолжена за ефикасно и ефективно управување со јавните финансиски средства, како особено значаен сегмент од вкупното функционирање на државата.
Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори.

Средствата од фондовите на Европската унија како и националното кофинансирање се прикажуваат во буџетот во соодветни програми, односно потпрограми. Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, при ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од поеделните компоненти од ИПА средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. При тоа при извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од поеделните компоненти од ИПА.

Програмите преку кои се прикажани средствата од фондовите на Европската унија и националното кофинансирање се составен дел од планот на програмите за развој на буџетските корисници.
Во 2008 година се изврши измена на организационата структура на Царинската управа во делот на финансии и сметководство, а со цел рационално, ефективно и ефикасно планирање и извршување на буџетот на Царинската управа и поголема контрола во спроведувањето на постапката и реализацијата на договорите за јавни набавки.

Во 2008 година особено се интензивирани активностите за натамошно јакнење на институционалниот капацитет на царината за олеснување и намалување на трошоците на транспортот и трговијата, како и за постигнување мерливи резултати во борбата против корупцијата и нелегалната трговија, заштитата на правата од интелектуална сопственост. Помошта од ЕУ и на друга билателарна и мултилатерална основа, имаше значителен придонес во натамошното градење на институционалниот капацитет на царината.

Царинската управа започна со активности за имплементација на Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како платформа за подобрување на способноста на царинската служба да открива и да се справува со високо ризични пратки.

Како стандард од СЦО Рамката на стандардите покрај воведувањето на овластени економски оператори и примената на модерна технологија за контрола на товарот, која ќе овозможи висок степен на ефикасност на царинската служба при контрола на товарот и забрзување на протокот на стока, е и воспоставување на модерен информационо комуникациски систем.

Во таа насока на со практична демонстрација на граничниот премин Табановце на (македонско - српската граница), официјално беа ставени во функција и секојдневно работење мобилните рентгенски системи за инспекција на возила со голема димензија и контејнери. Истовремено, активно започна со работа и реализација на планот на царинските експерти ангажирани од страна на реномираната консултантска куќа Crown Agents.

Со воведувањето на современата опрема се воспоставени светски стандарди за забрзување и олеснување на прометот со стока, брза и квалитетна контрола на товарните превозни средства во поглед на содржината и видот на стоката која се пренесува, откривање на недозволена трговија и криумчарење на забранета стока и акцизна стока, како и откривање на

непријавена стока од било кој вид со цел да се придонесе за зголемување на наплатата на увозните давачки, заштита од увоз и транзит на недозволена стока, забрзување на протокот, заштита на границите и безбедност на граѓаните.

Со измена на постоечката систематизација на Министерството за финансии формирани се две нови одделенија: Одделение за контрола на плати и Одделение за вработувања и следење на развојниот дел на буџетот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за финансии во процесот на унапредувањето на планирањето и извршувањето на финансиските и буџетските одредби ќе се насочи кон следење на следните приоритети:

1. Унапредување на процесот на буџетско планирање преку унапредување и доизградба на информативниот систем за подготовка на буџетот;
2. Унапредување на процесот на извршување на буџетот преку имплементација на ново софтверско решение, односно нов трезорски информатички систем;
3. Набавка на хардвер за потребите на трезорски информатички систем;
4. Подготвување на измени и дополнувања на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници во насока на унапредување на сметководствениот систем и негово усогласување со меѓународните стандарди;
5. Подготовка на **Правилник за организациска класификација**, со кој ќе се уреди структурата на шифри за класифицирање на буџетски корисници и нивно подредување во хиерархиска организациона структура.
6. Унапредување на постојните индикатори и развивање на нови, со цел зголемување на успешноста при реализацијата на буџетските програми;
7. Листа на буџетски корисници
8. **Интерни процедури за начинот на подготовка на буџетот**, со кој ќе се уреди и временската рамка на буџетскиот процес;
9. Имплементација на системот за процесирање на царинските декларации (СОЦД),кој ќе ги има следните карактеристики:
    - Компатибилност на царинските постапки и режими со ЕУ побарувањата
    - Ќе ги покрие системите за: Увоз, Извоз, Транзит, Контролен Извозен/Увозен и подсистемите: ТАРИМ/ТАРИК, Управување со наплата и гаранции, Управување со ризик, Царински Авторизации
    - Решение на националниот домен, како и на екстерниот домен, на национално ниво, за бизнис заедницата и владините институции.

Во август 2008 година усвоен е нов Акционен план за спречување на корупцијата во Царинската управа на Република Македонија. Целта е унапредување на системот за превентивно делување и сузбивање на корупција во Царинската управа. Истиот е подготвен согласно препораките од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, законските одредби и регулативата која е на сила во Царинската управа на Република Македонија, како и законските обврски и принципи што произлегуваат од меѓународните конвенции.

Во рамките на надлежните институции Царинска Управа, Управа за јавни приходи и Државен завод за статистика во наредниот период ќе се спроведуваат реформи во насока на унифицирање на системот на прибирање на "Традиционални сопствени ресурси", кои главно се однесуваат на царините, даночните обврски во земјоделието, обврски од ДДВ и од обврските од бруто националниот доход кои секоја земја членка на ЕУ., ќе треба да ги уплатува во ЕУ буџетот:

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Планирано е зајакнување на административниот капацитет со нови вработувања во одделенијата сврзани со подготовка на Буџетот на Република Македонија и буџетската анализа како и во одделението за развојно буџетирање, а се со цел унапредување на процесот на планирање на Буџетот.

Во Секторот трезор се планираат, покрај веќе започнатите постапки за 6 вработувања (1 во одделение за фискална статистика и анализа, 1 во одделение за извршување на буџетите, 2 во одделение за наплата на побарувања и 2 во регионалните трезорски канцеларии), уште 6 нови вработувања и тоа 1 во одделение за наплата на побарувања, 1 во одделение за водење на регистар на буџетски корисници и управување со финансиски планови, 1 во одделение за проектирање и управување со ликвидност, 2 во одделение за следење на наплата на јавните приходи и 1 во одделение за фискална статистика и анализа.

Спроведување на потребни обуки на вработените во овие организациони единици, (поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, примена на методологијата ЕСА-95, стратешко планирање, обуки сврзани со новите софтверски решенија и обуки сврзани со менаџирањето на претпристапните фондови од ЕУ, обуки сврзани со

унапредување на моделот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, унапредување на буџетското планирање, унапредување на постојните индикатори ).

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Потребна е странска помош за реализација на обука за планирање на повеќегодишен Буџет на РМ, согласно стандардите на ЕУ, како и ангажирање на консултант за истата намена.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот среднорочен период Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон доизградба на административниот капацитет на надлежните институции за соодветна контрола, прибирање и обезбедување на финансиски извори неопходни за финансирање на Буџетот на Европската унија, развој на капитални развојни проекти, унапредување на буџетскиот процес во насока на подготвување на повеќегодишен буџет, примена на методологијата ЕСА-95.

Во наредниот среднорочен период Државниот завод за статистика ќе изврши целосна хармонизација на методологијата за пресметувањето на Бруто Националниот Доход со ЕСА 95 стандардите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Изработка на анализа за одредување на институциите и секторите кои ќе го сочинуваат системот за следење и пресметување на сопствени ресурси.

Продолжување со спроведување на потребни обуки на вработените во овие организациони единици, (поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, примена на методологијата ЕСА-95, стратешко планирање, обуки сврзани со новите софтверски решенија и обуки сврзани со менаџирањето на претпристапните фондови од ЕУ, обуки сврзани со унапредување на моделот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, унапредување на буџетското планирање, унапредување на постојните индикатори ).

Доделување на функцијата за следење и пресметување на контрубуцијата на Р.М. во Буџетот на ЕУ со што ќе се обезбеди координациска единица со надлежност на системот на сопствени средства.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Потребна е странска помош за реализација на обука за планирање на повеќегодишен Буџет на РМ, согласно стандардите на ЕУ, како и ангажирање на консултант за истата намена.

# 4 АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

## 4.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА – РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Агенцијата за државни службеници во 2007-2008 година беше фокусирана на имплементацијата на активности поврзани со напредокот на управувањето со човечки ресурси во рамки на државната служба.
Во јуни 2008 година усвоена е Анализа на оценувањето на работата на државните службеници во 2007 година.

Во септември 2008 година Владата на Република Македонија усвои Стратегија за обука на државните службеници 2009-2011, документ кој ќе помогне во воспоставувањето одржлив, сеопфатен и стабилен систем за обука и развој на државните службеници.

Во декември 2008 година усвоена е Годишната програма за генеричка обука на државните службеници во Република Македонија за 2009. Оваа Програма е еден од основните документи за операционализација на ревидираниот Национален систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници, донесен од страна на АДС во јули оваа година. Во овој документ е утврден новиот модел за координација, поедноставен и усогласен со актуелните потреби за обука во државната служба.
Буџетот на РМ за 2009 година содржи системско решение за финансирање на обуките со утврдување на посебна буџетска програма за генеричка обука.

Значаен напредок се постигна и со тоа што за прв пат се обезбеди целосна примена на системот на плати и надоместоци на плати од Законот за државните службеници и подготвено е Упатство за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници (јуни 2008 година).

Согласно новата Уредба за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, 45 органи на државната управа имаат воспоставено одделенија за управување со човечки ресурси. Во АДС е формирано одделение за управување со човечки ресурси кое ќе има координативна улога во мрежата на сектори/одделенија за управување со човечки ресурси. Во рамките на проектот *Градење административни капацитети за ЕУ интеграција* поддржан од Британската амбасада преку фондот ГОФРЕ (СПФРЕ) организирани се обуки од следните области: раководењето со човечки ресурси - проценка на потреби од обука и стручно усовршување; подготовка на структурите на централната и локалната власт за успешно искористување на ИПА фондовите и имплементација на децентрализираниот модел за управување со ИПА; обуки за лицата одговорни за односи со јавноста од државната администрација.

Во периодот октомври-декември 2008 година одржани се 9 обуки за основите на државната служба, наменети за помладите соработници, вработени во текот на 2006 година за 105 државни службеници.
Во текот на 2008 година се реализираше Високата административна обука за шестата генерација државни службеници во времетраење од 11 месеци која ја посетуваа 17 државни службеници
Согласно Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа во министерствата, надвор од секторите, се формираа одделенија за стратешко планирање, креирање политики и следење.

Министерствата и другите органи на државната управа успешно го завршија четвртиот циклус на стратешко планирање при што подготвија тригодишни стратешки планови. Програмите во стратешките планови преку матрицата директно се поврзувани со стратешките приоритети на Владата, НПАА и приоритетите и целите на самиот орган. Во функција на градењето на капацитетите за стратешко планирање Генералниот секретаријат на Владата спроведе низа обуки за стратешко планирање и анализа и креирање на политики (генерички и специјализирани) наменети за државните службеници во министерствата и органите на државната управа.

Во март 2008 година беше донесена нова Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата. Генералниот секетаријат реализираше обуки и работилници со цел усогласување на нацртот на стратешките планови со средствата предвидени во предлог буџетот за 2009 година.

Генералниот секретаријат (Сектор за стратегија, планирање и следење) со поддршка на проектот ГОФРЕ утврди нови мониторинг индикатори од областа на стратешкото планирање, анализа на политиките и координација.

Заклучно со 30.06.2008 година порталот *www.uslugi.gov.mk* е надграден со 9 органи на државна управа. Воедно, одржани се 4 обуки и се обучени 33 лица.

Донесен е Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации кој беше промовиран преку работилници наменети за граѓански организации.
Генералниот секретаријат (Сектор за економски политики и регулаторна реформа) во соработка со ГОФРЕ работеше на подготовка на правна рамка за воведување на механизмот за Проценка на влијанието на новата регулатива(ПВР) или Regulatory Impact Assessment (RIA).

Владата ги усвои измените на Деловникот, методологијата, обрасците и упатство за ПВР, кои стапија во сила од 01.01.2009 година.Подобрено е информирањето и запознавањето на државната админинстрација и деловната заедница за концептот, методологијата, техниките и начинот на воведување на Проценка на влијание на регулативата и постигнато е заедничко разбирање за нејзината важност.

За подобрување на капацитетите на националните структури за хармонизација на националното со ЕУ законодавството и за ефективна, ефикасна транспозиција, имплементација и мониторинг на правото на Европска Унија, СЕП во соработка со Европскиот институт од Р. Бугарија реализираше 10 тематски работилници во поглавјата: (1) Финансиски услуги; (2) Наука и истражување; (3) Политика на конкуренција; (4) Слобода на движење на работници; (5) Земјоделство и рурален развој; (6) Социјална политика и вработување; (7)Информатичко општество и медиуми (8) Слободно движење на капитал; (9) Слободно движење на стоки; (10) Правда слобода и безбедност.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во насока на јакнење на административните капацитети, преку обезбедување континуирана обука на сите државни службеници во 2009 година ќе отпочне спроведувањето на Стратегијата за обуки на државни службеници за 2009-2011 година, а АДС два пати годишно ќе известува за нејзиното спроведување и за реализираните обуки согласно Годишната програма за генерички обуки за 2009 година. Во тој контекст, се предвидува и усвојување на ГПО за генерички обуки за 2010 година и ажурирање на постојната Анализа за потреби од обука за државните службеници.

Ќе се воспостави и Единицата за поддршка на обуките (ЕПО) во Скопје за обука на државните службеници.
Ќе се развијат процедури за планирање, координација и известување за обуките и ќе се спроведе обука за членовите на воспоставениот Совет за обука за управувањето и координацијата на системот за обуки согласно Националниот систем за обуки.

Во исто време, ќе се преземат активности за институционализирање на планирањето, координацијата, следењето и евалуацијата на обуките кои се спроведуваат за локалната самоуправа, преку формирање на Центар (Академија) за обука во локалната самоуправа. Формирањето на овој Центар за обука ќе биде поддржан од страна на Владата на РМ, преку Министерството за локална самоуправа, во партнерство со ЗЕЛС.

Во наредниот период ќе биде потребно кадровско зајакнување на одделенија за човечки ресурси со стручен и компетентен кадар и обука на вработените во ОЧР.
И понатаму ќе се зајакнуваат капацитетите на АДС со цел поуспешно управување со човечки ресурси и управувањето со обуки.

Во координација од страна на АДС, ќе се воспостави и ќе стане функционална Мрежата на одделенијата за управување со човечки ресурси и ќе се работи во насока на развивање на нејзините активности. АДС во соработка со оваа мрежа ќе подготви Анализа за екипираноста (квантитативна и квалитативна) на постојните сектори/одделнија за управување со човечки ресурси во државната служба.
Ќе се воспостават механизми за делегирање на надлежности на раководните државни службеници.
И понатаму ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за соработка со граѓанскиот сектор.
Ќе продолжи да се унапредува системот за стратешко планирање на локално ниво и ќе се изготви Прирачник за стратегиско планирање на локалниот развој на општините.

И понатаму ќе се унапредува системот за ЕУ обука градење систем на мониторинг на институционалната компонента на НПАА, подготовка на проценка на потреби од обуки (TNA) и обука на членовите на РГ за подготовка на НПАА и градењето на капацитетите за децентрализирано управување со ЕУ помош.
Формираните сектори за ЕУ во министерствата и натаму ќе се зајакнуваат – преку нови вработувања, континуирани обуки и унапредување на работата на мрежата на секторите за ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среднорочен план се предвидува развој на Стратегија за обука 2012-2014 година, врз основа на анализа на имплементацијата на Стратегијата за обука на државните службеници 2009-2011година и предлагање на активности за понатамошен развој на системот за обука во наредниот тригодишен период и развивање на систем за селекција на надворешни и внатрешни обучувачи и експерти и јакнење на капацитетите на АДС, особено на Секторот за обука за развивање курикулуми за обуки.

Ќе се спроведува континуирана обука за зајакнување на капацитетите на вработените во Државниот управен инспекторат за вршење инспекциски надзор од областа на Законот за општа управна постапка.
Ќе се преземат активности во насока на ажурирање и имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација преку консултација на јавноста за ажурирање на Стратегијата и развој на систем на следење на имплементацијата на Стратегијата и обуки на државните службеници вклучени во процесот на РЈА.
Секретаријатот за европски прашања со поддршка на проектот ГОФРЕ ги идентификуваше следните среднорочни приоритети:

- Подобрување на законодавството и процедурите
  - Дополнителни активности за подобрување на легислативата се насочени кон процесот на стандардизирана електронска подготовка на примарното законодавство низ развивање и примена на ФОРМЕХ ХМЛ апликација. Оваа апликација ќе ги унифицира процедурите во еден систем, ќе го подобри квалитетот на законодавството, ќе ја подобри институционалната комуникација, ќе ги намали институционалните трошоци. Оваа пилот фаза ќе се спроведе во неколку министерства. Активностите ќе ги реализираат повеќе релевантни институции, со координација на СЕП и поддршка од фондовите на Британската амбасада.
  - Воспоставена и целосно функционална структура за Проценка на влијанието од регулативата (РИА) во Владата и во министерствата и зајакнати капацитети за негова имплементација.
- Подготовка за процесот на преговори
  - Подобрени капацитети на НПАА работните групи и идните тимови за преговори
  - Поставена оперативна, интегрирана ИТ мрежа способна да го поддржи целокупниот процес на планирање на НПАА, нивото на имплементација и мониторинг механизмите
- Реформа на јавната администрација преку инвестирање во кадри и воспоставување на стандарди за раководење со луѓе
  - Ќе се посвети посебно внимание на имплементација на стандарди за раководење со човечки ресурси, со крајна цел да се зголеми продуктивноста и ефикасноста на вработените во државната администрација преку зајакнување на на системот на управување со луѓе базиран на перформанси и делегирање на управувачките одговорности. Воедно ќе се изградат локални капацитети во рамките на одделенијата за човечки ресурси во министерствата кои ќе ги имплементираат овие стандарди и ќе можат да ги менторираат останатите инстутуции во нивната примена.
- Комуницирање за ЕУ - Функционален систем за ЕУ комуникација за носителите на одлуки и креаторите на јавно мислење во јавната администрација - "зборување со еден глас," -способен да ги пренесе пораките поврзани со ЕУ.
- Зајакнување на организациските капацитети на Секретаријатот за европски прашања како централно координативно тело.

## 4.2 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ

### ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА ACQUIS

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Целите и функцијата на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire се опфатени со:

- Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, 2004 година
- Нацрт-стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања 2009-2011
- Стратешкиот план за подготовка на македонската верзија на acquis communautaire и превод на македонското законодавство, донесен во мај 2006 година.

Процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire детално е утврден и со:

- Техничко упатство за процесот на преведување на правните акти на Европската унија
- Прирачник за преведување на правните акти на Европската унија
- Одлука за образување на техничките комитети вклучени во процесот на подготовка на националната верзија на acquis communautiare
- Деловник за работа на техничките комитети за стручна и правна ревизија
- Деловник за работа на Техничкиот комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правото на Европската унија.

Во постапка на изработка се и други упатства кои детално ги определуваат улогите и функциите на сите учесници во процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire.
До крајот на 2008 година преведени се вкупно **3.554 мерки** или **47.942 страници** од Службениот весник на Европската унија, стручно и правно ревидирани се **1.494** мерки или **19.683 страници** од Службениот весник на Европската унија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) се заснова на моделот на мрежа надворешни соработници со едно централно тело, Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire во рамките на Секретаријатот за европски прашања, задолжено за координација и следење на процесот. Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire при Секретаријатот за европски прашања е надлежен за спроведување на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire. Во рамките на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има две одделенија:

Одделение за ревизија и терминологија задолжено за утврдување на критериумите за конзистентност при преведување на правните акти на Европската унија, градење на терминологија, спроведување на контрола врз процесот на преведување како на правните акти на Европската унија, така и на македонското законодавство.

Одделението за координација на процесот на преведување задолжено е за изработка на план за преведување, следење и координирање на процесот на преведување преку централизирани бази на податоци.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има вкупно 8 вработени државни службеници и 3 лица ангажирани на определен период.

Учесници во процесот на подготовката на националната верзија на acquis communautaire и преводот на македонското законодавство покрај вработените во Секторот се: агенциите за преведување, техничките комитети задолжени за стручна и правна ревизија на преводите.

Моментално, Секторот соработува со 12 агенции за преведување со кои има склучено три годишни договори (2006-2008). Тие располагаат со 40-65 преведувачи. Агенциите за преведување вршат превод и лекторирање на правните акти, технички го уредуваат текстот на актот, како и доставуваат преводна меморија (користејќи ги машинските алатки за преведување Традос или Вордфаст).

Техничките комитети се задолжени за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија. На 02.01.2008 година со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-8348/1 се формирани вкупно 20 Технички комитети од различни области. Во составот на техничките комитети вклучени се претставници од министерствата кои се директно задолжени за транспонирање на правните акти од соодветната област во македонското законодавство, како и правник од соодветното министерство или од Секретаријатот за законодавство. Со цел да се обезбеди повеќестрана ревизија на преводот, во составот на Техничкиот комитет влегуваат и професори и претставници од јавниот сектор. Во текот на 2008 година Секторот за подготовка на националната верзија на acquis спроведе 14 работилници наменети за членовите на Техничките комитети со цел подобро запознавање со процесот на подготовка на национална верзија на acquis communautaire

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2009 година, планирано е да се реализираат активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

Планирано е активно продолжување на работата на техничките комитети за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија како и подобрување на квалитетот на стручната и правна ревизијата и зголемување на вкупниот број на ревидирани страници од Службениот весник на Европската унија. Исто така планирано е и зголемување на активностите на Техничкиот комитет за верификација.

Учесници во процесот на подготовката на националната верзија на acquis communautaire и преводот на македонското законодавство покрај вработените во Секторот се: агенциите за преведување, техничките комитети задолжени за стручна и правна ревизија на преводите.

Во почетокот на 2009 година планирано е потпишување на нов тригодишен договор за извршување на преведувачки услуги (2009-2011) со агенции за преведување кои извршуваат превод и лекторирање на правните акти, технички го уредуваат текстот на актот, како и доставување на преводна меморија (користејќи ги машинските алатки за преведување Традос или Вордфаст).

Во текот на 2009 година се планира јазична, стручна и правна ревизија на примарното законодавство на Европската унија кое во целост е преведено во текот на 2008 година.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Изработката на македонска верзија на Евровок е една од обврските кои Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската унија треба да ја реализира во тесна соработка со службата за преведување на Собранието на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел успешна реализација на поставените краткорочни приоритети, неопходно е до крајот на 2009 година да се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis со најмалку 7 лица..

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2010 – 2011 година планирано е да се продолжи со реализацијата на активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

За периодот 2010 – 2011 година планирано е да продолжи со процесот на преведување, стручно и правно ревидирање на дополнителни 30 000 страници од Службениот весник на Европската унија.

По преземените чекори за подобрување на работата на техничките комитети се очекува засилување на динамиката на стручна и правна ревизија, односно квантитативно и квалитативно зајакнување на работата и структурата на техничките комитети. Во тој контекст, се очекува и зголемување на бројот на верифицирани национални верзии на правото на Европската унија.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Во наведениот период, се планира да се завршат активностите поврзани со изработката на македонска верзија на Евровок.

Со засилување на динамиката на процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија, се наметнува и потребата од подигнување на нивото на информираност за значењето на квалитетна македонска верзија на правото на Европската унија и нејзиното влијание врз граѓаните. Оттука, неопходно е, во наведениот период да се пристапи кон осмислување и отпочнување на информативна кампања за процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел успешна реализација на поставените среднорочни приоритети, неопходно е во текот на 2010 и 2011 година да се вработат дополнителни 7 лица во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis.

Во текот на 2010 и 2011 година предвидени се редовни обуки кои Секторот за подготовка на националната верзија на acquis ги спроведува, како за мрежата на преведувачи, така и за сите членови на техничките комитети, а кои имаат за цел размена на информации и искуство помеѓу сите учесници во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Потреба од обезбедување на дополнителни средства преку странска помош се јавува за активности поврзани со обуки на државните службеници вработени во Секторот а кои се однесуваат на надградба и одржување на терминолошки бази на податоци, запознавање со работата на службите за преведување во инситуциите на Европската унија како и во делот на влијанието на преведувањето на правото на ЕУ врз стандардниот македонски јазик.

Потребно е обезбедување на странска помош и во делот на реализација на кампања за информирање  за процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

# 5 ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Владата на Република Македонија има широка поддршка за зачленување во Европската унија во сите општествени слоеви и меѓу сите општествени групи. Сите политички партии во Македонија членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми. Бизнис секторот, најголемиот дел од невладините организации и граѓанските асоцијации го поддржуваат зачленувањето во ЕУ. Поддршката од населението во континуитет изнесува над 87 отсто од популацијата.

Последното истражување на јавното мислење од јуни 2008 година, спроведено од Секретаријатот за европски прашања, покажува поддршка од 87.5 отсто. Имајќи го предвид искуството на некои земји-членки дека поддршката за пристпаување во ЕУ опаѓа непосредно пред зачленувањето, неопходно е да се спроведуваат повеќе комуникациски проекти како за целокупната јавност така и за специфични целни групи со цел да се зголеми знаењето кај населението за придобивките и обврските од членството и да се задржи високата поддршка.

Во насока на заложбите на Република Македонија за интензивирање на процесот на интегрирање на земјата во Европската унија Владата усвои Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ 2007-2010 во која се зацртани следниве општи цели:

- Да се продолжи со процесот на приближување на граѓаните на Република Македонија до секојдневните димензии на функционирањето на ЕУ преку зголемување на свеста и разбирање на политиката и процесот на интеграција
- Да се зголеми свеста кај локалните заедници;
- Да се изгради доверба и увереност во капацитетите на македонските институции вклучени во процесот на европска интеграција;
- Да се изгради верба во институциите на ЕУ;
- Да се осигури дека специфичните сектори како што се бизнис, земјоделскиот или правосудниот сектор го разбираат процесот и целосно се вклучени и подготвени;
- Да се осигури дека земјите-членки на ЕУ се свесни за подготвеноста на Република Македонија за интеграција и да се добие нивната поддршка.

За да се остварат овие цели Владата на РМ подготви проекти чија реализација ќе помогне не само во информирање туку и во соодветна едукација на населението и на повеќе општествени групи за темите поврзани со процесот на интеграција како и со обврските кои произлегуваат од членството. Следниве проекти се рефлектираат во годишните оперативни планови:

- ***„Учиме за Европската унија“*** – проект кој придонесува за подобрување на знаењето за процесот на пристапување во ЕУ кај учениците и студентите од сите образовни институции во Република Македонија, како главен услов во спроведувањето на стратешките определби на Република Македонија за влез во Унијата и се спроведува трета година по ред;
- ***„Одиме локално“*** – проект кој придонесува за зајакнување на свеста кај клучните субјекти на локално ниво – градоначалниците и советниците, дека работејќи локално придонесуваат за напредокот на национално ниво, но истовремено да се мобилизира и зајакне учеството на граѓаните, граѓанскиот и бизнис секторот во креирањето на одлуките поврзани со европската иднина на Македонија на локално ниво и се спроведува трета година по ред;
- ***„МК-ЕУ инфо центар“ –*** проект кој придонесува за зголемување на информираноста на граѓаните за процесите во ЕУ и за процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ. Центарот претставува простор каде секој може да добие релевантни податоци за Унијата и за реформскиот процес на патот на Македонија кон ЕУ. Граѓаните имаат на располагање интернет пристап до страниците на ЕУ и на Владата на РМ, пристап до странски весници и директен пренос од настаните во телата и институциите на ЕУ преку сателитскиот канал Europe by Satellite. Покрај тоа Центарот располага со богат фонд на стручна литература со преку 600 наслови од ЕУ областа. Земјите членки на ЕУ како и телата и институциите на ЕУ се претставени преку брошури, флаери или туристички материјали;
- ***На патот кон Европа тргни од себе“*** – медиумска која има за цел позитивно да ги промовира европските вредности односно придобивките кои ќе ги добие Република Македонија од членството во ЕУ. Кампањата се состои од ТВ спотови, печатени огласи во весници, флаери и постери.

Владата користи и други алатки за информирање и комуникација со јавноста, како што се редовни прес-конференции, брифинзи, брошури на теми поврзани со процесот на пристапување во ЕУ, веб – сајт, дебати и конференции. Централен веб-сајт на кој може подетално да се видат активностите за информирање и комуникација со јавноста за прашања поврзани со ЕУ е www.sep.gov.mk